УНИВЕРЗИТЕТ "СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

"СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ОД VI ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК"

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

МЕНТОР:
ПРОФ. Д-Р КОСТА АЦИЕВСКИ

КАНДИДАТ:
М-Р МИЛАН БОШКОСКИ

СКОПЈЕ ФЕВРУАРИ 1999 ГОДИНА

СОДРЖИНА

ВОВЕД

ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, КОМУНИКАЦИИ И ИМЕТО НА ГРАДОТ СКУПИ И СКОПЈЕ

1. Природно-географски карактеристики на областа 4-10
2. Природни комуникации, патни правци и отвореност на Скопската област кон соседните области 10-12
3. Името на градот Скупи и Скопје..... 12-21

ГЛАВА ПРВА

НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО СКОПСКАТА ОБЛАСТ

1. Политичките прилики во Византија во VI и почетокот на VII век, со посебен осврт кон Скопската област 22-37
2. Навлегување и населување на Словените на Балканот во Македонија и Скопската област 37-60
3. Етнички и општествено-политички промени во Скопската област .. 60-72
4. Скопската област во рамките на Склавинијата Берзитија..... 72-84
5. Почетоци на христијанизација на Словените во Скопската област 85-90
6. Скопје и Скопската област под бугарска власт (од средина на IX век до 969 година) 90-97

ГЛАВА ВТОРА

СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЦАРСТВО (969- 1018)

1. Скопје во времето на Комитопулите и владеењето на Самоил 98-109
2. Паѓање на градот Скопје и Скопската област под византиска власт 109-120
3. Скопската епископија од 969 до 1019 година.....121-123

ГЛАВА ТРЕТА

СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ПОД ВИЗАНТИСКА ВЛАСТ (1018-1203)

1. Скопје како центар на византиска тема 124-135
2. Градот и областа во време на востанието на Петар Делјан (1040-1042) и Ѓорѓи Војтех (1071/2)..... 135-145
3. Навлегување на Печенези и Узи. Норманско завладување. Српски упади 145-155
4. Скопје под византиска власт од XII до почетокот на XIII век 155-169

5. Скопската епископија во време на византиската власт од 1018 до 1204 година 169-175

ГЛАВА ЧЕТВРТА

СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ОД 1203 ГОДИНА ДО СРЕДИНАТА НА XIV ВЕК

1. Скопската област од 1203 до 1207 година.....176-181
2. Градот и областа во рамките на феудалното господство на Стрез.....181-190
3. Скопје помеѓу Србите, Епирците, Бугарите и Никејците..... 190-214
4. Паѓањето на градот и областа под српска власт. Владеењето на крал Милутин и Стефан Урош III Дечански 214-242
5. Градот и областа во времето на Стефан Душан 242-262
6. Скопската епископија од 1204 до 1355 година 262-274

ГЛАВАПЕТТА

СКОПЈЕ ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК И ПАЃАЊЕТО ПОД ТУРСКА ВЛАСТ

1. Скопје во времето на Волкашин 275-303
2. Скопје и Скопската област по битката на Марица..... 303-325
3. Паѓање на градот и областа под Османлиска власт 325-331
4. Скопската митрополија од 1355 до 1395 година 331-336

Заклучок.....337-343
Извори и литература.....344-365

В О В Е Д

ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, КОМУНИКАЦИИ И ИМЕТО НА ГРАДОТ СКУПИ И СКОПЈЕ

1. Природно-географски карактеристики на областа

Скопската Котлина се простира по горниот тек на реката Вардар, источно од Жеденската Клисура и Тетовската суводолица и северно од Таорската Клисура. Западниот дел на северната граница го чини Скопска Црна Гора (1651 м.) која на источниот крај стрмно се спушта кон кумановската надолнина, каде се наоѓа источниот крак на северната граница. Северна граница се смета вододелницата помеѓу реките кои течат кон Скопската Котлина, и тие кои се вливаат во Пчиња, надвор од Котлината. Границата се простира до источниот спуст на Скопска Црна Гора и крај селата: Никуштак, Умин Дол и Романовце, преку Краста се до р. Пчиња.

На запад Скопска Црна Гора кај р. Лепенец ја пресекува Качаничката Клисура. Таму започнува западната граница на Скопската Котлина. Границата оди најнапред преку високите рамнини кои се наоѓаат во подножјето на Шар Планина, а потоа по вододелниците на помалите рекички кои протекуваат низ Скопската Котлина, а се вливаат во Лепенец кај Качаничката Клисура и текот на Лепенец, кој во Вардар се влива кај Дервенската Клисура. Јужниот дел на западната граница оди по гребенот на пл. Жеден (1260 м.), со што Скопската ја одвојува од Полошката Котлина.

Од јужната страна Скопската Котлина е заградена со стрмниот засек на пл. Осој (1368 м.), која по морфолошкиот состав се смета како северен дел на Сува Гора. Од Осој границата оди на југ по планинскиот масив на: Сува Планина (1743 м.), Карадица (2473 м.), Јакупица (со врвот Мокро 2540 м.) и планината Лисец (1934 м.). Овој планински масив ја одвојува Скопската Котлина од поречкиот басен и извориштата на р. Бабуна и Тополка.

Источната страна на Скопската Котлина оивичена е со ниски ридчиња, кои ја сочинуваат вододелницата помеѓу реките Пчиња и Брегалница со непосредниот слив во Вардар. Оттму одвоена е од Овче Поле

и малата Велешка Котлина. На северниот крај на Вардарската долина, Котлината е заградена со високи планини (Јакупица, Водно, Скопска Црна Гора и Жеден), со Дервенската, Таорската и Качаничката Клисура, како и ниските премини кон Полог, Кумановско Поле и Овче Поле.[1]

Скопската Котлина се простира на средна географска ширина од 41 42° до 42° 11° и од 18 45° до 19 29° 30° е источно од Париз. Правецот на Котлината од северозапад кон југоисток го одредува р. Вардар. Во тој правец е долга 47 км.; во западниот крај од Осој до Скопска Црна Гора широка е 28 км., а во источниот крај од Јакупица до Краста кај р. Пчиња изнесува 50 км. Вкупната површина изнесува помеѓу 1818 до 2100 км². и претставува втора по големина котлина во Република Македонија. Рамништето зафаќа површина од 815 км², додека просечната надморска висина се движи помеѓу 100 и 500 метри. Најниската точка изнесува 173 метри надморска висина и се наоѓа на вливот на р. Пчиња во Вардар. Дното на Котлината во источниот дел изнесува 225 м., а во западниот дел 340 м. Највисоката точка се наоѓа на јужните падини на пл. Јакупица, односно врвот Мокро со 2540 м. надморска висина.[2]

Основниот облик на Скопската Котлина е од тектонско потекло, и таа претставува ров во т. н. Вардарска зона, додека основната рамка и ја чини Пелагониската маса. Вдлабнувањето започнало во тријасот, додека радијалните движења најактивни биле во постолигоценот. За денешниот основен облик на Скопската Котлина од важност се движењата кои се случиле во крајот на еоценот. Во неогенот езерото кое се формирало во Скопската Котлина, претставувало дел од големото Егејско Езеро. Со формирањето на Котлината и неогеното езеро се јавува нов неоген речен систем и започнува нов флувијален ерозивен циклус. Езерото започнало да се распаѓа во горниот плиоцен на одделни езера во Вардарскиот ров.

---

[1] *Јовановиќ, П.С.* Скопска Котлина, ГСНД X Скопље, 1931, 1; *Панов,* Географија 123.

[2] *Јовановиќ,* Скопска Котлина, 2; *Панов,* Географија, 34; *Истиот,* Селата во Република Македонија, Скопје 1993, 246.

Во Скопската Котлина во овој период доаѓа до раседнување за што потврдуваат изразените плиоцени седименти на Кале, кај с. Глумово и на други места. Преку нив, а во езерската фаза од 600 до 620 м. се наталожиле помлади езерски седименти. До скоро, како реликтен остаток од тоа Езеро претставуваше Катлановското Блато. Горно-плиоценското езеро изградило карактеристичен рељеф по рабовите на Котлината. Формирани се површи од 900 м. до 225 м., но од поголемиот дел на езерските седименти се однесени а површите преиначени, при што се согледува нивното полигенетско потекло.[3]

Западните падини на Скопската Котлина оивичени со ограноците на Китка, Јакупица, Карацица, Сува Гора и Жеден, составени се исклучиво од кристални стени: гнајсеви со гранит, разни кристални шкрилци и мермери. Присуството на варовници на последните две планини, изразено е со подземни езера и пештери. На планината Жеден се наоѓаат 12 пештери, од кои е најубава пештерата Дона Дука долга околу 150 м. [4] На југозападните падини кристалните шкрилци се одликуваат со помал кристалинитет; нема гнајсеви а многу ретко се мекашасти. Мермерот е присутен во долината на р. Треска кај Матка. Поголем дел од северозападниот обод Котлината, составен е од обични и доломитски мермери. На најголемиот дел на падините од р. Лепенец до с. Моинци, на источното подножје на Скопска Црна Гора присутни се кристалести шкрилци.[5]

Во однос на климатските карактеристики Скопската Котлина се одликува со умерено-континентална клима. Егејско-медитеранска клима која навлегува од југ, по долината на Вардар, има послабо но значајно влијание. Просечната средногодишна температура изнесува 12,4° и е за 2,1° пониска од Гевгелиско-валандовската Котлина, но за 1,1° повисока од Полошката Котлина. Во зимските месеци времето е доста студено со изразито ниски

---

[3] *Јовановић, П.С.* Рељеф Скопске Котлине, ГСНД, X,1931, Скопље, 67-99; *Манаковиќ, Д.,* Пештери и пропасти во Скопската котлина, Географски видик, 4, Скопје 1973, 23-34; *Панов,* Географија, 15-16, 34.

[4] *Луковић,* Геолошки састав и тектоника Скопске Котлине и њеног обода, ГСНД, X, 1931, Скопје, 6; *Манаковиќ,* Пештери и пропасти, 27-34.

[5] *Луковић,* Геолошки састав, 6-49.

температури. Апсолутната минимална температура во Котлината изнесувала вредност од -23, 9°. Бројот на просечните мразни денови во годината изнесува 86,1 дена. Тие обично започнуваат во втората половина на октомври, а завршуваат во втората половина на април. Средната јулска температура изнесува 24,0°, а летниот апсолутен максимум бележи вредност од 41,2°. Годишното колебање на температурата изнесува 65,1°.[6]

Во однос на распределба на врнежи по месеци, Скопската Котлина се карактеризира со најголем број на промени. Годишно добива во просек 500 и 600 мм. врнежи. Според видот, поголемо е учеството на дождот од снегот. Интензитетот на поројните дождови со траење од 20 минути се јавува двапати годишно со вредност од 55л/сек/ха, потоа секоја година со истото траење од 75 л/сек/ха, додека секоја петта година овој дваесетминутен интензитет на врнежи изнесува 130 л/сек/ха. Сушните периоди во годината може да траат и до 90 дена, но почести се до 30 или малку повеќе денови.[7]

Во Скопската Котлина дуваат *ветрови* од осум правци. Најзначаен е *Повардарецот*. Тој дува по долината на реката Вардар, во западен и северозападен правец, со просечно траење од 1 до 2 дена. Дува преку целата година но најчесто во зимските месеци, со средна брзина од 3,0 м/сек. Главно е студен ветар и дува со максимална брзина од 31,0 м/сек. На подречјето од Скопје до Гевгелија има различни особини. *Југот* или југоисточниот ветар, дува по долината на Вардар од југоисточен правец. Обично е потопол од претходниот, а во зимските месеци се јавува со зголемена температура на воздухот. Во Скопската Котлина дува во текот на целата година, со максимум во февруари и со максимална брзина од 15,5 м/сек.[8]

Осончувањето во текот на годината во Скопската Котлина изнесува 2123 часа. Максимумот на сончеви часови се јавува во јули и изнесува 314

---

[6] *Лазаревски, А.,* Климата во Македонија - температурата на воздухот., Географски разгледи 7, Скопје 1969; *Панов,* Географија, 48-52.

[7] *Лазаревски, А.,* Климата во Македонија - врнежите во СР Македонија., Географски разгледи 8-9, Скопје 1971; *Панов,* Географија, 52-54.

[8] *Лазаревски, А.,* Климата во Македонија - режим на ветровитево СР Македонија, географски разгледи, 10, Скопје 1972; *Панов,* Географија, 55-58.

часови, додека во декември и изнесува 56 часови. Облачноста е повисока од 5 десеттини но не преjдува 5,7 десеттини. Просечниот годишен број на ведри денови изнесува 73 дена, додека присуството на магла изнесува просечно 72 дена. Маглата поради отсуството на ветар, најчеста е во текот на месеците декември, јануари и февруари, но се јавува и во летните месеци.[9]

Во однос на хидрографијата Скопската котлина завзема висок коефицент. На планината Жеден и Сува Планина има непостојани подземни водотоци и подземни езерца, а поради специфичниот геолошки состав во Котлината значително е присуството на хоризонтални подземни води. Најсилниот и најпознат врутк извира кај Рашче, под падините на планината Жеден. Протокот му изнесува просечно 4 м³ л./сек. Термоминерални извори има во Катлановo, со температура на водата од 41° до 50°, и во с. Волково.[10]

Речната мрежа е богата и припаѓа на Црноморскиот и Егејскиот слив. Од северните падини на Скопска Црна Гора преку Биначка Морава водата оди во Црно Море, додека р. Вардар и останатите реки кои имаат изворишта во Скопскиот регион, или протекуваат низ него, а се вливаат во него, припаѓаат на Егејскиот слив. Најголема река која тече низ Скопската Котлина во должина од 50 км, од Жеденската до Таорската Клисура е реката *Вардар*. Неговиот пад низ Котлина изнесува 0,4 промили. Вардар во времето на постезерската фаза се развил како истек од Полошкото Езеро (690 м. н.м.в.), кон Скопското Езеро. *Треска* е првата поголема десна притока која се влива во Вардар од неговата десна страна кај Сарај. Извира од врутокот кај с. Извор на јужните падини на пл. Бистра. Средниот проток и изнесува 30 м³ /сек. Кај с. Злокуќани од левата страна во Вардар се влива реката *Лепенец*. Позначајна притока на Лепенец е р. *Неродимка. Маркова Река* извира од пл. Јакупица во јужниот дел на Скопската Котлина а во Вардар се влива кај населбата Драчево. Течејќи по северните падини на пл. Јакупица *Кадина Река* во Вардар се влива од неговата десна страна на влезот во Таорската

---

[9] *Лазаревски, А.,* Климата во Македонија - осончување, облачност и појави на град, грмежи и магли, Географски разгледи, 11, Скопје, 1973; *Панов,* Географија, 59-61.

[10] *Манаковиќ,* Пештери и пропасти, 23-34; *Панов,* Географија, 62-67.

Клисура. Од десната страна најважна и најголема притока на Вардар во Скопската Котлина е р. *Пчиња*. Оваа река во времето на езерската фаза на Котлината била притока на Скопското Езеро. Денес се влива во Вардар од неговата лева страна во Таорската Клисура кај Кожле.[11]

Растителниот свет во Скопската Котлина ги носи карактеристиките на медитеранското и евро-сибирското подрачје. Се одликува со шуми, тревни заедници, ливади во високопланинските предели, полустепска вегетација, растенија во мочуриштата и карстните терени. Вкупната површина на шумите изнесува 63.521 ха., или околу 6,8% од вкупната површина во Република Македонија. Најмногу се застапени листопадните шуми со 94,3%, иглолисните шуми заземаат 0,7%, додека на мешовитите шуми отпаѓаат 5%. Регионот спаѓа во слабо пошумените области. Тревната вегетација ја чинат ливадите, пасиштата и полустепската вегетација. Пасиштата завземаат површина од 41.615 ха., или 6,3%од површината на пасишта во Републиката. Животинскиот свет се одликува со средноевропски и јужни медитерански видови. Познати се 188 видови птици, 155 видови скакулци, 47 видови цицачи како и 36 видови водоземци и влечуги. Во горниот тек на реката Вардар како и низ Скопската Котлина се среќаваат различни видови на риби.[12]

Педолошкиот состав на Скопската Котлина е различен и составен од повеќе видови на почви. *Смоленицата* која се одликува со голема плодност на почвата, значително е застапена во Котлината. Се јавува најчесто на висина од 200 до 600 м. а се јавува и на 900 м. Погодна е за одгледување на житни како и други култури. Почвата *варовничко-доломитска црница* образувана врз варовник и доломит погодна за пасишта и други земјоделски култури, застапена е на Сува Гора и на Карацица. *Кафеавите почви* кои се кисели почви врз варовници и доломити, застапени се на Скопска Црна Гора. На нив растат букови и иглолисни шуми, а содржат доста хумус со што се погодни за одгледување на поледелски и овошно-лозарски култури. *Алувијалните почви* се застапени по долината на реката Вардар, а можат да

[11] *Јовановић,* Рељеф Скопске Котлине, 99-107; *Панов,* Географија, 68-74, 123-124.
[12] *Панов,* Географија, 96-104; *Панов,* Селата во Македонија 248..

бидат многу плодни и неплодни. *Холоморфните* или солените почви (*солончок, солонец* и други) се значително застапени во Скопската Котлина. Се користат за одгледување на житни и индустриски култури, а приносите им зависат од процентот на осоленост и застапеноста на хумусот.[13]

Во однос на природните односно рудните богатства Скопската Котлина е сиромашна. Од металите евидентирано е присуство на *манган* од седиментно потекло, присутен на Скопска Црна Гора, но доста сиромашен со Fe. *Хромот* кој се јавува поврзан за ултрабазичните карпи, во големи наслаги се јавува во Дервенската Клисура на Вардар и кај Радуша. Од ретките метали, во Скопско застапени се: *цирконот* (применет во огноотпорната и стакларската индустрија), кој се јавува врзан за киселите и алкални магматски карпи, гранитите и гнајсевите како и кристалните шкрилци се јавува во речните наноси и корита на Кадина Река и Зелениковска река; *живата* откриена е на Скопска Црна Гора кај с. Никуштак, а појава на злато и негова експлоатација низ вековите е констатирана на р. Пчиња и Маркова Река. Од неметалите застапени се: *глините, кварцните песоци, доломит и магнезит.* Глините се јавуваат кај селото Говрлево, кварцните песоци кај с. Соње и на Маркова Река, доломитот е застапен на Сува Гора, а магнезитот се појавува на утоката на р. Пчиња во Вардар. Од градежните и украсни материјали има големи наслаги на *бигор и травертин* кај Катлановска Бања, Кисела Вода, Долно Соње, кај манастирот Св. Пантелејмон, и кај с. Кучково. Наслаги од *цементни лапорци* кои се основа за производство на цемент, во големи количини застапени се кај с. Усје.[14]

2. Природни комуникации, патни правци и отвореност на Скопската област кон соседните области

Скопската Котлина е оградена со високи планински венци со исклучок од североисточната страна каде доминираат пониски ридови и брда. Коритата на реките Вардар, Лепенец и Пчиња кои влегуваат во Котлината

[13] *Панов,* Географија, 105-110.
[14] *Ibidem.*, 111-120.

однадвор ги формираат: Качаничката Клисура, Дервенската Клисура и Таорската Клисура. Истите претставуваат природни порти, влезови во и излези од Котлината. Најважниот природен патен правец претставува Моравско-вардарската долина. Од северозапад преку Качаничката Клисура и од североисток преку Кумановското Поле, Скопската Котлина директно се поврзувала со Моравската долина. Вардарската долина кон југ и отвореноста на југоисток кон Овче Поле, преку Струмица и долината на р. Струма овозможувала излез кон Мала Азија и Медитеранот.

Ваквата поставеност на областа и покрај природната затвореност, овозможила интензивен населбински живот во предисторискиот, античкиот и средновековниот период. Во антиката во Котлината егзистирал градот Скупи, а во средниот век Скопје. По овие природни патни правци биле градени и одржувани патни комуникации, преку нив се одвивале етно-културните и политичко-економските процеси, Скупи и Скопје претставувале дел од тие процеси во антиката и средниот век.

Најзначајниот патен правец кој ја поврзувал Скопската Котлина со останатите области на Балканот, Медитеранот, Средна Европа и Мала Азија се движел во насоката север-југ. Тој главно одел по Моравско-вардарската долина. Го поврзувал Сингидунум (Београд) со Солун. Најважни попатни станици биле Наисус (Ниш) и Скупи (Скопје). Скопската Котлина односно Скупи и Скопје имале две можности за поврзување со Константинопол (Цариград). Едната можност била по Via militaris од Ниш преку Сердика и Филипополис, другата можност била од Скопје покрај по долината на Вардар до Солун и по далеку поважниот патен правец, кој водел на југоисток, кон Овче Поле, Штип и Струмица по долината на р. Струма се излегувало на Сер и магистралниот пат Via Aegnatia. По овој пат се стигнувало на исток до Константинопол, а на запад кон Солун и Драч. Од север, до Скопје можело да се стигне и по долината на реката Ибар, преку Косово и Качаничката Клисура, а од Скопје преку Куманово на север можело да се стигне кон Централниот Балкан.

Од другите патни правци кои имаат локален карактер, но истовремено овозможуваат поврзување на Скопската Котлина со останатите делови на Македонија во антиката и средниот век, и воопшто со магистралните патни правци на север и југ на исток и на запад поважни се следните: на исток североисток преку Куманово и Крива Паланка се излегувало кон Ќустендил и Софија, а оттаму на магистралниот пат Via militaris, на истиот пат се излегувало и од југоисточниот правец: Скопје, Овче Поле, Штип по долината на р. Брегалница и р. Струма се излегувало на Via Aegnatia или на север по долината на р. Струма кон Софија на Via militaris. Од Скопје по долината на Вардар, преку Велес, Стоби (или од Велес по дел од долниот тек на р. Бабуна, преку Теово, Степанци и преминот Присат) преку преминот Плетвар се стигнувало до Прилеп и Битола, од таму на Via Aegnatia можело да се стигне на исток до Солун и Цариград, а на запад до Драч. Од Скопје во Пелагонија можело да се стигне и по долината на р. Треска преку Брод и преминот Барбарас. На запад преку Полошката Котлина водел патот за Кичево, чиј еден крак се одвојувал преку Брод и Барбарас и водел во Пелагонија, додека другиот излегувал на Via Aegnatia кај Охрид. На запад од Скопје преку Дервенската Клисура и Полозите водел значаен пат за Призрен и Скадар, кој се поврзувал со останатите патни правци.[15]

3. Името на Скупи и Скопје

Градот Скупи израснал како воен логор за стационирање на двете македонски легии (V македонска и IV скитска), во времето на римскиот император Октавијан Август (околу 13-11 година п.н.е.) по освојувањето на Дарданија од страна на Римјаните. По завршувањето на воените операции и формирањето на провинцијата Мезија, легиите биле префрлени во јужниот дел на Дарданија, во колонијата Скупи. Логорот бил изграден според шаблон на воен каструм, со четвртеста основа. Должината изнесувала 2500 римски

---

[15] *Хаџи-Васиљевиќ*, Скопље и његова околина, 19-26; *Monumenta cartographica* Jugoslaviae I, Beograd 1974, 55 sl.; *К.Јиречек*, Војна цеста од Цариграда и Балкански кланци, Зборник Константина Јиречека I, Београд 1959, 92 сл.; *Шкриванић*, Путеви, 78-109; *Томовски*, Скопската област, 63-64; *Микулчиќ*, Скопје со околните тврдини, 13-15.

стапки (738 м.), ширината 2000 стапки (590 м.), а целата површина на логорот изнесувала 40 ха. Во времето на императорот Тибериј (14-37 година од н.е.) II македонска легија била префрлена од Дарданија на Дунавскиот лимес, додека IV скитска легија во Скупи останала до крајот на владеењето на императорот Клаудиј 54 година, кога била префрлена во Сирија. Со заминувањето на легиите од воениот логор, жителите на напуштената населба, староседелците и дојденците, ги поставиле основите на урбаната населба Скупи.

За брзиот раст на градот, важна улога одиграле како солидно изградените одбранбени ѕидови и ровови, така и целата комунална и јавна инфраструктура на воениот логор. Во времето на династијата на Флавиевците населбата го забрзала својот раст во модерен градски центар, под името Colonia Flavia Scupinorum, како прв град во Мезија, изграден врз муниципална основа. Колонијата Скупи била место за згрижување на предвремено отпуштените војници од воена служба (дедиканти) кои наместо пари, од царот добивале државна земја во поширокаta околина на Скупи. За тоа зборуваат меѓу другото и големиот број на латински натписи и надгробни споменици откриени на подрачјето на Скопската Котлина.[16]

За изборот и формирањето на колонијата Скупи, од примарно значење била стратегиската поставеност на областа. На местото каде што била формирана колонијата Скупи уште во предисторискиот и предримскиот период егзистирала помала утврдена населба.[17] Во науката речиси да е

---

[16] *Mòcsy,* Gesellschaft und Romanisation in der Römischen Provinc Moesia Superior, Budapest 1970, 49-69; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 36-41, *Dragojevic-Josifovska*, Inscriptions, 23-26.

[17] Утврдувањето на населбата било во помал обем и со послаб квалитет, а одело по линија на доцноримското утврдување. Населбата се наоѓала на највисокиот дел и северозападната половина од платото на "Зајчев Рид." Археолошките ископувања потврдиле остатоци од предримска керамика од хеленистичко-малоазиски тип, како и македонски монети. Гробоните прилози укажуваат на материјална култура од предримскиот период. За ова пошироко види: *Mikulčić, I,* Skupi- istočna nekropola i j/i sektor gradskog bedema, A.P. 12, Beograd 1970 131-141 *Istiot,* Skupi - istočna nekropola, A.P. 13, Beograd 1971, 43-45; *Pašić, R.,* Gradište kao tip naselja u Skopskoj kotlini; Materijali XIV; Naseljavanje i naselja u praistoriji; Prilep 1976, Beograd 1978, 145, 150; *Микулчиќ, И.,* Неилирски елементи меѓу Скупским налазима на прелазу из предримског у римско доба. Сахрањивање код Илира,

неспорно мислењето, дека новоформираната населба го наследила името на постарата населба[18] на истото место. Името на градот, во науката е познато: во латинската форма Skupi,[19] во грчката Σκοῦποι по населувањето на Словените кон крајот на VI и почетокот на VII век, под словенската форма Скопїє, Скопё, Скопи, Скопѣ.[20] Покрај вообичаената множинска форма на Скупи, кај Комес Марцелин се сретнува во сингуларна форма како Scupus, што е осамен пример.[21]

Околу етимологијата на името Скупи и Скопје, во науката постојат повеќе хипотези. П. Скок и А. Маер[22] сметаат дека името на Skupi е од илирско потекло; Д. Дечев и К. Влахов[23] сметаат дека е тракиско, додека В. Георциев името го смета за фригиско.[24] П. Скок во еден поран труд, Ф. Папазоглу и И. Микулчиќ, прифаќаат дека името има дарданско потекло, во значење "стреи, засолништа, шупи."[25] Ако се има во предвид дека на местото на Скупи постоела предримска населба, со елементи на неилирска материјална култура, на што укажал И. Микулчиќ, тогаш првата и

Научни скупови САНУ кн. VIII Београд 1979, 245-258; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 27.

[18] *Б. Драгојевиќ-Јосифовска* (Inscriptions, 21), повикувајќи се на Стефан Византиски смета дека множинска форма на Скупи е превземена од постар извор, а се однесува на времето на римските војни во Дарданија.

[19] Во епиграфските споменици од Скопското подрачје кои се однесуваат на колонијата и колонистите, името се сретнува во следните форми: 1. Col(onia) Fl(avia) Fel(ix) Dar(danorum) (15), COL.F.F.D. (42, 46); Col(onia) Fl(avia) Scupinorum (31, 66); Col(onia) Scupinorum (6, 34, 45, 49, 62, 65, 68, 70, 71, 73, 74, 76, 195)) и како "res puplica col(oniae) Scup(inorum) = r(es)p(uplica) (204,23). Cf.: Dragojević-Josifovska, Inscriptions, 25. Броевите во заградата го означуваат бројот на натписот во публикацијата.

[20] Поопширно околу формата на името Скопје од неговото прво споменување во изворите па се до најново време: *Антолјак, С.,* Како дошло до името "Скопје", ГЗФФ Ск.12, Скопје 1960, 75-87 (= Средновековна Македонија I, Скопје 1985, 809-830).

[21] *Marcellini V.C.* Comitis Chronicon, MGH, AA, XI, 1, Berolini 1893, 100.

[22] *Skok, P.,* Die Sprache der alten Illyrer, Wien 1957, 316; A. Mayer III., Sprache I, 316 (според: *Dragojević-Josifovska*, Inskriptions, 20).

[23] *Detschew, D.*, Die trakischen Sprachresten, Wien, 1957, 461 sq.; *Vlahov, K.,* Nachtrräge und Berichtigungen zu den trakischen Sprachresten, Годишник на Софийския университет, Ист. - Фил.Фак., 57/2, София 1963, 260 (сп. : Dragojević-Josifovska, Inscriptions, 20).

[24] *Georgiev, V.,* Lingvistique Balkanique, 3, 1961, 32 (сп.: *Dragojević-Josifovska*, Inskriptions, 20).

[25] *Скок, П.,* Из топономастике Јужне Србије. II Скопска Котлина, ГСНД XV-XVI,Скопље 1936, 100-101; *Papazoglu, F.,* Srednjobalkanska plemena u predistorisko doba, Sarajevo 1969, 192, No.20; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 36.

последната претпоставка се доведуваат во прашање. Тезата за тракиското потекло на името е неприфатлива поради тоа што последниве дваесетина години проучувањата во областа на лингвистиката, вреднувањето на материјалната култура и историските извори, откриваат во предисториискиот и историскиот период, нови популации на кои им припаѓала материјалната култура, чие потекло би требало да се бара името на Скупи. Станува збор за присуството на Пајонските племиња на поширокиот простор на Македонија и Скопската котлина, која во првиот милениум ја населувало пајонското племе Агријани. При формирањето на јазикот на Пајонците и на Агријаните, битна улога одиграл фригискиот јазик. Од таму и нашето размислување околу етимологијата на името Скупи и даваме предност на тезата В. Георгиев за неговото фригиско потекло, дотолку повеќе што, за присуството на Фригите на тлото на Македонија се појави трудот на Е. Петрова.[26] Укажувајќи на претсловенската основа од која настанало името на Скопје, П. Хр. Илиевски ја оспорува тезата дека словенскиот назив дошол од албанскиот Shkup континуитет на античкото Scupi.[27] Објавените 200 натписи од Скопско за римскиот период укажуваат на хетероген состав на населението, со високо присуство на епихорски имиња (дардански, илирски,

---

[26] *Georgiev,* Lingvistique Balkanique, 3, 1961, 32 (според *Dragojević-Josifovska*, Inskriptions, 20); Петрова, Е., Бригите на централниот Балкан во II и I милениум п.н.е., Скопје 1996 1-430. За Пајонците во архајскиот период во Македонија и Скопската област и пајонското племе Агријани cf.: *May, J.M.F.,* The Coinage of Damastion., London 1939; *Merker, L.I.,* The ancient kingdrom of Paionia, Balkan Studies, 6/1, Thessaloniki 1965, 33-54; *Соколовска, В., - Паши́к, Р.,* Еден гроб од Жданец, ЗАМ,VI-VII, Скопје 1975, 231-243; *Соколовска, В.,* Исар-Марвинци и Повардарието во античко време, Скопје 1986, 22, 35-41; *Битракова -Грозданова, В.,* Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје 1987, 15-17; *Соколовска, В.,* Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, МАА 11, 1987-1989, Скопје 1990, 20, 27; *Микулчи́к, И., Соколовска, В.,* Гробницата во Бразда кај Скопје, МАА 11, 79-92; *Микулчи́к, Г.,* Кантароси и скифоси од гробницата во Бразда, МАА 11, 93-102; *Микулчи́к, Г.,* Жданец, Скопје 1990. Раноантичко погребување, МАА 12 (1990-1991), Скопје 1991, 183-197; *Garašanin, D.,* Zum problem der Päonmier, I Iliro-Tracki simpozijum, Paleobalkanska plemena između Jadranskog i Crnog mora od Enolita do Helenskog doba., Sarajevo-beograd 1991, ANUBIH-SANU, 83-90; *Петрова, Е.,* Пајонските племиња и пајонското кралство во II и I милениум п.н.е., МАА 12, 1990-1991, Скопје 1991, 15-16; 42-43, 70; 126-127 и *Sokolovska, V.,* Die materialle kultur der Agrianer in der Frühen Antike, Balkanica XXIII, Belgrade 1992, 407-420. За фригиското потекло и фригиската јазична припадност на Пајонците cf.: *Pajankowski, W., Podhodzenie Pajonow*: Historia i stan badan perspektywy badawcze. Balcanica Posnaniensia, Poznann 1984, 47-64.

[27] *Илиевски,* Остатоци од претсловенска топонимија, 19-23.

пајонски, тракиски), латински имиња на римски граѓани доселени од Италија и западните провинции, како и грчко-македонски имиња на доселеници од Грција и Ориентот. Во ваквата средина била неминовна јазичната интервенција на името на колонијата од припадниците од различните етнички групи. Покрај формата Scupi со долг вокал u, има јасни докази дека имало и форма со краток вокал u, од кој во вулгарнолатинскиот се развива вокал со o, т.е. Scopi. На грчките трговци и колонисти оваа форма им била полесно прифатлива бидејќи се вклопувала со зборовите кои почнуваат со ско- и им значат на Грците нешто, а Scupi е без позната етимологија. Авторот ги наведува грчките зборови skopos во значење чувар, стражар, σκοπή со изговор скопи од крајот на хеленистичкиот период, потоа апелативот skopia (σκοπιά) во значење стражарница топоним за истакнати, доминантни места, од кои може далеку да се гледа. Според П. Хр. Илиевски, Словените кога дошле и се населиле затекнале две варијанти на името на градот: Scupi i Scopi. Формата *Scopi, Σκόποι* полесно можела да се вклопи во словенскиот јазик, бидејќи имало доста зборови кои почнуваат со скоп-: *скоп(ти), скопост* = снага крепост, *скопостан*=јак, снажен, *скоп*=ископ, *скопак*= мотика, *скопати, скопчати*; топоними изведени од истата основа: Ускопље, Вскопи, Скопље Долње и Горње, Скопин град и личното име Скопин, кое било присутно на поширокиот словенски простор. Блиското созвучје на античкото име Scopi со наведените словенски основи, можело да послужи како спона за адаптирање на стариот топоним.[28]

Народната традиција за името на градот Скопје, по населувањето на Словените создала своја легенда.[29] Б. Конески изнел мислење за потеклото на името на Скопје од личното име Скоп или презимето Скопинъ, кое се

---

[28] *Ibidem.*, 19-23.

[29] Според легендата која ја презентирал Ѓ. Кајдамов (Легенди за македонските градови, Скопје 1981, 10) градот -тврдина кој се наоѓал на денешното Скопско Кале бил заштитен со високи ѕидови, поради што тешко можело да се влезе внатре. Требало да се војува со стрели и копја. При нападот на утврдениот град, водачот на словенската војска командувал: "Со копја да се напаѓа тврдината", командните зборови "со копја" (с копја) водачот на Словените ги повторувал повеќепати. Зборовите на водачот останале долго време во сеќавање на војниците и населението. Така градот почнале да го викаат Скопја, Скопие или Скопје.

среќава во старорускиот јазичен фонд, а потврдено е со различни варијанти во старополскиот јазик.[30] Околу етимологијата на името Скупи постои и едно предание според кое, градот Скупи го добил името по војсководачот на Илирите Апуд Скупос, кој во 258 година ја заштитил колонијата од нападот на варварските племиња. Во знак на благодарност, колонијата му подигнала споменик а населбата по неговото име ја нарекле Скупи.[31]

Првото споменување на градот Скупи во II век од.н.е. го направил римскиот математичар и географ Птоломеј. Зборувајќи за провинцијата Мезија Супериор, во Дарданија, споменува четири градови меѓу кои го наведува и "Σκοῦποι." Расправајќи за географските ширини на одредени места и траењето на денот, тој уште еднаш го споменува градот Скупи.[32] Во II век, римскиот император Адријан (117-137) направил посета на Балканскиот Полуостров на враќање од Ориентот во 117/118 година во време на упадот на Роксоланите во провинцијата Горна Мезија. Според други автори, кои патувањето го датираат во 121/125 година, римскиот цар ги посетил Стоби и Скупи. Токму во времето на овај цар се паѓа изградбата на монументалниот театар.[33] Римскиот цар Аурелијан (270-275) заради зголемување на ефикасноста на провинциската управа, извршил поделба на Балканските провинции. Императорот Диоклецијан (284-305) ја превзел под своја надлежност провинциската управа, ги укинал разликите помеѓу царските и сенатските провинции во однос на даночните обврски, што овозможило пополнување на државната каса. Царството било поделено на 100 провинции. Од југозападен дел на провинцијата Горна Мезија била формирана провинцијата Дарданија, која ја опфаќала и Северна Македонија. Седиштето

---

[30] Конески, Македонски места и имиња, (Топономастички белешки), 73.

[31] *Кајдамов, К.*, Легенди за македонските градови, Скопје 1981, 9.

[32] *Claudii Ptolomaei* Geographia., *ed. C.Müller*, 1883 v.I, III, 9, 4; Извори за старата географија на Тракия и Македония, София 1949, 349; *Dragojević- Josifovska*, Inscriptiones, 21.

[33] *Weber, W.*, Untersuchungen zur Gesichte des Kaisers Hadrianus, (1907), 155, според: *Dragojević-Josifovska*, Inscriptions, 21 n. 4. Cf.: *Mirković, M.*, Rimski gradovi na Dunavu u Gornjoj Meziji, Beograd 1968, 63; *Dragojević-Josifovska*, Inscriptions, 21; *Микулчиќ*, Скопје со околните тврдини, 115.

на провинцијата се наоѓало во Скупи.[34] Со Миланскиот едикт од 313 година, Константин I (305-337) го изедначил христијанството со останатите религиии, давајќи му примат. Новата состојба овозможила негово брзо раширување и во Македонија. Градот Скупи станал седиште на епископ и архиепископ. Скупскиот епископ Дакус го среќаваме меѓу учесниците на Никејскиот собор веќе во 325 година.[35]

На картата од средината на IV век, позната како Tabula Peutingeriana. градот Скупи (Scopis) е вцртан со виньета. Виньетата означувала дека градот е седиште на провинциски управник, односно главен град на провинцијата Дарданија.[36] Во времето на средувањето на состојбите со Готите на Балканот, императорот Теодосиј I (379-395) двапати престојувал во Скупи. На тоа укажуваат царските укази од 6 јули 379 и 29 јули 387 година, во кои стои дека се издадени во "Scopis" и "Scupis".[37] Колку состојбата со варварските напади била тешка и во Скупската област, потврдува актот од 29 јули 386 година, во кој се укажува дека прокураторите на мините во Македонија, внатрешна Дакија, Мизија или Дарданија, задолжени да го собираат годишниот данок, поради страв од варварите биле спречени во извршувањето должноста.[38] Во списокот на службените рангови "Notitia dignitatum" составен помеѓу 390 и 437 година од различни автори, се споменува помошна воена формација во Скупската област, означена како "Pseudocomitatenses Scupenses" под команда на "magister militum per Iliricum."[39]

---

[34] *Остроѓорски,* Историја Византије, 53-56 сл., со постарата литература околу реформите и *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 38-39.

[35] *Остроѓорски,* Историја Византије, 64-68; *Bratož, R.,* Zgodnjegrscanska cerkev v Makedoniji in njen odnos do Rima, Zgodovinski Časopis 44, 1990, 10.

[36] *Miller, K.,* Itineraria Romana. Römische Reisvage an der Hand der Tabula Peutingeriana, Stutgard 1916, 517, 572; *ИБИГИБИ* II/I, 23; Monumenta Cartographica Jugoslaviae I, Београд 1974, 54. Картата ја направил непознат римски картограф, најверојатно Касториус, а така е наречена по нејзиниот издавач.

[37] *Codex. Theod.* VIII, 1. 119. (Theodosiani libri XVI cum constitutionibus et leges novellae ad Theodosianum pertinentes, ed. *Th.Momsen et P.N.Meyer*, vol. I, Berolini 1905). За војувањето на царот Теодосиј I со Готите најопширно известува Павел Ѓакон (720-797) во своето дело Римска историја. Сп.: *ИБИЛИБИ* II/I, 405-406.

[38] *Codex.Theod.* I. 32, 5; *ИБИЛИБИ* II/I, 262, No.3. I.32,5.

[39] *ИБИЛИБИ* II/I, 235.

Пуалин Меропиј Понциј, од 409 година епископ на италијанскиот град Нола, восхитен од мисионерската дејност меѓу Бесите, на епископот на Ремесијана Никета со кого се запознал во 398 година, во една песна му пишува: "Ти ќе минеш низ македонските полиња на Филипи и низ градот Томи, ти ќе идеш и во близината на твојата татковина Скупи, како гостин на Дарданците."[40] Четвртиот и петтиот век за Скупи се последните векови на подем. Варварски напади на Балканот во V и почетокот на VI век, кои ја засегнуваат Скопската област и Скупи, археолошки се потврдени. Како последица на овие варварски напади, градот егзистирал само на акрополот на "Зајчев Рид". Бил утврден со нови ѕидови, каде како материјал за изградба послужиле старите римски градби.[41]

Во делото Синекдем, кое се однесува на периодот на V и VI век, Хиерокле кажува дека провинцијата Дарданија била управувана од хегемон на три града: Скупи, Мирион и Улпијана. Тој вели дека Скупи бил седиште на привинцијата: "Σκουπο μιτρόπολις."[42] Стефан Византиски кој користи постари извори, градот погрешно го сместува во Тракија, додека жителите по градот, етнички ги определува како Скупјани. Во делото "Етника" тој пишува: "Скупи, град во Тракија. Лепидос, во осмиот фрагмент на историјата. Народ Скупјани" ("Σκοῦποι, πόλις Θράκης Λέπιδος ἐν ἱστορικῆς ἐπιτομῆς ὀγδόω. ἐθνικὸν Σκουπηνοί").[43] Последно и најзначајно споменување на градот Скупи, на преминот од антиката во средниот век, доаѓа од перото на канцеларот на византискиот цар Јустинијан I (527-565) ученият Комес Марцелин. Во својата "Хроника" тој соопштува дека од земјотресот што ја зафатил провинцијата Дарданија, наеднаш биле

---

[40] *S.Paulini* Nolani Poemata, PL, ed. *J.P.Migne*, poemata XVII, 487-489. Сп.: *ИБИЛИБИ* II/I, 235. По името на провинцијата Дарданија чие седиште се наоѓало во Скупи и жители на провинцијата биле нарекувани Дарданци.

[41] *Микулчиќ, И.,* Доцноримски гробови од Скупи, ГЗФФ ск. 26, Скопје 1974, 109-143; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 45-47; *Корачевиќ, Д.,* Состојбата со археолошките ископувања на Античко Скупи, МАА 3, 1977, 141-180; *Јованова, Л.,* Скупи.- Западна некропола, МАА,13, Скопје (1993), 191-200.

[42] *Honigman, E.,* Synecdèmos d Hiéroclès et 1 opuscule géographique de Georges de Chypre, Bruxelles 1939, 655 (7) - 656(2); *ИБИГИБИ* III/I, 94.

[43] *Stephan von Byzanc* Ethnika, ed. *A. Meineke*, Grac 1958, 578.

разрушени дваесет и четири тврдини а соседните тврдини биле напуштени од страв од разрушувања. Според него "наполно бил разрушен и главниот град Скупи, иако без загуби на своите граѓани, кои избегале пред непријателот." Некои граѓани од тврдините настрадале не само од карпите кои се тркалале туку и од непријателите.[44] Од соопштението може да се констатира дека градот Скупи, настрадал од земјотресот, но неговите жители се спасиле, благодарение на тоа што побегнале пред заедничкиот напад на Словените и Антите, кој се поклопил со времето на земјотресот.[45]

Новосоздадените услови во VI век, со варварските напади во Скопската област, условиле градење на утврдени населби на повисоки и побезбедни места. Новите населби имале дефанзивно-офанзивен карактер. По земјотресот, Скупи го изгубил своето значење. Неговото место го завзел новоформираниот град Јустинијана Прима, кој станал најзначајно воено-административно и црковно средиште на Балканот после Солун.

Постојат уште две хипотетични споменувања на Скупи во текот на VI и VII век. Првото потекнува од перото на ученият Прокопие во делото "За Градбите". Меѓу обновените се наоѓа и новоподигнатите тврдини од Јустинијан I во околината на Сердика се споменува град по име Скупион (Σκούπιον), за кој С. Антољак смета дека се однесува на Скупи.[46] Тешко е да се поверува дека Прокопиј не знаел дека Скупи се наоѓа во Дарданија и дека пред земјотресот бил нејзино провинциско седиште. Второто споменување се однесува на 695 година, кога група од 600 Словени според Теофилакт Симоката, ги ољачкала градовите Залдапа, Акве и Скопис (Σκόπις). Ѓ. Трухелка сметал дека се работи за Скопје. Од редоследот на наброените тврдини произлегува дека Словените пљачкосувале по Тракија.[47]

---

[44] *C.Marcellinus,* 100, (6-18).

[45] Lemerle, Invasions et migrations 284; Златарски, История I/2, 47-48; ВИИНЈ I, 46 бел. 91; Waldmüler, Die Slawen, 34; Максимовиќ, Северни Илирик, 23 бел. 27 a и 27 b; Шукарова, Јустинијана Прима, 61-62.

[46] *Procop.,* De aediff., IV. 4, 121. Сп.: *Антољак,* Името Скопје, 75-76 (=*Антољак,* Средновековна Македонија 1, 810.).

[47] *Трухелка, Ч.,* Археолошке белешке из Јужне Србије, ГСНД V, Скопје 1929, 69, 78. *ВИИНЈ* I, 117, бел. 58; *ИБИГИБИ* III/II, 332, бел. 1 и *Антољак,* Името Скопје, 76 (= Истиот,

По разрушувањето на Скупи од катастрофалниот земјотрес во 518 година, поради изменетите општествено-политичките околности, и зачестените варварски и словенски напади, античката населба запустела. Врз нејзините урнатините во VI и VII век евидентирани се остатоци од населбински живот со слаб интензитет и без континуитет.

Новата урбана населба во Котлината, израснала на Скопското Кале, под името Скопје. Под ова име за првпат се споменува во втората половина на IX век, под придавската форма "**скопьскиѥ воѥ**."[48]

Средновековна Македонија 1, 810-811), ја оспоруваат можноста дека византискиот автор зборува за Скупи.

[48] Иванов, Й., Богомилски книги и легенди, София 1970, 283 бел. 1.

ГЛАВА ПРВА

НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО СКОПСКАТА ОБЛАСТ

1. Политичките прилики во Византија во VI и почетокот на VII век, со посебен осврт кон Скопската област

Политичките прилики на Византиската Империја во текот на VI и првата четвртина на VII век се одликуваат со големи полети и падови. Поради честите варварски упади на Балканот, до неговиот краен југ, и трајното губење на огромни пространства, доаѓа до коренито менување на етничката слика на Балканскиот Полуостров, во полза на Словените. Царот Анастасиј I (491-518) извршил финансиски и порески реформи со што го поттикнал развојот на трговијата и занаетчиството, додека со задолжителниот откуп на производи за државни потреби по ниски цени, ги обезбедил градовите и војската. Собирањето на данокот анона, наместо во натура, се вршело во пари, со што пред крајот на својот живот, ја збогатил државната каса за 320.000 фунти злато.[1] Политиката на Јустин I (518-527) била под силно влијание на идниот цар Јастинијан I.

Позитивната финансиска политика на царот Анастасиј I и даночната политика на префектот Јован Кападокиски, претставувале подлога за Јустинијановата воената политика и грандиозната градителска дејност за обновување и доизградување на одбранбениот систем на Балканот. На воен план тој се стремел кон реставрација на Римската Империја. Војсководачот Велизариј во 533 година го уништил Вандалското кралство и ја освоил Северна Африка. По исцрпувачка војна со Источноготското кралство помеѓу 535 и 555 година, војсководачите Велизариј и Нарзес, ја интегрирале Италија во Ромејската Империја. Заради непречено одвивање на воените операции на Запад, Јустинијан I склучил "вечен мир" со персискиот крал Хозориј I Ануширван (531-579) и се обврзал да му плаќа данок. Персијанците го нарушувале мирот во 540 и 562 година, а византискиот цар морал да го зголемува данокот. Најважниот настан од времето на Јустинијан I, на внатрешен план, претставува кодификацијата на римското право. Карактерна црта на Јустинијановото законодавство е истакнување на царскиот апсолутизам. Јустинијан бил грижлив бранител христијанската

---

[1] *Procop.*, Anecdota, ed. Haury, Opera III 1, 121. Сп.: *Острогорски,* Историја Византије, 83-84.

црква, и нејзин господар. Со неа управувал како со државата. Обидот да ја помири римската црква со источниот монофизитизам доживеал неуспех. На внатрешен план, освен востанието "Ника" во 532 година, немало некои поголеми немири во Империјата.[2]

Административните мерки на Јустинијан I, биле мешавина на концепцијата од крајот на III и половината на IV век, како и административните мерки на Ираклиј (610-641). На прагот на VI-от век територијата на Македонија во нејзините географски и етничко-историски граници, како составен дел на Византиското Царство, во административен поглед, влегувала во префектурата Илирик.[3] Според Синегдемот на Хиерокле составен околу 527/8 година, Македонија припаѓала на провинциите Македонија Прима, Македонија Секунда, а со својот северен дел на провинцијата Дарданија. Седиштата на овие провинции се наоѓале во Солун, Стоби и Скупи.[4] Според XI новела на Јустинијан I од 535 година, во префектурата северен Илирик, со седиште во Јустинијана Прима каде се наоѓал и тронот на нововостановената Архиепископија, влегувале провинциите: Средоземна Дакија, Крајбрежна Дакија, Прва Мизија, Дарданија, Превалитана, Втора Македонија и дел од Втора Панонија, која е дел од Баценската област.[5] Територијата на Македонија влегувала во провинциите Втора Македонија и Дарданија, додека Скопската област припаѓала на Дарданија. Со административна поделба дефинирана во CXXXI новела од 545 година, под јурисдикција на архиепископот на Јустинијана Прима биле провинците: Средоземна Дакија, Крајбрежна Дакија, Превалитана, Дарданија и Горна Мизија, наместо Втора Панонија забележана е Панонија, а недостасува Македонија Втора.[6] Македонија главно е вклопена во провинцијат Средоземна Дакија кон која припаѓала најверојатно и Скопската област. Новите кризни состојби на Дунавската граница по 550 година, ја наложиле последната административна поделба на

---

[2] *Острогорски,* Историја, 88-96.

[3] Префектурата Илирик, востановена со административните реформи на Диоклецијан и Константин I Велики, ги опфаќала областите од реката Дунав на север, потоа областите долж сливовите на реките Морава и Вардар, со Албанија и на југ, Грција со островот Крит. Cf.: *Lemerle*, Invasions et migrations, 265-267.

[4] *Synecd. Hiéroclès* , 638 (1) - 640 (10); 641 (1 - 9); 655 (7) - 656 (2).

[5] *Corpus Iuris Civilis,* Editio stereotypa Quarta, vol. III, Novellae, rec.*R .Schoell,* Berolini MCMXII, nov. XI p.94 (1-8).

[6] *Novellae,* CXXXI, cap.III.

Јустинијан I. При набројувањето на обновените и новоподигнатите тврдини и градови од Јустинијан I, историчарот Прокопиј во делото "За градбите," провинциите ги заменуваат географските целини. Зборувајќи за обновените и новоподигнати градови и тврдини тој ја споменува Македонија како една провинција, покрај провинцијата Дарданија.[7]

Заради успешна одбрана од варварските напади на Балканскиот Полуостров, царот Јустинијан превзел редица градежни зафати, при што биле обновени и изградени многу тврдини и помали утврдувања. Главниот акцент бил ставен на утврдување и обезбедување на стратешки поважните места, на патните и природните магистрални правци, како и темелно утврдување на внатрешноста на провинцијата Илирик. Се тоа се настојувало да се постигне непробојност на внатрешноста и отежнување на варварските навлегувања. Како најзначајни стратегиски точки на Балканот на кои е обрнато посебно внимание при ова градежна активност, Прокопиј ги наведува единаесетте градови: новоизградениот Јустинијана Прима, Бедеријана, Јустинијана Секунда, Јустинопол, Сердика, Наисус, Германија, Пауталија, Кратискара, Куимедава и Ремесиана.[8] Оваа градежна активност се смета дека започнала околу 530 а траела се до 554 година.[9] Царот Јустинијан I според податоците историчарот Прокопиј во делото "За градбите" по провинции кажува дека во провинцијата Македонија, која е наведена во географско значење, биле обновени 46 градови и утврдувања, додека во Дарданија наведува 8 нови и 61 обновена тврдина.[10] Тешко е со

---

[7] *Procopius,* De aedif. IV, 1, 4, p. 118 (36 sq.). За нестабилноста на провинцијата Македонија Секунда и нејзиното припојувањето кон Средоземна Дакија cf.: *Papazoglu, F.*, La Macédoine Salutare et la Macédoine Seconde, Bull.de la Cl. des lettres et des sciens morales et politiques, Acad.royale de Belgique 42-3 (1956), 115-124; *Папазоглу*, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 96; *Bréhier, L.*, Les institutions de l'Emrire byzantine,Paris 1970 (2), 94 sq. За административната поделба на префектурата Илирик во времето на Јустинијан I, cf.: *Lemerle,* Invasions et migrations, 267; *Popovic,* Témoines, 445 sq., ; *Максимовиќ*, Северни Илирик, 30-31.

[8] *Procopii,* De aedif. IV, 1, p.104 (21) - 106 (26).

[9] *Максимовиќ*, Северни Илирик, 38-39. Се смета дека на територијата на Илирик биле изградени или обновени 460 помали или поголеми утврдувања.

[10] *Procopii,* De aedif. IV, 4 p.118 (36) - 119 (30); 119 (40) - 120 (54). Во Дарданија биле изградени 8 нови тврдини : "Лаверион, Кастимон, Равестон, Кастелион, Аркенза, Териас, Друлос и Викторија", а обновени 61 тврдина: "Кесиана, Тезули, Усиана, Весиана, Маскас, Листи, Келириана, Зисваес, Гензана, Петризин, Евтихиана, Мулато, Велас, Катар, Катарик, Пенца, Катафетер, *Даван,* Кувин, Гермоца, Викторијана, Азета, Дурвулиана, Сурикон, Кусинес, Тутиана, Валезиана, Вила, Катрелатес, Касиела, Маниана, *Прискуйера,* Милетис, Дардапара, Кесуна, Вериниана, Ласвар, Кастеловретара, Едецио, Динион, Кекола, Емаст, Кастелона, Капомалва, Серет, Птохион, Квино, Верзана, Весајана, Арса, Влезо, Лавуца, Квинту, Вермезион, Катрасема, Ротун, Ковенкилес, Маркелиана, Примониана, Памилин и Ариа."

поголема сигурност да се утврди колку тврдини биле новоизградени и обновени во Скопската област. Меѓу 61 обновена тврдина во провинцијата Дарданија засега единствено за тврдините Давина и Прискупера, може да се претпостави дека се наоаѓале во Скопската област. Така споменатата тврдина *Даван (Δάβανος- Dabanus*[11]*)* која би можела да има претсловенско потекло, според коренот, би можела да асоцира на денешниот локалитет Давина во близината с. Чучер Скопско. Имено, таму има археолошки податоци за постоење на голема градска населба од римскиот и помала населба од рановизантискиот период. Тврдината *Прискупера* е сложено име составено од *При - скупера* (грчки Πρι-σκούπερα). Коренот *При* на грчки *Πρι*, (Πρό) *е прилог за место во значење пред.* Второ дел од името *скупера,* грчки- σκούπερα може да ја означува означува искривената форма на Скупи, па според тоа Прокопиевата тврдина *Прискупера (*Πρισκούπερα*)* би асоцирал на името на тврдината во значење на Предскупи. Јустинијана Прима не е во списокот на новоизградените или обновените тврдини во Дарданија од научниците доста успешно се врзува за Скопската област.

Новите состојби во VI век со се поизразените варварски напади на Византиските балкански области и во Македонија наметнале градба на градови-тврдини со силно изразени одбранбени позиции, кои служеле и за засолнување на населението. Градот Скупи по земјотресот 518 година опстојувал во симболичен обем на смалениот акропол и поради изменетите политичко-економски состојби живеел во сенка околните тврдини. Населбата продолжила да живурка и понатаму во текот на VI век, но во сосема скромни размери и без утврдување. Согласно новата административна и црковна политика на Јустинијан I, улогата на Скупи како административно политички и црковен центар ќе ја замени новоподигнатиот град Јустинијана Прима.[12]

Поради немањето на пишани податоци за тврдините во Скопската област, ќе се обидиме со материјални докази да го утврдиме бројот на тврдините и утврдувањата, кои по своите карактеристики на градба и припадност на Јустинијановиот период имале важно место во одбраната.

---

[11] За претсловенското потекло на топонимот види во понатамошниот текст с. 60 бел. 129.

[12] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 47-48, 60-64; *Димитрова,* Керамички рељефи, 29-31.

Според досегашните археолошки ископувања и рекогносцирања во Скопската област, рановизантиски утврдени населби или траги од населби, крактеристични за VI век, потврдени со материјални и монетни наоди се евидентирани вкупно 13 односно 14. Ги наведуваме по азбучен ред. Кај с. *Бадер* на л. *"Дрма"("Смрѓец")* на 25 километри југоисточно од Скопје егзистирала утврдена населба од доцноримски и рановизантиски период. Утврдувањето, било главен премин од провинцијата Дарданија кон провинцијата Македонија и ја контролирало границата. Населбата некои автори ја поврзуваат со родното место на Јустинијан I - велелепната Јустинијана Прима.[13] На л. *"Градиште"* или *"Каља"* кај с. *Барово* на 11 км. југозападно од Скопје, тврдината на 1052 метри надморска височина на западниот крај на Водно, го контролирала патот кој водел по долината на реката на југозапад. Животот на населбата во рановизантискиот период потврден е со траги од црква и 22 рановизантиски монети (3 му припаѓаат на царот Анастасиј I, 4 на Јустин II и 15 на Јустинијан I).[14] На работ на Скопската котлина со Кумановското Поле, постоела рановизантиската утврдена населба кај с. *Бучинце* на л. *"Градиште."* Нејзиното постоење потврдено е со една монета (фолис) на Јустинијан I .[15]

Најмаркантното рановизантиско утврдување од градски тип во Скопскиот регион, се наоѓало на источните падини на пл. *Водно* на л. *"Маркови Кули" или "Марково Крувче."* Се смета дека утврдениот град бил изграден наеднаш, според однапред замислена шема.[16] Со својата местоположба населбата имала извонредна прегледност над Скопската Котлина и во новите услови успешно го заменувала разрушеното и запоставено Скупи, не само во текот на VI туку и во почетокот на VII век.[17] Материјалните наоди, техниката на градење и откриените монети на

---

[13] Сп.: *Томовски, Т.,* Таорско Градиште, Жива Антика 17, Скопје 1967, 233-239; *Микулчиќ,* Таурисион и Бедериана, 102-104; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 68-71; Археолошка карта II, 363.

[14] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 71-72; Лилчиќ - Станчевски, Нови монетни наоди од Скопско, 113-116.

[15] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 116; *Микулчиќ, Г.,* Монети од 6 век, 189; Археолошка карта,366.

[16] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 48-49. Секако тоа не значи дека тука не постоела населба од порано. *Лилчиќ-Станчевски,* Монетни наоди од Скопско, 116-117 евидентирале 5 монети од истиот локалитет, кои им припаѓат на императори од IV до почетокот на V век.

[17] *Микулчиќ,-Никуљска,* " Маркови Кули" на Водно, 139-141; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 51-52.

Јустинијан I и неговите наследници, го датираат никнувањето на градот во VI век. За градскиот карактер на населбата потврдуваат: водоводот, цистерните, многубројните згради, јавни градби меѓу кои и една работилница за предмети од секојдневна употреба.[18]

Кај с. *Горно Нерези* доцноримската населба на л. "*Градиште*" во VI век егзистирала како утврдена населба со градежна техника карактеристична за VI век. Хронолошкото одредување на утврдувањето потврдено е со материјални остатоци и монети на Јустинијан I и Јустин II.[19] На л. *"Градиште"* на Китка над Маркова Река кај с. *Долно Количане,* се наоѓала мала утврдена рановизантиска населба со континуитет од предримскиот период. Пронајдената монета на Јустинијан I, како и други материјални наоди, нејзиното најкасно опстојување го определуваат во VI век.[20] На л. *"Кале"* кај с. *Драчевица,* помеѓу Калдричка Река и Умовски Поток, егзистирало рановизантиското утврдување од градски тип со континуитет од римскиот период. Во централниот дел на утврдувањето има траги од ранохристијанска базилика. Покрај материјални наоди и градежната техника, оваа голема населба во VI век ја одредуваат и монетите на Јустинијан I .[21]

Траги од доцноантички и рановизантиски кастел евидентни се кај с. *Љубанци* на л. *"Кула"* или *"Sидот."* Хронолошкото одредување во Јустинијановото време е според доцноантичките покривни тегули и формата на утврдувањето и кулите. Населбата страдала за време на аварословенското навлегување кон крајот на VI или почетокот на VII век.[22] Доцноантичка и рановизантиска населба од градски карактер се наоѓала на л. *"Маркови Кули"* кај с. *Малчиште.* Утврдената населба сместена на влезот во клисурата на Маркова Река, имала извонредна стратегиска одбранбена положба. На челото на акрополот видливи се две фази на уривање и повторно обновување. При третото обновување биде изградена

---

[18] *Микулчиќ-Никуљска,* "Маркови Кули" Водно, 137-141; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 49-53; Истиот, Средновековни градови, 284-286.

[19] *Лилчиќ, В.,* Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези Скопско, МАА 4, 1978, 227-232; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 77-78; *Микулчиќ, Г.,* Монети од 6 век, 189; Археолошка карта II, 369.

[20] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 81-82; Микулчиќ, Г., Монети од 6 век, 189.

[21] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 83-86.

[22] *Чаусидис, Н.,* Новооткриени доцноантички тврдини на Скопска Црна Гора, МАА 10 (1985-1986) Скопје 1989, 183-188.

челна кула. На акрополот има остатоците од базилика. На хронолошкото одредување на градчето во неговата последна фаза во Јустинијановиот VI век, упатуваат петтоаголните кули, примената на предѕид и бастионот, како и последната обнова со тесен ѕид, мала кула и полукули кои по формата и техниката на изведбата имаат одлична споредба со градбите на "Маркови Кули" на Водно.[23]

Поголема утврдена рановизантиската населба имало и на л. *"Градиште"* кај *с. Таор.* На локалитетот се најдени многубројни мермерни блокови, столбови, кои упатуваат на постоење на базилика, друг градежен материјал, латински натписи како и монети на императорите Константин Велики, Александар Север, Теодосиј I, Јустинијан I и Јустин II. Материјалните остатоци (лачна фибула од словено-византиски тип), фортификационите елементи на утврдувањето како и монетните наоди упатуваат дека станува збор за рановизантиско утврдување кое било дополнително утврдено во времето на царот Јустинијан I. Во науката овој локалитет со доста силни аргументи бил поврзуван со родното место на Јустинијан I, Таурисион и новоизградената Јустинијана Прима.[24]

На 3 км. ј/з од *с. Чучер* 1,5 км. с. од *с. Орман* и 4 км. од *с. Бразда* на л. *"Давина* " или *" Маркова Кула"* се наоѓал голем доцноантички утврден град. Последното обновување на утврдувањето на градот, кој најверојатно настрадал во катастрофалниот земјотрес од 518 година, било извршено во времето на Јустинијан I. На тоа упатуваат типот на утврдувањето карактеристичен за јустинијановскиот период,[25] монетите од рановизантискиот период, како и еден оловен печат на кој е испишано името на епископот Θιμο(θέο)υ(ς) (Тимотеус).[26]

Локалитетот *"Кале"* во центарот на *Скопје* и понатаму останува во рамките на енигмата дали тврдината е градена во времето на Јустинијан I

---

[23] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 92-95.

[24] *Микулчиќ,* Таурисион и Бедериана, 95-101; *Лилчиќ - Станчевски,* Нови монетни наоди од Скопско, 118; Археолошка карта II, 386.

[25] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 107-111, 114-115.

[26] Од монетни наоди кои го потврдуваат егзистирањето на градот во римскиот, каснорим скиот и рановизантискиот период ќе ги споменеме монетите на Аурелијан, Константин I, Теодосиј I, Јустинијан I и Јустин II. Сп.: *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 114-115; *Микулчиќ, Г.,* Монети од 6 век, 189-190 и Лилчиќ-*Станчевски,* Нови монетни наоди од Скопско, 118; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 310; А. Цако, Прв студентски истражувачки камп-Давина Кула, Чучер, "Откриена рано-римска населба", в.: Македонија денес 9 ноември 1998, 5.

односно во VI век, или пак најстарото средновековно утврдување треба да се поврзува со X век. Прашањето за постоењето на рановизантиска утврдена населба на Скопското Кале е предмет на научна елаборација, иако археолошките ископувања од 1953 и 1967 година[27] не дадоа позитивна потврда од материјални и монетни наоди. Фактите за постоењето на населба на Скопското "Кале" во предисторискиот и архајскиот период, заклучно со III век п.н.е. до кога има материјални докази, веројатноста од постоење на населба на Калето и по тој период ја прави доста голема. Особено тоа се однесува на, римскиот период имајќи ги во предвид вонредно поволните животни услови. Најверојатно населбата била помала и неможела да дојде до израз, па поради моќта и славата на Скупи, како и другите населби во Котлината, живеела во неговата сенка. Егзистирањето на населбата во рановизантискиот период би требало да биде и натаму предмет на археолошките истражувања, од причини што интензивната градежна активност во средновековниот и турскиот период на толку мал но стратегиски значаен простор, каде егзистирало средновековното Скопје, можеле да ги покријат трагите од римскиот и рановизантискиот период.

---

[27] П. Гоцкова во врска со првото ископување на Кале, дека културниот слој е сосема "испретуран" со што била отежната хронолошката идентификација, според присуството на грубата керамика изработувана на рака, најраниот населбински слој се поврзува за доцнонеолитскиот односно енолитскиот период. Ваквата констатација е потврдена и со ископувањата во 1967 година. Керамичкиот материјал, особено фината керамика во неколку варијанти како и биконичниот сад, типолошки според орнаментите, се врзува за културната група Салкуца-Бубањ-Хум и ранобронзенодопскиот период.Од постариот период на халштатот се двете куќи полуземјанки со четвртест облик, фрагменти на керамика работени на рака и неколку фрагменти од Егејот, меѓу кои се истакнува родоскојонската чинија. На највисокиот дел од "Калето" откриено е и првобитното утврдување на железнодопската населба. На "Калето" продолжил животот и во раноантичкиот период. Населбата на највисокото плато во големина од 2 ха. била со утврден sид, кој од надворешната страна бил обложен со убаво делкани камени блокови од песочник, техника превземена од хеленскиот југ. Споменатите две археолошки истражувања потврдија дека населбата во својата помлада фаза егзистирала помеѓу VII и III век п.н.е, кога се забележува престанок на нејзиниот живот. Опаѓањето на населбата се поврзува за III век и се поврзува со инвазијата на Галите (Келтите) во 279 година п.н.е. и навлегувањето на Дарданците. Сп.: *Гоцкова-Славеска, П.,* Остатоци од една праисториска култура на Скопската тврдина Кале, Скопје 1955, Кн. I, 8-20, 23-26; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 31- 32; *Бабиќ-Микулчиќ,* Скопско Кале, 55-57; Археолошка карта II, 383; Микулчиќ, Средновековни градови, 298. *Ж. Винчиќ* (Скопската тврдина, 35-36) претпоставува дека и по III век п.н.е. на "Кале" постоела помала населба која по израснувањето на Скупи во значаен центар во Скопската Котлина во римскиот период, била во сенка и не можела да се развива во значителна мерка. Микулчиќ, Средновековни градови, 298-300 во најново време смета дека т.н. киклопско утврдување на Калето со квадери, сполии од римски период, било подигнато на крајот од антиката односно во рановизантискиот VI век.

Можноста од постоење на рановизантиска населба на Скопското "Кале" ја гледаме од аспект на извесни материјални остатоци. Се смета дека по големиот земјотрес во 518 година, од кој било разрушено Скупи, неговите жители се преселиле на Скопското Кале, кое благодарение на поволната стратегиска положба, вонредните услови на живот, како и утврдувањето чии белези упатуваат на користење на материјалот од разрушеното Скупи во утврдувањето на новата населба, во периодот на интензивната Јустинијанова градежна активност на Балканот.[28] К. Петров во статијата за "Најстарите делови на Скопското Кале" не споменувајќи ја можноста од убикација на Јустинијана Прима на тоа место, прави сеопфатна анализа за најстарите делови на остатоците од утврдувањето на Калето и врз основа на градежната техника и монументалноста, претпоставува дека тие потекнуваат од VI или XI век. Пред се тоа се однесува на внатрешниот бедем на северниот и североисточниот ѕид на Горни град, обложен од надворешната страна со големи архитектонски блокови и други градежни елементи како што се основите на полукружната, триаголната и правоаголната кула кои исто така се подоцна повеќепати доградувани. Остатоци од најстарата градба забележливи се и на водената кула. Кон предложената хронологија авторот истакнува дека по земјотресот и разрушувањето на Скупи во 518 година, постоела потреба од утврдување на Калето, согласно немирниот VI век и градежната активност на Јустинијан I, при што за градењето на тврдината бил користен материјалот од разурнатото и напуштено Скупи. Градбата на утврдувањето во таков обем во текот на VII, VIII и IX век нити била потребна нити пак за тоа Империјата имала средства. Потребата од градба на утврдувањето според авторот се појавила повторно во текот на XI век, но за таа хронологија не само што нема пишани извори и други аргументи,

[28] *Mannert, A.,* Geographie der Griechen und Romer VII, Landshut 1812, 105; *Јастребов, И.,* Наставак бележака из мог путовања по старој Србији, ГСУД 57, Београд 1884, 38-43; *Evans, A.,* Antiquarian Researches in Illiricum III-IV, Archeology vol.49/1, London 1885, 82-146; *Трухелка, Ђ.,* Археолошке белешке из Јужне Србије, ГСНД V/2, Скопје 1929, 84; *Вулић, Н.,* Justinijana Prima ГСНД V 69-84; *Вулић,* Justinijana Prima, Глас Српске Краљевске академије CLV, Београд 1933, 69-81; *Хаџи-Васиљевић, Ј.,* Скопље и његова околина, Београд 1930, 128; *Грујић, Р.,* Скопска Митрополија, Споменица православног храма Св. Богородице, Скопље 1935, 11-12; *Дероко, А.,* Средновековни град Скопље, САНУ Београд 1971, 3, 6-7 и *Шукарова, А.,* Јустинијана Прима, Скопје 1994, 39-55, 93-100 која последна се осврнала на местоположбата, улогата и традициите на Јустинијана Прима.

мала е веројатноста, толку доцна да е користен материјал од Скупи за градба на утврдувањето.[29]

Покрај овие населби, според монетните наоди од VI век во Скопско можно е постоење на уште 5 помали населби од рановизантискиот период. На л. *"Кале"* кај *с. Горно Свиларе*, покрај монетните наоди од III и IV век пронајдена е и една монета од 20 нуми, на византискиот император Јустинијан I.[30] Кај *Зелениково*, на л. *"Црквиште"* утврден во форма на делтоид со четири кули, евидентирани се монети на царот Јустинијан I.[31] На местото на разрушеното од земјотрес Скупи, на падината од ридот егзистирала сосема мала рановизантиска населба во текот на VI век, со куќи градени од камен и кал, се евидентирани: една монета на византискиот император Атанасиј I и повеќе монети на Јустинијан I. Во базиликата II на подот од нартексот откриени се уште неколку монети на Јустинијан I.[32] На просторот од ранохристијанската и доцносредновековната црква на л. *"Црквиште"* кај с. *Осинчани* пронајдени се монети од византискиот цар Јустинијан I, што може да претпостави постоење на рановизантиска населба во непосредна близина.[33] Кај с. *Рогле* на л. *"Кука"* покрај монетните наоди од IV век, откриени се 4 рановизантиски монети. Едната од 40 нуми, кована по 1. 09. 507 година му припаѓа на Анастасиј I; една од Јустин I од 40 нуми, кована во Солун после 1. 09. 522 година и две монети од по 20 нуми од Јустинијан I. Едната монета е кована во Солун меѓу 562 и 565 година, додека другата во истата ковачница во 564/5 година.[34]

---

[29] *Петров, К.,* Најстари делови на Скопското Кале, ГИНИ II/1, Скопје 1958, 229-235 и *Винчиќ, Ж.,* Скопската тврдина Кале, Културно наследство III/IX, Скопје 1966, 36 сл. Во поново време, 1996 година, *И. Микулчиќ* (Средновековни градови, 298-300) смета дека на крајот од антиката односно во рановизантискиот период, на Калето било подигнато силно утврдување кое затворало простор од 280 x 110 м. (2,3 ха.). Монументалниот североисточен ѕид сочуван до денес во неговата првобитна висина (10-11м.) широк 2,85 м. ѕидан е во емплектон техника, додека надворешната страна му е обложена со травертински блокови-квадери, сполии, римски стели, ари и други архитектонски делови од урнатините на Скупи. Ваквиот начин на обложување на ѕидовите, потоа слогот на блоковите како и на формите на кулите се многу карактеристични елементи кои се врзуваат за големите фортификациони активности во VI век. Авторот го коригира своето поранешно тврдење (*Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 121-123) дека овие градби се од XI век.

[30] *Лилчиќ, В.,* Нови наоди од доцноантичките крајпатни кастели кај Рогле, Свиларе, Сопот (Ad Cephalon) и Фариш, Историја 1988/89, (Скопје 1991), 149.

[31] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 89-90; *Микулчиќ, Г.,* Монетни наоди од 6 век, 190.

[32] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 47-48; *Микулчиќ, Г.,* Монетни наоди од 6 век, 190 и *Гарашанин-Корачевиќ,* Базилика II, 44.

[33] *Археолошка карта.*

[34] *Лилчиќ,* Нови наоди од доцноантичките кастели, 147-148.

Иако не спаѓа во Скопската Котлина, малото доцноантичко и рановизантиско утврдување на локалитетот "Градиште" кај с. Пчиња имало важна улога во контролата на комуникацијата од Кумановско Поле-Овче Поле и источниот дел на Скопската Котлина. Градиштето како и повеќето утврдувања од VI век имало дефанзивен карактер. Во неговата градба се забележуваат три фази. Првата фаза е карактеристична за IV век а втората со сигурност се врзува во времето на Јустинијан I. По рушењето кон крајот на VI век, тврдината извесно време била напуштена но највисок дел скромно по трет пат бил утврден.[35]

Вака претставените населби во Скопската област покажуваат дека истите биле значително редуцирани, што претпоставува и значително намалување на населението, а согласно новите услови на немирните времиња истите со своите утврдувања влегувале во глобалната одбранбена концепција на Јустинијан I. Токму затоа клисурите и стратегиските патни правци биле подобро утврдени.

Прашањето за убицирањето на Јустинијана Прима подигната во родното место на византискиот цар Јустинијан I, во науката и понатаму останува отворено.[36] Последниот збор сепак треба да го дадат археолозите. Во таа смисла сметаме дека се во право истражувачите кои мислат дека Јустинијана Прима треба да се бара во Скопската котлина. Во XI новела од 14. 04. 535 година, која царот Јустинијан I ја адресирал до архиепископот на Јустинијана Прима Кателијан во однос на привилегиите на Архиепископија се вели: "Силно сакајќи на многу начини да ја воздигнеме славата на нашата родина, во која што Бог ни даде право да дојдеме... ние сакаме таа и по однос на црковната власт да се зголеми до највисок степен... сегашниот свет претставник на нашата родина *Јустинијана Прима* да не биде само

---

[35] На локалитетот покрај движниот керамички материјал, карактеристичен за доцноримскиот и рановизантискиот период, вклучувајќи ги и материјалните остатоци специфични за Источните Готи, пронајдени се и две монети од VI век. Едната од Јустин I, во вредност од пет нуми, кована во Херсонес и една од Јустинијан I, во вредност од осум нуми, кована во Тесалоника помеѓу 539 и 542 година. Сп.: *Георгиев, З.*, Градиште, с. Пчиња-доцноантички и рановизантиски кастел, МАА 10 (1985-1986), Скопје 1989, 199-214.

[36] Последните сумарни согледувања околу гледиштата за убикацијата на Јустинијана Прима ги дале: *Баришић, Ф.*, Досадашњи покушаји убикације града Justiniana Prima, Зборник филозофског факултета, Београд 1963, 127-140 кој се залага за убикација кај Царичин Град и *Шукарова, А.*, Јустинијана Прима, Скопје 1994 која ја брани тезата за убикација на градот во Скопската котлина односно на Скопското Кале.

митрополит туку и архиепископ."[37] Укажувајќи на причините за честите преместувања на седиштето на префектурата Илирик од Сирмиум во Солун, а по 535 година во Јустинијана Прима, царот во новелата укажува дека тоа било правено поради честите варварски напади. Концентрирањето на административната и црковната власт на префектурата Илирик во Јустинијана Прима е направено по зајакнувањето на византиската власт на двата брега на реката Дунав, и од причини што "не е големо растојанието од Средоземна Дакија до Втора Панонија, а Прва Македонија се наоѓа на големо растојание од Втора Панонија... луѓето се зафатени постојано со воени напори, *не беше полезно за државата да се доаѓа до Прва Македонија низ толку пространства и толку тешкотии. Затоа ние решивме дека е неопходно да се премести префектурата кон погорните делови и провинциите кои се наоѓаат во нејзина близина да ја чувствуваат подобро нејзината грижа.*"[38] Од горните цитати во XI новела може да се констатира дека новиот град и архиепископија Јустинијана Прима бил изграден во слава на родното место на Јустинијан I, и требало да ги продолжи традициите на некоја митрополија, која веќе не постоела. Единствена митрополија која не постоела а од која новата митрополија односно архиепископија можела да ги наследи црковните традиции била Скупската митрополија, која престанала да постои по земјотресот од 518 година. Податокот дека новиот град се наоѓал во Средоземна Дакија, на приближно еднакво растојаие од Втора Панонија и Прва Македонија, внесувал забуна во науката и одел во извесен прилог на тезата дека спорниот град и архиепископија треба да се бараат во Царичин Град. Со CXXXI новела од 18 март 545 година, се смалени ингеренциите на архиепископот на Јустинијана Прима, тој е ставен под директна надлежност на римскиот папа Вергилиј (537-555). Актот имал пред се политички карактер. Јустинијан I настојувал да го зацврсти својот угледот во западниот дел на поранешната Римската Империја, а со враќањето на областите на северен Илирик под надлежност на папата, добивал поддршка во спроведувањето на својата политика. На Јустинијана Прима и е одземена

[37] *Novellae* XI, 94 (3-6). Во понатамошниот текст е кажано дека под јурисдикцијата на архиепископот на Јустинијана Прима треба да и провинции како: Дакиа Медитеранеа, Дакиа Рипенсис, Прва Мизија и Дарданија како и провинциите Превалитана, Втора Македонија и дел од Втора Панонија која е во Баценската област.

[38] *Novellae* XI, 94 (8-12).

Македонија Втора, а од северните провинции споменатата е само Панонија. Во однос на убикацијата на Архиепископијата ни збор.[39]

Прокопиј во делото "За градбите" во врска со родното место на Јустинијан I, и изгледот на Јустинијана Прима пишува дека се наоѓало кај европските Дарданци кои се населени *"крај Епидамниските граници мошне близу тврдината наречена Бедеријана,"* таму продолжува Прокопиј имаше "место по име *Таурисион од каде потекнува царот Јустинијан*...Откако го утврди тоа место за кратко време[40] според тетрагонална схема, и откако постави кула на секој агол, ја изгради како Тетраиргија и така ја нарече. *Крај тоа село изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима."* Понатаму *"изградувајќи водоводен канал од води што вечно течат, направи градот да изобилува со вода;*...и многу други величествени работи изгради и изврши... *Посветените на Бога места, не е лесно да се набројат,* гостилниците за војсководци тешко е да се искажат, па големината на тремовите, убавината на плоштадите, кладенците, улиците, бањите и пазарите. Едноставно *град густо населен* и во се друго *толку богат за да биде метропола на целата област*... Освен тоа му беше определен *архиереј илирски,* а другите градови отстапија, зашто овој по величие беше прв."[41] Прокопиј кажува дека царот "го обновил и целото утврдување на Бедериана и го направил многу појако." Зборувајќи за другите градежни активности Прокопиј пишува дека Јустинијан I го обновил утврдувањето на Улпијана која се наоѓала "кај Дарданците" и ја нарекол *"Јустинијана Секунда."* Во близината на овој град и нов град кој по името на вујкоси го нарекол *"Јустинопол."* Царот ги обновил разрушените утврдувања "на Сердика, Наисопол...Германија и Пауталија." Помеѓу нив cosидал уште три градови: "Кратискара, Куимедава и Ремесијана."[42]

Според изнесените изворни податоци на XI новела и описот на Прокопиј[43] во однос на одредувањето на местоположбата на Јустинијана Прима, и нејзиното попрецизно одредување во Скопската котлина, а против

---

[39] *Novellae* CXXXI, 655 сар.III (16)-656 (1-4). Сп.: Шукарова, Јустинијана Прима, 16-17.

[40] Изразот *"ἐν βραχεῖ"* укажува дека процесот на градењето на утврдувањата на Балканот, како мерка против варварските навлегувања се одвивал набрзина.

[41] *Procopius,* De aedif. IV.1, 104 (26)-106 (4).

[42] *Ibidem.*, IV. 1, 106 (5-20).

[43] Останатите изворни податоци за местоположбата на Јустинијана Прима и родното место на Јустинијан се подоцнежни автори кои го користеле Прокопиј ништо ново не даваат во по ова прашање. За ова Сп.: *Шукарова,* Јустинијана Прима, 22-37.

тезата за убикација во Царичин Град, сметаме дека се релевантни следните изворни факти: *1. Новиот град треба да биде седиште не само на митрополит туку и на архиепископ, синтагма која укажува дека градот требало да ги продолжи традициите на митрополијата со седиште во Скупи* која престанала да егзистира по 518 година. Со Јустинијана Прима традицијата на Скупскиот митрополит е подигната на повисоко архиепископско ниво, додека седиштето на провинцијата Дарданија со новиот град е отелотворено во политички и административен центар на целиот Илирик; *2. Градот се наоѓал некаде во Средоземна Дакија и бил на еднакво растојание и од Втора Панонија на север и од Прва Македонија на Југ,* факт кој исто така не се коси со границите на провинцијата Средоземна Дакија, во која едно време влегувала и Дарданија односно Скопската област;[44] *3.* Поширокото определување на *Јустинијана Прима* според Прокопиј *кај европските Дарданци, кои се населени крај Епидамниските граници, мошне близу тврдината наречена Бедеријана и Таурисион* од каде потекнувал Јустинијан I, се места кои во својата именска основа се сочувани во денешните Скопски села Таор и Бадер,[45] во чија близина постојат утврдувања карактеристични за VI век; *4. Во описот на градот* воопшто не се споменати никакви ѕидини кои би требало да го штитат, па се стекнува впечаток дека *тврдините Таор и Бадер* ја имале одбранбена улога на *Јустинијана Прима.* Истовремено новиот град *немора да бил голем* во вистинската смисла на зборот, туку *тој бил голем како родно место на царот* а со тоа му било припишано да ја игра улогата на политички и црковен центар на Илирик; *5.* Единствен *град густо населен и во се друго толку богат за да биде метропола на целата област,* исто како што Хиерокле во својот Синекдем го нарекува *Скупи со епитетот метропола; 6.* Од текстот на Прокопиј произлегува дека по описот на *Јустинијана Прима при набројувањето на градовите и утврдувањата кои ги изградил или обновил царот* Јустинијан I, како *Јустинијана Секунда во Дарданија,* со сигурност потврдена со денешниот Липљан, Јустинопол, Сердика, Наисопол, Германија, Пауталија, Кратискара, Куимедава и Ремесијана *се*

[44] *Максимовиќ,* Северни Илирик, 30-32 забележал дека во префектурата Илирик од времето на Јустинијан I, повеќе не постојат диецези како административни единици. Во новосоздадени услови во VI век одумира и старата административна управа. Називот префект од VI век, на одредени области претставува титуларно-терминолошки реликт.

[45] *Скок,* Из топономастике Јужне Србије, 101, 118.

наоѓаат на север и североисток од родното место на Јустинијан и новоподигнатиот град центар на административната управа на Илирик и архиепископско седиште, факт кој најсилно оди против тезата за убикацијата на Јустинијана Прима со Царичин Град, кој се наоѓа североисточно од Улпиана (Јустинијана Секунда); **7.** При описот на Јустинијана Прима изразите на Прокопиј царот изгради *"исто така и многу други величествени работи изгради... достојни за долго споменување на основачот на градот"* или *" дека посветените на Бога места, не е лесно да се набројат... едноставно, град голем густо населен..."* се хиперболична *реторика*[46] *и звучат како празна фразеологија* со одредена намера, *манир својствен на Прокопиј.* За Прокопиј се знае дека покрај делата кои ги напишал за време на животот на Императорот, во кои ги величи неговите државнички и воени потфати, како и хармонијата со царицата, по смртта на Јустинијан I, во својата "Тајна историја" сето претходно го разобличува; **8.** Значаен е исто така и податокот дека Јустинијан I, во новиот град *отпосле изградил водоводен канал* "од води што вечно течат и направи градот да изобилува со вода" синтагма која е неспоива со изградената инфраструктура на античкиот, доцноантичкиот и рановизантискиот град кај Царичин Град и **9.** Стратегиското значење на Скопската Котлина во одбраната на Дунавската граница, поради природната магистрала на Моравско- вардарската долина во правец север југ од Београд кон Солун, и подоцна изградениот магистрален пат, со можност за поврзување кон Via Militaris и Via Egnatia, била согледана уште од времето на Римјаните, што било најважната причина за подигнувањето на воениот логор Скупи и неговиот просперитет како административен и црковен центар на провинцијата Дарданија. Во новите услови во VI век, со концентрирањето на административната и црковната власт на Илирик во Јустинијана Прима, се овозможувала солидна одбрана на Дунавската граница.

Погоренаведените факти би требало да се земат во предвид при убикацијата на Јустинијана Прима и несомнено тие одат во прилог на нејзината убикација во Скопската Котлина. Прашањето дали градот треба да се бара на Скопското Кале, каде несомнено постоела рановизантиска

[46] *Шукарова,* Јустинијана Прима, 20-21.

населба, чии траги се уништени од четиринаесетвековната интензивна урбана активност, тешко е да се каже, но во секој случај треба да се бара во некоја од споменатите четиринаесет рановизантиски населби, под услов истата да задоволува некои од потребните погоре наведени критериуми како: во нејзина близина да се наоѓаат Таурисион (Таор) и Бедериана (Бадер), да е изградена набрзина и сосема нова, да има повеќе цркви и други објекти карактеристични за VI век, да има остатоци од помаркантни јавни градби како и водовод кој обезбедувал вода на населбата, од блиска планина и последно, населбата да има материјални остатоци карактеристични за VI и VII век, со што би се потврдило дека населбата исчезнала наеднаш, како последица на словенските напади во почетокот на VII век, кога е и последното нејзино споменување. Таков критериум во Скопската Котлина задоволуваат неколку локалитети.[47]

2. Навлегување и населување на Словените на Балканот во Македонија и Скопската област

Преселбата на народите кон втората половина на IV век, предизвикала големо раздвижување на народите во западноазиските и централно-североисточно-источноевропските области, со нивно интензивно придвижување од североисток и исток кон запад и југ. На почетокот на VI век еден дел од Словените стигнале во басенот северно од долниот тек на Дунав. Така реката Дунав станала природна граница помеѓу Византија и Словените. Заддунавските словенски населби, во византиските извори биле наречени "Склавинии." Словенскиот свет кој бил на ниско цивилизациско ниво, за разлика од Византија која како христијанска држава богата и солидно организирана државна формација, почнал да пројавува се поголем интерес за својот јужен сосед, кој се манифестирал преку насилно навлегување на византиската територија, награбување на плен и враќање во своите домови, најнапред заедно со други варварски народи а потоа и самостојно. Правците на навлегување на Словените на Балканот се одвивале по вообичаените природни магистрални и патни правци, изградени

[47] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 284-286, врз основа на археолошки податоци за утврдената рановизантиска населба на "Марково Кале" на Водно во текот на VI и VII век, која поседувала и репрезентативни градби, цркви, бањи и водовод го коригира поранешното мислење дека Јустинијана Прима се наоѓала таму. Во понатамошниот текст И. Микучлиќ (Средновековни градови, 306 и к. 1) зборувајќи за средновековното Скопје во рановизантискиот период, смета дека на североисточното подградие на Скопското Кале, лежат остатоците на градот Јустинијана Прима.

во римскиот, а одржувани и доградувани во доцноримскиот и рановизантискиот период. При нападите и населувањето на Балканскиот Полуостров и Македонија, Јужните Словени ги користеле следните комуникации: Моравско-вардарската долина во двата правци, потоа долината на реката Тимок и Моравско-вардарската долина; долината на реката Нишава и Моравско-вардарската долина; долината на реката Брегалница и Вардарската долина; долината на реката Струма, и долината на реката Места во источна Македонија.[48] Првиот упад на Словените длабоко на Балканот и во Македонија, при што не била поштедена ни Скопската област, се случил во 517 односно во 518 година. Според известувањето на хроничарот Комес Марцелин, во 517 година на Балканот навлегле "гетски коњаници" под кои во науката обично се подразбираат Словени и хуно-кутригури, при што биле опустошени "двете Македонии и Тесалија." Словенските коњаници навлегле длабоко на Балканот, при што ги опустошиле областите се до Термопилите во Грција и Стар Епир. При упадот успеале да награбат огромен плен од неутврдените или послабо утврдените населби. Меѓу другото, тие со себе воделе голем број на заробеници, кои имале намера да ги користат за добивање на откуп. Незадоволни од бараната сума Словените, ги убиле заробениците пред затворените порти на градовите, а другите ги запалиле заедно со нивните куќи.[49] Жестината на овој напад и неможноста на византиската власт да го спречи пустошењето на византиските области продолжила и во наредната 518 година, кога Словените се враќале од југ кон север во своите живеалишта. Заостанатите помали групи, на враќање, систематски ги грабеле преостанатите неограбени населби. Според истиот извор на пустошење биле изложени и жителите на градот Скупи. Комес Марцелин известува дека од катастрофалниот земјотрес кој ја зафатил провинцијата Дарданија наполно бил разрушен и главниот град Скупи но "без загуба на своите граѓани, кои избегале пред непријателите."[50] Од изложувањето на веста за областите кои биле подложени на пустошење на Словените од

---

[48] *Lemerle,* Invasions et migrations, 274-277; *Максимовиќ,* Северни Илирик, 18 и *Димитрова,* Керамички рељефи, 32-38.

[49] *C. Marcellinus,* X, 99 (34)-100 (5).

[50] *Ibidem.*, XI , 100 (6-15). Cf.: *Lemerle,* Invasions et migrations, 284; *Dvornik,* Les Slaves, 42; *Waldmüleler,* Slawen, 34; *ИСН* I, 109; *Максимовиќ,* Северни Илирик, 23; *Шукарова,* Јустинијана Прима, 62; *Димитрова,* Керамички рељефи, 22; *Аџиевски,* Пелагонија вго средниот век, 11.

нивниот упад во 517 година, сосема е можно да се претпостави дека бил користен магистралниот пат на делницата на Моравско-вардарската долина при што при навлегувањето можно е да била засегната Скопската Котлина. Во византиските извори скоро да нема вести за овој словенски упад. Единствено, Прокопиј раскажувајќи за војсководачот Герман кој во летото 550 година собирал војска околу Сердика, при што од него се исплашиле Словените кои околу Ниш грабеле, известува за нападот на Словените од 517/18 година. Притоа тој вели: "Кога Јустин, вујкото на Герман... го држел царскиот престол, преку Дунав преjдоа Антите кои живеат сосема близу до Словените, и со голема војска упаднаа на ромејската земја."[51]

Конкретни податоци за навлегувањето и населувањето на Словените во Скопската област, скоро да нема. Но поради поставеноста на областа на комуникацијата на Моравско-вардарската долина по која се движеле Словените во своите напади кон Македонија и на југ кон Грција а во некои случаи и кон Албанија и Тракија одредени напади и покрај неспоменувањето на Скупи, можат да се однесуваат и на Скопската област. За нападите и населувањето на Словените во Скопската област од особено значење се материјалните остатоци и монетните наоди на рановизантиските локалитети. Словенските напади на Балканскиот Полуостров, во Македонија со одраз и на Скопската област, по својот интензитет, длабочина и жестина, особено доаѓаат до израз во времето на владеењето на императорот Јустинијан I. Словените во 529/30 година навлегле во југоисточните делови на префектурата Илирик. Според збиеното известувањето за настаните од првите години на Јустинијан I, Прокопиј вели: "*Илирик, цела Тракија,* односно *сите области од Јонскиот залив до предградијата на Цариград*, меѓу кои се *и Елада* и подрачјето на Херсонес, *биле напаѓани од Хуни, Словени и Анти скоро секоја година откога Јустинијан ја превзел власта над Ромеите.*"[52] И покрај тоа што повеќето автори сметаат дека овој податок се однесува на еден поширок временски период од владеењето на Јустинијан помеѓу 527 и 551 година, кога е пишувана споменатата вест, и сметаат дека Мунд успешно ја бранел

[51] *Prokopii* BG III 40, 476 (17-22). Мислењата околу хронологијата на овој податок во науката се различни, и одат од прифаќање на веста за веродостојна и сместување во настаните во 519 година, па се до нејзино отфрлање и сместување во првите години на владеењето на Јустинијан, односно пред 531 година. За тоа види: *ВИИНЈ* I, 45-46 бел. 91.

[52] *Procopii*, Historia arcana 18, 114 (15-21).

границата и не дозволил така длабоко навлегување на Словените[53] не може, а да не се поприма веста со значителна веројатност, доколку за тоа има и други споредбени изворни податоци. Комес Марцелин известува дека во 530 година, "Гети" под кои се подразбираат Словени, го напаѓале "Илирик" но биле растерани од Мунд.[54] Во прилог на раната хронологија за словенско навлегување се до Солун и Грција оди и Записот на солунскиот игумен Паладиј, за словенско навлегување во околината на Солун околу 535 година, кое било проследено со големо мноштво на бегалци.[55] Поаѓајќи од овие вести, може да се претпостави дека од овие словенски навлегувања била зафатена Македонија и Скопската Котлина во фазата кога Словените на враќање кон своите домови ја користеле Вардарско-Моравската долина.

Искажаниот став во XI новела од 14 април 535 година, за преместувањето на воено-административното седиште на Префектурата Илирик од Солун, понасевер во Јустинијана Прима, поради тоа што "луѓето се зафатени со постојани воени напори" за "провинциите кои се наоѓаат во нејзина близина да ја чувствуваат подобро нејзината грижа,"[56] би можело да асоцира, дека словенските или воопшто варварските навлегувања на Балканот во периодот пред пишувањето на новелата, што значи во 534 и 535 година не престанале, туку сеуште траеле.

Во времето кога се појавила комета, помеѓу 538 и 540 година според Прокопиј "голема хунска војска ја преминала реката Истар и се нафрлила *по цела Европа...* тие варвари *опустошиле се по ред од Јонскиот залив па се до предградијата на Византион...*завзеле триесет и две тврдини во Илирик, со пристап *го завладеале градот Касандрија...* Сите се вратиле во својата земја носејќи *ги богатствата и одвеле сто и дваесет илјади*

---

[53] *Максимовиќ,* Сверни Илирик, 22 бел. 28 со постарата литература.

[54] *C.Marcelinus* XI, 103 " Mundo Illyricianae utrisque militiae ductor dudum Getis Illyricum discursantibus primus omnium Romanorum ducum incubuit eosque haut paucis eorum interemptis fugavit". Cf.: *Waldmüller,* Slawen, 34-35.

[55] *Тыпкова-Заимова, В.,* Нападения "Варваров" на окрестности Солуни в первой половини VI в., В.Вр. XVI (1959), 3-7.

[56] *Novellae* XI, 94 (18-21). *Максимовиќ,* Северни Илирик, 29-30 врз основа на писмото на готскиот крал Витигес до префектот Доминик во кое го ословува како "praefectus thessalonicensis" и CLIII Јустинијанова новела упатена до преславниот епарх (префект на Илирик) Илијас од чија содржина и стилизација би се подразбирал Солун, смета дека заложбата на Јустинијан I новоподигнатиот град Јустинијана Прима да биде административно седиште на Илирик "метропола на целата област" кај европските Дарданци и "архиепископија на Илирите" содржат во себе политичка симболика во која не се подразбира префектура Илирик, туку Северен Илирик во географска смисла. Според тоа префектот не прешол во новоподигнатиот град, туку останал во Солун.

заробеници, без да наидат на никаков отпор. *И подоцна* тие доаѓале тука и им нанесувале на Ромеите неискажани беди... *При друг пак напад, тие го опустошиле Илирик и Тесалија и превзеле напад против утврдувањето кај Термопилите.*"[57] Од цитираниов текст на Прокопиј произлегува дека станува збор за неколку варварски напади на Балканот, при што страдал огромен простор, вклучувајќи ја непосредната околина на Константинопол и Грција од Термопилите до Коринт.[58] Споменувањето во тој контекст на Илирик со триесет и двете разрушени и опустошени тврдини, во неговото пошироко значење на зборот, овозможува различни интерпретации во смисла на правецот на навлегувањето и враќањето на варварските орди. Големата веројатност дека во овие варварски напади, при навлегувањето или при враќање била користена и патната комуникација на Моравско-вардарската долина, дава може основано да претпостави дека била опустошена територијата на Македонија и Скопската област. На тоа укажуваат и откриените нумизматички остави.[59] Користењето на оваа комуникација можело да дојде до израз при варварското навлегување во длабочината на Грција се до Коринт и воопштеното кажување за опустошувањето на Илирик.

Околу прашањето за кој народ станува збор при овие три варварски навлегувања мислењата во науката се поделени. Кај Прокопиј децидно е кажано дека меѓу 538 и 540 година Балканот и непосредната околина на Цариград ја пустошеле "Хуни" под кои обично се имаат во предвид

---

[57] *Procopii,* BP II 4, 162(17)-164 (16).

[58] *Popović, V.,* La descente des Kutrigours, des Slaves et des avares vers la Mer Egée: le témoignage de l'archéologique, Acad. des inscr. et belles lettres, juillet-octobre 1978, 607 претпоставува дека при овој напад страдале источните области на префектурата Илирик.

[59] *Кондијанов, Ј.,* Две остави на палеовизантиски пари од Секулица-Кратовско, МАА 11, Скопје 1990, 119-213; *Ivanisević, V., et Kondijanov, J.,* La trésor de Seculica, Revue Numismaticue (Société Française de numismatique)VI/XXXIV, 1992, 77-88 cf.:87; *Кондијанов, Ј.,* Прилог за упадот на Кутригурите на територијата на Илирик во 540 година, МНГ 1, Скопје 1994, 75-81 особено 75-76; врз основа на нумизматички остави од византиски монети, солиди, тремизи и фолеси, ковани помеѓу 512-537/8 година и реформираните солиди на Јустинијан I, од Секулица емитувани во 537/42 година заклучува дека оставата во с.Секулица Кратовско како и оставата од с. Ораше Велешко (Македонија) спаѓаат во групата на колективни наоди од Прахово, Сува Река (СР Југославија), Садовик околу Перник и Пателница околу Пазарџик (Бугарија), кои упатуваат на правецот на упадот на Кутригурите во 540 година на Балканот. *Според овие остави, движењето на Кутригурите од Дунав може да се следии по долината на р. Тимок* (остава Прахово), *текот на р.Морава* (остава Сува Река), *долината на р. Вардар* (остава Ореше) *долината на Брегалница* (остава Секулица), *долината на р.Струма* (остава Садовик) *и долината на р. Места* (остава Пателница). На приближно истата маршрута на движење на Кутригурите според нумизматичкиот материјал укажува и *Popović,* Le descente des Koutrigours, 608-610.

хунобугарските племиња, но може да се има предвид и Словенски напад. Една група на истражувачи смета дека при овие напади не учествувале Словените, или пак во изворите нема доволно докази за тоа, па сметаат дека нападите им припаѓаат исклучиво на Хуно-бугарските (Кутригурски) племиња.[60] Наспроти тоа друга група на истражувачи земајќи ги во обзир кажувањата на Јован Ефески и Михаило Сиријски, според кои во нападите на Балканот во период од три години една по друга, меѓу 538-540 година, во нападите учествувале покрај Хуните и Словените (esqlabe).[61] Ако на овие податоци го додадеме и известувањето на Прокопиј во Тајната историја, пишувано во 551 година дека Словените Антите и Хуните напаѓале на Илирик и другите Балкански области, скоро секоја година од доаѓањето на Јустинијан I на царскиот престол ќе нема потреба од сомневања за обемот и силата на Словенските навлегувања.[62]

Зачестувањето на словенските пљачкашки навлегувања во длабочината на Балканот било мотивирано поради ангажираноста на византиската војска во Италија, како и сознанието дека многу тврдини не се повеќе бранети, а даваат можност за богат плен. Според пишувањето на Прокопиј, во 548 година, кога војските предводени од Велизариј биле зафатени во воените активности со Готите во Италија "војската на Словените (Σκλαβηνῶν στράτευμα)[63] ја премина реката Дунав и направи страшни злодела над сите Илиријци се до жителите на Драч, убивајќи и заробувајќи ги сите возрасни луѓе на кои би наишле и плачкајќи им ги богатствата. Ним им појде од рака дури да освојат и многу тамошни тврдини кои доттогаш биле сметани за безбедни, бидејќи никој не ги бранел. Тие се шетале ваму-таму сосема слободно пребарувајќи се." Според истиот извор "илирските архонти со војска од петнаесет илјади луѓе"[64] одела по нив и

---

[60] *Charanis, P.,* The Chronicle of monemvasia and the Slavonic Settelments in Grece, DOP 5 (1950) 161; *Vasillev, A.A.,* History of the Byzantine Empire, Madison 1952, 408; Lemerle, Invasions et migrations, 285; *Максимовиќ,* Северни Илирик, 33. *Ferjančić,* Invasions et installations, 87.

[61] *Дьяконов, А.,* Известия, 22-24; Grafenauer, Nekaj vprosaj, 35, 82; *Nestor, I.,* La pénénetration des slaves dans la péninsule balcanique et la Grèce continentale, Rev. des Et.Sud-Est Europ. I/1-2 (1963), 59, *Waldmüller,* Slawen, 38.

[62] *Procopii,* Historia arcana 18, 114 (15-21).

[63] Споменатиот израз најверојатно подразбира военоспособни мажи организирани во воени единици со одредена цел за напаѓање и ограбување на предвидените области.

[64] *Максимовиќ,* Северни Илирик, 34 бел. 75а се сомнева во веродостојноста на Прокопиевиот податок за бројноста на византиската војска која ги следела Словените. Тој смета дека Византија имала значителни сили на Балканот. Со укажувањето на Прокопиј дека византиската војска од 15.000 војници кои не се осмелиле да влезат во бој, Прокопиј најверојатно сакал да ја потенцира воената надмоќност на Словените од една страна, а од

само ги следела. [65] Сосема е јасно од веста на Прокопиј дека силната воена група на Словени која преминувајќи ја реката Дунав некаде на границата на Илирик, односно нејзиниот среден тек[66] ги опустошила областите се до Драч и зафатила огромна територија на Илирик, при што страдале и централните и западните области на Илирик.[67] Правецот на движењето на словенската војска најверојатно одел по Моравската долина или преку р. Тимок повторно по Моравската долина кон нејзиниот горен тек, при што податокот дека тврдините не биле бранети и тие слободно се шетале вамутаму, укажува на ширината на опфатената од нападот територија, како и недоволниот број на византиски воени сили кои би ги бранеле. Во крајниот зафат на словенскиот упад била опустошена Дарданија, а можеби и ретките населби во Скопската Котлина. На тоа упатуваат можните правци за навлегување кон Драч, при што два воделе преку Скопската Котлина, било преку Куманово и Скопје, било преку Качаник и повторно преку Скопје, или пак од Призрен кон Љеш се стигнувало до Драч,[68] како и правецот на враќањето на Словените зад р. Дунав.

Користејќи ја зафатеноста на византиската армија со воените дејствија во Италија, Словените во понатамошните воено-плачкашки походи со себе ги воделе своите семејства, со намера за населување на тие простори. На тоа упатува походот од 550/551 година. Додека византискиот војсководач Герман се наоѓал во Сердика и собирал војска за походот во Италија, "во земјата на Ромеите навлезе толку големо мноштво на Словени (Σκλαβηνῶν ὅμιλος) како никогаш пред тоа. Преминувајќи ја реката Дунав стигнаа во околината на Ниш." Од заробениците кои биле подложени на разузнувачко испитување Византијците дознале дека Словените планирале да навлезат кон југ во пљачкашки поход и "со опсада да го освојат самиот Солун и градовите околу него." Царот Јустинијан I, кој се наоѓал во престолнината, му напишал писмо на Герман да го откаже заминувањето во

друга, дека целта на византиската војска не била да влегува во борба, туку да го спречи правецот на движење на Словените, или пак во погодна прилика да ги нападне. Barišić, Proces slovenske kolonizacije, 13 bel. 3 коментирајќи го истиот подарокот на Прокопиј, заклучува дека словенската војска била значително побројна.

[65] *Procopii* BG III, 29 423 (3-13). Cf. *Grafenauer,* Nekaj vprosaj, 36; *Waldmüler,* Slawen, 39; *Максимовиќ,* Северни Илирик, 34; *Ferjančić,* Invasions et instalation, 89.

[66] *Barišić,* Proces slovenske kolonizacije, 13.

[67] *Максимовиќ,* Северни Илирик, 34 смета дека при овој силен словенски упад страдале северните области на префектурата Илирик.

[68] *Шкриванић,* Путеви, 70-75,77, 87-91; 94-100.

Италија, и веднаш да им притекне на помош на загрозените од Словените градови. Словените кои сеуште пљачкале по долниот тек на Моравско-вардарската долина, штом дознале дека Герман се наоѓа во Сердика, и има намера да се упати кон нив, се исплашиле и "*веднаш се откажале од походот на Солун, и нити се осмелиле да се спуштат во рамнината*, туку преминувајќи ги сите илирски планини се најдоа во Далмација."[69] На словенските маси кои продолжиле да пљачкаат по Далмација, малку подоцна им се придружила нова група на Словени. Според зборовите на Прокопиј "Словените - како оние кои порано навлегле во царската земја (за кои туку што зборував), така и другите, кои малку подоцна ја преминале реката Дунав и се соединиле со нив, ја опустошувале Ромејската држава *во полна слобода*... Не можам да кажам дали Словените тука дошле да му послужат на Тотила,[70] или пак неповикани од никого. Во секој случај, *поделени на три групи*, тие варвари *направиле во цела Европа невидени зла*, не со напади на тамошните земји туку *презимувале како во своја земја и без страв од никого*." [71]

Несомнено е дека постои тесна поврзаност на групата Словени кои пустошеле во околината на Ниш движејќи се кон Солун, со нивните соплеменици кои пустошеле во Тракија. Нивниот премин преку Дунав бил извршен на границата на Илирик пред Ѓердапската Клисура. Словените најверојатно во својот поход на Солун, се движеле по долината на р. Тимок а потоа по Моравско-вардарската долина.[72] Фактот што поради доаѓањето на византиската војска кај Сердика на чело со Герма, тие се откажале од намерата да го нападнат Солун и не "се осмелиле да се спуштат во рамнината" се нашле во Далмација, упатува на претпоставка дека од нивното пустошење бил засегнат поголемиот дел на Македонија со исклучок на Солунското Поле.

---

[69] *Procopii* BG III 40, 475 (19)-477 (10).

[70] *ИСН* I, 113-114 словенските пљачкашки походи од 550/551 ги поврзува со лангобардско-гепидските судири во Карпатската котлина, кои предизвикале придвижување на Словените.

[71] *Procopii* BG III 40, 481 (7) - 483 (15).

[72] За правецот на движење на оваа група Словени потврден со нумизматички материјал cf.; *Popović*, La descendente des Koutrigours, 608 и *Максимовиќ*, Северни Илирик, 35.

Нема конкретни изворни податоци околу засегнатоста на Скопската Котлина, Брегалничката област[73] и Пелагониската Котлина, од словенската инвазија од 550/551 година, но тоа може да се претпостави од правецот на навлегување на Словените, и материјалните и нумизматичките наоди. Оставата на византиски монети од с. Селце кај Прилеп, која завршува со монетата на Јустинијан кована во Кизик 551 година, К. Аџиевски ја поврзува во временскиот период од 548-551 и со словенското навлегување во Македонија во 550/551, односно оној од есента 551 година.[74] Според Б. Бабиќ најран материјал за краткотрајно присуство на Словените на територијата на Македонија би биле фрагментарните остатоци од грнци пронајдени во античките терми во Скупи, сместени помеѓу два рановизантиски слоја. Покрај керамиката според истиот автор, констатиран е и простор на Словените за живеење во внатрешноста на термите. Истиот материјал се поврзува со упадот на Словените во Илирик и Тракија во 550/551 година.[75]

Есента 551 година според известувањето на добро информираниот Прокопиј "Големо мноштво на Словени (Σκλαβηνῶν πολὺς ὅμιλος) навлезе во Илирик и невидени зла таму направи." Малубројната византиска војска предводена од синовите на Герман, само ги следела и заробувала тие што заостанувале, за да ја дознае нивната намера. Според Прокопиј, Словените "Задржувајќи се на тоа пљачкање доста долго време, ги прекрија сите патишта со мртовци и фаќајќи безброј робови и опљачкувајќи се, се вратија дома со целиот плен, бидејќи никој не им се спротивставувал."[76] Некои автори сметаат дека неспоменувањето на Грција и Тракија од страна на

---

[73] *Панов,* Штип и Брегалничката област, 41-42; Штип I,*(Б.Панов)* дел трети глава I), 137.

[74] *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 18-19 . Истиот автор претпоставува дека во споменатиот временски период најверојатно дошло до навлегување на првите словенски одреди во Пелагонија.

[75] *Бабиќ,* Македонија и Албанија во VII и VIII век, 153-154. *Максимовиќ,* Северни Илирик 35-36 бел. 80 се чини неоправдано ја оспорува тезата за почетоците на словенското населување на Балканот токму со оваа словенска провала, теза која во науката е широко прифатена. За раното населување на Словените на Балканскиот Полуостров сп.: *Barišić,* Proces Slovenske kolonizacije, 13-17.

[76] *Procopii* BG IV 25, 623 (22) - 624 (16); *ВИИНЈ* I, 49 - 50. Cf.: *Waldmüller,* Die Slawen, 45-47; *Ferjančić,* Invasions et installation, 91. Панов, Штип и Брегалничката област, 41-42; Штип I, (*Б.Панов*) 137) смета дека овој упад потврдува дека карактерот на словенските упади сеуште имал пљачкашки карактер, додека според *Максимовиќ,* Северни Илирик, 36 од вестите на Прокопиј кои се често претерани, се стекнува впечаток дека словенските походи биле правземани првенствено заради пљачкање. Пљачкањето во такви размери потврдува дека тоа било важна стопанска гранка.

Прокопиј, кога зборува за овој словенски упад, би потврдувало дека Словените ги опустошиле само областите на северен Илирик.[77]

Околу 560 година во Панонската низина дошле Аварите кои ги истиснале Гепидите. Подаништвото и соседството на Словените со нив ќе претставува нова опасност за Византија во делот на северен Илирик. По смртта на Јустинијан I започнува фаза на аварословенски напади при што византиската одбрана постепено ја откажува својата функционалност, а Царството мирот го купува со пари.[78] При овие напади на Балканскиот Полуостров, особено по паѓањето на Сирмиум во 582 година, со извесни исклучоци, редовно ќе биде користен магистралниот правец на Моравско-вардарската долина. Можностите за изложеност на Македонија и Скопската Котлина од аварословенските напади и нивно населување, се зголемиле.

Околу 570/71 година Словените и Аварите навлегле во Илирик, при што била користена Моравско-вардарската долина. Навлегувањето на Словените било извршено од Ѓердапските Катаракти, и било форсирано по долината на Тимок. На таков заклучок упатува анализата тезаурираните остави на големи количини пари како последица од Словенското навлегување. Тоа меѓу другото упатува и на почетокот на силниот процес на дезурбанизација на Илирик, додека неможноста на Византија да се спротивстави на овие напади ќе ја предизвика словенската колонизација Балканските поседи, како неминовен процес.[79] Според Менандер Протектор користејќи ја зафатеноста на Византија со Персијанците во 578 година "во Тракија се собрал народот на Словените, повеќе од сто илјади, за да ја опљачка Тракија и многу други земји."[80] Неможноста на Византија да им се спротивстави, ја наметнало потребата аварското сојузништво за отстранување на растечката опасностод Словените. Аварите со византиска помош ги нападнале нивните домови зад Дунав, ги принудиле да им плаќаат данок, но не во потполност и не за долго. Мноштвото на Словени од стоиљадната група и понатаму останало на византиска територија и ги продолжило грабежите. На тоа упатува податокот од истиот извор, дека

---

[77] *Максимовиќ*, Северни Илирик, 36 бел. 82.

[78] *Lemerle*, Invasions, 287-290; *Popović*, La descendente, 612; *Максимовиќ*, Северни Илирик, 44.

[79] *Popović*, La descendente, 612-615; *Максимовиќ*, Северни Илирик, 44.

[80] *Menandros*, Ehcerpta de legationibus, I, ed. *C.de Boor*, Berlin 1903, 469 (2-5).

пред почетокот на аварската опсада на Сирмиум во 579 година, аварскиот пратеник на враќање од византиската престолнина, "додека поминувал низ Илирик со мала Ромејска придружба, бил убиен од Словените кои ја пустошеле земјата."[81] Според Менандер од инвазијата на Словените била зафатена не само на Тракија туку и на многу други земји. Тој податок тешко би можел да ја оспори веројатноста дека од оваа инвазија не била зафатена Македонија и Скопската област. На тоа упатува фактот дека ним во внатрешноста на Балканот не им бил даден никаков отпор, а и податоците дека тие слободно се шетале по ромејската земја цела една година.

Многу позначаен податок за неможноста на Византија да ги спречи Словенските навлегувања во Илирик и нивното се подолготрајно задржување на византиска територија со размери не само на пустошење туку и на трајно населување, од што не може да биде изземена Македонија и Скопската област, како важна сообраќајна артерија по која се движеле Словените, на своите походи на Балканот се до Грција, претставува известувањето на Јован Ефески. Зборувајќи за престојот на Словените од 581 до 584 година тој пишува: "Тие секавично ја поминаа цела Елада, областа на Тесалоники и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини. Тие ги опустошија и изгореа, зедоа заробеници *и станаа господари на земјата*... вршат пустоши и палежи и земаат во плен, така што кај самиот надворешен ѕид... *И еве до ден денешен, т.е. до 895 г.,(* одговара на 1.X .583 до 1. IX. 584 година Б. М.*) тие се останати, живеат спокојно, престојуваат во земјата на Ромеите без грижа и страв*... и се научија да војуваат подобро од Ромеите..."[82] Зафатена со воените грижи околу византиско-персиската граница, Византија не само што не се погрижила да го спречи овој словенски упад во својата земја, туку го премолчила завземањето на многу градови и тврдини. Престојот на Словените во Македонија, Грција и Тракија каде тие се распрснале без страв, и живееле како на своја земја во тек од четири години, дрзнувајќи се да ги напаѓаат царските имоти крај Долгиот ѕид, податокот дека се стекнале со големи

---

[81] *Ibidem.*, 475 (4-7); *ВИИНЈ* I, 90-94. *Максимовиќ,* О хронологији словенских упада на византијску територију крајем седамдесетих и почетком осамдесетих година VI века, ЗРВИ VIII/2, 263-268, укажал на поврзаноста на податоците на Менандер, кои се односуваат на ист словенски упад во почетна фаза 578 и завршна фаза во 579 година.

[82] *Дьяконов,* Известия Иоанна Эфесского, 32; *ИНМ 1, 74-75.Максимовиќ,* О хронологији словенских упада, 268-270; Брайчевский, Расселения Славян, 132-133; *Waldmüller*, die Slawen, 110-111; *Документи* I, 22-23.

материјални блага и ја совладале воената вештина подобро од Ромеите, се толкува како почеток на Словенската колонизација на Балканот, премолчено прифатена од византиските власти.[83] Известувањето на Јован Ефески дека Словените молскавично ја поминале "цела Елада, областа на Тесалоника и цела Тракија" укажува дека во фазата на навлегувањето кон југ, Словените во Македонија пристигнале по Моравската долина, а од Скопската котлина на југ по реката Вардар, преку Полошката котлина и Пелагонија, можеле да стигнат до Грцијаи Солун. Тоа може да се заклучи и според редоследот на наведените области.

На 26 октомври 584 година на денот на заштитникот на градот според Чудата на Св. Димитриј I војска од Словени 5000, не многу јака "но составена од избрани и искусни борци...одбраниот цвет на целиот словенски народ (διὰ τὸ παντὸς τοῦ τῶν Σκλαβίνων ἔθνους τὸ ἐπίλεκτον ἄνθους)" превзела силен напад на Солун. Нападот бил одбиен со чудотворната сила на Свети Димитриј.[84] Се стекнува впечаток дека не станува збор за засебен упад на Словените со намера да се нападне Солун, туку дека петиљадната словенска војска е собрана од стоилјадната маса на Словени кои упаднале во Илирик 578/9, односно огромното мноштво на Словени кои помеѓу 581 до 584 година ја пустошеле Македонија, Грција, Солунската област и Тракија за што известува Ј. Ефески.[85]

Инвазијата на Словените на Балканот и во Македонија, со цел за потрајно населување на тие области претставува аваро-словенското навлегување по Моравско-вардарската долина[86] и обидот на Словените, на

---

[83] *Максимовић,* О хронологији словенских упада, 269-270; *Брайчевский,* Расселения Славян, 133. *Б.Панов,* (Документи I, 22 бел. 32) смета дека станува збор за населување на Словените во Солунскиот крај. Од наведениот текст би можело да се заклучи дека населената од Словените територија била од поголем обем и зафаќала области во Грција, Македонија и Тракија.

[84] *Lemerle,* Miracles I, p. 125 (102, 5) - 126 (108, 31); *Ibidem.,* II,46-81 овој напад на Словените на Солун го изедначува со аварословенскиот напад од 586 година. *Баришић,* Чуда, 50.

[85] *Дьяконов,* Известия Иоанна Эфесского, 32; *ВИИНЈ* I, 176, бел. 5. На тоа упатува и забелешката на Ф. Баришиќ дека ваквата карактеристика на словенскиот одред открива дека Словените за кои станува збор, Солунчаните ги познавале и пред овој настан, односно дека станува збир за Словени кои се населуваат или се веќе населени во Македонија. Сп.: ИНМ 1, 79.

[86] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 26 смета дека во 584/85 година Аварите од Влашката Низина, придружувани од Словените од Украина и Молдавија, го поминале Долни Дунав и почнале темелно да ги пустошат источнобалканските провинции. Од таму движејќи се по магистралниот пат Via Egnatia на запад на 22 септември 586 година стигнале пред Солун.

почетокот на есента 586 година да го освојат Солун. Според Чудата на св. Димитриј I, повод за аваро-словенскиот поход претставувало одбивањето на барањето на аварскиот каган Бајан, упатено преку пратеници до византискиот цар Маврикиј (582-602). Каганот "*го повикал кај себе од Склавинииите*[87]... и додавајќи кон нив и некои други варвари" им наредил да заминат "во поход против...Солун." Словенската војска била "тоа беше *најголемата војска што сме ја виделе во нашите времиња. Според едни таа изнесувала повеќе од сто илјади тешко вооружени мажи, според други помал број, а според трети многу повеќе...* Слушнавме дека пресушеле реките и изворите кај кои заседнале..." Поради бројноста на словенска војска која тргнала на Солун пишува авторот на Чудата I пред градот "*Наместо земја, дрвја или трева сега можеа да се видат главите на непријателите*...не заплашуваа со неизбежна смрт во утрешниот ден. И... тие не само што го опсадија ѕидот, *како песокот морето,* туку голем број од нив ги заседоа утврдувањата околу градот и предградијата *грабејќи при тоа и истребувајќи и газејќи со нозете се што останало.*" Граѓаните на Солун биле крајно деморализирани, затоа што лузните на чумата што го зафатила градот биле сеуште видливи, и "*оние што го опсадуваа градот беа по број рамни на песокот*...ако некој би си ги претставил на куп не само *во Солун собраните Македонци, туку и Тесалијците и Ахајците, тогаш не би се добил ни минималниот дел од оние што однадвор го опсадуваат градот.*"[88] Првиот ден од опсадата, аваро-словенската војска го поминала во пљачкање на околината на градот, додека третиот ден наутро, започнало поставувањето на опсадните направи и нападот.[89] По неуспешниот обид да

---

[87] Станува збор за областите населени со Словени на левиот брег на реката Дунав. Терминот Склавинија односно множинскиот облик Склавинии (Σκλαβηνίαι) означува област населена со Словени, и е прифатен кај византиските и западните автори на почетокот на VII век. Сп.: *Баришић*, Чуда, 56 бел. 81; *ВИИНЈ* I, 177 бел. 7; *Документи* I, (коментар *Б.Панов*) 25 бел. 46. *Литаврин,* Склавиниите од VI-IX в., 23-28 детално разгледувајќи го терминот Слкавинија, потенцира дека истиот е од византиско "научно" потекло и составен е од етноним според редот на поимите: "Скитија", "Аварија," "Сарматија" итн. Неговата појава хронолошки прв пат е извесна на почетокот на VII век во првата книга на "Чудата на св. Димитриј " за опсадата на Солун. Кон средината на VI век терминот не постоел или пак не бил широко распространет. Кај Теофилакт Симоката терминот би претставувал само територија населена со Словени, додека множинскиот облик Склавинии кај авторот на Чудата би претставувал не само ареал на словенски населби туку и нивна военополитичка организација. Cf. : *Lemerle,* Miracles II, 182.

[88] *Lemerle,* Miracula I, p. 134 (117, 3) - 137 (127, 16); ВИИНЈ I, 177- 179; *Баришић,* Чуда,56; *Документи* I, 25-27.

[89] *Lemerle,* Miracula I, p. 148 (137-12) -149 (139-5-7); 151 (145, 23-30); 151 (146, 8-11), (147, 18-20, 25)- p.153(147, 2); p. 153 ((148, 14)- p. 155 (152, 2); p.155 (153, 6-155, 29).

го освојат градот, аваро-словенската војска се повлекла, додека поголема група побарала да биде примена во градот.[90] Наведениот опис на дел од податоците за аваро-словенската опсада на Солун од 586, и во претходниот случај со вестите на Јован Ефески, за словенската провала од 580-584 година, го даваме за да ја истакнеме словенска решеност за трајно населување на областите на Балканскиот Полуостров, во неговиот централен и јужен дел. Словените и во двата случаи ги гледаме како одлично ја совладале воената вештина во опседнувањето на големи градови. Непосредно после оваа година многуте разрушени градови во Македонија од Словените, веќе не биле обновувани[91] или живуркале.[92] По неуспешната опсада, најголемиот дел на Словени се вратиле на север во својата татковина. Со овој напад дошло до потрајно населување на Словените на делови од Јужна Македонија и Грција, но византиската власт на Балканот сеуште не била посериозно загрозена.[93]

На враќање од опсадата на Солун, Словено-аварската војска повторно ги пустошела областите низ кои поминала на што укажуваат изворните податоци.[94] Нема никакви причини да не веруваме дека на ваков

---

[90] *Ibidem.*, I, 156 (157,11)- 157 (161,20). Сп., ИНМ 1, 80-81.

[91] Врз основа на нумизматички материјал, *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 21 утврдил дека во есента 586 година Словените ја освоиле Хераклеја централното византиско упориште во Пелагонија, како и неколку други помали утврдувања во истата рамнина. *Микулчиќ,* Средновековни градови, 26 врз основа на анализа на археолошки материјал констатирал дека по неуспешната словенска опсада на Солун во 686 година, Словените се свртеле кон помалите градови и тврдини во Македонија, односно кон се што сеуште можело да се ограби. Со овие пустошења престанал градскиот живот во Македонија. Наодите на остави на пари или други скапоцени депоа, како и откопаните слоеви со присутни траги од силен пожар и насилно уривање присутни се во градовите Баргала, Стоби, Хераклеја Линкестис како и тврдините Баба и Селце кај Прилеп, ја потврдуваат ваквата констатација.

[92] *Алексова,* Брагалница, 65-68 врз основа на археолошките истражувања, како и анализата на монетите од депото од Баргала, кои завршуваат со 10 монети на Маврикиј ковани во 584/5 година заклучува дека градот настрадал од оваа аваро-словенска провала. Меѓутоа, присуството на златните монети на Фока укажуваат дека градот Баргала и понатаму продолил да живее.

[93] *Баришиќ,* Чуда, 56-64; *Popović,* La descente des Koutrigours, 80. *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 21-22 смета дека уште во есента 586 година била освоена Хераклеја, а во истиот период дека била ликвидирана и целосната византиска власт во Пелагонија. Како потврда за ваквата констатација авторот се базира врз застојот на циркулацијата на монети во Пелагонија. Но се пак укажува дека на Словенизација биле изложени само рамничарските предели на Солун и неговата поширока околина. Бројноста на населените Словени во јужен Илирик сеуште не била во толкав обем за да можат да зафатат поголем дел на Македонија. Населувањето на Словени во Скопската Котлина со оваа аваро словенска инвазија, тешко би можела да се потврди во некој посериозен обем, бидејќи областа била користена за пљачкање на поминување и враќање, а и значително била оддалечена од Солун.

[94] Според Житието на Тивериополските маченици (*ИБИГИБИ* XXX/IX, 62 (27) дознаваме дека "Еден варварски народ, наречен Обри откако навлегол од југ во областите

начин не биле изложени и населбите во Скопската Котлина. Дотолку повеќе што за тоа има и други изворни податоци. Од две писма на папата Григорие до епископите на Илирик од мај 591 и 592 година се зборува за зафатеност на патиштата, варварско пљачкање на Јустинијана Прима и многу други градови на Илирик. Истовремено се известува за бегство на епископите од многу епископски центри, и се сугерира истите да бидат примени од црковните оци благонаклоно и да живеат од црковна издршка. Се смета дека вестите за овие настани се случиле пред нивото адресирање и најверојатно се однесуваат на настаните околу Солун во 586 година и непосредно потоа. Слични вести дава и Теофилакт од Симоката, кој кажува дека аварскиот каган опљачкал и опустошил многу градови во Европа.[95]

Разорувањето на повеќе тврдини во Скопската котлина од Словените и со оваа аваро-словенска провала археолошки е потврдено, но сепак хронолошки сеуште недоволно прецизирано. Поради недоволните археолошки истражувања, чии резултати се главно преглед на рекогносцирања или случајни наоди, не можат да се изведуваат некои посебни заклучоци за процесот на опустување, краткотрајно населување или траги од Словените на Скопските рановизантиски локалитети. Сеопфатни и плански истражувања најверојатно би дале подобри резултати за оваа проблематика. Според И. Микулчиќ, во близина на челото на акрополот на л. "Маркови Кули" Водно, една градба чие прво ниво хронолошки е потврдено со монета во времето на Јустинијан I, насипано е по средината на VI век, додека истото доживеало силен пожар кога било и разурнато. На разурнување меѓу другото биле подложени и бочните ѕидови на акрополот и челната кула. Малото депо на бакарни монети на Јустинијан I, Јустин II и Тибериј рушењето хронолошки го определуваат во последната четвртина од VI век. Наодите на фибула од понтски (византиско-словенски) тип, делот од шлем од специфичниот ламелест понтски тип (аваро-словенски), појасна тока од аварски тип со претставена маска во ажурирана техника, најверојатно по потекло од јужноруските степи, укажуваат на

на Тивериопол, опустошил многу градови, па и него. Дел од жителите со меч ги сотреле, дел ги заробиле, а сите убави згради и божји храмови ги разурнале и до темел ги уништиле." Сп.: *Панов,* Струмичката област од VI до X век, 203-206; *Панов,* Средновековна Македонија II, 375-378.

[95] *Paulus, E.,* Gregorii I papae registrum epistolarum MGH, Epistolae I, Berlin, 1887, 69 (2) - 70 (8); *ВИИНЈ* I, 108. Сп. : *Баришиќ,* Чуда, 62-63 бел. 105, 106.

носителите на рушењето на ова рановизантиско градче, како и нивно населување. Присуството на овие материјални траги, како и на монетите заклучно со Тибериј (578-582), страдањето на градот хронолошки го определуваат со аварословенскиот поход на Солун во 586 година. Присуството на керамика од сивопечен сад кој и припаѓа на германската популација од друга страна укажува на етниконот на византиската посада која го чувала градот.[96] Но градот на овој локалитет по краткотрајното присуство на Словените повторно бил обновен од Византијците. Врз споменатото уривање констатирани се насипи со нови слоеви на третата фаза од населбата. Било обновено утврдувањето, на чие чело наместо разурнатата кула бил изграден голем бастион, додека функционирањето на водоводот на почетокот на VII век, потврдено е со монета на царот Маврикиј, кована во 601/2 година.[97] Материјална култура од аварословенски тип, односно бронзена фибула, чие присуство се поврзува со истата аварословенска провала од 586 година, како и краткотрајно словенско присуство, евидентирано е и на локалитетот "Градиште" кај с. Таор.[98] Најверојатно во истиот период од аваро-словените била уништена, односно опожарена и градската населба на л. "Давина"(Давина Кула) кај с. Чучер, но истата продолжила и понатаму да егзистира. Наодите на бронзени апликации од аваро-алански тип по потекло од јужноруските степи, обработени животински коски, железни делови од коњска опрема; тока од посребрена бронза како и друг материјал, укажува на краткотрајното присуство на Словените на овој локалитет.[99] Понатамошното присуство на Словените на овој локалитет особено во IX и X век експлицитно е потврдено преку присуството на амулет-рокче со глава на Перун Свевид, со четири лица, хронолошки потврден со аналогни примери од други локалитети.[100] Материјални траги од краткотрајно задржување на Словените присутни по рачно изработената керамика и нехристијански гробови како и траги од рушење на ѕидините, присутни се и на л. "Градиште" кај с. Пчиња. Ова го

---

[96] *Микулчиќ - Никуљска,* "Маркови Кули" Водно, 140-141; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 50-52.

[97] *Микулчиќ - Никуљска,* "Маркови Кули" Водно, 141; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 51-52.

[98] *Микулчиќ,* Таурисион и Бедериана, 100; *Истиот,* Скопје со околните тврдини, 106.

[99] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 111, 115-116; *Истиот,* Средновековни градови, 310-311 сл. 146.

[100] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 36, 310.

споменуваме поради фактот што населбата иако во друга област, се наоѓала на самиот премин од Кумановско во Скопско Поле и истата го контролирала влезот во Скопската Котлина.

Во 591 година кога Царството склучило мир со Персија, царот Маврикиј (582-602) во период од десет години превземал напори за зајакнување на Дунавската граница и отстранување на аваро-словенската опасност. Со овие напори можно е да се зборува за реокупација, обнова и воено зајакнување на некои стратегиски значајни утврдувања на магистралните патишта во внатрешноста на Илирик, а најверојатно и во Скопската Котлина. По првите позитивни резултати, битката ќе биде изгубена веќе на почетокот на VII век. Со доаѓањето на Фока (602-610) одбраната на Дунавската граница не е примарна цел. Мирот со Аварите, Царството го плаќало со данок, додека Словените се препуштени слободно да ги населуваат не само периферните делови на Илирик, туку и неговите централни и јужни области.[101]

Словенското населување на Македонија, главно се одвивало преку познатите магистрални правци: реката Тимок и Нишава а потоа по Моравско-вардарската долина, додека од југоисточниот дел на Македонија навлегувале по долината на реките Брагалница, Струма и Места. Конечното населување на Словените на Балканските области и на Македонија паѓа во втората деценија на VII век, во време на владеењето на императорот Ираклиј. Овој завршен процес се одвивал во две фази, самостојно во 614- 616 и заедно со Аварите во 618 година. Главна мета на Словенските напади бил Солун, последниот византиски бастион на Балканот.[102] Од византиските извори познато е дека територијата на Македонија била населена од "народот на Словените... од Драговити, Сагудати, Велегезити, Вајунити, Берзити и други племиња[103] (τὸ τῶν Σκλαβίνων...ἔθνος... ἀπό τε τῶν Δραγουβιτῶν, Βελεγεζητῶν, Βαϊουνητῶν,

---

[101] *Дьяконов,* Известия Иоанна Эфесксого, 32; *Dvornik,* Les Slaves, 45-47; *Брайчевский,* Расселения Славян, 133; *ИНМ* I, 75-77; *Waldmüler,* Die Slawen, 123-163; *ИСН* I, 118-124.

[102] Сп.: *Баришић,* Чуда, 81-100 и *Lemerle,* Miracula II, 85-110 со постарата литература.

[103] Под други племиња се имаат во предвид Смољаните, Струмјаните, Ринхините и Сагудатите споменати во Чудата како и во други византиски извори. За тоа сп.: *Документи* I, 29 бел. 70.

Βερζητῶν καὶ λοιπῶν ἐθνῶν)"[104] но притоа нема прецизни податоци кои области ги населиле. Егзистирањето на овие Словенски племиња во Македонија пред нивниот заеднички напад на Солун во 614-616 година, не би требало да се сфати како завршен процес. Населувањето на Словените на територијата на Македонија, започнато од претпоследните две децении на VI продолжило веќе на крајот на втората и почетокот на третата деценија на VII век. По 586 година Словените во поширокаta околина на Солун и Македонија присутни се во помал број, но нивниот број постојано се зголемува на почетокот на VII век со рушењето на Дунавската одбрана. Во втората деценија на VII век тие веќе создале заеднички племенски сојуз на чело со Хаџон, со намера да го освојат Солун, каде единствено постоела византиска власт, и каде пристигнувале непрегледни реки бегалци од сите страни.[105] Нивните подготовки траеле неколку години (614-616). Податокот дека во намерата да го освојат Солун ги воделе и своите семејства, упатува дека покрај тука населените Словени од порано, имало и новодојдени.[106] Околу 618 година, Словените околу Солун со цел да го освојат градот упатиле пратеници со богати подароци и ветувања за огромна сума на пари кај аварскиот каган, за да им помогне во неговото освојување. Тие каганот го убедувале во лесното завземање на Солун, бидејќи "тој не само што е окружен од нив, туку пусти се и сите градови и области кои зависеле од него, така што единствено тој... стои од нивните населби и ги прифаќа сите бегалци од дунавските краишта, Панонија, Дакија, Дарданија и од останатите провинции и градови, давајќи им засолниште."[107] Според авторот на Чудата I, каганот собрал војска од сите варварски племиња "и безбројна војска од сите Словени и Бугари и други безбројни народи" и се упатил кон Солун.[108] Аваро-словенската одбрана коњаница, пешадија и опсадни справи, со забрзан марш се упатила по Моравско-вардарската долина кон Солун. Извесно охрабрување за одбраната на Солун дале бегалците "од Ниш и Софија кои го беа искусиле нивното опседнување на градовите." По пристигнувањето Аваро-словенската војска се обидела да го освои градот.

---

[104] *Lemerle,* Miracle I, 175 (179, 4-6).
[105] *Ibidem* I, 175 (179, 6-18)
[106] *Баришић,* Чуда, 86-88.
[107] *Lemerle,* Miracle I, 185 (196, 4 -197,22).
[108] *Ibidem* I, 185 (198, 25-25).

Кога во тоа не успеала, ги разурнала и опожарила сите храмови во предградието на Солун.[109]

И покрај неуспешниот обид за освојување на Солун, во науката е прифатено дека по овој настан, византиската власт во Македонија била елиминирана и завршил процесот на населување на Словените во Македонија. Огромните словенски маси кои надошле во 618 година пред Солун, во поголем број се населиле во Македонија, додека мал број се вратил зад Дунав со Аварите. Дисперзијата на Словените од поширокаата околина на Солун во останатите централнобалкански области, вклучувајќи ја Тесалија, Македонија и територијата на Албанија, во различни насоки одела постепено.

Не постојат некои конкретни показатели со кои би можело попрецизно хронолошки да се одреди почетниот и завршниот процес на населување на Словените во Скопската област. Исто така нема некои пронајдени монетни остави со кои може да се поврзе одредено навлегување на Словените во областа. Од досега евидентираниот и објавен нумизматички материјал се согледува застојот на циркулацијата на монети заклучно со владеењето на Јустин II, додека потоа се присутни само поединечни наоди од царевите Тибериј, Маврикиј и Ираклиј, кои укажуваат на постоење на минимум византиска власт на неколку локалитети, до втората деценија на VII век. Најголемиот број на населби во Скопско, според монетните наоди на Јустин II, престанале да живеат,[110] жителите или

---

[109] *Ibid.*, I, 186 (200,1-215,29) особ.: 186 (200,4-6).

[110] Локалитетот "Каља" с. Барово е застапен со 4 монети на Јустин I, 15 монети на Јустинијан I и 2 неидентификувани (*Лилчиќ-Станчевски,* Нови монетни наоди, 114-116); локалитетот "Градиште" во с. Бразда е застапен со една монета на Јустинијан I (*Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 116; *Г. Микулчиќ,* Византиски монети од VI век, 189.). Монети на Јустинијан I и Јустин II присутни се на л. "Градиште" с. Горно Нерези (*Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 78; *Г. Микулчиќ,* Византиски монети од VI век, 189). Шест монети на Јустинијан I, потекнуваат од л. "Градиште", с. Долно Количане (Микулчиќ, Скопје со околните тврдини, 81-83; *Г. Микулчиќ,* Византиски монети од VI век, 183), додека бакарен фолес од 40 нуми на царот Јустинијан I и тробродна стрела типична за преселбите на Словените (АК). Монетни наоди од VI век потврдени се и на л. "Градиште" с. Ораше (*Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 80), додека л. "Кале, Градиште" с. Таор е застапено со две монети на Јустинијан I и четири на Јустин II (*Микулчиќ,*Уште еднаш за Таурисион и Бедериана, 99; Скопје со околните тврдини, 106; *Лилчиќ-Станчевски,* Нови монетни наоди, 118). Две монети на Јустинијан I и една на Јустин II се евидентирани во научната литература од л. "Давина - Маркови Кули" кај с. Чучер (с.Бразда) (Микулчиќ, Скопје со околните тврдини, 114; *Лилчиќ, - Станчевски,* Нови монетни наоди, 118). Во фаза на евиденција и обработка во Археолошкиот музеј на Македонија монетите на Јустинијан I од л. "Црквиште" с. Зелениково и од л. " Кале" с. Драчевица.

ги напуштиле и се упатиле кон Солун и непристапните планински места или паднале под словенскиот меч. Јустин I е застапен со 4 монети, Јустинијан со 36 а Јустин II со 16 монети. Тиберий, Маврикиј и Ираклиј се застапени со по една монета. Монетната циркулација на л. "Маркови Кули" Водно е најбројна, почнувајќи од неговото солидно утврдување во времето на Јустинијан I и присутна е се до Ираклиј со монетата кована во 620 година.[111] Но затоа постојат материјални остатоци од поширок хронолошки обем, кои укажуваат на присуството на Словените.

Со оглед на географската поставеност на Скопската Котлина на магистралниот патен правец на Моравско-вардарската долина, низ која во најголема мера се одвивале навлегувањата на Словените, било во нивните грабителни походи или при опсадите на Солун, на одење или на враќање, областа најверојатно неминовно била засегнувана, опустошувана или изложена на процесот на Словенско населување. Обемот на таквите активности тешко може да се одреди. Скопската област многу рано била изложена на нападите на Словените и на словенската колонизација. Како што веќе е споменато врз основа на материјални остатоци односно керамика и адаптиран простор за живеење во внатрешноста на термите во Скупи, се смета дека до прво населување на Словените во Скопската котлина дошло уште во зимата 550/51 година.[112] Керамички сад-грне карактеристичен ранословенски наод откриен на просторот на Скупи, компариран со слични наоди од ранословенската населба "Градиште" с. Дебреште кај Прилеп и л. "Варница" с. Стар Караорман кај Штип[113] како и присуството на други материјални наоди кои им се припишуваат на Словените на неколку скопски локалитети, укажуваат за нивното рано присуство во областа која е предмет на нашето проучување. Според И. Микулчиќ, во близина на челото на акрополот на л. "Маркови Кули" Водно, една градба чие прво ниво хронолошки е потврдено со монета во времето на Јустинијан I, а насипано по средината на VI век, постојат

---

[111] *Микулчиќ - Никуљска,* "Маркови Кули" на Водно, 139-142; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 51; *Г. Микулчиќ,* Византиски монети од VI век, 189. Пристигнатите монети се уредно заведени во Музејот на град Скопје. Со оглед на сеуште целосно непредадениот материјал од страна на истражувачите, во збирката недостасуваат извесен број на монети, меѓу кои и монетата на Ираклиј.

[112] *Бабиќ,* Македонија и Албанија во VII и VIII век, 153-154.

[113] *З. Белдедоски,* Ранословенски наод од Штип и неговата најблиска околина, МАА 10 (1985-1986) , Скопје1986, 225-226.

словенски наоди. Фибулата од понтски (византиско-словенски) тип, делот од шлем од специфичниот ламелест понтски тип (аваро-словенски), појасна тока од аварски тип со претставена маска во ажурирана техника најверојатно по потекло од јужноруските степи, укажуваат на носителите на рушењето на ова рановизантиско градче, како и нивно населување. Присуството на овие материјални траги, како и монетите заклучно со Тибериј (578-582) страдањето на градот на "Маркови Кули" хронолошки го определуваат со аваро-словенскиот поход на Солун во 586 година. Присуството на керамика од сивопечен сад кој и припаѓа на германската популација, од друга страна, укажува на етниконот на византиската посада која го чувала градот.[114] Но градот на овој локалитет по краткотрајното присуство на Словените повторно бил обновен од Византијците и продолжил да живее до почетокот на VII век што е потврдено со монета на царот Маврикиј, кована во 601/2 година.[115] Материјална култура од аварословенски тип, односно бронзена фибула, чие присуство се поврзува со истата аваро-словенска провала од 586 година, како и краткотрајното словенско присуство, евидентирано е и на локалитетот "Градиште" кај с. Таор.[116] Најверојатно во истиот период од аваро-словените била уништена, односно опожарена и градската населба на л. "Давина"(Давина Кула) кај с. Чучер, но истата продолжила и понатаму да егзистира. Наодите на бронзени апликации од аваро-алански тип по потекло од јужноруските степи, обработени животински коски, железни делови од коњска опрема, тока од посребрена бронза како и друг материјал, укажува на краткотрајното присуство на Словените на овој локалитет.[117] Материјални траги од краткотрајно задржување на Словените присутни по рачно изработената керамика и нехристијански гробови како и траги од рушење на ѕидините, присутни се и на л. "Градиште" кај с. Пчиња. Ова го споменуваме поради фактот што населбата иако во друга област, се наоѓала

---

[114] *Микулчиќ - Никуљска,* "Маркови Кули" Водно, 140-141; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 50-52.

[115] *Микулчиќ -Никуљска,* "Маркови Кули" Водно, 141; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 51-52.

[116] *Микулчиќ,* Таурисион и Бедериана, 100; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 106.

[117] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 111, 115-116. За посребрената тока од бронза љубезно не информира г. м-р В. Лилчиќ, за што му благодариме.

на самиот премин од Кумановско во Скопско Поле и истата го контролирала влезот во Скопската Котлина.

Доколку е точна претпоставката за убикацијата на Јустинијана Прима во Скопската Котлина и нејзиното последно споменување во изворите во 601 година, тогаш би можело да се каже дека разорувањето на градот од Словените треба да се совпаѓа непосредно по таа година. Во писмото од папата Григориј I упатено до ѓаконот Анатолиј во Константинопол, се наговестува опасноста што му претстои на градот од Словените. Во писмото папата пишува "Твојата љубов ми напиша дека најблагочестивиот наш господар (царот Маврикиј) наредил да биде заменет мојот почитуван брат Јован, епископот на Јустинијана Прима, поради главоболки, од кои што страда, за да не, случајно, истиот град, кога ќе замре епископската власт, бидејќи епископот ќе отсуствува, да пропадне од непријателите."[118] Нумизматичкиот материјал на просторот на Северна Македонија со застапеност на монети од царот Фока, меѓу нив и солиди, укажува дека пред доаѓањето на престолот на Ираклиј, на овој простор сеуште постоела минимална византиска власт. На тоа упатува бронзената монета од 40 нуми емитувана во Антиохија 606/7 година, а пронајдена на л. "Костоперска карпа Св. Петка" с. Младо Нагоричино Кумановско на влезот од Моравската во Вардарската долина, можен правец по кој се движеле Словените.[119] Солидите на царот Фока ковани во Константинопол помеѓу 603/607 година, откриени во гроб на л. "Горен Козјак" Баргала - Штипско, би можеле да бидат закопани и подоцна од нивното ковање и владеењето на царот, исто така упатуваат на постоење на минимум византиска власт на споменатоте простори. Б. Алексова долгогодишен истражувач на Баргала, смета дека градот кој бил разорен со словенскиот напад на Солун во 585 година егзистирал и понатаму но во помал обем. Монетите наоди укажуваат дека градот бил сериозно засегнат и од аваро-словенските напади на Солун во 616-617 година.[120] Потрајното населување на Словените во овие области,

---

[118] *Gregorii* I papae, *ИБИЛИБИ* II/I, 378. Сп.: *Шукарова,* Јустинијана Прима, 26-26.

[119] Монетата се наоѓа во Археолошки музеј на Македонија, под инв. бр. 729.

[120] Алексова, *Баргала,* 68-69. Монетите се заведени во Археолошкиот Музеј на Македонија под инв. бр. 177 и 178. Солид на Фока од непознат локалитет му бил нуден во текот на 1995 година и на Народниот Музеј од Прилеп. Информацијата е добиена од К.Кепески, раководител на нумизматичкото одделение во истиот музеј посредно преку Ј. Кондијанов раководител на Нумизматичкото одделение при Археолошкиот Музеј на Македонија.

од редица причини, меѓу кои најважна е што аварословенскиот напад од 618 бил насочен кон Солун, се случил подоцна. Но сепак бронзената монета на царот Ираклиј, од 10 нуми кована во Константинопол во 620 година, пронајдена при археолошките ископувања на локалитетот "Маркови Кули" на Водно,[121] укажува дека циркулација на византиски монети во Скопската област завршила наскоро по 620 година. Последниот монетен наод на Ираклиј од 620 година, компариран со изворните податоци за авро-словенското навлегување во Македонија 618 година, укажува дека византиска власт во Скопската Котлина била елиминирана во третата деценија на VII век. Материјални наоди на повеќето локалитети во Скопската област кои им припаѓаат на Словените укажуваат дека таа во различни временски периоди од Словенските навлегувања и населувањето во Македонија, била или опустошувана или населувана, но со оглед на ориентираноста на Словенските напади кон Солун, потрајното населување на Словените било извршено подоцна. Со оглед на стратегиската важност на Котлината на Моравско-вардарската магистрала, интересот за постоење на минимум византиската власт која би го контролирала споменатиот патен правец бил од особено значење. Во таа смисла процесот на Словенизирање на Северна Македонија бил извршен покасно од 620 година и се одвивал побавно. Покрај евидентната депопулација и Словенизација на Северна Македонија, за Византија било од особено значење и минималното одржување на комуникациите на овој простор. На тоа упатуваат бронзената монета од 40 нуми на царот Ираклиј емитувана во Константинопол во 619/20 година, пронајдена на л. "Градиште" во с. Истибања[122] Виничко и монета од истиот император со иста номинална вредност но кована во Константинопол во 614/15 година, а пронајдена на л. "Бигла" с. Драмче Делчевско.[123] Потрајното и побројното населување на Словените во

---

[121] *Микулчиќ, - Никуљска,* "Маркови Кули" на Водно, 142; *Г. Микулчиќ,* Византиски монети од VI век, 189. При проверката на нумизматичкиот материјал од споменатиот локалитет кој се наоѓа во Музејот на град Скопје, што од г. Цартоска ни беше љубезно овозможен, за што на ова место се заблагодаруваме, не беше присутна споменатата монета. Проф. д-р И. Микулчиќ, во еден разговор во пролетта 1995 година љубезно ни потврди постоење на споменатата монета, но таа најверојатно сеуште со останатиот материјал се наоѓа во збирката за проучување на носителите на Проектот за ископување.

[122] Монетата се наоѓа во збиркта на Археолошкиот музеј на Македонија, Скопје и е заведена под инв.бр. 730.

[123] Монетата се наоѓа во збирката на Археолошкиот музеј на Македонија и е заведена под инв. бр. 731.

Северна Македонија, и Скопската Котлина, дошло до израз по нивната демографска експлозија во пошироката околина на Солун по 658 година, од една, и од друга страна како резултат на обидите на византискиот цар Констанс II (841-668) за реокупација на од Словените запоседнатите области околу Солун. Византиските обиди за реокупација на делницата на Via Egnatia запоседната од Словените, довело до поместување на Словените понасевер во другите области на Македонија.

3. Етнички и општествено-политички промени во Скопската област

Скопската област наоѓајќи се на магистралниот патен правец на Моравско-вардарската долина многу рано била изложена на нападите на Словените и на словенската колонизација. Со доаѓањето на Словените во Скопската котлина доаѓа до словенизација на имињата на населбите, реките, планините и топонимите. Словените кога се населувале или ги приспособувале затечените имиња на места според народната етимологија или не воделе многу сметка за старите називи па ги нарекувале на својот јазик, според конфигурацијата на теренот, или според флората и фауната на крајот.[124] Засега во науката, единствено за населбите Таурисион, Бедеријана и Морани, кои се наоѓаат во Скопската област се тврди дека ја задржале старата форма. Со словенизацијата, нивните имиња биле прилагодени во согласност со гласовните особености на Словените при што се промениле во Бадер и Таор, села што егзистираат и денес.[125] Според П. Хр. Илиевски за идентификацијата на Taurision со 'Та(в)ор не постојат лингвистички пречки. По отпаѓањето на завршетокот -ision, сфатен како суфикс, дифтонгот au се развил во-аво. Во Таор е отпаднато и меѓувокалското-в-, кое во средновековните документи фигурира. Албанското посредство е исклучено, зошто au во албанскиот развива долго а.[126] Селото Моран(и)е потврдено е во средновековните извори под името Тьморане, етник изведен од Томор и други форми е широко распространет на централниот Балкан. Истиот претставува остаток од илирскиот јазик во значење "темен мрачен".[127] Според нашите скромни лингвистики познавања, меѓу 61 обновена тврдина во провинцијата Дарданија кон која

---

[124] *Илиевски,* Остатоци од претсловенска топонимија, 9.

[125] *Скок,* Из топономастике Јужне Србије, 101; *Илиевски,* Јазиците, 28-29.

[126] *Илиевски,* Јазиците, 28-29.

[127] *Илиевски,* Остатоци од претсловенската топонимија, 23-25; *Истиот,* Јазиците, 28-29.

припаѓала Скопската област, од страна на Јустинијан I, засега единствено за тврдините Давина и Прискупера би можееле да кажеме дека се споменати во списокот на Прокопиј. Од нив единствено за тврдина *Даван (Δάβανος-Dabanus)* која упатува на локално, ориентално или латинско потекло,[128] според коренот, асоцира на денешниот локалитет Давина во близината с. Чучер Скопско, па би можело да се каже дека и таа е од претсловенско потекло.

Податоци за имињата на помалите населби, исклучувајќи го Скупи, Vicus Cavadinus кај с. Визбегово, Таор и Бедериана и тврдината Прискупера (Πρισκούπερα) немаме, па според тоа не знаеме дали старите називи биле заборавени со уништувањето на населбите од страна на Словените, или истите добиле нови словенски називи. За имињата на населбите во Скопската котлина првите податоци ги среќаваме почнувајќи од XI век, со се почесто нивно именување во текот на XII, XIII и XIV век при што сосема е очигледно дека тие словенизирани или од словенско потекло.

Имињата на реките кои поминувале низ Скопската котлина добиле чисто словенски називи, биле прилагодени на говорните особини на Словените или пак го добиле општиот назив рѣкꙗ со друга именска додавка. Единствено малата рекичка Обница северозападно од Скопје, притока на Лепенец во неговиот долен тек, во значење на река го задржала својот претсловенски назив.[129] Според податоците од изворите за средниот век, познато е дека горниот тек на реката Аксиос односно денешниот Вардар чие што име укажува на река која е голема или богата со вода, по доаѓањето на Словените добила чисто словенско име - *Велика.*[130] Покрај името Вардар кое се споменува во византиските извори, во изворите од словенска провениенција, а најверојатно и на локалниот јазик на Словените

---

[128] За евентуалното латинско потекло на топонимот укажуваме на две латински имиња кои би можеле да се поврзат со коренот на топонимот. 1. Daunus, i, m. (Δαῦνος) Даун, митски крал во една страна на Апулија, татко и прататко на Турновиот дедо Дијамедов и 2. Davus, i, m. Dav, име на римските робови, особено во комедиите. Сп.: Divković, M., Latinsko-hrvatski rječnik, Zgreb 1900, peto izdanje reprint 1988, 275. Според мислењето на проф. д-р Маргарита Бузалкова, професор на Институтот за Класична филологија при Филозофскиот факултет во Скопје изнесено во разговорот кој го водевме на 11 декември 1998 година, името на тврдината Даван несомнено е претсловенско, а би можело да упатува на локално или ориентално потекло.

[129] *Илиевски,* Остатоци од претсловенска топонимија, 13.

[130] *Коледаров, П.Сш.,* Климент Охридски "първи епископ на български език" на Драговитите в солунско и на Великия в западните Родопи., Сб., "Константин - Кирил Философ", София, 1969, 144; *Панов,* За етногенезата, 83. Словенскиот назив Велика се сретнува и на Пелопонез каде се населиле Словените (*Илиевски,* Јазиците, 29).

низ целиот среден век, таа го носела словенското име Велика, плус општиот словенски назив рѣкѫ. Во грамотата на бугарскиот цар Константин Асен Тих во средината на XIII век доделена на манастирот св. Георги Горгос Скопски во описот на северната граница на имотите и привилегиите на манастирот за с. Речица се споменува "лѫгъ прѣко Великѫ Рѣкѫ,та низъ Великѫ Хтѣтовьскѫ Браздѫ".[131] Во грамотата на кралот Милутин доделена на истиот манастир во 1299/1300 година чл. 15 се споменува дека кралот му доделил на манастирот канал за наводнување во Туранско поле "въ брѣгоу Великіе Рѣке" и уште еден " wдь Велике Рѣкіе" да го земе и спроведе под Торани низ кралскиот забел низ Туренско Поле за да може да направи воденица на "брѣгоу Велике Рѣке". Потоа во чл. 23 се споменува нива на Лукашево чии граници допирале до "рѣке Велике," а во чл. 32 во описот на имотите и меѓите речички се споменува дека тие иделе "прѣз лугъ прѣко оу Великоу Рекоу и низъ Великоу Рѣкоу".[132] Во грамотата на крал Милутин за Келијата св Петка во с. Тморане 1300 година, се споменува малку земја која и ја дал "по wнои странѣ Велике оу Свиновѣѣь".[133] Во делото "Животите на кралевите..." од архиепископот Данило и Други дознаваме дека во 1310 година "въ мѣсто рекомо подь градь славьныи Скопиѥ, на рькоу же глаголѣемоу Великоу" тој како хилендарски игумен се сретнал со српскиот крал Милутин.[134] Името на реката (хидронимот) Трѣскь исто така е словенско и се поврзува со гл. треска (од ономатопејско потекло) односно "прави голем шум трескот" односно стсл. трѣскь "strepitum edere". Со додавка на сложениот суфикс -авец исто потекло имаат: селото Трескавец Радовишко, врвот и манастирот Трескавец Прилепско.[135] Поради високите гранитни карпи низ кои се пробива реката Треска низ клисурата во Скопското Поле и истиот карпесто-гранитен состав на врвот Трескавец каде при невреме удирале многу громови кои создавале голем трескот и бучава, потеклото на името Треска може да се објасни и на ваков начин. Името на реката Пчиња се смета за словенско изведено од пес (срп. пас), односно множина пци. Тоа би

---

[131] *Илиевска, Мошин ,* Славева, Грамоти, 192.

[132] *Ibidem.,* 215-216, 218 и 224

[133] *Славева, Л.,* Грамотата на крал Милутин за келијата св. Петка во с. Тморане, 257.

[134] *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 44.

[135] *Скок,* Из топономастике Јужне Србије, 101-102; *Иванова,* Месни имиња по сливот на Брегалница, 306.

значело дека Пчиња е песја река која при невреме многу често ги поплавувала плодните ниви и им нанесувала штети на жителите.[136] Денешната Маркова Река во ранословенскиот и средновековниот период го носела словенскиот назив рѣкж, а од крајот на XIV век по кралот Марко, го добила името Маркова Река.[137]

Податоци за имињата на планините и ридовите кои ја оградувале Скопската Котлина во античкиот период немаме, но затоа пак податоците за средновековниот период односно по доаѓањето и населувањето на Словените укажуваат дека истите добиле словенски називи кои се најчесто придавски изведеници. Планината Водно означува "водено брдо", односно област богата со извори на вода, или воопшто област богата со вода.[138] Од хидронимска основа е и словенскиот микротопоним Капештец, (во значење на начин на течење на водата) кој се сретнува во Милутиновата грамота.[139] Називот на планината Жеден е словенска антитеза на Водно, и означува област, рид кој е сиромашен со вода. Поради геолошкиот состав, односно карстната подлога на ридот, тој е сиромашен со вода.[140] На сличен начин најверојатно настанало и името на Сува Планина, која се наоѓа на јужниот дел на Скопската Котлина.[141] Називот на Скопска Црна Гора во антиката не е познат, но со доаѓањето на Словените во средниот век, планината го носела името Црна Гора, поради нејзиното богатство со шуми и пасишта. Византискиот историчар Никифор Вриениј ја споменува како "τοῦ

---

[136] *Скок,* Из топономастике Јужне Србије, 102.

[137] *Ibidem.,* 102.

[138] *Ibid.,* 104. Од истата придавка го добил називот и селото Водно расположено на источната страна на средишниот дел на истоимената планина. Од оваа хидронимска основа на формирање на име на планина или населба, настанало името на населбата Воден(а) (Ἐδεσσα) во Егејска Македонија, потоа на исчезнатото селото Водна, Кочанско сочувано во месното име Воден во близина на с. Прибачево во значење "мочуришен, воден терен," и селото Водјани (Воѓани) Прилепско. Сп.: *Иванова,* Месните имиња по сливот на Брегалница, 259-260; *Kravari,* Villes et villages, 175, 239; *Ацшевски,* Пелагонија во средниот век, 136-137. *Конески,* Македонски места и имиња, 44 оронимот и топонимот Водно го поврзува со личното име Вод(н)е. Синоним на хидронимот Водно, Воден познат во Македонија преку доста ороними и топоними е Мокра, Мокрени е придавката мокар,а,о од која изведениците го имаат истото значење.

[139] *Стаматоски, Т.,* Кон формите Капештец - Капиштец, МЈ 38-39 1987-1988, Скопје 1988, 67-74.

[140] *Скок,* Из топономастике Јужне Србије, 104, а *Конески,* Македонски места и имиња, 44 името на планината Жеден со изведува од лично име кое било изведено од коренот **жед-**,.

[141] *Конески,* Македонски места и имиња, 44 укажува на можноста од постоење на старо лично име Сух од кој настанало името на планината како и имињата на некои села од тој корен.

λεγομένου Μαύρου ὄρους"[142] додека во Константиновата и Милутиновата грамота го носи словенскиот назив "Чрьна Гора."[143] Врвот на планината Јакупица Мокро,[144] со кој Скопската Котлина се граничи на југ исто така е од словенско потекло и како и Водно означува место богато со вода, извориште или мочурливо место. Покрај материјалните и податоците за имињата на местата, реките и планините, укажуваат на раната словенизација на Скопската Котлина. Поради оскудноста на пишани податоци за областа во периодот од VI до X век што е карактеристика и за останатите делови на Македонија, принудени сме да користиме компаративни податоци, како и материјални извори преку кои би можело да се даде една пореална слика за споменатиот период. Во изворите не е кажано кое словенско племе ја населило Скопската Котлина и каков бил односот на Словените кон староседелците.

Од пишаните извори односно од Чудата на свети Димитриј Солунски дознаваме дека во поширокатa околина на Солун односно територијата на Македонија била населена од "народот на Словените...од Драговити, Сагудати, Велегезити, Вајунити и други племиња,"[145] но при тоа никаде во изворите не е кажано која област ја населувале споменатите словенски племиња. Исто така, можно е дека по нивното населување да дошло до извесна дисперзија на поширокиот простор на Македонија, а особено во централните и северните области, по превземањето на византиски воени походи за потчинување на Словените, почнувајќи од втората половина на VII век, а особено со формирањето на темите Хелада, Тесалоники и Драч кон крајот на VIII и почетокот на IX век, како и појавувањето на опасноста од ширење на бугарската власт во централните делови на Балканскиот Полуостров. Најверојатно, посеверно од Солун во централниот, западниот дел на Македонија, како и во Скопската Котлина се населило словенското племе Берзити[146] во еден подолг временски период, а не е исклучено дека

---

[142] *Bryennii.*, 285, 12.

[143] *Илиевска - Мошин - Славева,* Грамоти, 188, 219 (чл. 26) и 220 (чл. 28). Конески, Македонски места и имиња, 45 неспорејќи го словенскиот назив на планината, постанокот на нејзиното име го поврзува со личното име Ч(е)рногор (Црногор).

[144] Настанокот на топонимите и оронимите Мокра, Мокро итнт., Конески, Настанокот на месните имиња, 45 го поврзува со личното име Мокро, Мокре.

[145] *Lemerle,* Miracle I, 175 (179, 4-6).

[146] Околу етимологијата на името на Берзитите (Верзитите) исто така постојата во науката различни гледишта. Целосните и најнови гледишта за тоа прашање сп.: Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 23 бел. 32.

областа била населена и со словенското племе Драговити имајќи го во предвид податокот од актите на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан, дека тоа словенско племе под споменатото име се среќава во Северна Македонија (Полог) во првата половина на XIII век.[147] Во литературата преовладува мислењето дека словенското племе Берзити го населувало централниот и западниот простор на Македонија, со предлози дека тие ги населувале и областите на централна и северна Албанија. В. Григорович, врз основа на патувањето по Европска Турција во 1844 година кога посетил и поголем дел од Македонија, кажува дека жителите помеѓу Охрид и Битола сеуште го носеле племенското име Брсјаци (Берсіаковъ-Берсіаци) што не е случај со жителите на останатите области.[148] Веркович, Ст. врз основа на етнографско-лингвистички истражувања истакнува дека Брсјаците кои ги нарекува Бързаци или Барзаци ги населувале областите од двете страни на планината Бабуна околу Прилеп, Велес, Битола и Тиквеш.[149] М. Дринов смета дека Берзитите односно Брсјаците живееле некаде на југ од Охридското Езеро, помеѓу градовите Охрид и Битола, но сепак ја прифаќа и тезата на Ст. Веркович.[150] Македонскиот преродбеник Ѓ. Пулевски во својот тријазичен речник разликува пет стари словенски наречја во Македонија: Буќинци, Крановци, Боиковци, Гаљичани и Моравци. Гљичаните се простираат од Солун кон североисток до Доспат и Разлог. Гљичани има во Албанија, потоа во Дебарско, Кичевско, Охридско, Скопско и Тетовско.[151] Зборувајќи за наречјата, кои се зборувале во Македонија во неговото време, како словенски ги издвојува наречјата на Брсјаците и Мијаците. Брсјаците се во горна Македонија, во Албанија и охридско-кичевската област, додека Мијаците живееле во горна Македонија, во Албанија и околината на Дебар. Пред тоа истиот автор

---

[147] *ИНМ* I, 79; *Баришић - Ферјанчић,* Вести о "власти Драгувита", 41-56.

[148] *Григорович, В.,* Очеркъ путешествія по европейской Турціи, издание второе Мосва 1877, 166.

[149] *Веркович, Ст.,* Описание быта македонских болгар, в Известиях Москов. университета, 1868, Но. 3; превод од руски на бугарски, Клушский, Г.Н., Кюстендиль, 20-21.

[150] *Дринов, М.,* Поглед врьх происхождението на блъгарский народ и началото на блъгарската история, Пловдив, 1869; *Истиот,* Заселение Балканского полуострова славянами. Четение в Императорском Обществе истории и древностей росийских при Московскоме университете, кн. 4, 1872 (*Дринов, М.,* Избрани съчинения I, София 1971, 75, 351-352).

[151] *Пуљевски, М. Ђ.,* Речник от три језика, македонски, арбански и турски, књ. II. Београд, 1875, 44-46.

беше кажал дека јазикот на Словените во Македонија се нарекува мијачки.[152] К. Јиречек, прифаќа дека словенското племе Берзити живеело на еден поширок простор во Македонија околу Прилеп, Велес, Битола и во Тиквешката област, каде сеуште се среќавале под тоа име во XIX век. Зборувајќи за државата на цар Самоил авторот истакнува дека, центарот на Македонија, односно во областа на Брсјаците се градовите: Скопје, Прилеп, Битола, Преспа и Охрид.[153] В. Л. Нидерле истакнува дека Брзјаците односно Брсјаците, биле населени во внатрешна Македонија околу Охридското Езеро (Охрид) и Битола преку Прилеп, Крушево и Кичево па се до Велес на средниот тек на реката Вардар.[154] Составувачите на ВИИНЈ I и покрај наведувањето на различните гледишта околу територијата која ја населувало словенското племе Берзити, сепак сметаат дека Берзитите ги населувале најверојатно областите северно од Солун.[155] Б. Бабиќ мисли дека општествено-политичкиот центар на Брсјаците се наоѓал на една блага падина во подножјето на седлото на Маркови Кули- Прилеп.[156] С. Антољак, истакнува дека склавинијата на Берзитите, за која некои тврдат дека се Брсјаци, се ширела најверојатно на север од Солун и тоа некаде во денешна Македонија.[157] Според мислењето на Б. Панов ова словенско племе ги населувало областите околу Велес, Кавадарци, Прилеп, Битола, Преспа, Охрид, Кичево и Дебар, односно денешниот прилепско-битолски и охридско-дебарски регион, вклучително и западна Македонија.[158] Г. Г. Литаврин на мислење е дека Берзитите (Верзити или Велзити) ги населувале областите на Северна Грција или во Средна Македонија во реонот на градовите Охрид, Прилеп, Велес и Битола.[159] П. Коледаров областа Берзитија која ја поврзува со племето Брсјаци, смета дека ги

---

[152] *Пуљевски,* Речник, 41, 46-47.

[153] *Иречекъ,* История, 149 бел. 10; 254; *Истиот,* История на България, 77;141.

[154] *Niederle, L.,* Rucovet' slavanských starožitnostÕ, Praha 1953, 91 и на крајот карта во боја на Балканскиот Полуостров во текот на VII и VIII век. Постарото издание не ни е достапно.

[155] *ВИИНЈ* I, 190.

[156] *Бабиќ, Б.,* Прилеп во X век во светлината на археолошките истражувања, Зб., Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, Скопје 1971, 186-190; *Б.Бабиќ,* Материјалната култура на Македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп, Прилеп 1986, 10, 203.

[157] *Антољак,* Средновековна Македонија I, 133.

[158] *Документи* I, (*Б. Панов*) 29 бел. 69; *Панов,* Охрид и Охридско I, 177; Истиот, Средновековна Македонија III, 503, 509, 658-659, 669.

[159] *Литаврин,* Склавиниите од VII-IX в., 30.

населувало областите на Битолско, Охридско, Велешко и Преспа.[160] Ј. Ковачевиќ, Берзитите или Верзитите кои ги изедначува со Брсјаците и ги лоцира во тријаголникот на Велес, Прилеп и Битола со можност нивниот центар да се наоѓал во Прилеп.[161] К. Аџиевски укажувајќи дека Берзитите (Берзитите) ја населувале Пелагониската рамнина, а нивното име е зачувано кај населението во областите помеѓу Охрид, Велес, Битола и Кичево.[162] Б. Бабиќ во најновиот труд врз основа на сеопфатна споредбена анализа на материјалните податоци за Словените - припишувајќи им ја Комани културата, ја истакнува тезата дека словенското племе Берзити ги запоседнувало територииите на запад до Јадранско Море со исклучок на Солун, на исток доширале до Повардарјето, каде се граничеле со Струмјаните, на север ги имале за соседи српските племиња, додека на југ се граничеле со Вајунитите, Драгувитите и Сагудатите. Центарот на ова словенско племе чија општествено-политичка заедница која авторот ја издигнува на државно ниво, смета дека се менувал и најнапред се наоѓал во Главиница, Девол и Охрид.[163] Заедничко за сите овие претпоставки, околу територијата која ја населувало словенското племе Берзити, е дека тие ја населувале територијара западно од реката Вардар на југ до Стоби, потоа централна, западна и дел од северна Македонија. Показателите за тоа не се наоѓаат директно во изворите кои говорат за VII век, туку се користат споредбени податоци за Берзитите и нивната територија која најверојатно ја населувале од VII до IX век, како и податоци за племенски имиња и племенски јазик во XIX век. Нашата научна опсервација, во наредната точка подетално ќе ги потврди претпоставките дека Берзитите со својата кнежевска државна организација "Склавинија Берзитија," во својот најголем подем, во времето на архонтот (кнезот) Акамир до крајот на 799 година, се наметнале како најмоќно словенско племе на територијата на Централна, Северна и Западна Македонија, од крајот на VII и целиот VIII век, успешно лавирале помеѓу Византија и Бугарија.

Каков бил односот на Словените кон староседелците при словенското навлегување и населување? Комес Марцелин известува

---

[160] *Коледаров.,* Името Македония, 35.
[161] *Kovačević J.*, Βάβας, (Melange Boško Babić, Prilep, 1986), 120.
[162] *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 23-24.
[163] *Бабиќ,* Македонија и Албанија во VII и VIII век, 157-162.

гетските коњаници под кои се подразбираат Словените, ги опустошиле " двете Македонии и Тесалија" каде извршиле тешки ограбувања а повеле со себе и голем број на заробеници. За нив од византискиот цар барале голем откуп, па откако не добиле ги убиле заробениците пред портите на нивните градови. Истиот автор зборувајќи за катастрофалниот земјотрес кој ја зафатил провинцијата Дарданија во 518 година, и наполно го разрушил главниот град Скупи но "без загуба на своите граѓани, кои избегале пред непријателите" односно Словените.[164] Помеѓу 538 и 540 година според кажувањето на Прокопиј, Словените кои ги опустошиле областите од Јадранско Море до предградијата на Константинопол, покрај пленот со себе одвеле сто и дваесет илјади заробеници.[165] Во есента 545 година група Словени ја преминала реката Дунав ги опустошила балканските области, награбила голем плен, а одвела и многу заробеници, но на враќање Херулите византиски сојузници, откако ги разбиле Словените, заробените Ромеи се вратиле во своите домови.[166] Во есента 551 година според Прокопиј "Големо мноштво на Словени навлезе во Илирик и невидени зла таму направи...Задржувајќи се на тоа пљачкање доста долго време, ги прекрија сите патишта со мртовци и фаќајќи безброј робови и опљачкувајќи се, се вратија дома со целиот плен..."[167] Според Јован Ефески кој известува за престојот на Словените во тек на цели четири години, од 581 до 584 година "проклетиот народ на Словените... секавично ја помина цела Елада, областа на Тесалоники и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини. Тие ги опустошија и изгореа, зедоа заробеници и станаа господари на земјата.[168] Од Житието на Тиверипольските маченици, дознаваме дека Словените кои се наречени Обри на враќање од неуспешната опсада на Солун во 586 навлегле во околината на Тиверипол (Струмица) и го опустошиле како и многу други градови. "Дел од жителите со меч ги сотреле, дел ги заробиле, а сите убави згради и божји храмови ги разурнале и до темел ги уништиле."[169] Две писма на папата Григориј до епископите на Илирик од мај 591 и 592 година зборуваат за зафатеност на

---

[164] *C. Marcellinus,* X, 99 (34) - XI , 100 (15).
[165] *Procopii,* BP II 4, 162(17)-164 (16).
[166] *Ibidem.*, BG III 13, 353 (3-16).
[167] *Ib.*, BG IV 25, 623 (22) - 624 (16).
[168] *Дьяконов,* Известия Иоанна Эфескаго, 32.
[169] *ИБИГИБИ* XXX/IX, 62 (27); *Панов,* Струмичката област од VI до X век, 203-206; *Истиот,* Средновековна Македонија II, 375-378.

патиштата, варварско пљачкање на Јустинијана Прима и многу други градови на Илирик. Истовремено се известува за бегство на епископите од многу епископски центри се сугерира истите да бидат примени од црковните оци благонаклоно и да живеат од црковна издршка. Се претпоставува дека вестите најверојатно се однесуваат на настаните околу Солун во 586 година и непосредно потоа. Слични вести дава и Теофилакт од Симоката, кој кажува дека аварскиот каган опљачкал и опустошил многу градови во Европа.[170]

Фактот дека Скопската котлина се наоѓала на важниот магистрален пат кон Солун и Грција, кој го користеле Словените при нивните походи, дозволува поголемиот број погоре податоци да се однесуваат и за жителите на оваа област, како и другите жители на Македонија, биле принудени да ги напуштат своите домови и да се упатат кон Солун и други подобро утврдени градови долж брегот на Егејско Море и кон византиската престолнина. Понатамошниот заеднички живот на Словените со староседелците во Скопската област како и во другите области во Македонија, продолжил да се одвива многу посмирено со меѓусебно општествено и културно влијание. Врз основа на лингвистичка анализа на претсловенските имиња во Скопската област, утврдено е дека Словените дошле во непосреден контакт со староседелците од чиј јазик превзеле некои форми на имиња.[171] Б. Панов смета дека староседелците во Македонија, главно романизирано и елинизирано македонско население, кое претставувало мешавина од остатоци на старите Македонци и многубројни романски, грчки и "варварски" колонисти, кои го преживеале словенското населување се стопиле во доминантната словенска маса, додека само мал број од оние кои се засолниле во високите планински и непристапни места успеале да ги зачуваат своите етнички белези чии остатоци се Власите.[172] С. Антољак пак истакнува дека за разлика од Илирите и Трачаните за кои во средниот век нема ни трага, зошто биле истребени или делумно се претопиле во Словени, или пак, се зачувале како романизирани Аромани и неромanизирани Арбанаси, доттогаш речиси со сигурност може да се тврди дека античките Македонци просто се претопиле во словенското море и засекогаш

---

[170] *Paulus, E.,* Gregorii I papae registrum epistolarum MGH, Epistolae I, Berlin, 1887, 69 (2) - 70 (8); *ВИИНЈ* I, 108. Сп.: *Баришић,* Чуда, 62-63 бел. 105, 106.

[171] *Илиевски,* Остатоци од претсловенската топонимија, 24-25.

[172] *Панов,* Средновековна Македонија 3, 16, 380, 463.

исчезнале од светската историска сцена, но затоа пак нивното име преминало на новонаселените Словени, кои почнувајќи од X век византиските автори почнуваат да ги нарекуваат Македонци.[173] Сепак во поново време е повторно актуелизирана тезата дека Македонија и Македонците во времето на римското владеење не биле изложени на силна романизација и елинизација како што некои автори сметаат. Имено поради силното културноцивилизациско достигнување, кое има и елинистички белези, а особено поради силните државни традиции на Македонското Царство, Пајонското Кралство и државноста на Агријаните кон која припаѓала и Скопската област, романизацијата не зела голем замав. Романизацијата на Македонија како и на Грција не била во програмата на Римската Империја, затоа што тие биле на повисоко културноцивилизациско ниво од неа. Бројните римски колонии кои императорот Август ги формирал во Македонија имале за цел згрижување на ветераните на Балканските легии и нивно населување во областите кои биле послабо населени. И покрај тоа што во колониите официјалниот јазик бил латински, со време во доцната антика, преовладал грчкиот јазик, а латинските енклави биле асимилирани. Романизацијата на староседелечкото население споро напредувала, и таа не треба да се смета како резултат на некакви систематски мерки на Империјата. Според префинетиот став на Ф. Папазоглу, како што хеленизацијата не значи само обично погрчување, така и поимот романизација не може да се сведе на латинизација, односно, романизацијата треба да се сфати како инфилтрација на туѓо културно наследство, односно вклучување на разни народи во римските културни традиции и воопшто во широките процеси на општествено економските и културни промени на Империјата.[174] Тоа значи дека непосредно пред доаѓањето на Словените во Скопската област, како воопшто и во Македонија мнозинството на населението го сочинувале Македонци, Пајонци, Ромеи и други помалубројни етнички елементи, додека покрај официјалниот латински во употреба останал и јазикот на староседелците.

---

[173] *Анѣолјак,* Средновековна Македонија 1, 305.

[174] *Папазоглу,* Македонски градови, 46 сл. со постарата литература по оваа проблематика; *Бошковиќ, Ѓ.,* О неким проблемима развитка материјалне и духовне културе и ликовне уметности средњег века у Македонији, ЗАМ VI-VII (1967-1974), Скопје 1975, 81-82; *Папазоглу, Ф.,* О "Хеленизацији" и "Романизацији", Глас САНУ CCCXX/2, Београд 1980, 21-36; *ИСН* I, 83-85; со понова литература и *Петрова, Е.,* Прилози за

Горниот факт меѓу другото е потврден и со високиот степен на присуство на епихориски имиња како Macedo или присуство на колонисти Македонци од македонските легии.[175] Словените со населувањетово Скопската област и во Македонија како староседелци ги затекнале Македонците, Пајонците и остатоци од романизирани елементи. Меѓусебното културно цивилизациско влијание помеѓу староседелците и Словените бил подолготраен процес од кој најнапред произлегла христијанизацијата на Словените, мешање на обичаите и наметнување на името Македонија за територијата која ја населиле Словените, а подоцна постепено низ средниот век и името Македонци за жителите кои ја населувале територијата, додека староседелците кои постепено се изгубиле во словенското мноштво го примиле јазикот на дојденците.

Жителите кои сепак го избегнале словенскиот меч, останале и понатаму да живеат заедно со Словените. Со оглед на познатиот обичај на Словените своите заробеници да ги пуштаат на слобода, односно да останат таму каде доттогаш живееле, може да се претпостави дека таква судбина доживеале и жителите кои не побегнале пред словенското населување. Имајќи ги во предвид податоците на Михаило Сириски, дека Словените за време на нивните навлегувања на византиските области на Балканот во текот на VI и VII век на староседелците им говореле "одете, сејте и жнејте, ние ќе ви земеме од вас само половина"[176] нема никаква основа да не се верува дека така продолжиле да постапуваат кон староседелците и по нивното населување.

историјата на Македонија од архајскиот период до доцната антика (доаѓањето на Словените), Прилози XXIII/2 МАНУ, Скопје1992, 77.

[175] *Папазоглу,* Македонски градови, 4 околу прашањето за јазикот на Македонците по паѓањето на Македонија под римска власт и нејзиното претворање во римска провинција истакнува: "Нестајући као држава, Македонија је престала да има и своју праву историју. Али македонски језик није нестао: он је наставио да живи у оквиру нове политичке заједнице - римске државе, задржавши своје етничке одлике, језик, веру и обичаје"; *ИСН* I, 83 " Разлика између романизованог слоја и староседелца одржала се у првим вековима Царства; она није сасвим нестала до краја антике... У јужној Дарданији, латински је у I веку језик војничке колоније Скупа. Латинска имена јављају се пре свега на споменицима пре свега у градовима. Староседеоци насељеним углавном у селима, задржали су свој језик"; Илиевски, Остатоци од претсловенска топонимија, 24-25; *Dragojević- Josifofska,* Inscriptions, No. 42, 43, 99 ; *Петрова, Е.,* Епихориски имиња на натписите од Скупи, МАА 9, (1983-1984), Скопје 1988, 127-129; *Проева, Н.,* Епихорски имиња во горна Македонија, Јазиците на почвата на Македонија, Прилози за истражување на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 3, МАНУ Скопје 1996, 83-94.

[176] *Дьяконов,* Известия Иоанна Эфескаго, 34.

Во втората половина на VII век, за време на опсадата на Солун 674-677 година, според Авторот на Чудата II, ринхинскиот рекс Пребонд носел ромејска облека и зборувал грчки, што значи дека тој ја надраснал варварската култура. Словените кои се населиле на територијата на Македонија биле организирани во"земјоделски" општини кои постоеле најверојатно и во Скопската област. Остатоците од земјоделските општини со извесни специфики живуркале длабоко во средниот век.[177]

4. Скопската област во рамките на Склавинијата Берзитија

За разлика од останатите области на Македонија, Скопската област, во рамките на Склавинијата Берзитија била вклучена доста покасно. Тоа пред се било од причини што за време на навлегувањето на Словените кон Солун и Грција, областа наоѓајќи се на нивниот пат била изложена на пустошења, додека населението и населбите биле помалку населени со новодојдени Словени остатоци од староседелци. Словенизацијата во својот најголем и најсилен бран во последните две децении на VI и првите две децении на VII век, била насочена кон поширокатa околина на Солун и Грција. Според вестите на Чудата I, набројаните словенски племиња "неизмерно множество Драговити, Сагудати, Велегезити, Вајунити, Берзити и други племиња"[178] кои ја населиле скоро целата територија на Македонија, најнапред се наоѓале околу Солун, каде имале густи населби. Имињата на словенските племиња се од патронимска основа, додека имињата на Струмјаните и Ринхините кои се споменуваат во настаните околу Солун во 674-677 година се од хидронимска основа.[179] Дисперзијата Словените, во останатите делови на Македонија започнала малку подоцна, како последица на нивниот неуспех да го освојат Солун (618, 630, 674-677 година), византиските воени експеедиции против Словените (658, 677-680, 688/9, 758/9, 783 и 799 година) за нивно ставање под контрола [180] како и

---

[177] *ИМН* I, 83-86,97-103; *Охрид и Охридско* I, (Б.Панов)180-181.

[178] *Lemerle,* Miracle I, 175 (179, 4-6).

[179] *Веис,* Još o problemu formiranja feudalnih država, 66 истакнува дека патронимиконите најверојатно упатувале на: името на заедничкиот прататко од кој потекнувало племето, на името на заедничкиот водач кој ги довел во новата земја, на името на првиот племенски старешина на подрајето кое го освоила и населила групата Словени или пак станува збор за име кое им го дале староседелците. Единствено знаеме како ги нарекувале византиските автори, но не знаеме како себе се нарекувало одредено словенско племе. Истиот проблем е и за словенските племиња чии имиња се од хидронимска основа.

[180] *Панов,* Етногенезата, 81-82 (*Истиот,* Средновековна Македонија, 3, 12-16; 31-36); *Kovačević,* Hronologija slovenskog naseljavanja, 74-75.

поради нивната демографската експлозија, која се случила поради поволните услови за живот.

Скопската област, чие населување со Словени започнало уште во средината на VI век и најверојатно завршило кон крајот на VII и почетокот на VIII век, главно била населена од словенското 'племе Берзитите, а подоцна и Драговитите, се развивала и влегувала во составот на склавинијата Берзititија, како најмоќна словенска општествено-политичка организација на чие чело стоел архонт (кнез). Претпоставката ја градиме главно на изворни факти, како и мислењата на научниците за областите кои најверојатно ги населувале Берзитите како и простирањето на нивната област Берзитија, кои во голема мера одат во наш прилог, а за што веќе зборувавме. Името на племето Берзити (Βερζῆται) во изворите се сретнува само еднаш, додека пак нивната област (Βερζιτία, Βελζιτία- Verzitia, Belzitia)[181] е спомената двапати. При пустошењето на "народот на Словените" околу Солун на "цела Тесалија, околните 'острови Еладските и Кикладските острови, цела Ахаја, Епир и поголем дел на Илирик и Азија" во 614-616 година и нападот на Солун кога "носејќи ги со себе и своите семејства заедно со покуќнината", планирале во него да се населат, меѓу Словенските племиња организирани во племенски сојуз на чие чело стоел ὁ ἔξαρχος Χάτζον се споменати и Верзитите или Берзитите.[182] Нивното учество при нападот на Солун заедно со Аварите во 618 година е несомнено бидејќи словенскиот племенски сојуз на Хацон сеуште постоел заради намера да се освои градот. Дали учествувале Верзитите и другите словенски племиња во обидот да го освојат Солун во 630 година, кога истиот бил значително разрушен од земјотрес, тешко е да се каже, бидејќи авторот на

[181] *Баласчевъ,* Най-старата словенска държава, 5.

[182] Употребениот термин егзарх за Хатцон по се изгледа има воен карактер за одредено време, а не некоја вистинска концентрација на воено-цивилна моќ во рацете на еден човек. Тој како егзарх стоел на чело на "народот Словените составен од неизмерно множество Драговити, Сагудати, Велегезити, Вајунити, Верзити и други племиња" (*Lemerle,* Miracula I, 175 (179, 2-6) кои имале свои племенски водачи-старешини, но во даденият момент за остварување на заедничката цел напад и освојување на Солун тие му ја довериле врховната власт заради подобра координација на поставената цел (*Анѣолјак,* Средновековна Македонија, 136). Слични размислувања сп.: *Живковић,* О племенском устројству и војној снази подунавских Словена, 103. Притоа овој автор укажува дека авторот на Чудата терминот егзарх покрај за Хатцон го употребува и за аварскиот каган. Ваквата употреба на терминот подразбира дека Хатцон стоел на чело на многу словенски племиња, додека каганот кој тргнал на поход на Солун исто така водел со себе разнородни народи над кои имал власт.

Чудата I, не споменува поединечно ниедно словенско племе, племенски сојуз или пак словенски водач. За евентуално учество на Верзитите, во обидот на словенскиот племенски сојуз под водство на рексот Пребонд,[183] да го освојат Солун во кампањата 674-677 година, не може да стане збор бидејќи јасно е кажано дека тој сојуз го сочинувале Струмјаните, Ринхините Сагудатите и Драговитите. Словенското племе Верзити, кое се наоѓало на значителна оддалеченост од Солун, како и Вајунитите не учествувало во опсадата на Солун.[184] За некакво децидно учество на Верзитите во настаните од 680 година, кога Струмјаните во обидот да се спротивстават на претстојниот византиски казнен поход и повикале "за сојузништво секаква варварска помош од разни водачи" не може да стане збор, и покрај тоа што Б. Панов се залага за таква солуција.[185]

Истакнувањето на авторот на Чудата II дека на чело на словенските племиња стоеле "рексови" укажува дека процесот на распаѓање на племенската организација и издигнувањето на еден водач-кнез над племето, со пошироки овластувања и углед во одредената словенска племенска групација бил на високо општествено ниво. Поради заеднички интереси во време на војна, повеќе племиња му отстапувале дел од својата власт со што тој се издигнувал како заеднички водач. Тоа особено се однесува на рексот Пребонд. Тој носел ромејска облека и го зборувал грчкиот јазик, што значи дека во голема мера го надраснал варварското потекло. Неговиот углед како рекс на Ринхините укажува дека кај своите соплеменици бил на високо

---

[183] *Според И.Бевц* (Još o problemu formiranja feudalnih država, 68 бел 14) повикувајќи се на J. Гаж (*J.Gage*, L'empereur romain et les rois, Revue historique 83 1959, t. 221, p.221-261) византиските писатели почнувајќи од крајот на VI век словенските старешини ги нарекувале "рексови," израз кој бил познат уште во времето на императорот Август. Терминот означувал варварски поглаватори или владетели кои го признавале римскиот император и биле под негова заштита. Словените кои ја населиле византиската териториј, а потоа еднаш покорени од византиски војсководач византиските писатели виделе доволна причина според принципот на византиската универзална власт, словенските старешини да ги нарекуваат "рексови." На размислувањето на *Т. Живковиќ* (О племенском устројству и војној снази подунавских Словена, 103-104) дека во случајов рексот на Ринхините Пребонд може да се каже дека бил владетел над неколку словенски племиња се противат кажувањата на Чудата II (*Lemerle,* Miracles I, 214 (255, 19) според кого племето на Драговитите ималоповеќе рексови (τῶν Δραγουβιτῶν ῥῆγες) што укажува дека рексовите биле старешините на одредена територијална група на словенско племе. Во случајот со Пребонд, нему старешините му довериле врховно заповедништво над другите словенските племиња, заради остварување заеднички цел - напад и освојување на Солун.

[184] *Аџиевски,* Пелагонија во среднот век, 24 на сличен начин го објаснува неучеството на Верзитите и Вајунитите во словенскиот напад на Солун. *Б. Панов* (Охрид и охридско I 182-183) смета дека Верзитите односно Берзитите учествувале во племенскиот сојуз на Словените под водството на рексот Пребонд, иако во изворите не се споменати.

[185] *Панов,* Охрид и охридската област, 183.

ниво, а од друга страна неговото поставување на чело на словенскиот племенски сојуз укажува дека неговиот углед бил висок и кај другите словенски племиња, кои решиле во одреден момент да му отстапат дел од својата власт и да му се стават под команда заради постигнување на заедничката цел. На таквата нивна одлука влијаело сознанието не само за неговото издигнување над словено-варварската средина, со познавање на грчкиот јазик, покрај родниот словенски, и прифаќање на грчката облека односно култура, туку и поради фактот дека тој со честите престои во Солун, поради заедничките словенско-византиски интереси, најверојатно бил во извесна зависност кон царскиот заповедник во градот. Словенската блокада на Солун, поради неговото погубување, ја потврдува неговата популарност меѓу словенското население, и степенот на власт која останатите словенски племиња му ја отстапиле. Но во секој случај, не би можело да се каже дека тој се издигнал како владетел над неколку словенски племиња како што сметаат некои автори.[186] Изгледа дека постоела генеза во однос на зацврстување на власта на племенскиот старешина. Рексот стоел на чело на едно племе, додека некои племиња како Драговитите, имале повеќе рексови. Последново пак укажува дека концентрацијата на власта во рацете на еден човек кај словенските племиња сеуште била во фаза на изградување, а од друга страна за наметнување на еден врховен старешина над Словените во Македонија, не може да стане збор. Словенските племиња кои се наоѓале во непосредна близина на Солун како Ринхините, Драговитите, Велегезитите, а особено Струмјаните населени источно од Солун и по долината на реката Стримон, каде поминувал важниот премин на магистралниот пат Via Egnatia од Константинопол кон Солун, под притисок на интензивните византиски воени експедиции почнувајќи од втората половина на VII и целиот VIII век за реокупација на од Словените освоени области, постепено во различни форми биле принудени да признаат извесен степен на врховна византиска власт, но притоа задржувајќи ја својата самоуправа од словенски кнезови низ целиот IX па и првата половина на X век.[187] Словенските племиња, а

[186] *Живковић,* О племенском устројству и војној снази подунавских Словена, 104.

[187] Првиот воен поход против Словените во околината на Солун го организирал византискиот император Констанс II (641-668) во 658 година.Според хронографот Теофан и Анастасиј Библиотекар (*Theoph.* I, 347, 6-7; *Anasth. Bibliothec.*, 231, 8-32) византискиот император завојувал против Склавиниите при што успехот бил ограничен. Императорот

особено Верзитите (Берзитите) кои се наоѓале подалеку од Солун, од магистралниот пат Via Egnatia и Via militaris, успеале да ја задржат својата самостојност подолго време. Берзитската племенска организација на чело со рекс се издигнала на повисоко ниво, во власт на еден човек, кого византиските автори го нарекуваат ἄρχων, латинските princeps, додека словенскиот назив му е кнез.

Како што истакнавме, Верзитите се наоѓале северно од Солун и ги населувале централните и северните делови на Македонија, со Скопската област. Нивниот помирен развитик бил овозможен од нивната оддалеченост од Солун и другите важни патни правци. Но секако имајќи предвид дека и на делот на Склавинијата Верзитија поминувале важни патни правци како патот од Солун на север кон Скопје и Београд (преку Струмица и Овче Поле, по текот на Вардар, преку Пелагонија на Вардар, преку Барбарас и Полог) и обратно на југ кон Солун по Via Egnatia на запад се стигнувало кон Драч, а на исток кон Цариград, по претрпениот шок од словенското населување, Византија на неколку пати со ограничени успеси се обидела да ја поврати контролата над некои магистрални патишта.[188] На тоа упатуваат главно извесни нумизматички наоди на територијата на Македонија. Имено при археолошките ископувања на островот Голем Град, извршени во периодот од 1981-1986 година, покрај монетата на Јустинијан I пронајдена е и монета на царот Константин IV (668-685).[189] Вреден за споменување е и податокот за постоењето на солид на византискиот цар

Константин IV (668-685) испратил воена експедиција против Стримонците во 677/8 година, кои дознавајќи за намерата на царот, ги повикале на помош другите словенски водачи (*Lemerle.*, Miracles I, 220, (278, 19) πᾶσαν τὴν Βάρβαρον ἐκ διαφόρων ῥηγῶν βοήθειαν εἰς συμμαχίαν προτρεψάμενοι). По неколкуте порази во теснините на Стримонската област, Словените според Чудата II, (*Lemerle.*, Miracles I, 221 (281, 11) побарале мир. Стримонците се јавуваат како рамноправни партнери со Византијците во заштита на своите интереси. Јустинијан II (685-695, 705-711) во 688/9 година го раскинал мировниот договор со Бугарите ги нападнал Бугарите и Склавиниите. Откако ги разбил Бугарите, Јустинијан навлегол и ги опустошил Склавиниите се до Солун. Притоа големо множество Словени од 30.000 заробил, а некои од страв му се придружиле. Нив ги одвел и населил во Мала Азија (*Theoph*, I., 364,5-18; *Anast. Bibliothec.*, 231, 8-32; *Niceph.*, 36, 13-38,8.). Во 758/9 година известуваат византиските автори (*Theoph.* I., 430, 21-22; *Anast. Biblioth.*, 282, 20-21) дека византискиот император Константин V Копроним (741-775) ги ограбил "Склавиниите низ Македонија" заробил извесно мноштво, додека останатите склавинии ги направил да бидат покорни. Поопширно за византиските напади против Македонските Склавинии в.: *Анѣолјак,* Средновековна Македонија I, 127-235; *Панов,* Средновековна Македонија III, 31-41; 394-399; 465-469; 596-599; 674-679; *Ralph-Johanes,* "Trakien" und "Trakesion", Zur byzantinische Provincorganisation am ende des 7. Jahrhunderts, JÖB 26 Wien 1977, 7-47.

[188] За овие византиски обиди сп.: претходната белешка.

[189] *Биѣракова-Грозданова, В.,* Голем Град ископувања од 1981-1986 година, МАА, 1985-6, Скопје 1989, 130.

Констанс II (641-668) најверојатно од околината на Прилеп, кој се чува во Народниот Музеј во Прилеп.[190] Од друга страна пак сосема случајно пред 1970 година на л. "Исар Кула" кај Валандово е пронајдена остава од 12 сребрени монети на императорот Ираклиј и Констанс II, кои денес се чуваат во Народниот Музеј во Београд,[191] на локалитетот "Камин Мост" с. Глухово Велешко, евидентирана е една бронзена монета на Констанс II во приватна сопственост,[192] а една монета-псеудо солид на царот Јустинијан II (685-695) (705-711) од почетокот на VIII век, пронајдена на лок. "Големо Градиште" на два км. северно од с. Коњух Кумановско.[193] Доколку не станува збор за монети кои потврдуваат присуство на византиски енклави кои ја преживеале Словенската инвазија што било чест случај,[194] истите можат да се толкуваат како делумни успеси од воените експедиции на византиските императори Констанс II во 658 година, кога тој војувајќи против Склавиниите многу од нив заробил, а другите ги натерал на покорност,[195] на Константин IV кој во 677-680 кога војувајќи против Струмјаните истите биле принудени да побараат мир,[196] или пак во периодот од 688/9 година кога Јустинијан II војувајќи против Бугарите и Склавиниите во Македонија се до Солун, многумина заробил и многу словенски племиња покорил.[197] Тоа би значело дека Византија кон крајот на VII и почетокот на VIII век успеала да ја поврати контролата на магистралниот пат Via Egnatia од Константинопол кон Солун, а најверојатно со извесна дозвола на Словените, и од Солун кон Драч, со поставувањето на воена посада на

---

[190] Културно благо Прилепа, VI-XVII в., (Издание: Народен Музеј Крушевац-Народен Музеј -Прилеп), Крушевац 1975, инв. бр. 1356, с. 50.

[191] *Кондић, В.,* Ковање и ковнице античког и средњовековног новца, Народни Музеј, Београд 1975, 32-33.

[192] *Керамидчиев, А.,* Поединечни наоди на монети во 1975 година, ЗАМ (1959-60), Скопје 1961, 120. Според нашите проверки на имениците на населените места такво село во Велешко не постои, па најверојатно се работи за грешка на авторот во врска со името на селото или пак станува за истоименото село кое се наоѓа во Скопската Котлина.

[193] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 50, 223-225, сл. 83.

[194] На постоењето на византиски енклави не само во приморските градови и острови туку и во областите во внатрешноста на Балканот, односно во непристапните тврдини кои Словените не можеле да ги освојат, како и обидот на Царството по словенското населување и воспоставувањето на мирни односи со соседните словенски поглавари да воспостави подобри односи за враќање и населување на избеганите порано жители укажал *Ј. Ферлуга,* (Византијска управа у Далмацији, 38-43).

[195] *Theoph.* I., 347-, 6-7.

[196] *Lemerl,* Miracles I, 221 (281, 11); *Документи* I, 38-41.

[197] *Theoph.* I., 364, 5-18; Niceph., 36, 13-18, 8. Како резултат на византиските воени успеси кон крајот на VII век според мислењето на *Х. Хунгер* ("Trakien" und "Thrakesion", 38-40.) Византија веќе ја воспоставила контролата над патот Виа Егнатиа од престолнината до Солун и неговата околина.

"Исар - Кула" кај Валандово, се овозможувала извесна контрола на патниот правец Скопје, Штип, Струмица, Солун односно кон Via Egnatia во двете насоки.[198] Ова донекаде се потврдува и со податоците од списокот на епископиите потчинети на Цариградската патријаршија, за кој се смета дека ја одразува црковната состојба во Македонија, во крајот на VII и во VIII век.[199] Во епархијата Македонија меѓу 19 градови, епископски седишта потчинети на Солунската митрополија ги среќаваме и епископите на Воден и Хераклеја, додека епископот на Охрид, односно Лухнидос е потчинет на Драчкиот митрополит.[200] Постоењето на епископиите не треба да значи номинална византиска власт, туку само црковна власт над епископиите во услови на заеднички договор и интереси помеѓу Византија и Словените. При тоа, секогаш мора да се има на ум дека Византија има цврста власт само онаму каде што има тема. Ако се знае дека Византија на Балканот кон крајот на VII ги имала само темите Тракија и Елада, додека кон крајот на VIII век од западниот дел на Тракија е формирана само темата Македонија, со походот на Ставрикиј 783 година темата Пелопонез, во првата половина

---

[198] Во прилог на горната претпоставка оди податокот на Чудата II, за доаѓањето на Сермезијанците предводени од Кувер, како и изворите од црковна провениенција. Имено Сермезијанците на Кувер кои според авторот на Чудата II (*Lemerle,* Miracles I, 229 (289, 9-12); *ВИИНЈ* I, 213-215) се населиле во Керамесиско Поле, кое во поново време убицирано е западно и северозападно од Солун, побарале и добиле согласност од византискиот цар словенското племе Драговити да ги снабдува новодојденците со доволни количини храна Ако се знае дека Драговитите ги населувале областите северозападно од Солун, односно помеѓу Солун, Сервија, Бер и Воден, а во случајов ја прифатиле царската наредба да ги снабдуваат дојденците со храна, (*Аџиевски, К.,* Пелагонија во VI и VII век, ГЗФФ ск., 1990-1991, 32-36; *Истиот,* Пелагонија во средниот век, 27-28, Томоски, Т., Записи за Драгувитите во Македонија, ЗФФск., 23 (49) Скопје 1996, 196-198.) укажува на извесна *нивна зависност од византискиот* цар, би укажувало дека делницата на Via Egnatia од Солун кон Драч била во функција, за што потврдува монетата од Голем Град на царот Константин IV (668-685) (*Битракова-Гроздановa,* Голем Град ископувања од 1981-1986 година, 130).

[199] Списокот е составен помеѓу 787 и крајот на IX век, врз основа на постари исчезнати извори. *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 31 смета дека доколку списокот ја одразува црковната состојба во Македонија во VIII век, тогаш тоа би требало да биде придобивка на походите на византискиот цар Константин V против Склавиниите во Македонија во 758/9 и на воениот поход на Ставрикиј во 783 година. Притоа ја допушта можноста списокот да ја одразува црковната состојба во епархијата Македонија во IX век. Во тој случај обновата на епископиите би требало да се поврзе со прифаќањето на христијанството од страна на бугарскиот кнез Борис во 864 година и неговите завладувања во Македонија.

[200] *Notitia episcopatum* ecclesiae Constantinopolitanae, texte critique, introduction et notes par *J. Daruzes,* Raris 1981, 32, 236 No. 260, 262, 303. *Панов,* Охрид и охридско I, 188; *Истиот,* Средновековна Македонија I, 670. Податокот за обновувањето на споменатите епископски седишта не може да се толкува дека Словените во тој период ја прифатиле христијанската религија, туку напротив сосема сликовито укажува дека староседелците кои ја преживеале словенската инвазија во текот на VI и VII век и останале во своите места на живеење се

на IX век темите Тесалоника и Драч, а темата Стримон дури во втората половина на IX век,[201] тогаш е сосема јасно каков е односот на Византија кон Словените во Македонија, односно колку нивната фиктивна зависност од Византија била лабава, а колку нивната самостојност под управа на словенски кнезови силна.[202]

Во смисла на погоре искажаните гледишта за положбата на Словенските племиња во поширокаата околина на Солун, како и византиските напори за реокупација на одредени територии или воспоставување на контрола над магистралата Via Egnatia како и други споредни патишта, во согласност на словенските племиња, чиј помал дел бил во извесна зависност од византиската власт во одредени моменти, може да се претпостави дека општественополитичкиот развиток на Верзитите (Берзитите) кои се наоѓале во внатрешноста на Македонија, се одвивал во помирна атмосфера, бидејќи интересот на Византија за тие области сеуште не бил актуелен. Ваквата состојба е само претпоставена, бидејќи за Верзитите од нивното прво споменување во настаните за словенската опсада на Солун во 618 година, па се до 778 година од втората деценија на VIII век, вести во изворите нема. Навистина Теофан и Анастасиј Библиотекар споменуваат дека византискиот император Константин V Копроним (741-775) во осумнаесеттата година од своето владеење, односно во 758/9 година "ги заробил Склавиниите од Македонија, а останатите ги покорил."[203] Ако може да се претпостави од овој изворен податок дека и Верзитите при овој византиски поход морале барем да ја признаат византиската врховна власт, на тоа се противи веста дека веќе во 768 година Константин V испратил пратеници до словенските кнезови (τοὺς τῶν Σκλαβηνῶν ἄρχοντας) со барање да ги вратат од порано заробените 2500 христијани, со висок откуп од свилена облека и други почести.[204] Ваквиот

вратиле во нив по минувањето на опасноста и појавиле повторно интерес за обновување на црковните институции.

[201] *Острогорски, Г.,* Постанак тема Хелада и Пелопонез, ЗРВИ 21, 64-77; *Истиот* Византија, 198-199.

[202] *Литаврин,* Склавиниите од VII- IX в., 30 смета дека Верзитите кон крајот на VII век ја признале својата зависност од Империјата но затоа ја задржале својата внатрешна автономија.

[203] *Theoph.* I, 430, 21-22; *Anast. Bibliothec.*, 282, 20-21; *Документи* I, 42-43. *Микулчиќ,* Средновековни градови, 30 споменатиот византиски воен поход го смета за клучен во започнувањето на византиската поцелосна рехелнизација на Словените во Македонија.

[204] Niceph. 76, 30-30; *ВИИНЈ* I, 242-243; сп.: *Баласчевъ,* Най-старата словенска държава, 12.

променлив став на Словените, кој може да се однесува и на Берзитите најмоќното словенско племе во централна и северна Македонија, произлегува најверојатно и од сознанието на нивниот архонт, под чија контрола биле по се изгледа и другите словенски старешини, дека наоѓајќи се помеѓу спротивставените интереси на Византија и Бугарија можат да завземаат различни ставови во зависност од моменталната ситуација, која повеќе им одговара. Така признавајќи ја византиската врховна власт во 758 година, тие користејќи ја зафатеноста на Византија во воените акции против Бугарите во 762 година, се ставиле на страната на последните како сојузници (λαβὼν εἰς συμμαχίαν),[205] на што Византија очигледно се противела. Таквиот став се гледа веќе од тоа што Верзитите како и другите словенски племиња веќе во 768 година, се помириле враќајќи и ги на Византија заробените христијани и најверојатно повторно признавајќи ја византиската врховна власт. Токму од таквата нивна поставеност, Империјата во 773 година, се ставила во заштита на Верзитите од планираниот бугарски упад. Второто споменување на Верзитите е индиректно, бидејќи е спомената областа Верзитија, во чиј состав влегувала и Скопската област во која Бугарите имале намера да упаднат. Имено според пишувањето на Теофан Исповедник, византискиот цар Константин V, од доверливи извори примил информации дека бугарскиот хан Телериг (770-777) во октомври 773 година, "испратил 12. 000 војници и боили да ја поробат Верзитија, а нив (Верзитите) во Бугарија да ги пресели."[206] Византискиот цар изненадно ги нападнал Бугарите кај Литохорија, ги поразил, и го спречил реализирањето на нивната намера.[207] Во науката завземени се различни гледишта околу лоцирањето на Верзитија

---

[205] *Theoph.* I, 433, 2-3; *Niceph.*, 69, 14-15.

[206] *Theoph.* I, 447, 10-13 (ὅτι ἀποστέλλει ὁ κῦρις Βουλγαρίας ιβ΄ χιλιάδες λαὸν βοϊλάδας πρὸς τὸ αἰχμαλωτίσαι τὴν Βερζιτίαν καὶ μεταστῆσαι αὐτοὺς εἰς Βουλγάρων). Изданието на друг ракопис на истиот автор Берзитија ја пишува како Βερζητίαν односно Verzitiam. За намерата на бугарскиот хан да испрати војска и боили "πρὸς τὸ αἰημαλωτίσαι τὴν Βερζητίαν" знае и Лав Граматик (*ИБИГИБИ* IX/V, 261), додека пак Анастасиј Библиотекар (Anast. Bibliothec., 295-296; *ИБИЛИБИ* VII/II, 261) скоро повторувајќи го Теофан кажува дека бугарскиот хан дванаесетте илјади војници и боили ги испратил со намера "ad captivandan Verzitiam et abducendum eos in Vulgariam."

[207] *Ацивски,* Пелагонија во средниот век, 29 коментирајќи ја ваквата постапка на Конатантин V, смета дека во тој период Верзитите биле сметани за византиски поданици, додека пак *Бабиќ,* Македонија и Албанија во VII и VIII век., 163 смета дека во 758 или 759 година Верзитите биле во групата на словенски племиња кои му изразиле приврзеност на византискиот цар, па токму од тие причини тој во замена за признавање на неговиот

словенската област, каде Бугарите имале намера да упаднат. Едни се залагаат за нејзино лоцирање во Тесалија и поврзување со Велегезитите,[208] додека повеќето автори ја лоцираат во Централна Македонија и податокот го поврзуваат со Верзитите[209] за што изворите недвосмислено потврдуваат.[210] Ние се сложуваме со авторите кои го застапуваат мислењето дека областа Верзитија (Βερζιτίαν, Βερζητίαν, Verzitiam) во која Бугарите имале намера да навлезат и населението да го одведат во Бугарија се однесува на областа на Верзитите (Берзитите) односно Брсјаците кои живееле покрај во Централна, Западна и Северна Македонија. Понатамошниот развој на склавинијата Верзитија и на Верзитите најверојатно и понатаму продолжил под патронат на Византија и управа од свој кнез, но таквиот став наметнат од силата на византиското оружје, и желбата за слободно и самостојно живеење ќе остане се до следната прилика, кога тие повторно ќе го отфрлат византиското туторство.

Имено според известувањето на Теофан во 799 година "ἠβουλήθη Ακάμηρος (Ακαμήρος) ὁ τῶν Σκλαυινῶν τῆς Βελζιτίας ἄρχον"("наумил Акамир архонтот (кнезот) на Словените од Велзитија")[211] или пак според

примат се сметал за должен да го заштитува политичко-територијалниот интегритет на државата на Верзитите.

[208] *Runciman,* Bulgarian empire, 41; *Острогорски,* Историја, 196-197; ИНМ I, 92

[209] *Иречек,* История на България, 149; *Дринов,* Избрани произведения I, 351; *Златарски,* История I/1, 230-231; *Баласчевъ,* Най-старата словенска държава, 14; *Niederle,* Rukovèt, 91; *ВИИНЈ* I, 190, бел. 7; *ИБИГИБИ* VI/III, 275, бел. 4; *ИБИЛИБИ* VII/II, 261, бел. 7; *ИБИГИБИ,* IX/V, 152, бел. 3; *Waldmüller,* Die Slawen, 144, n.58; *Антолјак,* Средновековна Македонија I, 181, 133, 142; *Б. Панов,* (Документи I, 43 бел 143); Охрид и Охридско I, (Б.Панов)184-185; *Литаврин,* Склавиниите од VII- IX в., 30; Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 29; и Бабиќ, Македонија и Албанија во VII и VIII век., 163.

[210] Теофан (I, 447, 10-13) зборува за бугарски планиран упад во "τὴν Βερζιτίαν."

[211] По прашањето за тоа дали Акамир архонтот на Велзитиа (Ακάμηρος ὁ τῶν Σκλαυινῶν τῆς Βελζιτίας ἄρχον" "Acamirus, Sclavinorum Belzitae princeps") бил владетел над Верзитите (Берзитите) или Велегезитите, односно дали архонтијата се наоѓала во Тесалија или во централна Македонија, мислењата во науката се поделени. Така: *Иречек,* История на България, 150; *Дринов,* Избрани произведения I, 76; 351; *Златарски,* История I/1, 241 бел. 2; *Баласчевъ,* Най-старата словенска држава, 14; *Острогорски,* Постанак тема Хелада и Пелопонез, 67; *Истиот,* Историја Византије,197; *ВИИНЈ* I, 235, бел. 65; *ИНМ* I, 93; *Waldmüller,* Die Slawen, 467; *Веис,* Još o problemu formiranja feudalnih država, 70 bel. 27; *Коледаров,* Политическа География 1, 8, 31; *Истиот,* Името Македония, 29; 36; *Документи* I, 45 бел. 156; *Антолјак,* Средновековна Македонија I, 144, 181, 216; *Панов,* Средновековна Македонија II, 36 и *Микулчиќ,* Средновековни градови, 28 сметаат дека станува збор за архонтот на Велегезитите Акамир и областа Велегезитија во Тесалија што е сосема погрешно, додека: *Шафарик, П.,* Славянскія древности, преводъ О. Бодянскскаго, т. II кн. 2. Москва 1848, 319, 365 (цитирано според М.Дринов); ИБИГИБИ VI/III, 278, бел. 2 ; *ИБИЛИБИ* VII/II, 261, бел. 5; *Rusu,* Le trésor de Vrap, 192-193; *Lemerle,* Miracles II, 90, 192-193 n. 304; *Литаврин,* Склавиниите од VII- IX в., 30 и *Бабиќ,* Македонија и Албанија во VII и VIII век., 163 се изјасниле дека во прашање е архонтот на Верзитите (Берзитите) Акамир, чија држава во централна западна и северна Македонија на крајот на

Анастасиј Библиотекар "voluit Acamirus, Sclavinorum Belzitae princeps" поттикнат од Еладијците, да ги ослободи синовите на Константин V цезарите Никифор и Христофор, кои се наоѓале во затвор во Атина и да избере еден од нив за цар. Кога за тоа дознала царицата Ирина (797-802) го испратила спатаријот Теофилакт кај неговиот татко патрицијот Константин Серантапех, го осуетила заговорот а заверениците ги ослепила.[212]

Ваквиот развој на настаните се случува во годините на перманентно владеење на слаби византиски цареви почнувајќи од 775 до 802 година кога Византија трпи порази на воен план, а на надворешно политички план е принудена да прави територијални отстапки и да склучува неповолни мировни договори.[213] Тврдото крило на византискиот двор, во таквите надворешно-политички околности за остварување на своите намери за

VIII век се издигнала како значајна воено-политичка сила на Балканот, користејќи ги спротивставените интереси на Византија и Бугарија од една а од друга страна нејзината оддалеченост од магистралните патишта Виа Егнатиа и Виа Милитарис. Погрешното читање на Теофановата τῆς Βελζιτίας која е потврдена и кај Анастасиј Библиотекар како Belzitae и нејзиното поистоветување со Велегезитија односно со Велегезитите е неможно од едноставна причина што од името на племето Βελεγεζῆται, Βελεγεζήται, Βελεγεζίται (*ВИИНЈ* I,188 бел.5) никако не може да се изведе името на областа во формата грчката Βελζητίας односно латинската форма Belzitiae. Таквиот наш став го потврдуваат меѓу другото договорот на византискиот цар Алексиј III Ангел (1195-1203) со Венеција склучен во 1199 година (*Tafel-Thomas,* Urkunden I, 265 n.12), како и во Partitio regni Graeci од XIII век (Ibidem., 488 n.12 и 493) каде латинската форма на Велегезитија татковината на Велегезитите е спомената како "Prouincia Velechatiue" и "Prouintia Velechatiue" односно "Pertinentia Velechativae" во грчка форма " 'Η ἐπισκεψις Βελεχατουΐας". Изданвачите на споментитите извори (*Tafel-Thomas,* Urkunden I, 265 n.12, 488 n.12 и 493) укажале дека најверојатно станува збор за областа Велегезитија и градот Велестино во Тесалија, каде живеело словенското племе Велегезити. На овие податоци меѓу другото укажале и: *Иречек,* История на България, 150; и составувачите на *ВИИНЈ* I, 198 бел. 5. Разликата помеѓу споменуваните во изворите Βελζιτίας, Belzitae како и provincia Belegezitia е очигледна, додека разликата помеѓу Βερζητίαν на Теофан, Verzitiam, на Анастасиј Библиотекар и Βερζητίαν на Лав Граматик за настаните од 773 година како област на Верзитите Верзитија и Βελζιτίας, Belzitae за настаните од 799 година е минимална: се работи само за една буква, наместо ρ, r е ставено λ, l како што укажал впрочем и *Бабиќ,* Македонија и Албанија во VII и VIII век., 163.

[212] *Theoph.*, I, 473, 32-474, 1; *Anas. Bibliothec.*, 315, 26-316, 1; *ВИИНЈ* I, 235; *ИБИГИБИ* VI/III, 278; *ИБИЛИБИ* VII/II, 265; *Документи* I (Б. Панов), 45. Околу етимологијата на името Ακάμηρος односно Acamirus во науката засега нема објаснување. Според разговорот кој го водевме во мај 1998 година со д-р Мито Аргировски (научен советник во Институтот за македонски јазик - Скопје) во врска со потеклото на ова име, за што му благодарам, дојдовме до заклучок дека е тоа словенско. Неговата грчка форма Ακάμιρος е рамна на словенската форма **Окомѣръ** а неговата соодветна латинска форма би била Окомēгъ, доаѓа од **око** (слов.) + **мєр** што значи мерење, гледање, проценување, сп.: **мѣрити, мѣра**... Бидејќи грчкото η = на индоевропското долго ¯е во старословенски се преобразило во> ѣ, па името би било Окомер. Според другата варијанта за името Акамир, првата компонента од индоевропскиот корен *ak во значење "остар" сп.: лат. acutus = остар, грчки: ἄκρος= краен, остар, стсл. **остръ**, па името би било Остромир.

[213] *Острогорски,* Историја, 188-192, 198-199.

освојување на престолот не можело да најде сигурна потпора во ниедна од споменатите држави, без опасност за Империјата, па токму затоа се обратила кон архонтот[214] на Склавинијата на Верзитите Акамир,[215] кој бил под патронат на Византија. Но најверојатно тој не бил задоволен од византиското правителство, а во очекување на остварување на некои свои повисоки интереси се ставил на услуга на завереницитe, во улога на најсилна страна која битно ќе влијае со својата воена моќ на одредување идниот византиски цар. Од друга страна обраќањето на завереницитe кон Акамир за помош, укажува на неговиот висок углед и моќ не само како владетел на Верзитија[216] кој во новонастанатите околности веројатно ја

---

[214] Титулата ἄρχων во Византија имала многу широко значење. Најчесто таа означувала компромис помеѓу локалната власт и должноста на царскиот функционер. Архонтот претставува висока воена титула на тематски функционер (*Ферлуга,* Ниже војно-административне јединице, 91). Титулата е широко употребувана од страна на Византија за титулирање на рускиот кнез, бугарскиот хан и јужнословенските кнезови. Така биле титулирани хрватскиот кнез, спскиот кнез, кнезовите на Захумљаните, Травунљаните, Конављаните, Дукљаните и Паганите (*ВИИНЈ* II, 14, 16, 19, 31-33, 36, 40, 42-45, 50, 53-60, 62, 64, 77-80), Македонските Словенски племиња, според тоа така е употребена и за Акамир. Многу често, на архонтот на јужнословенските држави византискиот цар му испраќал заповед, која тој бил должен да ја изврши (*Margetić, L.,* I.Goldstein, Hrvatski srednji vek, Historijski zbornik XLVIII, Zagreb 1995, 222). Таква заповед византискиот цар упатил до архонтот на Драговитите за истиот да ги снабдува Серемзенијанците на Кувер кои стигнале во непосредната околина на Солун, со храна, а тие заповедта ревносно ја извршиле. Тоа укажува на степенот на зависноста на кнезовите на Склавиниите од Византија. Архонтот на Русите, Бугарите, Унгарците и Печенезите бил на повисок степен од почитување за Византија. Тој имал наследно право, а византискиот цар ја имал номиналната врховна власт над овие народи и ги сметал за свои сојузници.

[215] *Rusu,* Le trésor de Vrap, 193 смета дека за ваквото ангажирање на страната на завереницитe кнезот на Верзитите Акамир, добил висока награда од предмети од скапоцен накит. Пронајденото богатство од Врап во Албанија, југозападно од Охридското Езеро смета тој дека било награда за Акамир, од страна на синовите на Константин V. Сокривањето на благото во Врап го толкува како претпазливост кон североисточната граница на темата Елада.

[216] *Литаврин,* Склавиниите од VII до IX в., 30-31 во врска со ангажирањето на Акамир околу борбите за византискиот престол укажува на два битни момента: 1. дека појавата на сопствен назив на Славинијата на Берзитите како Берзитија, била образувана од етноним на ист начин на кој Византијците ги формирале називите на државите што се појавувале во тоа време, како Бугарија, Хрватска, Србија, Русија и др., и второ дека е дадена висока оценка за можностите на Берзитија од најопозиционото на владата византиско благородништво, односно учесниците во заговорот го сметале кнезот на Берзитија толку моќен, што се надевале со негова помош да извршат државен преврат во Империјата. Авторот понатаму укажува дека владетелот на оваа Склавинија бил полноправен господар на своите поданици, иако номинално го признавал легитимитетот на на Империјата, и дека поседувал големи материјални средства и моќна воена сила. *Максимовиќ,* Покрштење Срба и Хрвата, 166 во Порфирогенитовата вест за покрстувањето на Србите и Хрватите, дека византискиот цар Василиј I ги заменил жупаните и старците со архонти од одреден род, гледа промена во класификацијата на словенската општествена елита зад која се крие формирањето на првите словенски кнежевства, односно тоа го третира како ран облик на државната организација, што од наше гледиште ни најмалку не се противи на ставот дека архонтот Акамир во вистинска смисла на зборот бил кнез на Берзитија, најран облик на државна словенска формација во Македонија.

отфрлил византиската врховна власт, туку по се изгледа имал и некое влијание над останатите словенски племиња во Македонија, сила која не била за потценување, а на која најверојатно сметале како византиските власти во темата Елада, така и синовите на Константин V кои се наоѓале во атинскиот затвор. Притоа тие ја имале на ум интервенцијата на нивниот татко во заштита на Верзитија од опасноста на Бугарите во 773 година. Познатиот епилог со елиминацијата на заговорот и ослепувањето на заговорниците меѓу кои и Акамир,[217] укажува на повторно паѓање на Верзитија (Берзитија) односно Централна, Западна и Северна Македонија и Скопската област под византиска врховна власт.[218] Признавањето на византиската врховна власт од страна на кнезот на Берзитите не значело во никој случај губење на самостојноста. Напротив, како и останатите јужнословенски и македонски склавинии, така и склавинијата Верзитија ја признавала византиската врховна власт, што значи дека склавиниите сами си бирале кнезови од родот кој најмногу го почитувале, во што царот не се мешал, а од друга страна Византија преку номиналната власт посредно владеела со Словените и областите кои тие ги населувале, на таков начин остварувајќи го симболичното настојување преку претензија во сите провинции кои некогаш му припаѓале на Римското Царство да ја обнови царската власт.[219] Понатамошни податоци за Склавинијата Верзитија или пак споменување на нејзини кнезови во изворите нема. Изворните податоци за IX век укажуваат дека словенските племиња ја задржале локалната самоуправа, имале свои кнезови, но истовремено ја признавале и византиската номинална власт.[220]

---

[217] Чинот на ослепувањето на Акамир, најверојатно имал за цел негова елиминација од кнежевската власт над Верзитите, по византискиот начин на елиминирање на владетелите, а на негово место кнежевската власт над Верзитите му била доверена во согласност со Цариградскиот двор -почитувајќи го неговото врховништво - најверојатно на друго лице. Чинот на ослепувањето на Акамир на извесен начин укажува на високиот степен на општествената организација на Склавинијата на ниво на држава, на чие чело стоел кнез - односно според византиските извори архонт.

[218] *Литаврин,* Склавиниите од VII до IX в., 31 потенцира дека Склавинијата Берзитија кон крајот на VII век според својата општествено-политичка структура се ноѓала на прагот на претворање во државно-политички систем. Процесот на ваквата закономерна еволуција останал незавршен, не поради недоволната зрелост на нејзината социјална организација, туку поради надворешните политички околности.

[219] *ВИИНЈ* II, 14-16; *ИСН* I, 149-150.

[220] *Анголјак,* Средновековна Македонија I, 180-235; Панов, Политиката на Византија спрема македонските Словени, 67-69.

5. Почетоци на христијанизацијата на Словените во Скопската област

Условите за прифаќање на христијанството од страна на Словените кои ја населиле Скопската област, од аспект на местото на Скупската митрополија во доцноримскиот и рановизантискиот период и христијанските традиции на останатите староседелци, биле релативно поволни. Новодојдените жители Словени, почнувајќи од средината на VI век, се соочиле со христијанството како религија на Византиската Империја која била на повисокиот општествено политички и културен развиток, и започнале постепено истото да го прифаќаат. Од друга страна Византија, преку христијанството настојувала да ги наметне византиските норми на однесување и живеење на Словените и на тој начин на Јужнословенските кнежевства да им ја наметне својта врховна власт.

По прифаќањето на христијанството како рамноправна религија со останатите религии во 313 година, Византиската империја постепено го наметнала христијанството како единствена официјална религија во државата. Во таа смисла, согласно новонастанатите политички околности предизвикани од познатата Преселба на народите улогата на црквата, односно на епископот во доцноримскиот цивитас, нагло пораснала, како значаен врховен авторитет, паралелно со државната власт. Податоците од Првиот црковниот собор одржан 325 година во Никеја, и учеството на епископот Дакус од Скупи, упатуваат на тоа дека Скупската митрополија во тој период веќе била востановена. Со постепеното културно-економско и политичко јакнење на Скупи, како центар на провинцијата Дарданија и епископски центар, во голема мера се интензивира градењето на црковни објекти во скоро сите населени места во Скопската област, како неминовна културно духовна потреба на христијаните. Археолошките податоци потврдуваат дека во Скупи имало две големи ранохристијански базилики, додека во Скопската област откриени се траги на повеќе од четириесет христијански базилики и други црковни објекти.[221] Непосредно со

---

[221] *Bitrakova, Grozdavova, V.,* Starokršćanski spomenici na tlu Sr Makedonije, materijali XV Prilep 1976, (Naseljavanje i naselja u antici, Prilep 1976-Beograd 1978) 135; *Лилчиќ, В.,* Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези Скопско, МАА 4, 1978 Прилеп 1978, 232; *Микулчиќ,* Таурисион и Бедериана, 98; *Микулчиќ, И.,* Траги од ранохристијански базилики околу Скопје, ГЗФФ ск., 7(33), Скопје 1981, 97-123; *Истиот,* Траги од ранохристијански базилики околу Скопје, ГЗФФ ск., 7(33), Скопје 1981, 116-117, 120; *Истиот,* Скопје со околните тврдини, 71-72, 76, 86, 88, 90, 95, 97, 103, 113,121; *Алексова, Б.,* Ранохристијанска базилика од крстовиден тип во с. Орман, Скопско, ЗАМ X-XI (1978-1982), Скопје 1983, 77-

започнувањето на бранот на навлегување на Словените на Балканот и во Македонија, земјотресот од 518 година го разрушил митрополитскиот центар во Скупи. Малку подоцна главно поради црковно-политички причини востановена е архиепископијата Јустинијана Прима која според некои автори се смета дека се наоѓала во Скопската Котлина. Но, по засилениот бран на навлегување на Словените и поминување низ Вардарската долина, областа не само што била мета на постојани разорувања и ограбувања, туку од средината на VI век, барем според археолошките податоци ќе ги добие и првите нови жители Словени, додека нивното помасовно населување во првата деценија на VII век, довело до гасење на Архиепископијата Јустинијана Прима-продолжувач на традициите на Скупската епископија. Староседелечкото население кое не ја напуштило Скопската област, наоѓајќи се на повисоко цивилизациско ниво, одиграло една од почетните мисии на христијанизација на Словените, преку меѓусебното општење со новодојденците.[222] Интересот на Византија по силниот бран на населување на Словените на Балканот и губењето на Македонија, ќе биде насочен почнувајќи од втората половина на VII век, преку претпазлива реокупација на од Словените заноседнатите области околу Солун, како и воспоставувањето на контрола над патните комуникации Via Egnatia и Via Militaris. Обновувањето на епископските седишта долж споменатите комуникации,[223] потврдено е во епархиските списоци (кои се однесуваат на крајот на VII и целиот VIII век),[224] додека некои акции против Струмјаните, а најверојатно и против Верзитите, потврдени и со монетни наоди укажуваат на обид за обновување на комуникацијата Солун-Скопје-Београд, во што најверојатно се стигнало од Солун до "Исар" Валандово. Според мислењето на И. Микулчиќ, Византија успеала да воспостави своја воена посада на Скопското Кале во доцниот VII и почетокот на VIII век.[225] Интересот на Византија за наметнување на

84; *Лилчиќ,* Траги од ранохристијански базилики во Средно повардарие, Лихнид 7, Охрид1989, 70-71; АК.

[222] *Краткото Кирилово житие* (*Иванов,* Блъгарски старини, 285) соопштува дека Константин Кирил кога стигнал на Брегалница околу 855 година в најде неколкумина од словенскиот народ некрстенив (й ѡврѣт от слѡвѣнскаго мѫжіка нѣколико крщенѣ).

[223] *Ralp-Johannes,* "Trakien" und "Trakesion", 34-47.

[224] *Darrouzes,* Notitiae episcopatum, 235, No. 258 -236, No. 259-276, 300-303; 240 No. 553-563; 242 No. 657-666. Сп.: ИМН I, 97-98.

[225] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 306-307. Општопознат историски факт е дека Византија на почетокот на IX век, го контролирала градот Сердика кој се наоѓал на

врховната власт на Словените, било преку насилно наметнување на христијанството преку воени походи, со насилно населување на христијани од Мала Азија во Македонските Склавинии,[226] или преку постепено наметнување на христијанството, византискиот начин на однесување и облекување, познавањето на грчкиот јазик и друго во владеачките структури, односно архонтите или по словенски кнезовите[227] на Македонските и воопшто јужнословенските Склавинии, во голема мера придонесувало за нивна постепена христијанизација.[228]

Позасилениот процес на христијанизација на Словените во Скопската област се јавил како резултат на обновената црковна организација на староседелците во северна Македонија, вообличена епископијата на Дарданија. Според Соборните акти на VII Вселенски собор од 787 година, на Соборот присуствувал Стратегиј "епископ на Дарданците."[229] Г. Литаврин појавувањето на новата епископија на Дарданците ја поврзува со востановувањето на каков таков црковен центар на територијата на поранешната провинција Дарданија која ја опфаќала и територијата на Северна Македонија. Формирањето на епископијата може

патот Via Militaris и тој дури во 809 година паднал под Бугарска власт. За тоа сп.: Острогорски, Историја, 200.

[226] *Theoph.*, I, 484-485, 10-14; *Документи* I, 45-46. Сп.: *Златарски,* История I-1, 254-255; *Панов,* Средновековна Македонија III, 38-39.

[227] *Закон судный людем.*, чл. 2, 104 (115); (*Lemerle,* Miracles I, 209 (235, 29-30); *ИБИГИБИ* VI/III, 305.

[228] Во смисла на последното обрнуваме внимание на податокот на Константин Порфирогенит (*ВИИНЈ* II, 14-16) дека "Хрватите, Србите, Захумљаните, Травунјаните, Конављаните и Паганите одвојувајќи се од Византиското Царство, долго време биле независни и не се потчинувале на никого. *Овие племиња како што велат немаат архонти (т.е. кнезови), туку само старешини и жупани, на исти начин како и останатите Склавинии*" Дотолку повеќе што повеќето од овие Словени, продолжува царот писател, не се покрстија, туку долго време останаа некрстени. За време на владеењето на царот Василиј I (867-886) биле покрстени и откога тоа било направено дури тогаш, византискиот цар *"им постави архонти кои тие ги сакале и избрале, од родот од кој тие го сакале и почитувале.* И оттогаш до денес архонтите кај нив се од истите родови, а не од некој друг." Независно од процесот на христијанизацијата меѓу Словените, со наметнувањето на номинална власт, Византија имала интерес преку поставувањето на архонтот односно кнезот, кои сами го избрале и сакале Словените од одредена Склавинија со нејзина согласност, да ја осигури својата номинална власт. Архонтот-кнезот и неговата владеачка структура, биле придобиени да го прифатат христијанството, или одредени норми на византиско однесување. како што е случајот со склучување на заемни мировни договори, со што Византија во симболична мерка ја остварувала својата политика за постепено враќање на влијанието во провинциите кои некогаш нејзе и припаѓале (*ИСН* I, 149-150. *Максимовиќ,* Покрштење Срба и Хрвата, 166 во Порфирогенитовата вест дека Василиј I ги заменил жупаните и старците со архонти од одреден род, гледа промена во класификацијата на словенската општествена елита, зад која се крие формирањето на првите словенски кнежевства, односно тоа го третира како ран облик на државната организација).

[229] *ИБИГИБИ* VI/III, 200. *Литаврин,* Принятие христианства, 13.

да се толкува како византиска реокупација на одредени стратегиски тврдини и како настојување да му се овозможи на христијаните на просторот на поранешната провинција да ги обавуваат своите црковни потреби, во услови кога поранешните епископии на тој простор одамна не постоеле. Титулирањето на Стратегиј како епископ на Дарданците, би укажувало дека тој ги застапувал христијаните од територијата на целата поранешна провинција, во новонастанатите услови, што меѓу другото упатува дека Византија преку црковната власт во оваа епископија чие седиште не е познато, а најверојатно ја опфаќала областа на Северна Македонија, можела да врши извесно влијание за постепена христијанизација меѓу Словените во Скопската област. Христијанизација на Словените во Скопско, на словенски јазик можела, а најверијатно и се остварила, уште за време на мисијата на Константин Филозоф - Кирил меѓу Словените по долината на Брегалница, по 855 година, кога била создадена словенска азбука и преведени биле богослужбени книги. Тоа го велиме поради близината и отвореноста на Скопската Котлина кон Брегалничката област. Позасилен бран на христијанизација на Словените во Скопската област се одвивал со паѓањето на областа под власта на Бугарите во првата деценија (852-864) на владеењето на бугарскиот кнез Борис (852- 889), односно по склучувањето на мировниот договор со Византија и прифаќањето на христијанството како државна религија од страна на Бугарското кнежевство во 864 година.[230]

Црковните акти од Фотиевиот собор одржан во Цариград во 879 година, ја потврдуваат припадноста на Скопската област кон реставрираната епископија на Дарданците, преку присуството на епископот Јован Дардански.[231] Ширењето на христијанството во Скопската област на словенски јазик можело да земе замав по доаѓањето на Климент и Наум во Македонија по 886 година.[232]

Поради зголемувањето на бројот на христијаните од редовите на староседелците, опфатени во епископијата на Дарданците која била формирана во крајот на VIII век, и од новохристијанизираните Словени,

---

[230] *Охрид и Охридско* I, 189.

[231] *ИБИГИБИ* VIII/IV, 117 бел. 9, 14, 16. На соборот присуствувале уште: Гаврил епископ Охридски, Теоктист епископ Тивериополски, Павле епископ Мосинополски, Петар епископ Драговитски и Агатон епископ Моравски.

[232] *Охрид и Охридско* I, 189-190.

чија богослужба се извршувала на словенски јазик, се јавила потреба од формирање на нова словенска епископија. Појавувањето словенската епископијата Скопје, потврдена во изворите кон крајот на X век, во списокот на епархиите на Преспанската патријаршија, во олтарот на црквата Св. Аил на истоимениот остров на Преспанското Езеро,[233] укажува нараснатата потреба на Словените во Скопско, за формирање своја епископија со богослужба на словенски јазик, како резултат на дејноста на Климент и Наум во Македонија, и оспособувањето на свештенство кое го ширело христијанството на словенски јазик. Од тие причини почетоците на Скопската епископија, како рожба на ширењето на христијанството на словенски јазик, би требало да се бараат во крајот на IX век, кога најверојатно се осетил и растежот на населбата од градски карактер Скопје на Скопското Кале,[234] како и растежот на останатите селски населби во котлината со словенско население. Но, секако тоа не значи дека Словените во Скопската област кои го прифатиле христијанството, не продолжиле да ги почитуваат и понатаму своите пагански божества. На таквата состојба која била вообичаена кај Словените, упатува Законот за судење на луѓето, составен од Методиј. Во неговиот прв член строго се забранува вршење на пагански жртви и заколнувања во словенските села, каде веќе била извршена христијанизација. Притоа законодавецот предложил дури и ригорозна санкција со одземање на имотот и негово предавање на црквата или на сиромасите.[235] Најверојатно останало и значително множество Словени во Скопската област кои или не биле христијанизирани, или пак, и покрај тоа што го примиле христијанството, и понатаму продолжиле да ги почитуваат своите божества од прататковината. На тоа упатуваат извесни материјални наоди. Имено на средновековниот локалитет "Давина" кај с. Чучер крај Скопје, пронајден е редок и значаен амулет, изделкан од парошка на еленски рог. Формата му е во вид на рокче. Со плитко врежани линии околу, рокчето е поделено на шест дела, додека седмиот дел, кој го сочинува горниот задебелен крај на рокчето, изрезбарен е во вид на човечка глава со четири лица покриена со конусна шапка. Двете лица кои

---

[233] *Иванов,* Български старини, 57.

[234] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 121; *Бабиќ-Микулчиќ,* Скопско Кале, 58.

[235] *Документи* I, 54-55.

се добро сочувани претставуваат возрасни мажи со мустаќи и со кратка брада претставена со врежани цртички. На сличен начин е претставена и косата на претставените личности. Се претпоставува дека на рокчето е претставен Перун-Све(нто)вид, врховно словенско божество од претхристијанскиот период, како гледа на четирите страни на светот. Врз основа на аналогни амулети со такви претстави наодот од Давина хронолошки се определува помеѓу IX и X век.[236] Овој наод кој може да биде надополнет и со други наоди, упатува како на отпорите на христијанизацијата во Скопската Котлина, така и на жилавото одржување на старата религија на Словените.

6. Скопје и Скопската област под Бугарска власт (од средина на IX век до 969 година)

На почетокот на IX век, Византија направила силни воени утврдувања долж Via Militaris, со воените посади во Адријанопол, Филипопол и Сердика, утврдувањето на Девелт на Црно Море, кои имале за цел обезбедување на важниот магистрален пат и ставање до знаење на Бугарите, дека нарушувањето на востановените граници, ќе наиде на решително противење од Константинопол.[237] Бугарската држава почнувајќи со ханот Крум (803-814) започнала широка завојувачка политика [redacted] кон Византија. На 26 јули 811 година византиската војска била поразена.[238] Византискиот пораз, односно бугарската победа предизвикала паѓање на Сердика и областите по горниот тек на реката Струма,под бугарска власт, додека областите по долниот тек на р. Морава, Северна и Југоисточна Македонија биле сериозно опустошени.[239] Во 814-815 година завојуваните страни склучиле Триесетгодишен мир,[240] а границата помеѓу Бугарите и Византијците била утврдена на појасот северно од

---

[236] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 82, 310 ; *Чаусидис, Н.,* Митолошките слики на Јужните Словени, 1994, 461 и Т. 105, 106, 107.

[237] Византиската воена офанзива уследила две години покасно. Византискиот цар Никифор I (802-811) превзел опсежна воена офанзива, наспроти мировните понуди на бугарскиот хан успеал да навлезе длабоко во бугарска територија при што успеал да го разруши и запали бугарскиот ханскиот престол во Плиска.

[238] *Златарски,* История I/1, 251-260; *Runciman,* A Hisrory, 53-56; *Острогорски,* Историја Византије, 200

[239] *Theoph.* I, 495-496; *Документи* I, 46;*Охрид и Охридско* I, 185; *Панов,* Средновековна Македонија III, 599.

[240] *Златарски,* История I/1, 297-304; 432-434.

Адријанопол, Пловдив, Сердика и Ниш.[241] Во времето на ханот Пресијан (836-852) мировниот договор бил нарушуван, но границата кон Византија и нејзината интересна сфера меѓу Македонските Словени останала непроменета, бидејќи спорот бил надминат. Пресијан три години безуспешно војувал и против Србите.[242] Постојат извесни податоци кои упатуваат на тоа дека Бугарите под Пресијан извршиле грабителни походи во областа на Смољаните и низ Македонските Склавинии се до Солун.[243] Бугарската историографија смета дека Северна Македонија и останатите македонските територии потпаднале под бугарска власт, во времето на Пресијан.[244] Дали тогаш биле освоени делови од Северна Македонија кои биле во составот на склавинијата Берзитија, тешко е да се каже. Но ако имаме во предвид дека Скопската област била дел од Берзитија, а евентуалното паѓање на нејзиниот дел под бугарска власт, би повлекувало паѓање на цела западна и централна Македонија населена со Берзити, или му се потчинувале на архонтот на Берзитија, кој ја признавал византиската номинална власт, тешко е да се верува дека Бугарите во Берзитија имале некој позначаен воен успех, изземајќи го евентуалните грабежи на областа. Податокот на Порфирогенит, дека Пресијан во неуспешната војна против Србите претрпел големи човечки загуби,[245] упатува на тоа дека тој не можел да постигне во Македонија некој поголем успех, како што немал ни против Србија, бидејќи овие Словени, го признавале византиското врховништво.[246]

Со цел да им се спротивстави на бугарските завојувачки стремежи во Македонија, Византија го поставила Методиј за словенски кнез меѓу Словените од Стримонската Склавинија (845-855) која ги опфаќала Струмичко-брегалничките краишта. Наскоро таму бил упатен и неговиот брат Константин Филозоф-Кирил да го шири христијанството на словенски

---

[241] *Острогорски,* Историја Византије, 205; *Охрид и Охридско* I, 185; Панов, Средновековна Македонија III, 403; *Lilie,* "Trakien" und "Trakesion", 44-47.

[242] *ВИИНЈ* II, 50-51; ИСН I, 147-148.

[243] *Иванов,* Български старини, 1-9; *Документи* I, 52; *Златарски,* История I/1, 338 бел. 1; 447-459; *Панов,* Средновековна Македонија III, 407-408; Истиот, Политиката на Византија, 69.

[244] *Златарски,* История I/1, 346-347; *Гюзелев,* Княз Борис, 40; *Мутавчиев, П.,* История на българския народ, 147-149; *История на България,* II, 160. Ваквиот став на бугарските историчари со право го критикува Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 32.

[245] *ВИИНЈ* ИИ, 50-51.

[246] *Острогорски,* Историја Византије, 232-233.

јазик, а со тоа да ги штити византиските интереси.[247] Бугарската историографија смета дека Македонските територии под бугарска власт подпаднале уште во времето на Пресијан.[248] Сепак дури со доаѓањето на кнежевскиот престол на Борис I Михаил (852-889) може да се зборува за бугарски освојувања како во северна така и во останатиот дел на Македонија, како последица на војната со Србите. Но и тука податоците се доста обопштени и хронолошки непрецизирани. Според известувањето на Константин Порфирогенит во "Списот за народите," во времето на српските архонти Мутимир, Стројимир и Гојник се појавил архонтот на Бугарите Михјло Борис, кој настојувајќи да го освети поразот на својот татко, завојувал против Србите. Тие го поразиле и заробиле неговиот син Владимир, заедно со дванаесет големи бољари. Борис I поради страв за својата безбедност, побарал како заложници да ги поведе синовите на Мутимир, кои го спровеле до српско-бугарската граница.[249] Српско-бугарски судир се случил во периодот на доаѓањето на Борис на престолот во 852 година, и 867 година кога Византија почнала да игра поактивна политика на Балканскиот Полуостров.[250] Анастасиј Библиотекар (800-880) монах на редот на Св. Бенедикт, абат на манастирот Св. Дева Марија, кој бил во дипломатска мисија на императорот Лудовик II, во 869 година присуствувал на третото заседание на црковниот собор во Цариград. Тој известува дека бугарските пратеници се распрашувале кон која црква да се определат, кон источната или западната црква. Пратениците на Римската црква одговориле дека уште од старо време согласно каноните, римската црква ги "управувала и владеела двата Епира, новиот и стариот, цела Тесалија и *Дарданија, во која и денес е потврден градот Дарданија*, чија татковина се нарекува Бугарија по името тие Бугари."[251] Податокот упатува на тоа дека областите кои некогаш влегувале во составот на

---

[247] *Кирил и Методий* I, 86 (Од Панонското житие на Методиј), 120 (Од Пофалното слово на Кирил и Методиј); *Иванов,* Български старини, 285 (Од Краткото Кирилово житие); *Панов,* Средновековна Македонија III, 406 - 414; *Истиот,* Политиката на Византија, 69-73.

[248] *Златарски,* История I/1, 346-347; *Гюзелев,* Княз Борис, 40; *Мутавчиев, П.,* История на българския народ, 147-149; *История на България,* II, 160. Ваквиот став на бугарските историчари со право го критикува *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 32.

[249] *ВИИНЈ* II, 51-52. Српско-бугарската граница се протегала до Рас.

[250] *Ibidem.*, 51-52 бел. 163, 165; *ИСН* I, 148. *Максимовић, Љ.,* О времену похода бугарског кнеза Бориса на Србију, Зборник ФФ 14/1 (Београд 1979), 69-75 походот на кнез Борис на Србија го датирал во 880 година.

[251] *ИБИЛИБИ* VII/II, 191.

ранивизантиската провинција Дарданија со Скупи како провинциско седиште, значително пред 869 година се наоѓале под бугарска власт. Летописот на Поп Дукљанин од XI-XII век зборува дека Бугарите "ја нападнале Силодузија и ја завладеале. Потоа ја завладеале и цела Македонија."[252] Во науката се смета дека Силодузија е најверијатно областа Шумадија во Србија, додека нападот хронолошки се определува меѓу 852 година кога Борис дошол на власт и неговото покрстување во 864 година.[253] Од Пространото житие на Климент Охридски напишано од Теофилакт Охридски исто така дознаваме дека, кога Климент, Наум, Ангеларий и Сава, учениците на Кирил и Методиј, дошле од Моравија во Бугарија во 885 година, Београд, земјите по долината на Морава, како и Охридско-Девolските области во Македонија, каде од 886 делувале Климент и Наум, веќе се наоѓале во составот на бугарската држава. Тоа пак значи дека Скопската област одамна се наоѓала во рамките на Бугарското кнежевство.[254] Од споменатите изворни податоци може да се констатира дека, бугарскиот кнез Борис по доаѓањето на кнежевскиот престол повел воена операција против Србите, во која не постигнал успех. Ако српско-бугарската војна попрецизно се датира помеѓу 852 година, доаѓањето на власт на Борис I и 864 година, кога тој го примил христијанството како официјална религија во државата, а самиот бил прекрстен од Борис во Михаил, по неговиот кум византискиот цар Михаило III (842-867), и истата година бил склучен мир, ако се знае дека српско-бугарската граница се наоѓала кај Рас, згора на тоа податокот од Анастасиј Библиотекар дека Дарданија во која влегувале Северна Македонија, Косово и дел од Јужна Србија, далеку пред 869 година се наоѓала во составот на Бугарската држава и се нарекувала Бугарија, како и податокот на Поп Дукљанин за бугарските освојувања по текот на реката Морава и Македонија, на почетокот на владеењето на кнез Борис, сосема недвосмислено укажуваат дека Поморавјето, Скопската Котлина (северниот дел на Берзитија), како и останатиот дел на Берзитија паднале под бугарска власт помеѓу 852 и 864

---

[252] *Љетопис,* 109; *Документи* I, 66.

[253] *Документи* I, 66 бел 27.

[254] *Гръцките жития на Климент Охродски,* увод, превод и обяснит. бел., *А., Милев,* София 1966, 120-125; *ВИИНЈ* I, 299; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 32-33.

година, односно доаѓањето на Борис I на бугарскиот престол, неговото покрстување и склучувањето на мир со Византија.[255]

Мирот помеѓу Византија и Бугарија овозможил покрај проширување и зајакнување на христијанско културните придобивки во Македонија, туку истовремено довел и до заживување на трговско-економските меѓусебни односи помеѓу двете земји. Трговската размена покрај во натура се обавувала и во пари. Фактот дека Бугарите во овој период не ковале пари, а на територијата на Македонија на неидентификувани локалитети се присутни барем според евиденцијата на Музеите на Македонија, 5 фолеси кои му припаѓаат на Лав VI (886-912), а кои потекнуваат од ковниците на Константинопол и Херсон, како и една помала остава на солиди на Василиј I откриена во високите планини во тријаголникот Струмица-Валандово- с. Удово, упатуваат на обновата на монетарната циркулација во Македонија и понормални економски односи.[256]

Со бугарските завладувања на Македонија, Албанија и делови од Грција, освоените области биле распределени во административно територијалните единици на Бугарската држава - комитати.[257] Територијата на Македонија во времето на бугарскиот кнез Борис I, била вклучена во два комитати. Деволски комитат, за кој се смета дека ги опфаќал областите на западно-македонските градови: Велес, Прилеп, Битола, Меглен, Костур, Охрид, Кичево и Дебар како и областите на Јужна Албанија се до морскиот брег, го имал за свој центар Девол.[258] Во науката постојат мислења дека кон Деволски комитат припаѓала и Скопската област. На чело на овој комитат до 886 година, односно до доаѓањето на Климент во Македонија се наоѓал комитот Котокиј, а од 886 година па натаму на чело на Комитатот стоел

---

[255] *Панов,* Средновековна Македонија III, 686-688; *Охрид и Охридската област* I, 186; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 33.

[256] Фолесите на Лав VI се наоѓаат во Музеите на Македонија под инв. бр.: 746, 747, 748, 749 и 750. Оставата од 10-12 солиди на Василиј I, е пронајдена на Музеите на Македонија од неидентификувано лице и не е откупена. Кустосот Ј. Кондијанов направил фотографски снимки на монетите. За наведените податоци му благодарам.

[257] Според податоците на Бертинскиот летопис (*ИБИЛИБИ* VII/II, 287), бугарската држава во времето на кнезот Борис, по неговото покрстување и по завршувањето на големиот освојувачки бран, била поделена на десет, а според Летописот на Поп Дукљанин (*Летопис,* 109), на девет комитати.

[258] *Охрид и Охридско* I, 186-187. *Василевски,* Славянско-романскиот комитат Охрид и Скопие, 160 мисли дека Домета не бил наредниот комес на областа, туку областа Кутмичевица била одделена од постојниот Деволски комитат кој претставувал поголема воено-административна единица.

комитот Домета.[259] Таканаречениот Брегалнички комитат со седиште во утврдениот град Брегалница во времето на Борис I го раководел комитот Тарадин,[260] додека во времето на бугарскиот кнез а подоцна и цар Симеон (893-927), на чело на овој комитат стоел комесот Дистр.[261]

И. Пенева и Т. Василевски, врз основа на толкувањето на Данило, апокриф од XI век, за победата на бугарскиот кнез Борис - Михаил над "скопьскик вок" во Овче поле,[262] сметаат дека *податокот се однесува на судирот на бугарскиот кнез Борис - Михаил со комесот Котокиј, по отцепувањето на областа Кутмичевица*[263] *од Деволскиот комитат,* со кој управувал тој и нејзино предавање на управа на комесот Домета.[264] Поаѓајќи од фактот дека во Житието на Климент, Девол се споменува како главен центар на Кутмичевица каде се изведувала учителската дејност на Климент Охридски, Т. Василевски укажува дека од тоа може да се претпостави дека другите центри како Скопје, Битола и Охрид и понатаму останале во границите на комитатот со кој раководел Котокиј.[265] Расправајќи за етимологијата на името Котокиј (Котокиос) Т. Василевски

---

[259] *Житија на Климент Охридски,* (Пространото житие на Климент Охридски од Теофилакт, XVII), 125.

[260] *Пенева,* Тарадин и Котокий, 73-74 истакнува дека името Тарадин е најверојатно дводелно тракиско од типот на имиња кои завршуваат на -а. Во пораниот период името се изговарало како "Таридена."

[261] *Шишиł* I, 150-153; *Пенева,* Тарадин и Котокий, 74; *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие, 161-162.

[262] *Иванов, И.,* Богомилски книги и легенди, София 1970, 283 бел. 1. *Пенева,* Тарадин и Котокий, 74 Овче поле го локализира помеѓу Брегалница и Скопје, додека *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие,160 смета дека во прашање е Овче поле кое се наоѓало некаде блиску до Девол и Главиница. Поддржувајќи го првото гледиште ние укажуваме дека според В.Григорович (Очеркъ путешествія., 74) во првата половина на XIX век Пелагониската рамнина околу Битола се викала Овче-Поле. Според тоа, Домета не бил следниот управител на комитатот со центар во Девол, бидејќи истата не му била нему предадена, туку тој управувал со областа Кутмичевица од која бил формиран новиот тарканат кој од страна на Борис бил формиран со одделување од поголемата воено - управна единица - комитат, на чие чело пред и по одделувањето бил Котокиј

[263] *Пенева,* Тарадин и Котокий, 74 името на областа Кутмичевица го поврзува со зборот "кутмач" кој би требало да означува овчо млеко и млечни производи.

[264] *Житија на Климент Охридски,* (Пространото житие на Климент Охридски од Теофилакт, XVII), 125 "и Борис ја одделил Кутмичевица од Котокиј и за управител го поставил Домета, откако го ослободил од областа, му го предал блаженият Климент на Домета или поточно Домета на Климент, или уште поточно да кажеме ги предал еден на друг." Сп.: *Пенева,* Тарадин и Котокий.,74; *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие, 160-162.

[265] *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие, 160. *И.Пенева* (Тарадин и Котокий, 74) смета дека Котокиј бил сменет од управител на Комитатот Кутмичевица во 886 година во времето кога Борис - Михаил во истата област го испратил Климента да учителствува и да го шири христијанството. Неговото сменување од должноста е протолкувано како побуна или пак како резултат на недоволно исполнетите задачи на кои го обврзал кнезот Борис за брзо приведување на населението кон христијанската вера и култура.

го прифаќа мислењето на И. Пенева дека станува збор за старо дводелно тракиско име. Притоа укажува дека името на единствениот познат комес Котокиј, има непосредна врска со Скопје, поради силните остатоци на староседелечкото романизирано население каде можеле да се сочуваат старите имиња.[266] Претпоставката за останувањето на областите со центри во Охрид, Битола и Скопје, во составот на бугарската административна-воено-управна единица-комитат, во границите на комитатот на Котокиј, во извесна мера се поклопува со областите во кои биле населени Берзитите и каде долго време егзистирала Склавинијата Берзитија. Контроверзниот бунт на Котокиј кога неговата "скопска војска" била поразена од Борис-Михаил на Овче Поле,[267] може да се толкува како спротивставување на одредена политика на бугарскиот кнез во Македонија, но истовремено иако хронолошки недефинирано, може да се однесува на времето кога Скопската област односно Верзитија на чие чело се наоѓал Котокиј, дошла во судир со бугарските војски кои ги започнале освојувањата во Македонија односно потчинувањето на Берзитија. Т. Василевски смета дека главната движечка сила на востанието, за отфрлање на Бугарската власт во Македонија во 969 година, ја имал комитатот на Котокиј, за чиј наследник од средината на X век, бил комесот Никола, таткото на Комитопулите Давид, Арон, Мојсеј и Самоил.[268]

Материјалните остатоци на Скопското Кале, главно керамика, односно грнчарски производи, постоењето на населбата на ова место со голема сигурност го датираат во IX и X век.[269] Најраниот засега познат нумизматички материјал, кој сеуште не е објавен, го потврдува постоењето на словенската населба Скопје на Калето во првата половина на X век, што не значи дека населбата не постоела и порано. Станува збор за шест фрагменти од бакарни чанкасти монети - скифати кои му припаѓаат на

---

[266] *Пенева,* Тарадин и Котокий, 74 како името Тарадин така и името Котокиј според авторката недвосмислено хронолошки се прецизираат кон крајот на IX век во ареалот на реката Брегалница и соседната област Овче Поле; *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие,160.

[267] *Иванов,* Богомилски книги и легенди, 283 бел. 1.

[268] *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие,160, 162.

[269] *Babić, B.,* Wann sind die ältesten Teile der mittelalterlichen Burg Kale in Skopje gebaut, Actes VIII 1971, t. III, 1973, 359-364; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 118-121 сл. 68; *Бабиќ- Микулчиќ,* Скопско Кале, 58; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 300-304 сл. 143.

Константин VII Порфирогенит (913-959).[270] Ако се има во предвид дека на Калето, освен археолошките ископувања во 1953 и 1967 година, не се вршени други истражувања, постои голема веројатност од откривање на нови материјални остатоци така и нумизматички материјал, кои ќе фрлат нова светлина на неговото минато.[271] Од Скопската област односно од локалитетот Таор потекнуваат една трокрака гроздолисна обетка од X век и една бронзена монета на Роман I Лакапин.[272]

[270] Монетите се откриени при археолошките ископувања во 1967 година на Скопското Кале и истите се наоѓаат во Музејот на град Скопје, евидентирани под инв. бр.172 (вл.кни.4157). Инаку на територијата на Македонија засега од десеттиот век познати се еден солид на Константин VII и Роман II Лакапин (920-944) кован помеѓу 945-959 (*Размоска, Д.,* Преглед на византиски монети од V до XIII век во нумизматичката збирка во Охрид, Лихнид 5, Охрид 1983, 85, 90 бр.23) и солид на Роман I Лакапин кован помеѓу 921-927 година, пронајден на лок. Варош, Прилеп и истиот се наоѓа во Музејот во Прилеп заведен под инв.бр. 65 (*Културно благо Прилепа,* VI-XIV век, Прилеп-Крушевац 1975, 49 бр. 164).

[271] При уредувањето на просторот на Калето во првата половина на 1998 година, не се вршени археолошки истражувања, иако тоа беше идеална можност со минимални средства да се извршат дополнителни истражувања.

[272] Археолошка карта, 2, 386. Информацијата за монетата ми ја соопшти г-дин И.Станчевски постдипломец на катедрата за Историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет Скопје, за што му благодарам. Монетата сеуште не се евидентира во Музејот на Македонија.

ГЛАВА ВТОРА

СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ВО ВРЕМЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЦАРСТВО (969- 1018)

1. Скопје во времето на Комитопулите и владеењето на Самоил

Заплетот на односите помеѓу Византија и Бугарија во 963, а особено во 968 година, кога рускиот кназ Свјатослав повик од Византија, особено се заострил со брзото руско навлегување во внатрешноста на Бугарија. Смртта на бугарскиот цар Петар (927-969) на 30 јануари 969 година, вториот руски поход, кога била освоена бугарската престолнина и заробен бугарскиот цар Борис II, довеле до нивно навлегување до Филипополис, со што Византија била ставена во руска реална опасност.[1]

Додека источните делови на Бугарското царство се наоѓале под руска окупација, другите западни области, како Македонија и Скопската област, останале незасегнати од воениот виор. Во такви околности, на политичката сцена во Македонија се појавиле Комитопулите, кои формирале нова држава со центар во Преспа и Охрид. Јован Скилица соопштувајќи за смртта на бугарскиот цар Петар во 969 година, и за неговите синови Борис и Роман кои се наоѓале во византиската престолнина пишува: "беа *испратени* во Бугарија*за да го зачуваат татковото Царство, и да ги спречат Комитопулите понатаму да напредуваат (καὶ τοὺς κομητοπώλους ἀπείρξωσι τῆς πρόσω φορᾶς).* Името Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, *синови на еден од оние комити кои во Бугарија можеа многу да стораш* (ἑνὸς τῶν μέγα δυνηθέντων ἐν Βουλγαρία), сонуваа за востание (πρὸς ἀποστασίαν ἀπεῖδον) и ја вознемируваа државата на Бугарите."[2] Од наведеното, меѓу

---

[1] *Анастасијевиќ, Д.,* Година савеза Фокина с Бугарима, ГСНД XI (1932), 51-59; *Каршиковски, П.О.,* О хронологии русско-византийской войны при Святослава, Ввр. V (1952), 127-138; *Острогорски,* Историја на Византија, 278-279; *Пириватриќ,* Два хронолошка прилога, 51-62 и *Истиот,* Самуилова држава, 40-44, врз основа на критички осврт на изворите дефинитивно го отфрлил гледиштето во литературата дека бугарскиот цар Петар умрел на 30 јануари 970, покрај постоечкото гледиште дека тој настан се случил на 30 јануари 969 година. Истиот автор (Самуилова држава, 44-48; 57-71;73 сл.) го ревидирал старото гледиште на Београдската византолошка школа во врска со востанието на Комитопулите во 969 година и потврдува дека Комитопулите според изворите прв пат востанале во 969 година, по смртта на бугарскиот цар Петар и втор пат во 976 година по смртта на византискиот цар Јован I Цимискиј.

[2] *Scylitzes.,* 255 (74)-256 (80). Хроничарот Јован Зонара (*Zonaras.,* III, 495, 11-13), во врска со овие настани ќе рече дека после смртта на бугарскиот цар Петар, на неговите синови, кои се наоѓале во Цариград, им било дозволено да се вратат и да ја превземат татковата власт "затоа што четворицата синови на еден од комесите во Бугарија, Давид, Мојсеј Арон и Самоил, **одметнувајќи се** *ги побунија Бугарите* (ἀποστήσαντες τοὺς

другото може да се извлече заклучок дека отсуството на крунисана глава на бугарскиот трон, по смртта на Петар I, покрај влошената военополитичка состојба во Бугарија, била главна причина што Комитопулите решиле да се побунат и да ја отфрлат бугарската власт, додека брзото испраќање на Борис и Роман од Цариград во Велики Преслав и покрај евидентната руска окупација, било сторено со цел тие "да го зачуваат татковото Царство и да ги спречат Комитопулите понатаму да напредуваат." Во изворите нема никакви податоци, каков бил односот кон Комитопулите од страна на бугарскиот цар Борис II (969-971) по зацврстувањето на неговата царската власт, и дали бил превземен репресивен однос кон нив, или пак дошло до некаква спогодба. Какви биле целите на Комитопулите и дали тие во своето одметништво од бугарската власт, во услови кога источниот дел од земјата се наоѓал во руска окупација биле од некого поттикнувани, изворите молчат. Сепак, податокот дека тие биле синови на комесот Никола, чиј комитат најверојано граничел со византиските територии околу Драч, наведува на можност од инволвираност на византискиот фактор во нивното одметништво.[3] На таквата можност упатуваа податокот дека еден од синовите на комесот Никола, односно Самоил, во сеуште неопределен хронолошки термин, бил оженет за Агата ќерката на протевонот на Драч Јован Хрисилиј, брачна врска која поради соседството на територииите можела да има политичка боја.[4]

Понатамошниот развој на настаните во источниот дел на Бугарија, кои се одвивале далеку од доменот на Комитопулите, како да им одел во прилог. Градот Скопје и Скопската област најверојатно влегувале во составот ва востанатите области на Комитопулите, но конкретни податоци нема. Во 970 година, бугарскиот цар се наоѓал во руско заробеништво. Јован I Цимискиј (969-976) засегнат од руското присуство на Балканот, се

Βουλγάρους ἀνέσειον)." За востанието на Комитопулите известува и Јован Геометар (*PG* CVI, ed. *J.P.Migne*, Paris 1883, p. 920; *ВИИНЈ* III, 24-25; *Документи* I, 88).

[3] Пириватриќ,Самуилова држава, 60-61 расправајќи за местото на комесот Никола во административниот систем на Бугарската држава, истакнува дека тој припаѓал на слојот на надворешните (ἔξω) бољари, односно дека управувал со погранична област на државата кон византискиот Драч.

[4] Scylitzes., 349, 50-51 (Prokić, Zusätze, No. 22,31). Пириватриќ,Самуилова држава, 78-79 истакнува дека бракот на Самоил со Агата настанал како резултат наполитичката флексибилност на драчкото граѓанство заради локалните интереси "који је орођивањем са "одметником" претпостављен доследној лојалности византијском цару. Несумњиве су трговачке последице који је овај брак доносио"

обидел по мирен пат да го реши руско-византискиот спор.[5] Неуспешните преговори довеле во византиско воено ангажирање во пролетта 970 година, најнапред кај Аркадиопол. Византискиот цар на јуриш го завзел Велики Преслав, ги разбил Русите, го ослободил бугарскиот цар од руско заробеништво и го поздравил како владетел. Во јули 971 година, опсадената руска војска во Силистрија, била принудена да склучи мир и да се повлече. Есента 971 година, царот Јован Цимискиј во триумфалната поворка во Константинопол, го водел со себе бугарскиот цар Борис II со негово семејство и брат му Роман. Нему му биле симнати царските обележја, по што византискиот цар му доделил дворски чин магистер.[6] По истерувањето на Русите Византија ја анектирала Бугарија и воспоставила нов тематски систем.[7]

Што станало со востанатите области од Комитопулите, помеѓу нив и Скопската област и како тие се однесувале кон византискиот цар, засега изворите молчат, но може да се претпостави дека и тие формално ја признале византиската власт. Во услови кога според извесни имформации византиските војсководачи успеале да воспостават извесна гарнизонска власт во Рашка и Србија, особено актуелна станува положбата на Скопје и Скопската област по 971 година, во државата на Комитопулите.[8] Додека

---

[5] Русите барале Византија да им го отстапи европскиот дел со се Цариград, и да се повлече во Азија. Сп.: *Мутавчиев, П.,* Русско-болгарские отношения при Святославе, Sem.Cond., 4 (1931)77 sq.; *Левченко,* Русско-византийски отношения, 238-279; *Острогорски,* Историја, 281; *Сахаров, А. Н.,* Дипломатия Святослава, Москва 1982, 148-182; Пириватрић,Самуилова држава, 48-50.

[6] *Scylitzes,* 328 (63-69).

[7] Од источниот дел на Бугарското царство, биле формирани: темата Месопотамија на Запад темата потчинета на стратегот на Доростол и Јоанопол, додека областа Боруј ја управувал посебен стратег. Во југоисточна Македонија од темата Стримон била издвоена нова тема под името Нови Стримон, малата тема под името Драговитија (формирањето на овие теми потврдено е со печати на нивните управници, сп.: Јорданов, Печатите в Преслав, 119-121 бр. 220-223; 142-143 бр. 283-288) и темата Верија. Со Драч и Далмација по 971 година се споменува дека управувал стратег. За ова сп.: Oikonomides, N., Les listes de présénce byzantines des IXe et Xe siècles, Paris 1972, 356-357 (според Пириватрић,Самуилова држава, 54). Врз основа на податоците на Поп Дуклјанин како и два сочувани печати се смета дека Византија во истото време воспоставила симболична власт во Рашка (протоспатариј) и Србија преку стратег на Морава (сп.: *Пириватрић,*Самуилова држава, 54-55).

[8] Според летописот на Поп Дуклјанин (Љетопис, 122) по смрта на бугарскиот цар Петар во 969 година "...грчкиот цар, откако собра моќна војска, ја освои цела Бугарија и ја потчини под своја власт. Потоа таму остави своја војска и се врати на својот двор. А неговите војсководачи, дојдоа со војска во областа Рашка и целата ја завзедоа. Рашкиот жупан побегна и отиде кај кралот Прелимир...". Овие податоци иако од подоцнежен автор, можат да упатуваат на востаничко раздвижување во Рашка по смртта на бугарскиот цар во 969 година, како и српски антивизантиски став во византиско-рускиот судир околу Бугарија.

Византија настојувала да ги среди воените состојби на Истокот, извесни индиции укажуваат дека Комитопулите настојувале да добијат меѓународна поткрепа. Според западните извори, на Велигденската прослава на 23.03.973 година, во отсуство на бугарска крунисана глава, кај германскиот крал Отон I, пристигнале двајца пратеници на Комитопулите.[9] Што се случувало понатаму во Македонија со Комитопулите до 976 година и каква била состојбата во Скопската област изворите молчат.

По смртта на византискиот цар Јован I Цимискиј на 10 јануари 976 година според Јован Скилица "Откако Бугарите...востанаа, за свои владетели ги избраа четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, кои беа синови на еден многу моќен комес кај Бугарите и затоа се наречени комитопули (ἑνὸς τῶν παρὰ Βουλγάροις μέγα δυνηθέντων κόμητος ὄντες παῖδες)."[10] Податокот за второто востание на Комитопулите во 976 година скоро истоветно го потврдува и хроничарот Јован Зонара, со што се отпаѓаат претпоставките дека кај Јован Скилица настанала грешка. Во врска со истиот настан Ј. Зонара пишува: "Бугарите повторно (αὖθις) се побунија. Штом беше објавена смртта на Цимискиј, им ја предадоа својата власт на четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, кои се нарекуваа комитопули, затоа што беа синови на еден од нивните угледни и наречен комита (ὅτι υἱοὶ γεγόνασιν ἑνὸς τῶν παρ' αὐτοῖς ἐπισήμων καὶ λεγομένων κομήτων)."[11]

Со второто востание на Комитопулите од 976 година, со кое дефинитивното била отфрлена на византиската власт во Македонија, со постепеното наметнување на чело на новата држава на Арон и Самоил, до

---

[9] *Анѓолјак,* Средновековна Македонија I, 334-342; *Молинѓен,* Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 66 =(*Molingen,* Les fils de Pierre de Bulgarie et les Cométopoules, 415). Во најново време С. Пириватриќ (Самуилова држава, 69-70) неаргументирано ја отфрла можноста дека Комитопулите во 969 година во Македонија формирале држава. Податоците во Analite за присуство на "...legationes ... Bulgarorum duo" на дворот на Отон I во 973 година, ги отфрла како недоволно одредени. Иако веќе има истакнато дека Јован I Цимискиј во источниот дел на Бугарија воспоставил тематски систем, а своја власт воспоставил и во други области, дозволува дека станува збор "о покушају локалних структура из неосвојених области Бугарске да посланством у Кведлинбург осигурају одређени положај у међународним односима" став кој е недоволно сериозен.

[10] *Scylitzes,* 328 (57-61); ВИИНЈ III, 59-67.

[11] *Zonaras* III, 547 (5-9); ВИИНЈ III, 246. Пириватриќ,Самуилова држава, 77-78 и бел. 12 со останатите гледишта, сосема аргументирано укажува дека врз основа на Скилица може да се заклучи дека до востанички движења дошло само во Македонија, односно во областите на Комитопулите, додека во останатите делови во Бугарија византиската власт била цврста се до 986 година, кога по Битката кај Трајановата врата 986 и тие области паднале под власта на Самоил.

издигнувањето на Самоил како единствен владетел, кон крајот на X век, постепено ја издигнала улогата и местото на Скопје и Скопската област во новата држава.[12] Според Т. Василевски, новата држава најнапред ги зафаќала областите помеѓу Скопје, Охрид и Битола, односно областите на комитатот на Котокиј, во времето на дејноста на Климент Охридски.[13] Скопје се наоѓало на северната периферија на државата. На северозапад се простирала Рашката држава, а на североисток византиските владенија од потчинетата бугарска држава. Поради фактот дека градот се наоѓал на извонредно стратегиско место, од кое можело да се контролира патот по Моравско-вардарската долина, кој овозможувал брзо пристигнување на северозапад кон Рашка и Зета, на север кон Београд и Видин, на североисток кон Сердика и старите бугарски престолнини на Дунав, на југозапад кон Охрид и Драч, а на југ кон внатрешноста на Македонија и Солун, се јавила потребата од негово утврдување. Првото поголемо утврдувањето на градот можело да се изврши во периодот на византиско-руските воени дејствија кои се одвивале далеку од територијата на Комитопулите; во периодот од 972-976; или пак во периодот помеѓу 976 и 986 година, пред битката кај Трајановата врата. Временскиот период од 10 години на зафатеност на византискиот цар (976-986) со воените дејствија на Исток и внатрешните немири, им овозможиле на Комитопулите Арон и Самоил, да ги утврдат најистурените области на својата држава. Оправданоста од утврдување на Скопје се покажала како сосема реална бидејќи во 986 година, византиски цар Василиј II движејќи се по Via Militaris, имал намера да навлезе од североисток во срцето на државата на Комитопулите. Археолошките ископувања на Скопското Кале потврдуваат дека утврдувањето било вршено на брзина без некое градителско искуство.

---

[12] Според летописот на Поп Дуклјанин (Љетопис, 122-123), после смртта на Јован Цимискиј во Рашка дошло до немири против византиската власт. Византиските воени гарнизони биле нападнати, војниците убиени а Србите поставиле свои жупани. Пириватрић, Самуилова држава, 92 мисли дека областа Рас била надвор од влијанието на востанатите Комитопули барем во првите години по 976. Но со оглед на појавениот рашки антивизантиски став во византиско-рускиот судир околу Бугарија во 971 година, како и податците за елиминирањето на византиската власт во Рашка 976 година, барем ако малку му се верува на Поп Дукљанин, би можело да упатува на улогата на Скопје во трансмисија на вестите за смртта на византискиот цар и востанието на Комитопулите во Македонија на север, по што дошло до отстранување на византиската власт и во Рашка.

[13] *Василевски,* Славянско-романският комитат Охрид и Скопие, 160-162. Пириватрић, Самуилова држава, 77-79 врз основа на повеќе показатели укажува дека центарот на Комитопулите за време на востанието 969 и 976 година се наоѓал во поширокатa област на Преспа.

Откриениот подвижен археолошки материјал, керамика и други наоди, исто така укажуваат на датирање на утврдувањето на населбата на Скопското Кале во втората половина на X век, односно во поширока хронолошка рамка помеѓу 976 и илјадитата година.[14]

По веста за востанието на Комитопулите во Македонија околу 979 година, детрониранот бугарски цар Борис II и неговиот брат Роман, кои се наоѓале во византиската престолнина, го напуштиле Цариград и се упатиле кон Комитопулите. На границата помеѓу Византија и новата македонска држава, од страна на македонските граничари, Борис II бил убиен, додека Роман успеал да се претстави и бил упатен во Видин во северна Бугарија. Испраќањето на Роман во Видин би можело да се поврзе со намерата на Комитопулите да ги придобијат севернобугарските области под своја контрола.[15] Набргу, од Видин Самоил го преместил Романа во Скопје, и градот му го доверил на управување. Така може да се разбере од податоците на Јован Скилица, Ј. Зонара, хилендарскиот превод на Манасиевата хроника и словенскиот превод на Хрониката на Симеон Логотет, кои зборуваат за историјата на градот кон почетокот на XI век.[16] Кон крајот на X век, во времето на владеењето на Самоил, Скопје се споменува како епископски центар на Преспанската патријаршија, недвосмислена индикација не само за високото место на Скопска епископија, туку и за брзиот раст на градот Скопје и неговото значење во рамките на Македонското Царство.[17]

Ваквиот раст барал и соодветно утврдување на градот. Археолошките податоци за обемот на утврдувањето на градот укажуваат

---

[14] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 118-122; *Бабиќ-Микулчиќ,* Скопско Кале, 58; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 300-301.

[15] *Scylitzes,* 328 (68) -329 (77). Околу хронологијата кога Борис II и Роман го напуштиле Константинопол и се упатиле кон Комитопулите постојат различни мислења. Најчесто се споменуваат 976, 978 и 986 година. Аргументите за 978 година кои ги изнеле составувачите на *ВИИНЈ* III, 71-75 бел. 19 се доста убедливи, наспроти *Молинген,* Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 67-68 = (*Molingen,* Les fils de Pierre de Bulgarie et les Cométopoules, 416-417) која смета дека бегството на Борис и Роман можело да се случи најдоцна во 985 односно 986 година. *Пириватирић,* Самуилова држава, 76 поаѓајќи од претпоставлката дека Воден бил црковно седиште на Комитопулите во 978 година, прави конструкција дека Роман по убиството на брат му бил упатен не во Видин, туку во Воден.

[16] *Scylitzs,* 346 (64-69); *Zonaras* III, 560 (15-18); *Иванов,* Български старини, 633; Хроника Симеона Логоθета, 159. Вестите на другите извори сосема е воочлво дека се зависни од Ј, Скилица. *ВИИНЈ* III, 102-103 бел. 86 во коментарот на Ј. Скилица детално коментирајќи ги вестите на различни извори околу управувањето на Роман со градот Скиџе, погрешно ја сфатиле веста на Манасиевата Хроника за предавањето на градот Скопје од страна на Роман на Византијците, дека по тој настан, византискиот цар градот му го дал на Романа и понатаму да го управува.

[17] *Иванов,* Български старини, 57.

дека тие биле изведени во периодот помеѓу 976 и 1000 година, поради неговото значење како периферен град кој бил близу до византиско (рашко)-македонската граница, од северо-запад и североисток, барем во првите дваесетина години по дефинитивното осамостојување на Македонската држава.[18] Воените операции кои се воделе во неговата близина во тој временски период, можат да укажуваат на брзото зголемување на значењето на Скопје за Самоил и Арон.

Археолошките ископувања извршени во Скопската област последниве години и анализата на материјалните остатоци и малубројниот нумизматички материјал укажуваат на постоење на барем уште две поголеми населби, покрај Скопје, чие постоење сигурно може да се потврди од X век и понатаму. Имено на Водно на лок. "Маркови Кули" на остатоците на рановизантиското утврдување кое настрадало од Словенските напади во текот на VI и VII век, во новите услови во X век повторно започнало утврдувањето на малата населба во обем 130-80 м. Поради нараснатото стратегиско значење на Скопје и Скопската котлина, во времето на Комитопулите и Самоил, биле обновени четири кули на источниот ѕид и челниот бастион. Присуството на монета анонимен фолис на Василиј II од овој локалитет, покрај многубројната керамика, го потврдува со голема веројатност егзистирањето на населбата во X век, а нејзиното егзиститање во следните векови, потврдено во пишаните извори, е поврзано со градот Чрнче.[19] Втората утврдената населба на лок. "Давина" кај с. Чучер на североисточните падини на Скопска Црна Гора ја контролирала Качаничката клисура и патниот правец кој водел на север кон Косово, а со самото тоа и влезот во Скопската Котлина од северозапад. Материјалните остатоци го потврдуваат постоењето на населбата во VII, VIII, IX и X век, додека нумизматичките наоди во XII и XIII век.[20]

Воените дејствија на Комитопулите за проширување и зацврстување на државата најверојатно оделе паралелно со византиската зафатеност на Исток и зафатеноста со претендентите за царската круна. Смртта на Давид

---

[18] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 118-122; *Бабиќ-Микулчиќ,* Скопско Кале, 58; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 300-301

[19] *Никуљска, Н. - Микулчиќ И.,* Маркови Кули,Водно, Скопје 1078, МАА 6, 1980, Скопје 1983, 123-133; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 284-290, сл. 129, 132; *Иванишевиќ -Кондијанов,* Наоди на византиски фолеси од крајот на X и XI век во Македонија, МНГ 1, 86-89, 95.

[20] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 309-311.

во областите помеѓу Костур и Преспа, би можело да претпостави воени акции во тој правец уште во 976 година, веднаш по одметнувањето (τῆς ἀποστασίας) или по дигањето на востанието (ἀναιρεθείς).[21] Употребената формула дека Давид умира веднаш (εὐθὺς ἀπεβίω), би требало да укажува дека другите браќа умреле подоцна.[22]

Улогата на Скопје во македонско-византискиот судир, односно битката кај Тријадица (Сердика) на 17 август 986 година, била особено значајна како поради близината на овој град до Сердика каде се очекувало пристигнувањето на византискиот цар, така и од причини што Скопје како утврден град во овие настани имало улога на значајна позадина, каде биле сконцентрирани дополнителни сили кои можеле да имаат важна улога во позитивниот исход на битката за македонската страна. Скопје, покрај Сердика претставувало најзначајно воено утврдување на Комитопулите со граничните византиски области во на битката. Византискиот цар Василиј II со голема војска и кон крајот на август ја опсадил Сердика, која се наоѓала во рацете на Комитопулите. По дваесетдневна неуспешна опсада, пропратена со големи материјални и човечки загуби, по наговор на доместикот на Западот Стефан Кондостефан, византискиот цар решил да тргне назад кон престолнината. Користејќи го таквиот развој на настаните македонската војска предводена од Самоил, според Ј. Скилица, а според дополнувањата на Михаил Деволски во нападот учествувале Арон со Роман, византиската војска на 17 август 986 година, кај Трајановата врата (Ихтимански теснец) била нападната и поразена. Покрај тешките човечки загуби кои ги претрпеле Византијците, Комитопулите го заробиле и царскиот шатор со инсигниите.[23]

---

[21] *Prokić*, Die Zusätze, 28 No.6; *Scylitzes*, 329 (77-79); *ВИИНЈ* III, 71-75.

[22] *Молинген*, Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 67-68 =(*Molingen*, Les fils de Pierre de Bulgarie et les Cométopoules, 417). Авторите на *ВИИНЈ* III,75-76 бел. 20 се сложуваат со можноста Давид да загинал во 976 година, но истовремено ги изнесуваат различните гледишта во науката по тоа прашање. *Пириватрић*, Самуилова држава, 79-80 и бел. 17 на веста за убиството на Давид изнесува различни гледишта околу значењето на терминот "Власи патници (Βλαχῶν ὁδιτῶν)."

[23] *Scylitzes*, 330, 10-331, 43; *Prokić*, Die Zusätzte, 29 No. 13; ВИИНЈ III, 84-86; *Мошон*, Битољска плоча из 1017 године, 52; *Заимов - Заимова*, Битолски натпис на Иван Владислав, 33; *Томовић*, Морфологија ћирилских натписа, 33. Битолска плоча на македонскиот цар Јован Владислав, по повод утврдувањето на Битола во 1016 година констатира: "арона старѣишаго же врата самоꙋила самодрьжавьнаго. ѥже ї развїсте въ клисоурѣ воискъ грцкъ ц(а)рѣ кюр васїлїа. кдеже вьзѧто вы ѕлато." Точниот датумот на битката кај Трајановата врата го соопштува Јахја Антиохијски, (*Розен*, Император Василиј Болгаробојца, 21 бел. 146, 147 с. 186-190) според кого византиската војска го претрпела поразот "во вторник на

Во битката кај Трајановата врата, најверојатно индиректно учествувал и Мојсеј, како поддршка на главнината на македонски сили, а за ослабување на византиската војска под команда на Василиј II. Податоците за Мојсеј изворите се доста контроверзни. Според Ј. Скилица, Мојсеј загинал опседнувајќи го Сер погоден со камен од ѕидините,[24] што би значело дека загинал при опсадувањето на градот. Според дополнувачот на Јован Скилица епископот Михаил Деволски односно ракописот U, Мојсеј загинал при опседнувањето на Сер "откако коњот му се засопнал *убиен е од некој по̄чинет на дуксо̄т Мелисин,*" додека ракописот А известува дека "некој велат дека Мојсеј не бил погоден со камен, туку дека откако коњот му се засопнал, бил убиен од некој од придружбата на Мелисин."[25] Хронологијата околу неговото загинување е доста неизедначена и се движи од 976 до 986 па дури според некои автори тоа се случило во почетокот на последната деценија на X век.[26] Следејќи ги податоците на Ј. Скилица како и дополнувањата на епископот Михаил од Девол, недвосмислено се наметнува претпоставката дека Мојсеј загинал во воена акција против Византијците кај Сер, при неговата опсада. Овој настан хронолошки би можел да се поврзе со битката кај Трајановата врата во 986 година. Од изворите е познато дека византиската војска во летото 986 година предводена од Василиј II, тргнала во воен поход против Самоил и Арон, чија главнина се наоѓала во утврдената Сердика и нејзината околина во очекување на византиската војска. Најверојатно заради ослабување на византискиот удар тие го испратиле Мојсеј да го опседнува Сер. Со ваквата тактика, тој можел да ги испровоцира Византијците и да привлече кон себе значителни воени сили, а на Самоил и Арон да им овозможи полесно да се справат со главнината на византиската војска. Ваквата тактика со

---

17 Аба (Август) 1297 (986) т.е. 7 Раба II 376)." За различните гледишта околу определувањето на хронологијата на битката кај Трајановата врата, во постарата и поновата литература сп.: ВИИНЈ III, 15 бел. 1. За оваа битка од византиските автори известуваат уште Лав Ѓакон и Јован Геометар, сп.: *Пириватриќ*, Самуилова држава, 93-95.

[24] *Scylitzes,* 329 (81-82). *Zonaras* III, 547 (13-14) скоро да го парафразира Ј.Скилица велејќи " а Мојсие опседнувајќи го Сер бил погоден од камен и веднаш умрел."

[25] *Prokić,* Die Zusätzte, 29 No. 8; *Scylitzes,* 328(83-85); *ВИИНЈ* III, 76.

[26] За тоа поопширно види *ВИИНЈ* III, 76-77 бел. 21 кои се залагаат за 976 како година на смртта на Мојсеј. Во македонската историографија 976 година е прифатена како година на смртта на Мојсеј, иако изворите се доста контроверзни (сп.: *Ташковски,* Самуиловото царство, 101; *ИМН* I, 120; *Антиљак,* Средновековна Македонија I, 360-362; *Охрид и охридско* I, (*Б. Панов*) 194-195); *Пириватриќ*, Самуилова држава, 80 и бел. 19 не се изјаснува за хронологијата на Мојсијевата смрт кај Сер, и ја отфрла инволвираноста на Лав Мелисин во неговата смрт.

изненадеен и брз напад на Византијците на спротивен правец од делувањето на византискиот главен напад е позната воена тактика на Самоил.

Споменувањето на византискиот војсководач Мелисин во врска со настаните околу Сер, кој би требало да се поистовети со магистерот Лав Мелесин кој учествувал во воениот поход предводен од византискиот цар во 986 година, треба да се сфати како прифаќање на предизвикот на Мојсеј и постигнување на целта, односно одвлекување на византиски сили од позадината во Филипополис, под команда на некој од потчинетите команданти на Мелесин и нивно насочување кон Сѐр. Од друга страна евентуалниот успех и продор на Мојсеј кон Сер и понатаму на исток, можел да го загрози повлекувањето на главнината на византиската војска што можеби имало решавачка улога во гласините за побуната на Лав Мелесин. Ваквата наша претпоставка може да се базира и на извесни изворни податоци на Ј. Скилица. Опишувајќи го походот на византискиот цар од престолнината кон Седика каде се наоѓала војската на Самоил, тој вели дека Василиј II во Бугарија стигнал низ областа крај Родопите и реката Марица, оставајќи го позади магистерот Лав Мелесин кому му наредил да ги чува тесниците, додека самиот преминувајќи ги клисурите и шумите помеѓу границата и Тријадица, која некогаш се викала Сердика, стигнал до местото Стипион, каде поставил логор. Таму ги подготвувал плановите за опсада на Сердика, која се наоѓала во рацете на Комитопулите. Византискиот цар ги примил вестите дека Самоил ги држи под контрола околните ридови и се плаши од отворена битка, како и веста на Стефан доместикот на Схолите на Запад, дека Лав Мелесин се побунил против Царството и тргнал кон престолнината, со совет царот да се повлече веднаш кон Цариград.[27] Според Ј. Скилица може да се констатира дека доместикот на војските на Западот гаел омраза (ἀπεχθέστατος) кон магистерот Лав Мелисин,[28] но по се изгледа, доместикот Стефан погрешно го протолкувал брзото движење на дел од војските на магистерот, кој бил задолжен да ја чува позадината. Лав Мелисин немал завереничка намера туку придвижувањето на дел од

[27] По претрпениот пораз и повлекувањето царот во Филипополис го нашол Мелисин како сосема ревносно ја извршува поставената му задача. *Scylitzes*, 330 (10)-331 (46).

[28] *Scylitzes*, 331, 34. Лав Ѓакон (Leonis Diaconi Caloënsis Historiae libri decem, rec. *C.B.Hasse*, Bonnae 1828, 171, 13) зборувајќи за византискиот поход на Сердика споменува судир на воените команданти, преку изразот "злодела (κακοπαραγία)."

неговата војска назад кон престолнината, по Via Militaris а потоа на запад по Via Egnatia, било најверојатно предизвикано од нападот и опсадата на Сер од страна на Мојсеј, со што се загрозувала византиската позадина. Со брзата воена акција тој успеал да го спаси Сер, како и да го елиминира Мојсеј, но од друга страна поради некоординираност на акцијата со доместикот на Западот, предизвикал погрешна проценка околу намерата за движењето на неговите војски и станал главен виновник за недоразбирањето и византискиот пораз кај Трајановата врата. Ако нашето толкување на Ј. Скилица во наведениот случај е исправно, тогаш смртта на Мојсеј би требало да се датира во август 986 година.[29]

По победата над византиската војска кај Трајановата врата Комитопулите Самоил и Арон успеале да ја воспостават својата контрола над територииte во североисточна Бугарија и Србија. Но наскоро дошло до меѓусебна пресметка помеѓу Комитопулите Самоил и Арон кај Раметаница, при што последниот бил убиен. Датумот на убиството на Арон треба да се помести од 16 јули односно јуни 976 година, на 16 јуни по 986 година.[30] Прифаќајќи го гледиштето за учеството на комитопулот Арон во битката кај Ихтиман 986 година, засновано на неколку изворни податоци, ги поддржуваме гледиштата дека пресметката помеѓу Самоил и Арон се случила по 987 година.

---

[29] *Молинген,* Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 67 =(*Molingen,* Les fils de Pierre de Bulgarie et les Cométopoules, 417.).

[30] Годината на смртта на Арон прифатена според дополнувањата на Михаил Деволски рачунајќи го неговото учество во битката кај Трајановата врата летото 986 година, во историографијата исто така е различно определена. Главно праовладува мислењето дека пресметката на Самоил со неговиот постар брат Арон односно смртта на последниот се случила помеѓу 17 август 986 битката кај Трајановата врата, каде Арон учествувал и 14 јуни 992/3 година, кога во црквата Св, Герман на о. Преспа биле преместени коските на Никола, Рипсимија и Давид, односно Самоиловиот надгробен натпис во спомен на неговиот покоен татко, мајка и брат а во кој, Арон не се споменува како жив. *Златарски,* История I/2, 668; *Истиот,* История II, 44 смета дека пресметката помеѓу Самоил и Арон односно убиството на вториот се случило на 14 јуни 987 година, ваквата хронологија ја прифаќа и *Dvornik,* Les Slaves, 129; *Adontz,* Samuel l'Arménien, rois des Bulgares, Mémoires de l'Académie Royale de Belgique, Classe des Lettres 38 (1938), 12; Молинген, Синовите на Петар Бугарски и комитопулите, 67 =(*Molingen,* Les fils de Pierre de Bulgarie et les Cométopoules, 417-418); и *Пириваприќ,* Самуилова држава, 80-85. *Заимов - Заимова,* Битолски натпис на Иван Владислав, 97, 115 сметаат дека трагичната смрт на Арон се случила на 14 јули 987 или 988 година кај Разметница. *Венедиков,* Първият брак, 147 смета дека Арон бил убиен по 991 а пред 993 година, прифаќајќи ја претпоставката на И. Венедиков за смртта на Арон; *Коледаров,* Политическа география 1, 55 смета дека убиството се случило во 992 година, додека *Илјовски,* Византиско - унгарски сојуз, 77-78 бел. 9, 92 бел.53 и покрај прифаќањето на одредени аргументи на И. Венедиков смета дека пресметката помеѓу Самоил и Арон се случила во поширокиот временски распон меѓу 986 и 992/993 година.

Со смртта Мојсеј и убиството на Арон, на македонскиот двор дошла до израз воинствената политика на Самоил, кој ги занемарувал методите преку преговори со Византијците да ги подобри и среди односите помеѓу двете држави. Од друга страна византиското воено зајакнување на Солун преку поставувањето на магистер Григориј Таронит со доволно воени сили за да ги спречат Самоиловите евентуални напади во внатрешноста на Грција на почетокот на последната деценија на X век, како и византиската успешна воена офанзива против Самоил во 996 година би требало да бидат не само одговор на воинствениот Самоил, туку и значаен индикатор во промената на византиската политика кон македонската држава. Со влегувањето на територииите на Северна Бугарија, денешна Србија, Зета, Босна, дел од Далматинското крајбрежие како и Тесалија меѓу 986 и 996/7 година во составот на Македонската држава, Скопје за кратко време го губи значењето како град во внатрешноста. Имајќи го во предвид воениот поход на цар Самоил на Јадранот, околу 998 година против Дукља и опустошувањето на околината на Улцињ, Котор, Дубровник и опсадата на Задар, по што следи негово враќање преку Босна и Рашка[31] може да се претпостави дека на враќање за престолнината, Самоил со својата војска поминал низ Скопје и Скопската област.

2. Паѓање на градот Скопје и Скопската област под византиска власт

На дефинитивното паѓање на Скопје под византиска власт по се изгледа му претходеле две паѓања под византиска власт, по што Самоил успеал повторно да го освои и да го задржи се до 1018 година. Според Јахја Антиохијски тој настан се случил во 991 а според Ј. Скилица во 1003 година. Јахја Антиохиски под годината 991 пишува: византискиот цар "...встрѣтилъ царь Василій болгаръ и обратилъ ихъ въ бѣгство *и взялъ въ плѣнъ ихъ*

[31] Љетопис, 125-126 "Погореречениот Самоил, бугарски цар откако собра голема војска дојде во Далматинските области и удри на земјата на кралот Владимир. Кралот пак... понизно се повлече и со сите свои луѓе се качи на брдото кое се вика Облик." Самоил увидувајќи дека тврдината е неосвоива 'еден дел од својата војска го остави во подножјето на брдото, а останатиот дел го поведе со себе и тргна да го освои Улцињ." Откако Самоил преку преговори успеал да го придобие кралот Владимир "Царот веднаш го испрати во прогонство во охридските области во местото кое се вика Преспа...Потоа царот со војската долго време го напаѓаше Улцињ, но никако неможеше да го освои. Оттаму гневен се повлече и почна да руши, пали и пљачка по цела Далмација; градове пак Котор и Дубровник запали а целата околина и селата ги опустоши... царот помина се до Задар, а потоа преку босна и Рашка се врати во своето место." Поопширно за оваа воена експедиција на Самоил другите изворни податоци, како и хронологијата сп.: *Пириватрић*, Самуилова држава, 105-115.

царя и возвратилъ его̀ въ тѣмницу, изъ котóрой онъ бѣжалъ. И спасся Комитопулъ, начальникъ его войскъ, и управлял государствомъ болгарскимъ. И оставался царь Василій враждовать съ ними и воевать ихъ страны въ теженіе четырехъ лѣтъ."[32] Поаѓајќи од хронолошки прецизираната вест на овој автор, инаку современик на настаните, но многу оддалечен од местото каде се одвивале тие, една група на автори укажала доверба на неговата вест, дека Василиј II во 991 година превзел опсежна воена акција во која ја поразил македонската војска. При тоа нему му успеало да го зароби "*ихъ царя*" односно Роман[33] синот на бугарскиот цар Петар, кој претходно побегнал од цариградскиот затвор, додека Комитопулот под кој се има во предвид Самоил, со бегство се спасил од битката и продолжил да управува со државата сам. Имајќи ги во предвид вестите на Ј. Скилица дека Роман, по наредба на Самоил, од Видин бил упатен да управува со Скопје, упатува дека во 991 година, овој град бил освоен од Византијците, а Роман заробен. Истиот настан со заробувањето на Роман и предавањето на Скопје на Византијците кај Скилица е помешан со настаните поврзани по 1000-дитата година. [34] На вистинитоста на вестите на Јахја за заробувањето на Роман кај Скопје 991 година и неговото повторно враќање во Цариград, недвосмислено упатува Јован Скилица и дополнувањето на Михаил Деволски. Во новото критичко издание на Ј. Скилица, каде се уважени дополнувањата на Деволскиот епископ се вели дека по бегството на Борис и Роман од Цариград во 979 година, Борис бил убиен "а Роман среќно пристигна во Видини, малку подоцна се вратил во Цариград, како што на соодветно место ќе биде изложено (Ῥωμανὸς δὲ διασώζεται εἰς Βιδίνην, καὶ χρόνῳ ὕστερον ἐπάνεισι πάλιν εἰς τὴν

---

[32] *Розен,* Император Василій Болгаробойца, 27,34-28, 8.

[33] Иако Јахја Антиохијски Романа го нарекува цар, тој тоа никако неможел да биде бидејќи уште во 963 година бил шкопен во Цариград. Имајќи го во предвид неговото царско потекло, тој кај Самоил можел да има само номинална поткрепа во зацврстувањето на државата и стремежот на Самоил кон царската титула.

[34] *Златарски,* История I/2, 690-695; *Adontz,* Samuel, 26 *Пириватрић,* Самуилова држава, 100, 117, 144-146 и покрај колебливоста вооднос на вестите на Јахја за заробувањето и освојувањето на Скопје во 991 година смета: "Није могуће пружити неки јачи аргуменат у прилог претпоставци да је епизода са Романом и Самуиловим бегством после битке можда иста она коју без икаквих топонима доноси Јахја, а да је Скилица, који иначе ћути о царевој кампањи у Бугарској од 991, до 995., њу уметнуо у погрешно место. Иако Јахја каже да је Василије током четири године, од 991. до 995, ратовао у Бугарској...нема јасних наговештаја да је залазио у унутрашњости чак до Скопља. како год било, односила се ова вест о заузећу Скопља 991 или 1003. годину, није сигурно да је цар

βασιλίδα, ὡς ἐν τῷ ἰδίῳ τόπῳ λελέξεται)." J. Скилица сепак како што забележал С. Антолјак на ниедно место повеќе не се осврнува за Романовото враќање во Цариград.[35]

Вестите на Јахја за воената активност на византискиот цар во Македонија во тек на четири години на извесен начин се потврдени и кај J. Скилица. Според него Василиј II откако се ослободил од грижите со граѓанската војна во 991 година "размислувал како да ги уреди работите против Самоил и останатите топарси, кои искористувајќи ја сигурноста додека тој бил зафатен со востаниците, не мали зла им нанесувал на Ромејските области." Притоа изворот споменува воен поход на византискиот цар во земјите на Тракија и Македонија се до Солун.[36] Ако се има во предвид овој воен поход на византискиот цар како против Самоил, така и против останатите топарси во тек на четири години, би можело да се претпостави дека Роман како топарх со посебни овластувања, односно управник на Скопје, бил заробен од византискиот цар или при упад во внатрешноста до Скопје, бидејќи цел на византискиот напад биле и топарсите, односно управниците на одредени градови, или пак тој бил заробен подалеку од Скопје што е помалку веројатно. Ако се имаат во предвид податоците за византискиот напад на Самоиловите позиции во областите северно и североисточно од Солун, би можело да се претпостави дека Самоил зафатен со обезбедување на тие области, ја оставил небранета Вардарската долина, што овозможило уште во 991 година да биде нападнато и Скопје или неговата подалечна околина, при што бил заробен и Роман. Од друга страна, поразот на Самоил споменат кај Јаха Антиохиски, од заробувањето на Роман би требало територијално да се оддалечи, односно не треба да се поврзува со битката на Вардар, бидејќи изворот за тоа на друго место зборува, а хронолошки да се приближи. На ваков заклучок упатува податокот на J. Скилица кој под 991 година зборува за поход на Василиј II од една страна против Самоил, а од друга против топарсите. Ако може да им се верува на овие вести би можело да се каже

уопште задржао град у својим рукама." Составувачите на *ВИИИНЈ* III, 102 -103 бел. 86 изразиле јасна недоверба кон вестите на Јахја Антиохијски.

[35] Scylitzes, 329, 75-77.*Антолјак*, Самуиловата држава, 44 (= *Истиот*, Средновековна Македонија 1, 407-408).

[36] Scylitzes, 339, 64-69; ВИИНЈ III, 86-87 и бел. 38-39.Сп.: .*Антолјак*, Самуиловата држава, 44-48 (= *Истиот*, Средновековна Македонија 1, 406-415); *Пириватрић*, Самуиловата држава, 100.

дека Скопје останало без својот управник Роман уште во 991 година, а градот можеби краткотрајно бил освоен од Византијците, а потоа напуштен.

Вестите за борби околу Скопје повторно се појавуваат во изворите по 1000-дитата година. Зборувајќи за тие настани Јахја Антиохиски го пишува: "*царот се вратил во Бугарија за војна и останал таму четири години* и извојувал над Бугарите полна победа убивајќи и пленејќи. И бегал пред него Комитопулот нивниот цар. И завладеал тој со многу од неговите тврдини и разрушил некои од нив, а другите ги задржал за себе."[37] Во овој пасус, Јахја воопшто не го споменува Романа, нити дека тој го предал Скопје, туку само го споменува Комитопулот, под кого се има во предвид Самоил, споменат како цар. Ако овие вести се комбинираат со вестите на Ј. Скилица, може да се заклучи дека Јахја Антиохиски, зборува за византиските освојувања во Северна Бугарија по илјадитата година, кога биле освоени Велики и Мали Преслав и силно утврдениот Видин, додека битката со Комитопулот, може сосема основано да претставува алузија на поразот на Самоил кај Вардар, кога тој бил принуден да бега, а за што подетално известуваат византиските извори. Јован Скилица поинаку ги претставува настаните како во врска со завземањето на Скопје, заробувањето на Роман, така и поразот на Самоил на Вардар крај Скопје. Според него во пролетта или летото 999 година Василиј II презел опсежна воена офанзива против Самоил која завршила со длабоко навлегување во внатрешноста на Македонското царство, при што биле разрушени повеќе неименувани утврдувања околу Сердика.[38] Со оваа офанзива поради византиското приближување кон Сердика за првпат се јавила реална опасност за Скопје, но опасноста била одбегната, поради заминувањето на византискиот цар на военото боиште на Исток.

Следната 1000-дита година, раскажува Скилица, византиската офанзива против цар Самиол ја продолжиле патрикијот Теодорокан и протоспатарот Никифор Ксифијас. Без некои поголеми загуби тие ги освоиле Велики и Мал Преслав и Плиска.[39] Средувајќи ги односите на

---

[37] *Розен,* Император Василій Болгаробойца, 42, 25-31, бел. 283 с. 338.

[38] *Scylitzes,* 343, 68-81.

[39] *Ibidem.,* 343, 83- 344, 88. *ВИИНЈ* III, 96. Сп.: *Пириватрић,* Самуилова држава, 115-116.

Исток, Василиј II помеѓу 1001 и 1004 година превзел една голема и повеќегодишна воена офанзива против Македонското царство. Кон крајот на зимата 1002 година според известувањето на Јован Скилица, Василиј II ја повел својата војска на Видин со намера да ја елиминира последната значајна тврдина на северниот дел на Македонското царство. По осуммесечна осада, во есента 1002 година, Видин паднал. [40] Додека Василиј II бил зафатен со опсадата, цар Самоил со брз марш извршол ненадеен напад на Адријанополис, при што заграбил огромен плен. Византискиот цар, според зборовите на Ј. Скилица откако добро го утврдил градот Видин, без загуби се вратил во византиската престолнина "и на поминување ги опустоши и сруши сите бугарски тврдини на кои наишол." Следната 1003 година византискиот цар "приближувајќи се кон градот Скопје[41] дознал дека од другата страна на Аксиос која сега ја викаат Вардар[42]... Самоил логорувал безгрижно, сигурен поради надојдената на реката (γὰρ τῇ πλημμύρα τοῦ ποταμοῦ)."[43] Неочекувано нападнат цар Самоил со својата војска го напуштил боиштето, додека Византијците лесно го зазеле неговиот шатор и целиот логор.[44]

Ј. Зонара за овие настани пишува: "А царот откако го потчини Видин и на враќање го затекна Самоил како логорува на реката Аксиј, така се викал Вардар кај старите. Бидејќи реката била многу надојдена, варварите логорувале безгрижно затоа што верувале дека ромејската војска никогаш нема да може да ја премине реката. Откако преминот преку неа

---

[40] *Scylitzes,* 346, 44-48. *ВИИНЈ* III, 100 и бел. 79, 82 околу различните гледишта за хронологија на падот на Видин. Авторите на *ВИИНЈ* III, 101 бел. 82 коментирајќи го текстот на Ј. Скилица за воената кампања која ја започнал Василиј II во 1001 и ја завршил во 1004 година забележале дека споменатиот извор по паѓањето на Видин, а пред нападот на Скопје, споменува враќање на византискиот цар во престолнината. Тие предлагаат две можни варијанти: или Василиј II се вратил од Видин во Цариград, па потоа од престолнината повторно тргнал на Скопје или можеби тргнал на Скопје без разлика на годишното време. И. Турм (Scylitzes, 346) опсадата на Видин ја става во 1002 годин а во најново време истиот став го изнесува и *Пириватрић,* Самуилова држава, 116.

[41] Пристигнувањето на византискиот цар пред Скопје и освојувањето на градот, *I. Thurm* (*Scylitzes,* 346) хронолошки го определува во 1003 година.

[42] Според дополнувањата на Михаил Деволски, односно ракописот U (*Scylitzes,* 346,58-59) реката Вардар така била наречена по Варда Склир кој прокопал канал и така била свртена од старото корито, каде и сега тече.

[43] *Scylitzes,* 346, 44 - 61.

[44] Некои историчари се сомневаат во целосната веродостојност за битката на Вардар крај Скопје помеѓу Самоил и Василиј II како поради нејзината сличност со битката на реката Сперхеј во 996 година и можноста описот на битката кај Вардар Ј. Скилица да го направил по шемата со Сперхеј. За ова сп.: *ВИИНЈ* III, 102 бел. 3 и *Пириватрић,* Самуилова држава, 117.

бил најден, царот и војската прејдоа и многу Бугари изгинаа, самиот Самоил побегна, а неговиот шатор и целиот логор беше опљачкан."[45] Словенскиот превод на Хрониката на Симеон Логотет кој настанал во XIV век, пишува дека византискиот цар откако го освоил Видин на враќање пристигнал на Вардар каде логорувал Самоил, сигурен дека поради надојденоста на реката дека Византијците не можат да ја преминат ("вьзвративсѧ, постиже на Вардари рѣцѣ Самоила лежѫща; велицѣ же сѫщи wт наводнені рѣцѣ, неопасно Блгаре лежаахѫ, не мѡщи во мнѣхѫсѧ прѣити Гръчьскои воистѣ рѣкѫ; обрѣтенъ же бывшъ бродъ"). Но Василиј II откако нашол премин и ја преминал реката ја нападнал војската на Самоил, многумина убил, а Самоил побегнал додека неговиот шатор и логор станале византиски плен (Самоиль же оувеже, станъ его и направѣ въсеи расхыщенѣ бывши).[46]

По извојуваната победа над војската на Самоил на Византијците им се предал градот Скопје. Според Ј. Скилица градот го предал " Роман син на Петар царот на Бугарите и брат на Борис, кој по името на дедому се нарекувал и Симеон, кого Самоил го поставил со него (sc.градот) да управува." Византискиот цар според Ј. Скилица, "како признание за

---

[45] *Zonaras* III, 560, 7-15. Покрај литерарните извори за битката на реката Вардар крај Скопје, постои и една минијатура од илустрирана "Историја на грчките императори во Константинопол од 811 до 1057 година" попозната по местото на чување на делото како "Минијатури од Мадридскиот ракопис на Јован Скилица."Анонимниот автор на ова дело бил современик на Михаил Псел и живеел во втората половина на XI век и живеел на царскиот двор. Како надарен уметник насликал минијатури од византиската историја, а неколку од нив се однесуваат за настани од македонската средновековна историја. Во минијатурата за битката на Вардар крај Скопје *помеѓу* Самоил и Василиј II, минијатуристот драмата на историските сцени ја претставил без некои особени топографски детали. Авторот настојувал композицијата да ја претстави во основни црти барајќи ја само најопштата линија во исползуваниот текст. Според минијатурата "Василиј II изненадно го напаѓа логорот на Самоил на реката Вардар кај Скопје" започнува од лево и продолжува во форма на фриз надесно. Претставена е војската на Василиј II при неговото враќање од Видин при што го изненадува логорот на цар Самоил и го започнува неговиот пораз. На чело на коњаницата која напаѓа е претставен византискиот император на бел коњ, зад кого стои текст каде се кажува дека е тоа царот Василиј со војската, на враќање од Видин. Неговиот бел коњ е претставен во победоносен галоп, како да станува збор за парадирање. Пред него е претставен еден чуден шатор кој како да предизвикува асоцијација на масивна градба со дебели ѕидови, тие ја предвестуваат состојбата со логорот, развеаната розова драперија над шаторот како да го навестува претстојниот пораз. Во шаторот се издигаат наведнати глави кои го гледаат љубопитно низ некаков процеп. Ужасот од изненадниот византиски напад и неможноста да се даде било каков отпор веќе им е изразен на нивните лица. Оружјето - копја и штитови, стојат пред шаторот недопрени од Самоиловите војници, што исто така претставува интересен детал од изненадниот напад, додека сосема десно од шаторот претставени се двајца коњаници кои бегаат, а над главата на првиот коњаник стои легенда на грчки јазик дека тоа е Самоил. Сп.: (*Божков, А.,* Миниатюри от Мадридския ръкопис на Йоан Скилица, София 1972, 13-19, особ. 147 (мин., л.186 V).

[46] Хроника Симеона Логоѳета, 159.

одлуката" односно предавањето на градот, го удостоил со чинот патрикиј и препозит, по што го испратил за стратег во Абидос.[47] На ваквото известување на Скилица за предавањето на градот од страна Роман на Византијците се противи добро известениот Јахја Антиохијски, инаку современик на настаните, кој под 997 година, во 22 година од владеењето на Василиј II кажува дека се случило "что царь болгаръ, который находился въ заключеніи у заря въ Константинополѣ, умеръ." По смртта на Роман соопштува изворот Самоил се прогласил за цар.[48] Токму од тие причини В. Н. Златарски, сметал дека во случајов не станува збор за Роман вториот син на Петар, кој во 991 година бил заробен од Византијците а во 997 умрел во Цариград, не верувајќи во конструкцијата на Ј. Скилица, смета дека е во прашање управител на Скопје под името Симеон, кој по името на својот дедо се нарекувал Сомеон. С. Антолјак од друга страна изнел мислење дека не е во прашање вториот син на бугарскиот цар Патар, туку станува збор за третиот син Роман Симеон, за што наоѓа потврда во вестите на Продолжувачот на Георги Монах.[49] Прашањето кој бил Роман -Симеон, кој му го предал Скопје на византискиот цар, во 1003 година, по што бил испратен за управник во Абидос, по се изгледа останува отворено. Од друга

---

[47] *Scylitzes,* 346, 61-69.Ј. Зонара (*Zonaras* III, 560, 15-18) за завземањето на Скопје известува: "Царот го освои и градот Скопје (καὶ τὴν πόλιν δὲ τῶν Σκοπίων), кој му го предал Роман (δοθεῖσαν αὐτῷ παρὰ Ῥωμανοῦ τοῦ υἱοῦ Πέτρου ἰ), синот на Петар, некогашниот владетел на Бугарите, кому Самоил му го доверил на чување овој град (ᾧ ἡ τούτης φυλακὴ παρὰ τοῦ Σαμουὴλ ἐμπεπίστευτο)." Манасиевата хроника Хиландарски превод (*Иванов,* Български старини, 623; *Летописта на Константин Манаси,* Фототипно издание на Ватиканския препис на старобългарски превод, увод и бележки от *Иван Дуйчев,* София 1963, 369) кратко известува: "и Скопїє прѣдано бы ѥмѹ Романомъ сна Петра цра. тамо бо бѣ даль ѥмоу Самѹиль црь владати" додека Словенскиот превод на Хрониката на Симеон Логотет (р. 159) пишува " прѣдасѧ же и Скопїє цр҃еви Романь, сн҃ Петра цра Блъгарскаго, томоь во бѣ Самѹиль даль его. По сем же възвратилсѧ въ константинь градъ."

[48] *Розен,* Император Василій Болгаробойца, 34, 18-20. Во историската наука на веста на Јахја за смртта на Роман и Самоиловото прогласување за цар главно и се укажува доверба. Сп.: *Пириваторић,* Самуилова држава, 146 бел. 43 смета дека се оправдани сомневањата во хронологијата на вестите на Ј.Скилица за Роман, кажувањето за предавањето на Скопје, од ена страна и Јахјината информација за заробувањето на Роман 991 година, по се изгледа претставуваат различни верзии за ист настан.

[49] *Златарски,* История I/2, 691-692; *Антолјак,* Самуиловата држава, 44-46 (=Средновековна Македонија, 250, 408-411); Истиот, Критички осврт на изворите за Самуиловата држава, 37. *Пириваторић,* Самуилова држава, 146-147 бел. 46 се обидува поинаку да ги претстави настаните во врска со ова прашање. Имено смета дека Ј. Скилица објаснувајќи го подемот на Комитопулите, особено ја нагласил припадноста на Борис и Роман кон царскиот род, односно нивното отсуство за време на востанието на Комитопулите. Токму затоа "је Роман био принуђен да после бегства из Цариграда подсетити на своје порекло." На крајот авторот заклучува дека Ј. Скилица дури по четвртото споменување на Роман нашол за потребно да му додаде името на неговиот дедо Симеон.

страна изразено е сомневање дека градот таа година останал трајно во византиски раце.

Во поново време, С. Пириватрић умесно го поставил прашањето дали византискиот цар воопшто го задржал градот подолго во свои раце, по неговото освојување во 1003 година, како поради длабичината на Скопје во Самоиловата територија, близината на Сердика и Перник кои можеле да го бранат градот, а паднале дури во 1018 година, исто како и Липљан кој се наоѓал северно од Скопје, од една и оддалеченоста на Солун и Видин силни византиски центри, од кои патот до Скопје водел низ внатрешноста на Самоиловите територии.[50] Во текот на византиските воени операции против Самоил и неговите наследници, често се случувало одредени градови во внатрешноста на Македонското царство да бидат освојувани по неколку пати, односно византиската акција да завршувала со нивно краткотрајно освојување и опустошување, како што е случајот со Верија, Воден, Охрид, Прилеп, Штип и други градови. Односно дефинитивното паѓање на Скопје под византиска власт по се изгледа се случило во 1018 година, за што ќе зборуваме потаму.

Скудните податоци за Македонско-унгарските односи на почетокот на XI век, исто така можат да се поврзат со падот на Скопје под краткотрајна византиска власт во 1003 година, односно за извесен упад на Унгарците како византиски сојузници во внатрешноста на царството на Самоил. Имено познато е дека помеѓу 996 и 1000 година, во време на најголем територијален подемна државата на Самоил, тој настојувал да го зголеми својот углед во околните држави. Токму затоа, македонскиот царски двор побарал сојузништво на север со Унгарското кнежевство кое малку подоцна прераснало во кралство. Уште во времето на ширењето на македонската држава на север кон реката Дунав, во последната деценија на X век, Самоил дошол во непосреден контакт со самостојниот унгарски владетел Ајтоњ, инаку непријателски настроен кон унгарскиот кнез Гејза, кого го принудил да ја признае врховната власт на Самоил, што значи стапил со него во сојузнички односи. Во вакви околности кога стапил во сојуз со непријател на унгарскиот двор, Самоил го принудил односно побарал од унгарскиот владетел Гејза сојузништво. Наоѓајќи се во тешка

[50] *Пириватрић,* Самуилова држава, 117.

политичка состојба со своите надворешни непријатели; а во настојување да го зачува мирот во државата, унгарскиот владетел немал избор. Набрзо одтаму му било одговорено позитивно и Самиол политичкиот сојуз го зајакнал со брачна врска помеѓу унгарска принцеза и својот престолонаследник синот Гаврил Радомир. Но по се изгледа и византискиот цар Василиј II, ја согледал опасноста од зајакнувањето на меѓународните позиции на царството на Самоил, па токму од тие причини превзел четиригодишен интензивен воен поход против Самиол на почетокот на XI век. По почетните успеси во внатрешноста на државата на неговиот непријател, и освојувањето на Велики и Мал Преслав од неговите војсководачи во 1002 година, пред Видин се појавил лично византискиот цар Василиј II. Опсадувајќи го градот осум месеци, византискиот цар имал доволно време да го елиминира Ајтоњ кој имал силно влијание во Видин, а ја признавал и врховната власт на Самоил, а истовремено и да стапи во преговори со Унгарците. Со тоа византискиот цар можел нив да ги натера да го прифатат византиското сојузништво, по што сојузот на Унгарците со Самоил бил доведен лабава состојба, односно бил разнишан, состојба која резултирала со брзо протерување на бремената унгарска принцеза од македонскиот царски двор во Охрид. Веќе следната 1003 година пред "urbem Cesariem" каде логорувал Самоил, град под кој се има во предвид најверојатно Скопје, се појавиле унгарски војници како византиски сојузници.[51] Имено во есента 1002 година Василиј II, го освоил Видин и победоносно се вратил во византиската престолнина. Во 1003 година пред Скопје пристигнал византискиот цар, но и унгарскиот воен одред чиј број во изворите не е споменат.[52] Дали дошле заедно од престолнината, или пак Унгарците стигнале истовремено, но од север, не се знае. Потврда за овие настани наоѓаме во кратките вести од записите составени во 1064 година по повод основањето на црквата "Свети Албан" во градот Намур (Белгија), а запишани врз основа на искажувањата на црковниот старешина на

[51] *Фехер, Г.,* Влияние на българската черква въ Маджарско, Сборникъ въ честьна Василъ Н. Златарски, по случай на 30-годишнината му научна и професорска дейность София, 1925, 486-498; *György Györffy,* Zur geschichte der eroberunga Ochrids durch Basileios II, Actes du XIIe Congrès International d'ètudes Byzantines, Београд 1964 II, 149-154; *Антолјак,* Самуиловата држава, 65-66 (*Антолјак,* Средновековна Македонија, 455-457) и *Илјовски,* Византиско - унгарски сојуз, 78-99 со постарата литература како и коментари по различни прашања од византиско-унгарските и македонско-унгарските односи.

[52] *Коледаров,* Политическа география 1, 56.

епархијата Бихар епископот Леодвин, по потекло од Лотарингија, кој меѓу 1050 и 1060 година допатувал во Намур. Носејќи ги со себе скапоцените реликвии за потребите на црквата посветена на "Свети Албан," тој на локалните црковни старешини им ја раскажал историјата за нивното потекло. Епископот Леодвин кој во сличајов се јавува како главен раскажувач за македонско-унгарските односи на почетокот на XI век, во 1048 година допатувал во Унгарското кралство, живеел и се движел во високите дворски кругови. По крунисувањето на унгарскиот крал Андреа I (1047-1060), на епископот Леодвин му била доверена задачата да состави нов попис на кралските вредности. Извршувајќи ја ревносно добиената задача, епископот забележал дека меѓу кралските скапоцености се наоѓале и реликвиите на Свети Ѓорѓи кои биле запленети во времето на походот на Унгарците против "варварите". Понатаму раскажувачот продолжува: "Кога веќе избувнала војна која варварите му ја објавиле на императорот на Константинопол, константинополскиот император стапил во сојуз со истиот Стефан за овој да војува против варварите. Со негова помош тој ја освоил непријателски настроената Кесареја. Но кога константинополџите пљачкале и ги ограбувале богатствата на градот, вистинскиот христијанин Стефан ја отфрлил понудата за грабеж. Влегувајќи во храмот на св. Ѓорѓи, ги зел моштите кои ги нашол внатре, како добар христијанин ги чувал и се грижел за нив со особена почит во текот на целиот свој живот. По неговата смрт, Андреа го наследил престолот." Наскоро по крунисувањетона новиот крал во Престолниот Београд каде ги нашол моштите на Свети Ѓорѓи донесени од Стефан I, епикопот Леодвин со пописот востановил на кого му припаѓаат моштите.[53] Во т.н. "Chronici Hungarici compositio saeculi XIV" под насловот "Tertium belum sancti regis Stephani contra Kean ducem " се наведува дека унгарскиот крал Стефан I војувал против "super Kean ducem Bulgarorum et sclavorum." По долги воени напори и со тешка мака успеал да го победи овој војсководач и запленил огромно богатство.[54] Венецијанскиот дужд Дандало, пак, во својата Хроника за настаните од периодот помеѓу 1002 и

[53] *Fundatio ecclesiae Sancti Albani* Namucensis, ed. *H. Bresslau*: Neues Archiv der Gesellschaft für altere deutsche Geschichtskunde VIII (1883) 590-593; *ИБИЛИБИ* VII/II, 372-373. Сп.: *Анѣолјак,* Самуиловата држава,65(= *Анѣолјак,* Средновековна Македонија I, 456); *Илјовски,* Византиско унгарски сојуз, 97.

[54] *Анѣолјак,* Самуиловата држава,65 (= *Анѣолјак,* Средновековна Македонија I, 457).

1005 година известува дека Стефан "primus rex Ungarorum" го победил во тоа време "Boam Bulgarorum duce ataque Sclavorum" и од неговото благо ја изградил и ја дарувал црквата св. Марија "de Alba."[55]

Од 1003 година податоци за Скопје не срекаваме се до 1018 година. Какво било значењето на Скопје во тој меѓупериод, поради близината на Видин и другите севернобугарски области кои биле под византиска власт може само да се претпостави. Поради важноста на градот за одбраната на внатрешните области на државата, најверојатно Самоил набргу по 1003 година повторно ја воспоставил својата власт во Скопје, дополнително го утврдил градот и поставил силен воен гарнизон. На таков заклучок упатуваат вестите на Ј. Скилица, односно дополнувањата на М. Деволски, за завршните операции за освојување на Македонското царство во 1018 година. Имено зборувајќи за тие настани тој известува дека во градот Скопје се наоѓал "младиот Николица кој ја водел првата и најхрабра чета на Самоил (ὁ νέος Νικολιτζᾶς, τὴν πρώτατην καὶ μαχιμωτάτην σύνταξιν τοῦ Σαμουὴλ ἐπαναγόμενος)."[56] Поради исклучителната важност на Скопје во одбрана на внатрешните области на државата, градот го задржал стратегиското значење и за време на македонските цареви Гаврил Радомир и Јован Владислав. По убиството на царот Јован Владислав во февруари 1018 година, византискиот цар Василиј II според Јахја Антиохијски "И пошелъ... въ Болгарію въ Шаввалѣ 408 (20 Февр- 20 Марта 1018)."[57] Според Јован Скилица византискиот цар Василиј II, во походот против државата на Јован Владислав од Цариград најнапред пристиглал во Адријанопол. Таму во пресрет му излегол синот на Кракра, носејќи ја веста за предавањето на Перник и други 35 тврдини. Кракра бил почестен со чинот патрициј. Кога царот пристигнал во Мосимопол, во пресрет му дошле пратеници од жителите на Пелагонија, Мороздвизд и Липљан, кои на царот му ги предавале градовите. Откако царот пристигнал во Сер, таму дошол Кракра со архонтите од 35 -те градови кои се предавале. Таму пристигнал и

---

[55] *Andrae Danduli Chronica* per extensum descripta, RIS t.XII, p.I, Bologna 1938, 202. Сп.: *Антољак,* Самуиловата држава, 65(= *Антољак,* Средновековна Македонија I, 456);

[56] Scylitzes, 358, 81-84; Prokić, Zusätzte, N. 40, 33. ВИИНЈ III, 125. *Пириватрић,* Самуилова држава, 117, 129 бел. 183, прв укажал дека византискиот цар во 1003 година, градот Скопје само краткотрајно го задржал во свои раце, а потоа Самоил повторно го освоил.

[57] *Розен,* Императоръ Василій Болгаробойца, 59, 8-9.

Драгомуж, кој ги предал тврдините и областите на Струмица ибил почестен со чин патриций. Откако Василиј наближил кон Струмица, таму пристигнал архиепископот Давид (Јован) со писмата од Марија сопругата на царот Јован Владислав, во кои ги нудела условите под кои би ја напуштила земјата. Тука пристигнал и Богдан топархот на внатрешните тврдини, кој одамна бил провизантиски настроен, при што бил почестен со титулата патриций.[58] Овие податоци ги наведуваме за да укажеме дека и покрај масовното предавање од страна на многу управници на утврдени градови и тврдини, на византискиот цар за време на неговото пристигнување во внатрешноста на Македонија, па дури и пратеници со услови за предавање од страна на Сопругата на Јован Владислав, од Скопје не пристигнале ниту пратеници дека ќе се предаде градот, нити пак неговиот управник ветил такво нешто. Таквиот негов став би требало да се подразбере поради постоењето на сеуште силно благородничко крило во земјата, кое имало намера да се спротивставува. Најверојатно токму од тие причини византискиот цар од Струмица "се упати кон Скопје и таму со него се сретна и младиот Николица (ἐκεῖθεν ἄπεισιν εἰς τὰ Σκόπια, ἔνωα συνήντησεν αὐτῷ ὁ νέος Νικολιτζᾶς), кој ја водел првата и најхрабрата чета на Самоил"[59] Анализирајќи го граголот συναντάω, употребен за средбата на Василиј II со Младиот Николица, С. Пиривартиќ дошол до заклучок дека градот Скопје водачот на најхрабрата единица на Самоил, при таа прилика го предал.[60] На таков заклучок впрочем упатува и податокот на Михаил Деволски, дека по средбата во Скопје, византискиот цар му доделил чин протостратор и стратег. Во прилог на ставот дека во Скопје дошло допредавање на градот под одредени услови, за разлика од останатите управници и архонти кои оделе да го пресретнат византискиот цар и да му се поклонат упатува брзањето на царот од Струмица да стигне во Скопје, изоставајќи ги притоа тврдините Штип и Просек, во кои навраќање од Скопје, при што бил со молитви и химни поздравен и славен.[61]

[58] Scylitzes, 357, 62-358, 81.
[59] Ibidem, 358, 81-85.
[60] *Пириваприќ,* Самуиловата држава, 129 бел. 183.
[61] Scylitzes, 358, 83-88.

3. Скопската епископија од 969 до 1019 година

Скопје како словенска населба се развивало уште во текот на IX век, додека неговото значење нараснало со словенската христијанизација и прераснувањето на градот во епископско седиште. Дека градот во текот на X век успешно напредувал потврдуваат материјалните извори и пронајдените шест монети на Константин VII Порфирогенит на Скопското Кале. Значењето на градот особено се зголемува во времето на Македонската средновековна држава и Самоил, кога Скопје покрај Преспа и Охрид прераснува во утврден военополитички центар. Таквиот раст меѓу другото се согледува и преку прераснувањето на Скопје во значаен црковен односно епископски центар на Преспанската патријаршија. Изворно тоа е потврдено во списокот на епархиите потчинети на Преспанската патријаршија, кој се наоѓал во апсидата на "Големата црква" на островот Св. Аил или Преспа, во кој се споменува десетти по ред "(θρόν)ος πῆ Σκωπίων."[62] Израснувањето на Скопје на Калето во епископско седиште, би требало да се поврзе со нараснатата потреба на Словените за формирање своја епископија со богослужба на словенски јазик, како резултат на дејноста на Климент и Наум во Македонија и оспособувањето на свештенство кое го ширело христијанството на словенски јазик. Во новите политичко-црковни услови во Македонското царство и Преспанско-охридската партијаршија, Скопската епископија се наоѓала на десеттото место на списокот на епископиите и имала особено значајна улога како во рамките на патријаршијата така и на просторот на делувањето на епископијата. Во грамотата на византискиот цар Василиј II, доделена на Охридската архиепископија во 1019 година за Скопската епархија стои запишано "И епископот на Скопје да има во самото Скопје и во Винци, Преамур,[63] Луково и Принип 40 клирици и 40 парици."[64] Споредено со останатите епископии потчинети на Охридската архиепископија, Скопската епархија покрај епископијата на Главиница, Тријадица, Ниш и Београд спаѓала помеѓу најдобростоечките епархии во рамките на Архиепископијата со 40 клирици и 40 парици, од кои епархијата

---

[62] *Иванов,* Български старини, 57.

[63] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 311 претпоставува дека споменатава енорија на Скопската епископија можеби се наоѓала на локалитетот "Давина" кај с. Чучер.

[64] *Иванов,* Български старини, 550-554. особ. 554.

остварувала значителен годишен приход. Останатите епиархии имаат значително помал број на парици и клирици. Понатаму во повелбата се истакнува дека сите тие клирици да бидат ослободени од икомодион и други епирии (давачки), како што биле ослободени и во времето на Самоил.[65] Ова укажува дека како и другите епархии, така и Скопската епархија во времето на владеењето на Самоил и неговите наследници уживала извесни повластувања и привилегии во однос на одредени давачки кон државата, а кои по паѓањето на Македонија под византиска власт останале непроменети. Според Т. Томоски, Скопската епархија ги зафаќала територииите на Скопската котлина, потоа пределот на долниот тек на реката Пчиња, а најверојатно и областа на горниот тек на реката Морава.[66]

Колку цркви имало во Скопје и во Скопската област во времето на владеењето на Самоил не е познато. Со обновувањето на црковните институции во од Словените окупирани области на Балканот, на просторот на Скопје преку обновената епископија Дарданија, а веќе од втората половина на IX век со ширењетона христијанството на словенски јазик и востановувањето на Скопската епископија и нејзиниот подем кон крајот на X век, се јавило потреба од обновување на разрушените цркви и изградба на нови, како во околината така и во самиот град Скопје, каде реиздирал епископот. Толку значаен град во државата на Самоил и на неговите наследници, тешко е да се прифати дека немал цркви. Повеќето од црквите најверојатно биле обновени на основите на рановизантиските цркви и манастири, но до 1003 година, засега ниедна не е поименично спомената во изворите. Споменувањето на унгарските хроники за учеството на унгарскиот воен одред предводен од Стефан I во освојувањето и опустошувањето на Кесареја која може да се идентификува и со Скопје, упатува на можноста од идентификација на еден храм посветен на Св. Ѓорѓи. Имено според хрониката унгарскиот крал Стефан I, како вистински христијанин ја отфрлил понудата за грабеж на освоениот град. Тој се упатил кон храмот посветен на св. Ѓорѓи. Оттаму ги зел моштите кои ги нашол внатре, како добар христијанин ги чувал и се грижел за нив со

[65] Ibidem., 555. Сп.: *Меловски, Х.,* Прилог кон даночната политика на Самоиловата држава, ГИНИ XX/1, Скопје 1976, 178.

[66] *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 57.

особена почит во текот на целиот свој живот.[67] Нема некој податок за постоење на храм посветен на Св. Ѓорѓи во Скопје, но затоа недлеку од средновековното Скопје на Виргино Брдо над реката Серава во XI век и понатаму, се до првата половина на XV век познато е постоењето на богатиот манастир Св. Ѓорѓи - Горгос кој уживал и царски имунитет.[68] Дали овој манстир може да се поистовети со истоименият храм од кој зел мошти унгарскиот крал, може само да се претпостави. Археолошките ископувања и проучувањата на повеќе познати цркви во Скопје и Скопско во средниот век упатуваат на тоа дека повеќето од нив во средниот век биле повеќепати обновувани, со што времето на првобитната изградба исклучувајќи го ранохристијанскиот период најверојатно би требало хронолошки да се поврзе по втората половина на IX век кога започнала христијанизацијата на областа, интензивирана во X век и во времето на Македонското царство, во времето на цар Самоил,[69] додека највисокиот подем на градење и обновување треба да се врзува за периодот кога Скопје како центар на тема доживува политички и економски процут во рамките на Византиската империја во XI и XII век.[70]

[67] ИБИЛИБИ VII/II, 273.

[68] *Бошкоски,* Кон историјата на манастирот св. Георги Горгос, 201-211.

[69] Анализирајќи ги типските и градежните особености на црквата Св. Пантелејмон во с. Нерези во споредба со слични цркви со вписан крст во квадратна основа, присутни во тогашниот христијански свет, *К. Петров* (Нови резултати од истражувањето на црквата Св. Пантелејмон во Нерези, ГЗФФСк 8/43 (Скопје 1982), 145-197) претпоставува дека првобитната црква, без нартексот и само со средишна купола би можела да биде соградена кон крајот на X и првите децении на XI век.

[70] *Петров,* Сакралните споменици во Скопје и околината, 75-76.

ГЛАВА ТРЕТА

СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ПОД ВИЗАНТИСКА ВЛАСТ (1018-1204)

1. Скопје како центар на византиска тема

По паѓањето на градот Скопје под византиска власт во 1018 година, наскоро градот прераснал во византиски воено-административен центар - тема. Зборувајќи за завршните операции против Македонското царство во пролетта 1018 година, Ј. Скилица пишува дека византискиот цар од Струмица се упатил кон Скопје каде се сретнал со Николица Младиот кој му го предал градот. По превземањето на градот и воспоставувањето на византиската власт, го оставил "како стратег и автократор патрикијот Давид Аријанит," додека според дополнувањето на Михаил Деволски, тој бил именуван "за катепан на Бугарија."[1] Според цитираните извори произлегува дека Василиј II во Скопје го поставил патрикијот Давид Аријанит за стратег и автократор, должност која предвидувала неограничени овластувања, кои произлегувале од специфичните воени услови на елиминирање на последните отпори на некои великодостојници на Македонското царство, како и воспоставување на византиската власт во новоосвоените области. По завршувањето на походот го именувал за катепан на темата "Бугарија."[2] Јахја Антиохијски, зборувајќи

---

[1] Scylitzes, 358, 81-87; Prokić, Zusätze, N. 40,41. Антолјак, Самуилова држава, 105.

[2] *Златарски,* История II, 6-9 смета дека титулата стратег автократор се доделувала на личност само тогаш кога императорот не земал директно учество во походот или пак кога тој го заменувал императорот. Овластувањата на стратегот-автократор *биле широки и* од времен карактер. Назначувањето на Давид Аријанит за стратег-автократор на Скопје во текот на 1018 година не може да се поврзе со никаков воен поход, затоа што во таа година биле завршени воените операции против царот Јован Владислав и вдовицата Марија и творбата на Самоил покорена; не може тоа да се објасни и со тоа дека во скоро покорената земја сеуште имало воено расположение, зошто во таков случај Василиј II би се опкружил со такви помошници и други управители војсководачи во одделните области на освоените земји. Давид Аријанит се јавува само како еден и тоа не во престолнината Охрид, а во Скопје град-тврдина, која завземала централно место во штотуку паднатото Царство. Со ова назначување, целта на императорот била да го издигне Давид Аријанит со особено полномошни права пред другите поставени од него во разни утврдени центри војводи, кои обично биле нарекувани архонти а поретко стратези. Како стратег автократор, Давид Аријанит не претставувал ништо друго освен императорски намесник кој управувал со целата покорена земја од името на императорот со широки овластувања. Според најновите истражувања на Љ. Максимовиќ (Организација византијске власти у новоосвојеним областима после 1018 године, ЗРВИ XXXVI, 1997, 36-342), покрај новоформираната тема

за завршните операции за освојување на Македонското царство, пишува дека Василиј II "и оставилъ себѣ сильныя крѣпости и назначилъ надъ ними правителей изъ граековъ и срылъ остальныя...*И стало государство болгарское присоединеннымъ къ государству грековъ, и сдѣлал онъ его катепанатомъ.* И было это въ сорокъ чертветомъ году его царствованиія."[3]

Темата "Бугарија" со седиште во Скопје ги опфаќала централните делови на поранешното Македонско царство, делови од денешна Србија, Бугарија јужно од планината Балкан како и денешна Македонија со делови од денешна Грција. На север и североисток темата се грничела со темите Србија, Сирмиум и Паристрион, на југоисток со темите Стримон и Тесалоника, а на запад со темата Драч. Во различни временски периоди во зависност од состојбите на Балканот, овластувањата на катепанот а подоцна и дуксот на темата "Бугарија" со седиште во Скопје се зголемувале или намалувале, а со самото тоа се менувал и нејзиниот територијалниот опсег. Геостратешката положба со изборот на Скопје за седиште на новоформираната тема на Балканот била извонредно поволна. Катепанот а подоцна и дуксот, можел во секое време кога ќе биле загрозени позициите на Царството во некој дел на Балканот брзо и успешно да интервенира. Тоа го овозможувала меѓу другото и извонредната комуникациска поврзаност на Скопје во сите правци. Патрицијот Давид Аријанит за катепан на "Бугарија" дошол директно од управник на темата Тесалоника, должност на која бил поставен околу илјадитата година.[4] Како управник на таа тема, во 1017 година учествувал во операциите против македонскиот цар Јован Владислав, при што опустошил повеќе тврдини во јужна Пелагонија.[5] Не може да се пренебрегне претпоставката дека поставувањето на новата должност претставува негово унапредување за воените заслуги. Судбината на

Бугарија со седиште во Скопје од областите на освоената држава биле формирани темите Паристрион или Парадунавон, обновена била драчката тема, додена на територииите северно од Скопје биле формирани две теми: Србија и Сирмиум.

[3] *Розен,* Император Василій Болгаробойца, 59, 13-28.

[4] *Scylitces*, 345, 37-38; ВИИНЈ III, 100.

[5] *Scylitces,* 355, 11-17. Сп.: *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 54-55.

одбраната скоро на целиот Балкан се наоѓала во рацете на управникот на темата Бугарија со седиште во Скопје.

Новопоставениот стратег - автократор и катепан на темата "Бугарија" со седиште во Скопје, на таа должност останал до смртта на Василиј II на 15 декември 1025 година. Неговото сменување било извршено по доаѓањето на престолот на царот Константин VIII (1025-1028), и е поврзано со војната со Печенезите. Во 1026 година Печенезите според Јован Скилица упаднале во темата Бугарија "убиле и заробиле многу народ стратези и тагматарси."[6] Во настојување да ја среди состојбата поради силните пустошења на Печенезите на Балканот и да ги натера да мируваат во нивните живеалишта во Влашката низина и Јужноруските степи, византискиот цар Константин VIII за нов дукс на темата "Бугарија" го поставил Константин Диоген, поранешен архонт на Сирмиум. Според Јован Скилица новопоставениот дукс со седиште во Скопје повеќепати војувал со Печенезите ги победил па дури и ги натерал да ја преминат реката Дунав и да мируваат во Влашката Низина.[7] На оваа должност, тој останал до 1028 година кога новиот цар Роман III Аргир од Скопје го преместил во Сирмиум, а потоа го именувал за дукс на Солун.[8]

Кои личности ја наследиле и извршувале управничката функција на темата "Бугарија" во Скопје од 1028 па се до 1048 година, засега нема

---

[6] *Scylitzes,* 373, 92-94. *ВИИНЈ* III, 162-163 бел. 268.

[7] *Scylitzes,* 373, 94-95, 1-2; *ВИИИНЈ* III, 163. *Zonaras* III, 591, 9-14 за Печенезите кажува дека заповедникот на Сирмиум Константин Диоген, кој во меѓувреме бил наименуван "и како дукс на Бугарија, ги разби и ги принуди да го преминат Дунав и да се смират."

[8] *Scylitzes,* 376, 86-88. Константин Диоген во втората деценија на XI век го наследил Теофилакт Вотанијат на должноста стратег на Солунската тема (*Scylitzes,* 352, 24-25). Во 1015 година учествувал во освојувањето на Меглен (*Scylitzes,* 352, 23-38). Заедно со Давид Аријанит во 1017 година, ја предводел византиската војска во ограбувачкиот поход во Пелагониската рамнина *(Scylitzes,* 355, 19-21). Есента учествувал во нападот на Сетина (*Scylitzes,* 356, 38-54). Кон крајот на 1018 или на почетокот на 1019 година, бил архонт на темата Сирмиум (*Scylitzes,* 365, 15-366-30). Новиот византиски цар, Константин VIII во 1026 година, го наименувал за дукс на темата "Бугарија" со седиште во Скопје (*Scylitzes,* 373, 94-95). Во времето на Роман III Диоген бил преместен повторно во Сирмиум, а потоа во Солун (376, 86-88). По обвинението за заговор бил преместен за стратег на Тракесиската тема (*Scylitzes,* 376, 89-90) а потоа затворен (*Scylitzes*, 384,14-15). Животот го завршува со самоубиство (*Scylitzes,* 384, 14- 385-51). За неговата замешаност во заверата на Прусијан, кој имал намера да го земе царскиот престол зборува и Ј. Зонара (*Zonaras* III, 574, 5-575,2).

податоци. В. Н. Златарски врз основа на два оловни печата на кои се споменуваат Јован Триаконтафил со титулата "проноит" и "претор на Бугарија" и на вториот печат проедор Теодул Триаконтафил "претор" и "катепан на Бугарија" смета дека овие личности ги извршувале воено-управничките функции во Скопје во триесеттите години на XI век.[9] Исто така не малку значаен е фактот дека освен немирите во Зета 1038-40-1042 кои ги средиле архонтот на Драч Теофил Еротик и Георгиј Провтас[10] и востанието на Петар Делјан во Македонија во 1040-1041 година во чие смирување учествувал драчкиот дукс Никифор Синадин[11] и лично византискиот цар, нема некои така важни настани кои би ја зголемиле улогата на тематскиот управник во Скопје. Настаните на Балканот во наведениот период вообичаено ги средувале стратегот на Драч, византиски команданти испратени од Цариград или лично византискиот цар, а што е најважно главната византиска преокупација претставувале Мала Азија и Исток.

Следниот управник на темата "Бугарија" со седиште во Скопје пред крајот на првата половина на XI век бил Василиј Монах. Неговото прво споменување е поврзано за настаните во борбата со Печенезите во 1048 година, што не значи дека и пред таа година не ја извршувал должноста. Откако Печенезите кон крајот на 1048 година го преминале замрзнатиот Дунав и ги загрозиле византиските владенија на Балканот, царот Константин IX Мономах (1042-1055) испратил писма до дуксот на Адријанополис магистер Константин Аријанит да ги собере македонските војски, а "на Василиј Монах хегемонот на Бугарија - да отиде со бугарската војска," да се соедини со архонтот на подунавските градови Михаил и Кеген водачот на двете печенешки племиња кои стапиле во византиска служба, за да им се спротивстават на Печенезите.[12] По победата Византијците успеале да за

---

[9] *Златарски,* История II, 39-41.

[10] *Scylitzes,* 408, 70-409, 86. Сп.: *ИСН* I, 182-83.

[11] За ова сп.: *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и почеток на XII век, 90-95.

[12] *Scylitzes*, 458, 40-52.

извесно време да ги смират Печенезите, но веќе во текот на 1049 и средината на 1050 година тие повторно пустошеле во Тракија до Адријанополис. Во средината на 1050 година тие панично се разбегале, како поради нападот на византискиот војсководач Никита Главас, така и "поради тоа што се очекувало да дојде синкелот Василиј со бугарските сили."[13] Ова недвосмислено укажува на извонредната воена способност, храброст, како и истакнувањето во борбите со Печенезите на управникот на темата со седиште во Скопје, Василиј Монах што доволно било да се спомене неговото име и неговата војска, па непријателите да се разбегаат. За разлика од J. Скилица кој во позитивна светлина го истакнува Василиј Монах, М. Аталијат за него пишува доста негативно. Пишувајќи за настаните од 1050 година и борбата Византија со Печенезите кога овие навлегле се до Адријанополис, а Византијците потоа успеале да им нанесат неколку порази, М. Аталијат за Василиј Монах пишува: "Воодушевен од тие борби и успесите, царот одлучи тој (стратегот Михаил Аколут) да тргне на непријателскиот логор со целата војска, претходно зајакнувајќи ја таа војска со други сили од Исток. Го упати и сатрапот на Бугарите - тој како евнух се наоѓал во редовите на монасите, но оттаму побегнал привлечен од славата и затоа што склон кон она што не доликува- да му се придружи (на стратегот) во борбата против непријателот. Собирајќи ги сите трупи, заедно со војската ја прејде планината која тука се издигнува и која лежи како некоја граница помеѓу македонските области и подунавските краеви, и која затоа ја нарекуваат Зигос, а таа има и многу теснини кои одамна на народен јазик се викаат клисури."[14]

Во 1053 година откако Византијците успеале да ги протераат Печенезите отаде Стара Планина, се одлучиле да удрат на нивниот логор со цел да ги протераат зад Дунав. За таа цел византискиот цар Константин IX Мономах му наредил на "синкелот Василиј да ги собере бугарските војски" и да му се придружи на Михаил Аколут во борбата против Печенезите. Синкелот Василиј ги собрал своите војски кои биле ќе мали по број, и ја

[13] *Ibidem.*, 469,65-471,7.
[14] *Attaliates*, 37-10-21.

преминал Стара Планина. Во жестокиот судир кај Велики Преслав, Византијците претрпеле тежок пораз. При повлекувањето на византиската војска според Ј.Скилица "паднале многу војници, загинал и самиот синкел" додека останатите заедно со војсководачот Михаил Аколут се спасиле во Адријанополис.[15] Византискиот историчар М. Аталијат пишувајќи за војната на Михаил Аколут и Василиј Синкел против Печенезите, за вториот повторно има особено негативен став. И покрај тоа што византиската војска увидела дека е во неповолна положба, а наредбите на царот биле по секоја цена да не се влегува во битка, Михаил Аколут сметал дека треба да се влезе во бој. "Сатрапот на Бугарите" продолжува М. Аталијат "обземен од завист и лукавство (зошто велат дека меѓу другите страсти и таа имено ги измачува вообичаено повеќето евнуси), земајќи ја како изговор царската наредба, постојано советувал повлекување без ред... и навистина тој само гледал како да ја грабне победата од другиот, невнимателно заборавил да помисли на своето спасување." Во потерата по византиската војска од составот на синкелот Василиј "некој од Скитите, откога го пристигнале, го убиле со копје, и тој на крајот ја разбрал поговорката за зависта дека наполно одговара, потврдувајќи дека зависта носи загуба и за тој кај кого се зародила, и за другите, кои се согласуваат со него."[16]

По смртта на Василиј Монах во 1053 година за нов управник на темата Бугарија со седиште во Скопје од страна на византискиот цар Константин IX Мономах бил именуван Никифор Протевон. Веста е соопштена во врска со настаните поврзани за наследувањето на престолот, поради тешката болест на Константин IX. Според Ј. Скилица единствениот извор за оваа личност, во 1055 година царот тешко се разболел и се поставило прашањето за негов наследник. Истакнатите воени команданти едногласно се согласиле дека за царскиот трон најдобро одговара Никифор Протевон. Било одлучено по најкраток можен пат тој да биде доведен во Цариград. Понатаму Ј. Скилица

---

[15] *Scylitzes*, 475, 17-476, 37.

[16] *Attaliates*, 37, 24-39-18; Поопширно за војувањето на Василиј Монах со Печенезите в.: *Бошкоски*, Македонија во XI и XII век, 44-50.

појаснува: "имено тој тогаш ја извршувал власта во Бугарија." Кога за тоа слушнале блиските на царицата Теодора - законската наследничка на престолот - Никифор Ксилианит, Теодор и Мануил ја прогласиле Теодора за царица. Во меѓувреме Константин IX Мономах умрел на 11 јануари 1055 година, додека луѓето испратени од царицата го задржале Никифор Протевон во Солун, а оттаму го одвеле во Кузиновиот манастир во Тракезиската тема.[17] Никифор Протевон на должноста управник на темата Бугарија со седиште во Скопје останал од 1053 до 1055 година.

Кој ја наследил управничката должност на темата "Бугарија" со седиште во Скопје по 1055 година не е познато. В. Н. Златарски врз основа на соопштението на Никифор Вриениј кој вели дека за време на владеењето на Исак I Комнин (1057-1059), неговиот брат Јован Комнин ја добил должноста куропалат и началник на западните војски или схолите (подоцна велики доместик), а за време на извршувањето на таа должност "оставил со своите дела незаборавни спомени за Тракијците, за Македонците, за Илиријците и за Бугарите - раководени и потчинети" претпоставува дека, управничките должности на темите на Балканот за време на овој византиски цар биле значително запоставени за сметка на овластувањата кои ги имал братот на византискиот цар за византиските владенија на Балканот.[18]

Во времето на Константин X Дука (1059-1067) должноста катепан на "Бугарија" најверојатно ја извршувал Андроник Филокала. Неговото име на таа должност е споменато во 1066 година и е поврзано со востанието на Грдите, Власите и Словените во Тесалија. Кон крајот на пролетта 1066 година како реакција на даночната политика во темата Елада, поточно во Тесалија дошло до револт,[19] а одредени незадоволни слоеви поткрепени од покрупни феудалци, готвеле востание против византискиот цар. Началникот на Лариса Николица Делфин со неколку престои на царскиот двор и преку

---

[17] *Scylitzes*, 477, 78- 478, 95.

[18] *N. Bryennios*, 19,20-20, ed. Bonnae; *Златарски*, История II, 122-123.

[19] За карактерот на востанието сп.: *ВИИНЈ* III, 215 бел. 72; *Острогорски*, Историја, 323-324 и *Литаврин, Г.Г.*, Восстание Болгар и Влахов в Фессалии в 1066г., ВВ 11 (1956), 133-134.

писма настојувал за нашнатата состојба да го извести царот Константин X Дука и да добие инструкции како да се однесува во настанатата ситуација.[20] Наскоро кон востаниците бил принуден да се приклучи и самиот Николица и да постане нивни водач, иако тој настојувал водачите на востанието да ги разубеди во нивните намери.[21] Востанието попримило големи размери, а востаниците завзеле и неколку градови. Николица настојувал да го смири востанието, со заложбата царот да го укине зголемувањето на данокот. И покрај тоа, водачот на востанието нападнал и освоил некои помали градови меѓу кои и Сервија.[22]

Во услови на прифаќање на бунтот во поголемиот дел на Тесалија, ширењето на север кон Македонија и приклучувањето кон него на поголем број крупни феудалци, царот не можел да превземе некоја поголема акција, туку настојувал преку разни ветувања да ги разедини востаниците кои зад себе имале голема воена сила. Значајна улога во разединувањето на востаниците имал и катепанот на "Бугарија" Андроник Филокала, кој со значителни воени сили се наоѓал во непосредна близина на востанатата област и ги следел настаните. Според известувањето на Кекавмен, византискиот цар му испратил порака на водачот на востаниците Николица, кој играл двојна улога, да ги убеди востаниците да се вратат во своите домови и да се смират. Но повеќето угледни востанички водачи одбиле да се покорат на наредбите. Од тие причини Николица ги заробил водачите на Власите и Ларишаните и му ги предал на катепанот на "Бугарија" Андроник Филокала, кој се наоѓал во тврдината Петриск на Петриското Езеро, југозападно од Островското Езеро.[23] Од таму водачите на востанието биле испратени во византиската престолнина.[24] Од наведеното известување на Кекавмен сосема

---

[20] *Литаврин,* Кекавмен, 252,17- 256,14; *ВИИНЈ* III, 213.

[21] *Литаврин,* Кекавмен, 256, 13-258,30; *ВИИНЈ* III, 214.

[22] *Литаврин,* Кекавмен, 260,4-30; *ВИИНЈ* III, 215-216.

[23] *Литаврин,* Кекавмен, 264,14-20, 544 бел. 1004.

[24] Ibidem., 262,2 - 264,24; *ВИИНЈ* III, 215. *Златарски,* История II, 123 бел. 1 смета дека Андроник Филокала се наоѓал во тврдината Петриск исплашен поради востанието на Власите во Тесалија но и поради опасноста дека кон востаниците ќе се приклучи и Николица. Според наше мислење Андроник Филокала се наоѓал во Петриск заради следење

јасно се гледа зголеменото значење на катепанатот "Бугарија" и широките овластувања на Андроник Филокала во решавањето на внатрешните проблеми на територијата на Македонија и Тесалија. До кога останал на должноста катепан на "Бугарија" не е познато, но најверојатно должноста ја вршел до крајот на владеењето на Константин X Дука односно до 1067 година. Промената најверојатно следела веднаш по доаѓањето на Роман IV Диоген престолот. Овој цар, го ослободил Николица со водачите на востанието во Тесалија од 1066 година од нивното прогонство во Амасија во темата Арменијак.[25] Ако се знае дека Андроник Филокала беше против востаниците во Тесалија, а новиот цар Роман IV ги ослободил водачите на востанието и ги вратил на нивните функции, смената на Филокала од должноста катепан на "Бугарија" и назначување на ново лице на таа функција веќе во 1068 година е сосема извесно. Според еден печат пронајден во Преслав, дуксот Андроник Филокала ја носел титулата "[βε]στάρχη (καὶ) [κα]τετεπάνω."[26]

Во времето на Роман IV Диоген должноста дукс на темата "Бугарија" најверојатно ја извршувал Никифор Карантин. Неговото име се споменува во 1072 година во врска со настаните поврзани за востанието на Ѓорѓи Војтех. Во времето на неговата военоуправничка должност, група "првенци од Скопје" под водство на Ѓорѓи Војтех како и други истакнати луѓе од темата "Бугарија" се одметнале од византиската власт, и побарале помош од зетскиот крал Михаило. Кога за тоа слушнал Никифор Карантин "кој ја имал власта дукс на Скопје" ги собрал воените команданти и со значителни сили се упатил кон Присдијана, каде се наоѓале востаниците. Во текот на воените подготовки бил разрешен од функцијата.[27] Според Продолжувачот на Скилица, додека Никифор Карантин се спремал против востаниците, пристигнал "неговиот наследник Дамјан Даласин." Назначувањето на новиот

на развојот на бунтот, примал наредби од царот за мерките кои треба да се превземат, а најверојатно водел и значителни воени сили за да може соодветно да реагира.

[25] *ВИИНЈ* III, 216.

[26] Јончев, Печатите в Преслав, 160-161 бр. 323.

[27] *G.Cedrenus,* 715,11 - 716,3; *ВИИНЈ* III, 179-180.

дукс на Скопје, било извршено по наредба на византискиот цар, и тој пристигнал на бојното поле директно од Цариград. Новиот дукс штом им се придружил на силите на Карантин, го навредувал него и неговите воени команданти. Во таква напната атмосфера во византискиот логор, Дамјан Даласин брзоплето, без некоја поголема проценка за воените ресурси на востаниците, влегол во бој. Во жестоката битка, востаниците извојувале победа, а Византијците претрпеле тежок пораз. Меѓу заробените Ромеи се наоѓал и новонаименуваниот дукс на Скопје, Дамјан Даласин наречен Провата, истакнатиот командант Лонгивардопул, како и многу други високи воени личности.[28] Во меѓувреме востаниците го ослободиле поголемиот дел од Македонија. По раширувањето на востанието и поделбата на востаничка војска на два дела, едната на чело со Петрило која се упатила кон Костур, а другата под водство на Бодин која се упатила кон Ниш, византискиот цар за нов дукс на Скопје го именувал Михаил Саронит. Тој веднаш бил испратен против востаниците "со прикладна војска составена од Македонци, Ромеи и Франки." Во жестоката битка помеѓу востаниците и византиската војска предводена од М. Саронит, Византијците ги поразиле востаниците и ги заробиле нивните водачи.[29] Михаил Саронит на оваа должност останал најверојатно кратко време, а веќе во 1073 година за нов "дукс на сета земја на Бугарите" под што се има предвид темата "Бугарија" со седиште во Скопје, бил именуван Никифор Вриениј. Неговото именување на оваа должност било потребно поради неговото воено искуство и со цел да го смири "народот на Словените" кој малку пред тоа загосподарил со тие области. И навистина според зборовите на историчарот Никифор Вриениј, новиот управник на Скопје го смирил народот и бил радо прифатен. Но и тој кратко време останал на таа должност. Веќе во 1075 година бил преместен на должноста дукс на темата Драч поради опасноста од напади на тие области од страна на Зетското кралство и Норманите од Италија. Откако состојбите во

[28] *G. Cedrenus,* 716,3 - 11; *ВИИНЈ* III, 180-181.
[29] *G.Cedrenus,* 717,10 - 718, 8; *ВИИНЈ* III, 181-185.

Македонија се смириле, поради загрозеноста на Драчката тема и неговото акумулирано воено искуство,тој бил назначен на нова должност во Драч.[30]

По доаѓањето на престолот во 1078/79 новиот цар Никифор III Вотанијат (1078-1081) соред зборовите на Продолжувачот на Скилица, "За дукс на Скопје бил поставен Александар Кавасила."[31] Настаните во последните две децении на XI век го фрлаат Скопје во сенка и најверојатно од тие причини немаме некое попрацизно споменување на некој тематски управник на темата "Бугарија." Поради општиот процес во Византија на слабеење на улогата на темите и превземањето на нивната улога ва воените началници, со поголеми овластувања, во зависност од областа која е загрозена од надворешни и внатрешни непријатели темата со седиште во Скопје прераснала во дукат на градот и околината, со помали овластувања. Во последните две децении на XI век нараснала улогата на Драчката тема како прва одбрана од надворешните непријатели, најнапред Норманите а потоа и поминувањето на Крстоносците од Првиот крстоносен поход 1096/7 година. Во првите години на последната деценија на XI век Србите извршиле неколку напади на Северна Македонија и на Скопје, но главен носител на воените акции против Србите не е Скопскиот дукс, туку дуксот на Драч Јован Комнин[32] и интервенциите на византискиот цар. Околу 1098 -1101 година должноста дукс на Скопје ја вршел или Никифор Вриениј, зетот на

---

[30] *N. Bryennios,* 102, 5-103,11; *ВИИНЈ* III, 239-241.

[31] Ἡ Συνέχεια τῆς Χρονογραφίας τοῦ Ἰωάννου Σκυλίτση (*Joannes Scylitzes Continuatus*), ed. *E.T.Colakis*, Solun 1968, 108, 20-21; ВИИНЈ III, 187 бел. 45.

[32] *Бошкоски,* Византијски печат Јована Комнина, дукса Скопља, ЗРВИ 22 (1983)32 бел. 6. За тематското уредување во времето на Комнените сп.: *Литаврин,* Болгария и Византия, 250-388, особ. 2776-277. Авторот смета дека во средината на XII век темата Бугарија со седиште во Скопје престанала да постои. ВИИНЈ IV, 129 бел. 59 и особено *Ahrweiler, H.,* Recherches sur l'administration de l'empire byzantin auh IXe-XIe siècles (Études sur les structures administratives et sociales de Byzance, Var.Repr. London 1971) VIII, 62-68 сосема правилно забележала дека кон крајот на XI и XII век доаѓа до распарчување на поранешните големи теми. Таа смета дека со доаѓањето на Комнените граничните области на Империјата имале поголема административна автономија, додека дуксот покрај воени имал и граѓански овластувања. Во овој период забележани се многу дуксови -команданти на повеќе градови на Балканот, што потврдува дека процесот на распаѓање на цврстата тематска организација од поодамна започнал. За ваквата појава на распаѓање на темите cf.: *Ducellier,* La façade maritime, 97-98 и *Максимовиќ,* Организација византијске власти после 1018. године, 31-43.

царот Алексиј I Комнен оженет за неговата ќерка Ана Комнина,[33] а на почетокот на XII век односно помеѓу 1101 и 1106 година, архиепископот Теофилакт Охридски како дукс на Скопје го споменува Јован Таронит.[34]

Материјалните остатоци откриени при археолошките рекогносцирања а особено со археолошките ископувања потврдуваат извонредно висок подем не само на градот Скопје во времето кога бил центар на тема во XI век, туку и на неколку населби во Скопско кои подоцна имале градски карактер. Тоа го потврдуваат меѓу другото поправањето на утврдувањето на Скопје, утврдувањата на населбата на Водно кај л. "Марково Крувче"-"Маркови Кули" и резиденцијалните градби на л. "Давина" кај с. Чучер. На споменативе локалитети покрај утврдувањата и монументалните градби присутна е керамика со висок квалитет како и други материјални наоди кои го потврдуваат високиот подем на Скопје како седиште на тема, но истовремено се забележува подем и другите околни населби.[35]

2. Градот и областа во време на востанието на Петар Делјан 1040-1042 и Ѓорѓи Војтех1072/73 година

Градот Скопје и Скопската област имале извонредно значајно место во времето на востанието на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех како значајни востанички пунктови или како центар од каде започнало востаничкото движење. И двете востанија покрај социјалниот[36] и антифеудалниот карактер имале и ослободителен карактер.[37]

---

[33] *Бошкоски,* Византијски печат Јована Комнина дукса Скопља, 32 бел. 7.

[34] *ИБИЛИБИ* XXX/IX ч. 2, София 1994, 98-99 бел. 1. Јован Таронит бил син на Михаил Таронит и Марија сестрата на царот Алрксиј Комнин. Cf.: *Gautier, P.,* Le synode des Blachernrs (fin 1094), Etude prosopographiques, REB 29, (1971), 217, 236-237; *Βάρζος,* Κομνηνοί, No.21.

[35] *Бабиќ,* Културно богатство, 29 бр. 21, 65 бр. 175; *Микуљчиќ,* Скопје со околните тврдини, 127, 131, 132,135; *Истиот,* Средновековни градови, 284-290; 298-302; 309-310.

[36] Покрај социјалниот карактер на востанието од 1040 и 1072 година, во изворите е потврден покрај и неговиот ослободителниот карактер, што во науката не е спорно. За тоа сп.: *Златарски,* История II, 41-43, 50; *Литаврин,* Болгария и Византия, 377-378; *Острогорски,* Историја, 308; *ИНМ,* I, 159; *ВИИНЈ* III, 143-144 бел. 208; *Меловски,* Кон даночната политика на Самоиловата држава, 179-180.

[37] За востанието на Петар Делјан *M. Pselos,* Chronographie I. ed. E. Renaul, Paris 1926 IV-39 p, 76 пишува: "народот на Бугарите...откако Василиј... ја претворил... нивната земја во плен и ја уништил нивната моќ... не поднесувајќи го тој пораз долго време, почнал повторно да се враќа кон својата поранешна гордост."; *Scylitzae,* 409,2-3 вели дека Делјан го побунувал

а.) Востанието на Петар Делјан

Во текот на летото 1040 година, додека византискиот цар Михаил IV (1034-1041) се наоѓал на лекување во Солун, на Балканскиот Полуостров во словенските земји започнало едно големо востание против византиската власт.[38] Востанието избувнало во погранични области со Унгарското кралство,[39] околу Београд и долниот тек на реката Морава и брзо се проширило на југ кон "Ниш и Скопје метрополата на Бугарија."[40] Водачот на востанието Петар Делјан најверојатно уште на почетокот на востанието во Београд од востаниците бил прогласен за "цар на Бугарија"[41] па така востаниците движејќи се кон Ниш и Скопје го славеле и поздравувале како

бугарскиот народ "кој тукушто го свил вратот под ропството и силно се стремел кон кон слободата"; и Теофилакт Охридски (ИНМ I, 159) пишува дека Охриѓаните биле готови да се вооружат и дигнат веднаш по паѓањето на Охрид под власта на Ромеите, или дека во Македонија работите биле секогаш пред "сеништето на војна", зашто "варварите" не престанувале да мислат "на нивните честити времиња." *Zonaras* III, 598,9 - 599,5 за овие настани пишува: "откако... биле победени од царот Василиј и нивното царство било уништено, овие варвари само некое време го поднесувале јаремот на ропството. Потоа намислиле да го отфрлат јаремот..." и откако си нашле водач кого го прогласиле за цар " народот на варварите се дигнал на отворено востание." За литературата сп.: *Златарски,* История II, 51-52; *Литаврин,* Болгария и Византия, 385, 387, 395; *ВИИНЈ* III, 144 бел. 208; *ИНМ* I, 159; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 57; *Колева, Е.,* Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ, Споменици на Македонија V, Прилеп 1988, 96-102.

[38] *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 91-92.

[39] Фактот дека водачот на востанието Петар Делјан бил рожба на македонскиот цар Гаврил Радомир и анонимната унгарска принцеза која овој на почетокот на XI век ја избркал бремена, се родил и бил воспитуван на унгарскиот кралски двор (вестите за потеклото на Петар Делјан кај византиските автори критички и детално ги обработил: *Илјовски, Р.,* Потеклото на Петар (О)Делјан (Прилог кон критичката обработка на византиските изворни податоци), ГИНИ XXXI/2, 1987, 161-194.), како и податокот дека востанието почнало на унгарско-византиската граница околу Београд и долниот тек на реката Морава ја наметнуваат оправданоста од поддршка на востаниците од унгарскиот двор (*ИНМ* I, 160).

[40] *Scylitzes,* 409,92, 5-6.

[41] *ВИИНЈ* III, 144 бел. 209 со гледиштата од постарата литература. По прашањето каде и од кого бил крунисан за цар Петар Делјан изворите не соопштуваат. Според една минијатура во Мадридскиот ракопис на Јован Скилица на која е претставен Петар Делјан како востаниците го прогласуваат за цар со издигнување на штит (*Божков,* Миниатюри от Мадридския ръкопис, 156 мин. 86-87, 228-229, л.. 215 R) по стариот римски и византиски обичај, голема е веројатноста дека тој, најнапред бил издигнат на штит за цар. На минијатурата се гледа Петар Делјан како седи на штитот без круна со црвена капа како и останатите војници кои го држат штитот. И на другите минијатури: Средбата помеѓу Петар Делјан и Тихомир, Востаниците го каменуваат Тихомир, Логорот на Петар Делјан и пристигнувањето на Алусијан и Ослепувањето на Петар Делјан (*Божков,* Миниатюри от Мадридския ръкопис, 158-159, 88-89 мин. л . 215 V;162-163, 90-91 мин. л. 216 R; 171, 94, мин. л. 217 Ra ; 175-177, 96-97 min. l. 217 Va) тој е претставен со црвена капа, односно без круна.

цар.[42] Пристигнувањето на востаничката војска предводена од Петар Делјан во Скопје без никаков отпор било дочекано со големо воодушевување[43] и предизвикало понатамошно востаничко расположение во Македонија и услови за негово брзо ширење на југ. Востаниците останале извесно време во Скопје. На веста за пристигнувањето на востаниците во "метрополата на Бугарија," византискиот цар Михаил IV (1034-1041) му наредил на драчкиот дукс Василиј Синдин да се упати кон востаниците и да го спречи понатамошното ширење на востанието. По пристигнувањето на византиската тематска војска во Дебар, помеѓу стратегот Василиј Синадин и неговиот заменик дошло до судир при што стратегот бил наклеветен дека се подготвува да ја узурпира царската власт. По ваквите вести тој бил разрешен од должноста и затворен, додека командата над византиската војска ја превзел Дермокаит. Но поради неговото сурово однесување, војската му откажала послушност се побунила и им се придружила на востаниците. Еден од претпоставените по потекло Словен- Тихомир од востаниците во Дебар бил прогласен за водач и извикан за цар. Новата востаничка војска предводена од Тихомир се упатила кон Скопје. Така кратко време постоеле две востанички војски како што вели Ј. Скилица "една која го признавала Делјан а друга Тихомир." Делјан кој со востаничката војска се наоѓал во Скопје, како што известува истиот извор, му напишал пријателско писмо на Тихомир и го убедил да му се придружи како сојузник. Откако во Скопје пристигнале востаниците на Тихомир и двете војски се соединиле,[44] Петар

---

[42] *Scylitzes,* 409,5-410,8; *ВИИНЈ* III, 144.

[43] *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 57.

[44] На констатацијата дека двете востанички војски се состанале во Скопје упатуваат изворните податоци. Според Ј. Скилица (Scylitzes, 409, 87-6; 410, 8-27) по дигањето на востанието Петар Делјан со востаниците од тврдините Мирава и Београд пристигнал во Ниш и Скопје, метрополата на Бугарија. Додека Делјан сеуште бил во Скопје, дошло до прогласување на Тихомир за водач на востаничката војска во Западна Македонија. Делјан штом дознал за тоа "му напишал пријателско писмо на Тихомир и го убедил да му се придружи како сојузник. Откако двете војски на Бугарите се соединија, сите ги повика " да одлучат на кој водач да му дадат доверба. Словенскиот превод на Хрониката на Симеон Логотет (Хроника Симеона Логоеѳта, 168) пишува за средба на двата востанички водачи во местото каде се наоѓал Делјан: "И оубо Българе на двое раздѣлиѫсѧ, овѣм же къ Тихомирꙋ прилагаѫщимсѧ. Иж прѣмшже лъстїѫ Долїань Тихомира; призва во его· на опщенїе власти и врани Гръчьстѣи; он же послоуша его; и понеже оубо състастасѧ ова цр҃ѣ и множство Блъгарское съврасѧ." Во

Делјан ги повикал сите востаници и побарал да се изјаснат кого ќе го прифатат за водач и цар. Според неговите зборови "ако се потполно убедени дека тој води потекло од Самоил и прифатат тој да царува, веднаш да го отстранат Тихомир, а ако тоа им е неприфатливо, него да го отфрлат и за владетел да го прифатат Тихомир." "Затоа што" ги цитира Ј. Скилица зборовите на Петар Делјан "не одгледува еден жбун две птици - еритаци, нити пак една земја ќе процвета ако со неа управуваат двајца владетели."[45] По овие зборови на Петар Делјан, меѓу востаниците настанала расправија по што изјавиле "дека само него го сакаат за владетел самодржец (αὐτοκράτορα ἀρχηγόν)" и штом така одлучиле веднаш зграбиле камења и го каменувале Тихомир, со што целата власт над востаниците преминала во рацете на Петар Делјан.[46] Според словенскиот превод на Хрониката на Симеон Логотет по говорот на Петар Делјан пред востаниците "Ѡтсєго же млъва

прилог дека до средбата на востаничките водачи дошло во Скопје оди и фактот дека дури по каменувањето на Тихомир доаѓа до понатамошни воени дејства на востаниците на југ.

[45] *Scylitzes,* 410, 8 - 33; *ВИИНЈ* III, 144-147; *Колева,* Михаил Псел како извор, 101 и бел. 98. Сп.: *ИНМ* I, 160-161; *ИСН* I, 183. Во минијатаурата на Мадридскиот ракопис на Јован Скилица за Средбата помеѓу Петар Делјан и Тихомир (*Божков,* Миниатюри от Мадридския ръкопис, 158-159, 229 бр. 88-89 мин. л. 215 V) претставени се Петар Делјан и Тихомир седнати на табуретки со плетеници во црвена боја и две свечени постилки под нозете, како водат дијалог пред востаниците, најверојатно во Скопје. И двајцата водачи се претставени во црвени каши, сини наметки, црвени панталони и црни чизми, за разлика од востаниците кои носат црвени каши но различна облека. Петар Делјан е претставен со дигната десна рака и раширена дланка и строг поглед, како убедливо зборува пред Тихомир чиј показалец од десната рака е исправен во знак на извесноно одобрување, но со видливо отсутен поглед, кој го навестува неговиот пораз, додека соединетата востаничка војска без оружје, со прекрстени раце внимателно го следи разговорот помеѓу двајцата соговорници.

[46] *Scylitzes,* 410, 33-411,37; *Zonaras* III, 598, 7-560,4. Во минијатурата на Мадридскиот ракопис на Јован Скилица л 216 R (*Божков,* Миниатюри от Мадридския ръкопис, 162-163, 230, бр. 90-91) претставен е Петар Делјан како седи на табутетка во црвена боја со црни линии кои формираат коцки а под нозете има свечена правоаголна простирка со црвени линии кои формираат бели коцкасти полиња. Иако во седечка положба, тој завзема поза на наредба која е потенцирана со испружената десна рака која ги следи надколениците и строгиот поглед, со што е потврден неговиот избор за единствен водач на востаниците и нивни цар. Во левата страна на минијатурата претставен е Тихомир во сина наметка и неколку камења кои го погодиле неговото тело со подигнати раце од очај, и поглед кон едната група на востаници, од кои како да бара милост. Од лево и од десно е опкружен со две групи на востаници кои во рацете држат камења, кои во секој момент треба да бидат упатени кон него, како човек кој нема царска крв односно нема потекло од Самоиловото семејство, па затоа заслужува да биде убиен со каменување.

въздвижесѧ, и въси того цр҃ѣ прославишѧ, а Тиѣомира съсѣкошѧ. Долїан же, самодръжець бы҃.”[47]

Веднаш по превземањето на водството над двете востанички војски Петар Делјан, од Скопје според Михаил Деволски, упатил еден воен одред да ја завземе тврдината Василида на Преспанското Езеро,[48] додека според Ј. Скилица, веднаш ги собрал сите воени сили и се упатил кон Солун.[49] Ваквата констатација на Скилица е воопштена затоа што веќе од понатамошниот текст е јасно дека најнапред упатил воени единици под команда на одредени војсководачи кон Драч, Василида, потоа кон Хелада и градот Теба, па дури по постигнатите успеси особено со освојувањето на Драч, Василида и Теба, населбите на темата Никопол со исклучок на Навпакт[50] и самиот се упатил на југ кон Острово каде поставил логор и раководел со понатамошните воени операции. Таму наскоро пристигнал и Алусијан синот на македонскиот цар Јован Владислав.[51] Понатамошниот развој на востанието е познат. Во востаничкиот логор дошол Алусијан. Петар Делјан му доверил голема војска и го упатил против Солун. Поразот на востаничката војска пред градот предизвикала расцеп во востаничкиот табор. Петар Делјан бил ослепен од неговиот братучед Алусијан, кој откако ја напуштил востаничката војска пристигнал во Мосинопол, кај византискиот цар. Кон крајот на есента 1041

---

[47] Хроника Симеона Логоеѳта, 168

[48] *Scylitzes,* 411, 38. За попрецизната убикација на Василида, нејзиното градење и улогата во време на востанието на Петар Делјан в.: *Томоски, Т.,* Белешки за некои месности во Македонија во почетокот на XI век, Зборник: Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањетто на Самоиловата држава, Скопје 1971, 208- 211.

[49] *Scylitzes,* 411, 39-41-42. Веста за упатувањето на востаничката војска од Скопје кон Солун, најверојатно имала пропаганден карактер, по што византискиот цар кој се наоѓал во Солун се исплашил и побегнал во Константинопол, оставајќи го шаторот со златните и сребрените предмети. Притоа му наредил на Манојло Ивец кој му бил доста близок, да ги собере овие работи и со војска да им се спротивстави на востаниците. Но М. Ивец им се придружил на востаниците. Според *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 69 Петар Делјан на пат за Солун не ја користел природната магистрала по Вардарската долина туку во Острово пристигнал преку Пелагонија и по Виа Егнатиа.

[50] *Scylitzes,* 411, 51-412, 76. Објаснувајќи ги причините зошто жителите на темата Никопол им се придружиле востаниците, Ј.Скилица ги наведува социјалните мотиви за дигање на востанието како и неговото ширење. Притоа се обвинуваат покрај пореските чиновници и Јован Орфанотроф кој наредил жителите на некогашното Македонско царство да го плаќаат данокот во пари а не во натура, како што било во времето на Самоил.

[51] *Scylites,* 412, 88 - 413,4.

година уследило заробувањето на Петар Делјан. Скопје во вителот на востаничките настани од летото 1040 година, кога во него пристигнал Петар Делјан, најверојатно останал слободен до крајот на есента 1041 година. Каква била организацијата на власта во Скопје и кој управувал со него во време на востаничкото движење и дали градот во завршните операции на византиската армија за воспоставување на византиска власт во востанатите области дал отпор од изворите не е познато.[52]

б.) Востанието на Ѓорѓи Војтех

Постојаните и долготрајни војни против надворешните непријатели кои се воделе со променлив успех, ја истоштиле Византија кон средината на XI век. Во битката кај Манцикерт 1071 година против Селџуците, царот Роман IV Диоген бил поразен и заробен, по што на Селџуците им се отворил патот кон Мала Азија. Незадоволството од владеењето на царот Михаил VII Дука, а особено од фискалната политика на логотетот Никифорица, покрај во целото Царство имало силен одраз и во Македонија. Кон половината на 1072 година, незадоволството во Македонија прераснало во големо антивизантиско востание предводено од скопскиот велможа Ѓорѓи Војтех, и истото имало и ослободителен карактер.

Според Продолжувачот на Скилица "првенците на Бугарија" (οἱ κατὰ τὴν Βουλγαρίαν προεχοντες), се мисли на византиската тема Бугарија со седиште во Скопје,[53] или како што малку подолу во текстот истиот автор се изразува "првенците од Скопје" (οἱ εν τοῖς Σκοπίας προεχοντες) на кои водач им бил Ѓорѓи Војтех (οἷς ἔξαρχος ἦν Γεώργιος ὁ Βοϊτάχος)" се побуниле, го напуштиле Скопје и се упатиле кон Призрен. Од таму востаниците упатиле молба до зетскиот крал Михаил да им помогне и со нив да се здружи и својот син да им го даде, да го прогласат за свој цар и така "да се ослободат од власта и гнетот на Ромеите (τῆς ἐκ τῶν Ῥωμαίων

[52] *Ibidem.*, 413, 4-415,56; *Zonaras* III, 598, 9 - 603,16; *ВИИНЈ* III, 153-155; 206-209; 252-254. Сп.: *Литаврин,* Болгария и Византия, 386 - 396; *ИНМ* I, 162-164; *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 93-95; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 68-74.

[53] *J. Scylitzes-Continuatus,* 715, 11-12; *ВИИНЈ* III, 178 бел.13 и 179 бел.19.

ἐλευθερωθεῖν κατὰ δυνασθείας καὶ βαρύτητος).[54] Изгледа дека градот Скопје се до битката кај Призрен останал под византиска власт, бидејќи Продолжувачот на Скилица соопштува дека дуксот на овој град Никифор Карантин тука се подготвувал за борба против востаниците.

На зетскиот крал Михаил му одговорал повикот на востаниците во неговите настојувања да ги прошири границите на својата држава и да го зголеми својот углед меѓу јужнословенските земји. Кон крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години тој почнал да води активна антивизантиска политика. Но независно од карактерот на востанието, кое има антивизантиски и ослободителен карактер, за Македонија и Македонските Словени, освојувачките планови на зетскиот крал кон Византија, темата Бугарија, односно кон Македонија, се содржани во изјавата на Продолжувачот на Скилица дека "народот на Србите кои се нарекуваат и Хрвати" под што се подразбира зетското кралство, "излезе да ја покори Бугарија," односно истоимената византиска тема со седиште во Скопје.[55] Токму затоа зетскиот крал веднаш се одзвал на повикот на востаниците и им го испратил принцот Бодин со 300 војници. Собраните скопски првенци кај Призрен со воодушевување го дочекале Бодина со војниците и веднаш го прогласиле за свој цар. Според известувањето на Продолжувачот на Скилица, востаниците при прогласувањето на Константин Бодин за цар му го промениле името во Петар. Според мислењето на повеќето истражувачи тоа го направиле во чест на Петар Делјан.[56]

Но наскоро, обединетите византиски сили кои ги собрал Никифор Карантин и војската на новонаименуваниот дукс на Скопје Дамјан Даласин се упатиле кон востаниците. Во крвавата битка кај Присдијана (Призрен)

---

[54] *J. Scylitzes - Continuatus,* 715,12-20; *ВИИНЈ* III, 177-180. По се изгледа дека скопските првенци најнапред се побуниле во Скопје, а потоа тајно со извесен број на други востаници, откако го направиле планот за натамошните акции, го напуштиле градот и се упатиле кон Призрен. Од таму му се обратиле на зетскиот крал Михаил да им испрати помош.

[55] *J. Scylitzes - Continuatus,* 714,22-24. *ВИИНЈ* III, 179 бел. 19; ИСН I, 190.

[56] *J. Scylitzes - Continuatus,* 715,15-18, 21-22; *ВИИНЈ* III, 180 бел.23; *Rački, Borba* 163 и *ИМН* I, 165.

востаницитe ја поразиле војската на Ромеите. Во нивни плен паднал дуксот Дамјан Даласин и други истакнати византиски воени команданти.[57] Иако кај Продолжувачот на Скилица не е речено прецизно, по се изгледа востаницитe по оваа блескава победа над византиските сили и заробувањето на нивниот војсководач, без некои поголеми тешкотии успеале да го освојат градот Скопје, кој бил оставен од Византијците без поголема војска. Освојувањето на градот е разбирливо бидејќи малку подоцна нашиот извор го спомнува Георги Војтех како востанички командант на градот.[58] Најверојатно во Скопје, било извршено и свеченото прогласување на Константин Бодин - Петар, за цар. Тоа е особено потенцирано кај Продолжувачот на Скилица кој истакнува дека, по битката кај Призрен, востаницитe како што тој ги нарекува според темата Бугарија - "Бугарите", сосема отворено го прогласија Бодина за цар, променувајќи му го името во Петар како што е речено. Токму затоа Г.Г. Литаврин сосема оправдано заклучува дека во Призрен Бодина го прогласиле за цар најпрво скопските првенци од темата "Бугарија," а по поразот на византиската војска предводена од новиот дукс на Скопје, за свој цар го признале и жителите на темата "Бугарија" чие седиште било во Скопје.[59]

Потврда на претпоставката дека свеченото прогласување на Константин Бодин-Петар за цар на "Бугарините" најверојатно било извршено во Скопје, на извесен начин можеби дава еден податок од повелбите на бугарскиот цар Константин Тих и онаа на српскиот крал Милутин, доделена на манастирот Св. Георги-Горгос крај Скопје во 1258 односно 1299/300 година. Во повелбите се вели дека по византиските цареви Роман III Аргир, Роман IV Диоген, а пред византискиот цар Никифор III Вотанијат, кои со повелби на овој манастир му поклониле нови или ги

---

[57] *J.Scylitzes-Continuatus,* 715,22 - 716,11; *ВИИНЈ* III, 180-181.

[58] *J. Scylitzes - Continuatus,* 717, 17-19. *Литаврин,* Болгария и Византия, 405, истакнува дека изворите ништо не говорат за опсадата на големиот и добро утврден град Скопје и претпоставува дека градот паднал во рацете на востаницитe, уште при првата битка, односно по византискиот пораз кај Присдијана. Тоа значи дека воопшто не пружил отпор.

[59] *J. Scylitzes - Continuatus,* 715, 21-22; 716, 13-14; ВИИНЈ III, 181. *Литаврин,* Болгария и Византия, 404-405.

потврдиле старите поседи и привилегии, споменат е и "Свети цар Петар" кој му потврдил поседи на овој манастир.[60] Ако се има предвид хронолошкиот распоред како се наведени во повелбите на владателите кои му поклонувале или потврдувале поседи на манастирот Св. Георги-Горгос крај Скопје, тогаш се чини дека е оправдана претпоставката на истражувачите кои мислат дека третиот цар кој му ги потврдил поседите на овој манастир по Роман III Аргир и Роман IV Диоген наведен како "Свети цар Петар" не е никој друг туку Константин Бодин.[61]

Летописот на Поп Дукљанин не ги спомнува скопските првенци Георги Војтех, повикот до зетскиот крал Михаил за испраќање на Бодина кој востаниците, како и нивната намера тие да го прогласат за свој цар. Тој соопштува дека синовите на Михаил повеле многу битки против "Грците и Бугарите[62] и ја завладеаја цела Бугарија провинција која кралот Михаил, му ја даде на синот Бодин да ја владее. Меѓутоа Бодин си стави круна на главата и заповеда да го нарекуваат цар."[63]

Во Скопје царот Бодин кој станал водач на востаниците, ја разделил својата војска од 300 војници и другата востаничка војска на два дела. Тој со еден дел од војската и востаниците се упатил на север кон Ниш, за да го бунтува словенското население против Византија, додека пак војсководачот Петрило, еден од најблиските свои соработници, го испратил на југ кон Костур. Таму биле собрани значителни византиски сили и дел од византиските единици кои бегале пред востаниците. Патем Петрило ги

---

[60] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите, 184 и 210.

[61] *Р.М. Грујић,* Властелинство светог Ђорђа код Скопља од XI-XV века, ГСНД I/1 (1925), 46-48; *Мошин,* Грамотите 119; *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите, 184, бел.9 и бел. 210.

[62] Известувањето на Летописот на Поп Дукљанин (*Ljetopis,* 94-95; *Љетопис,* 138) дека синовите на зетскиот крал Михаил повеле војна против "Грците и Бугарите" би можело да укажува од една страна на освојувачките намери на зетскиот крал кон Византија, односно кон Македонија, а од друга страна на симптоматичен судир или несогласување со скопските првенци и нивниот водач Георги Војтех. На ова мислење не наведува фактот дека по битката кај Призрен, Георги Војтех не се споменува во воените операции, туку е оставен во Скопје. Воените операции на востаниците на југ кон Охрид и Костур ги раководи зетскиот војсководач Петрило, а на север кон Ниш самиот цар Константин Бодин -Петар.

[63] *Ljetopis,* 94-95; *Љетопис,* 138.

освоил или ослободил градот Охрид и тврдината Девол. Кај Костур бил победен од Ромеите и ги напуштил востаниците.[64]

Кон крајот на 1072 година, нови византиски сили под команда на војсководачот Михаил Саронит, стигнале пред Скопје. Византискиот цар известен за поразот на неговата војска кај Призрен и прогласувањето на Бодин за цар, против него го упатил војсководачот Михаил Саронит "брзо да го угаси пламенот, пред тоа зло да се прошири во голем пожар." Нему му доверил јака војска "составена од Македонци, Ромеи и Франки." Движејќи се кон Скопје тој воопшто не мислел на тоа што се случува во Ниш, туку единствена преокупација му било да го поврати Скопје во византиски раце.[65] Пристигнувајќи пред Скопје, М. Саронит стапил во преговори со Ѓорѓи Војтех, кому Бодин градот му го доверил на управување. Во преговорите тој му ветувал доколку го предаде градот ќе му биде простено одметништвото. Поради немање доволно воени сили да и се спротивстави на византиската војска која стоела пред градот и во секој момент можела да го нападне, што би имало несогледливи човечки и материјални загуби, Ѓорѓи Војтех прифатил да се предаде и им го отстапил градот на Византијците. По влегувањето на византиската војска во Скопје, М. Саронит вршел воени подготовки и ги разгледувал можностите како најлесно да се пресмета со востаничката војска предводена од Бодин, а која се наоѓала во Ниш.[66] Ѓ. Војтех набрзо по предавањето на градот, увидувајќи дека византиската војска се оддала на безделничење, се премислил и тајно го известил Бодина кој тогаш се наоѓал во Ниш, за развојот на настаните во Скопје и го повикал да дојде за да ја нападне византиската војска која почнала да безделничи. Известен за ова М. Саронит го дочекал Бодина кој веќе се упатил кон Скопје, кај местото Паун на Косово. До битка помеѓу востаничката војска предводена од Бодин, а во која учествувал веројатно и Георги Војтех, и византиската војска, дошло кон крајот на есента или почетокот на зимата

---

[64] *J.Scylitzes -Continuatus,* 716,14 - 717,7; *ВИИНЈ* III, 181-183
[65] *J.Scylitzes - Continuatus,* 717, 10-16.
[66] *Ibidem.,* 717, 17-21.

или 1072 година, или како што известува Продолжувачот на Скилица во месец декември.[67] Востаниците биле поразени и покрај тоа што Бодин особено се истакнал со својата сила и храброст. Бодин и Ѓорѓи Војтех биле заробени и одведени во византиската престолнина. По оваа битка и заробувањето на востаничките водачи нема скоро никакви вести за отпор на востаниците, според тоа востанието веќе било целосно задушено.[68]

3. Навлегување на Печенези и Узи. Нормандско завладување. Српски упади

Во текот на целиот XI век Печенезите, биле населени во најголем број на левиот брег на долниот тек на р. Дунав, додека помал дел сеуште се наоѓал во Јужноруските степи. Тие во силни бранови ги заплиснувале византиските владенија на Балканскиот Полуостров, а ограбувачките походи стигнувале дури до средна Грција. Од нивните ограбувачки походи не била поштедена Македонија, па ни Скопската област. Од Узите е познато едно навлегување во Македонија од кое била засегната и Скопската котлина. Под годината 1026, во краткото известување на Јован Скилица се вели: "Печенезите упаднаа во Бугарија и убија и заробија многу народ и стратези и тагматарси." Понатаму истиот извор вели дека ним им се спротивставил архонтот на Сирмиум Константин Диоген, кого за подобро водење на воените акции против Печенезите царот Константин VIII го назначил за дукс на темата Бугарија со седиште во Скопје.[69] Од наведениот пасус јасно е дека нападот бил изненаден, додека самото ограбувањето на Печенезите било проследено како со големи материјални, човечки загуби, загуби на заробени повисоки воени команданти како и заповедници на помали военоуправни

---

[67] На ваков заклучок упатува податокот дека за време на битката целата земја била прекриена со снег "затоа што било зима месец декември" (*J.Scylitzes-Continuatus*, 718, 3-4) . Околу хронологијата на востанието кое некои истражувачи го датираат пред или по 1072 година сп.: *ВИИНЈ* III, 177 бел. 9.

[68] *J. Scylitzes - Continuatus*, 717,21 - 718,8; *ВИИНЈ* III, 180-185. Сп.: *ИМН* I, 166-167 и *ИСН* I, 190-191.

[69] *Scylitzes*, 373, 92-95; *ВИИНЈ* III, 162-163. Ј. Зонара кој исто така известува за овој упад на Печенезите (*Zonaras* III, 571,11) вели дека тие упаднале во "τῇ χώρα τῆς Βουλγαρίας" под што најверојатно се има во предвид темата Бугарија. Сп.: Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 38-39.

единици. По извршеното ограбување Печенезите се повлекле на север, додека повеќето воени акции на новопоставениот дукс со седиште во Скопје Константин Диоген, ги принудил да се вратат зад Дунав и за извесно време да мируваат. Кои области биле опустошени од Печенезите при овој нивни упад, наизглед не е сосема јасно. Тврдењето на Ј. Скилица дека тие упаднале во "Бугарија," термин под кој се има во предвид истоимената тема со седиште во Скопје која го опфаќала покрај други области и поголемиот дел на Македонија, вклучувајќи ја и Скопската област, упатува на тоа кои области биле изложени на нападот, а од друга страна податокот дека од упадот страдал многу народ, упатува дека истиот опфаќал поголема територија. Поставувањето на Константин Диоген за дукс на темата "Бугарија" во Скопје во голема мера упатува на областите кои биле изложени на овој упад на Печенезите, па според тоа истите требало и да се бранат. Ако се има предвид податокот на хроничарот Ј. Зонара во врска со населувањето на Печенезите, дека "Бугарија била празна (ненаселена) во поголемиот нејзин дел, затоа што малку време пред тоа, тој народ бил покорен" што е алузија на византиско - македонските војни во првата и втората деценија на XI век,[70] во тој случај е прифатливо гледиштето на романскиот учен П. Џјакону, дека раселувањето односно ненаселеноста на овие области покрај споменатата причина од Ј. Зонара, било предизвикано и од упадот на Печенезите во 1026 година.[71] Тој смета дека Печенезите покрај областите во северна Бугарија од каде навлегле, ги опустошиле и областите околу Ниш, Сердика и Северна Македонија. Ако се има во предвид фактот дека како седиште на тема, Скопје нудело богат плен за варварите, голема е веројатноста дека градот и областа биле изложени на овој ограбувачки поход. Навлегувањето на Печенезите кон Македонија во оваа прилика било извршено најверојатно од Сердика по долината на реката Нишава и Вардарската долина.

---

[70] *Zonaras* III, 643, 9-10.

[71] *Diaconu,* P., Les Petchénègues au Bas-Danube, Bucarest 1970, 41-42; Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 40.

Во 1034 година според краткото известување на Ј. Скилица "преминувајќи го Дунав Печенезите ја опљачкаа цела Мизија до Солун."[72] Од претпоставениот итинерар на нивното движење, може да се констатира дека Скопската област не била поштедена од овој упад. Податокот дека Печенезите преминувајќи ја реката Дунав ја опустошиле северна Бугарија (Мизија) а потоа ограбувале се до Солун, може да укажува на итинерарот до нивната крајна дестинација. Тие по се изгледа од Северна Бугарија се упатиле кон Сердика, а од таму по реката Нишава и горниот тек на Морава, преку Скопската котлина и Вардарската долина, стигнале до Солун.[73]

Во 1048 година огромно мноштво на Печенези ја преминало реката Дунав и навлегло во византиските поседи во северна Бугарија. Во успешното спротивставување на Печенезите бил вклучен и по својата борбеност особено се истакнал дуксот на темата Бугарија со седиште во Скопје синкелот Василиј Монах. По победата над нив, тој добил поголем дел од заробените Печенези и ги населил во пустите области на темата со која раководел во рамнините помеѓу Сердика Ниш и Овче Поле.[74]

Годината 1064 на левиот брег на долни Дунав ќе биде одбележана со појава на уште едно варварско племе Узите, кои покрај Печенезите побарале тука свој дом. Во есента споменатата година, Узите според М. Аталијат, со целата своја опрема, натоварена на чамци издлабени од дрвени трупци и мешини, ја преминале реката Дунав и ја преплавиле северна Бугарија. Византиската одбрана изненадена од брзиот премин, не успеала успешно да им се спротивстави.[75] Според истиот извор од таму, брзо одвојувајќи се "*еден нивни броен одред навлезе низ целиот Илирик се до Солун и Елада извршувајќи страшен грабеж собра голем плен.*"[76] Ј. Зонара кажува дека

---

[72] *Scylitzes,* 397, 43-45.

[73] На ваквиот правец на движење на Печенезите кон Солун веќе укажал *Грујиќ,* Скопска митрополија, 26-27.

[74] *Scylitces,* 458, 40-52; 959, 79-83; 469, 65-491,7; 475, 17-476, 37; *Atalliates,* 37,10-39, 118. Cf.: *Василевский,* Печенѣги, 9-24; *Diaconu,* Les Petchénègues, 62 sq.; Бошкоски, Македонија во XI и XII век, 44-46.

[75] *Attaliates,* 83, 10-20.

[76] *Ibidem.,* 83, 20-23.

Узите штом ја поминале реката Дунав и ја совладале византиската одбрана ги преплавиле византиските области долж десниот брег на долниот тек на Дунав.[77] "*Оттаму навлегле во Македонија ја опустошиле и стигнале до Елада.*" Продолжувачот на Јован Скилица, известува дека Узите откако го преминале Дунав се расположиле на нејзиниот десен брег, а еден нивни одред брзо се одвоил и навлегол "*се до Солун и Елада.*"[78] Овој податок го наведуваме поради тоа што постои голема веројатност, дека делот од Узите кои од северна Бугарија се одвоил и упатил на југозапад кон "Илирик", "Македонија," "Солун и Елада" во својот ограбувачки поход ја користел Моравско-варварската долина. На ваквиот итинерар на една група на Узи од ограбувачкиот поход упатуваат и Annales Altahenses Maiores. Според овие анали, во 1065 година, караван од 12000 поклоници на Христовиот гроб преминувајќи ја реката Морава наишле на "грабливци и разбојници кои се нарекувале Узи."[79] Според тоа, Скопје и Скопската област, наоѓајќи се на правецот на нивното движење, може да се каже дека не биле поштедени од овој ограбувачки поход на Узите.[80]

Во пролетта 1079 година, според пишувањето на Никифор Вриениј, византискиот цар Никифор III Вотанијат го испратил големиот доместик на Западот Алексиј Комнин, да изврши надзор над Западните области. Во Адријанопол бил известен дека Печенезите се подготвуваат да упаднат во "бугарските погранични области." Кога стигнал во Филипополис, дознал дека Печенезите упаднале и ги пустошат "областите помеѓу Ниш и Скопје." Големиот доместик со забрзан марш се упатил против нив, но кога пристигнал во Сердика, Печенезите кои веќе дознале за неговото доаѓање, брзо се повлекле на север.[81]

---

[77] Zonaras III, 678, 1-15.

[78] *J.Scylitzes-Continuatus,* 113, 25-114, 13.

[79] *Annales Altahenses Maiores*, MGH t. XX, ed. *G.H.Pertc*, Hannoverae 1863, 815, 9-37

[80] Според *Грујић*, Скопска митрополија, 27, Узите при овој поход до Моравската долина стигнале по долината на реката Тимок или Нишава, а потоа продолжиле на југ по Вардарската долина кон Солун и Елада каде го окончале својот ограбувачки поход. Поопширно за навлегувањето на Узите в.: *Бошкоски,* Македонија во XI и XII век, 51-52.

[81] *Bryennios,* 299, 11-25. Издавачот на ова ново критичко издание на Н. Вријениј П. Готје (*Bryennios,* 299 n. 4) укажува дека за овој упад на Печенезите другите извори воопшто

За време на овој налет Печенезите го опустошиле манастирот Св. Георги-Горгос на Виргино брдо, во непосредна близина на Скопје. За тоа попрецизно дознаваме од повелбата која на овој манастир му ја издал бугарскиот цар Константин Тих (1257-1277) во 1258 година. Во повелбата за овој настан се вели: "манастирь великомѫчника Христова Гєѡргиꙗ Горга, сѣдан'на Романомъ свѣтоимь царемь на бр'ѣдѣ Вир'гинѣ прѣмо Скопии градѹ надь Сєрѣвѫ; и наводомь иноплеменноікь Ꙗгарнь изгѹбоів ш а вса правила своꙗ и метохѫ своꙗ, пад ша до wснованиа, и пакоі свѣтоімь кир' Ꙗл ξиіем царемь сѣздан'на и вѣздвижен'на и прославлен'на, и мнозѣми свѣтоіми правовѣр' ноими цари подарован'на и покрѣплен'на". Ако се има предвид дека пред нападот на споменатите Агарени, последен кој го дарувал овој манастир бил византискиот цар Никифор III Вотанијат, и соопштението на византискиот историчар Н. Вриениј за упадот на Печенезите меѓу другото и на Скопје, па од повелбата на Константин Тих податокот за страдањето на манастирот Св. Георги Горгос,[82] крај Скопје од споменатите Агарени - под кои се подразбираат Печенезите - може да се каже дека и двата извора зборуваат за еден народ од кој бил опустошен манастирот, па оттаму хронолошки тој настан можел да се случи во пролетта 1079 година.

На почетокот на претпоследната деценија на XI век за византиските поседи на Балканот, за Македонија и градот Скопје, се појавила опасноста од Норманите од Јужна Италија. На на 18 декември 1081 година, византиската војска предводена од царот Алексиј I Комнин, пред Драч претрпела пораз, а

не зборуваат. *Василъевский,* Печенѣги, 44 бел. 1 и *Златарски,* История II, 164-165 и бел. 1, известувањето на Н. Вријениј го поврзуваат со соопштението на М. Аталијат и Продолжувачот на Скилица за бунтот на Лека и Добромир. Овие автори известувањето на Никифор Вриениј го датираат во 1079 година. Составувачите на *ВИИНЈ* III, 243-244 и бел. 25, овој упад на Печенезите го датираат во 1080 година. Ако се има во предвид дека Алексиј Комнин војувал против узурпаторот Василаки во летото 1078 година како што сметаат *Ф. Делгер* (Regesten II, No. 1037, 1038, 1039) и *Б. Ферјанчиќ* (Византијски печат из Сирмијума, ЗРВИ XXI, (1982), 48-50), по што следува враќањето на Алексиј Комнин во Цариград каде бил дочекан со најголеми почести, Никифор III Вријениј по овој настан известува за излегувањето на Алексиј Комнин од Цариград, најнапред во Филипополис, а потоа следи неговото движење кон Сердика заради спротивставување на Печенезите, тогаш сосема исправно би било овој настан да се датира во првата половина на 1079 година.

[82] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамоти, 183; *Бошкоски,* Св. Георги-Горгос Скопски во XI век, 203-207.

во февруари 1082 година и градот паднал под норманска власт. Нивното навлегување на Балканот и југозападна Македонија продолжило во пролетта 1082 година. Неуспешните обиди на царот Алексиј I Комнин во летото кај Јанина, и есента 1082 година кај Арта, да го спречи нивното напредување, како и повлекувањето на царот во престолнината, овозможиле Норманите веќе кон крајот на 1082 и почетокот на 1083 година, да ја освојат скоро цела Македонија западно од реката Вардар.[83]

Според известувањето на византиската писателка Ана Комнина најодговорен извор за овие настани, по победата кај Арта во текот на ноември 1082 година, Боемунд Тарентски "го испратил Петар, синот на Алиф со Пунтесиј да врши опсади во различни области. Веднаш потоа Петар Алиф ги освои двата Полога, а споменатиот Пунтесиј, Скопје."[84] Од наведениот цитат не е сосема јасно дали градот Скопје им пружил отпор на Норманите. Во зимата 1082/3 година, додека норманскиот водач се наоѓал со главнината на норманската војска во Бели Цркви, Византијците со разни интриги се обиделе да внесат раздор помеѓу норманските војсководачи кои се наоѓале подалеку од Боемунд, при што во извесна мерка и успеале. Според Ана Комнина, Скопје станало центар на византиски заговор против Боемунд. Освојувачот на Скопје Пунтесиј и нему потчинетите војсководачи Реналд и Вилијам привлечени од разни ветувања на византискиот цар имале намера да стапат во византиска служба. Боемунд кој брзо ги открил заговорниците, Реналд и Вилијам ги уапсил, додека Пунтесиј кој најверојатно бил главниот водач на заговорот, известен дека заговорот е откриен, успеал да побегне кај византискиот цар.[85] Овој настан е прв симптом на појавување на незадоволство во редовите на Норманите. Дали Византијците со овој заговот успеале да го повратат градот Скопје, од изворите не е јасно. Со

---

[83] *Chalandon,* Alehis, 72-87; *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 98-99 со литературата по ова прашање.

[84] *A. Comnène* II, 22, 6-13; *ВИИНЈ* III, 381.

[85] *A.Comnène* II, 22, 24 - 23, 4. По уапсувањето на Реналд и Вилијам од страна на Боемунд како казна според стариот келтски обичај тие биле натерани меѓу себе да се борат со оружје. Откако во двобојот Вилијам бил победен, Боемунд го затворил и ослепел, додека Реналд бил испратен во Италија каде Роберт Гвискард го ослепел.

оглед на стабилната состојба во редовите на Норманите во текот на 1083 година, многу е веројатно дека градот и понатаму останал под нивна власт, се до пролетта и летото 1084 година, кога тие ги напуштиле и другите македонски области западно од реката Вардар.[86]

На почетокот на последната деценија на XI и првата на XII век опасност за Северна Македонија и Скопската област претставувале српските напади. Со исчезнувањето од политичко-историската сцена на Бодин од Зета, во Рашка почнува да се издига угледот и моќта на Вукан. Во последната деценија на XI век Византија во неговата личност ќе има свој огорчен противник. По тој повод византискиот цар Алексиј I Комнин двапати престојувал во Скопје. Во воените операции против Србите, градот бил главен воен логор од каде царот ќе ги води военодипломатските операции. По победата над Печенезите во 1091 година, византискиот цар во Филипополис добил вести дека покрај Бодин и Вукан има намера да ги напаѓа византиските области. Следната 1092 година, царот трганал на "Запад" за да ги утврди клисурите и долините кон границата со Србите. Движењето на царот се завршило само на инспекција на граничното подрачје и наредба да се ископаат ровови, а таму каде што е можно да се изградат дрвени кули, посматрачници, кули од камен и опека, а таму каде што тоа не е изводливо, наредил да се исече густата шума. Утврдувајќи ја така границата, царот Алексиј I веќе истата година, се вратил во престолнината.[87] Во пролетта 1093 година, рашкиот жупан Вукан, користејќи ја зафатеноста на Византија со селџучкиот емир Чаха, ги нападнал византиските територии.

---

[86] Податокот на *И. Микулчиќ* (Скопје со околните тврдини, 118; Истиот, Средновековни градови, 308) дека Норманите го држеле Скопје се до 1088 година е погрешен, додека гледиштето дека Скопје под власта на Норманите паднало во 1097 за време на Првиот крстоносен поход низ Македонија, нема основа.

[87] *A. Comnène* II, 147, 7-148, 27; 157, 1-17; *ВИИНЈ* III, 384-386; *ИСН* I, 198. Правецот на движењето на византиската војска предводена од Алексиј I од Филипополис кон српската граница писателката не го соопштува. Дали царот таму стигнал по Via Militaris преку Сердика, или се повратил назад на Via Egnatia па оттаму продолжил праку Струмица, Штип и Скопје за да стигне на српската граница не се знае. Познато е само дека стигнал во пограничната област Зигос, која според поновите истражувања, се наоѓала на Косово Поле и околните планини. За тоа сп.: Максимовић, Правци византијских похода, 7-8 и бел.3; *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 101.

Во таа прилика ги опљачкал соседните земји и градови, меѓу кој бил и Липљан кој покрај тоа што бил опљачкан, бил и спален. Византискиот цар штом се ослободил од неприликите со Чаха, дознавајќи за нападот на Вукан брзо тргнал кон Липљан со намера војнички да му се спротивстави. Според известувањето на Ана Комнина, штом византискиот цар Алексиј I пристигнал во Скопје, српскиот жупан Вукан побарал преговори за заклучување на мир. Притоа сета вина за непријателствата им ја префрлил на Византијците, а како гаранција за мирот ветил дека ќе ги испрати своите блиски роднини во византиската престолнина. Задоволен од брзиот и позитивен исход на граничниот спор со Вукан, византискиот цар, оставил доволно луѓе да ги обноват разрушените градови и да ги примат заложниците, а самиот тој, од Скопје се вратил во Константинопол.[88] За време на својот престој во Скопје, царот го обновил манастирот Св. Георги - Горгос на Виргино брдо, кој бил разрушен од Печенезите во 1079 година, со што ја заслужил честа на втор ктитор, му ги потврдил старите и го дарувал манастирот со нови поседи и привилегии.[89]

По заминувањето на византискиот цар, српскиот (рашкиот) жупан Вукан го одлагал предавањето на ветените заложници, а веќе во есента 1093 година ги почнал новите пљачкашки упади на византиската територија. Во борба против него бил испратен дуксот на Драч, Јован Комнин, со значителни воени сили. Но овој релативно млад и без поголемо воено искуство, невнимателно се приближил кон српската граница. Вукан штом дознал за намерата на драчкиот дукс, веднаш побарал мир, а всушност целта му била да го изненади и во погоден момент да го нападне. Кај местото Звечан,[90] српскиот жупан одненадеж ја нападнал војската на Јован Комнин и

---

[88] *A. Comnène* III, 166, 21-167, 26; *ВИИНЈ* III, 386-387. *Панрв,* Теофилакт Охридски, 336-337, со право истакнува дека опасноста од Куманите го натерала Алексиј I да биде попустлив кон српскиот жупан. Од друга страна *ИСН* I, (*Ј. Калић)* 108, истакнува дека "сама чињеница што византијски цар на Косову преговара са српским жупаном показује да Византија тада није била кадра да реши спор оружјем."

[89] *Илиевска -Мошин-Славева,* Грамотите 228 чл. (38). Сп.: *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 58; *Бошкоски,* Св. Георги-Горгос Скопски во XI век, 208-209.

[90] За овој град види: *Јовановић, В.,* Средњовековни град Звечан, Старинар НС књ. XIII-XIV/1962-1963 (1965), 137- 150.

и нанел тежок пораз. Многумина Византијци загинале во битката, додека другите заедно со дуксот, се повлекле кон Липљан. И таму Византијците имале намера да им се спротивстават на Србите но Јован Комнин, кога согледал колку големи загуби претрпел и дека нема доволно сили, според зборовите на писателката Ана Комнина "го побарал патот кон царскиот град," односно се откажал од битката и се упатил кон Константинопол. Од кој правец пристигнал Јован Комнин во походот против Србите, во изворите не е потврдено. Ако се има предвид дека Липљан е во непосредна близина на Скопје, а од друга страна соопштението на Ана Комнина дека, по вториот пораз на византискиот дукс на Драч Јован Комнин кај споменатиот град, Византијците го побарале "патот кон царскиот град", а малку подолу во текстот, веќе споменала дека Вукан најнапред го опустошил Скопје, тогаш сосема може да се претпостави дека Јован Комнин се повлекол најнапред кон Скопје, а потоа по познатиот средновековен пат преку Овче Поле и Струмица, се приклучил на Via Egnatia и продолжил кон Цариград.[91]

Искористувајќи го поразот и повлекувањето на Јован Комнин, српскиот жупан Вукан како што известува Ана Комнина "почна да ги пљачка соседните градови и земји. И околината на Скопје потполно ја опустоши а делумно и ја опожари. Но не само тоа, туку завземајќи го Полог и стигнувајќи до Врање уништи и опустоши се и однесе од таму многу плен па се врати во сопствената земја."[92]

Наведениот опис на византиската писателка дека Вукан го завзел Полог а околината на Скопје ја опустошил и опожарил, укажува дека градот Скопје кој имал јаки ѕидини, па затоа тој не се ни обидел да го нападне, туку се задоволил со пустошење и опожарување на неговата околина. Дали имало византиска војска во градот и дали неговиот дукс му се спротивставил на српскиот жупан не е јасно. Фактот дека главен актер во воените операции

---

[91] *Максимовиќ,* Правци, 8 и бел. 5, 6 истакнува дека Скопје било важно воено упориште за време на движењето на византиската војска при војувањето со Србите во 1093 и 1094 година.

[92] *A. Comnène* II, 167, 26-169, 9. Сп.: *Јовановиќ,* Средњовековни град Звечан, 142; *ИСН* I, 198; *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 102.

против Србите во овој период се јавува дуксот на Драч и лично византискио цар, може да упатува дека поранешната тема "Бугарија" со седиште во Скопје, веќе не постоела во поранешниот обем, додека улогата на дуксот на Скопје кој се споменува од 1078 до 1106 година, била значително намалена.

Откако дознал за поразот на Јован Комнин, како и за пустошењата на Србите во Северна Македонија и околу Врање, византискиот цар во средината на месец февруари 1094 година ја напуштил престолнината и се упатил кон Србија. По петмесечниот престој во Серес, поради зафатеноста со пресметката на актерите на откриениот заговор, во почетокот на јули се упатил кон српската граница. Се смета дека при овој поход, Алексиј I Комнин движејќи се патот преку Струмица, Штип и Скопје, или по долината на Вардар, стигнал во Липљан.[93] Српскиот жупан штом дознал за пристигнувањето на царот во Липљан, не можејќи да и се спротивстави дошол во царскиот логор и побарал мир. Царот пак, според известувањето на писателката Ана Комнина, благонаклоно го примил Вукана и откако жупанот ги предал бараните заложници, блиски свои роднини, мирот веќе бил постигнат. Задоволен од успешно извршената воено-дипломатска акција византискиот цар се вратил во престолнината.[94]

Користејќи ја зафатеноста на Алексиј I Комнин, кој од септември 1105 до крајот на 1106 година во Солун вршел воени подготовки во очекување на престојниот напад на Норманите, српскиот жупан повторно почнал да ги напаѓал византиските области. Во изворите не се спомнати областите кои биле нападнати, но би можело да се претпостави дека биле напаѓани Северна Македонија, Скопската област и областите околу Звечан и Липљан. Против Вукан најнапред бил испратен дуксот на Драч, Јован Комнин. Откако овој бил поразен, царот кој престојувал во Струмица,

---

[93] Поопширно за откриениот заговор и правецот на движењето на византиската војска кон српско-византиската граница сп.: *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 102-103.

[94] *Chalandon,* Alexis, 150 n.1; *Јовановиќ,* В., Средњовековни град Звечан, 142-143 споменува дека Вукан на византискиот цар му предал дваесет заложници меѓу кои и двата сина на великиот жупан; *ИСН* I, 198.

испратил нови византиски сили. Со дополнителното ангажирање, српскиот жупан бил натеран да мирува. Новите византиски сили против Србите сосема веројатно од Струмица кон Србија, поминале преку Штип и Скопје.[95]

4. Скопје под византиска власт од XII до почетокот на XIII век

Се до претпоследната деценија на XII век Скопје и областа немаат некое значајно место во византиските настани и живеат во еден мирен првинциски сон, кој овозможува стабилен и висок економски и културен развој на градот. Поради стратегиското значење на Македонија во воените операции против Србите и Унгарците во средината на XII век, може да се претпостави дека византиската војска поминала преку Скопје и Скопската котлина. Изворно тоа не е потврдено, но за походите на Маноил I Комнинин против Србите во 1149 и 1168 година во науката се верува дека царот поминал низ Скопје.[96] Градот и населбите од неговата околина не се така често споменувани во изворите, но затоа подемот на Скопје се согледува како по градењето на неколку црковни објекти кои со своите ликовни достигнувања излегуваат надвор од вообичаените црковни-естетски норми на византиското водечко сликарство во Константинопол, сликарски центри во Солун и Охрид, и силно се приближува кон реализмот како претходница на италијанската ренесанса. Станува збор за сликарството во манастирската црква Св. Пантелејмон во с. Нерези.[97] Материјалните наоди од луксузна византиска керамика, скапоцени метални садови, скапоцен накит, монументалната градба во отворена просторија пред североисточната кула со живопис кој му се припишува на XII век, и други наоди од Скопското Кале и неговата поширока околина го потврдуваат како високиот економски

---

[95] *A. Comnène* III, 65, 31-66, 7; ВИИНЈ III, 389-390. Cf.: *Chalandon,* Alexis, 239 и *ИСН* I (*J. Калић),*198, сметаат дека српската граница кон Византија тогаш битно не се променила. *Радојчић,* Вести, 22, смета дека известувањето на Ана Комнина за поразот на Јован Комнин во борбата против Србите во 1106 година е погрешно и дека таа всушност го споменува поранешниот пораз на Ј. Комнин од 1094 година.

[96] *Максимовиќ,* Правци, 9-10, 17; *Бошкоски,* Престојот на византиските императори во XII и почетокот на XIII век, 84-86, 92-93.

[97] *Острогорски,* Успон рода Анђела331-332; *Миљковиќ-Пейек, П.,* Црквата Св. Пантелејмон во селото Нерези, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Скопје 1975, 89-94 со постарата литература.

подем на градот и околината, така и неговото незаостанување зад останатите византиски градови.[98] Економскиот подем на градот се согледува и преку паричната размена потврдена преку циркулацијата на парите, застапена во релативно високиот број на наоди при археолошките ископувања, особено на Скопското Кале почнувајќи од монетите на Алексиј I Комнин се до Алексиј III Ангел (1195-1203). Монетните наоди главно потекнуваат од археолошките ископувања на Скопското Кале извршени во текот на 1967 година и се чуваат во Музејот на град Скопје. Од Алексиј I Комнин откриена е една монета-скифат од електрум, значително оштетена а кована во периодот на неговото владеење, и еден делумно оштетен бакарен скифат. Јован II Комнин (1118-1143) е застапен со три монети. Една бакарна монета која е значително оштетена, а се претпоставува дека му припаѓа нему, а двете бакарни монети кои се добро сочувани и потекнуваат од големата остава на монети на Манојло I Комнин (1143-1180), ковани се во Солун. Манојло I Комнен на Скопското Кале е застапен вкупно 224 монети. Од нив две потекнуваат од големите остави, едната од 154 бакарни монети-скифати, а другата содржи 45 монети. Нему од истиот локалитет му припаѓаат уште две мали остави, едната од 15 бакарни монети-скифати а другата се состои од 6 бакарни монети ковани во Солун. Манојло I е застапен со уште две поединечни бакарни монети, едната кована во Солун а другата од непозната ковница и две бронзени монети, едната од непозната ковница а другата кована во Солун. Андроник I Комнин (1183-1185) од истиот локалитет е застапен со два поединечни примероци на бакарни монети, од кои едната е

---

[98] *Бабиќ,* Културно богатство, 29 (бр. 21), 53 (бр.136), 56-61 (бр. 145-164, 168), 65 (бр.182). По својата убавина и луксуз се истакнува позлатениот емајлиран пехар направен во леано сребро со врежани орнаменти висок 12,7 см., а кој му припаѓал на Скопскиот великодостојник Адрианос Палтеас. Пронајден на Скопското Кале, а хронолошки датиран во XII век. Пехарот има натпис кој ги величи земните задоволства на луѓето. Грчкиот натпис според Б.Бабиќ гласи: + Адрианос Палтеас, мојот господар, кој беше полн со слава во животот, од злато мене, пехар ме направи. А сега ти кој ме држиш, пиј со сласт.+. Сп.: *Babić, B., - Mikulčić, I.,* Skopsko Kale, Skopje - Praistorijsko i srednovekovno utvrđenje, Arh. Pregled 9, Beograd 1967, 48-50; *Спировски, С.,* Конзервација и презентација на две откриени фрески во отворената просторија пред кружната североисточна кула на Скопската тврдина "Кале," КН X-X (1983-84), 1987, 137-138; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 122; *Истиот,* Средновековни градови, 302-309.

доста оштетена. Византискиот император Исак II Ангел на Скопското Кале е застапен со две помали остави на бакарни скифати од кои едната содржи 20 примероци а другата 5 монети како и 5 бакарни монети од осамени наоди, или вкупно 30 примероци. При археолошките ископувања на Скопско Кале во 1967 година од Алексиј III Ангел пронајдени се 88 бакарни скифати, од кои 80 потекнуваат од една остава, две монети се најдени на исто место, додека шест се регистрирани како поединечни наоди. [99] И. Микулчиќ во трудот Скопје со околните тврдини, укажува дека во насипот на североисточната кула која подоцна била засипана, биле најдени повеќе монети скифати на на Алексиј III Ангел, заедно во шут од триесетина убави глеѓосани чинии од доцниот XII век. Најверојатно станува збор за шесте поединечни монети на Алексиј III кои се чуваат во Музејот на град Скопје.[100] Од околината на Скопје, потекнува и една остава од 112 монети на Манојло I Комнин, Исак II Ангел и Алексиј III Ангел.[101]

Арапскиот патеписец Идризи кој околу 1153 година ги посетил овие краишта, во своето дело "Географија" за градот Скопје и неговата околина пишува: "Ускуфија е голем град со непрегледни пространства на обработени полиња, со изобилие на лозја и зрнести култури." Во однос на комуникациите тој известува дека еден пат водел од Драч преку Охрид и Полог до Скопје, а

---

[99] Монетните наоди од археолошките ископувања на Скопското Кале во 1967 година, се чуваат во Музејот на град Скопје. Ги наведуваме под редни броеви како што се заведени во Музејот: Алексиј I Комнин, инв. бр. 153 (вл. бр. 4176); инв. бр. 189 (вл. бр.4141); Јован II Комнин, инв. бр. 154, инв.бр. 166 и 182 која потекнува од големата остава на монети на Манојло I Комнин. Големата остава од 154 бакарни монети Манојло I Комнен е заведена под инв.бр.146. Втората голема остава од 45 монети на истиот цар е заведена под инв. бр.181, додека двете мали остави, едната од 15 бакарни монети е заведена под инв. бр. 149, а втората од 6 бакарни монети под инв.бр. 145. Од истиот владетел, две монети се заведени под инв.бр. 151 инв.бр. 184, и две бронзени монети едната од непозната ковница инв.бр. 160 и 188. Двете монети на Андроник I Комнин се заведени под инв. бр. 173 и 169. Двете помали остави на Исак II Ангел едната од 20 примероци а другата од 5 носат инв.бр. 144 и 150 додека 5 -те осамени наоди се под инв.бр. 165, 168, 176, 186 и 187. Од 88 -те монети на Алексиј III Ангел, оставата од 80 монети е заведена под инв.бр. 147(287/3, двете монети најдени на исто место носат инв.бр. 148 додека шесте поединечни наоди се заведени под инв.бр. 161, 163, 170, 175, 178 и 183.

[100] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 122

[101] *Aleksova, B.,* Prosek-Demir Kapija, Slovenska nekropola i Slovenske nekropole u Makedoniji, Skopje-Beograd 1966, 85 br. 54.

од таму преку р. Вардар патот продолжувал кон Кориќос, Струмица, Сер и Хрисопол. Од Полог до Скопје се стигнувало за еден ден, а од Скопје до Коритос исто така за еден ден.[102]

Во текот на XI и XII век, во Скопската област постоеле четири средновековни утврдени населби кои се потврдени со материјални наоди од висок квалитет, како резиденцијални објекти, утврдување и скромен нумизматички материјал. Од четирите евидентирани населби, три имале градски карактер. Ваквиот карактер ја дополнува сликата на релативниот подем на областа во споменатиов период. На југоисточните падини на Водно на л. "Маркови Кули" егзистирала градска населба која имала значаен подем во XI и XII век. Населбата која подоцна во изворите е позната под името Чрнче, била утврдена со солидни средновековни ѕидини. На теренот откриена е резиденцијална градба - дворец, две бањи, скромни куќи во техника сувоѕид, покривна керамика, керамика за секојдневна употреба меѓу кои и словенски црепни како и луксузна византиска грнчарија. Наодите хронолошки му припаѓаат на времето на владеењето на Комнините односно на XI и XII век. Монетата анонимен фолис на Јован I Цимиски и на епирскиот владетел Теодор I (1215-1224) во извесна мера го потврдуваат континуитетот на населбата.[103] Средновековниот град Кожле за кој има обилни изворни податоци во XIV век, според археолошките истражувања, во својата најстара градежна фаза потекнува од доцниот XII или почетокот на XIII век. Тоа го потврдуваат типот на градбата на утврдувањето, една репрезентативна градба како другите материјални остатоци.[104] Кај с. Чучер почнувајќи од IX -X век постоела средновековна населба потврдена со материјални наоди. Во текот на XI и XII век населбата веќе била утврдена, а нејзиното егзистирање е потврдено и преку бакарни скифати од XII и XIII

---

[102] *Недков,* Идриси, 37,41.Сп.: *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 58.

[103] *Микулчиќ, И.,- Никуљска,* Н., Рановизантиски град "Маркови Кули" на Водно, МАА 4 (1978), 141-143; *Никуљска-Микулчиќ,* Маркови Кули, Водно, Скопје 1978, МАА 6, 1980 (1983), 123-133; *Мишкулчиќ-Билбија,* Маркови Кули, Водно, Скопје 1979 и 1980, 208; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 129-133; Истиот, Средновековни градови, 284-290.

[104] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 133-135; *Истиот,* Средновековни градови, 290-292.

век. Доцноантичката акропола која била обновена во средновековието, служела како висока стража на влезот во Качаничката Клисура и го чувала патот од Скопје кон Косово. Блиските наслаги од железна руда го развиле подградието, во средниот век населбата прераснала во рударски центар.[105]

На локалитетот "Градиште" во селото Средно Нерези во полниот среден век почнувајќи од XII век, егзистирала помала населба од селски карактер, а откриена е и една некропола. Со сондажните археолошки ископувања во текот на 1953, 1974 и 1978 година потврдено е дека гробните конструкции со својата градба, начинот на погребување на покојниците, христијанската ориентација, подвижниот материјал составен од накит, откриените куќи во плетер, од постара градежна фаза и во техника сувозид му припаѓаат на временскиот распон од XII до XIV век.[106]

Покрај Скопје, кој како град е потврден во изворите, презентираните населби од градски или селски карактер потврдени со материјални податоци или нумизматички наоди, од пишаните извори - грамотите на бугарскиот цар Константин Тих и српскиот крал Милутин, дознаваме за постоење на уште неколку населби во Скопско во текот на XI и XII век. Селото Козарево кое се наоѓало на јужните падини на планината Водно на составот на Патишка во Маркова Река[107] со заселците Барово, Винско, со манастирот Св. Јован Златоуст и други заселци со лозја, ниви, градини, воденици, ливади, забели, ловишта за риби и дивеч, планини и останатите други принадлежности му ги доделил византискиот император Роман III Диоген како ктитор на

---

[105] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 310-311. Авторот не наведува на кои византиски владетели им припаѓале чанкастите монети од XII и XIII век, нити пак во колкав број се најдени.

[106] *Пашиќ, Р.,* Локалитетот Градиште во селото Средно Нерези кај Скопје, МАА 10, (1989), 91-100.

[107] *Грујиќ,* Властелинство, 56 (12); *Мошин,* Грамотите, 134 утврдил дека на планината над Патишка Река се наоѓа топоним Козарево, кој лесно може да се поврзе со споменатото село; *Kravari,* Villes et villages, 128, 156 fig.7. Селото Козарево според Опширниот пописен дефтер од 1452/3 година (*Турски* документи III, 253 бел. 172) имало три семејства, било задолжено да дава 20 половници како ушур од лозја а остварувало годишен приход од 350 акчиња. Според опширниот пописен дефтер No.4 од 1467-1468 година (*Турски документи I,* 477) селото имало пет семејства и остварувало годишен приход од 355 акчиња.

манастирот Св. Георги-Горгос на Виргино Брдо крај Скопје.[108] Во Милутиновата грамота селото Козарево со манастирот Јован Златоуст и со селата Барово и Винско и со сите тамошни заселци на манастирот Св. Георги - Горгос му ги приложил византискиот цар Роман IV Диоген, а истовремено наведено дека тој на манастирот му го подарил и селото Златоусчани со лозја, ниви, воденици рибни и sверни ловишта, забели, планини и со сите права над тие села.[109] Селото Чрешовени во Константиновата грамота е наведено како подарок на манастирот од бугарскиот цар Константин Тих, но во Милутиновата грамота децидно е потврдено дека тоа било подарок од неговиот прв ктитор византискиот цар Роман III Аргир. Притоа во грамотата се наведува дека како потврда за веродостојноста на овој податок биле дадени на увид грамотите од претходните владетели кои му подарувале и потврдувале привилеги на манастирот.[110] Значи во текот на XI и XII век во изворите во Скопско поименично се споменуваат пет села: Козарево, и Чрешовени, заселците Барово, Винско и Златоустчани кои подоцна прераснале во поголеми села но и други заселци кои поименично не се споменати, а подоцна прераснале во поголеми села.

Економскиот подем на Скопје и Скопската област, која кон крајот XII век се свела на помала тема кон која припаѓал и Коритос, го привлекувала вниманието на Венецијанските трговци. Според грамотата на византискиот цар Алаксиј III Ангел од 1198 година доделена на Венеција со трговски привилегии во Византиското царство, Венецијанците имале право да тргуваат и во "Prouincia Scopie cum episcepsi Coritoп."[111]

---

[108] *Илиевска- Мошин - Славева,* Грамотите, 194-195; *Мошин,* Грамотите, 134. Бошкоски, Византиските императори во Македонија во XI и XII век, 89 и 97.

[109] *Илиевска-Мошин- Славева,* Грамотите, 218-219 чл. 5; *Мошин,* Грамотите, 134.

[110] *Илиевска -Мошин- Славева,* Грамотите, 188 и 219 чл. 26. *Мошин,* Грамотите, 127, 149, 206. *Грујић,* Властелинство, 56 (12) селото го локализирал со с. Црешево на југозападните падини на Скопска Црна Гора. Исправноста на ваквата локација ја потврдиле *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамоти, 188 бел. 33 и *Kravari,* Villes et villages, 104-106.

[111] *Tafel, G.L. Fr., und Thomas, G.M.,* Urcunden zur älteren Handels-und Staatsgeschichte der Republik Venedig, I Theil (814-1205), Wien 1856, p. 261-262 n. 3; *L de Thalocy, C. Jireček et Em., de Sufflay,* Acta et diplomata res Albaniae mediae aetatis illustrantia, vol.I, Vindobonae 1913, 36-37. Сп.: *Томоски,* Скопје од X до XIV век, 58-59.

Во периодот од паѓањето на Скопје под византиска власт во 1018 година во градот покрај ситните земјосопственици и помалку имотни граѓани, најголеми земјосопственици, односно најдобро ситуирани граѓани биле управниците на темата директно назначувани од византискиот цар, покрај во другите делови на Империјата, тие имале поседи и други привилегии во градот Скопје и неговата околина. Со намалувањето на значењето на темата со центар во Скопје од катепанат во ранг на дукат во последната четвртина на XI век, во XII век поранешната темата Бугарија со центар во Скопје територијално се намалила, го изгубила своето првобитно име и од XII век прераснала во тема Скопје на чело со дукс, под чија надлежност бил градот и неговата поширокаата околина. Со самото тоа поседите и привилегиите на управниците - помали чиновници од самиот град, се намалувале. Покрај нив како втора категорија на и мотно добростоечки граѓани биле велможите кои потекнувале од самиот град од словеномакедонско потекло и други граѓани чиновници подалечни роднини на византиските цареви испратени или затекнати во градот. За постоењето на високоимотни граѓани-велможи, од словеномакедонско потекло, во Скопје имаме податоци кај византиските автори. Така Продолжувачот на Јован Скилица, покрај Ѓорѓи Војтех кој како организатор на востанието од 1072 година, а по завземањето на градот од востаниците и негов управник, бил еден од имотно најдобростоечките граѓани на Скопје и потекнувал "од Комханите (τοῦ τῶν Κομχάνων)", споменува и други "првенци од Скопје (οἱ ἐν τοῖς Σκοπίοις προέχοντες)."[112] Споменатите првенците од Скопје кои учествувале со Ѓорѓи Војтех во побуната во Скопје, а потоа и во востанието, најверојатно биле имотно добростоечки а можеби извршувале и некои чиновнички функции во градот и околината. Фактот што нив ги гледаме и како главни организатори на востанието, упатува на тоа дека тие биле од словено-македонско потекло.

[112] *J. Scylitzes - Continuatus,* 715,12-20; *ВИИНЈ III*, 177-180.

Во XII век се споменуваат исто така неколкумина истакнати велможи во Скопје и Скопската област, од грчко и словенско потекло. Натписот на пехарот од сребро со позлата откриен при археолошките ископувања на Скопското Кале во 1967 година, хронолошки определен во XII-XIII век, каде се споменува Адрианос Палтеас "полн со слава во животот" кој дал злато пехарот да се направи, упатува на световна личност која имала висок углед во Скопје со висок имотен статус покрај богатства од трговски или друг карактер, вклучувал најверојатно и земјишните поседи во Скопската област.[113] Ктиторот на црквата Св. Пантелејмон во с. Нерези Скопско Алексиј Комнин, како што утврдил Г. Острогорски е син на "порфирородната госпоѓа Теодора" најмладата ќерка на византискиот цар Алексиј I и Константин Ангел кој бил од Филаделфија и водел потекло од неугледно семејство.[114] Потомците од бракот на Константин Ангел и Теодора кои како и нивните родители, уживале висок углед на византискиот царски двор, се чуствувале инфериорни поради потеклото на нивниот татко. Од тие причини тие покрај презимето Ангели го земале и презимето на нивната мајка која потекнувала од царската династија Комнини. Така направил и ктиторот на манастирската црква во Нерези кој го зел презимето на својата мајка и се потпишал како Алексиј Комнин, уште еднаш потенцирајќи дека е син на порфирородната госпоѓа Теодора. Се претпоставува дека градбата на споменатиот храм е поврзана со негов подолг престој во Скопје, можеби како дукс на темата Скопје, а најверојатно тука покрај во другите делови на Царството, на Балканот, имал земјоделски и други имоти кои го овозможувале неговиот висок економски углед. Г. Острогорски претпоставува дека Алексиј Ангел-Комнин можеби имал имоти во околината на Скопје, затоа што е општопознато дека царевите воени другари добивале често пати земја за извршената воена обврска. Алексиј Комнин се споменува единствено во записниците на Цариградскиот

[113] *Бабиќ,* Културно богатство, 61-62.
[114] *Остроѓорски,* Успон рода Анђела, 326-328.

собор од 1166 година.[115] Друг висок претставник од семејството Ангели кој често војувал против Унгарците и ја извршувал административната должност дукс на Скопје во периодот 1160-1175, а најверојатно имал и земјоделски имот потврден и на оловен печат, бил севастот Јован Ангел-Комнин брат на ктиторот на Нерези.[116] Од словеномакедонските великодостојници од Скопје кон крајот на XII и XIII век со својот углед и моќ се истакнувле Јован Тихомир кој бил најверојатно зет за ќерка на српскиот велики жупан Стефан Немања, а кон крајот на XII век, приграбил поседи на двајца малолетни браќа во околината на Скопје и Ѓорѓи Лутовој, кој заедно со неговиот брат покренал тужба против синовите на Јован Тихомир чиј татко ги приграбил нивни имоти. Спорот помеѓу двете страни е споменати во еден акт на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан од 1220 година во времето на деспотот Теодор Ангел кога Скопската област се наоѓала под епирска власт.[117] Ѓорѓи Лутовој според Т. Томоски бил најверојатно бил идентичен со Литобоес, кој како војник учествувал во одредот на севастократорот Дукас во походот на византискиот император Исак II Ангел (1185-1195) против Бугарите во 1190 година.[118]

Од политичките настани поврзани со Скопје за одбележување е нападот на великиот жупан Стефан Немања на Скопје и Скопската област во 1189 година и нејзиното краткотрајно останување под српска власт. За српската експанзија кон Северна Македонија дознаваме од Житието на Симеон Немања, кое го напишал Стефан Првовенчани. Според Житието на Симеон Немања, напишано од Стефан Првовенчани, великиот жупан Немања, кон втората половина на 1189 година ја нападнал Софија, а потоа се свртел на југ, кон горниот тек на реката Струма. Притоа српскиот жупан ги опустошил Перник, Землн, Велбужд, Житомск и Стоб.[119] Од таму тој се

---

[115] Ibidem., 329-333, *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 68.

[116] *Острогорски,* Успон рода Анђела, 333; *Бошкоски,* Византијски печат Јована Комнина, дукса Скопља, 31, 38-40.

[117] *Chomatianus,* No. 86 col.381-390. Сп.: *Јиречек,* Историја, 180; *Соловјев,* Срби и византијско право, 31-42; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 68-69.

[118] *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 68.

[119] *Стефан Првовенчани,* Житије, 30, 18-31, 2.

упатил на запад кон Северна Македонија. По се изгледа, користејќи го средновековниот пат по кој доаѓал, од Велбужд кон денешна Крива Паланка и Скопје,[120] Немања ги опустошил областите кои поименично не се споменати, а потоа на пустошење биле изложени Скопје, градот Лешок во Долен Полог и градот Градац во Горни Полог.[121] За овој упад на Србите во Северна Македонија, византискиот историчар Никита Хонијат кратко соопштува: "и жупанот на Србите зла нанесувал и Скопје го разрушил."[122]

Српскиот напад не се свел само на разорување и пљачкање на споменатите области, туку великиот жупан Немања ги запоседнал овие области и ги припоил кон својата држава. Така е речено во Житието на Симеон Немања, дека кон своите земји Стефан Немања ги припоил и двата Полога во неговите граници.[123] И покрај тоа што градот Скопје, не е споменат во Житието, како град кој српскиот велики жупан го приклучил кон својата држава, од некои споредбени податоци може да се заклучи дека во составот на српската држава бил припоен и овој град. Имено, во освоеното Скопје жупанот Немања оставил своја трага со градбата на една црква и подарувањето на поседи на еден манастир. Според зборовите на Стефан Првовенчани кој го напишал Житието на Симеон Немања, српскиот велики жупан Немања во Скопје ја обновил, односно сосидал црквата на

---

[120] *Шкриванић,* Путеви, 91, мисли дека Немања од долината на средна Струма кон Скопје дошол по долината на реката Брегалница и преку Штип.

[121] *Стеван Првовенчани,* Житије, 31, 2-3, "и градь(ь) Скьпꙗ ль и градь Лѣшьскь оу̯ Доль нємь Полозѣ и̯ градь(ь) Градьць". Сп. ИМН I, 180; *Т. Томоски,* Средновековен Полог, Историја 12/1-2, Скопје (1976), 69; *Истиот,* Скопската област од XI до XIV век, 59; ИСН I, 258. За Полошката област сп.: *Л. Славева,* Дипломатско правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век, 13-458; *П. Миљковиќ-Пејек,* Преглед на црковните споменици во Тетовската област од XI до XIX век, 457-476; *Истиот,* Црквата Св. Атанасије Александриски кај манастирот Лешок, 479-502 во *Споменици на Македонија III*, Скопје (1980).

[122] *Choniates*, 434, 27-28 "κακουργοῦντος δὲ τοῦ τῶν Σέρβων ζουπάνου καὶ τὰ Σκόπια φθείροντος".

[123] *Стеван Првовенчани,* Житије, 31, 5-13 "Тѣхь градовь с'кроу̯шь и до кон'ца wснованиꙗ йхь искорѣнй, нє wста во ками на камени йже нє ськроу̯шишє сє, йжє и нє и вьздвигошє сє и до сего д(ь)нє. И зем'лю йхь и в(о)гатьствиꙗ йхь и славоу̯ йхь прѣложи вь в(о)гатьство и вь славоу̯ wтчествиꙗ своєго и вь славоу̯ вєлможь и людєй своєйхь. Приложи жє кь зем'ли wтчествиꙗ своєго wвласть нышєвскоу̯ю до кон'ца , Лѣплꙗнь жє и Моравоу̯ и г(лаго)лємы Врани, призрѣньскоу̯ жє wласть и Полога wва до кон'ца сь мєгами своими." Сп.: *ИСН I*, 258.

Свети Архангел Михаил.[124] Црквата била обновена по се изгледа, во 1189 или 1190 година. Освен ова споменување, оваа црква не се споменува ниту во еден пишан извор подоцна, па затоа се смета дека таа набргу по обновата запустела.[125] Од повелбите на бугарскиот цар Константин Тих Асен и српскиот крал Милутин, доделени на манастирот Св. Георги Горгос кај Скопје, дознаваме дека жупанот Стефан Немања на овој богат манастир му издал повелба со која му ги потврдил поранешните имоти и привилегии.[126] Дали Немања на манастирот му дал нови имоти или некои привилегии, не е познато. Но сепак, српскиот жупан се споменува во списокот на владателите кои му дарувале или потврдиле имоти и привилегии на овој моќен средновековен македонски манастир.

Од оној момент кога Немања ја опустошил Северна Македонија со градот Скопје, па до моментот кога тој решил и тие области да ги приклучи кон својата држава морало, по се изгледа, да помине извесно време. Се чини сосема е природно да се заклучи дека Немања не така кратко време, не бил вознемируван од Византијците кои биле зафатени во 1189 и првата половина на 1190 година најнапред со крстоносците, а потоа и со Бугарите. Таквата состојба му овозможила да ја изгради црквата Свети Архангел Михаил во Скопје. Изградбата на црквата барала извесно време, стабилна српска власт во Скопје, а од друга страна, со градбата на оваа црква Немања, всушност, сакал да го докаже своето настојување освоените територии во Македонија трајно да ги задржи во составот на својата држава. Каква била организацијата на српската власт во Северна Македонија за време на краткотрајното владеење на Стефан Немања не е сосема јасно. Некои истражувачи сметаат дека Немања во Скопје издал дури и свои законски

---

[124] *Сѣеван Првовенчани,* Житије, 34, 9-11 "и с(вѣ)т(а)го ар'хистратига Михаила въ градѣ г(лаго)лѣмѣмь Скопʼли, иже и храмь моу̑ въздвиже на мѣстѣ томь; ".

[125] Материјални остатоци за нејзиното постоење, сеуште не се откриени, заради необавените детални археолошки истражувања во средновековното Скопје. Сп.: *К. Петров,* Кон прашањето на местонаоѓањето на Скопските цркви; 154-155 и бел.5 претпоставува дека оваа црква се наоѓала на возвишението во средновековната тврдина на Скопје, Сп.: 154 и бел. 2 каде е наведена и постарата литертура за изградбата на оваа црква.

[126] *Мошин-Славева-Илиевска,* Грамоти, 184-185 и бел.16; 210 и бел.8.

одредби. Тие гледишта главно се потпираат на актот бр. 59 од збирката акти на охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан.[127] Еден дел од настаните во спорот се однесува на владеењето на византискиот цар Алексиј III Ангел. Љутовој спомнува владеење на некои "варвари" кои го спречувале остварувањето на неговите права. Тој зборува со презир кон тие варвари, непознавачи на ромејските закони (βαρβάρων ὄντων τῶν ἐξουσιαζόντων, καὶ Ῥωμαίων νόμους ἀγνοούντων παντάπασιν).[128] Во дукументот се споменати и граѓански судии кои донесувале пресуди, па дури и световни наредби.[129] "Варварската" власт во Скопје, според споменатиот акт, постоела пред воспоставувањето на бугарската власт во Скопје, т.е. пред 1203 година. Спорно е тоа што се добива впечаток дека таа "варварска власт" во Скопје постоела по 1195 година. Оваа "варварска власт" донела одлука тужбите поднесени за време на византиската власт не бидат разгледувани. Со тоа се истакнувало настојувањето на "варварите" во Скопје да се задржи status qvo што истовремено на новата власт и одговарало. Ова решение властите на "варварите" го објавиле преку барабан-(протуѓер).[130] Се смета дека "власта на варварите" се однесува на владеењето на српскиот жупан Стефан Немања во Скопје и другите делови на Македонија, по нивното краткотрајано припојување кон српската држава.[131] Но сепак ваквиот став останува во рамките на претпоставката, бидејќи нему пак му се противи истиот документ на Димитрија Хоматијан според кого кон крајот на XII век односно во 1193 година во времето на византискиот цар Исак II Ангел во Скопје должноста

---

[127] *Chomationus,* N^{o} 59, col .261-268. Документот е издаден во 1220 година.

[128] *Chomationus,* N^{o} 59col. 264.

[129] *Ibem.*

[130] *Ib.*

[131] *Соловјев,* Срби и византиско право, 30-43; *Мошин,* Грамотите, 120; *Илиевска-Мошин-Славева, Грамоти,* 185, бел.16 и 210 бел.8. *Томоски,* Скопската област од XI и XIV век, 59 и бел. 18, мисли дека оваа вест се однесува на Просечкиот господар Стрез, на скопскиот феудалец Јован Тихомир како и на некои други велможи од Централна или Северна Македонија.

дукс на градот ја обавувал севастот Константин Аспиет Комнин, чие грчко односно византиско потекло е неспорно.[132]

Српската власт во Северна Македонија не била долготрајна. Штом византискиот цар Исак II Ангел се ослободил од германските крстоносци, по нивното префрлување во Мала Азија, и смртта на Барбароса, тој се упатил во воен поход против Бугарите и Србите. Во летото 1190 година византискиот цар претрпел тежок пораз од Бугарите, по што тие се здобиле со нови територии освоени од Византија.[133] Во доцната есен 1190 или 1191 година, Исак II Ангел од Филипополис, каде се наоѓала неговата војска, се упатил кон Србите. Поради опасноста од Бугарите тој не го користел познатиот пат Via Militaris, туку најверојатно од Фолипополис кон Србија се упатил преку Струмица и Скопје, попат пресметувајќи се и со Добромир Хрс кого го заробил.[134] Пристигнувајќи во Скопје, византискиот цар го посетил манастирот Св. Георги Горгос се помолил за успех во намерениот поход, и му ги потврдил старите имоти и привилегии од поранешните владетели, а можеби и самиот тој му дал некои нови имоти и привилегии. Исак II Ангел е наведен меѓу владетелите кои му дарувале имоти и привилегии на манастирот Св. Георги Горгос крај Скопје, во грамотата која на овој манастир му ја доделил бугарскиот цар Константин Асен-Тих во 1258 година.[135] Од Скопје византискиот цар се упатил кон Србија по горниот тек на реката Морава. Во жестоката битка кај реката Морава, српската војска била поразена. Овенчан со голема слава, василевсот продолжил со воениот поход кон Ниш и Београд. Во Београд тој се сретнал со унгарскиот крал, останал извесно време во тој град, а потоа се вратил во Филипополис каде што се наоѓал главниот царски логор и неговото семејство.[136] По оваа битка

---

[132] *Chomatianus,* No. 59 col. 263. Сп.: *Петров,* О титулах, 61; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 69.

[133] *История на България 3,* 128-129; *Божилов,* Асеневци, 31-32.

[134] *Бошкоски,* Македонија во XI и XII век, 171-172.

[135] *Мошин,* Грамотите, 120; *Илиевска-Мошин-Сланева,* Грамоти, 185.

[136] *Choniates,* 434, 28-35, *ВИИНЈ IV,* 156-157, бел.168 и 169; *Острогорски,* Историја, 382, *ИСН I,* 259. *Ласкарис,* Византијске принцезе у средњевековној Србији, Београд 1926, 16-27; *В. Ћоровић,* Историја Југославије, Београд 1933, 101; *Guilland,* Buzance et les Balkans, 136 и

српскиот жупан Стефан Немања, по се изгледа, бил принуден да врати дел од освоените византиски територии.[137] Од движењето на царот кон Београд и назад во Филипополис, јасно е дека византиската реокупација се спроведувала кон Ниш, Београд и Сердика.[138] Србите изгледа сепак задржале некои освоени византиски територии. Дека Немања и ги вратил на Византија освоените области во Северна Македонија, од правецот на движењето на царот Исак II, кон Морава, Ниш, Београд и назад кон Филипополис, не може да се заклучи. Токму од таквиот правец на реокупација, може со голема веројатност да се претпостави дека освоените области во Северна Македонија од Србите, останеле уште извесно време во составот на државата на Немања, и неговиот син и наследник Стефан Првовенчани, велики жупан (1196-1217). Иако нема некои конкретни податоци, може само да претпоставиме дека освоените области во Северна Македонија од страна на Немања останале во составот на српската држава како мираз, по склучувањето мир помеѓу Византија и Србија, кое дошло како резултат на влошувањето на византиско-унгарските односи, српско-византиското заедничко војување против унгарските навлегувања на српска територија 1192 или 1193 година и женидбата на синот на Немања Стефан Немањиќ со Евдокија ќерката на идниот византиски цар Алексиј II Ангел околу 1196 година. Повторното враќање на овие територии под византиска власт можело да се случи дури по раскинувањето на бракот на Евдокија и српскиот велики жупан Стефан околу 1200 или 1201 година.[139] Од 1201 до 1203 година, Византија, кратко време повторно ја воспоставила својата власт

Каждан, А.П., Освобождение Болгарии из-под византийскога ига, Вопроси истории 11 ноябр, Москва 1973, 130, сметаат дека битката на Морава се случила во 1191 година.

[137] *Остроѓорски,* Историја, 382; *ВИИНЈ IV*, 157 бел.169; ИСН I, 259.

[138] *ИСН I*, 259. *Шкриванић*, Путеви, 91 го прифаќа мисленето на Јиречек, дека византискиот цар Исак II Ангел против српскиот велики жупан Немања на реката Морава стигнал преку Сердика. Тргнувајќи во борба против Немања, византискиот цар не поминал низ Македонија, а и по победата на Морава се вратил во Филипополис преку Сердика. И ова на извесен начин укажува дека, Северна Македонија останала уште извесно време во составот на државата на Немања.

[139] За српско-византискиот мир по битката на реката Морава, како и за бракот на Немањиниот син Стефан Првовенчани со византиската принцеза Евдокија и различните гледишта по овие прашања сп.: *ВИИНЈ IV*, 164, бел. 194 и 165-166 бел. 199, 200, 201 и *ИСН I*, 259-268.

во Скопје и Скопската област, како и другите делови на Северна Македонија.

5. Скопската епископија од XI до почетокот на XIII век

Според повелбите на византискиот цар Василиј II од 1018 и 1019 година за Охридската архиепископија, со што била потврдена нејзината автокефалност, Скопската епископија спаѓала во редот на подобростоечките епископии во нејзините рамки. Во списокот на епископите потчинети на Охридската архиепископија од времето на византискиот цар Алексиј I Комнин, Скопската епископија го завзема второто место веднаш по Костурската, а во редот на престолите на Прва Јустинијана како што од средината на XI век се титулираше Охридската архиепископија и охридскиот архиепископ, за да ја потенцира својата старост и привилегиите од непостоечката архиепископија Јустинијана Прима создадена од царот Јустинијан I, скопскиот епископ исто така се наоѓа зад костурскиот на второто место.[140] Границите на епископијата најверојатно останале непроменети како во почетокот на XI век. Со проширувањето на бугарската власт во поголемиот дел на Македонија, на почетокот на XIII век, односно во првата половина на 1203 година, кога и Скопје ја признало бугарската власт, Трновската архиепископија успеала да ја прошири својата јурисдикција на повеќе епископии кои доттогаш и припаѓале на Охридската архиепископија. По таа година и Скопската епископија била отцепена од Охридската епископија и ставена под јурисдикција на Трновската архиепископија. Ваквата црковна промена изворно е потврдена во писмото на епископите потчинети на Трновската архиепископија од крајот на 1203 година, до папата Инокентиј III кога тие го молат да им испрати палиум, со што е претставено настојувањето на римскиот папа да ја прошири својата јурисдикција и на Балканските простори. Меѓу епископите кои барале палиум од папата споменат е и епископот на пресветата црква Богородица во Скопје Марин

[140] *ИБИГИБИ XIV/VI,* 104, 107.

(episcopus sanctissime ecclesiae Dei Genitricis de Scopia Marinus) [141] кој на таа должност бил најверојатно и пред крајот на XII век. Покрај него во изворите е споменато уште едно црковно лице, а тоа е игуменот при манастирската црква Св. Пантелејмон во Нерези, монахот Јоаникиј, споменат во натписот на мермерниот архитрав на влезната врата за наосот.[142]

Податоците за бројот на црквите и манастирите во Скопје и Скопската област во XI и XII век се малку побогати но не се целосни, иако се знае дека многу религиозни објекти познати во изворите во XIII и XIV век постоеле најверојатно многу порано, а во следните векови биле само обновувани.

Меѓу најстарите досега познати христијански храмови по доселувањето на Словените во средновековно Скопје, претставува манастирот Св. Георги-Горгос-Скоропостижник подигнат од страна на византискиот император Роман III Аргир помеѓу 1028 и 1034 година на Виргино брдо над реката Серава во непосредна близина на Скопје.[143] Неговото ктиторство е поврзано со престој во Скопје пред да биде цар, или најверојатно за време на некој негов воен поход на Балканот и во Македонија против неговите непријатели, за што во изворите има извесни индиции.[144] Манастирот Св. Георги-Горгос претставува најбогат црковен

---

[141] *Acta Innocentii PP. III* (1198-1216) E registris Vaticanis Aliisque eruit, introductione auxit, notisque illustravit, ed. *P.Theodosius Haluščynskyj,* Hieromonachus ordinis Basiliani, *S.Iosaphat* et Pontificata commissione ad Redigerum C.I.C.O. Fontes series III, vol. II, Typis polyglottis Vaticanis, MCMXLIV, No.17, p. 579; *ИБИЛИБИ XII/III*, 337. Сп.: *Снъгаровъ,* Охридската архиепископия, 90-91 бел. 2; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 59.

[142] *Миљковиќ-Пепек,* Црквата Св. Пантелејмон, 90.

[143] Манастирот денес не постои. Со голема веројатност е утврдено дека манастирот се наоѓал на ридот кај денешната Султан Мурат џамија во Скопје. Сп.: *Петров, К.,* Идентификувањето на локалитетот на манстирот Св. Георги-Горгос, ГЗФФ Ск. 20 (Скопје 1968, 255-258; *Истиот,* Грамотите на манастирот Св. Георги Горгос и обид за изнаоѓање на неговиот локалитет, Споменици на Македонија I, Скопје 1975, 242-247; *Бошкоски,* Св. Георги-Горгос Скопски во XI век, 203. *Пириватиќ,* Самуилова држава, 145 бел. 41 без некои особени аргументи севраќа на старото гледиште дека ктитор на манастирот бил Роман- Симеон синот на бугарскиот цар Борис II, кој во времето на Самоил бил управник на градот Скопје.

[144] *Грујиќ,* Властелинство, 46-48; Мошин, Грамотите, 119; Илиевска-Мошин-Славева, Грамоти, 184 бел. 7 и 210 бел. 3 (Грамота на кралот Милутин каде се вели "И видѣ кралевьство ми правила и оутвьрьжденија, ѣрисѡволє светыихъ и правовѣр ниихъ цар и кральь прѣждє менє вишїихъ:

поседник во Скопје, почнувајќи од XI па се до првата половина на XV век. Нему му дарувале и потврдувале имоти и привилегии многу византиски, бугарски, цареви, српски жупани и кралеви и други владетели. Како основач и прв ктитор царот Роман III Аргир на манастирот му издал грамота со која го дарувал со имоти и му доделил привилегии. Грамотата на византискиот цар Роман III првиот ктитор на манастирот не е сочувана, но од грамотите на бугарскиот цар Константин Тих и српскиот крал Милутин прецизно дознаваме што се овој цар му дал на манастирот. Според Константиновата грамота Роман III Аргир на овој манастир му го подарил селото Речица во Долни Полог со ниви, лозја, градини, забели, планини, ловишта за дивеч со сите правини, со полн финансиски и судски имунитет. Во Скопската област му го подарил селото Козарево[145] со манастирот Јован Златоуст и со заселците: Барово и Винско со лозја, ниви, градинѝ, воденици, ливади, забели, ловишта за риби и дивеч, планини со сите останати принадлежности.[146] Милутиновата грамота потврдува дека во Скопско византискиот цар Роман III Диоген на манастирот му го подарил и селото Чрешовени што било потврдено од приложените грамоти.[147] Во Константиновата грамота пишува дека селото Брод (Прилепско) му припаѓа на манастирот Св. Георги - Горгос, без притоа да се каже кој владетел му го доделил, а манастирот има право на приход од панаѓурот што во ова село се приредувал на 8 септември (на празникот на Св. Богородица) и на пазарот кој се приредувал секоја недела. Во Милитиновата пак грамота прецизно е потврдено дека селото Брод со правото на приход од пазарот во недела и панаѓурот на 8 септември што го приредувала црквата Св. Богородица и селата Сланско и Барбарас, на манастирот Св. Георги -Горгос му ги

свѣтаго Ρѡ́мана цара, наипрьваго к҃ титора свѣтому мѣстоу сѣмоу"), 223 чл. 32 "свѣты Ρωмань царь прьві ктиторь"; Бошкоски, Св. Георги-Горгос Скопски во XI век, 201-203.

[145] Во грамотата на српскиот крал Милутин (*Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите 218-219 чл. 25) е наведено дека ова село со манастирот Јован Златоуст, заселците и наведените принадлежности на манастирот му го подарил византискит цар Роман IV Диоген.

[146] *Илиевска -Мошин-Славева,* 191-192, 194-195 (грамота на Константин) и 223-224 чл. 32(грамота на Милутин); *Мошин,* Грамотите, 130- 134;

[147] *Илиевска -Мошин-Славева,* Грамоти, 219 чл. 26.

приложил неговиот ктитор Роман III Аргир.[148] Според Константиновата грамота во Прилепската област, а според Милутиновата во Поречката област царот Роман III на манастирот Св. Георги Горгос му ги подарил селата: Крапа Власи со метох на црквата Св. Спас и селото Здуње со поповјани, Близненско и Мокросеци со тамошните заселци и Голем Под.[149] Покрај овие подароци од Милутиновата грамота дознаваме дека првиот ктитор наложил селата Здуње, Сушица Брод и Крапа да се изземат од надлежноста на локалниот епископ, а егзаршината да ја зема манастирот Св. Георги Горгос.[150] Вториот дарител на имоти и привилегии а истовремено и потврда на старите, на овој манастир бил византискиот цар Роман IV Диоген. Прецизно не се знае кои села му ги подарил на манастирот Св. Георги-Горгос, но постоењето на неговата грамота е споменато во грамотите на Константин Тих и Милутин. Милутиновата грамота го наведува селото Козарево со манастирот Св. Јован Златоуст и заселците Барово и Винско, како подарени од Роман IV Диоген, но во Константиновата грамота овие поседи се наведени како подарок од ктиторот на манастирот Роман III Аргир.[151] Можно е манастирот во меѓувреме да го изгубил правото над ова село со заселците, па од тие причини манастирот побарал од Роман IV Диоген да му го подари повторно ова село. Како трет владетел кој му дал имоти и доделил привилегии на манастирот Св. Георги-Горгос во повелбите на Константин и Милутин се споменува свети цар Петар. За него се смета дека е или Петар Делјан под чија власт се наоѓало Скопје во 1041-142 година или најверојатно станува збор за Константин Бодин кој од страна на востаниците за време на востанието на скопскиот првенец Ѓорѓи Војтех во 1072 година најнапред во Призидјана од востаниците бил избран, а потоа во Скопје свечено прогласен за цар. Што тој му подарил или потврдил на

[148] *Ibidem.*, 189-190 и 227 чл.36. Сп.: *Мошин,* Грамотите, 152.
[149] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамоти,190, 226-227 чл. 37; *Мошин,* Грамотите, 130.
[150] *Илиевска -Мошин-Славева,* Грамоти, 228 чл .38.
[151] *Ibidem.*, 184, 194-195, 210, 218 чл. 25; *Мошин,* Грамотите, 134.

манастирот не се знае.[152] Четврт владетел кој му дарил имоти и потврдил привилегии во споменатите две грамоти е наведен византискиот цар Никифор III Вотанијат, но бидејќи неговата даровна грамота не е сочувана, засега не е познато што подарил или потврдил.[153] Во меѓувреме во пролетта 1079 година манастирот настрадал од Печенезите и десетина години бил доста запуштен. Во 1093 година за време на престојот на византискиот цар Алексиј I Комнин во Скопје заради воените операции против српскиот жупан Вукан, тој го обновил манастирот со што ја стекнал честа на втор ктитор (светаго кур Алежиа цара, втораго хритора Светаго Георгиа) како што е истакнато во грамотата на српскиот крал Милутин.[154] Во таа пригода тој на манастирот му издал хрисовула со која му дарувал имоти и му потврдил привилегии. Неговата хрисовула постоела во XIII век и била дадена на увид на пишувачот на грамотата на бугатскиот цар Константин Тих во 1258 и српскиот крал Милутин во 1300 година.[155] Според грамотата на крал Милутин, царот Алексиј I Комнин на манастирот му го подарил селото Речица во Долни Полог, кое порано било подарено од Роман III, но во меѓувреме манастирот го изгубил правото над ова село. Истовремено му го потврдил правото на манастирот да зема ексаршиа од селата Здуње, Сушица, Брод и Крапа кое на манастирот му било дадено од првиот ктитор.[156] Византискиот цар Јован II Комнин за време на своето владеење на манастирот му издал повелба со која му дарувал и потврдил имоти и привилегии. Според Милутиновата грамота овој византиски цар на Св. Георги-Горгос му гоподарил селото Бистрица кое се наоѓало на реката Бабуна,[157] додека пак царот Манојло I Комнин според истата грамота, на

---

[152] *Грујић,* Властелинство 48; *Мошин,* Грамоти, 119; *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите, 184, бел.7 и 210 бел. 10.

[153] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите, 184 и 210.

[154] *Bryennios,* 299, 11-25; *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите,183, 228 чл. 38; *Бошкоски,* Кон историјата на манастирот Св. Георги -Горгос, 203-208.

[155] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамотите, 184 и 210.

[156] *Ibidem.,* 223 чл. 32 и 28 чл. 38.Сп.: *Бошкоски,* Кон историјата на манастирот Св. Георги -Горгос, 209-210.

[157] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамоти, 228 чл. 38; *Бошкоски,* Византиските императори во Македонија во XII и почетокот на XIII век, 83-84.

манастирот, му го потврдил селото Речица со сите привилегии од поранешните византиски цареви, а му го подарил селото "Йваꙁ ꙗговѡ под Мороїꙁвиꙁдомь...с ꙁ парики, с ꙁ виногради, с ꙁ нивиѥм, сь сѣнокоси, с ꙁ пашици, с ꙁ лѣтовици, сь ꙁимовици и сь млини, сь планиномь и сь всѣми правинами."[158] Српскиот велики жупан Стефан Немања во Милутиновата грамота исто така е споменат меѓу владетелите кои му потврдиле или дарувале имоти и привилегии на манастирот Св. Георги-Горгос. Познато е дека тој во 1189/90 година краткотрајно ја освоил северна Македонија и го завладеал Скопје.[159]

Вториот по старост манастир во Скопската област бил манастирот Св. Јован Златоуст во близината на селото Козарево. Бидејќи тој е споменат како подарок на манастирот Св. Георги-Горгос од страна на Роман III Аргир во Константиновата а според Милутиновата грамота подарок на истиот манастир од страна на Роман IV Диоген, сосема сигурно може да се претпостави дека оваа црква која подоцна прераснала во манастирска црква постоела доста рано, односно прад градењето на Св. Георги- Горгос.[160]

Манастирската црква Св. Пантелејмон во с. Нерези со сигурност според натписот е потврдено дека е живопосана во 1164 година, но според некои архитектонски карактеристики К. Петров нејзиното првобитно градење хронолошки го сместува во периодот на владеењето на македонскиот цар Самоил. Извонредниот фреско живопис се карактеризира со напуштање на конзервативните норми на изразување на ликовните претстави, и претставување на ликовите и сцените во силен реализам. Првобитниот живопис останал непроменет се до 1555 година, кога дел од централната купола и споредните куполи настрадал од земјотресот, по што биле обновени и насликани со нови фрески.[161]

---

[158] *Илиевска-Мошин-Славева,* Грамоти, 223 чл. 32 и 228 чл. 38.

[159] *Ibidem.*, 210 бел. 8.

[160] *Ibid.*, 195 и 219 чл. 25.

[161] *Марковиќ,* Православно монаштво, 22; *Миљковиќ-Пеќек,* Црквата Св. Пантелејмон, 90-94; *Петров, К.,* Кон неиспитаната протоисторија на локалитетот Св. Пантелејмон во Нерези, I дел од студијата; "Истражувања на основата и на градбата на црквата Св. Пантелејмон во Нерези", ГЗФФск.7/33 (Скопје 1981), 153-189; *Истиот,* Нови резултати од истражувањето на црквата Св. Пантелејмон во Нерези, ГЗФФск., 8/34 (Скопје 1982), 145-197.

Четврта црква која со сигурност постоела во текот на XII век а можеби и порано, е црквата Св. Архистратиг Михаил. Во последните две децении на XII век била запуштена. По српското освојување на делови од северна Македонија со градот Скопје, според зборовите на Стефан Првовенчани кој го напишал житието на Симеон Немања, дознаваме дека великиот жупан Стефан Немања во Скопје ја обновил, односно cosидал.[162] Обновувањето на црквата било обавено по се изгледа, во 1189/90 година или малку подоцна. Освен овој податок црквата не се споменува ниту во еден пишан извор подоцна, па затоа се смета дека таа набргу по обновата запустела.[163]

Покрај манастирот Св. Георги Горгос како најголем црковен феудален поседник, во текот на XII век, во градот Скопје се споменува манастирската црква Богородица Тројеручица, така наречена поради иконата на Св Богородица со три раце. Оваа манастирска црква била резиденција на скопскиот епископ. Податокот дека во 1203 година во оваа црква се наоѓал епископскиот стол епископот Марин, може да упатува на тоа дека црквата можеби е постара од XII век.[164] Нејзиното постоење изворно е потврдено до крајот на XIV век.

---

[162] *Сѣеван Првовенчани,* Житије, 34, 9-11 "и с(вє)т(а)го ар҃хистратига Михаила въ градѣ г(лаго)лємѣмь Скопѣли, йжє и храмь моу̯ въздвижє на мѣстѣ томь; "

[163] *Марковиќ,* Православно монаштво, 22-23. Материјални остатоци за нејзиното постоење, сеуште не се откриени, поради необавените детални археолошки истражувања на Калето. Сп.: *Пе̏тров,* Кон прашањето на местонаоѓањето на Скопските цркви, 154-155 претпоставува дека оваа црква се наоѓала на возвишението во средновековната тврдина.

[164] *ИБИЛИБИ XII/III,* 237. Сп.: *Марковиќ,* Православно монаштво, 23; *Пе̏тров,* Кон прашањето на местонаоѓањето на Скопските цркви, 157-159 претпоставува дека оваа црква се наоѓала помеѓу Облата Пирга и реката Серава во источното подградие.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

СКОПЈЕ И СКОПСКАТА ОБЛАСТ ОД 1204 ГОДИНА ДО СРЕДИНАТА НА XIV ВЕК

1. Скопската област од 1204 до 1207 година

Кон крајот на XII и почетокот на XIII век, на Запад дошло до силно антивизантиско расположение. Антивизантиските сили кои ги предводел папата Инокентиј III, со политичка-економска поддршка на венецијанскиот дужд Енрико Дандало, на почетокот на XII век прераснале во крстоносен поход.[1] Во истиот период односите на Византија со Србија се релаксирале, додека антивизантиски став имале бугарскиот цар Јован Калојан кипарскиот крал Амалрих и малоерменскиот крал Лав.[2]

Крстоносната војска од повеќе европски земји, четврта по ред, во есента 1202 година се собрала во Венеција. Венецијанската република ја превзела обврската да ги префрли крстоносците до Египет, од каде би се упатиле во Светата земја. Поради неможноста да ја платат возаринатa, по предлог на дуждот Енрико Дандало тие го освоиле Задар и им го предале на Венецијанците. Во исто време од цариградскиот затвор побегнал Алексиј, синот на симнатиот цар Исак II Ангел, кој побарал крстоносците да му помогнат да се врати на престолот ветувајќи им многу пари, помош во воените операции, а на папата црковна унија. На патот за Светата земја, крстоносците на 24 јуни 1203 година се нашле пред Константинопол во улога на заштитници на еден од претендентите на византискиот трон.[3] Првата опсада траела до 17 јули, кога и покрај силниот отпор градот паднал. Царот Алексиј III побегнал, а престолот го наследил по втор пат Исак II. Неговиот син Алексиј IV штитеникот на крстоносците, станал совладетел. Венецијанците и крстоносците се повлекле пред ѕидините, во очекување на исполнување на ветувањата на нивниот штитеник. Новиот цар и совладетелот, се соочиле со неможноста да ги исполнат ветувањата, но и со

---

[1] *Острогорски,* Историја,386-388.
[2] *Ibidem.*, 387; *ИСН I,* 258-266.
[3] *Острогорски,* Историја, 389-390.

внатрешното незадоволство. Во јануари 1204 година, во престолнината избувнала побуна. Алексиј IV бил убиен, неговиот татко ставен во затвор, а престолот го наследил Алексиј V Дука Мурзофил. Антилатинската политика на новиот цар, довела до драматично заоструваше на односите помеѓу Византиско царство, и Венецијанците и крстоносците од друга страна. Крстоносците и Венецијанците се договориле за освојување на престолнината и поделба на Византија. Втората опсада на завршила на 13 април 1204 година, со паѓање на Константинопол во рацете на крстоносците. На рушевините на Византиското царство се формирале нови држави. Латинското царство за свој центар го имало Цариград, Никејското царство имало престолнина во Никеја, Солун станал центар на Солунското кралство, а Арта столица на Епирското деспотство. Секоја од овие држави настојувала да го завземе местото на легитимен наследник на Византиското царство.[4] Од првото паѓање на Цариград летото 1203, паѓањето под крстоносците во април 1204, па се до обновувањето на Византиската империја во 1261 година, Македонија и Скопската област многу често ги менуваат своите господари.

Единствена сила на Балканот која извлекла корист од ваквата сложена била Бугарија. Нејзиното проширувањето во Македонија, било извршено уште во почетокот на летото 1203 година. Издигнувањето на Алексиј IV за византиски цар, му дало повод на бугарскиот цар Јован Калојан (1197-1207) да започне освојувачки поход на византиските територии на Балканскиот Полуостров. Тој сосема лесно и без никаков отпор ги освоил византиските владенија на запад од Софија па се до Тесалија со градовите: Призрен, Скопје, Охрид и Бер. Така Скопје и Скопската област за еден краткотраен период се нашле под бугарска власт.[5] После долги преговори, непосредно по паѓањето на Константинопол под крстоносците, на 7 ноември 1204 година, папата Инокентиј III го поставил бугарскиот епископ за примас на Бугарија, а веќе на 8 ноември, бугарскиот владетел Калојан бил крунисан

[4] *Ibidem.*, 390-391.

[5] Бугарска власт во овие области е потврдена во црковните акти. *ИБИЛИБИ* XII/III 337; Chomatianus, No. 8, 48, 52. Сп.: *Јиречек,* Историја Срба I, 164.

за цар.[6] Покрај латинскиот цар со седиште во Константинопол, на Балканот најмоќна сила претставувал бугарскиот цар Калојан. Антилатинското расположение во Латинското царство дошло до силен израз февруари 1205 година. Жителите на Тракија се побуниле го повикале напомош бугарскиот цар Калојан, нудејќи му ја византиската круна. Во координираната акција на бугарскиот цар и Ецисмен неговиот "заповедник на Просек, и тамошните на Јован потчинети области,"[7] првиот успеал да освои повеќе градови во Тракија. Ецисмен го нападнал Солун, кој бил без сериозна одбрана. Тој успеал да го освои градот без тврдината, но набрзо бил истеран.[8] Маркгрофот Бонифациие Монфератски, задоволен од ваквиот развој на настаните но гневен на Ецисмен, според известувањето на Никита Хонијат, "ги свртел уздите" односно се упатил "кон Скопје со желба да му се освети за се на Јован" Калојан, како за нападот на неговиот војсководач на Солун, така и за неговите упади во Тракија. Замисленият поход бил прекинат, по веста дека во судирот со бугарската војска кај Адријанопол, латинскиот цар Балдуин заробен.[9] Бугарскиот цар по оваа победа, се упатил кон југозападните области на Македонија. Во меѓувреме, новиот латински цар Хенрих (1206-1216) ја вратил Тракија под своја власт, додека маркгрофот повратил некои градови во југоисточна Македонија. По смртта на Бонифациие Монфератски на 4 септември 1207 година, Јован Калојан со голема војска се упатил кон Солун. Но на 8 октомври 1207 година,

---

[6] *Божилов,* Асеновци, 46-48.

[7] *Choniates,* 619, 50-51. Соопштението на Никита Хонијат дека Ецисмен по потекло бил Влав, укажува дека тој најверојатно бил македонски локален феудалец. Етничката карактеристика му е дадена поради сточарството кое било негова главна стопанска дејност. Ецисмен најверојатно ги управувал освоените области од Бугарите во Македонија и Скопската област, за време на воената кампања од 1203 година. Така би требало да се коментираат зборовите на Н. Хонијат. Тоа пак од друга страна значи дека и градот Скопје и неговата поширока околина му биле потчинети директно нему. Изборот на Просек за седиште на заповедникот на тврдината Ецисмен и на останатите тамошни области, бил направен од стратегиски причини. Околу потеклото на името Ецисмен во науката постојат различни мислења. Според некои автори станува збор за името Шишман, додека други автори сметаат дека е во прашање словенското име **Чьсмєнъ** или **Чисмьнь**. За тоа спореди: *Мутавчиев,* Владетелите, 42-43; *Златарски,* История III, 231-22; *Историја народаЈугославије I*, Београд 1953, 344 и *Moravcsik*, G., Byzantinoturcica II, Berlin 1958,126-127.

[8] *Longon,* Empire, 82.

бугарскиот цар бил убиен, со што Солун бил спасен, додека бугарската власт во Скопската област и во Македонија, била сериозно разнишана. По неговата смрт Скопската област влегла во составот на господството на Стрез, со седиште во Просек.[10]

Краткотрајната бугарска власт во Скопје и Скопската област е потврдена во неколку акти на Охридскиот црковен суд од преписката на Димитрија Хоматијан. Актот бр. 52 расправа за синодалното решение на Охридската црква по тужбата на Болеслава од село Корита[11] крај Скопје (Ἡ ἐν τῇ χώρα τῶν Κορυτῶν) ќерка на Кандид, изложена пред судот од нејзиниот брат високоблагородниот ипотагат (ὑποταγά) господин Куман. После долго заедничко живеење Болеслав, мажот на Болеслава умрел, за време на востанието на Бугарите (ἐπὶ τῆς τῶν Βουλγάρων ἀποστασίας). Поради тоа таа била принудена заедно со братот Куман да ја напушти својата родна земја и да побегне во Верија. Кога бугарската власт ги завзела ромејските области (δὲ τῶν Βουλγάρων τῶν Ῥωμαϊκῶν χωρῶν) и станала поподнослива кон работите, Мирослава сестрата на нејзиниот маж, продала една третина од имотот на Болеслав, кој и припаѓал на жена му. Кога Болеслава се вратила после извесно време во родниот крај и го затекнала продаден дел од имотот, протестирала пред бугарскиот управител и барала нејзиниот имот да и се врати. Тогаш се побуниле купувачите на нејзиниот имот и некои нејзини роднини и го оспориле нејзиното право на владеење на

---

[9] *Choniates,* 619, 44 -620, 61. Сп.: *Златарски,* История III, 231-232; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 59-60.

[10] *Златарски,* История III, 233-269; *Longon,* Empire, 98-101 и *Божилов,* Асеневци, 55-57 со детални ги анализира вестите за смртта на Калојан како и местото на неговиот гроб.

[11] Селото Корита припаѓало на Скопската област и се наоѓало на левиот брег на реката Треска, наспроти селото Близненско на падините на Сува Гора. Во средниот век се споменува уште еднаш кон крајот на XIV век кога му припаѓало на манастирот Св, Андреја на реката Треска Сп.: *Константинов, Ј.Х.,* Гласник Друштва српске словесности Београд 1856, књ. VIII, 143; *Ношпал -Никуљска,* Манастирот Св. Андреја, 398. Денес селото припаѓа кон Гостиварскиот регион. Така е регистрирано и од *Kravari,* Villes et villages, 198 која не ги наведува овие средновековни податоци за селото, туку го евидентира само според турските пописни документи од 1452/53, 1455 и 1467/68 година. *Kravari,* Villes et villages, 198 не ги наведува овие средновековни податоци за селото, туку го евидентира само според турските пописни документи од 1452/53, 1455 и 1467/68 година.

имотот, поради што таа од судот побарала нејзиниот имот да и се врати.[12] Актот на Димитрија Хоматијан под бр. 59 исто така ја споменува бугарската власт во Скопје и неговата околина помеѓу 1204 и 1207 година, во времето на бугарскиот цар Калојан. Станува збор за повеќекратен и интересен имотноправен спор, помеѓу Литовој и бабата (по жена) на Хрис, кој врз основа на простагмата на епирскиот владетел Теодор I Ангел од месец април 1220 година требало да го решава епископот на Скопје, но тој одбил да го разгледува поради неговата сложеност и истиот го упатил до црковниот суд на Охридската архиепископија. Пред судот се јавиле двете страни. Литовој го побарувал миразот и имотот на сестра си Елена, која умрела без да има потомство, во времето кога тој и неговиот брат Миле (Μῆλα) биле малолетни, а имотот кој им припаѓал ним, бил ограбен од тогашните управници на скопската тема Јован Тихомир и Василиј Константин. Синот на началникот на Јован Тихомир, монахот Теодорит, се спротивставил на тужбата на тужителот, бидејќи имотите преминале во наследство на неговите синови па дури и внуци, од причини што бил пропуштен законскиот рок за жалба. Литовој пак од друга страна доставил повеќе официјални документи. По разгледувањето на документите се докажало дека Литовој не го пропуштил рокот од 30 години што се дава од законот за сираките после неговото полнолетство од 25 години да си го побара своето право. Судот ги имал во предвид и променливите политички околности и "бугарската варварска власт (ἡ Βουλγαρικὴ τῶν βαρβάρων ἐκξουσία διαδεξαμένη)" која ја превзела власта од Ромеите и ги принудила заинтересираните лица против својата волја да молчат.[13]

Бугарска власт во Скопје и Скопската област е потврдена и во други црковни документи кои се однесуваат на Скопската епископија. Станува збор за списокот на епископите на Бугарската диецеза потчинети на Трновскиот

---

[12] *Chomatianus,* No. 52 col. 235-240. Сп.: *Никовъ*, Материяли, 6, 9-10; *Ангелов,* Принос, 9 и 13 и *Баришић-Ферјанчић,* Вести Димирија Хоматијана о "власти Драгувита", 46, бел. 20.

[13] *Chomatianus,* No. 59 col. 261-263. Сп.: *Ников,* Материяли, 6-7, 11-15; *Ангелов,* Принос, 13-14 и *Баришић-Ферјанчић,* Вести Димитрија Хоматијана о "власти Драгувита", 46 бел. 20.

примас со трон во Трново, составен во книгите на Апостолската канцеларија во 1204 година, и еден препис на истиот список со мали измени, составен во 1380 година, а се однесува на состојбата во 1204 година. Помеѓу епископиите потчинети на Бугарската диецеза и архиепископот на Трново кој е примас, е споменат епископот на Скопје (episcopus Scopiensis).[14]

2. Градот и областа во рамките на феудалното господство на Стрез

Појавата на Стрез на политичката сцена во Македонија, се поврзува за судирот со Борил околу бугарскиот престол, по смртта на Јован Калојан. Како Борил и Алексиј Слав, и Стрез потекнувал од царското семејство и бил според изворите внук од сестра на Калојан.[15] Во услови кога престолот бил испразнет, а синовите на царот малолетни, сите тројца како блиски роднини на царската куќа, г истакнале претензиите за престолот. И покрај храброста на Стрез, која е особено потенцирана во изворите, и неговата влијателна улога на дворот, пред смртта на Калојан,[16] Борил успеал да се наметне и да го завземе царскиот трон. Поради натамошното инсистирање за престолот, како и опасноста да биде и физички ликвидиран, Стрез ја напуштил земјата и се засолнил кај српскиот велики жупан Стефан Немањиќ.[17] Набрзо, со

---

[14] *ИБИЛИБИ XXIV/IV,* 9-10.

[15] Поопширно за името Стрез, неговите блиски роднински врски со царот Јован Калојан, со Борил и Алексиј Слав како и околу тоа дали Стрез му бил помал брат на Борил или на Алексиј Слав, сп.: *Савчева,* Стрез, 69-74 и *Радиќ,* Обласни господари, 223-234.

[16] Според зборовите на Теодосиј (*Теодосије,* Житије светога Саве, 178) "Стрез после смртта на царот Калојан беше гонет од царот Борил, кој го превзел царството, со цел како роднина на царот да биде убиен. Затоа што тој Гот по име *Стрез, беше многу славен поради храброста,* па затоа *уште повеќе му завидуваа и преку смртта ја бараа неговата душа, затоа што се плашеа тој да не зацари и нив да не ги убие.*" *Мутавчиев,* Владетелите, 48-50 смета дека Стрез како близок роднина, современик на Калојан и севастократор, заземал видно место во бугарскиот двор. *Nicol,* Despotate, 33 без некоја особена поткрепа смета дека Калојан го наименувал Стрез за свој заповедник во тврдините Просек и Струмица, а подоцна го повлекол од таа должност плашејќи се од заговор. *Савчева,* Стрез, 71 кариерата на Стрез хронолошки ја датира пред 1207 година при што истакнува дека неговото учество во политичкиот живот на Царството се сведувало на учество во воените походи на царот Ј. Калојан, што од една страна допринело за неговата популарност, а од друга за неговото упорно настојување да седне на царскиот трон по неговото испразнување. *Радиќ,* Обласни господари, 224 не го доведува во прашање Стрезовото учество во политичкиот живот на дворот, пред 1207 година. Тој истакнува дека Стрез во последните години на владеењето на Калојан играл важна улога, при што му биле доверувани важни задачи кои тој успешно ги извршувал, со што нараснал неговиот углед во земјата.

[17] *Теодосије,* Житије светога Саве, 178. Според ова житие, иако Стрез успеал да се засолни кај Србите, каде бил благонаклоно примен, бугарскиот цар Борил и понатаму

помош на Србите[18] ја отцепил северна, централна и дел од југоисточна Македонија од Бугарското царство, и се утврдил во Просек. Скопје и Скопската област во периодот помеѓу 1207 и 1214 година, кога бил убиен Стрез, влегувала во Стрезовото господство. Сојузништвото помеѓу Стрез и српскиот жупан Стефан Немањиќ не било од чисто христијански побуди, туку напротив поради интересите на Србите за обезбедување на српските граници и евентуално проширување на нивното влијание на југ кон Македонија.[19] За разлика од Бугарија, која играла активна улога во настаните по паѓањето на Цариград под Крстоносците и формирањето на Латинските држави на Балканот и имала забележително влијание и територијално проширување, Србија поради внатрешни состојби подоцна се вклучила во престижот на Балканот. Во таа смисла треба да се посматра и српскиот антибугарски став, а преку поддржувањето на Стрез и неговото господство во Македонија, Стефан Немањиќ од една страна ја ослабувал бугарската држава, а од друга си обезбедувал моќен сојузник.[20] Погоден

настојувал на разни начини, да го добие Стрез, но српскиот жупан негативно одговарал. За да ги потврди добрите намери кон Стрез, со него се побратимил. Слично соопштение за приемот на Стрез на српскиот двор, како и постојаната опасност која му се заканувала од царот Борил, донесува и Стефан Првовенчани (Сабрани списи - Живот светог Симеона, 91-92). Пристигнувањето на Стрез на дворот на српскиот велики жупан Стефан Немањиќ се случило најверојатно кон крајот на 1207 или на почетокот на 1208 година (*Радић*, Обласни господари, 225.).

[18] Според Теодосиј (Житие светога Саве, 178) српскиот жупан успеал да придобие некои претставници на бугарското благородништво кои ги владееле градовите во Македонија да му се приклучат на Стрез како близок роднина на починатиот цар Калојан а со тоа и да ги признаат неговите претензи за бугарскиот престол.

[19] Во науката речиси општоприфатено е мислењето дека благонаклониот став на српскиот жупан кон Стрез произлегувал од политички побуди. За тоа сп.: *Златарски*, История III, 281; *ИСН I*, 298 и *Радић*, Обласни господари, 225.

[20] Српската политика пред смртта на Калојан во 1207 година и во првите години по стапувањето на царскиот престол на Борил, бележи експанзија и настојување за активно учество во Балканските состојби, со силен акцент на пролатинско расположение, но и со силно антибугарско расположение. Со поддржувањето на една политичка групација на бугарскиот двор и давањето засолништво на Стрез за негово отцепување од Бугарското царство, тој на голема врата влегол во политичкиот престиж на Балканот. По смртта на Калојан српскиот велики жупан кон својата држава ги присоединил Ниш и Нишката област, Врање со околината и областите по горниот тек на реката Морава, Призрен како и областите во Северна Македонија со Горни и Долни Полог (*Благојевић*, Србија у доба Немањића, 61). Српскиот велики жупан преку политички бракови настојувал да ги обезбеди своите граници и да го зголеми својот углед меѓу латинските творби на Балканот. Во 1207/8 година, според некои автори српскиот велики жупан Стефан Немањиќ од политички побуди се оженил за Ана внуката на Енрико Дандало (*Princing*, Bedeutung, 103 sq., *ИСН I*,

момент за отцепување на македонските области кои се наоѓале под власта на Бугарите уште од 1203 година, за своето господство, Стрез нашол во пролетта 1208 година кога царот Борил во првиот судир со латинскиот цар Хенрих кај Берое не успеал да победи, а при вториот кај Филипополис претрпел пораз.[21] Според И. Божилов, последиците од тој пораз не биле така тешки бидејќи веќе следната година Борил превзел нов поход против Латините,[22] но по се изгледа, поразот кај Адријанопол предизвикал незадоволство на великодостојниците на бугарскиот двор кои го поддржувале Стрез. Незадоволство го поттикнувал и самиот велики жупан Стефан Немањиќ. Незадоволството против Борил го искористил Стрез, кој користејќи го благонаклониот став на повеќето заповедници на македонските градови кои преминале на негова страна, како и воена помош на српскиот жупан, кон крајот на 1207 и почетокот на 1208 година, успеал да ги освои македонските области во горниот и средниот тек на реката Вардар.[23] Прва на удар на Стрезовата воена акција била Скопската област и градот Скопје, поради тоа што биле блиску до границата со Србија.[24] Понатамошното движење на Стрез продолжило по долината на Вардар кон Просек, непристапна тврдина на левиот брег на реката Вардар. Изборот на Просек за седиште, бил пред се од стратегиски причини.[25]

Кај српските биографи забележливо е предимензионираното српското воено учество во освојувањето на македонските области од страна на Стрез.

(*Б.Ферјанчиќ*) 299; *Ферјанчиќ,* Србија и византијски свет, 117-118). Во истата година ја омажил својата анонимна сестра за Манојло Ангел брат на епирскиот деспот Михаил I Ангел (1204-1215) и покрај тоа што таа била значително постара од младоженецот, што разбирливо се смета дека бракот бил склучен од политички побуди (*Chomatianus,* No. 10 col. 49-52).

[21] *Longon,* Empire, 102-105.

[22] *Божилов,* Асеневци, 70

[23] *Теодосије,* Житије светога Саве, 178-179; *Стефан Првовенчани,* Сабрани списи (Живот светога Симеона) XVII, 91-92. Сп.: *Савчева,* Стрез, 76; *Радиќ,* Обласни господари, 226.

[24] *Јиречек,* Историја Срба, 167; *ИМН I,* 185; *Баришиќ-Ферјанчиќ,* Вести Димитрија Хоматијана о "власти Драгувита," 47-48 и *Радиќ,* Обласни господари, 230.

[25] Детален опис на тврдината Просек дава Н. Хонијат (*Choniates,* 502, 10-503, 34). Од авторите кои пишувале за Просек позначајни трудови се: *Томоски, Т.,* Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар,Брегалница и Лакавица, ГЗФФск., 4 (30) Скопје 1978, 270-277; *Савчева,* Стрез, 77 и *Радиќ,* Обласни господари, 198 бел 17.

Тоа го навело П. Мутавчиев да претпостави дека српските воени гарнизони и по осамостојувањето на Стрез, останале во Просек и во Македонија.[26] Српскиот жупан преку Стрез имал можност во голема мера да ја спроведува својата експанзионистичка политика, но сето тоа произлегувало пред се од благодарноста за укажаната помош во тешките моменти, склучениот договор за сојузништво во Просек како и заедничкиот непријателски став кон бугарскиот цар Борил.[27] Во почетокот на 1209 година, поради судир на интересите помеѓу српскиот велики жупан и просечкиот господар, сојузот почнал да запаѓа во криза. Властољубивиот Стрез, кој сојузот со Стефан Првовенчани го сфаќал како привремена нужност додека не ги зацврсти своите позиции, се стремел кон независна власт[28] но сеуште гаел претензии за бугарската круна. На тој пат, наишол на отворено противење од царот Борил. Набрзо било најдено заедничко решение. Бил склучен сојуз помеѓу Борил и Стрез, а сојузот со Србите раскинат.

Во услови кога латинскиот цар Хенрик I бил зафатен со воениот поход во Тесалија и средна Грција, против странката на ломбардиските барони на

---

[26] *Мутавчиев,* Владетелитѣ, 62. *Златарски,* История III, 289. *Мошин,* Грамотите, 121 коментирајќи го податокот на Стефан Првовенчани (Живо светога Саве 92) дека српскиот на Стрез му го предал "половината на бугарското царство"смета дека српската активна помош, како и вазалниот однос на Стрез спрема српскиот велики жупан во периодот од 1207 до 1214 година кога Стрез се одметнал од Стефан и ја признал власта на Борил, зборува за тоа дека Стрез својата власт не можел да ја оствари без реална српска окупација, па според тоа центарот на српската власт бил токму во Скопје. *Радиќ,* Обласни господари, 227 сосема оправдано ја отфрлаа оваа претпоставка.

[27] *Мутавчиев,* Владетелитѣ, 60 и *Цанкова-Петкова, Г.,* България при Асеневци, София 1978, 90 погрешно се залагаат за тоа дека Стрез бил извесно време во вазален однос кон Стефан Немањиќ. од друга страна, *Савчева,* Стрез, 77-78 истакнува дека со побратимувањето помеѓу Стрез и Стефан Немањиќ, се востановиле тесно побратимски врски, кои се засновале на почит и меѓусебно помагање. Духовното сродување на Стефан Првовенчани со Стрез според авторката, било поврзано со тајните аспирации на великиот жупан кон областите кои Стрез ги отцепил од бугарската држава при што појавата на Стрез во овие области во 1208 година ја поврзува од една страна со династичките борби во Бугарија а од друга страна со завојувачките планови на Стефан Немањиќ, кој во лицето на Стрез гледал сојузник за територијално проширување. *Радиќ,* Обласни господари, 227 смета дека односите помеѓу Стефан Првовенчани и Стрез биле сојузнички, но извесната зависност на Стрез кон великиот жупан можела да произлезе поради укажаната помош. Авторот ја допушта можноста деканекои српски великодостојници тесно соработувале со Стрез, од што би произлегувала неговата изразена зависност. *ИСН I* (*Б.Ферјанчиќ*), 298 смета дека Стрез во првите месеци по осамостојувањето морал да ја признава врховната власт на српскиот жупан.

[28] *Радиќ,* Обласни господари, 227.

почетокот на 1209 година, царот Борил решил да превземе воен поход против одметнатиот Стрез.[29] Но походот завршил само со демонстрација на сила, бидејќи дошло до нивно помирување.[30] Стрез се откажал од амбициите за бугарскоиот престол, додека Борил за возврат му го признал достоинството севастократор, и му ги признал областите во кои тој ја имал легитимната власт, односно го признал за независен господар. Р. Радиќ укажува дека на односите помеѓу Стрез и Борил треба да се гледа како на двајца рамноправни партнери, во кои властољубивиот севастократор не бил во подредена улога. Во своите политички потфати, независно кого го имал за свој сојузник, тој секогаш истапувал самостојно како владетел на држава.[31]

---

[29] *H. de Valenciennes,* La concuête de Constantinople et Natalis de Wailly, Paris 1872, 378-418, sc. 622-688 (според: Савчева, Стрез, 78-79), известува дека латинскиот цар Хенрик I откако ги осуетил намерите на ломбардиските барони за сецесија, најнапред ги заштитил владетелските права на младиот солунски крал Димитриј, а потоа во пролетта 1209 година, заминал во Тесалија и средна Грција. Во Тива ја добил вест дека цар Борил се подготвувал да навлезе со голема војска во неговата земја. Хенри од Валенсиен за планираниот поход на Борил пишува: "кога императорот слушна за таа вест, тој искажа голема вознемиреност, но и покрај тоа рече дека ќе отиде против Борил. Тој нареди да дојдат рицарите и помладите старешини и ги собра и се опрости со сите војници." Според *Златарски,* История III, 284-285; *Савчева,* Стрез 79-79 и *Радиќ,* Обласни господари, 227 не станува збор за воен поход против латинскиот цар, туку Борил користејќи ја зафатеноста на Хенрик I, решил да се упати кон Стрез од југоисточната страна, што од извидницата на латинскиот цар било протолкувано како бугарско придвижуваже проти латинскиот цар.

[30] Во услови кога латинскиот цар решил да одговори на походот на Борил против Стрез, единствено бугарскиот цар имал антилатинска политика, додека целото негово пошироко соседство главно од запад и југозапад имало антибугарски став. Српскиот велики жупан стоел на антибугарски позиции и преку својот штитеник Стрез. Стрез како отворен претендент за бугарската царска круна со своето господство во Македонија претставувал сериозна опасност за бугарскиот цар. Алексиј Слав, како зет на латинскиот цар за вонбрачна ќерка(*Радиќ,* Обласни господари, 236-237) исто така имал отворени претензии за бугарската круна. Хенрик I бил заштитник на солунскиот крал Димитрј. Поаѓајќи од ваквите околностите, а особено по пораз од Латините кај Адријанопол 1208 година, царот Борил (*Божилов,* Асеневците, 70-71) бил принуден на Стрез да му подаде рака. За ова спореди уште: *Цанкова-Петкова,* Българо-гръцки и българо-латински отношения,163

[31] Според *Златарски,* История III, 286; *Цанкова-Петкова,* Българско-грцки и българо-латински отношения при Калоян и Борил, ИИИ 21 (1970), 163; *Истата,* България при Асеневци, София 1978, 91, *Божилов,* Асеневци, 99 и *Радиќ,* Обласни господари, 228, бел. 25 при помирувањето со Стрез, бугарскиот цар нему му ја доделил титулата севастократор. Стрез како независен владетел го сметат не само соседните држави, туку и латинскиот цар Хенрик I според писмото од 1212 година упатено до неговиот брат Готфрид. Во него латинскиот цар како свои непријатели покрај никејскиот цар Теодор I Ласкарис, бугарскиот цар Борил, епирскиот деспот Михаил е наведен " и Стрез, роднина на големиот поранешен опустошувач на Грција Јоаникиј" односно Калојан (cf. *Princing, G.,* Der Brif Kaiser Heinrichs von Konstantinopel vom 13 Januar 1212, Byzantion 43 (1973), 411, 9-412, 20; *ИБИЛИБИ* XXIV/IV, 18). Сметаме дека се во право истражувачите кои сметаат дека Страз титулата

Помирувањето со Борил во 1209 година, довело до раскин на односите со Србите. Од друга страна Стрез го зголемил својот углед во околните држави, и во 1210 година ја продолжил својата завојувачка политика кон Солунското кралство. Во таквите намери, за сојузник го придобил епирскиот деспот Михаил I Ангел. Заедничката воена кампања која траела скоро шест месеци, завршила со целосен крах.[32] Михаил I и Стрез му дале заклетва на латинскиот цар, со што Стрез ги заладил односите со носителите на антилатинска коалиција Борил и никејскиот цар Теодор I Ласкарис.[33]

Променливиот став кој произлегувал од личните потреби на Стрез, во зависност од распоредот на политичките сили во неговото соседство, во 1211 година, го довел повторно во сојуз со Борил, а во непријателство со епирскиот деспот, кој и понатаму им останал верен на Латините. Стрез потпомогнат од 52 воени одреди на бугарскиот цар, помеѓу април и јули 1211 година, се обидел со воен поход на латинските поседи околу Солун, да издејствува територијално проширување на југ. Но, здружената крстоносна војска предводена од братот на латинскиот цар Евстатиј - зет на епирскиот владетел, германскиот гроф Бертхолд од Каценеленбоген и на епирскиот деспот Михаил I, навлегла на територијата на Стрѐз, во Пелагонија и потполно го поразила.[34] Истата година, и војската на бугарскиот цар била поразена од Латините, по што Борил склучил мир. Настојувањата на Борил и

севастократор ја добил уште во времето на Калојан (*Мутавчиев,* Владетелите, 48-49 и Савчева, Стрез, 86-93).

[32] *Мутавчиев,* Владетелите, 64, и *Савчева,* Стрез, 82 и *Божилов,* Асеневците, 99 се залагаат за есента 1209 година како почеток на воените дејства на Стрез и Михаил I против Солунското кралство, додека *Nicol,* Despotate, 34; Радић, Обласни господари, 229 и *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 128 се залагаат за првата половина на 1210 година како почеток на воените дејствија. *Златарски,* История III, 290-291 и *Савчева,* Стрез, 82 погрешно сметаат дека нападот на Стрез и епирскиот деспот на Солун имал за цел привлекување на вниманието на Латинскиот цар, за Борил да може побрзо да напредува на исток во Тракија. Р. Радић (Обласни господари, 229) кој укажува на ова погрешно мислење укажува на самостојните воени планови на Стрез за територијално проширување на југ кон Солунското кралство, кои во даденият момент се совпаднале со интересите на поширокатa антилатинска коалиција. На неговиот независен став во донесувањето на политичките одлуки укажува склученият договор за верност кон латинскиот цар, по неуспехот на воените дејствија, што довело до заостручање на односите со бугарскиот цар Борил.

[33] *Princing, Brif,* 411, 18-412, 36; *ИБИЛИБИ XXIV/IV,* 18-19.

[34] *Longon,* Empire, 125-126; *Цанкова-Петкова,* Българо-гръцки и българо-латински отношения, и Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 129 - 131 со постарата литература.

Стрез за заедничко дејствување да се прошират кон југ, на сметка на Солунското кралство, по петгодишно напори завршиле неуспешно. Нивните погледи за територијално проширување сега се свртеле кон Србија. Во антисрпската коалиција од 1214 година покрај бугарскиот цар Борил, латинскиот цар Хенрик I, бил вклучен и кралот на Унгарија Андреј II (1205-1235) чиј син бил оженет со ќерката на бугарскиот цар. При вака замислената антисрпска коалиција сериозно се сметало и на военото дејствување на Стрез од југ против Србија. Војската на латинскиот и бугарскиот цар стигнала до Ниш и не постигнала некои поголеми резултати.[35] Самостојни воени дејствија превзел и епирскиот деспот Михаил I, при што го освоил Скадар,[36] додека военото ангажирање на Стрез против Србите за време на воените дејствија на Коалицијата изгледа изостанало, поради српската дипломатска мисија на Сава.[37]

---

[35] Војската на здружента латинско-бугарска коалиција според планот требало кај Ниш да ја дочека унгарската војска и оттаму да навлезе во внатрешноста на Србија. Српскиот велики жупан се договорил со унгарскиот крал за мирна разврска на разликите, а потоа ја нападнал бугарско-латинската војска. Cf.: *Longon,* Empire, 149-150; *Цанкова-Петкова,* Българо-гръцки и българо-латински отношения, 168-169; *Радић,* Обласни господари, 233-234; *Благојевић,* Немањићи, 63.

[36] *Мутавчиевъ,* Владѣтелитѣ на Просѣкъ, 68-68; *Снѣгаров,* Охридската архиепископия I, 101 бел. 2 и *Савчева,* Стрез, 85 сметаат дека епирскиот деспот Михаил и Стрез дејствувале како сојузници, па токму поради опасноста од југ, српскиот велики жупан бил инспиратор најнапред на убиството на епирскиот деспот, а потоа и на Стрез во 1214 година. Сп.: *Божилов* Асеневците, 72-73; 99; *Радић,* Обласни господари, 233-234. *Ферјанчић,* Србија и византијски свет, 108-110 врз основа на повелбата на епископот на Димитријада Арсениј доделена на манастирот Маркинитиса близу истоименот град, датирана во февруари 1215 година, во која е споменат како владетел Теодор I Ангел, утврдил дека епирскиот владетел Михаил I Ангел е убиен најкасно 1214 година, наспроти залагањата дека убиството се случило во 1215 година, утврдил дека походот на деспотот Михаил I на српскиот Скадар, се случил во 1214 година.

[37] *Стефан Првовенчани,* Сабрани списи (Живот светога Саве), 92 "А ја грешниот... го замолив пречесниот отец својот учители и наставник, јеромонахот Сава, да отиде и да го изобличи на овој злобник сега и злото поранешно, кое не го насади небескиот отец. И овај не беше мрзлив, туку отиде и ја изобличи неговата злоба, и и придодаде слатки и добри и медоточни учења свои за да го придобие за начинот на луѓето кои праведно живеат и добродушните цареви"; *Домеѓијан,* Живот Светога Саве и Живот Светога Симеона, Приредила проф. др *Радмила Маринковић,* Превод *Лазар Мирковић,* Београд 1988, 125 " А овој (Стефан Немањиќ-Првовенчани) ... замолувајќи го богоносниот отец, јеромонахот кир Сава, го испрати кај овој кој бил свиреп со своето безумие, велејќи му да му спомене за се порано речено на светото евангелие за братотворењето и за ветената заклетва пред Бог."; *Теодосије,* Житије светога Саве, 181 "И веднаш со својата богодарувана војска... забрзано се спремаше да излезе против непријателот. А богомудриот Сава тогаш архимандрит...Го запираше самодржецот и сите негови главни војводи, говорејќи им: - Одам право кај

Според зборовите Житието на Свети Сава од Теодосиј "и го најде како собрал големо мноштво разни народи и на татковината негова иде"[38] може да се констатира дека до средбата на Сава и Стрез не дошло во Просек, туку разговорите најверојатно се одвивале некаде во близината на српската границата и владенијата на Стрез. Како најпогодно место за навлегување на Стрез во српските поседи, била Полошката област. Ако се има предвид дека оваа област била во рацете на српскиот велики жупан, а потоа завојувана од Стрез,[39] за што има потврда во кореспонденцијата на хартофилаксот на Охридската архиепископија Димитрија Хоматијан,[40] ("власта на Драговитите ја притисна и областа Полог") поради близината на српската граница со спорните територии кои ги држел Стрез, тогаш би била прифатливо да се претпостави дека собраната војска на Стрез спремна за напад, се наоѓала во Скопско- полошката област. Од такви причини може да се претпостави дека до средбата на Сава со просечкиот господар, дошло во Скопската област каде што Стрез најверојатно имал и своја резиденција. Во прилог на ваквата претпоставка одат "Житието на кнезот Стреган" за кое се смета дека не е постаро од XVIII век, и едно легендарно кажување запишано од Ѓорче

противникот. Ќе му зборувам, па ако ни мене кој учи во бога, не ме послуша како многумина, тогаш и вие превземете што е човечко." *Баришић-Ферјанчић*, Вести Димитрија Хоматијана о "власти Драгувита", 53; *Радић*, Обласни господари, 234.

[38] *Доментијан*, Живот Светога Саве, 181.

[39] *Радић*, Обласни господари, 230-231 смета дека Стрез Полошката област ја освоил кон крајот на своето владеење. Освојувањето на Полошката област од страна на Стрез се вклопува во периодот на заострувањето на односите со Србија и неговото приклучување кон големата антисрпска коалиција.

[40] Станува збор за еден акт на Охридската архиепископија (*Chomatianus*, No. 94 col. 409-412) кој третира имотен спор пред охридскиот црковен суд во времето охридскиот архиепископ Јован Каматир, додека Хоматијан бил хартофилакс, односно пред 1217 година. Герасим, монахот на манастирот Св. Богородица во Тетово застапувајќи го својот дедо (по жена) Дражин спори со попот Добро од селото Ванисте (Баница) во Долни Полог. Дедото (по жена) на Добро, покојниот парох Мосхо, извршувајќи државна служба во истоименото село, на многумина животот им го загорчил, па така и на Дражин дедото на Герасим му зел едно парче земја и на него си посадил лозје. После извесно време Дражин подигнал тужба и било пресудено Мосхо да му отстапи "едно друго парче земја во замена" со иста површина. Но по "три години Мосхо го искористил моментот кој и одговарал на неговиот карактер *моментот кога власта на Драговитите ја притисна и областа Полог*," и тоа парче земја повторно го повратил во своја сопственост. Тој посед, по неговата смрт, преминал во наследство на неговиот зет Добри. Но сега *"кога тука се воспостави повторно претходната состојба"*, монахот Герасим во името на својот зет Дража, повторно покренал

Петров, кон крајот на XIX век. Житието споменува дека Стрез на четири часа од Скопје изградил нова тврдина, таму поставил своја војска, таму се воделе преговорите со св. Сава и дека таму Стрез бил убиен.[41] Легендарниот запис на Ѓорче Петров, споменува "Стрезово Кале" на влезот на р. Вардар во Дервенската Клисура на планината Жеден. Според легендата Калето го изградил "Сртезо војвода," а таму доаѓал и св. Сава. Запишувачот на легендата, на Калето евидентирал ѕидови во урнатини.[42]

Археолошките податоци потврдуваат дека на Стрезово кале, на 3 километри североисточно од с. Јегуновце на влезот на Вардар во Дервенска Клисура, на ридот висок 460 метри, десно од реката во висина од 80 метри на локалитетот "Градиште"[43] егзистирала утврдена населба во раната антика, римскиот, доцноримскиот, рановизантискиот и средновековниот период. Од средновековниот период за одбележување се следните наоди: бронзен дводелен жиг од т.н. "Преславски тип"; гроздолика обетка, прстен и една белегзија, хронолошки определени помеѓу X и XII век како и една византиска монета- бакарен скифат од XIII век. Во близина на утврдената населба постоела поголема неутврдена населба или подградие. Тврдината имала стратегиско значење и го заштитувала патот и влезот во клисурата од Полошката кон Скопската Котлина.[44]

Стрезовата власт во Скопје се сметало дека е потврдена и во документот бр. 23 кој потекнувал од Охридскиот црковен суд, додека на негово чело бил Димитрија Хоматијан, во кој се расправало за бракоразводната постапка помеѓу Јован и неговата жена од околината на

судски спор. Cf.: *Nicol,* Despotate, 44 n. 20; *Баришић-Ферјанчић,* Вести Димитрија Хоматијана о "власти Драгувита," 47-48 и *Радић,* Обласни господари, 231 бел 42.

[41] *Мутавчиевъ,* Владѣтелитѣ на Просѣкъ, 74-77. На житието во науката не му се придава особено значење.

[42] "Материали по изучването на Македония." София, Печатница Вълковъ, 1896 година, 253-254; *Мутавчиевъ,* Владѣтелитѣ на Просѣкъ, 78-79.

[43] На постоењето на тврдината под името "Градиште" укажал уште *Мутавчиевъ,* Владѣтелитѣ на Просѣкъ,79 бел. 2 и карта 1.

[44] *Лилчиќ, В.,* Научно-истражувачки Проект Северо-западна Македонија во доцната антика и средниот век : Полог, Кичевија, Пореч̌е, Македонска цивилизација, јули бр. 2 1997, 58.

Прилеп.[45] Ф. Баришиќ, Б. Ферјанчиќ и Р. Радиќ сметале дека споменатиот угледен сведок Григориј Гавра од селото Водан "ὁ προιστάμενος τοῦ χωρίου Βόδαν" споменат во документот, бил старешина на скопското село Водно на истоимената планина крај Скопје,[46] но според содржината на текстот и споменувањето на Прилеп, во науката е укажано дека станува збор за селото Водно односно Воднјани (Воѓани) Прилепско.[47] Ваквата идентификација на селото Водан со Воднјани (Воѓани) Прилепско, наместо Водно Скопско, не ја доведуваат во прашање припадноста на Скопската и Полошката област под власта на Стрез, власт која Димитрија Хоматијан ја разликува од бугарската и Стрезовата власт ја нерекува "власт на Драговитите" и "тиранија на Драговитите."

3. Скопје помеѓу Србите, Епирците, Бугарите и Никејците

Убиство на Стрез и на епирскиот деспот Михаил I Ангел[48] во 1214 година од страна на Србите, не овозможило некое потрајно српско влијание во Македонија и Епир. Со елиминирањето на деспотот Михаил I и Стрез, Србите на своите јужни граници го добиле енергичнниот владетел на епирскиот деспот Теодор I Ангел, со кого морале долго да тактизираат и да бараат други сојузници за признавање на кралската титула во 1217 и архиепископскиот трон во 1219 година. Во историографијата, вообичаено се смета дека по елиминацијата на Стрез, неговите северни области вклучувајќи го и Скопје, им припаднале на Епирците,[49] додека останатиот поголем дел со седиштето во Просек го запоседнал латинскиот цар Хенрик I,[50] кој некоја

---

[45] *Chomatianus*, No.23 col. 99-100.

[46] *Баришић-Ферјанчић*, Вести Димитрија Хоматијана о "власти Драгувита", 50-51; *Ферјанчић, Б.*, Племство у Епирској држави прве половине XIII века (1204-1261), Глас САНУ 343, Оделење историских наука књ. 5, Београд 1986, 151; *Радић*, Обласни господари, 230-233.

[47] Cf.: Kravari, Villes et Villages, 239 и Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 136-136-137 и бел. 41 со постарата литература.

[48] За убиството на епирскиот деспот Михаил I соопштуваат *Acropolitae*, 25, 3-6 и *Стефан Првовенчани*, Живот светога Симеона, XVIII 93-95.

[49] *Златарски*, История III, 318; *Снъгаровъ*, История I, 99; *Јиречек*, Историја Срба I, 167; *Томоски*, Скопје од XI до XIV век, 60; *Славева*, Дипломатичко-правните споменици, 102; *Савчева*, Стрез, 86; *Радић*, Обласни господари, 234.

[50] *Мутавчиевъ*, Владѣтелитѣ на Просѣкъ, 73 смета дека Просек и другите територии на Стрез ги завледеал латинскиот цар Хенрик I. За сличните гледишта во науката сп.: *Златарски*, История III, 318; *Снъгаровъ*, История I, 99; *Јиречек*, Историја Срба

година порано, со битката кај Пелагонија ги освоил јужните делови на Стрезовото господство. Една помала група на истражувачи заведени од известувањето на Георги Акрополит дека епирскиот деспот, а од 1224 и цар Теодор I Ангел (1215-1230) освоил "не малку земја од Италијците и многу од Бугарите, затоа што тој ги потчинил Тесалија, Охрид и Прилеп и Албанон и самиот Драч"[51] смета дека епирскиот деспот наведените градови ги превзел од Бугарите,[52] што од своја страна како што забележал К. Аџиевски[53] би значело дека овие области по смртта на Стрез им припаднале на Бугарите. Б. Ферјанчиќ, смета дека српскиот велики жупан не успеал да ја искористи смртта на својот поранешен пријател, па констатира дека Стрезовите поседи успеал да ги приграби бугарскиот цар Борил, а од друга страна смета дека е неточно мислењето на Р. Грујиќ дека Стефан Немањиќ тогаш го освоил Скопје.[54]

Н. Радојчиќ смета дека по смртта на Стрез српскиот велики жупан ги проширил границите на југ и таму "српска човечна влада замени нечовечну Стрезову" но не го завзел Просек. Него го освоиле Епирците на Теодор I Комнин, скоро без борба, за да им биде претстража на неговите градови и нивна одбрана, а страв на Солунците, кои тогаш сеуште не му се покорувале.[55] Предлогот на Н. Радојчиќ нема основа, поради подолу наведените состојби во Епир околу престолот, како и поради неможноста на епирскиот владетел да стигне до Просек, а притоа да не помине низ латинските или српските територии во Македонија.

Скопје и дел од Стрезовите поседи во северозападна Македонија, според наше мислење не можеле веднаш по смртта на Стрез да им припаднат на Епирците, од едноставна причина што малку пред смртта на Стрез, бил

I, 167; Савчева, Стрез, 86; Радић, Обласни господари, 234 и Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 132-133.

[51] *Acropolitae,* 25, 9-11.

[52] *Снъгаровъ,* История I, 100-101 иако на страна 99 веќе кажал дека територите на Стрез по неговата смрт ги поделиле Епирците и Латините, истиот став и *Nicol,* Despotate, 49.

[53] *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 132-133.

[54] *ИСН I* (*Б. Ферјанчић*), 299 бел. 8.

[55] *Радојчић,* О неким господарима,38 .

убиен и епирскиот деспот Михаил I. Епирското деспо́тство извесно време било зафатено околу консолидацијата на деспотскиот престол и доаѓањето на Теодор I Ангел, од Никеја во Арта. Епирците во експанзијата околу Македонија ќе се вклучат малку подоцна војувајќи против Латините. Уште П. Мутавчиев, во својата студија за владетелите на Просек, по ова прашање се изјаснил дека е исклучена можноста Просек да бил завладеан од Епирците веднаш по смртта на Стрез. Во тој случај освојувањето на дел од Стрезовите територии би биле дело не на Теодор I туку на неговиот претходник Михаил I.[56] Б. Панов, пак смета дека по убиството на Стрез и ликвидирањето на неговото кнежевство, Теодор I Комнин продрел во Македонија и во рамките на својата држава ги приклучил Просек, Прилеп и Охрид.[57]

Според реалната политичка ситуација, кон крајот на 1214 и 1215 година, Латините биле најмоќна сила на Балканот. Србите и покрај изразеното непријателство кон нив, со воено дипломатски методи доста добро се држеле. Со оглед на нивниот политички интерес од кон Македонија, како и успешното ликвидирање на нејзините противници Стрез и Михаил I, би можело да се констатира дека по смртта на Стрез, тие се договориле со Латините и си ги поделиле територите на Стрез. Србите ги зеле територииите на север од Просек со Скопје и Полозите, додека Латините го добиле Просек и малкуте Стрезови територии кои паднале под нивна власт по битката во Пелагонија во 1211 година.[58] Во прилог на ставот дека Северна Македонија сметајќи го Скопје и двата Полога, по смртта на Стрез му припаднале на Србите, одат веќе изнесените во науката такви мислења,[59] некои аргументи,

---

[56] *Мутавчиевъ,* Владѣтелитѣ на Просѣкъ, 72-73.

[57] *Панов,* Охрид и охридско I, 227.

[58] За припадноста на земјите на Стрез со Просек и јужно од него на Латините, потврдува договорот склучен помеѓу регентството на латинскиот цар Балдуин II (1228-1261) и поранешниот ерусалимски крал Јован Бриен (1231-1237) на 9 април 1229 година *(Cessi, R.,* Deliberazione del Maggior Consignio di Venezia, I, Bologna 1950, No.141 p.210-211; *ИБИЛИБИ XXIV/IV,* 35-37). Според договорот, последниот се обврзал дека, меѓу земјите кои порано му припаѓале на Латинското царство ќе ги освои "et totam terram de Sclave, et illam, que fuit de Straces." Сп.: *Данчева, А.,* Договорът между България и Латинската империя от 1228 година, Векове VI/4, 1975, 52-56; *Савчева* Стрез, 86; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 129-133.

[59] *Радојчиќ,* О неким госпорима, 38 смета дека по смртта на Стрез српскиот велики жупан ги проширил границите на југ и таму "српска човечна влада замени нечовечну

па дури и изворни податоци. Во услови кога српскиот велики жупан во 1214 за нецела една година успеал да ги придобие Унгарците на своја страна, непосредно пред судирот со војските на Коалицијата кај Ниш; победата над силите на Коалицијата и брзото повлекување на Латинскиот цар; успехот со физичкото ликвидирање на Михаил I Ангел и Стрез преку нивни незадоволници и српски приврзеници; а доколку се знаат и српските претензии за проширување кон Северна Македонија кон крајот на XII век, припадноста на Полог а најверојатно краткотрајно и Скопје кон Србија во тој период, кога е јасно дека по убиството на епирскиот деспот српскиот велики жупан успеал да го поврати Скадар во свои раце,[60] несфатливо би било Србија во моментот кога успешно се соочила со своите непријатели, да не ја искористи поволната состојба за територијално проширување на југ. Во прилог на таквото мислење одат и неколку изворни податоци. Така во Житието на свети Сава од Теодосиј се вели дека по убиството на Стрез "војниците кои од него биле собрани гледајќи ја неговата брза смрт со молитви кон светиот обземени со голем страв, а воедно плашејќи се од напад на Стефан брзо се вратија во своите куќи" додека некои од велможите на Стрез "сакајќи да служат во Стефановата војска го стигнаа светиот...и така благодарејќи му на бога се вратија кај Стефан и мир и љубов исповедувајќи му." На приемот кај Стефан Првовенчани пред насобраните српски војводи Сава ќе рече: "Еве Господ со молитвите на пречистата Мајка ... и на светиот и преподобниот наш отец Симеон ни помогна нам, и без коњска сила и човечка сила, и без никакво оружје...го уби нашиот противник" и "сите благодарејќи му на Бог што им помогнал се клањаа и заради победата без војна..."[61] Очигледно е дека Србите постигнале победа без воено ангажирање и правилно ги искористиле плодовите на победата. Од Повелбата на српскиот крал Милутин издадена на манастирот Св. Георги Горгос Скопски,

---

Стрезову" но не го завзела Просек; *Грујић,* Властелинство 49; *Аџиевски,* Потчинувањето на Македонија од страна на Теодор I Ангел и формирањето на Солунското царство, Историја, XVIII/1-2 (Скопје 1982), 125.

[60] *ИСН I,* (*Б. Ферјанчиќ*) 305.

[61] *Теодосије,* Житије светога Саве, 184-186.

исто така дознаваме за владеењето на Стефан Првовенчани со Скопје. Во повелбата на споменатиот српски крал се вели дека меѓу повелбите и хрисовулите доделени на овој манастир, со кои му се дарувале и потврдувале имоти и привилегии е и повелбата "Стѣфана Прьвовѣнчанаго Краля"[62]

Српското владеење во Северна Македонија и во Скопје, било од краток век. Кон средината на 1216 година епирскиот деспот Теодор I Ангел го зацврстил тронот и позициите со своите соседи,[63] а по смртта на латинскиот цар Хенрик I, на 11 јуни 1216 година, Епир доживеал силна експанзија. Користејќи го неискуството на младиот солунски крал Димитриј, деспотот Теодор I Ангел ги продолжил освојувањата во Тесалија на сметка на Латините. Во текот на истата година, според Г. Акрополит, тој од Латините, во Македонија успеал да ги одземе Охрид и Прилеп, неговата власт ја признале Дебар, Девол, Преспа а можеби и областите помеѓу Охрид и Пелагонија.[64] Победата над војската на несудениот латински цар Петар Куртене во клисурите на Албанија и неговото убиство, кон средината на 1217 година,[65] му го отворило патот на деспотот за ликвидирање на латинската власт во Македонија. Следејќи го брзиот политички успон на епирскиот деспот, како и опасноста за својата земја, српскиот велики жупан настојувал да стапи во роднински врски со Теодор I Ангел. Во 1216 година се обидел да го ожени својот син Радослав за Теодора, вонбрачна ќерката на основачот на епирската држава. Откако во тоа не успеал, во 1217 година самиот Стефан

---

[62] *Илиевска-Мошин -Славева,* Грамоти, 210-211 бел. 12; *Грујић,* Властелинство 49; *Мошин,* Грамотите, 119.

[63] Односите на Епир со Србија во овој период биле стабилни. Сестрата на српскиот велики жупан сеуште била во брак со Манојло Ангел братот на Теодор I Ангел, што епирскиот деспот го сметал како добра гаранција за мирните односи со Србите, додека враќањето на Скадар на Србите, по убиството на неговиот брат Михаил I го толкувал како српско право над тој град и желба за нормализирање на односите. Sq.: *Nicol,* Despotat, 49; *ИСН I, (Б.Ферјанчић)* 305.

[64] *Acropolitae,* 25, 11-12.Cf.: *Златарски,* История III, 320-321; *Nicol,* Despotate, 49-50; *Ферјанчић,* Србија и византијски свет, 114; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 133-134.

[65] *Acropolitae,* 25, 12-26,9; *Longon,* Empire , 153-155; *Nicol,* Despotate, 50-51.

Немањиќ се обидел да се ожени со Марија, вонбрачната ќерка на покојниот Михаил I. Но и вториот обид бил неуспешен.[66]

По ваквиот развој на настаните, српскиот велики жупан ги обновил преговорите со Ватикан, за добивање на кралска круна. По смртта на папата Инокентиј III во 1217 година, новиот папа Хонориј III, имал разбирање за српското барање. Во 1217 година српските пратеници од Рим се вратиле со кралски венец.[67] Крунисувањето на Стефан Првовенчани за крал и неговата прозападна политичка ориентација, предизвикало противење на Унгарија и Епирската држава. Унгарскиот крал Андреј II го прекинал крстоносниот поход и кон крајот на 1218 година се вратил во земјата, со намера да организира поход против Србите. Дипломатската мисија на архимандритот Сава го одвратила од намерата.[68] Искористувајќи ја зафатеноста на српскиот двор со Унгарците, деспотот Теодор I во 1218 или почетокот на 1219 година, превзел воен поход против Латините во централна и Србите во северна Македонија. Притоа од Србите ги освоил Скопје и Полог а од Латините Просек.[69] Од друга страна за освојувањето на Скопје од Епирците, како terminus ante quem се зема пролетта 1220 година. Во прилог на таквата хронологија се наведуваат две писма од збирката на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан, едното од април 1220 година, упатено од Теодор I Ангел до Скопскиот епископ, а другото од мај истата година, упатено до српскиот епископ Св. Сава, а предадено од Скопскиот епископ Јован, при што како директен повод за епирската воена акција се зема заоструваньето на односите по повод прогласувањето на Св. Сава за архиепископ во Никеја.[70] Но ако се има во предвид дека реакцијата на Охридскиот архиепископ

---

[66] *Chomatianus,* No. 10, col. 49-52. Cf.: *Ласкарис,* Византиске принцезе, 38-41; Nicol, Despotate, 49; *ИСН I,* (*Б. Ферјанчиќ*) 305-306; *Ферјанчиќ,* Србија и византијски свет, 114-117.

[67] *ИСН I,* 299-302 со обемната постара литература по ова прашање..

[68] ИСН I, 301-302 со податоци за изворите и литературата .

[69] Просек бил освоен во 1219 година. Cf.: *Nicol,* Despotate, 58; *Аџиевски,* Потчинувањето на Македонија од Теодор I Ангел, 125; *Истиот,* Пелагонија во средниот век, 135.

[70] *Chomatianus,* No. 59, 262-268 и No. 86, 381-390. Cf.: Ласкарис, Византиске принцезе, 40; *Nicol,* Despotate, 59 sq.,; *Аџиевски,* Потчинувањето на Македонија од Теодор I Ангел, 125; *Истиот,* Пелагонија во средниот век, 135.

против осамостојувањето на српската црква во писмото од мај 1220 година, завршила само со вербален протест, без воена интервенција на епирскиот деспот како и поради фактот дека Свети Сава за Никеја заминал по 1218 или на почетокот на 1219 година, кога преговорите за женидба на српскиот престолонаследник Радослав со Ана Комнина ќерка на Теодор I Комнин Дука Ангел, веќе биле позитивно завршени,[71] а српско-епирските односи добри, тогаш 1219 како година кога најверојатно било освоено Скопје отпаѓа, па затоа годината на неговото паѓањето и северна Македонија под епирска власт, би требало да се бара една година порано.[72]

Иако нема конкретни изворни податоци, сметаме дека е логично прогласувањето на српскиот велики жупан за крал во 1217 година да предизвикало остро противење и од епирскиот двор во Арта. Поради тоа Теодор I Ангел веќе во 1218 година превзел воен поход на исток при што од Латините го освоил Просек, оставајќи им ги само деловите на југоисточна Македонија. Потоа походот го продолжил на север кога било освоено Скопје и Полозите. Србите не биле во можност да одговорат на воената акција поради опасноста од очекуваниот напад од Унгарците, а српската дипломатија исто така не можела да превземе ништо, бидејќи Св. Сава се наоѓал во Унгарија. По успешниот исход на преговорите со унгарскиот крал и прекинувањето на воените операции на Епирците, Св. Сава се упатил кон српско епирската граница која сега се наоѓала северно од Скопје и Дебар, барајќи ја раката на ќерката на Теодор I Ангел, за престолонаследникот Радослав. Преговорите најнапред биле водени можеби во Скопје, а потоа продолжиле на епирскиот двор. По успешното окончување на преговорите и веридбата на Ана за Радослав, Св. Сава се упатил во Никеја за да побара црковна независност. Од писмото на Навпактскиот митрополит Јован

---

[71] *Кисас, С.К.,* О времену склапања брака Стефана Радослава са Аном Комнином, ЗРВИ XIVIII, 1978, 131-139; *ИСН I,* (*Б,Ферјанчиќ*) 307; *Ферјанчиќ,* Србија и византијски свет, 118-123.

[72] *Prinzing,* Bedeutung, 115-116 n. 78. *Аџиевски,* Потчинувањето на Македонија од Теодор I Ангел, 125; *Истиот,* Пелагонија во средниот век, 135 и покрај тоа што истакнува дека пролетта 1220 година е краен датум кога Скопје и Полозите паднале под власта на епирскиот деспот, сепак ја прифаќа 1219 како можна година на падот под Епирците.

Апокавк, упатено до Евтимиј Торник, според С. Кисас датирано во крајот на 1218 година, дознаваме дека мирополитот бил повикан од Теодор I Ангел во Прилеп или Скопје, па дури ако треба и во Србија за да го благослови венчавањето на неговата ќерка со српскиот принц Радослав. Во писмото се вели "... би имал уште многу молитви, но коњот веќе ја носи на плеќите покривката, затоа што сум повикан подобро речено одведен со сила, во Прилеп и во Скопје и далеку од онаа страна (εἰς Πρίλαπον καὶ εἰς Σκόπια καὶ εἰς ἐκτοπισμὸν τὸν ἐπέκεινα) затоа што ќе се кити невестата на моќниот Комнен."[73] Споменувањео на Скопје во границите на Епирската држава како можно место за китење на невестата, укажува дека градот во 1218 година веќе бил освоен од Епирците, додека податокот "и далеку од онаа страна" укажува на Србија, и тоа дека кај Скопје, односно на Скопска Црна Гора се наоѓала епирско-српската граница. Според горниов податок, до заладувањето на српско-епирските односи, односно освојување на Скопје од страна на Епирците би можело да дојде по крунисувањето на Стефан Првовенчани за крал во 1217 година, односно во првата половина на 1218 година, додека подобрувањето на односите настапило во текот на истата година поради опасноста од унгарски напад. Во таа смисла, по превземените воени операции на Епирците, во првата половина на 1218 година, Србите упатиле свои пратеници кај епирскиот деспот Теодор I, додека тој сеуште се наоѓал на епирско-српската граница, или пак во Арта, за да ја побараат раката на неговата ќерка за принцот Радослав. Бидејќи преговорите потраеле извесно време меѓу другото и поради малолетноста на ќерката на деспотот, од писмото на Јован Апокавк, упатено до Евтимиј Торник, произлегува дека Скопје во 1218 година, веќе било во рацете на Епирците, додека венчавањето на Стефан Радослав со Ана Комнина според истиот автор, било реализирано кон крајот на 1219 или најкасно до 9 февруари 1220

[73] Aus dem Nachlass von *N.A.Bees*, Unedierte Schriftstücke aus der Kancelei des Johannes Apokaukos des Mitropoliten von Naupaktos (in Aetolien) BNJ XXI, 1971-1976, Athen 1976, No. 54, 8303, 111, 29-3; според: Кисас, О времену склапања брака, 132, бел. 7.

година, кога Ана веќе станала полнолетна.[74] Епирската власт во Скопје, почнувајќи од првата половина на 1218 година, траела се до почетокот на 1230 година, до битката кај Клокотница, кога епирскиот владетел бил поразен од Бугарите и заробен, а Скопје и Скопската област потпаднале под бугарска власт.

Епирската власт во Скопје потврдена е во неколку писма од преписката на Охридската архиепископија, односно на нејзиниот архиепископ Димитриј Хоматијан. Писмото под бр. 59 од месец април 1220 година, "пишувано од божествената Комнинска рака на Теодор Дука" е упатено до "пресветиот Скопски епископ" за да го разгледа и реши праведно спорот помеѓу "нашиот човек Литовој" односно на Епирското деспотство "и бабата на Хриз." По разгледувањето на спорот епирскиот деспот барал да биде писмено известен за да се исполни барањето на деспотот.[75] Пред црковниот суд се јавиле двете страни. Литовој подигнал барање против миразот и имотот на сестра си Елена, која умрела без да остави потомок во времето кога тој и брат му Мила биле малолетни а нејзиниот имот кој правно им припаѓал ним, бил ограбен и присвоен од тогашните управници на Скопската тема.

Синот на управникот Јован Тихомир, монахот Теодорит се спротивставил на барањето на Литовој поради тоа што имотите веќе минале во наследство на синовите па дури и внуците на истиот, па според тоа бил изминат рокот за нивно повраќање. Литовој заради остварување на своето право над миразот и имотот на својата сестра, пред судот доставил повеќе официјални документи: 1. Брачен договор на своите родители; 2. Доказ за движен и недвижен имот даден на неговата сестра за мираз. Од издавањето на првиот документ поминале 53 години, (односно неговите родители биле венчани во 1167 година) а од вториот 52 години (или доказот за мираз на сестра му бил издаден во 1168 година); 3. Записка од покојниот Скопски дукс севастот Константин Аспиет Комнин - од таа записка до времето на покренувањето на спорот поминале 27 години (што значи во 1193 година тој

[74] *Кисас*, О времену склапања брака, 133; ИСН I, 307.
[75] *Chomatianus*, No. 59, col. 261.

бил жив и ја извршувал должноста дукс на Скопската тема) и 4. Уште едно решение на граѓанските судии по истото прашање, издадено по негова молба, а во време на владеењето на византискиот цар Алексиј III Ангел Комнин (решението било издадено пред 17 јули 1203 година). Разгледуваните документи докажале дека Литовој не го пропуштил рокот од 30 години, што се давал од законот на сираките по нивното полнолетство од 25 годишна возраст, за да си го бараат своето право. Освен тоа судот констатирал дека поради хаотичните политичките состојби кои траеле долго време, Литовој немал можност да покрене барање, "бидејќи владетелите биле варвари, кои не знаеле за ромејските закони и нивната догма била делата кои биле заведени во ромејско време да не се дозволува да поминат, а владенијата да останат неизменети, така како што биле затекнати. Бугарската варварска власт, откога ја заменила власта на Ромеите, ги принудила заинтересираните лица против нивната волја да молчат." Од тие причини судот пресудил во полза на Литовој. Пропуштениот рок за подигнување на барање за враќање на имотот се сметал за неважечки, од причини што бугарската варварска власт му попречила на тужителот да го покрене навреме своето барање.[76] Вториот акт од преписката на Охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан е упатено до новопрогласениот, со благослов на никејскиот патријарх, српски архиепископ Свети Сава и истото потекнува од мај 1220 година. Во ова писмо Охридскиот архиепископ упатува остар протест до Сава поради неговото неканонското прогласување за српски архиепископ како и други забелешки. Како предавач на писмото од Охридскиот архиепископ бил одреден епископот на Скопје Јован.[77]

Третото писмо од богатата преписка на Димитрија Хоматијан под бр. 76 упатено до Скопскиот епископ Јован, во кое се споменува една истакната

---

[76] *Ibidem.*, No. 59, col. 261-263; *Ников,* Материали, 6-7, 11-15; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 68-69.

[77] *Ibid.*, No. 86, 381-390; *Острогорски, Г.,* Писмо Димитрија Хоматијана св. Сави и одломак Хоматијановог писма патријарху Герману о Савином посвећењу, Светосавски зборник 2, Београд 1938, 91-113 (*Исти*, Сабрана дела, књ. 4 Византија и Словени, Београд 1969, 170-189).

личност во Скопје во времето на епирската власт, односно паневсевастот и севастот Прибо и жителите на с. Еахово (Εαχόβου) односно Нахово Скопско[78] Но во документот не станува збор за судски спор помеѓу жителите на споменатото село и севастот Прибо, како што се верувало досега,[79] туку како што забележал Б.Ферјанчиќ, во прашање е спор на селаните и севастократорот чие име не е споменато,[80] во кој што севастот Прибо со својата интервенција на судот се обидел да го ослободи обвинетиот Драгомир.[81] Според документот, во Охрид пред црковниот суд дошол свештеникот Драгомир "ἀπὸ τοῦ Σκοπιωτικοῦ χορίου" Еахово и изјавил дека пред повеќе од пет месеци се случило убиство во судир помеѓу слугите на сесреќниот севастократор и некои жители на погореспоменатото село. Притоа свештеникот Драгомир бил обвинет дека учествувал во ова убиство, но тој сметал дека е невин, па затоа доаѓајќи во Охрид, тој донесол писмо од паневсевастот и севастот господин Прибо (τοῦ πανευσεβεστάτου σεβαστοῦ κύροῦ Πρίμπου) во кое подетално се опишувал настанот кој се случил во селото Ехлово. Според првата судска пресуда свештеникот Драгомир бил казнет со одземање на целиот негов имот, забрана за обавување на свештеничката должност, а бил одлачен и од црквата - казна која во тој период се сметала за особено тешка. Пансевастот и севастот на Скопје

---

[78] *Chomatianus,* No. 76 col. 325-328. *Никовъ,* Материали, 7 мисли дека станува збор за селото Рѣхово Скопско; според *Грујић, Р.М.,* Протосеваст Прибо, властелин у Скопској области прве половине XIII в., ГСНД XII, Скопље 1933, 1 тоа е селото Елово на северните падини на планината Карадица а така го локализираат и *Славева,* Грамота на крал Милутин за св. Петка, 253-254 и *Ферјанчић, Б.,* Севаст и протосеваст Прибо, Зборник филозофског факултета XV-1, Београд 1985, 91-92. Од друга страна, *Prinzing, G.,* Studien zur Provinz-und Machtbereich der epirotischen Herrscher Michael I. und Theodoros Dukas, Ἠπειρωτικὰ χρονικὰ 25 (1983), 73, бел. 161 укажал дека името на селото треба да гласи Неахово (Νεαχόβον) затоа што во повелбата на Константин Тих од 1258 година се споменува село Наово. На овој податок укажал и *Ферјанчић,* Севаст и протосеваст Прибо, 91-92 бел. 3; а го прифатила и *Kravari,* Villes et villages, 141. Во повелбата на Константин Тих се споменува село под тоа име. Сп.: *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 182, 193 бел. 70 издавачите сметаат дека станува звор за селото Нахово Скопско на реката Вардар 10 километри северно од с. Таор.

[79] *Никовъ,* Материали, 7; *Грујић,* Протосеваст Прибо, 1-3; *Славева,* Грамона крал Милутин за св. Петка, 253-254

[80] Уште Д. Ангелов, (Принос, 23) забележал дека се работело за судит помеѓу слугите на севастократорот и жителите на селото Еахово, но притоа не образложил дека не е во прашање судир на слугите на севастот и селаните на споменатото село.

[81] *Ферјанчић,* Севаст и протосеваст Прибо, 91-93.

Прибо се обидел со интервенција кај локалниот епископ да го ослободи свештеникот Драгомир од изречената казна, а кога во тоа не успеал, самиот Драгомир се упатил во Охрид за да ја разјасни целата состојба пред архиепископскиот синод.[82] Неговото одење во Охрид вродило плод, бидејќи архиепископот Димитриј Хоматијан му наложил на Скопскиот епископ повторно да го испита целиот случај и свештеникот Драгомир да го ослободи од изречената казна, или со други зборови да го ослободи како невин, се додека Синодот не го испита целиот случај и не донесе дефинитивна пресуда.[83] Споменувањето на анонимниот севастократор чии слуги дошле во судир со жителите од селото Еахлово според Б. Ферјанчиќ е драгоцен податок за одредување на хронологијата на споменатото писмо. Бидејќи Теодор I Ангел во текот на зимата 1224/5 година во Арта се прогласил за цар, а во пролетта 1225 бил и крунисан со царски венец во Солун,[84] па дури по тој чин почнал да доделува високи дворски титули како што нагласува Г. Акрополит,[85] тогаш споменатиот севастократор во писмото под бр. 76 кој бил замешан во крвавите настани во Еахово можел тоа достоинство да го добие најрано во пролетта 1225 и најкасно во 1230 година пред битката кај Колокотница кога Скопје паднало повторно под власта на Бугарите.[86] Според гореизложеното: писмото е датирано во периодот на епирската власт

---

[82] Во изворите не е прецизирано каква должност обавувал пансевастот и севастот Прибо, но поради неговото залагање за ослободување на обвинетиот Драгомир, заедно со епископот на Скопје, веруваме дека тој ја обавувал должноста управник на градот Скопје.

[83] *Chomatianus,* No. 76 col. 325-328; *Ферјанчиќ,* Севаст и протосеваст Прибо, 91-93.

[84] *Nicol,* Despotate,103; *Karpozilos,* A., The date of coronotion of Theodoros Dukas Angelos, Βυζαντινά 6 (1974), 252-261; *Ферјанчиќ,* Севаст и протосеваст Прибо, 94-95.

[85] *Acropolitae,* 34, 5-8.

[86] *Nicol,* Despotate, 110 sq.; *Ферјанчиќ,* Севаст и протосеваст Прибо, 95. *Грујиќ,* Протосеваст Прибо, 1-3 писмото го датира во широкиот период на владеењето на Теодор I во Скопската област помеѓу 1215-1230 година; *Петров, П.,* Протосеваст Прибо, български феодален фладетел в Македония през първата половина на XIII в., Иследвания в чест на М.С.Дринов, София 1960, 525-528 почетните години на управата на Прибо во Скопската област ги става во 1231/2 година, па според тоа и годината на писмото ја датира во истата година, поаѓајќи од претпоставката дека Охридската архиепископија и под власта на Бугарите ја задржала јурисдикцијата на Скопската област. Како и *Грујиќ,* Протосеваст Прибо, 1-3 и *Славева,* Грамота на крал Милутин за св. Петка, 253-254 не го датира писмото, но смета дека севастот Прибо бил претставник на локалното племство. Таа смета дека селаните на Еахово дошле во судир со неговите слуги. Притоа Прибо се претставува како истакнат претставник на домашното македонско племство во Скопската област, кој од Епирците особено бил фаворизиран.

помеѓу пролетта 1225 и 9 март 1230 година, не станува збор за судир на севастот Прибо со жителите од Еахово, туку е во прашање крвав судир на слугите на неименуван севастократор, кој по непознат повод престојувал во селото, при што севастот Прибо, посредувал кај Дѝмитрија Хоматијан и Скопскиот епископ, обвинетиот и осуден свештеник од Еахово да биде ослободен, а целиот случај повторно да се испита. Причините за присуството на неименуваниот севастократорот во Скопско односно во селото Еахово, како и за судирот не се разјаснети, поради недостаток на податоци. И покрај тоа Д. Ангелов претпоставува дека до судир дошло поради провокативното однесување на свитата на неименуваниот севастократор, која минувајќи низ селото, настојувала да добие преноќиште и храна, при што гостопримството го искористиле и побарале и други угодности кои селаните не можеле да ги им ги задоволат. Со ваквата претпоставка се согласува и Б. Ферјанчиќ.[87] Ваквото толкување на причините за судирот се интересни, но впечатливо е неспоменувањето на името на севастократорот. Поминувањето на севастократорот, во Скопската област изгледа од воен карактер бидејќи во текот на 1229 година солунскиот цар Теодор I го раскинал сојузот и вршел воени подготовки против Бугарите. Сметаме дека неспоменувањето на името на севастократорот, како висока дворска личност и управник на Скопје, како од страна на епирскиот цар така и од севастот Прибо е направено со цел тој да не биде компромитиран. Во прилог на тоа оди залагањето на севастот Прибо за ослободување од вината на свештеникот Драгомир така и согласноста и наредбата на царот Теодор до Скопскиот епископ, случајот повторно да се испита, а до докажувањето на евентуалната вина, свештеникот да биде ослободен од казната. Споменувањето на севастот Прибо укажува на моќен и влијателен властелин во Скопската област во периодот на епирската власт, кој и по паѓањето на градот и областа под власта на Бугарите во 1230 година, го задржал својот статус па дури и напредувал.

---

[87] *Ангелов,* Принос, 23; *Ферјанчиќ,* Севаст и протосеваст Прибо, 92.

Владеењето на Епирците во Скопје и Скопската област потврдено е и со материјални и нумизматички наоди. На локалитетот "Маркови Кули"-Водно има фрагменти на словенски грепни и друга керамика кои се датираат во раниот XIII век, а пронајдени се и монети на никејскиот цар Теодор I Ласкарис (1204-1222) кои важеле и во Епирската деспотовина, односно Солунското царство.[88] При археолошките ископувања на Скопското "Кале" во 1967 година, исто така била пронајдена една монета на никејскиот цар Теодор I Ласкарис. Монетите се емитувани помеѓу 1208 и 1222 година.[89]

Со освојувањето на Солун и крунисувањето за цар во 1225 година, Теодор I Ангел го продолжил своето напредување на исток. Во тој период и бугарскиот цар Иван Асен II (1218-1241), со кого од 1224 година бил во сојузнички односи, имал слични планови, па затоа дошло до раскинување на сојузот. Војската на амбициозниот Теодор I Ангел се упатила кон Бугарија. На 9 март 1230 година, во битката кај Клокотница била поразена, а самиот солунски цар со своето семејство и блиски военачалници бил заробен.[90]

По победата кај Клокотница, епирските територии во Тракија, Македонија и Албанија без отпор ја признале власта на бугарскиот цар Иван II Асен. Г. Акрополит вели: "сите му се потчинувале без крвопролевање и под негова власт паднал Адријанопол, малку потоа Димотика, после целиот Волерон, Серес, Пелагонија и Прилеп и земјите околу нив. Тој ја опустошил Велика Влахија, го завладеал и Албанон и пљачкосувал дури до Илирик."[91] Ако се има во предвид дека Бугарите ги

---

[88] *Микулчиќ - Билбија*, Маркови Кули, Водо, Скопје 1979 и 1980, МАА 7-8, 208; Микулчиќ, Скопје со околните тврдини, 131; *Микулчиќ*, Средновековни градови, 287.

[89] Монетата се наоѓа во Музејот на град Скопје и е заведена под инв. бр. 185 (в. бр. 4144).

[90] *Златарски*, История III, 329-339; *Nicol*, Despotate,103-111; *Острогорски*, Историја, 408-409.

[91] *Acropolites*, 42, 23- 43, 3. Датумот на битката го донесува натписот од црквата Св. Четириесет маченици во Трново. Во него меѓу другото се вели: "и разбихъ гръцката войска, а самия царъ Киръ (господинъ) Теодора Комнинъ взехъ въ пленъ съ всичкитѣ му боляри. И цѣлата му земя отъ Одринъ и до Драчъ превзехъ, гръцка още и арбанашка и сръбска..."(*Златарски*, История III, 341). Житието на св. Петка напишано од трновскиот патријарх Евтимиј (Иванов, Български старини, 432) кажува дека по битката на бугарскиот цар му припаднале Солун, Тесалија, Трибалија, Далмација и Албанската област се до Драч. Cf.: *Златарски*, История III, 340; *Nicol*, Despotate, 113.

завладеале областите на север од погореспоменатите градови, се до Јадранско море, произлегува дека градот Скопје и неговата област, во истиот период ја признале бугарската власт. Од наведениот редослед на градовите и областите кои ги освоил бугарскиот цар може да се одреди и неговиот итинерар. По се изгледа најнапред го освоил Адријанопол се повратил кон Цариград и ја освоил Димотика. Движејќи се по Via Egnatia на запад, тој ги освоил Волерон, Серес, Пелагонија и Прилеп. На север не продолжил, бидејќи Скопје и другите градови најверојатно испратиле пораки дека ја признаваат неговата власт, па продолжил малку на југ кон Влахија, и на северозапад кон Албанон, при што ја опустошил северна Албанија. Оттаму преку Полог и Скопје се вратил во својата земја.

Скопската област во составот на бугарската држава по битката кај Клокотница е спомената сосема прецизно во Дубровничката грамота на Асен II издадена во 1230 година. Дубровчаните веднаш по промената на власта во Македонија, побарале и добиле грамота од бугарскиот цар за слободно тргување во Бугарската држава. Покрај останатите области на Бугарското царство, во кои Дубровчаните можеле да тргуваат односно продаваат и купуваат, спомената е и "Скѡ пскжж хѡржж."[92] Великодостојникот Прибо кој во времето на епирската власт уживал особен углед во времето на Епирците, по воспоставувањето на бугарската власт во Скопската област, пролетта 1230 година, продолжил и понатаму да игра активна улога. Веројатно поради заслугите за брзото воспоставување на бугарската власт во Скопската област, тој од новите власти го добил достоинството протосеваст. Кон крајот на владеењето царот Иван II Асен, протосевастот Прибо кој бил веќе во поодминати години, согласно црковните канони и религиозните сваќања се погрижил и за својата душа, и ја изградил келијата посветена на Св. Петка.

Според известувањето на Грамотата на српскиот крал Милутин за келијата св. Петка во с. Тморане од околу 1300 година "оу Скопьскои странѣ вь

[92] *Иванов,* Български старини, 577-578.

мѣстѣ рекомѣ Т'моране келию свете Петке, кою ѥ быль съѕдаль нѣкто протосѣваств ѕагорскыи Прибо вь дьни Асѣна цара."[93] Бугарскиот владетел Асен II за време на своето владеење со Скопската област, на манастирот св. Георги Горгос му доделил имоти и привилегии, а му ги потврдил и старите. Со тоа тој се наредил во списокот на дарителите на овој богат манастир. Овој податок е забележан само во повелбата на српскиот крал Милутин од 1300 година.[94] Според грамотата на бугарскиот цар Константин Асен-Тих и грамотата на српскиот крал Милутин за манастирот Св. Георги Горгос Скопски, од 1258 и 1300 година, се знае дека бугарскиот цар Калиман Асен (1241-1246) за време на своето владеење со Скопје и Скопската област на манастирот му доделил имоти и привилегии, а му ги потврдил и старите.[95] Неговото наведување во списокот на владетелите кои му доделиле или потврдиле имоти и привилегии на манастирот, претпоставува дека во периодот на своето владеење тој го посетил или пак манастирот изгубил некои имоти и привилегии, па од него побарал нивно повторно потврдување. Бугарската власт во Скопје и Скопската област траела се до летото 1346 година.

Почнувајќи од 1242 година никејскиот цар Јован III Дука Ватац (1222-1254) ги започнал освојувачките походи кон Македонија. Интензитетот на освојувањата се засилил по 1246 година. Користејќи го вазалниот однос на Трапезунтското царство и Иконијскиот султанат кон Монголите, под каков статус се наоѓало и Бугарското царство во времето на цар Калиман, како и неговата смрт, никејскиот цар во летото 1246 година започнал поход против Бугарите и Епирците. Користејќи ја немоќта на бугарски цар Михаил (1246-1256) Јован III Ватац од Бугарите ги одзел сите територии кои во 1230 година тие му ги одзеле на епирскиот цар Теодор I Ангел. Со тоа никејската власт се

---

[93] *Славева,* Грамота на крал Милутин за келијата св. Петка, 252-253, 255, истакнува дека фактот што Прибо и по повлекувањето на Епирците останал во Скопската област покажува дека тој е претставник на старото македонско племство, за разлика од *Грујиќ,* Протосеваст Прибо, 1, кој смета дека Прибо бил претставник на византиското односно, грчкото племство, додека *Петров,* Протосеваст Прибо, 526-527 мисли дека протосевастот загорски Прибо бил бугарски болјарин, што Л. Славева сосема убрдливо го побива.

[94] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 210 бел. 9; *Мошин,* Грамотите, 120.

[95] *Илиевска, Мошин,* Славева, Грамоти, 185, бел. 18; 211, бел. 11.

зацврстила и во Скопје. Походот против Епирците бил окончан кон крајот на 1249 година, со целосно освојување на нивните територии во Македонија.[96] Според Г. Акрополит на никејскиот цар во Македонија, "од земјите на север... му се потчинија Стубион (Стоб на Рила), Хотово (Мелник), силни утврдувања, и областа Велбужд и Скопје, и Велес, дури до Прилеп и пелагониските селишта Невстапол (Овче Поле) и Просек." Од редоследот на наброените градовите може да се следи правецот на движењето на Никејската војска. По освојувањето на Сер и Мелник никејскиот цар најнапред се упатил во Родопската област а потоа на запад кон Скопје. По воспоставувањето на власта во Скопје никејскиот цар тргнал на југоисток кон Овче Поле, Велес, Просек и Прилеп кои ги освоил.[97] Најверојатно за време на престојот во Скопје при оваа прилика, никејскиот цар му доделил повелба на манастирот св. Георги-Горгос-Скопски, со која му доделил имоти и привилегии а му ги потврдил и старите. Што се му дал на манастирот не се знае. Неговото име фигурира меѓу дарителите на овој манастир како во грамотата на Константин Тих, така и во грамотата на кралот Милутин од 1300 година.[98] Од никејскиот цар Јован III Дука-Ватац, во Скопје односно на Скопското Кале засега е откриена една монета - скифат од електрум- доста оштетена, пронајдена заедно со уште две монети кои му припаѓале на Алексиј I Комнин и Андроник II.[99]

По смртта на никејскиот цар Јован III Ватац во 1254 година, Епиците, кои започнале да ги зајакнуваат своите позиции, под водство на Михаил II Ангел, настојувале да ги истиснат Никејците од Македонија и Балканот, и да ги остварат плановите за обнова на Византиското царство. За остварување на своите планови тие побарале сојузништво од Србите. Никејските

---

[96] *Острогорски,* Историја, 412-413*; Аџиевски, К.,* Првите Никејски освојувања во Македонија и ликвидирањето на Солунското царство, Историја, XIX/1, Скопје 1983,169-175.

[97] *Acropolites,* 78, 14-22. Cf.: *Nicol,* Despotate, 145; *Аџиевски,* Првите Никејски освојувања, 175; *Истиот,* Пелагонија во средниот век, 142 бел. 54 смета дека Прилеп при овој поход Јован III не бил освоен. Мислењето го заснова од понатамошното кажување на Г. Акрополит од кое произлегува дека Прилеп и Пелагонија биле подоцна освоени.

[98] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 185, бел. 17; 210 -211бел. 10.

[99] Музеј на Град Скопје, инв.бр. 153 (вл. бр. 4176).

позициите во Македонија биле загрозени од Епирците, Бугарите и од Србите. Таквата состојба, уште во август 1258 година, ја констатирал никејски цар Теодор II Ласкарис (1254-1258) во писмото до Никифор Влемид пишувајќи му: Турците "не можат да им помогнат на Хелените, Италијанците исто така, Бугаринот сосема полудел, додека Србинот со сила притегнат и воздржан, можеби е наш, а навистина можеби и не е."[100]

Користејќи ја смртта на никејскиот цар Јован II Ватац во октомври 1254 година, Бугарите според некои автори ги завзеле никејските територии во Родопската област и Источна Македонија се до Вардар, вклучувајќи го и Скопје, а според други Бугарите осволе дури и некои области во Албанија. Мировниот договор помеѓу Никејското царство и бугарскиот цар Михаил II Асен (1246-1257) во јули 1256 година предвидувал враќање на освоените од Бугарите територии, и воспоставување на старата никејско-бугарска граница. Но таквиот исход од преговорите предизвикал жестока реакција кај бугарското благородништво, по што бугарскиот цар го известил Теодор II Ласкарис на 6 август истата година, дека договорот го откажува.[101] На бугарскиот двор избил бунт околу политиката на царот кој кулминирал со негово убиство, а потоа избивале жестоки немири околу наследството на престолот. За нов цар бил избран Константин Тих-Асен кој потекнувал од Скопската област.[102] Неговото доаѓање на бугарскиот престол било

---

[100] *Theodori Ducae Lascaris epistulae,* ed. N.Festa, Firenze 1898, No. 44, p. 58 (според: *Ферјанчиќ,* Србија и византијски свет, 140-141).

[101] *Златарски,* История III,448-449; *Јиречек,* Историја Срба I,180; *ИСН I,* 349; *Мошин,* Грамотите, 120; *Божилов,* Фамилията на Асеневци, 108.

[102] *Acropolites,* 152, 14 истакнува дека во услови кога немало законски наследник на бугарскиот престол, бугарските првенци се собрале на совет и одлучиле да прифатат "да ги управува Константин синот на Тих"; *Pahimeros I,* 349, 13-14 од друга страна известува дека по смртта на царот Михаил II се појавил некој узурпатор Мица. Буѓарските велможи поради големата завист кон него "се приклонија кон Константин, кој родум беше половина Србин," додека во повелбата на манастирот св. Георги Горгос од 1257 година *(Илиевска, Мошин, Славаева,* Грамоти, 185, бел.16) која му ја доделил бугарскиот цар Константин Тих, тој српскиот велики жупан го нарекува дедо "светаго Симєѡна Нємањ дѣда царьствѳ ми." Врз основа на овие податоци се гледа дека бугарскиот цар Константин Тих, по женска линија водел српско потекло, додека по татко бил Македонец. Во потрагата по тие вести, одамна е констатирана неговата роднинска врска со Немањичката династија по женска линија, но генеалошкото стебло тешко е да се состави. *Јиречек,* Историја Срба I, 180 укажува на можноста дека Стефан Немања една од своите ќерки омажил за скопскиот великодостојник Тихомир од крајот на XII и почетокот на XIII век. Неговиот став го прифаќаат и *Грујиќ,*

одбележано со издавање на грамота на манастирот св. Георги Горгос, дарување на имоти и привилегии како и потврдување на старите. Грамотата била издадена најверојатно во почетокот на 1257 година, на барање на манастирот или при посета на царот на градот Скопје.[103] Владеењето на Скопската област од страна на бугарскиот цар Константин Тих, како и дарувањето на манастирот св. Георги Горгос, потврдено е и во Милутиновата грамота каде се вели дека на манастирот му биле извршени дарувања и од "Констан̑тина цара."[104] Во 1258 година бугарскиот и никејскиот цар склучиле мир, а според мировните одредби Константин Тих се оженил со Ирина, ќерката на Теодор II Ласкарис, додека својата прва жена ја испратил во Никеја како гаранција за мировниот договор[105] Бугарите најверојатно им ги вратиле на Никејците освоените територии и била воспоставена старата граница. Кревката никејска власт во Македонија и Албанија повторно била

Када је Немањин унук по кћери владао у Скопској области, 272-273; *Златарски,* История III, 475, бел. 2 и *Мошин,* Грамотите, 121. Сепак постои и гледиште дека Константин Тих бил во сродство со Стефан Првовенчани. За тоа сп.: *ВИИНЈ* VI, 22 со постарата литература.

[103] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 181-204. Околу годината на владеењето на Скопската област од страна на бугарскиот цар Константин Тих, како и времето на доделувањето на грамотата на манастирот Св. Георги-Горгос, во науката постојат две гледишта. Според првото, *Грујић,* Властелинство, 49 бугарскиот цар Константин Тих владел со Скопската област за време или кратко време по смртта на Теодор II Ласкарис; *Златарски,* История III, 477-478 мисли дека грамотата била доделена веднаш по свадбата на бугарскиот цар со Ирина ќерката на Теодор II Ласкарис и зацврстувањето на престолот, односно во крајот на 1257 година; *Јиречек,* Историја Срба I, 180-183 се залага за истата хронологија, а за 1257 односно 1258 година дека Скопската област се наоѓала во рацете на Константин Тих се залагаат и *ИНМ I,* 186; *Томовски,* Скопје од XI до XIV век, 1258 и *Мошин,* Грамотите, 120-123. Според второто гледиште владеењето на Константин Тих со Скопската област, и издавањето на грамотата на манстирот Св. Георги Горгос се случило во 1265 или 1267 година кога бугарско-византиските односи биле затегнати и се поврзува со патот на пратеништвото на византискиот цар Михаил VIII Палеолог до српскиот крал Урош I, за женидба на неговиот син Милутин со царевата ќерка Ана. Византиското пратеништво не одело по вообичаениот најблизок и пат по долината на Вардар, преку Скопје и Качаник, туку по заобиколен пат преку Охрид, Кичево и Полог кон Лишљан и Србија, при што принцезата останала во Охрид да го дочека исходот од преговорите. Бидејќи преговорите завршиле негативно, византиското пратеништво по истиот пат се вратило назад во престолнината. Ваквото движење на пратеништвото според *Грујић, Р.,* Када је Немањин унук по кћери, бугарски цар Константин Тих, могао владати у Скопској области, ГСНД II, 272-273; *Kravari,* Villes et villages, 48, 161 и *Ферјанчић,* Севаст и протосеваст Прибо, 90-96 би упатувало дека во тој период Скопје и Скопската област се наоѓале под бугарска власт, односно дека тогаш бугарскиот цар му ја доделил споменатата повелба на манастирот Св. Георги Горгос.

[104] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 211, бел. 13.

[105] *Божилов,* Фамилията на Асеневци, 116 , 118 бел. 25.

потврдена и зајакната со инспекцијата над овие области која ја извршил Георги Акрополит, главниот администратор над западните никејски области. Српско-никејската граница која во овој период поминувала во Скопската област,[106] набрзо била загрозена од страна на Србите кои го откажале пријателството и се сојузиле со Епирците. На таквата промена упатува писмото на никејски цар Теодор II Ласкарис до Никифор Влемид, како и веста на Г. Акрополит за сојузнички епирско-српски односи и заеднички воени операции со сигурност веќе кон 1257 година.[107]

Заговорот за отстранување на Никејската власт во Албанија, западна и централна Македонија, епирскиот деспот Михаил II започнал да го реализира по февруари 1257 година, односно по инспекцијата над овие територии која ја извршил новопоставениот никејски началник учениот Георги Акрополит. Пристапувањето на албанските и западномакедонските градови кон епирскиот деспот се одвивало со секавична брзина. Епирската војска на која и се упатил на помош и српски воен одред од 1000 војници, се упатила кон Пелагониската рамнина каде била сконцентрирана никејската војска. Никејската војска под команда на Теодор II Ласкарис се повлекла кон Солун за да го спречи евентуалниот напад на Епирците во тој правец, додека командата на никејските територии во Албанија, северозападна и централна Македонија, му биле доверени на Г. Акрополит кој се затворил во Прилепската тврдина. Михаил II Ангел брзо стигнал и покорил се до Прилеп, додека српската воена единица од илјада души, породрела од север преку Скопје, Полог и Кичево кон Прилеп.[108] Во врска со српското воено

---

[106] Српско-никејската граница најверојатно одела по гребените на Скопска Црна Гора и Шар Планина (*ИСН I*, 342-343) иако *Грујић, Р.М.*, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, ГСНД XII, (1932), 33-77 претпоставува дека Српскиот крал Урош I ја искористил нијкејската победа над Бугарите и успеал да ја прошири српската власт во Полог.

[107] Види бел. 109 и *Acropolitae*, 142, 3-5. Cf.: *Станојевић, С.*, Краљ Урош , Годишњица Н. Чупића 44, (Београд) 1935,140-141; *Nicol*, Despotate, 158-161; *ИСН I*, 350 (*С. Ћирковић*); *Фердинчић*, Србија и византијски свет, 141.

[108] *Acropolitae*, 145, 16-146, 12. Според *Станојевић*, Краљ Урош, 141 српската војска во Македонија против Никејците се движела во два правци: преку Скопје по Вардарската долина и преку Пореч кон Прилеп. Според Г. Акрополит Српскиот воен одред кој пустошел во северниот дел на Пелагонија, се судрил со војските на никејскиот воен

ангажирање, Г. Акрополит вели дека српскиот владетел испратил војска "κατὰ τῶν 'Ρομαϊκῶν ἐκπέμπφε χώρων"[109] што значи Србите не освојувале за Епирците, туку за себе. При ова српско воено ангажирање против Никејците, иако не е споменато кај Г. Акрополит, би можело да се заклучи дека Србите го освоиле и градот Скопје и Скопската област. Ваквата констатација има своја потврда во други извори. Освојувањето на градот при оваа српска воена акција е сосема извесно. Дека градот краткотрајно од втората половина на 1257 до крајот на 1258 или средината на 1259 година им припаѓал на Србите[110] потврдува повелбата на српскиот крал Милутин на манастирот Св. Георги Горгос Скопски од 1300 година каде се вели дека на манастирот му подариле имоти и привилегии покрај многуте владетели и "родителꙗ кралевьства ми крала Оуроша Прьваго", и грамотата на Стефан Урош I од 1257 која не е сочувана а се споменува во грамотата на кралот Милутин за келијата на Св. Петка во с. Тморане Скопско од 1300 година. Во неа се вели: "господин ми штьць, светопочив ши краль, приложиль бѣше манастироу светои Богородици оу Светои Горѣ Хилан ꙋроу, оу Скопьскои странѣ вь мѣстѣ рекомѣ Т'моране келию свете Петке, кою ѥ вьль създаль нѣкто протосѣваств ꙗгорскыи Прибо."[111] Српската власт во северна Македонија и Скопје била од краток век.

По смртта на никејскиот цар Теодор II Ласкарис во август 1258 година, на никејскиот престол дошол амбициозниот претставник на военото благороднишство Михаил VII Палеолог, кој не само што ја обновил никејската власт во Македонија, при крајот на втората половина на 1258

заповедник на Прилеп, Ксилеја при што на Никејците им нанеле сериозни загуби, додека самиот Ксилеја едвај се спасил во утврдениот Прилеп. До епирско - српски напад на Прилеп тогаш сепак не дошло, додека смртта на Теодор II Ласкарис во 1август 1258 година и доаѓањето на чело на Царството на Михаил VII Палеолог, ја решило ситуацијата во корист на Никеја. За овие настани сп.: *Nikol,* Despotate, 164- 185; *ИСН I,* 350-351; *Ферјанчиќ,* Србија и византијски свет, 143-144; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 147-160.

[109] *Acropolites,* 145, 21.

[110] *Славева,* Дипломатичко-правните споменици, 103.

[111] *Мошин-Славева,* Грамотата на Урош I од околу 1257 година, Споменици на Македонија III, 274; *Славева,* Грамотата на крал Милутин за келијата Св. Петка, 254, 255 бел. 1. Сп.: *Стаиојевиќ,* Краљ Урош, 142; *Грујиќ,* Протосеваст Прибо, 2; *Јиречек,* Историја Срба, 181; *ИСН I,* 350; *Kravari,* Villes et villages, 161; *Ферјанчиќ,* Србија и византијски свет, 143-145.

година, и повторно ја воспоставил својата власт во Кичево, Полог и Скопје, туку наредната година со Пелагониската битка наполно ги истиснал Епирците во престижот за наследството на Византиската империја. За повторното враќање на Скопје под власта на Никејците, имаме потврда од Маноил Холобол. Тој како секретар на Михаил VIII, во еден говор посветен на подвизите на својот господар, датиран пред јули 1261 година, споменува успешни борби против Латините и Турците но "славни и сјајни подвизи против Мизите и Трибалите." Податокот се однесува на повторното воспоставувањето на никејската власт во Скопје и другите области, кои Србите ги освоиле од Никејците во сојузничката кампања со Епирците.[112]

Кога во јули 1261 година никејскиот војсководач Алексиј Стратигопул без некои поголеми тешкотии влегол во Константинопол, никејскиот цар Михаил VIII Палеолог (1259-1282) станал византиски цар и реставратор на Империјата. Од тој момент Скопската област влегла во составот на Византија. Империјата навистина била обновена, не во таков територијален обем и воена моќ, трајно да ги задржи и одбрани тие области, туку соочена со растежот на соседите, била принудена да биде во дефанзива и да ги брани своите граници. На крајот од неговото владеење на Балканот како сериозна закана се појавило Српско кралство, кое своите територијални претензии ги насочило на Југ на штета на Византија. Прва на удар на освојувачките српски планови се нашла Скопската област и градот Скопје.

Од нумизматичкиот материјал во Скопје, поврзан со обновувањето на никејската и византиската власт, има десетина поединечни наоди откриени на Скопското Кале. Пет (5) поединечни наоди- монети-бакарни скифати на Михаил VIII Палеолог ковани се во 1261-1262 година,[113] додека уште четири (4) бакарни скифати - поединечни наоди - на истиот владетел се емитувани

[112] *ВИИНЈ VI,* 579-580 бел. 12.

[113] Музеј на град Скопје, инв. бр 156 (вл.кн. 4173), инв.бр. 157 (вл.кн. 4172), инв. бр. 162 (вл. кн. 4167), инв. бр. 174 (вл. кн. 4155), инв. бр. 180 (вл. кн. 4149).

помеѓу 1262 и 1282 година.[114] Од истиот владетел се и неколку монети најдени по површината на л. "Куќишта, Порта" во Матка.[115]

Во одбрана на стекнатите позиции веднаш по реставрацијата на Византија, царот Михаил VIII Палеолог се обидел преку политички бракови да го неутрализира непријателството на соседите и од нив да направи сојузници. Во 1267 година внуката на византискиот цар, Марија Палеологина Кантакузина стапила во брак со бугарскиот цар Константин Тих, а во 1279 ќерката на Михаил VIII Палеолог, Ирина се омажена за новиот бугарски цар Јован III Асен (1279-1280).[116] Околу 1271 година, византискиот цар вонбрачна ќерка Ефросина, ја омажил за татарскиот хан Ногај.[117] Обидот со политички брак за сојузници да се придобијат Србите во 1267 година, бил неуспешен. Михаило VIII Палеолог имал намера својата втората ќерка Ана, да ја омажи за Милутин, вториот син на српскиот крал Стефан Урош I.[118] Планот за политички брак го наведуваме поради итинерарот на византиското пратеништво со принцезата до српскиот двор, во кој не била заобиколена ни Скопската област. Откако биле усогласени одредбите за бракот помеѓу Милутин, синот на кралот Стефан Урош I и ќерката на византискиот цар, кон втората половина на 1271 или првата половина на 1272 година[119]

---

[114] Музеј на град Скопје, инв. бр. 159 (4170); инв.бр. 167 (вл. кн. 4162), инв.бр. 190 (вл.кн. 4140) , инв. бр. 262/3 (вл. бр. 4177).

[115] Лилчиќ, В., Матка низ вековите, Скопје 1995, 48 и 49 сл. 35.

[116] *Pachumeres I*, 342, 16-343, 14; 440, 1-9. Сп.: *Божилов,* Фамилията на Асеневци, 116, 249.

[117] *Pachimeres I,* 344, 8-12.Сп.: *Никовъ,* Българо-унгарски отношения, 172-173; *Златарски,* История III, 527; *Мошин,* Балканската дипломатија, 103-104.

[118] Според *С. Ќирковиќ* (*ИСН I*, 353) византискиот цар Михаил VIII сакал со Србија преку политички брак да ја осигури нејзината лојалност кон Империјата, поради опасноста од западната Коалиција. Со договорот од мај 1267 година склучен во италијанскиот град Витербо, помеѓу Карло I Анжујски, брат на францускиот крал Луѓвиг IX и протераниот латински цар Балдуин II, за обновување на Латинското царство, протераниот латински цар на Карло I му нудел една третина од освојувањата на Балканскиот Полуостров во земјите на епирскиот деспотат, Албанија и Србија. Ваквата опасност го натерала царот да ги забрза преговорите со Србите. Сп.: *Јиречек,* Историја Срба I, 182-183; *ИСН I,* 353.

[119] За хронологијата на ова византиско пратеништво во Србија сп.: *Динић, М.,* Comes Constantinus , ЗРВИ 7 (Београд 1961), 1-2; *Мошин,* Балканската дипломатија, 103-110 и *ИСН I,* 253 бел. 26. Во коментарот на преводот на српски јазик на Г. Пахимер (*ВИИНЈ VI*, 22-24 бел. 43) *Љ. Максимовиќ* поаѓајќи од сигурниот податок дека Јован Век во 1270 година се наоѓал во Тунис кај францускиот крал Луј IX, па според тоа не можел да се наоѓа во византиското пратеништво упатено во Србија, како и ставот дека доплнетиот збор во

принцезата Ана со голема царска придружба по магистралниот пат Виа Егнатиа се упатила кон Србија. Кога пратеништвото пристигнало во Верија, по барање на царицата, "хартофилаксот Век заедно со Кудман (епископ) Трајанополски" биле упатени во Србија, да пристигнат пред пратеништвото со принцезата Ана, за да се запознаат "со обичаите на Србите" и "со начинот на нивниот живот." Византиското пратеништво со принцезата го продолжило патот и пристигнало во Охрид. Тука неа "ја оставиле со нејзините негувателки и еден дел од придружниците," додека останатато пратеништво го продолжило патот кон српскиот двор. Кога веќе пристигнале во "Полог што на тамошниот јазик значи шумичка божја, и веќе кон Липљан приближувајќи се"[120] од другата страна во пресрет им излегол српскиот посредник Георги кој раскажал дека попат го нападнала разбојничка банда, што кај претеништвото предизвикало страв. Српскиот посредник го известил византиското пратеништво за отстапките од договореното, што довело до враќање на византиската мисија кон Охрид. Оттаму ја зеле принцезата Ана и останатата придружба преку Солун "повеќе не размислувајќи за бракот, ниту за сојузот, ниту за мировните договори, се вратиле кај царот."[121] Од описот на патувањето на византиското пратеништво сосема е веројатно од Полог кон Липљан тоа да поминало преку северозападниот раб на Скопската котлина и Качаничката клисура. Визаниско-српската граница во ова време одела по падините на Шар

лакуната од повелбата од април 1271 година со која Михаил VIII му одобрува на својот брат деспотот Јован Палеолог на молба од внукот на српскиот крал, жупанот Димириј, да му го подари на Хиландар селото Кастрин, како "συμπένθερος" што би подразбирало блиски роднински врски помеѓу Византија и Србија како погрешен, предлогот на некои автори дека земјотресот во Драч се сличил во 1270 или 1271 година а не 1273 година, предлага дека византиското пратеништво со принцезата Ана дека не можело да се упати во Србија по 1270 година туку тоа се сличило пред тоа. Тој предлага ваква хронологија на односите на Србија со Унгарија и Византија. Имено: кон крајот на 1267 или почетокот на 1268 година Михаил VIII им понудил на Србите преговори и постигнал договор за женидба на византиската принцеза Ана, со младиот српскиот крал Милутин; во пролетта или летото 1268 година би следел унгарско-српскиот судир и паѓањето на Урош I во унгарско ропство; додека поаѓањето на византиското пратеништво со принцезата Ана кон Србија и доаѓањето на претходницата на византиското пратеништво на српскиот двор и враќањето без да биде работата завршена се случило во 1269 година.

[120] *Pachimeres I*, 350, 18-352, 16.

[121] *Ibidem.*, 352, 16-355, 4.

Планина и Скопска Црна Гора. Неспоменувањето на Скопје е од причини што пратеништвото од Полог денски продолжило кон Липљан за да го избегне ноќното патување кое било опасно поради разбојничките банди. На враќање пратеништво се вратило по истиот пат.

4. Паѓањето на градот и областа под српска власт. Владеењето на крал Милутин и Стефан Урош III Дечански

Односите помеѓу Србија и Византија во претпоследната деценија на XIII век почнале да се влошуваат поради српското ширење во Македонија. Обидот на Византија преку брачната понуда на принцезата Ана за младиот крал Милутин, во 1271/72 година, да го спречи зближувањето на Србија со Карло Анжујски, само привремено го спречил српското приближување кон Анжујците. Во времето кралот Стефан Драгутин (1276-1282) Србите влегле во антивизантиската коалиција. Таквата политика одговарала на потребите за територијално проширување од страна на младото племство.[122] На српскиот двор веќе биле создадени предуслови за воен поход против Византија. Кон крајот на владеењето на Драгутин, од Византија се одметнал Котаница, византиски воен функционер кој пристигнал на српскиот двор. По неговото пристигнување била превземена обемна воено-пустошувачка акција во длабочината на Македонија. Српската војска и пребегот Котаница околу 1280 година, според известувањето на Г. Пахимер навлегле најверојатно по Вардарската долина навлегла, се до Сер. Царот Михаил VIII Палеолог, поради зафатеноста на Исток, против Србите го испратил Константин Порфирогенит, братот на престолонаследникот Андроник II. Младиот Константин успешно војувал против Србите, а како воен плен го довел Котаница. Против Србите биле превземени уште неколку воени походи при што византиската војска според архиепископот Данило "вѣ во вь ты дьни видѣ землю срьвскоую вь тѣснотѣ велцѣ... во цьрства грьцьскааго вѣ прилежешти до мѣста

[122] *ИСН I*, 353-354, 437.

глаголѣмааго Липлѧна..."[123] Независно од тоа што нема некои попрецизни детали за правецот на движењето на византиската војска против Србите, сосема е веројатно дека таа на одење и на враќање не ја заобиколила Скопската област и градот Скопје.

Доаѓањето на престолот Стефан Урош II Милутин (1282-1321) на престолот, внело нова динамика во експанзијата на југ, која се совпаѓала со целите на антивизантиската коалиција. Во Коалицијата покрај Карло Анжујски кој уживал поддршка од Венецијанците, биле вклучени севастократорот Јован Тесалски, а по симнувањето од престол на Јован III Асен во почетокот 1280 година и новиот бугарски цар Георги I Тертер (1280-1292).[124] Во вакви меѓународни околности, српскиот крал Милутин во пролетта 1282 година тргнал во воен поход против Византија. На удар најнапред се нашле територииите на Северна Македонија, а српското напредување според Пахимер продолжило се до Сер. Според архиепископот Данило Втори "прьвѣжѣѥ приѥт ова Полога сь градовы ихъ и сь областию, и град славьньи Скопиѥ, по сихъ же Овьчѥ Полѥ и Ҙлетовоу и Пиѭнец. Таковыѥ вьсѥ ҙемлѥ приѥть вь прьвоѥ пришьствиѥ ѥго, и приложи ихъ къ дрьжавѣ своѥго."[125] Според

---

[123] *Pachimeres I,* 474, 10-15;497,9-499, 12; *ВИИНЈ VI,* 30-31; *Данило, Животи краљева и архиепископа,* 107. Сп.: *ИСН I,* 437-438; *Баришиќ,* Константин Порфирогенит Палеолог, ЗРВИ 22 !983, 43-45.

[124] *Златарски,* История III, 570-575; *Острогорски,* Историја, 434-435; *ИСН I,* 439. По се игледа ни византискиот цар не седел со скрстеми раце. Како негово дело може да се смета побуната во Палермо од 31 март 1282 година кога Анжујците доживеале неславен и крвав крај. Јужноиталијанското кралство го превзел Петар Арагонски, кој во Палермо бил крунисан за крал. Папата бил тешко погоден од ваквиот развој на настаните, додека Венецијанците им се приближиле на Петар Арагонски и царот Михаил VIII Палеолог.

[125] *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 108-109. Византиските автори оваа акција на Милутин ја премолчуваат. *Г. Пахимер* (I, 474, 13-14) споменува за српски напади кои достигнале се до Сер и истите хронолошки треба да се однесуваат на периодот од 1280 и 1282 година, додека *Јован Кантакузин* (III, 133, 19-22) зборувајќи за доаѓањето на незадоволните пратеници од Скопје кај него, во Сер во есента 1350 година, наведува дека "Скопје...беше оттргнато од Ромејската држава од времето на првиот цар Палеолог Михаил." Ако се знае од архиепископот Данило дека Скопје е освоено на почетокот на владеењето на Милутин, а Михаил VIII Палеолог умрел на 11 декември 1282 година, произлегува дека и Јован Кантакузин потврдува за освојувањето на Скопје од Србите во 1282 година. За тоа сп.: *Јиречек,* Историја Срба I, 188-189; *ИНМ I,* 187; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 60; *Мошин,* Крал Милутим според биографијата на Данило II, 336; *ИСН I,* 439-440 бел. 13; *ВИИНЈ VI,* 517, бел. 506а со постарата литература и обидот на *Л. Мавроматис* (La prise de Skopje par les Serbes: date et signification, Travaux et mémoires 5 (1973) 239-334) да докаже дека Србите го освоиле Скопје во последната деценија на XIII век, по 1297 година.

истиот автор откако ја консолидирал власта во новоосвоените области ги прогонил сите оние кои му правеле метежи и побуни, и повторно се вратил во својата земја.[126] Ако се следи известувањето на архиепископот Данило Втори, може доста прецизно да се одреди правецот на движењето на српската војска во Македонија. Војската на српскиот крал Милутин тргнала од Пеќ каде добила благослов од српскиот архиепископ, продолжила кон Призрен и упаднала во Горен и Долен Полог. Оттаму српската војска се упатила на југоисток кон Скопје, и понатаму на исток кон Овче Поле, Злетово и Пијанец, по средниот и горниот тек на реката Брегалница. Византискиот цар Михаил VIII Палеолог според архиепископот Данило Втори, огорчен од силината на српскиот упад и завземањето на значајни градови во Македонија, по обемните воени подготовки со голема војска составена од наемници Латини, Турци и Татари на почетокот на декември истата година се упатил кон Србија против Милутин, фалејќи се дека "не само што големо зло ќе му нанеси на татковината на благочестивиот, туку нема повеќе да се споменува ни неговото име во неговата држава."[127] До реализирање на замислената казнена акција не дошло поради тоа што царот на 11 декември 1282 година умрел.

Новиот цар Андроник II Палеолог (1282-1328) го продолжил воениот поход против Србите во пролетта 1283 година. Походот кој бил сведен на казнена воена експедиција за ограбување на внатрешноста на Србија, го предводел Тарханиот Главас. Византиската војска составена од Татари, се движела најверојатно по *Via Egnatia,* а од таму по Вардарската долина, или преку Струмица, Штип и Скопје навлегла во внатрешноста на Србија. Со сета своја жестина таа навлегла се до Липљан, а потоа и кон Призрен. Татарскиот коњанички воен одред при преминувањето на р. Дрим, бил

Мошин, Балканската дипломарија, 161 сметал дека српскиот поход во Македонија се случил помеѓу "сицилијанската вечерна" -31 март 1382 и смртта на Михаил VIII - 11 декември истата година кога се вратол во престолнината. *Атанасовски,* Пијанец, 57, заклучува дека српските освојувања во Северна Македонија и Пијанец се случиле во пролетта или летото 1282 година.

[126] *Данило, Животи краљева и архиепископа,* 109.

[127] *Ibidem.*, 110.

нападнат од Србите и доживеал пораз. Нивниот водач Црноглава бил убиен, а Србите неговата глава му ја однеле на Милутин како трофеј. Византиска војска била прогонета и принудена на повлекување.[128] Во новонастанатата воена состојба, Милутин со помош на својот брат Драгутин во текот на есента истата година, превзел воен поход длабоко во внатрешноста на Македонија. Според Архиепископот Данило, српската војска по Божик 1284 година, навлегла "до внатрешноста на грчката земја, до Света Гора Атонска, и завојувајќи ги сите тамошни области на Царството, земјата Струмска и Серска, Кpстопол и другите околни области на тие земји, и заграбувајќи го сето имање нивно и богатството, повторно со Божја волја се врати во своето отечество, полна со секаква намера добра."[129] Ако се знае дека со воената кампања од 1283/4 година без византиска согласност била воспоставена српско-византиската граница во Македонија на линијата северно од Струмица, Штип, Просек, Прилеп, Охрид и Кроја, како нова територијална придобивка на Србите може да се сметаат Дебар, Кичево и Поречката област.[130] Во изворите немаме некои особени податоци за ставот на српските војски кон жителите на Скопје. Но податокот од Дубровничката канцеларија дека веќе на 18 септември 1283 година во Дубровник била продадена робинката "Bellosclaua" од Скопје ("de Vskopie"), укажува дека Србите при освојувањето на градот, покрај пленот заробиле и луѓе кои ги продавале на пазарите за робје.[131]

Ставот на аристократијата во Скопската област кон новите господари бил различен. Додека дел од аристократијата му се приклонила на Милутин, другиот дел кој ги осудувал и се противел на српските освојувања според архиепископот Данило, српскиот крал ги протерал "**вьсє метєжє творєшєє и**

---

[128] *Pachimeres II,* 12, 12-19; *ВИИНЈ VI,* 31-33; *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 111-112. Сп. : *ИСН I,* 441-442 бел. 18 и *ВИИНЈ VI* 31-33 бел. 65-69 со постарата литература како и *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 162.

[129] *Данило, Животи краљева и архиепископа,* 113. Сп.: *Јиречек,* Историја Срба I, 191; ИНМ I, 187; *ИСН I,* 440-441.

[130] *Јиречек,* Историја Срба I, 191; *ИНМ,* I, 187; *ИСН* I, 441; *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 60; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 162.

[131] *Monumenta Historica Ragusina* knj. II, Spisi dubrovačke kancelarije, pripremio i uredio Lučić, J., Zapisi notara Tomazina de Savere 1282-1284, JAZU Zagreb 1894, p. 290 fol. 139 No. 1176.

крамолы."[132] Меѓу феудалците кои го напуштиле Скопје и побегнале на византиска страна, во изворите се споменати Вериха кој се засолнил кај Василиј Синадин, потоа Апокавк и Леун, а можеби и Жегр Радомир со неговите браќа.[133] Имотите на првиот биле одземени и приложени како подарок од Милутин на манастирот Св. Георги Горгос, главно биле земјишна површина помеѓу селата Дабница и Ракита во Овчеполскиот крај. На истиот манастир му биле приложени и имотите на Апокавк кои се состоеле од: Апокавкова црква Св. Георги и околниот поширок простор од реката Серава спрема Обла Кула со урнатини од 60 куќи, Апокавковиот дворец меѓу поседите на властелините Паскал и Холват, до облата Кула и градската порта Капицале, додека одземените имоти на Леун во Скопската област кои биле дарувани на манастирот, се состоеле од згради покрај старата палата на Св. Георги кај Великата врата, една нива од 20 погони покрај манастирската воденица и градина од 7 погони под манастирот, додека од Апокавковите имоти во околината на Скопје еден дел му биле подарени на манастирот Св. Никита на Скопска Црна Гора. Во повелбата на совладетелот на византискиот цар Андроник II Палеолог, Михаил IX Палеолог доделена на Св. Никита, се споменува место во близината на Бањани, Пребужда и место Железно, заедно со тамошните градини и воденички парцели и со други

---

[132] *Данило, Животи краљева и архиепископа,* 109.

[133] Апокавк припаѓал на старата византиска аристократија населена во Скопје, на почетокот на XI век. Нивни предок би бил Василиј Апокавк. Постојат мислења дека под споменатиот Апокавк треба да се бара таткото на Алексиј Апокавк, византиски велики дукс и учесник во настаните во Македонија, поврзани со граѓанската војна во Византија во првите децении на XIV век. На подолготрајниот престој на ова семејство во Скопје, упатува постоењето на нивна семејна црква и дворец. Велепоседникот Леун, најверојатно бил припадник на познатото семејство Леуни кои во првата половина на XIII век, заземале високи позиции на Никејскиот двор, а од 1261 година добиле имоти во северна и северозападна Македонија. Сп.: *Мошин,* Грамотите, 136-137, 140; *Петров,* Преглед кон сакралните споменици, 79. Жегр Радомир и неговите браќа чии имиња не се наведени најверојатно припаѓале на локалната месна аристократија, која не ги одобрувала освојувањата на Милутин па морал да бега на византиска страна, по што неговите имоти биле конфискувани, а подоцна подарени на манастирот Св. Богородица на Скопска Црна Гора. За ова сп.: *Мошин-Славева,* Грамотата на цар Михаил IX Палеолог за Св. Никита, 288-299.

права што порано му припаѓале на некој Жегр Радомир со неговите браќа, а кои Милутин му ги подарил на манастирот. [134]

По 1284 година за еден период од скоро повеќе од десет години нема податоци за било какви раздвижувања на српско-византиската граница освен помали погранични инциденти. Зафатеноста на Србите со внатрешните судири ја искористил византискиот цар Андроник II Палеолог, кој во почетокот на 1296 година во Албанија ги запоседнал Валона и Драч. Српскиот крал Милутин во контранападот успеал да го поврати Драч. Пограничните судири кои траеле подолго време на византиско српската граница со постојано зацврстување на српските позиции, во 1297 година прераснале во силна византиска контраофанзива во освоените од Србите византиски области во Македонија. На чело на експедицијата бил Михаил Главас. Според податоците на Манојло Фил во поемата за подвизите на чудотворниот протостратор, војсководачот Михаил Глава Тарханиот војувајќи против Котаница, ги одзел од Србите "Овче поле, Морозвизд, Скопје и Славиште, со храброст го превзел и Пијанец и крајот околу Строма и богатиот крај околу Струмица... победничка награда е Дебар град кој особено се гордее со убавата околина."[135] Станува збор за краткотрен византиски успех со кој се сакало Србите да се натераат на преговори. Некои автори овие византиски освојувања хронолошки ги определуваат во 1282 односно 1283/4 година, иако од изворите се согледува дека византискиот воен поход од 1283 година имал пред се пљачкашки карактер.[136] Според поновите истражувања станува збор за византиски воен поход кој превземен околу 1297 година, со кој Византија сакала да укаже на спремноста активно да учествува како во внатрешните судири на српскиот двор, така и на потребата

---

[134] *Мошин-Славева,* Грамоти, 216 (17), (18); 221 (30); *Мошин,* Грамотите, 136-137, 140; *Томоски,* Скопје од X до крајот на XIV век, 60; *Мошин-Славева,* Грамотата на цар Михаил IX Палеолог за Св. Никита, 288-290.

[135] *ВИИНЈ VI,* 593-594 и бел. 5 околу хронологијата на превземениот византиски поход. Сп.: *Стаиојевиќ,* Краљ Милутин, 10 сл.; *Острогорски,* Историја; ИСН I, 445.

[136] *Јиречек,* Историја Срба I, 188; *Златарски,* История III, 604; *Војнов,* ИБИГИБИ XXII, 138 , 147 и *Овчаров,* Вардарска Македония въ XIV век, 15.

од склучување на мир и утврдување на српско-византиската граница.[137] За византиска воена експедиција против Србите предводена од Михаил Главас, во 1297/8 година, Г. Пахимер вели дека византискиот цар соочен со честите навлегувања на Србите на византиската територија, бил принуден да ги надмудри Србите "некогаш со пратеници, некогаш со воjнички упади." За таа цел бил испратен војсководачот М. Главас со голема војска, но тој не постигнал некој поголем успех бидејќи Србите "не упаѓале отворено туку на пљачкашки начин."[138] Водачот на византискиот воен поход Михаил Тарханиот согледувајќи ја неможноста од постигнување на некој поголем воен успех, му предложил на Андроник II Палеолог поддршка на Милутин во борбата околу престолот со Драгутин и преговори за утврдување на византиско-српската граница.[139] Царот ја прифатил понудата за преговори поради растечката опасност од Турците во Мала Азија, додека Милутин во мировната понуда зацврстена со женидбата со византиска принцеза гледал зголемување на својот политички углед и можност да ги добие освоените територии со византиска согласност. Преговорите за мир кои траеле од 1297 до 1299 година, наидувале на противења на двете страни. Српската воинствено настроената властела се противела на склучувањето на мирот, додека на византиска страна, најнапред Евдокија сестрата на царот а од август 1297 година и вдовица на трапезунтскиот владетел Јован II Комнин, одбила да се мажи за Милутин, по што преговорите западнале во криза. Излезот бил најден во понудата Милутин да се ожени со Симонида малолетната ќерка на царот, на што поради канонски норми се противело византиското свештенство. Од византиска страна како главен преговарач бил одреден Теодор Метохит, кој пет пати престојувал на српскиот двор. Деталите за договорот биле усогласени и истиот се сметал за постигнат, на почетокот на 1299 година.

---

[137] *Стanojевић*, Краљ Милутин, 10-12; *Остроgорски*, Историја, 456; *Динић*, Однос краља Драгутина и Милутина, 57; *Мошин*, Балканската дипломатија, 185-186; *Илиевска*, Теодор Метохит, 222; *ИСН I*, 445; *ВИИНЈ VI*, 593-594 бел. 5 со останатата литература.

[138] *Pachimeres II*, 271, 12-272, 1.

[139] *Стanojевић*, Краљ Милутин, 10-11; *Јиречек*, Историја Срба I, 194; ИСН I, 445.

За историјата на Скопје и Скопската област од особено значење е тоа што за време на целиот двегодишен тек на византиско-српските преговори, византиските пратеници на пат кон српскиот двор, редовно поминувале низ областа или градот, а имајќи во предвид дека покрај на други места и во Скопје српскиот крал имал свој двор, преговорите биле водени и во него. Од Извештајот за дипломатската мисија на Теодор Метохит во Србија, произлегува дека преговорите кои биле водени со српскиот крал Милутин, и други негови претставници за време на последното патување во втората половина на јануари 1299 година, и преговорите кои успешно завршиле во првата половина на април истата година, биле водени во Скопје.[140]

Теодор Метохит навистина во својот последниот извештај не го споменува градот во Србија, каде се воделе последните преговори кои завршиле успешно, но по многу детали произлегува дека станува збор за Скопје. С. Новаковиќ, во трудот за византиските чинови и титули доста неодредено се изјаснува дека до средбата на српскиот крал Милутин со византиското пратеништво во почетокот на 1299 година, дошло најверојатно "негде у Македонији, по својој прилици у Скопљу или у Штипу," додека во еден подоцнежен труд посветен на престолнините на Немањиќите, верувајќи дека Велес било последното византиско утврдување на српско-византиската граница (растојанието помеѓу Велес и Скопје од околу 50 до 60 километри) што според изјавата на жителите на византиската гранична тврдина може да се помине брзо и дека нема уште многу пат, според Т. Метохит, како и податокот дека на патувањето кон граничниот град каде бил сместен српскиот крал, пратениците ги стемнило "насред једне равнице" го користи како главен аргумент дека српскиот крал се наоѓал во Скопје.[141] В. Марковиќ, Р. Грујиќ, А. Дероко, Т. Томоски и К. Илиевска и И. Микулчиќ[142]

---

[140] Околу различните гледишта во поглед на хронологијата и нејзиното утврдување во гореспоменатите хронолошки рамки подетално види: *ВИИНЈ VI*, 83-84 бел. 10 коментар на И. Ѓуриќ.

[141] *Новаковић*, Чинови и титуле, 232; *Истиот*, Немањићске престонице, 25.

[142] *Марковић*, Православно монаштво, 89; *Грујић*, Скопска митрополија, 102; *Дероко*, Скопље, 7-12; *Томовски*, Скопје од XI до XIV век, 61; *Илиевска*, Теодор Метохит, 221-222 бел. 23; *Микулчиќ*, Скопје со околните тврдини, 119; *Истиот*, Средновековни градови, 309.

го прифаќаат ставот на С. Новаковиќ дека разговорите помеѓу претставниците на српскиот крал Милутин и византиското пратеништво предводено од Т. Метохит се воделе во Скопје но притоа не наведуваат ниеден дополнителен аргумент. Л. Мавроматис, покрај тоа што го прифаќа предлогот на С. Новаковиќ, како дополнителен аргумент дека византиско српските преговори биле водени во Скопје, го наведува споменувањето на заповедник на градот "астиномос" како и спомену́вањето на црквата посветена на Св. Богородица во градот во кој престојувал Т. Метохит, додека И. Ѓуриќ во коментарот на преводот на Теодор Метохит, изјаснувајќи се за Скопје како место каде престојувал Т. Метохит и преговарал со Србите, покрај прифаќањето на аргументите дека се споменува црква која најверојатно е скопската Богородица Троеручица, како и споменувањето на поле пред градот, како најјак аргумент за Скопје, а против Штип го изнесува мислењето дека овој град во 1299 година никако не можел да биде во рацете на Милутин. Како најсилна потврда за тоа го наведува договорот на српскиот крал Милутин на Карло Валоа од 1308 година во кој кралот единствено за овој град (Штип) истакнува дека му е полноправен посед, што наведува на помисла дека споменатиот град или некогаш им припаѓал на Србите или пак како посед бил од другите оспорен, односно град кого Милутин во суштина не го држи или пак го држи без согласност на Византија.[143] Н. Радошевиќ коментирајќи го податокот на Н. Грегора во писмото за дипломатската мисија во Србија во 1227 година упатено до неговиот пријател Андроник Зарида, дека "стигнал во градчето Скопје (τὸ τῶν Σκοπίων πολίχνιον)" го зема како клучен аргумент дека Скопје е неименуваниот "πολίχνιον" од Теодор Метохит каде тој бил примен од српскиот крал Милутин во 1299 година, односно "не мора да значи да је Милутинова престоница била у неком граду мањем него што је било Скопље."[144]

[143] *Mavromatis*, Fondation, 43 (според ВИИНЈ VI); *ВИИНЈ VI* (*И. Ђурић*), 105-109, бел . 56, 57, 58, 58а и 59; 122 бел 81.

[144] *ВИИНЈ VI*, 624, бел. 21(ком. *Н.Радошевић*).

Колебањето на С. Новаковиќ помеѓу Скопје и Штип каде престојувал Теодор Метохит и каде се воделе преговорите, најнапред го прифатил М. Ласкарис кој констатира дека С. Новаковиќ "у својој ранијој студији "Виз. чинови и титуле..." "*је више обазрив* те мисли да је Милутин Метохита примио "негде у Македонији по својој прилици у Скопљу или у Штипу."[145] В. Мошин иако во трудот "Крал Милутин според биографијата на Данило II..." се определува за Скопје како место каде престојувал Теодор Метохит во својата дипломатска мисија кај Србите, како што забележал Т. Томоски,[146] сепак во трудот за "Балканската дипломатија на Милутин" го прифатил горното мислење на С. Новаковиќ и во неименуваното градче од Т. Метохит кое се наоѓало "сосема во соседството со нашата граница" го препознава Штип, кој тогаш се наоѓал на српско-византиско-бугарското тромеѓе на големиот пат за Бугарија и на патиштата за Солун и Тесалија. Како дополнителен аргумент го наведува податокот за Котража над Штип, каде што дубровничките пратеници ја нашле српската кралица Елена во 1289 година за да ги потврди нивните привилегии.[147] Т. Томоски и покрај тоа што во трудот за Скопје помеѓу XI и XIV век, се изјаснил во прилог на Скопје како место каде престојувало византиското пратеништво и каде се воделе византиско-српските преговори, во трудот за Овче Поле во средниот век, се изјаснува дека византиско-српските преговори и градчето споменато од Теодор Метохит, каде се воделе преговорите се наоѓало во Овче Поле на тврдината Ѓуриште. Како главни аргументи во прилог на Ѓуриште ги наведува: податокот на Т. Метохит дека српскиот крал "вчера -завчера пристигнал во едно од соседните села (читај градче)....," дека Србинот од византиското пратеништво побарал да стане рано взори или уште во текот на ноќта за да отиде пред византиското пратеништво кај кралот кој се наоѓал во "планинска и гранична земја" "во мало градче" за да биде се спремно, што

---

[145] *Ласкарис,* Византиске принцезе, 62 бел. 1.

[146] *Мошин,* Крал Милутин според биографијата од Данило II, 336-337; *Томоски,* Овче поле во Средниот век, 248, бел. 26.

[147] *Новаковић,* Византијски чинови и титуле, 232; *Мошин,* Балканската дипломатија, 188-189.

би упатувало на релативната блискост на Ѓуриште со византиското пограничко градче, растојание кое можело да се помине за помалку од еден ден, а Скопје не било нити пограничко градче, нити во планинска земја; споменатото "поле" од Метохит го препознава во полето кое се протега пред тврдината Ѓуриште кај с. Горобинци; во споменатата од византискиот водач на пратеништвото црква посветена на св. Богородица во неименуваниот град, авторот ја препознава денес сочуваната истоимена црква на тврдината кај Ѓуриште, а во прилог го наведува податокот дека Јован Оливер на својот двор во Ѓуриште, 1342 година го дочекал Јован Кантакузин.[148]

Пред да го изнесеме нашето мислење за Скопје како место каде се воделе српско-византиските преговори во 1299 година поткрепено покрај со веќе изнесените и со нови аргументи, сметаме дека е од особено значење византиското градче во кое пристигнало српското пратеништво пред да се упати кон местото каде се наоѓал српскиот крал и каде се одвивале преговорите. Имено еве што Метохит кажува: тргнувајќи од Солун "*стигнавме во еден град во пограничните области на Царството* (εἰς ἄστυ δή τοι τῶν ἐν αὐτοῖς ἐσχάτοις και ὅροις βασιλέως). Таму разбравме сосема точно од месните жители (τῶν ἐγχωρίων) дека српскиот крал многу блиску се наоѓа, вчера-завчера пристигнал *во еден од најблиските од соседни градови* (τῶν...πολιχνίων). Тогаш оној Србин што не придружуваше од Цариград, ни кажа и побара, тој прв рано в зори или уште во текот на ноќта, да отиде најбрзо кај него, за да му соопшти и каже за се друго и за нас дека сме веќе тука, веднаш пристигаме и да биде се добро подготвено, *да има се доволно во планинска и гранична земја, зошто господарот отседнал во мало градче* (ἐπ' ἄστεος ὀλίγου δεσπότου καταλύοντος)... Тој в зори веднаш стана и побрза...кај својот господар. *А ние пак се задржавме на она место таму повеќе отколку што требаше, измамени од месните жители дека растојанието е мало и дека треба да се патува само тој ден и дека нема потреба да се брза.* Пропуштивме претходно да се распрашаме, зошто бевме

[148] *Томоски,* Овче Поле во средниот век, 247-249.

убедени и безгрижни како што не треба. А кога го фативме патот и тргнавме напред заблудени, *одевме полека како што прилега на пратеници со секакви почивки, со тешкиот товар и со многу запрежен добиток*, не брзо, туку колку што можевме со еден коњ по таков начин да минеме, а доцна вечерта брзавме. И ми се чини, настаи скоро *првиот или вториот час од ноќта, а ние не бевме во градот (ἐς τὸ ἄστυ) ами останавме не малку време сред едно поле* (ἐς πεδίον μέσον) и бевме во недоумица што да направиме. Не беше згодно да останеме како странци таму, бидејќи ноќта веќе се беше спуштила. Но и да пристигнеме ние пратениците посред ноќ таму, каде што требаше да отседнеме, како разбојници и крадци кои напаѓаат од темно и тајно и тоа не прилегаше. Но ова ни изгледаше подобро: колку што е можно да се напрегнеме и, кога дојдовме сосема близу, испратив двајца од придружбата, кои го знаеја *месниот јазик* (*τῆς ἐγχωρίου γλώττης*), да се распрашаат и откако ќе го најдат *градскиот началник и управникот на областа* (*ἐς τοῦ ἀστυνόμου δή καί τοῦ τῆς χώρας ἡγεμόνος*), да соопштат за нас дека сме дошле и да не упатат што да правиме и каде треба да се сместиме." Началникот на градот бил најден и тој им се извинувал на пратениците и кажал дека кралот лично се погрижил за пречекот на пратеништво "и испратил мнозина од своите луѓе од пред неколку дена пред градот (πρὸ τοῦ ἄστεος) во наша чест да не поздравт пријателски...Тие останале долго и се задржале до вечерта (βραδύναντας), но бидејќи не ме виделе да пристигам...се вратиле."[149] Т. Метохит опишувајќи го престојот на византиските пратеници на дворот на Милутин и текот на преговорите продолжува: "Четвртиот ден беше некаков празник и ние требаше да појдеме в црква, за да ја чуеме светата литургија. Отидовме...во најубавата црква во градот, Св. Богородица."[150]

---

[149] Извештај на претеништвото на Теодор Метохит, текст според *Sathas, K.N.*, напореден грчки текст со превод на македонски јазик, прев. *Илиевски. П.Хр.*, Споменици на Македонија II, 1977, 261-165.

[150] *Теодор Метохит*, 277.

Прашањето кое било пограничното византиско градче каде пристигнале византиските пратеници, пред да се упатат кај српскиот крал а кој се наоѓал сосема близу до градот каде се наоѓал кралот, и докаде можело да се пристигни за нецел ден, е од особено значење за определувањето на градот во кој се воделе преговорите. Во историографијата се поаѓало од претпоставката дека византиското пратеништво тргнало од Солун на север кон Србија и се движело по долината на Вардар, тогаш последниот византиски пограничен град со Србија кој кај Теодор Метохит е наречен ἄστυ, се определувал вообичаено со Велес. Можноста тоа да било тврдината Кожле над вливот на реката Пчиња во Вардар од неговата десна страна И. Ѓурић ја отфрлил како неприфатлива од причини што со сигурност не се знае дали тогаш Кожле било под византиска или српска власт.[151] Според наше мислење, поаѓајќи од временските услови, односно дека било сеуште зима, пратеништвото се движело по долината на р. Вардар бидејќи по тој пат климата во зимски услови била поблага. Околу определувањето на Кожле како можно пограничено византиско градче каде отседнало византиското пратеништво, пред пристигнувањето во престолнината на српскиот крал, одат во прилог два многу важни аргументи: 1. релативната негова блискост до Скопје, растојание од триесетина километри кое можело во зимски услови да се помине за помалку од еден ден, факт кој се совпаѓа со известувањето на Т. Метохит, добиено од "месните жители дека растојанието (каде се наоѓа српскиот крал б.м.) е мало и дека треба да се патува само тој ден и дека нема потреба да се брза." Секако дека во тешки зимски услови како што биле таа 1299 година, како според известувањето на Т. Метохит, така и според Г. Пахимер, патувањето било отежнато и најверојатно можело да помине не повеќе 3-4 километри на час.[152] Горенаведениот факт на Метохит од

[151] *ВИИНЈ VI*, 106 бел. 57 (коментар на *И. Ѓурић*).

[152] *Теодор Метохит*, 239-243, 249, 261 зборува за студена и снежна зима не само на патувањето на византиското пратеништво од Цариград до Солун, што во голема мера го отежнувало и одолжувало патувањето, туку дека и од Солун кон српската граница зимата со целата своја суровост сеуште траела; Pahimeres II, 49, 277, 16-278, 8 исто така зборува за студена и снежна зима која го спречила патувањето на византискиот цар кон Солун на почетокот на 1299 година.

изјавата на месните жители, сосема би одел во прилог на Кожле како пограничен византиски град од каде до Скопје можело да се стигне уште во текот на истиот ден. Во прилог на идентификување на Кожле како пограничен византиски град оди и известувањето на Метохит, дека пратеништвото, залажано од известувањето на месните жители за релативната блискост на градот каде се наоѓал српскиот крал, "се задржавме на она место таму повеќе отколку што требаше" и "одевме полека како што прилега на пратеници со секакви почивки, со тешкиот товар и со многу запрежен добиток, не брзо, туку колку што можевме со еден коњ по таков начин да минеме." Тоа значи дека единствена причина што пратеништвото задоцнило со пристигнувањето во претпоставеното Скопје, покрај отежнатото движење поради зимските услови е фактот дека тие залажани од известувањето на месните жители се движеле полека со сите почивки, па дури откако ги фатило мрак по пат, а сеуште не пристигнале во Скопје го забрзале одењето. Растојанието од 30 километри можело да се помине за шест часа, но бидејќи тие тргнале касно (околу 8-9 часот) и се движеле полека (4 километри на час) со сите почивки (дополнителни уште најмалку два часа), тоа била причините што уште пред да пристигнат непосредно пред Скопје ги фатило мрак, а не ги забележала ни српската почесна воена единица построена пред градот за свечено да ги дочека; 2. По дефинитивното усогласување на сите услови за склучување на византиско-српскиот мировен договор пред Велигден, според Г. Пахимер на византиско-српската граница на реката Вардар била извршена церемонијата на симболично предавање на заложниците од српска страна како гаранција за договорот, а од византиска страна предавањето на принцезата Симонида со нејзините пратители. Ако се прифати дека Велес како пограничен византиски град со Србија каде престојувало византиското пратеништво пред пристигнувањето во градот каде се наоѓал српскиот крал, тогаш и церемонијалната размената на заложниците и принцезата на Вардар како што вели Г. Пахимер би требало да биде обавена во Велес, а тоа би значело дека целата рамнина северно од

Велес се наоѓала во рацете на Србите, што тешко е прифатливо. Затоа сметаме дека церемонијалната размена на ничија земја, на реката Вардар, блиску до вливот на Пчиња во Вардар и тврдината Кожле, како најзгодно место каде се наоѓала византиско-српската граница. Според тоа византиското пограничко градче од каде византиското пратеништво се упатило кон Скопје, би можело да биде Кожле. Против ваквото определување за пограничното византиско градче, единствено оди фактот што со сигурност не знаеме во чии раце се наоѓала тврдината Кожле.

Аргументите против Велес како градче на византиско-српската граница, главно се поради неговата преголема оддалеченост од Скопје, растојание кое во зимски услови тешко можело да се помине за еден ден. Растојанието од Велес до Скопје изнесувало како што забележал С. Новаковиќ околу 60 километри.[153] Средновековната тврдина Велес според Т. Томоски, се наоѓала на л. "Градиште" и "Долни Град" на десната страна на Вардар и на составот на двете клисури на реката Вардар и Тополка.[154] Растојанието од 60 километри од Велес до Скопје и со голем напор тешко можело да се мине за еден ден не само од пратеништвото, туку и од српскиот гласник кој побрзал уште взори да го извести кралот дека доаѓа византиското пратеништво, оди против неговата идентиикација со пограничното византиско градче. За Велес од изворите со сигурност се знае дека бил во овој период под византиска власт. Под претпоставка податокот од "месните жители дека растојанието е мало и дека треба да се патува само тој ден и дека нема потреба да се брза" кој го соопштува учениот Метохит е празна фраза, на која не треба да и се обрне внимание, што е малку веројатно, тогаш ако пратеништвото тргнало околу шест часот, а не взори, како што вообичаено тргнувало при своето патување од Цариград,[155] одејќи "полека како што прилега на пратеници со секакви почивки" и се движело по 4 киломерти на час, плус почивките околу 2 часа, пред зајдувањето на

[153] *Новаковић,* Немањићске престонице, 25.

[154] *Томоски, Т.,* Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, 267-269.

[155] *Теодор Метохит,* 239, 241.

сонцето се наоѓало најмалку уште на дваесетина километри од Скопје, по што го забрзало одењето два часа по зајдувањето на сонцето. После тие два часа одење по мрак, тешко дека се наоѓале "сред едно поле" (асоцијација на Скопското Поле) - можеле да поминат најмногу уште околу 6-7 километри, во зимски услови и во мрак) и не знаеле што да прават, дали да продолжат или да останат да преспијат. Бидејќи останувале уште повеќе од десет километри пат, растојание кое морало да се помине за 3 до 4 часа, ако не и повеќе, во градот би пристигнале, на полноќ што е сосема непристојно, како за пратениците, така и за домаќините кои требало да ги дочекаат.

Како дополнителни аргументи кои одат во прилог на Скопје како место каде престојувал српскиот крал, а каде пристигнало византиското пратеништво, и каде се воделе преговорите се: податокот за градскиот началник и управникот на областа, податоците за постоење на српски кралски двор во Скопје од Теодор Метохит опишан како мошне раскошен,[156] а особено податокот за постоењето на црква Св. Богородица која ја посетил Теодор Метохит со своите соработници, а која според него била "најубавата црква во градот" што значи дека покрај неа имало уште многу убави цркви. За Штип не се знае со сигурност дека во времето на Милутин имало црква посветена на Св. Богородица Троеручица или други убави цркви, додека за Ѓуриште се знае постоење на црква посветена на Св Богородица, како и траги на уште неколку други цркви.

Пред Велигден односно пред 19 јануари 1299 година на византиско-српската граница, во близината на Кожле, на ничија земја, односно на реката Вардар, било извршено церемонијалното промовирање на договорот при што принцезата Симонида со византиските заложници му била предадена на Милутин. Од друга страна Милутин им ги предал на Византијците својата доттогашна сопруга кралицата Ана, пребегот Котаница на чие предавање Византијците особено инсистирале, и српските заложници. По венчавањето на Милутин со Симонида кое го извршил охридскиот архиепископ Макариј,

[156] *Новаковић,* Немањићске престонице, 25.

српскиот цар со своите велможи му бил на гости во Солун на византискиот цар, каде бил пречекан со големи почести, а бил даруван и со богати подароци.[157] Со склучувањето на договорот била воспоставена новата византиско-српската граница, додека освојувањата на Милутин во Македонија му биле формално-правно признати како мираз. Според Сводната грамота на кралот Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија, најверојатно од 1303 година границата изгледала вака: "И по сѣ пѣшьствованиємь свѣтыю ми господиноу Симєѡна и Савы прѣиѣхъ по мѣчю Скопѣскоу страноу и Ѡвѣчєполскоу и Полоѣжскоу и Дьврьскоу и прочєіє инє странє, и потомь быхъ ѕєт благовѣрномоу и самодржавѣномоу цароу грьчьскомоу кур Ѧндроникоу Палєологоу, и да мі шноуѕи ѕємлю оу прикию," додека анонимниот автор на "Описот на Источна Европа" од 1308 година, ги потврдува востановените граници помеѓу Царството и Србија: "Дел од нивната провинција или кралство поседува кралот на Рашка или Сервија и тоа како мираз, бидејќи ја има за жена ќерката на императорот кој владее сега."[158]

Во Солун, на свеченоста покрај кралот Милутин, од српска страна престојувале и значителен број на црковни лица. Меѓу нив најверојатно биле и старешините на манастирот Св. Георги-Горгос и манастирот Св. Никита од с. Бањани. Во таа пригода, како што коментира В. Мошин, претставникот на манастирот Св. Георги-Горгос, побарал и добил од византискиот цар Андроник II Палеолог повелба со која му се потврдувале старите повластици и привилегии на манастирот, а веројатно му се доделени и нови. Што се му подарил и какви привилегии му доделил не е познато, бидејќи неговата повелба не е сочувана, но затоа царот во Милитиновата грамота од 1299/1300 година е споменат меѓу дарителите на манастирот.[159] Совладетелот на

---

[157] *Pahimeres II*, 272, 2-290, 13; *ВИИНЈ VI*, 36-57. Сп.: *Станојевић*, Краљ Милутин, 16-17; *Јиречек*, Историја Срба I, 194; *Ласкарис*, Византиске принцезе, 66-68; *Томоски*, Скопје од XI до XIV век, 61; *Мошин*, Балканската дипломатија, 185-190; *ИСН I*, 447.

[158] *Мошин-Славева*, Сводната грамота на крал Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија, веројатно од 1303 година, Споменици на Македонија I, 313; *Белчовски, Ј.*, Опис на Источна Европа од 1303 година, Споменици на Македонија II, Скопје 1977, 464-465 "partem istius provinciae seu regni possidet rex Rasiae seu Servie, et hoc nomine dotis, eo, quod filiam imperatoris qui nunc imperat duxit in uxorem." Сп.: *Мошин*, Балканската дипломатија,190; *ИСН I*, 447

[159] *Мошин, Славева*, Грамоти, 205, 211, бел. 15; Мошин, Грамотите, 124.

византискиот цар, Михаил IX Палеолог, во истата пригода бил известен од кралот Милутин, дека во близината на "Скопје се наоѓа манастир посветен на светиот великомаченик Никита (ὡς πλησίον τῶν Σκοπίων εὑρίσκεται μοναστήριον εἰς ὄνομα τιμώμενον τοῦ ἁγίου μεγαλομάρτυρος Νικήτα) на кого му го подложи манастирчето што исто така се наоѓа околу тоа место во Скопје (αὐτὸν τόπον τῶν Σκοπίων)." Притоа совладетелот Михаил IX на манастирот Св. Никита му доделил хрисовул со кој му биле потврдени сите имоти и привилегии потврдени од Адроник II, а кои порано му ги доделил Милутин. Повелбата споменува место во близината на Бањани, Пребужда и место Железно заедно со тамошните градини и воденички парцели и со други права што порано му припаѓале на некој Жегр Радомир со неговите браќа, кои Милутин му ги подарил на манастирот.[160]

Со освојувањето на Скопје од Србите во 1282 година и неговото формално-правно признавање како составен дел на српската држава, со договорот помеѓу Византија и Србија од 1299 година, српскиот крал Милитин во Скопје извршил значителни градежни активности. Од особено значање е градењето на кралски дворец што сликовито го опишува Т. Метохит.[161] Со тоа градот станал една од српските кралски престолнини, каде повремено, а подоцна и почесто Милутин и другите српски кралеви ги извршуваат своите државнички работи. Српскиот кралот превзел и значителни црковни активности во смисла на обновување на запустените цркви и доделување на повелби со кои на одредени цркви и манастири им ги потврдувал старите имоти и привилегии и им доделувал нови. Тој се наметнал не само како дарежлив владетел, туку се истакнал како ктитор и добар христијанин. Тоа е особено е потенцирано од страна на архиепископот Данило кој пишува: "И вь дрьжавѣ же отьцьствиа своєго многыиє монастирє божьствьныіє отъ самого основаниа вьздвиже...и црьковь глаголюємоу Троєроучица вь славьнѣмь градь Скопии, и црьковь

---

[160] *Мошин-Славева,* Грамотата на цар Михаил IX Палеолог за манастирот Св. Никита, 286-292 особ. 288-289.

[161] *Теодор Метохит,* 266-267; *ВИИНЈ VI,* 111-112 бел. 64. Сп.: *Новаковић,* Немањићке престонице, 25; *Томоски,* Скопје од X до крајот на XIV век, 61; ИСН I, 468.

светааго Георьгиа на рѣцѣ Серавѣ, и црьковь светааго Коньстаньтина вьноутрь града Скопиа...и црьковь светааго моученика христова Никитиі близъ града Скопиа."[162]

Извршените археолошки истражувања на Скопското Кале, укажуваат дека градот Скопје во втората половина на XIII век, а особено во времето на владеењето на кралот Милутин, како една од српските престолнини прераснал во голем утврден град, со акропол и подградие. Тоа го потврдуваат како карактеристиките на утврдувањето, откриените световни и црковни градби, така и воопшто откриените материјални остатоци. Теодор Метохит во дипломатскиот извештај за преговорите со Милутин во 1299 година за Скопје вели дека бил градче "τὸ ἄστυ" кое имало градскиот началник и управникот на областа, притоа споменува раскошен дворец на српскиот крал каде тој ја примил византиската делегација, како и простории за престој на странски делегации.[163] Архиепископот Данило споменува дека во 1310 година со кралот Милутин се сретнал "подь градь славьныи Скопиѥ."[164] Повелбата на кралот Милутин доделена на манастирот Св. Георги-Горгос крај Скопје, во членот 13 член споменува "Дворь вьноутрь града скопꙗ̀скога близь Скопиштa и до Москиа, и до поута царева," членот 16 споменува дека кралот Милутин "коупи... оу градоу Скопии, вьноутрь града ... рьипиниѥ ... и тоу сьздахь палатоу и дворь Светомоу Георгию" како и "двор подь градомь при Михови златароу" додека од утврдувањето на градот споменува "Ѿвлѥ пирге, wтъ пирге до пирге, низь зьдь градьски wбь долниѥ странѣ " пирге коа іе подь коуломь на рѣцѣ , та долоу до Пирге Водѣнѥ... пирге поред Водѣнихъ врать, та низъ зьдь градни коулѣ "[165] Од надгробниот натпис пронајден на Кале кон крајот на XIX век, во кој се споменува Стефан наречен Порка кој умрел во 1317 година, како и исклесаниот клуч на левиот горен агол на надгробната плоча, се заклучува

---

[162] *Данило,* Животи краљева и архиепископа 138. Сп.: *Станојевић,* Краљ Милутин, 43; *Николовска,* Изградени и обновени манастири и цркви, 512-519.

[163] *Теодор Метохит,* 262-267; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 122-128; *Истиоп,* Средновековни тврдини, 302-309.

[164] *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 44-45.

[165] Илиевска, Мошин, Славева, Грамоти, 215 чл. 13, 216 чл. 16, 17, 220 чл. 28.

дека во времето на кралот Милутин тој бил заповедник на Скопската тврдина.[166]

Од особено значење е доделувањето на повелба на еден од најбогатите манастири во Скопско манастирот Св. Георги Горгос на Виргино брдо, во 1299/1300 година. Наведувајќи во повелбата дека манастирот го затекнал многу години запустен и разрушен, кралот на малото собрание одлучил да го обнови храмот и да го сосида од основа, со што ја заслужил честа на втор ктитор. Значајно е тоа што Милутин на манастирот му ги потврдил сите поранешни имоти и привилегии доделени според повелбите од многумина владетели, а и самиот тој богато го дарувал со нови имоти и привилегии.[167] Во вториот член од грамотата се истакнува дека "кто̑ се wврѣтаютъ оу Скопи градоу" и луѓето на манастирот Св. Георги-Горгос да бидат ослободени од разните давачки и ангарии.[168] Членот 13 потенцира дека Милутин на манастирот му подарил "оу Ско̑пии градѣ и вь wбласти Скоп҃ски, вь Прѣсци, и вь Соушици, и вь Соул҃ни Долнѣмь и Горнѣмь, или вь Сопишехъ или више Капещ҃ца, или вь Тресцѣ или вь Свѣмишли, или вь кои любо хори скопьскои, или вь прѣдѣлѣхъ скоп҃скихъ" селишта, лозја, ниви, ливади, градини или периволи или воденици. Понатаму во истиот член се споменува "Дворь вьноутрь града скоп҃ска близь Скопишта и до Москиа, и до поута царева".[169] Членот 16 истакнува дека кралот Милутин "коупи кралѣвство ми оу градоу Скопии, вьноутрь града wть Николе, сына попа Димитра Девтерѣва, рьипиніе ... и тоу сьздахъ палатоу и дворь Светомоу Георгию." Членот 17 потенцира дека Милутин му ја подарил на манастирот Св. Георги-Горгос Апокавковата црква и околу него место за градба, кое се наоѓа "wдь Царева дроума кои гредѣ wдь Сераве кь Светои Троіерүчичи оу҃ поут҃ кои идѣ кь Wблои пир҃зѣ долоу до града, до Капичалиа..."[170] Градските утврдувања на Скопје уште еднаш се споменуваат во Милитиновата грамота. Така во членот 23 кралот

---

[166] *Томовиќ*, Морфологија, 48-48 бр. 26 со детална библиографија; *Грујиќ*, Скопска митрополија, 180, 183 фот. бр. 94. Плочата се води како изгубена.

[167] *Ibidem*, 205-238; *Грујиќ*, Властелинство, 57-58, 61, 63-77; *Мошин*, Грамотите, 124-166.

[168] *Илиевска, Мошин, Славева*, Грамоти, (.чл.2) 211.

[169] *Ibidem.*, (чл. 13) 215.

[170] *Илиевска-Мошин-Славева*, Грамоти, (чл. 16, 17) 216.

Милутин на манастирот Св. Георги-Горгос му подарил "Двор подь градомь при Михови златарогь... и да кралевьство ми рьпинногь конь Ѡвле пирге, шть пирге до пирге, низь зьдь градьски шбь долніе стране,"[171] Богатството на градот и областа со земја за обработување која му припаѓала на Св. Георги-Горгос потенцирана е во членот 28. Таму се вели: "И Калоудева мѣста що люво се шврѣтаю оу Скопии градоу и изьвнь града - и нивиіе, и врьтове, и гоумна ⟨вь⟩ шбласти Скопьскои."[172] Од истата 1300 година потекнува грамотата на српскиот крал Милутин за ќелијата Св. Петка во с. Тморане Скопско, издадена на манастирот Хиландар.[173] Во грамотата на царот Михаил IX Палеолог издадена на манастирот Св. Никита кај Скопје, по месец април 1299 година, стои дека Милутин на манастирот Св. Никита му дал право во Скопје да собира данок комеркиј од три приноси (καὶ εἰς τὰ Σκόπια κομέρκιον τριῶν φόρων) "кој се дава за палење свеќа на патронот на манастирот Св. Никита."[174]

Според ахиепископот Данило во 1310 година "вь мѣсто рекомо подь градь славьныи Скопиіе, на рькоу же глаголѣмоу Великоу" тој се сретнал со српскиот крал Милутин од кого барал воена помош за борба против Каталонците бидејќи на Хиландар му престоела непосредна опасност. Кралот Милутин го искористил неговото доаѓање и го испратил кај Стефан Драгутин во Дебрец-Срем на доверлива дипломатска мисија поради заостремите меѓусебни односи. На враќање тој повторно поминал преку Скопје, но тука не го нашол кралот, бидејќи тој се наоѓал во Овче Поле.[175] Во 1314 година кога Стефан III Дечански отворено се побунил против владеењето на својот татко, и на своја страна привлекол доста приврзеници, Милутин успеал со измама да го фати и според зборовите на архиепископот Данило така окован во пранги "и

---

[171] *Ibidem.*, (чл. 23) 217.

[172] *Ibid.*, (чл. 28) 221.

[173] *Славева,* Ќелијата св. Петка, 255.

[174] *Мошин -Славева,* Св. Никита и пиргот Хрусија (Повелба на Михаил IX), 288-289, 291-292.

[175] *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 44-45; *Сшаноjевић,* Краљ Милутин, 17-18. За податоците на ова Житие како извор за војувањето со Каталонците сп.: *Живојиновић, М.,* Житије архиепископа Данила II као извор за ратовања са Каталанске компаније, ЗРВИ 19, Београд 1980,151-273.

ведоше и въ градъ славьныи Скопиѥ. И въ томь градѣ сѣдештоу ѥмоу, посьла съ благоуѣстивыи краль нѣкоторыѥ въѕлюблѥныихъ своихъ, и ѥмьше и ослѣпише и."[176] По неговото делумно ослепување тој бил прогонет, а потоа испратен во Цариград. На настојување на српскиот клер, Милутин попуштил и дозволил веќе во 1320 година, неговиот син Стефан да се врати дома. По краткотрајно престојување на Света Гора тој се вратил кај својот татко, кој пак од своја страна му ја доделил на управа жупата Будим. [177] По смртта кралот Милутин на 29. 10. 1321 година, престолот го наследил неговиот син Стефан Урош III Дечански.

Политиката на Стефан III Дечански кон Византија во почетокот била во хармонија. Но по смртта на неговата жена Теодора, која потекнувала од бугарскиот царски двор, кон крајот на 1322 година, на почетокот на 1323 година тој настојува да се ороди со владетелско семејство на Запад. По неколкуте неуспешни обиди во првата половина на 1324 година, се оженил со дванаесетгодишната Марија Палеологина, ќерка на паниперсевастот Јован, кој бил внук на царот Андроник II Палеолог.[178] Бракот предизвикал заострување на односите со Византија поради обидот на паниперсевастот да се одметне од византиската власт, во што имал активна поддршка од српскиот крал. За таа цел дедото на кралот престојувал на српскиот двор, а заедничките воени акции биле превземани од Скопје. Според Н. Грегора, наскоро по женидбата на Стефан III Дечански со Марија, на српскиот двор пристигнала нејзината мајка Ирина. Нејзиното пристигнување во Скопје, се

---

[176] *Данило,* Животи краљева и архиепископа 108, 126. Сп.: *Стојевић,* Краљ Милутин, 27-30; *Томоски,* Скопје од X до крајот на XIV век, 61; ИСН I, 464.

[177] Според Житието на кралот Стефан Дечански од Григорие Цамблак (1362-1406) (*Старе српске биографије XV и XVI века*, 14-15) за време на прогонството ва· Стефан Деански во Цариград во сон му се јавил Св. Никола и му го повратил видот. Според истото Житие (18-19) по смртта на Милутин Стефан Дечански кој се наоѓал во манастирот Бањска го симнал превезот од очите, им се претставил на најблиските дека не му е изгубен целосно видот, по што го превзел кралскиот престол.

[178] *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 174; *Gregoras I,* 373, 20-23; Cantacuzenos I, 209, 24-210,12. Сп.: *Ласкарис,* Византиске принцезе, 83-84, 87; *Белчовски,* Вториот брак на кралот Стефан Урош III и извештајот на Никифор Грогора, 523-524; *Илјовски,* Српска превласт во Македонија, 98-99 бел. 26; ИСН I, 501-502; ВИИНЈ VI, 195, бел. 78 (ком. *Ѓирковиќ-Ферјанчиќ*).

поврзува со болеста на српскиот крал, датирана помеѓу 1324 година, времето по свадбата на Стефан III Дечански со Марија Палеологина и 28 ноември 1326 година, кога советот на Дубровник на молба на српскиот крал, му го испратил градскиот лекар Егидиј. Истиот лекар на српскиот двор повторно пристигнал на 14 мај 1327 година. Манојло Фил известува дека паниперсевастисата пред пристигнувањето на дворот му се молела на Св. Анастасиј, за здравјето на својот зет.[179] Кратко време по нејзиното пристигнување, во Скопје пристигнал и нејзиниот маж, паниперсевастот Јован Палеолог, кому според Ј. Кантакузин по трет пат му била доверена управата на Солун со поширокаата околина. Според Н. Грегора "Тој повеќе не сакал да му се потчинува на царот, туку сакал за себе да си создаде царство за кое сметал дека му припаѓа.[180] Намерата му била од кралот да направи сојузник за остварување на таа цел." Според пишувањето на Ј. Кантакузин, паниперсевастот Јован Палеолог, "наумил да му пријде на владетелот на Трибалите, кој му бил зет, за да ја искористи неговата сила како сојузник" и "да создаде за себе сопствена власт, одметнувајќи се...од царот."[181] По договорот за заедничка воена акција Јован Палеолог во средината на 1326 година, војувал и ги пустошел земјите "до реката Стримон и до Сер" според Н. Грегора, или како што известува Ј. Кантакузин, "тоа што наумил и во дело почнал да го спроведува. Откако со целото свое семејство преминал кај Трибалите но надежите му се изјаловија. Имено сите градови кои биле под него дознале за неговото одметнување и се однесувале кон него како кон непријател." Поради тоа во западните градови настанала голема забуна.[182] Обидот на Јован Палеолог да ги придобие и своите шуреви, синовите на великиот логотет Теодор Метохит, Димитрија Ангел кој

---

[179] *Ласкарис,* Византиске принцезе, 86-87; *ВИИНЈ VI*, 596 бел. 21; *ИСН I*, 502.

[180] Според *М. Ласкарис* (Византиске принцезе, 84 бел. 3) ова е алузија на намерата на царот Михаил VIII Палеолог, според Н. Грегора (187, 3-24) да му направи на својот син Константин Палеолог, таткото на паниперсевастот Јован посебна држава во Македонија со центар во Солун. Реализацијата на оваа негова идеја ја спречила смртта на царот.

[181] *Gregoras I*, 373, 23-374, 4; *Cantacuzenos I,* 209, 13-17.

[182] *Gregoras I,* 374, 5-6; *Cantakuzenos I,* 209, 17-22; *ВИИНЈ VI*, 196 бел. 80; 316-317, бел. 35.

управувал со Струмица и Михаил Ласкарис заповедник во Мелник "и двата града во Македонија," не успеал. Според Ј. Кантакузин тие "му упатиле нему и на неговата сестра писмо кое не го откривало одметнувањето, но давало не безначаен повод за сомневање. Обилувало со двосмислени изрази" и потсетувало на старото пријателство, заедничките средби, за заемна благонаклоност и роднинските врски. Откако писмото било запленето од "војниците кои биле одредени да ги чуваат патиштата поради војната против паниперсевастот"[183] тоа стигнало во рацете на Андроник III, кој за да внеси раздор помеѓу великиот логотет Теодор Метохит и Андроник II, писмото му го предал на византискиот цар.[184] Согледувајќи ја опасноста од меѓусебни судири со луѓто кои биле на негова страна, царот успеал да го придобие паниперсевастот Јован доделувајќи му достоинство кесар. Знаците на кесарското достоинство му ги упатил преку пратеници, кои паниперсевастот ги примил во Скопје. Примајќи ги кесарските знаци, тој ветил дека ќе го почитува мирот и повеќе нема да бара ништо. Според Н. Грегора намерата му била да се врати во Солун, но во Скопје тешко се разболел и за кратко време умрел.[185] Кесарисата Ирина, сопругата на Јован Палеолог, и понатаму останала во Скопје од една страна што сакала да биде со "својата ќерка и зетот, а и поради тоа што пред Ромеите се срамела за однесувањето на својот маж" не сакала да се врати во Солун.

---

[183] Овој податок укажува дека обидот на Јован Палеолог да ги придобие на своја страна шуревите, бил по неговата воена акција со силите на српскиот крал во областите околу Стримон до Сер, а не како што мисли *М. Ласкарис* (Византиске принцезе, 84-84) дека тој најнапред стапил во контакт со нив, па дури после превзел воена акција. *Мошин, В., Пурковић, М.,* Хиландарски игумани средњег века, Скопље 1940, 52 смета дека преписката на паниперсевастот со синовите на Т. Метохит се случувала помеѓу септември 1326 по доаѓањето и крунисувањето на Ана Савојска, а пред октомври 1327 година.

[184] *Cantacuzenos I,* 209, 23-211, 5; *ВИИНЈ VI,* 316-317.

[185] *Gregoras I,* 374, 6-12; *ВИИНЈ VI,* 196. За смртта на кесарот Јован Палеолог во Скопје, известува и византискиот поет Манојло Фил во песната посветена на Кесарот, при што со одбрани зборови го опишува неговиот духовен и физички изглед и воените способности : *ВИИНЈ VI,* 597.Сп.: *Ласкарис,* Византиске принцезе, 85; *Томоски,* Скопје од XI до крајот на XIV век, 61-62. *Мошин, Пурковић,* Хиландарски игумани, 52 поаѓајќи од фактот дека византиското пратеништво на пат за српската престолнина на 12 април било во Струмица, сметаат дека тоа значи оти кесарот Јован Палеолог, умрел во март 1327 година.

На почетокот на 1327 година на инсистирање на Т. Метохит, византискиот цар упатил едно дипломатско пратеништво составено од Торник, Касандрина и Никифор Григора, на српскиот двор во Скопје. Целта на пратеништвото била, да ја убеди кесарисата Ирина да се врати во Солун и да ги среди разнишаните односи со српскиот крал да го придобие како сојузник во претстојната граѓанска војна со Андроник III. Според историјата на Никифор Грегора, по пристигнувањето кај српскиот крал, византиското пратеништво средило различни "Ромејски работи" и го убедило кралот, да ја принуди кесарисата да се врати во Солун.[186] Од друга страна извештајот на истиот Н. Грегора во писмото до Андроник Зарада за преговорите на српскиот двор во Скопје дава повеќе податоци како за намерата на пратеништвото така и за кесарисата Ирина, која на почетокот на 1327 година сеуште била во Скопје. Византиското пратеништво на 12 април 1327 година пристигнало во Струмица, каде го отпразнувале Велигден. Од таму на третиот ден од патувањето, што значи на 15 април, пристигнало во "градчето Скопје кое е во пределите Трибалски. Таму ја гледавме реката Аксиј, која нам ни изгледаше најголема по Струма." Според истиот извор византиската делегација го нашла српскиот крал заедно со неговата баба, благородната кесариса Ирина "која беше облечена во црна облека, во знак на голема жалост" поради загубата на мажот. "Кога не виде нас" продолжува Н. Григора "целата занесена од жалоста... често го споменуваше името на мажа си Кесарот... и сета беше исполнета со мака и пропаст од жал, *замислувајќи дека се наоѓа во туѓина... далеку од пријателите, родителите и роднините, па дури и соплеменициите, лишена од се што би можело колку-толку да ја ублажи нејзината душа... И најпосле успеавме да ја успокоиме...* потпирајќи ја главата на десната рака таа беше занесена во својата жалост, доведувајќи го во умот својот маж, размислуваше за својата положба..." По трогателната средба со кесарисата во Скопје, преговорите продолжиле во наредните десет дена и завршиле успешно. На испраќањето на византиското пратеништво од

[186] *Gregoras I*, 374, 12-19; *ВИИНЈ VI*, 196.

Скопје лично присуствувал и кралот Стефан III Дечански "*со својата сопруга, да ја утеши баба си...* и... да ја испрати кесарисата дома, со почести *и да и го искаже должното почитување, и како своја роднина и како снаа на големиот цар* и како жртва на големата несреќа. Тој го изврши тоа многу брзо и како што му изгледаше убаво, а всушност многу далеку од сето она како би требало да биде... Кога решивме да се вратиме дома, *по еден ден заедничко патување, ние се разделивме. Кесарисата со некои мораше да отпатува за Солун,* за да му оддаде последна почест на мажа си, кој при смртта наредил неговото тело да се пренесе во Солун."[187]

Од горниот текст можат да се заклучат уште неколку детали за причините поради кои кесарисата Ирина не сакала да се врати назад во Солун: Имено таа иако "замислувајќи дека се наоѓа во туѓина, како во пустина или на реките Вавилонски," најверојатно се плашела да се врати во Солун поради можни негативни последици на државната администрација, по смртта на нејзиниот маж, на чиј погреб во Солун таа не присуствувала; второ, податокот дека "далеку од пријателите, родителите и роднините, па дури и соплемениците, лишена од се што би можело колку-толку да ја ублажи нејзината душа" би укажувало дека таа барала и некои дополнителни гаранции од византиските власти за своето враќање на што особено упатуваат зборовите на Н. Григора "и најпосле успеавме да ја успокоиме"; од друга страна може да се забележи особено студеното однесување на кралот Стефан III Дечански кон кесарисата при нејзиното испраќање. Податокот дека при испраќањето на кесарисата српскиот крал ја испратил "и како своја роднина и како снаа на големиот цар... многу брзо и како што му изгледаше убаво... многу далеку од сето она како би требало да биде" би можело да се однесува и воопшто на византиското пратеништво, од што се согледува неговиот одмерен однос кон стариот цар во граѓанската војна.

---

[187] *Gregoras I,* 374, 12-19; *Nicephori Gregorae Epistulae,* ed. P.A.M.Leone, Tipografia di Matino 1983, vol. II, ep. 32, p. 103-124; *Белчовски,* Вториот брак на Стефан Урош III и извештајот на Никифор Григора, 545-553; ВИИНЈ VI, 620-626. Сп.: *Јиречек,* Историја Срба I, 205; *ИСН I,* 502-503; *Илјовски,* Воспоставување на српска превласт, 104; *Радић,* Јован V Палеолог, 64-65.

Известувањето дека на враќање од Скопје кон византиската престолнина "по еден ден заедничко патување, ние се разделивме" упатува на местото (Кожле, или некое место северно од Кожле) од кое се разделувал едниот пат по Вардарската долина кон Солун каде продолжила кесарисата "за да му оддаде последна почест на мажа си," а другиот по кој продолжиле пратениците одел преку Овче Поле и Штип кон Цариград.

Третата фаза од граѓанската војна во Византија помеѓу спротивставените Андроник II и Андроник III Палеолог, започнала во есента 1327 година. Првиот ја имал поддршката од српскиот крал, а вториот на бугарскиот цар. Во ноември 1327 година војските на Андроник II предводени од неговиот син деспотот Димитриј Палеолог началник на Солун, заедно со српските трупи под команда на Хрељa, гонејќи ги приврзениците на младиот цар од Македонија, ги држеле позициите помеѓу Драма и Филипи во очекување на доаѓањето на Андроник III. По упатството на стариот цар неговите војски да го нападнат непријателот, деспотот Димитриј сепак се повлекол кон Сер што на младиот цар му овозможило брзо напредување. Веќе во декември 1327 година, Андроник III Палеолог влегол во Солун. Овој настан предизвикал паника на командантите на стариот цар. Тие го напуштиле бојиштето и побегнале кај српскиот крал. Војската на Андроник III под команда на Јован Кантакузин, брзо навлегла и во останатите делови на Западна Македонија. Пребегнатите византиски воени команданти настојувале да го убедат српскиот крал да ги нападне војските на Андроник III во Пелагонија. Кралот го одбил тоа, и им предложил да се утврдат во византиски тврдини Прилеп, Просек и Струмица. По нивното повлекување од нив, Стефан III Дечански во нив воспоставил своја власт.[188] Во таа пригода Србите најверојатно успеале да ја освојат и тврдината Кожле.

Успешното зацврстување на Андроник III Палеолог (1328-1341) на царскиот престол ги заострило српско-византиските односи. Во летото 1330

[188] *Gregoras I,* 393, 21-401, 9; 413, 2-22; *Cantacuzenos I,* 214, 18 -285, 23; *ВИИНЈ I,* 196-207;317-334. Сп.: *Острогорски,* Историја, 468; *ИСН I,* 502-503; *Илјовски,* Воспоставување на српска превласт, 108-113; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 163-164.

година, Византијците и Бугарите на различни правци воделе воени операции против Србите. Српскиот крал Стефан III Дечански во летото 1330 година кај Велбужд ги поразил Бугарите, додека царот Андроник III Палеолог, успеал во Македонија да поврати некои погранични тврдини. По неговото повлекување кон престолнината во текот на истата година, српскиот крал повторно ги нападнал византиските гранични области и ги освоил Велес, Просек, Штип, Чрешче и Добрун. Иако не е наведено, може со доста голема сигурност да се претпостави дека за време на граѓанската војна во Византија во 1328 година српскиот крал Стефан III Дечански ја освоил и врдината Кожле, Андроник III Палеолог во 1330 година успеал да ја поврати, а потоа српскиот крал повторно ја освоил. На тоа упатува грамотата на српскиот цар Стефан Душан доделена на серскиот митрополит Јаков за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година. Во грамотата се вели дека "храмъ великаго архіерѣа Христова и чюдотворца Николи, въ мѣстѣ нарицаемѣмъ на П҃шини подъ Козлиемъ егоже създа прародитель царства ми светы краль Оурошь и настоештіми врѣменм҃и пороушень и властели насилиаемь, или истѣе рещти помѣроп҃шень."[189] Ако храмот Св. Никола бил изграден (обновен) во времето на Милутин, најверојатно по 1299 година, како благодарност кон Св. Никола, по повод примањето на византиската принцеза Симонида, тој морал да се наоѓа на српска територија спроти тврдината Кожле,[190] од тогаш па се до 1328 година, претпоставеното

---

[189] *Новаковиќ,* Законски споменици, 701-702; *Славева,* Дипломатичко-правните споменици, (Грамотата на цар Душан за црквата Св. Никола кај Кожле од 1355 година) 413-414; *Славева, Мошин,* Српски грамоти, 28-29. За походот на Андроник III сп.: *Томоски, Т.,* Белешки за воениот поход на Андроник III Палеолог во Македонија во 1230 год. ГЗФФ ск., 16 (1964) Скопје, 41-44; *ИСН I,* 507-508; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 166-171.

[190] Мислењата на Л.Славева (Дипломатичко-правните споменици (Манастирот Св. Никола во Кожле, како метох на Призренскиот Архангелски манастир, 218) и И. Велев (Средновековни цркви и манастири, 131 бр. 627) дека податокот од Душановата повелба за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година за изградбата на црквата во времето на Милутин се потврдува во грамотата на престолонаследникот Михаил IX за манастирот Свети Никита на Скопска Црна Гора од 1299 година и во интерполираната Милутинова грамота на Хиландар од 1303 година, се сосема погрешни и зборуваат за друг истоимен манастир, а не за тој кај Кожле на р. Пчиња. Имено, во Грамотата на цар Михаил IX за манастирот Св. Никита кај Скопје од околу 1299 година (*Мошин,* Славева, Св. Никита и Хиландарскиот пирг Хрусија, 290, 313;) не е споменат манастирот Св. Никола на Пчиња под Кожле, туку е споменато дека византискиот цар на манастирот Св. Никита од Бањани му го дал " *и светиоѿ храм ѿсвештен на ѿреблаженноѿ свеѿи Никола смесѿен во околинаѿа на Љубени*" додека пак во Сводната грамота на кралот Милутин на Хиландар и пиргот

освојување на тврдината Кожле од кралот Стефан Урош III Дечански иако името на тврдината не е децидно споменато, црквата односно манастирот егзистирала, а за време на воените дејствија на византискиот цар Андроник III Палеолог против Србите во 1330 била опустошена, при што била изгубена или уништена и даровната грамота на кралот Милутин. Користејќи ја ваквата состојба, по повторното враќање на црквата и тврдината Кожле под српска власт, српските локални феудалци ги присвоиле нејзините имоти.[191]

5. Градот и областа во времето на Стефан Душан

По смртта на Стефан Урош III во неразјаснети околности при пресметката околу престолот со неговиот син во ноември 1331 година, на чело на Србија застанал младиот и амбициозен Стефан Урош IV Душан (1331-1355). Марија Палеологина жената на Стефан III Дечански според податоците на Дечанскиот поменик, се замонашила под името Марта. Не се знае точно во кој манастир ги поминала монашките години, но можно е, како мајка на кралот а потоа и царот Душан, да живеела на владетелскиот двор во Скопје. На тоа упатува нецелосниот натпис на надгробната плоча,

---

Хрусија, од околу 1303 година, во врска со имотите на манастирот Св. Никита се вели дека кралот Милутин му ги подарил селата Бањане, Пребујда, Лопушани, Глуси, влашкиот катун "и оу Моравѣ село С҃мира, и Свѣтаго Николоу оу Коз҃ли" и со селото и со заселците и со сите права. Од овие два цитата на споменативе грамоти не е сосема јасно дека станува збор манастирот Св. Никола на Пчиња под Кожле, туку напротив, *податкоот дека "светиот храм посветен на преблаженоит свети Никола" се наоѓал во околината на селото Љубени,* (кое според Kravari, Villes et villages, 135 се наоѓало на 12 километри источно од Скопје) *и споменувањето на селото Смир на Морава па потоа вети Никола на Козле, упатува на тоа дека станува збор за области од севернатa страна на Скопска Црна гора, односно села околу горниот тек на Биначка Морава. М. Живојиновиќ* (Хиландарски пирг у Хрусији, Хиландарски зборник 6, (Београд) 1986, 67 бел. 43, и карта на с. 82) селото Смир го локализирала во горниот тек на Биначка Морава, додека во врска со дарувањата на Милутин на Св. Никита во моментот кога истиот манастир го приложил на пиргот Хрусија вели дека тоа биле без сомнение селото "Глуси испод Свете Никите са пронијёаром Калођурђем Репаном и можда манастир Св. Никола под Кожлем." Нејзиното сомневање го поддржуваме и со податокот дека во поширокиот регион на горна Морава постои село со името Кожле (Imenik naseljenih mesta u FNRJ Beograd 1951, 305, 305) каде можеби имало истоимен манастир.

[191] Околу времето на времето на запустувањето на манастирот сп.: *Петковиќ,* Преглед, 216; *Велев,* Преглед, 131 бр. 627; *Славева,* Манастирот Свети Никола кај Кожле, 165. *Томоски,* Овче Поле во средниот век, 254 повикувајќи се на биографот на кралот Милутин (*Данило,* Животи краљева и архиепископа, 156-157) претпоставува дека манастирот бил запустен, а неговите имоти разграбани од локалните феудалци по смртта на Милутин.

зазидана во надворешниот ѕид пред влезната врата на црквата Св. Димитриј во Скопје. Во натписот се споменува монахиња од царско потекло "ѡт ц(а)рскыихъ ѣдрь произидохъ," која се замонашила "їже м(и)рски ѕовома вѣхъ" а потоа умрела на 7 април 1355 година за време "ц(а)рьствѹюшѹ [прѣвьзлюблен(ь)ицѹ моѥ]мѹ с(ы)нѹ. всѣми срьбли. и гьдкы. [самодрьжавнѹмь ц(а)рѹ]ст(є)фанѹ."[192] Во науката одамна е отфрлено мислењето на Р. Грујиќ дека надгробната плоча зборува за мајката на Душан Теодора, за која се знае дека умрела уште во 1322 година, а од друга страна истакнато мислењето дека натписот се однесува на Марија Палеологина, маќеата на Душан која живеела на царскиот двор во Скопје. Пронајдената надгробна плоча укажува на годината на нејзината смрт и дека таа била погребана во Скопје.[193] Според мислењето на Ц. Грозданов и Д. Ќорнаков, по откривањето на портретот на деспотицата Марија (сестра на Теодора мајката на Душан) а тетката на српскиот крал и цар Стефан Душан, претставена како ја држи макетата на црквата Св. Ѓорѓи во с. Полошко (задужбина на нејзиниот син Јован Драгушин) која со својот син уживала гостопримство на српскиот двор во времето на владеењето на Стефан Душан, сметаат дека монахиња од царско потекло која умрела на 7 април 1355 година, според епитафот на плочата од црквата Свети Димитрија во Скопје, се однесува на на мајката на Драгушин. Според натписот од Полошко нејзиното световно име било Марина, додека монашкото Марија. Била ќерка на бугарскиот цар Смилец (1292-1298) мажена за бугарскиот деспот Алдимир. Тоа сосема одговара на натписот од плочата од Скопје каде се наведува дека потекнувала од царски род потекло "ѡт ц(а)рскыихъ ѣдрь произидохъ." Во повелбата на кралот Душан од 1340 година,

---

[192] *Томовић,* Морфологија, 44 бр. 48 последно критичко издание на натписот.

[193] *Грујић, Р,* Краљица Теодора, мати цара Душана, ГСНД I/2, 1926, 314 смета дека надгробниот натпис се однесува на мајката на Душан Теодора. Натписот прв го објавил *Јовишић, Г.,* Дечански првенацъ, Нови Сад 1852, 111. Но М. Ласкарис (Византиске принцезе, 88-96) му припаѓа заслугата што докажал дека монахињата со царско потекло чие име на плочата недостасува, била Марија Палеологина маќеата на Стефан Душан. Ваквото читање и мислење го прифатиле и други истражувачи: *Дероко,* Скопље, 10 и сл. 33; *Томовић,* Морфологија, 44 бр. 48; *Радонић, Ј.,* О деспоту Јовану Оливеру и његовој жени Ани Марији, Глас САН 94 (1914), 74-108 и *Јиречек,* Историја Срба I, 262. Тие сметаат дека кралицата

со која селото Полошко со манастирот Св. Ѓорѓи му го дава на Хиландар, тој својата тетка деспотицата Марија ја нарекува "матєрь кралѣевства ми деспотицоу"[194] се совпаѓа податокот на епитафот од Скопје каде анонимната монахиња го нарекува Стефан Душан свој син.[195] Иако претпоставката на Ц. Грозданов е умесна, поприфатливо би било маќеата на Душан Марија Палеологина, царот да го нарекува свој син, како што и го нарекува на епитафот, а не тетката. Прашањето за идентитетот на монахињата од царско потекло на плочата од Скопје, останува и понатаму во доменот на дискусија.

Улогата на Скопје како српска престолнина во времето на Душан постепено се зголемува. Од таму започнуваат најголемиот број на воени походи против Византија. Во Скопје се одвиваат најважните политички и црковни настани за Српското кралство и царство. На српскиот двор во Скопје, пристигнуваат најголемиот дел на одметници и незадоволници од византискиот цар. Кон крајот на 1333 година во Скопје, пристигнал византискиот велики дукс Сиргијан, кој една година пред тоа паднал во немилост. Со неговото доаѓање, тој одиграл една од најголемите улоги како советник на српскиот крал за превземање на воените операции против Византија во Македонија. Во таа насока кралот Душан со поддршка на Сиргијан во 1334 годна превзел воен поход против Византија. Без поголеми тешкотии кралот ги освоил Прилеп и Охрид, додека Сиргијан го освоил Костур. Брзото освојување на византиските градови во Македонија, му овозможила на српскиот крал да размислува за напад и на Солун.

Со мирот помеѓу српскиот крал Стефан Душан и византискиот цар Андроник III Палеолог на 26 август 1334 година, Србите ги задржале

Марија Палеологина по смртта на нејзиниот маж, се премажила за Јован Оливер. Околу ваквото мислење кое го прифатиле и други автори сп.: *ВИИНЈ VI*, 381 бел.80 и 384 бел. 94

[194] *Новаковиќ*, Законски споменици, 409.

[195] *Грозданов, Ц., Ќорнаков, Д.*, Историјски портрети у Полошком (I), Зограф 14, 64-66; *Исшише*, Историјски портрети у Полошком (II), Зограф 15, 85-87; *Исшише*, Историјски портрети у Полошком (III), Зограф 18, 37-38. Најнова анализа на надгробната плоча дава *Grozdanov, C.*, L'epitaphe de Skopje de 1355, Livre dédié à Iv. Dujčev, Sofia, во печат.

градовите Охрид, Прилеп и Струмица.[196] Мирот со Византија овозможил кралот и господаречката класа на Србија да се посветат на внатрешните проблеми, и кон задоволување на духовно културните потреби, но истовремено и придобивање на црковните кругови, заради остварување на своите планови. Во тој поглед за Скопската област од црковно-уметнички аспект е за одбележување градбата на црквата Св. Богородица во с. Кучевиште каде се претставени и портретите на кралот Душан и кралицата Елена, во целиот сјај на раскош и бујна младост. Црквата била градена во времето на кралот Стефан Дечански додека живописот бил изведен најкасно до 1337 година, со средства на војводата Дејан и војводицата Владислава, вториот живопис чии ктитори се Марена, Радослав и Владислава настанал подоцна, додека третиот живопис на кој ктитор бил Радослав- подоцна жупан- настанал околу 1348 година. Во првиот слој на живописот, односно на источниот дел јужниот ѕид кој настанал во 1337 година, претставени се кралот Стефан Душан и кралицата Елена. Младешки изглед на кралот Душан, кој можел да има околу 26-28 години, отсуството на дете, (синот Урош се родил по 1337 година) потврдува дека портретот настанал пред 1337 година. Портретот на кралицата Елена, е насликан лево од кралот и е доста оштетен.[197] Властелинката госпоѓа Даница во 1336/37 година во времето на кралот Стефан Душан, кога нејзиниот најстар син ја држел Матка, ја подигнала во црквата св. Никола во с. Љуботен Скопско.[198]

Ваквите благопријатни услови на мирно живеење на српската држава во новоосвоените области во Македонија влијаеле на зајакнувањето на угледот на Српското кралство и кралската престолнина. Најверојатно од овие причини имаме и прво претставување на Скопје како српска

---

[196] *Gregoras I,* 489, 17-501, 11; *Cantacuzenos I,* 450, 13 -458,16; *ВИИНЈ VI*, 215-221 бел. 125; *Данило,* Животи краљева и архиепископа, 226. Сп. : ИСН I, 514; *Радић,* Јован V Палеолог, 93-94; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 178-180.

[197] Поопширно за ктиторите на живописот и карактеристиките на портретите на кралот Душан и кралицата Елена сп.: *Расолкоска-Николоска, З.,* О ктиторским портретима у цркви Свете Богородице у Кучевишту, Зограф, 16, Београд 1985, 41-54.

[198] *Томовић,* Морфологија ћирилских натписа, 56 бр. 36; *Расолкоска-Николовска,* О владарским портретима у Љуботену, 45.

престолнина на картата на Анжелико Дулцерт во 1339 година. На неговата поморска карта со црвени латинични букви е испишано името на Скопје (Skopi). Над натписот е претставена вињета на тврдината на градот со четири кули. На врвот од една од кулите се издигнува копје со знаме, на чија жолто-златна подлога претставен е двоглав орел со раширени крила. На врвот на копјето има круг, во кој се наоѓа крст. Над знамето стои натписот Seruia. Ваквото претставување на Скопје, знамето како и натписот Србија во средината на северна Грција, се смета дека е одраз на се поизразеното ширење кон југ, на сметка на Византија од една страна, а од друга како едно навестување за претстојното силно српско навлегување на југ и прераснување на Србија во моќен противник на Византиското царство. Појавата на двоглавиот орел го претставува византиско влијание на начинот на живот на српскиот двор, почнувајќи од Милутин со женидбата на Симонида, па се до времето на Душан, кога копирањето на византискиот начин на однесување достигнува највисок врв. Појавата на вињетата на Скопје со знамето на Србија од друга страна укажува на местото каде се наоѓала главната престолнината на државата, каде кралот со своите соработници го поминува најголемиот дел од своите државнички должности.[199]

По смртта на византискиот цар Андроник III Палеолог на 15 јуни 1341 година мирните односи помеѓу Византија и Србија се влошиле. Српскиот крал во текот на јули истата година превзел поход и освоил некои помали тврдини во околината на Солун. Од Цариград бил испратен Јован Кантакузин, чии пратеници го обновиле мирот со Србија, под поранешните услови. Во меѓувреме во Византија дошло до судирот околу регентството над малолетниот цар Јован V Палеолог. Великиот доместик Јован Кантакузин како долгогодишен соработник на Андроник III претендирал над регентството, додека Алексиј Апокавк и партијархот Јован Калекас, ја

[199] *Соловјев,* Застава Стефана Душана над Скопљем, 345-348; *Томовић,* Поморска карта Ангелина Дулцерта из 1339 г., ИЧ XIX (1972), 81-85, 96-97; *Monumenta Cartographica* Jugoslaviae II, Београд 1979, 46-49. Картата се чува во: Biblioteque national, Paris, Departement des cartes et plans, Rés (Ge, B, 696).

поддржувале царицата Ана Савојска како легитимен регент. Потширајќи се на поддршката на феудалната аристократија, Јован Кантакузин во октомври 1341 година се прогласил за цар, со што започнала граѓанска војна во Византија. Во почетокот на 1342 година со побуната во Тракија и Македонија, против феудалната аристократија, ослабнале позициите на Јован Кантакузин. Во желба да ја продолжи борбата против цариградската влада, а во потрага на сојузник, тој најнапред ќе се обрати за помош. Но кога во судирот со своите противници не постигнал успех, со 2000 свои верни приврзеници се упатил кон српската граница, со намера лично да пристигне на српскиот двор и да разговара со кралот Душан. Во Скопје византискиот цар останал десет месеци, а притоа на неколку пати заедно со српскиот крал превземале воени походи против Византија.[200]

Според известувањето на Никифор Григора, Јован Кантакузин во почетокот на летото 1342 година "му испрати на Кралот пратеништво за да го извести за трагичната судбина" но откако пратеништвото било заробено, Јован Кантакузин со својот воен одред се упатил на дворот на Јован Оливер, близок соработник на кралот. По размената на дарови Ј. Кантакузин ветувал дека својот син Маноил да го ожени со ќерката на Оливер, доколку овој посредува кај српскиот крал. Така "снабден со неговите цврсти и сигурни писма од Кралот на Србија и земајќи ги потребните пратители, се случи (Јован Кантакузин) на петнаесеттиот ден да стигне во градчето (τὸ τῶν Σκοπίων πολίχνιον), чии тврдини протекувајќи ги заплискува реката Аксиос." Реката течела надолу, откако примала вода од други реки и потоци, понатаму била позната под името "Вардар." Во Скопје, продолжува Н. Григора на уморната војска на Ј. Кантакузин "и се причини дека е тоа некое место погодно за одмор, да ја прифати војската занесена од длабокото нерасположение и големиот замор, ако не толку сосема како што прилега, тогаш не многу помалку од тоа. Ако значи како што се вели на гладниот секој леб му е сладок, така нив, барем сега тоа да се раководат од моментите

[200] *Радић*, Јован V Палеолог, 112-136.

на иноплемениците, угодно на било кој начин, им изгледало како нешто слатко и добро. Оти, имено, тоа што толку оддалечени во туѓа земја и навистина иако против својата волја прогонети од своите, сретнуват благородни луѓе и било какво прибежиште наоѓаат, беше исто како, кога на оној кој не очекува, би му се случило да од големиот бродолом и бурето да стигне во некое пристаниште. Затоа што, таа дива и планинска нарав, необразованост и варварски зборови и мисли, ги покрива смиреноста на животот и сојузничката благонаклоност која се изразува особено во времето на потреба, кога е очигледно дека и најмалиот знак на добра волја се чини повеќекратно поголем." Во Скопје Јован Кантакузин останал еден ден, и откако војската добро се одморила, следниот ден тој се упатил кон Приштина, каде се сретнал со српскиот крал.[201]

Според мемоарско-историското дело на Јован Ка̀нтакузин (1347-1354), во јули 1342 година по средувањето на власта во Солун, војсководачот Алексиј Апокавк се вратил во византиската престолнина. Најголемиот дел од војската на Јован Кантакузин со одред од околу 2000 души, не влегувајќи воопшто во борба се упатил кон српската граница. Откако преноќил во Просек, Јован Кантакузин наредниот ден "преминувајќи ја реката Вардар, одел кон градот Скопје (ἐπὶ Σκοπιὰν πόλιν), кој исто така одамна бил ромејски, а од пред многу години го владеат Трибалите." На пат за Скопје Ј. Кантакузин бил пречекан од Јован Оливер, кому му бил гостин три дена на неговиот двор. Откако војската се одморила, Оливер "му предложил на царот да отиде во Скопје и таму да ја причека веста од Кралот." Кралот Душан откако дознал за доаѓањето на Кантакузин му испратил поздрави и ветил дека наскоро ќе се видат. Ј. Кантакузин пак примајќи ги поздравите и веста "дека му доаѓа Кралот со жената, тој нив ги отпоздравил и им искажал голема радост и пријателство. Замина од Скопје и стигна во некое место кое поради убавината го викаат Паун и тука кај неутврденото село кое се вика Приштина, се состана со Кралот." Наредните денови започнале меѓусебните

[201] *Gregoras* II, 636,8-640, 14; *ВИИНЈ* VI, 231-236. Дворот на Оливер се наоѓал во Ѓуриште, сп.: *Томоски,* Овче Поле во средниот век, 248-249.

преговори. Српски крал со особена почит се однесувал кон Јован Кантакузин, давајќи му почесно место на гозбите, ноќевање во дворот на кралот, додека при патувањата и други прилики секогаш го поставувал пред себе. Во дворот на кралот, Кантакузин доаѓал скоро секој ден при што се воделе долги разговори на заедничките гозби, со меѓусебна почит, како владетел со владетел.[202]

По заклучувањето на договорот за пријателство и соработка во воените операции против регентката Ана Савојска, во летото 1342 година Јован Кантакузин и кралот Стефан Душан, во есента ги започнале воените операции. Царицата Ана Савојска уште во текот на 1342, а особено 1343 година настојувала да го раскине сојузот на Душан со Кантакузин и преку свои луѓе да стапи во преговори со Србите. Користејќи ја ваквата состојба, во 1343 година Душан успеал да ги освои македонските градови Воден, Костур, Лерин и Мелник што влијаело на раскинување на сојузот со Јован Кантакузин.

По долготрајната српска опсада на Сер, кон крајот на 1344 година граѓаните му го предале градот на Јован Кантакузин. Во летото 1345 година српскиот крал Стефан Душан по трет пат го опседнал Сер. Користејќи ја зафатеноста на Ј. Кантакузин кој тргнал кон византиската престолнина, кралот, на 25 септември 1345 година влегол во градот.[203] Во актите кои ги издавал по овој датум, тој се титулира како "крал на Србија и Романија" или покрај вообичаена кралска титулатура, тој се титулира и како "господар на скоро целото царство на Романија," со што ги изразувал своите идни намери.[204] Пред дефинитивното прогласување за цар, Душан настојувал да ја придобие Света Гора. Поаѓајќи од христијанското учење, според кое законски цар во христијанската вселена е византискиот василевс, кого

---

[202] *Cantacuzenos* II, 257, 13- 261 -6, sq. 277, 1; *ВИИНЈ* VI, 377-406. Сп.: *ИСН I,* 516-518; *Томоски,* Овче Поле во средниот век, 248-249; 135-138; *Ферјанчиќ,* Стефан Душан у делу Кантакузина, 179.

[203] *ВИИНЈ VI,* 240-265; 410-484. Сп.: *Ферјанчиќ,* Стфан Душан у делу Кантакузина, 179; *ИСН* I, 516-523, 526 со постарата литература, како и *Ферјанчиќ, Б.,* Византијски и српски Сер у XIV столећу, Београд1994, 57-63).

[204] *Јиречек,* Историја Срба I, 221; *ИСН* I, 526.

монасите единствено го признавале, била постигната компромисна формулација: името на Душан да се споменува во богослужбите на Светоготски манастири по името на византискиот цар.[205]

Непосредно пред крунисувањето на Стефан Душан за цар, во црквата св. Никола во Љуботен биле насликани владетелските портрети на кралот Душан, кралицата Елена и младиот крал Урош. До скоро се мислеше дека владетелското семејство било насликано по прогласувањето на Царството. Но по деталните истражувања на З. Расолкоска-Николовска, откриен е остатокот на титулата крал лево од лицето на Душан, со што се потврдува дека владетелската композиција настанала пред 16 април 1346 година. Од претставата на кралот Душан сочувани се само мали делови од лицето. Од владетелските исигнии сочувана е неговата круна со орфанос и препендулии, како и жезлото во шестокрак крст, украсен со бисери кој се наоѓа во десната рака. Од неговата десна страна е насликана кралицата Елена. На главата носи висока круна од отворен тип, украсена со смарагди и бисери. Кралицата е облечена во широка пурпурна наметка богато украсена со бисери, со долги ракави кои по се изгледа се спуштале до земјата. Десно од кралот Душан насликан е младиот крал Урош, кој е облечен исто како неговиот татко. На главата носи затворена круна од исти тип како кралот, но со таа разлика што орфаносот на врвот оивичен е со пет, наместо со три бисери. Во десната рака држи жезло како неговата мајка а во левата свиток. Урош претставен со кратка виткана коса, скоро да ја достигнува висината на својата мајка. Во време на неговото портретирање можел да има најмногу девет години.[206]

Стефан Душан не останал само на формалното прогласување за цар во Сер, туку настојувал на тој чин да му даде полно-правена содржина, односно црквата да изврши миропомазување и свечено крунисување. За таквиот чин му бил потребен патријарх. Бидејќи од Цариградскиот патријарх не можел да добие благослов за царската круна, во текот на наредните месеци на 1346 година, превзел чекори за издигнување на српскиот архиепископ во ранг на

---

[205] *Острогорски, Г.,* Радилово, ЗРВИ VII (1961), 73-74; *ИСН* I, 526-527.

[206] Расолкоска-Николовска, О владарским портретима у Љуботену, 45-48.

патријарх. Архиепископот Јоаникиј, најнапред од царот Душан бил назначен за српски патријарх, а потоа во согласност со Трновскиот патријарх Симеон, Охридскиот архиепископ Никола, како и присуство на српските епископи, Јоаникиј на почетокот на април 1346 година, непосредно пред Велигден, во Скопје бил прогласен за српски патријарх "господинь краль Стєфань... вѣньча сє на царьство вь градоу Скопию, и арьхиєископа кирь Ионикиа постави патриархом".[207] Неколку дена по прогласувањето на Јоаникиј за патријарх, на свеченият државниот собор, кој бил свикан во Скопје, на 16 април 1346 година, во присуство на многубројни великодостијници од државата, истакнати црковни претставници, меѓу кои и од Света Гора и странски делегации, според сите црковни обреди и по византиски церемонијал, Стефан Душан бил крунисан за цар.[208] Свеченото крунисување било обавено во Големата црква во Скопје Света Богородица Троеручица, додека царската круна Душан со благослов ја примил од раката на патријархот Јоаникиј, со присуство на охридскиот архиепископ Никола и трновскиот патријарх Симеон.[209]

---

[207] *Данило*, Животи краљева и архиепископа, 378. Според К. Јиречек (Истрија Срба I, 222) податокот што на 24 март 1346 година Дубровчаните веќе имале избрано свои пратеници кои ќе присуствуваат на свеченото крунисување на Душан за цар, упатува дека Јоаникиј веќе бил прогласен за патријарх на "Србите и Грците." *Пурковић*, Српски патријарси средњега века, ГСНД XV-XVI, (1936), 304 мисли дека српскиот патријарх бил назначен на Цветници; *Белчовски*, Автокефалноста, 62 смета дека повикувањето на охридскиот архиепископ Никола на чинот на устоличувањето на Јоаникиј за патријарх укажува со колкава почит Душан се однесувал кон него во отсуство на вселенскиот патријарх. Архиепископот Никола бил почесен член на Синодот на Српската црква. Чинот на прогласувањето на патријархот Јоаникиј го става во април 1346 година; *ИСН* I, (*М.Благојевић*) 527 смета дека прогласувањето на Јоаникиј за патријарх било извршено можеби веќе во јануари, а најкасно на почетокот на април 1346 година додека *Снѣгаровъ*, Охридската архиепископия I, 320, смета дека прогласувањето на Јоаникиј за српски патријарх од страна на Трновскиот патријарх и Охридскиот архиепископ било извршено на 16 април 1346 година на свеченият државен собор во Скопје, по што српскиот патријарх го извршил свеченото крунисување на Душан за цар на Србите и Грците.

[208] Околу содржината на називот на српската царска титулатура види: *Максимовић, Љ.*, Грци и Романија у српској владарској титулатури, ЗРВИ 12 (1970), 61-78.

[209] *Законик Стефана Душана* цара српског 1349 и 1354, издао и објаснио *Новаковић, С.*, Београд 1898, 4-5; *Новаковић*, Законски споменици, 418, 676-681; *Славева, Мошин*, Српски грамоти, 194-196 бр. 68; *Данило*, Животи краљева и архиепископа, 378-389. Српските летописи исто така кратко го регистрираат Душановото крунисување за цар. Сп.: *Стојановић*, Родослови и летописи, 82 бр. 130; 106 бр. 164 и 172 бр. 399. Единствено Летописот на Даничић (106 бр. 164) известува дека Душан бил крунисан во Скопје (и вѣнча сє на царьство оу градоу Скопїи, арьхїєпископа кыр Їѡаникїа постави патрїархѡмь). Од натписите за крунисувањето на Душан за цар Во Скопје, без наведување на годината, засега единствено известува ктиторско-надгробниот натпис на игуменот Јоаникиј за црквата Св. Атанасиј над

По прогласувањето на Душан за цар, а Србија за Царство, српскиот цар по византискиот обичај својот син Урош го избрал за наследник и совладетел, доделувајќи му кралската титула. Целата држава ја поделил на два дела, кралство и царство. Кралството ги опфаќало српските земји северно од Скопје, додека областите јужно од Скопје со престолнината, влегувале во надлежностите на царството, односно царот. Станува збор за територииите припаѓале на Византија, или подобро речено во прашање е поделба на територииите во кои владееле од една страна српските и од друга страна византиските закони. Во повелбите кои ги издавал српскиот цар освоените византиски земји се нарекувани Романија и тие се управувале

с. Лешок Тетовско кој настанал помеѓу 1346 и 1355 година. Во натписот се вели: "и начєхъ си храмъ ѕидат... вь дни краля Милѵтина и втораго кр(а)ля с(и)на мѵ Ст(є)фана и третиєго кр(а)ля с(и)на моѵ Д(оѵ)ш(а)нє и приѕва патриарха бльгарскога и архіепископѵа српскаго Иѡаникиа и створи ѕвор ѵ Скопи и вл(а)гословишє (є)го на ц(а)рьски сань и бысть правонастолны ѕ(а)рь сербскои ѕємли и грчкои и поморскои (и) архіепископѵа Иѡаникиа бл(а)гословишє." Сп.: *Томовиќ*, Морфологија, 65-66 бр. 47 со постарата литература и *Миљковиќ-Пеќек, П.,* Црквата Св. Атанасиј Александриски крај манастирот Лешок, Споменици на Македонија т. III, 481-483.

Од византиските извори за овој настан известуваат Никифор Григора, Јован Кантакузин и Лаоник Халкокондил но доследно Душан го нарекуваат крал. Никифор Григора (II, 746, 16-747, 5) известува: по освојувањето на Сер "чувствувајќи се појак и исполнувајќи се со најголема надменост-оти мислел дека ништо од она што до Византт останало под Ромеите нема да и одолее на неговата сила и владетелска власт - *се прогласи за цар на Ромеите* и варварскиот живот го замени со ромејски обичаи, па јавно се служел со владетелска капа и блескава облека, која одговара на таа голема почест и се служи и до ден денес." Јован Кантакузин (*Cantacuzenos* II, 551, 23-552, 2) за крунисувањето на Душан за цар вели дека тоа се случило по освојувањето на Сер:"после тоа, тој надмено мислејќи и освојувајќи го поголемиот дел на државата на Ромеите, се прогласи себе за цар на Ромеите и Трибалите, а на својот син му додели достоинство Крал." Лаоник Халкокондил (*Chalcocondylae* II., 26, 9- 14; 27, 20-28, 20) пишува: "Степан стана цар на Трибалите. Тој откако беше тргнал од областите кај Јонското Море...го уништи Епидамн, тргна кон Македонија и го направи Скопје престолнина (τῶν Σκοπίων τὰ βαϱίλεια ἐποήσατο)." *Мавро Орбин,* 35-36 (262) погрешно соопштува дека Душан во 1340 година занесен од многуте победи "одлучи да ја земе титулата цар," додека за свеченото крунисување во Скопје не спомнувајќи го градот, известува "ги повика на собор патријархот, епископите, опатите, свештениците и црнорисците на своето кралство и целата властела и големците од својата земја, па со помош на уште три Дубровнички поклисари...со полно одобрување од сите се круниса за цар. Името на кралот му го додели на својот син Урош, иако во тоа време бил сеуште млад."

Литературата за крунисувањето на Стефан Душан е огромна. Има разлики околу хронологијата на прогласувањето на српскиот патријарх, присуството на охридскиот архиепископ и трновскиот патријарх, на порогласувањето на српскиот патријарх како и на свеченото крунисување на Душан за цар, присуството на Светогорскиот протат, прашањето во која црква бил крунисан, непризнавањето на Душановата царска титула од средновековните држави, како и значењето на самиот чин за Србија. За тоа поопширно коментарите на преводите на Н. Григора и Ј. Кантакузин во *ВИИНЈ* VI, (*Ферјанчиќ, Б. и Ћирковиќ, С.*)265-270 бел. 125 и 482-484 бел. 407 како и *Благојевиќ,* Немањиќи, 161-166.

според византиските обичаи и закони. Ваквата поделба главно се заснова на известувањето на Н. Григора кој вели "А оттогаш (од крунисувањето бм.) со синот ја поделил целата држава: нему (на синот) му ги отстапил по трибалските обичаи да владее (со земјите) од Јонскиот Залив и реката Дунав до градот Скопје, која (земја) ја допира и реката Вардар, спуштајќи се некаде одозгора, а за себе ромејските земји и градови според вообичаениот ромејски начин на живот до премините и клисурите на Христопол."[210]

Некоја година по крунисувањето, царот Стефан Душан формирал државна комисија која започнала да работи на подготвување законодавен акт со кој ќе се регулираат односите во новоосвоените византиски територии. По усогласувањето на сите законски нормативи, на свечениот државен собор, одржан на Спасовден 21 мај 1349 година во Скопје бил прогласен Законикот на цар Стефан, пошироко познат како Душанов законик. Од Законикот сочувани се 10 ракописи во стара редакција и 12 во помлада редакција. Во Раваничкиот препис на Душановиот законик кој се смета за најстар од помладата редкција (прва половина на XVII век) српскиот цар се потпишал како "Блгочьстиваго и вѣрнаго и христоюбиваго македонискаго цара Стєіана ζаконь" додека во Софискиот препис (втора половина на XVII век) потписот на српскиот цар гласи "Блгочьстиваго и христоюбиваго макѣдонскаго цара Стєіана, српскаго блъгарскаго, оугарскаго, далматскаго, арбанскаго, оугаровлахискаго и иним многим прѣделомь и ζемлѭмь самодрьжца."[211]

---

[210] *Gregoras* II, 477, 6-14; *ВИИНЈ I*, (коментар: *Ферјанчиќ, Б. и Ѓирковиќ, С.*) 270-272 бел. 126 со литературата по ова прашање и го отфрлаат широко застапеното гледиште во науката дека Српското царство било поделено на Србија и Романија. Сепак јасно е дека Царството во времето на Душан било единствено, но постоеле извесни разлики во управата на старите српски и новоосвоените византиски територии. За тоа сп.: *Томоски,* Скопје од XI до крајот на XIV век, 62; *Славева,* Дипломатичко-правните споменици, 107-111; *ИСН* I, (*Благојевиќ*) 533-534; *Благојевиќ,* Немањиќи, 165-166. *Максимовиќ, Љ.,* Порески систем у грчким областима Српског царства, ЗРВИ XVII, 1976, 101-123 со детална анализа на изворни податоци, утврдил дека порескиот систем во византиските области на Српското царство бил превземен од Византија, со значителни измени. Многубројните елементи на овој систем, како и начинот на изградувањето на државната управа во тие области, укажува дека настанале промени колку што е можно да се приближат пореските системи на старите српски земји (Србија) и новоосвоените области (Романија). Тој не му верува на Н. Григора дека постоела поделба на Српското царство во вистинска смисла на зборот.

[211] *Новаковиќ,* Законик Стефана Душана, 6-7, 151; *Соловјев, А.,* Законик цара Стефана Душана 1349. и 1354 године, 3-9, 86-91; ИСН I, 557-565.

Донесувањето на законодавниот акт требало да воспостави хармонија и ред во земјата и освоените византиски територии. Но сепак очекувањата на феудалната аристократија и локалното племство во територииte на "Романија," од различни причини останале неисполнети. Незадоволството кое се појавило во повеќе градови во Македонија, го искористил византискиот цар Јован Кантакузин за превземање на воени акции против Србите. Во есента 1350 година српскиот цар Стефан Душан се наоѓал на воен поход на Босна и босанското приморје. Неговото отсуство од престолнината било искористено од незадоволната аристократија и од византискиот цар. Во екот на неговиот воен поход, до него стигнале вестите за неповолен развој на настаните во Македонија.[212] Имено користејќи го незадоволството на дел од феудалната аристократија византискиот цар Јован VI Кантакузин, со помошен турски одред кој му пристигнал со бродови на устието на Струма, во есента 1350 година ја запоседнал околината на Солун и ги протерал српските воени одреди. Византискиот поход продолжил со освојување на повеќе јужномакедонски градови како: Геникокастрон, Воден, Соск, Дивра Острово, Нотија, додека помал турски воен одред навлегол по долината на Вардар и пустошел се до Скопје, внесувајќи страв не само кај населението туку и кај некои српски воени управници. Ваквиот рзвој на настаните предизвикал широко провизантиско расположеие во византиските области во Македонија кои се наоѓале под српска власт. Провизантиско расположение имало дури и во Скопје, престолнината на српскиот цар. Според зборовите на Јован Кантакузин "Уште додека царот (Јован Кантакузин) престојувал во Верија, од многуте славни градови од одамна потчинети на Ромеите, *а кои не малку време потчинети на Трибалите, додојдоа тајно да преговараат и молат да дојде кај нив, оти ќе го примат, откако ќе ги истераат Трибалите...и од самото Скопје, кое се чини е престолнина на Кралот...дојдоа пратеници отворено од градот заеднички повикувајќи го царот да им дојде за да му го предадат градот.*" Причината

[212] *Флоринский,* Славяне и Византия, 184; *Јиречек,* Историја Срба I, 228; *ИСН* I, 549-550.

за доаѓањето на видните граѓани од Скопје кај византискиот цар, била затоа што Душан кој бил во воен поход на Босна и босанското приморје "*кога дознал дека царот доаѓа, иако имал околу себе собрано голема војска, не се осудил да се спротивстави на царот*, туку... сакал да се повлече. Затоа и на претставниците на *граѓаните на Скопје, кога дошле кај него и јавиле за нападот на царот и молеле за помош, најнапред им дал надеж дека ќе им помогне ако ги нападнат Ромеите,* но како се повеќе пристигнувале страшни гласови за настапувањето на Ромеите и варварите, *отворено им откажал помош на оние од Скопје и им препорача сами да се спасуваат кој како може,* затоа што самиот, сега не може кај нив да дојде. *А тие заеднички се посоветуваа и проценувајќи дека е голема лудост да им се спротивстават на оние на кои не смеел ни нивниот господар... дојдоа кај царот да му го предадат градот, подобро отколку тој да биде уништен.* А подоцна, кога се ослободиле од стравот, откако Кралот ги стави пред суд и обвини за одметништво, лесно се ослободија од обвинување од нивниот архиепископ кој тврдел дека тие ништо не се виновни, кога Кралот не сака да им помогне, туку им советува самите да се спасуваат, трезвено и истовремено спас за себе наоѓале, одлучувајќи да му служат на помоќните. *Така сите градови се поколебаа и беа спремни доброволно да му предадат на царот (Јован Кантакузин) пред да бидат уништени.*"[213]

Податокот за доаѓањето на скопските пратеници кај српскиот цар Душан, кој се наоѓал во воен поход да бараат помош за заштита на градот од византиската опасност, укажува дека нивното доаѓње било предизвикано поради навлегувањето на турскиот воен одред по долината на Вардар се до Скопје, како и стравот кој настанал поради почетните византиски успеси во јужномакедонските градови под српска власт.[214]

Одлуката што да се прави, по одбивањето на Душан да им излезе во пресрет на нивните барањата, и да направат така како што сметаат дека е

---

[213] *Cantacuzenos* III, 133, 15-135, 1; *ВИИНЈ* VI, 517, 519..

[214] *Флоринский,* Славяне и Византия, 106; *ИСН* I, 550; *Наумов, Е.Н.,* Феудалниот сепаратизам и и политиката на Душан во 1342-1355 година, Историја, IV/2, (1968), 73-74.

најдобро, видните граѓани на Скопје не ја донеле веднаш, туку по сеопфатно разгледување на резултатите на византиската воена операција во Јужна Македонија, а во тоа имале целосна поддршка и од архиепископот на Скопје. Откако во меѓувреме Јован Кантакузин успеал да освои повеќе јужномакедонски градови, првенците на Скопје сепак се одлучиле во немжност да му се спротивстават на византискиот цар, да го предадат градот, а со тоа да го заштитат од разорувања. Во ваквото настојување тие имале поддршка и од архиепископот на Скопје. По донесувањето на одлуката се упатиле кон византискиот цар кој се наоѓал во Верија, за да преговараат за условите за предавањето на Скопје. Тие го убедувале меѓу другото византискиот цар да дојде кај нив, и дека радо ќе го примат откако ќе ги истераат Србите. Ваквиот став може да се толкува од една страна како провизантиско односно антисрпско однесување, во очекување на подобар третман при евентуалното воспоставување на византиска власт, поттикнато од одредено незадоволството кон српскиот цар, но истовремено единствено правилно однесување во отсуство на главнината на српските воени сили, пред настапувањето на византискиот цар. Во време на византиската воена операција само Воден и Сервија пружиле отпор, додека останатите градови, каде постоела провизантиска странка, се предавале или не пружале некој поголем отпор. Од ваков аспект би требало да се посматра и однесувањето на аристократијата од Скопје. На тоа впрочем укажува согласноста на скопскиот архиепископ за нивната постапка како и отсуството на вести за репресалии против нив, по пристигнувањето на Душан.[215]

На самиот крај на 1350 година, царот Јован Кантакузин имал намера да го напушти Солун и да замине во престолнината. Српскиот цар Душан, кој бил известен за загубата на градовите во Јужна Македонија и преговорите на аристократијата од Скопје со византискиот цар, се вратил во Македонија и

---

[215] Околу различните гледишта по ова прашање изнесени во науката сп.: *Флоринский,* Славяне и Византия, 187; *Јиречек,* Историја Срба, 230; *Наумов,* Феудалниот сепаратизам, 74-74; *Наумов,* Петте последни години, 92-94; *Томоски,* Скопје од XI до крајот на XIV век, 62; ИСН I, 551; *Максимовиќ,* Порески систем, 102; *ВИИНЈ* VI, 518, бел. 507 и *Благојевиќ,* Немањиќи, 175.

кај Солун преминувајќи го Вардар се улогорил. Овој податок на Јован Кантакузин, недвосмислемо укажува дека српскиот цар се движел од Скопје по Вардарската долина кон Јужна Македонија. Кон крајот на декември 1350 и јануари 1351 година Србите успеале да влезат во Воден. Командантот на градот Лизик, со 200 свои приврзеници, се затворил во акрополот и давал силен отпор. Откако бил ранет, неговите приврзеници го предале акрополот. Според Ј. Кантакузин, српскиот цар наредил на заробениот Лизик "на живо да му се искуби брадата, не само затоа што тогаш давал отпор, туку и затоа што уште во времето на царот Андроник во Костур бил виновник за многу нивни тешкотии. Потоа наредил врзан да се одведе во Скопје, за да биде казнет за дрското однесување. Но поради неизлечената рана, и други тешкотии, тој умрел некаде попат." Во текот на јануари 1351 година, српскиот цар Стефан Душан се вратил во престолнината Скопје.[216]

Односот на српскиот цар кон претставниците на провизантиската аристократија бил различен. За разлика од суровата пресметка со провизантиската странка која давала отпор при реокупацијата на Воден, Душан завзел попопустлив став кон претставниците на провизантиската странка во Скопје. Таквиот однос произлегувал од повеќе причини. Прво претставниците на грѓаните од Скопје кои тајно преговарале со Јован Кантакузин, своето провизантиско расположение го манифестирале поради стравот Скопје да не биде подложено на византиски напад, во започнатата византиска офанзива во јужна Македонијаво есента 1350 година, но и поради неможноста на српскиот цар да им помогне. Второ, искажувањето на српскиот цар кој се наоѓал на боиштето во Босна да се снаоѓаат како можат и умеат значително ја ослабувал нивната вина, да се однесуваат така како ќе

---

[216] *Cantacuzenos* III, 159, 17-162, 13; *ВИИНЈ* VI, 540-543, бел. 576.Сп.: *Флоринский,* Славяне и Византия, 188-189; *Јиречек,* Историја Срба I, 230; *ИСН* I, 551. *Наумов,* Феудалниот сепаратизам, 74 смета дека неуспешната контраофанзива на Јован Кантакузин против Србија во втората половина на 1350 и 1351 година и брзата успешна акција на Стефан Душан го одложила византискиот план за разбивање на Српското царство, и довела до стабилизирање на српската држава. Репресалиите против провизантиските приврзеници во Воден, само можеле да го продлабочат јазот помеѓу Душан и феудалната аристократија, но не и да ги сопрат сепаратистичките тенденции во Српското царство.

налага состојбата за градот да биде поштеден од разорување, и трето поддршката во таквата постапка од страна на скопскиот архиепископ и црковните кругови.[217]

На 20 декември 1355 година српскиот цар Стефан Душан одненадеж умрел во јужна Македонија, и бил погребан во неговата задужбина манастирот Свети Архангели во Призрен. Престолот го наследил неговиот син Стефан Урош IV (1355-1371). Слабата централна власт за време на неговото владеење се одликувала со големата самостојност на српската аристократија, која располагала со големи воени сили, дошле до израз антицентралистичките стремежи на аристикратија во земјите на "Романија", односно во Македонија, непочитување на централната власт, стремежи за создавање самостојни господства, што негативно се одразувала на угледот на царот. Неповолната клима на односите на царот со феудалните господари покрај надворешните влијанија на соседните држави, кои исто така вршеле интензивни напади во време на владеењето на Урош IV, во голема мера го рушеле угледот на Царството, ја ослабувале неговата моќ и доведувеле до негов неминовен распад. Се разбира распадот не се случил веднаш по смртта на царот Стефан Душан и доаѓањето на престол на царот Урош, туку се одвивал постепено и траел скоро до крајот на седмата деценија на XIV век. Од изворите единствено Јован Кантакузин со одредена временска дистанца дава збиен опис на процесот на распаѓањето на Српското царство по смртта на царот Стефан Душан. [218]

И покрај внатрешната расцепканост, во Скопје и понатаму се наоѓал главниот царски двор и дворската канцеларија. Кога не одел во воен поход,

---

[217] Сп.: *Томоски,* Скопје од XI до крајот на XIV век, 62. *Наумов,* Петте последни години, 92-96 укажува дека царот Стефан Душан со толерантен однос кон провизантиски настроената аристократија настојувал да ја добие симпатија кај нив, што ќе му послужи за зајакне српско-византиската граница, и на црковната поддршка.

[218] *Cantacuzenos* III, 314, 12, 315-23; *ВИИНЈ* VI, 557-562 бел. 624, 625, 626, 627 со критички осврт на литературата по овие прашања. *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 346. *Михаљчић,* Крај, 11-242 со релевантна литература по прашањето за распаѓањето на Српското царство дава детална анализа на појавата на обласните господари, меѓусебните судири, истакнувањето на семејството на Мрњачевиќите, новата поделба на остатокот Царството по 1371 година и распаѓањето на државата на помали кнежевства.

царот Урош престојувал во Скопје. На 10 април 1357 година "вь славномь градоу Скопи царьскомь" Урош IV, на властелините Басет Боринчел Биволичик и Трипет Миховиќ Букиќ им го дал во баштина островот Млет.[219] Повелбата на кралот Волкашин од јануари 1366 година со која се потврдува селото Копривљани како дар на Хиландар од Новак Мрасоровиќ, била пишувана "оу Скопи," додека повелбата на деспот Јован Угљеша со која се потврдува задужбината на Рускиот манастир на Никола Мрасоровиќ, од 1366 година исто така се вели дека била пишувана од ѓаконот Меликем "оу Скопи градѣ."[220]

Од особено значење е дека во XIV век, покрај градот Скопје како кралска а потоа и царска престолнина во Скопската обѵаст според пишаните извори постоеле уште две населби од градски карактер. Тоа биле Чрнче и Кожле. Средновековниот град Чрнче на локалитетот "Водно" над денешната населба Црниче, потврден според археолошките податоци, со изградена градска инфраструктура, за прв пат во пишаните извори како градска населба се јавува во крајот на XIII век.[221] За прв пат се споменува во повелбата на српскиот крал Милутин доделена на манастирот Св. Георги Горгос на Виргино брдо крај Скопје во 1299/1300 година. Градот е споменат во описот на меѓите на селото Водно кое српскиот крал Милутин му го подарил на споменатиот манастир. Во описот се вели дека меѓите на Водно се наоѓале меѓу Вестијаритовата воденица и патот "кои грѣде на Чрьнче та на Чрьнче" на Крстин Дол. Во тој контекст е наведена нивата Акрополитова - покрај патот "кои грѣде на град Чрьнче" до протопопот Десислав на Под, нива кај Брест покрај Килавец до патот и до Станислав, како и нива "под Чрьнчѣм" до Тихомир макелар и до рад Трпезица.[222] Иако се мисли врз основа на археолошките истражувања дека оваа градска населба во текот на XIII век престанала да постои, нејзиното споменување во Милутиновата грамота,

---

[219] *Новаковић,* Законски споменици, 310-311.

[220] *Ibidem.*, 508-510.

[221] *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини 129-133; *Истиош,* Средновековни градови, 284-290; *Овчаров,* Вардарска Македонија во XIV век, 47-48.

[222] *Мошин, Славева, Илиевска,* Грамотите, 219-220 чл. 28; *Мошин,* Грамоти, 146. Kravari, Villes et villages, 104.

укажува дека градот сеуште постоел во текот на целиот XIV век, но поради губење на стратегиското значење, Чрнче е во сенка на Скопје како кралска и царска престолнина и на Кожле кое се наѓало на патот од Скопје за Солун. Појавата на српската феудална аристократија со воспоставувањето на српската власт во Скопската област и градењето на посебни властелински утврдувања во Скопската област особено по засилувањето на феудалниот сепаратизам во Српското царство, како симптом на неговото распаѓање, исто така може да биде една од значајните причини за економскиот пад на градот Чрнче.

Средновековниот град Кожле, лежел на карпестиот рид на важната патна средновековна комуникација по Вардарската долина од Скопје за Солун, на 1,6 км. источно од денешното с. Кожле, 1,2 км. јужно од с. Летевци, односно 3 км. пред устието на реката Пчиња во Вардар на локалитетот "Маркови Кули." Неговиот раст во крајот на XIII и првите три децении на XIV век ги одредила извонредна стратегиска положба на споменатата патна комуникација, како и српско-византиската граница. За време на византиско-српските преговори за мир во 1299 година и женидбата на српскиот крал Милутин со византиската принцеза Симонида, најверојатно во тврдината Кожле престојувал Теодор Метохит, кој го предводел византиското пратеништво за Скопје. Археолошките рекогносцирања и материјалните остатоци укажуваат дека најстарата средновековна градежна фаза на градот, потекнува од доцниот XII и XIII век, и втората градежна фаза која хронолошки се одредува од доцниот XIII и XIV век. Од силното утврдување кое го имал градот, денес се сочувани две масивни кули на на источниот и западниот дел. Во утврдувањето потврдено е постоење на неколку резиденцијални објекти и други куќи, што му даваат градски карактер, додека северно и источно од утврдувањето, се простирало подградието кое исто така било утврдено. Присутната керамика исто така го определува

времето на постоењето на населбата.[223] Во изворите се споменува многу подоцна, односно дури во 1353 година. Излегувајќи му во пресрет на барањето на серскиот митрополит Јаков, за доделување некој имот што ќе се наоѓа поблизу до царската престолнина во Скопје, српскиот цар Стефан Душан, во 1353 година издал грамота со која црквата Свети Никола "храмь великаго архїїерея Хрїстова и чюдотворца Николи, въ мѣстѣ нарицаемѣмь на Пшини подь Козлюемѣ или "светаго Нїколи на Пшини подь ⟨Ко⟩жлюемь" му ја подарил на серскиот митрополит Јаков.[224] За градскиот карактер на населбата е кажано во описот на меѓите на црквата Свети Никола каде се вели дека тие поминувале "отъ брода пшиньскога под градомь прѣко брьда подь градь на Грльичинь Ками ... и пакы отъ тогаждє брода на пшиньскога поутемь на брьдо прѣма градоь,"[225] додека жупскиот карактер на градот Кожле се согледува во ставот десет, на истата повелба каде се вели "И людиє жоупцїи" кои се сопственици на лозјата насадени на црковна земја, се должни да и плаќаат на црквата Свети Никола, црковна наемнина во ист износ колку што плаќаат во Скопје.[226] .

Бројот на селските населби во Скопската област потврден главно во дипломатичките извори е значително поголем за разлика од XII век. Така според Грамотата на бугарскиот цар Константин Асен-Тих на манастирот Св. Георги Горгос Скопски од 1258 година, Грамотата на српскиот крал Милутин на манастирот Св. Георги Горгос Скопски од 1299/300 година, грамотата на крал Милутин за ќелијата св. Петка во с. Тморане, грамотата на византискиот цар Андроник II на Хиландар од јануари 1299 година, сводната грамота на српскиот крал Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија, од околу 1303 година, Преводот на грамотата од царот Андроник II Палеолог за манстирот Св. Никита (1299/300), дополнета со податоци за предавањето на манастирот Св. Никита на Хиландарскиот пирг Хрусија, според

---

[223] *Томоски,* Овче Поле во средниот век, 250; *Славева,* Грамота за црквата Св. Никола, 407, 414, бел. 7; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 134-135; *Kravari,* Villes et villages, 128-129; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 290-292.

[224] *Славева,* Грамота за црквата Св. Никола, 413-414, чл. 1 став втори; член 20 став први.

[225] *Славева,* Грамота за црквата Св. Никола, 416, чл. два.

[226] *Истото,* 419 чк. 10.

исчезнатата грамота на на кралот Милутин - од мај 1308 година, грамотата на српскиот крал Милутин од архиепископот Сава III, од околу 1313 година XIII, грамотата на византискиот цар Андроник II за Хиландарскиот пирг од декември 1324 година, грамотата на српскиот цар Стефан Душан за манастирот Св. Архангели Михаил и Гаврил во Призрен од 1347/8 година како и Грамотата на српскиот цар Душан и неговиот син кралот Урош за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година) па се до средината на XIV век односно 1353 година се споменуваат околу 60 села.[227]

6. Скопската епископија од 1204 до 1355 година

Црковните состојби во Скопската област од 1204 до средината на XIV век биле доста променливи, и зависеле од тоа кој владеел со градот и областа. Во времето на бугарска власт во Скопје и Скопската област од 1204-1207 година, според црковните извори, епископиите на областите во Македонија кои потпаднале под бугарска власт, а со тоа и Скопската епископија, преминале под јурисдикција на Трновскиот архиепископ, односно патријарх. Од тој период познат е скопскиот епископ Марин, додека седиштето на скопската епископија се наоѓало во црквата Св. Богородица Троеручица.[241] Во списокот на епископите на Бугарската диецеза потчинети на Трновскиот примас, составен во книгите на Апостолската канцеларија во

---

[227] Станува збор за следните села: Барово, Блатце, Блаце, Брест, Брезничша, Бродец, Брус, Бутел, Чах(и)р, Челник, Церово, Чрешево, Двигод, Дивље Длебица (Дабница, Дубица), уште едно село Длебица, Добри Дол, Добрушане, Драчево, Драгин Дол, Дубравица, Глумово, Голихово (Глуво), Калништа, Калугеровјани, Клечевишта (Кучевиште), Кондово, Козарево, Крушица, Крушопек, Кучково, Левуново Село, Лисиче, уште едно Лисиче, Љубени (Љубанци), Љуботен, Лопушане, Нахово, Нерези, Побужда, Пребужда, Прогово Селиште, Радушта, Ралица, Рашче (Раоче), Сливник, Сопиште, Солње (Горно, Долно), Сушица, уште едно село Сушица, Тморани, Тавор, Топлово, Требуша, Туричев Дол, Винско, Водно, Вораша (*Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 181-238; *Славева,* Грамотата за ќелијата на Св. Петка, 249-260; *Мошин, Славева,* Св. Никола и Хиландарскиот пирг Хрусија, 271-262; *Славева,* Грамотата на цар Стефан Душан за манастирот Св. Архангели во Призрен, 323-406; *Славева,* Грамотата на црквата св. Никола, 407-424. Сп.: *Грујић,* Властелинство, 56; *Kravari,* Villes et villages, 94-98, 100, 102, 104, 106-108, 110-112, 123, 125, 127-128, 131, 132, 134-136, 141, 142, 146, 148, 151, 152, 160, 164-170, 174-175, 177) и селото Корита во околината на Скопје (cf.: *Chomatianus,* No. 52 col. 235-240. Сп. *Никовъ,* Материяли, 6, 9-10; Ангелов, Принос, 9 и 13 и *Баришић-Ферјанчић,* Вести Димирија Хоматијана о "власти Драгувита", 46, бел. 20).

[228] *Снъгаровь,* Охридската архиепископија I, 90-91; *Грујић,* Скопска митрополија, 31-35; *Пурковић,* Српски епископи и митрополити, 335.

1204 година, споменат е и епископот на Скопје (episkopus Scopiensis). Додека во еден препис од 1380 година најверојатно на истиот список, но со мали измени, помеѓу епископиите потчинети на Бугарската диецеза и архиепископот на Трново кој е примас, споменат е епископот на Скопје (Scopiensis).[229]

Во времето на владеењето на Стрез (1207-1214) со областа, Скопската епископија се мисли дека се наоѓала под јурисдикција на Охридската архиепископија. За ваквиот негов став се има во предвид антибугарскиот карактер на Стрезовото владеење во Македонија, блиските односи со Србија и Епирското деспотство, како и потребата од поддршка во лицето на Охридската архиепископија. За време на краткотрајното српско владеење со Скопската област (1214-1218), статусот на Скопската епархија не се изменил, поради припадноста на српските епископии кон Охридската архиепископија како и поради тоа што српската архиепископија се конституирала во 1219 година со поддршка од Никејската патријаршија.[230]

По воспоставувањето на епирската власт во Северна Македонија, за што сигурни податоци има од април 1220 година, Скопската епископија припаѓала под катедрата на Охридскиот архиепископ. Податоците од преписката на охридскиот архиепископ, се однесуваат на имотно правни односи, судски спор околу едно убиство, како и протестните преписки на Охридскиот архиепископ, до српскиот архиепископ по повод неканонското издигнување на Српската архиепископија. Писмото под бр. 59 од месец април 1220 година, "пишувано од божествената Комнинска рака на Теодор Дука" е упатено до "пресветиот Скопски епископ" за да го разгледа и реши праведно спорот помеѓу "нашиот човек Литовој" односно на Епирското деспотство "и бабата на Хриз." По разгледувањето на спорот, епирскиот деспот барал да биде писмено известен за исполнувањето на барањето од страна на Скопскиот епископ.[231]

---

[229] *ИБИЛИБИ* XXIV/IV, 9-10; *Грујић,* Скопска митрополија, 32.

[230] *Снъгаровь,* Охридската архиепископия I, 97-99; *Грујић,* Скопска митрополија, 32.

[231] *Chomatianus,* No. 59, col. 261-263; *Снъгаровь,* Охридската архиепископия I, 100-141; 218; *Грујић,* Скопска митрополија, 32 сл.

Вториот акт од преписката на Охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан е упатен до новопрогласениот, со благослов на никејскиот патријарх, српски архиепископ Сава, и истото потекнува од мај 1220 година. Во писмото се упатува остар протест до Сава, поради неговото неканонското прогласување за архиепископ како и други забелешки. Предавач на писмото од Охридскиот архиепископ, бил епископот на Скопје Јован.[232]

Третото писмо под бр. 76 од архиепископот Хоматијан, упатено до Скопскиот епископ Јован, се однесува на спорот на селаните и севастократорот, чие име не е споменато, и жителите на с. Еахово (Ἐαχόβου) односно (Нахово) Нахово. Севастот Прибо со својата интервенција на судот се обидел да го ослободи обвинетиот Драгомир. Според најновите сознанија писмото е датирано во периодот на епирската власт помеѓу пролетта 1225 и 9 март 1230 година.[233] Од времето на архиепископувањето на Димитрија Хоматијан во Охрид, дознаваме дека чичкото на клирикот на Скопскиот епископ Константин Сухалитрос, имал црква во приватна сопственост во дворот на својата куќа посветена на Св. Никола.[234]

По паѓањето на Скопје и Скопската област повторно под бугарска власт во XIII век, односно помеѓу 1230 и 1246, Скопската епископија била приклучена кон Трновската патријаршија.[235] Според известувањето на Грамотата на српскиот крал Милутин за келијата св. Петка во с. Тморане, од околу 1300 година, дознаваме дека во Скопската област во с. Тморане, истакнатиот скопски великодостојник Прибо ја подигнал келијата на Св. Петка "вь дьни Ѩсѣна цара."[236] Бугарскиот цар Иван Асен за време на своето владеење со Скопската област на манастирот св. Георги Горгос му доделил имоти и привилегии и му ги потврдил старите. Со тоа се наредил во списокот

---

[232] *Ibid.*, No. 86, 381-390; *Острогорски,* Писмо Димитрија Хоматијана св. Сави 91-113 (*Истиот,* Сабрана дела, књ. 4 170-189); *Снъгаровь,* Охридската архиепископија I, 98, 100-141; *Грујић,* Скопска митрополија, 36-38; *Пурковић,* Српски епископи и митрополити, 335.

[233] *Chomatianus,* No. 76 col. 325-328; *Ферјанчић,* Севаст и протосеваст Прибо, 91-93.

[234] *Chomatianus,* No. 35 col. 149-150; *Снъгаровь,* Охридската архиепископија I, 261.

[235] *Снъгаровь,* Охридската архиепископија I, 141-152; *Грујић,* Скопска митрополија, 32.

[236] *Славева,* Грамота на крал Милутин за келијата св. Петка, 252-253, 255, *Грујић,* Протосеваст Прибо, 1, Протосеваст Прибо, 526-527.

на дарителите на овој богат манастир. Овој податок е забележан само во повелбата на српскиот крал Милутин од 1300 година, доделена на манастирот.[237] Според грамотата на бугарскиот цар Константин Асен-Тих и грамотата на српскиот крал Милутин, на манастирот Св. Георги Горгос Скопски 1258 и 1300 година, се знае дека и бугарскиот цар Калиман Асен, бил еден од владетелите кој за време на своето владеење на овој манастир му доделил имоти и привилегии, а му ги потврдил и старите.[238] За време на владеењето на никејскиот цар Јован III Дука Ватац, со Скопската област, почнувајќи од 1246 година, Скопската епископија била вратена под јурисдикција на Охридската архиепископија. Според грамотите на Константин Тих, и на српскиот крал Милутин, никејскиот цар му дал повелба на манастирот св. Георги- Горгос-Скопски, со која му ги потврдил старите и му доделил најверојатно нови имоти и привилегии.[239]

Статусот на Скопската епископија најверојатно не се изменил ни за време на краткотрајното владеење на Скопската област од Бугарите и Србите помеѓу 1257 и 1259 година. Бугарскиот цар Константин Тих со грамота на овој богат манастир му ги потврдил старите имоти и привилегии и му доделил нови имоти и привилегии.[240] По обновувањето на никејската власт во Скопската област во 1259, а потоа од 1261 година со реставрацијата на Византија и византиската власт, Скопската епископија за еден подолг временски период била во составот на Охридската архиепископија.[241]

---

[237] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 210 бел. 9; *Мошин,* Грамотите, 120.

[238] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 185, бел. 18; 211, бел. 11.

[239] *Ibidem.,* 185, бел. 17; 210 -211бел. 10; *Снъгаровь,* Охридската архиепископия I,152-155; *Грујић,* Скопска митрополија, 32.

[240] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 181-204; *Мошин,* Грамотите, 124-146.

[241] *Снъгаровь,* Охридската архиепископия I, 155-159; *Грујић,* Скопска митрополија, 32. Со повелбите на византискиот цар Василиј II на Охридската архиепископија од 1019, 1020 и 1020-1025 година, византиските цареви имале право да го поставуваат Охридскиот архиепископ и да се грижат за Архиепископија. По паѓањето на Византија под Латините во 1204 година, делови на Охридската архиепископија паднале под јурисдикција на Трновската патријаршија и Српската архиепископија. Обновувањето на Империјата во 1261, позитивно се одразило на зајакнувањето на Охридската архиепископија. Во август 1272 година царот Михаил VII Палеолог му предал на Охридскиот архиепископ повелба, со која му го потврдувал правото да управува и со од порано одземените епархии и соседните митрополии. Истото право било потврдено и на Лионскиот собор во 1274 година. За ова сп.: *Снъгаровь,*

Во втората половина на XIII век, најверојатно пред паѓањето на градот под српска власт, во близината на Скопје постоела една поголема семејна црква која ја подигнал властелинот Апокавк, која во изворите е спомената како Апокавкова црква. Црквата му била посветена на Св. Георги. Црквата заедно со неговиот имот српскиот крал Милутин, со грамота од 1299/300 година, му ја подарил на манастирот Св. Георги Горгос. Според грамотата на Милутин, чл 17 црквата се наоѓала близу до разрушените 60 куќи, во близината на царскиот пат кој одел на р. Серава во близината на црквата Св. Богородица Троеручица крај патот до округлата кула. Според исиот член, царот на манастирот му го подарил и дворецот на Апокавк кој се наоѓал, помеѓу поседите на Паскал и Холеват, во долниот град близу Облата кула и градската порта - Капицале. Црквата денес не е сочувана. [242]

Со паѓањето на Скопје под власта на Србите, во време на освојувачките походи на Србите во Македонија, помеѓу 1282 и 1284 година, во времето на српскиот крал Милутин, би требало да се очекува дека Скопската епископија била откината од составот на Охридската архиепископија и ставена под јурисдикција на Жичко-пеќската архиепископија, како што сметаат повеќето истражувачи. Но нема сигурни изворни податоци за тоа што станало со Скопската епископија по нејзиното паѓање под српска власт од 1282 и кога таа била приклучена кон српската црква. Во извештајот на Теодор Метохит по повод водените преговори со српскиот крал Милутин во Скопје, за склучување мир помеѓу Византија и Србија, како и прецизирањето на деталите околу женидбата на кралот со Симонида, нема конкретни податоци за црковнта состојба во градот. Византискиот дипломат, известува дека четвртиот ден по прекинот на преговорите во Скопје на некој празник во месец март "и ние требаше да појдеме в црква, за да ја чуеме светата литургија. Отидовме впрочем, *во*

Охридската архиепископија I, 157-158; *Белчовски,* Автокефалноста, 60-61; *Гроздановв,* Охридската архиепископија во XIV век, 159-161; *Велев,* Книжевниот XIV век, 22-23.

[242] *Илиевска, Мошин, Славева,* Грамоти, 216 (17); *Мошин,* Грамотите, 136-137; Петров, Сакралните споменици во Скопје и околината, 79; *Петров,* Кон прашањето за местонаоѓањето на Скопските цркви, 160-161 смета дека црквата најверојатно се наоѓала до Св. Богородица Троеручица поблиску до подградието на Скопското Кале.

најубавата црква во градот, Св. Богородица..." што би требало да се однесува на епископската црква Св. Богородица Троеручица, додека во понатамошниот текст кога веќе преговорите биле завршени и останувало да се прецизираат деталите, истиот извор соопштува дека го испратил Дукет, а српскиот крал "*некој монах по име Дамјан и Добраило старешина (ἐκλησιάρχην) на овдешната црква, почитуван од господарот и познат.*"[243] И покрај изнесените сомневања се смета дека Метохит овде зборува за епископската црква на Скопската епископија,[244] додека според наше мислење под еклесиархот Добраил можеби се крие Скопскиот епископ, кому му била доверена дипломатска мисија да преговара со византиските пратеници. Т. Метохит кажал дека старешината бил особено познат и почитуван од српскиот крал. Кое црковно лице освен архиепископот и епископот, можело да учествува во преговорите и да ужива таков углед од српскиот крал, освен Скопскиот епископ? Веруваме дека таквата мисија му била доверена на Добраил и дека е во прашање Скопскиот епископ, кој по се изгледа сеуште се наоѓал под јурисдикција на Охридската архиепископија.[245]

По однос на прашањето за приклучувањето на епископиите во освоените области, дали тоа одело автоматски, со потпаѓањето на освоените области од новите српски власти, или пак Милутин причекал на тој чин по склучувањето на мирот со Византија во 1299 година, или пак тоа се случило по формално-правното признавање на освоените територии во Македонија, по реформите во српската црква од 1317 година, кога пристапил кон дефинитивно приклучување на епископиите од освоените територии под јурисдикција на Српската црква, по се изгледа и понатаму ќе остане предмет на дискусија. Повеќето автори сметаат дека приклучувањето на епископиите

---

[243] *Теодор Метохит*, 277, 287; *ВИИНЈ VI*, 121-122, 129-130.

[244] *Грујић*, Скопска митрополија, 101; *Јанковић*, Епископије и митрополије, 49.

[245] *Јиречек*, Историја Срба II, сметал дека Добраил е свештено лице, кој и во 1302 година извршувал дипломатска мисија, истото мислење го прифаќа и *И. Ђурић*, *ВИИНЈ* VI, 130 бел. 93 со постарите мислења. *Грујић*, Скопска митрополија, 101 и *Јанковић*, Епископије и митрополије, 49 иако прифаќаат дека Метохит зборува за епископската црква Св. Богородица, сепак за Добраил сметаат дека бил само старешина, односно еклисијарх на црквата, додека М. Јанковиќ претпоставува дека можеби епископската катедра во тоа време била без епископ.

од освоените области кон Српската црква, а со тоа и Скопската епископија било извршено веднаш по српските освојувања во 1382 година.[246] М. Јанковиќ која ги анализала малкуте расположливи извори и црковните состојби во српската држава во времето на Милутин, смета дека приклучувањето на епископиите во новоосвоените области одело постепено. За кралот Милутин и српскиот архиепископ од особено значење било зајакнување на Српската црква и тие не дозволиле ширење на српската црква на југ од Полог, Скопје и Мороздвизд се до 1317 година. До таа година воделе особено претпазлива политика кон Охридската архиепископија.[247] Почитувајќи го нејзиното мислење сметаме дека сепак нема доволно податоци дека Скопската епископија пред 1217 година, била приклучена кон Српската архиепископија. Повелбата на манастирот Св. Георги-Горгос на Виргино Брдо од 1299/300 година, ја споменува црквата Св. Богородица Троеручица, која била седиште на Скопскиот епископ и истакнува дека поповјаните кои се наоѓаат во градот Скопје под областа на Свети Ѓорѓи, и во селата и во сите метохии на духовната област "да ні метєха никои єпископь" што значи ни Скопскиот епископ чие име не е споменато. Сводната грамота на кралот Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија од околу 1303 година, инаку фалсификат, споменува скопски епископ под името "Никола."[248] Според записот на л. 10а од Хрониката на Георги Амартол на грчки јазик, која се чува во Народната библиотека во Атина под сигнатура Cod. Ath.2659, стои дека таа била "во месец март во годината 1314 индикт 12, напишана од раката на смиреният Григориј, епископ на Скопје." Неговото име е споменато и во записот на л. 21б, од каде дознаваме дека целосното име на Скопскиот

---

[246] *Снъгаровь,* Охридската архиепископия I, 154-156; *Грујић,* Скопска митрополија, 95-98; *Пурковић,* Српски епископи и митрополити, 335; *ИМН* I, 191; *Грозданов,* Охридската архиепископија во XIV век, 164; *Велев,* Книжевниот XIV век, 23. *Јанковић,* Епископије и митрополије, 47-60 доста внимателно анализирајќи ги малкуте вести за експанзијата на Српската црква во новоосвоените области, па и во Македонија, воочила дека Милутин бил особено внимателен во однос на Охридската архиепископија.

[247] *Јанковић,* Епископије и митрополије, 47-60.

[248] *Илиевска , Мошин, Славева,* Грамоти, 231, (43); *Мошин, Славева,* Сводната грамота, 297-316, особ. 309-310 бел. 14. *Пурковић,* Српски епископи и митриполити, 335; *Илјовски, Р.,* Преглед на изворите за историјата на Македонија во втората половина на XIII век и втората половина на XIV век, Споменици на Македонија II, 68-69.

епископ било Григориј Дохатос. Епископот Григориј, Хрониката ја напишал, за да истата се преведува и препишува на словенски јазик, во околните скрипторски центри. Ракописот на Хрониката подоцна од Скопје бил однесен во Костурската митрополија.[249]

Кралот Милутин единствено што можел самотројно да направи на црковен план е тоа што келијата на Света Петка од селото Моране, во 1299/300 година ја дал во метох на Светогорскиот манастир Хиландар.[250] Откинувањето на Скопската, Полошката и Мороздвишката епископија и нивното приклучување кон српската црква на почетокот на XIV век, не би било во согласност со склученият мировен договор на Милутин со Византија, под чие старателство се наоѓала Охридската архиепископија, дотолку повеќе што во 1299 година, Охридскиот архиепископ Макарие го обавил венчавањето на византиската принцеза со српскиот крал, што пак укажува на многу пријателските односи на Милутин со Охридскиот архиепископ, кој бил посредник при склучувањето на мирот. Приклучувањето на Скопската епископија кон српската царква можело да се случи по договорот со Карло Валоа во 1308 година, кој имал антивизантиски карактер, или најкасно во втората деценија на XIV век. Самиот чин се наложувал или како резултат на заострувањето на српско-византиските односи, или пак поради тешкотиите на Охридската архиепископија во почетокот на XIV век, на што укажува простагмата на византискиот цар Андроник II за Охридската архиепископија.[251] По формално-правното приклучување на Скопската епископија во рамките на Српската црква, според Бањската грамота на Милутин од околу 1318 година, и грамотата за уљарите, се споменува Скопскиот епископ Стефан.[252]

---

[249] Станчев, К., -Джурова,А., Археографски бележки от националната библиотека в Атина, Старобългарска литература 9 (1981), 66; Велев, Книжевниот XIV век, 44-45, 261-262.

[250] *Славева,* Грамота за келијата Св. Петка, 251-260 особ. 260.

[251] *Ивановь,* Български старини, 36; *Гроздановъ,* Охридската архиепископија во XIV век,161-162.

[252] *Новаковић, Сп.,* Светостефанска хрисовуља, Споменик СКА IV, (1890), 10; *Пурковић,* Епископи и митрополити, 335; *Мошин, Славева,* Св. Никита и Хиландарскиот пирг Хрусија, 310, бел. 14; *Славева,* Дипломатичко-правните споменици, 149-150.

Српскиот крал Милитин водел особена грижа за обновувања и градење на цркви и манастири, кои богато ги дарувал со имоти и привилегии, а со тоа особено го зајакнувал својот углед кај свештенството и српската црква. На почетокот на своето владеење тој пристапил кон обнова и градење на цркви и манастири. Според податоците Мавро Орбин потврдени и во Карловачкиот родослов, Милутин изградил 40 манастири.[253] Во Скопската област обновил односно изградил вкупно седум манастири и тоа: црквата Св. Никола на р. Пчиња под Кожле од темел ја обновил околу 1313 година, и се наведува како нејзин прв ктитор.[254] На Скопска Црна Гора го обновил манастирот Св. Никита во близината на с. Чучер и Бањани, а ја изградил и капелата посветена на Св. Јован на јужната страна од црквата. Обновата била обавена во периодот помеѓу 1307 и 1320 година. Манастирот бил доста богат и имал во свој посед повеќе села и манастири, а уживал и значителни привилегии. Селото Бањани му било дадено како пронија. Околу 1313 година манастирот Милутин му го доделил на Хиландарскиот пирг Хрусија.[255] Црквата која ја изградил во с. Чучер посветена на Св. Троица се смета дека била задужбина на кралот Милутин.[256] На Виргино брдо над реката Серава, кралот Милутин го обновил манастирот Св. Георги -Горгос, со што ја заслужил честа да се нарекува втор ктитор како што стои во грамотата која му ја доделил по тој повод во 1299/300 година. Според грамотата, српскиот крал го направил еден од најбогатите манастири во Скопската област, како и најголем црковен земјишен поседник. Манастирот во времето на Милутин располагал со вкупно 47 села и заселци и еден катун, во разни области на

---

[253] *Мавро Орбин,* 24 (253); *Стојановић,* Родослови и летописи, 29-39, 20.

[254] *Петковић,* Преглед, 216; *Николовска,* Изградени и обновени цркви и манастири, 513 со постарата литература.

[255] *Мошин,* Манастирот Св. Никита кај Скопје и Хиландарскиот пирг Хрусија, 263-267; *Мошин, Славева,* Грамотата на цар Михаил IX за Св. Никита, 286-323; *Николовска,* Изградени и обновени цркви и манастири, 514. За културно историските и уметничките вредности на живописот во оваа црква види: *Миљковиќ-Пејек, П.,* Црквата Св. Никита во Скопска Црна Гора како историско-уметнички споменик, Споменици на Македонија I, 379-386 со постарата литература.

[256] *Николовска,* Изградени и обновени цркви и манастири, 519.

Македонија од кои 15 села и заселци се наоѓале во Скопската област.[257] Во Скопје, кралот Милутин ги обновил црквите Св. Богородица Троеручица, Св. Јован Претеча и Св. Константин. Црквата Св. Богородица Троеручица, уште од крајот на XII век била седиште на Скопската епископија, а истата улога ја играла и по нејзиното приклучување кон српската црква.[258]

Каква била црковната политика во времето на кралот Стефан III Дечански, кон Скопската епископија не знаеме. Некои автори сметаат дека Скопската епископија по битката кај Велбужд 1330 година, територијално се проширила кон Штип, кој и припаѓал на Морозвизската епископија, Просек кој припаѓал кон Мегленската епископија и Велес со северните краеви од Прилеп се до манастирот Трескавец, области кои пред тоа припаѓале на Битолската епархија.[259] Од грамотата на српскиот цар Стефан Душан на серскиот митрополит Јаков за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година, дознаваме дека имотите на оваа манастирска црква за време на српско-византиските воени операции од 1328 до 1330 година, во времето на српскиот крал Стефан III Дечански и Андроник III Палеолог, настрадал "храмъ великаго архіерея Христова и чюдотворца Николи, въ мѣстѣ нарицаемѣмъ на П҃шини подь Коꙁлюемь... и настоюштіми врѣменм҃и порꙋшень и властели насилюаемь, или истѣю рештн помѣроп҃шень" а имотите му биле разграбени од локалната српска властела.[260]

Во времето на владеењето на Стефан Душан, имаме многу повеќе податоци за состојбата на Скопската епископија. Со голема сигурност се знае дека до 1346 година Скопски епископ бил Јован, кој по прераснувањето на епископијата во архиепископија, бил првиот Скопски првопрестолен митрополит. Растот и значењето на Скопската епископија, добивал се

---

[257] *Данило,* Животи краљева и архиепископа 138. Сп.: *Стanojевић,* Краљ Милутин, 43; Мошин, Славева, Илиевска, Грамоти, 205-238; *Николовска,* Изградени и обновени цркви и манастири, 514. *Грујић,* Властелинство, 50-73; *Мошин,* Грамотите, 124-146; *Томоски,* Скопје од X до крајот на XIV век, 69-71.

[258] *Николовска,* Изградени и обновени цркви и манастири, 515-516.

[259] *Грујић,* Скопска митрополија, 96.

[260] *Новаковић,* Законски споменици, 701-702; *Славева,*. Дипломатичко-правните споменици, (Грамотата на цар Душан за црквата Св. Никола кај Кожле од 1355 година) 413-414; *Славева, Мошин,* Српски грамоти, 28-29.

поголемо значење со постепеното прераснување на градот Скопје како прва престолнина на Српските владетели. Таму се одвивале најважните административни работи, престојувал кралот, заседавало големото и малото собрание. На Големото собрание се донесувале важни државни одлуки, таму често престојувал и српскиот архиепископ, поради координирање на државно-црковната политика и најпосле таму бил прогласен српскиот патријарх. Поради таквото политичко-црковно значење, дошло до издигнување на Скопската епископија на повисоко ниво-првопрестолна митрополија. Тој чин се случил во 1346 година. По прогласувањето на Српскиот архиепископ за патријарх и свеченото крунисување на Душан за цар, како најзначаен црковно-политички настан во Скопје, Скопскиот епископ Јован бил прогласен за првопрестолен митрополит. Скопскиот митрополит имал право да го застапува патријархот во негово отсуство и да се потпишува на актите кои ги издава српскиот цар. По овој чин, Скопската епископија прераснала во првопрестолна митрополија-архиепископија.

Во месец мај 1346 година во Душановата повелба на Светогорскиот манастирот Ватопед, под потписот на царот Душан стои потписот "Διὰ τοῦ πρωτοθρόνου Σκοπίον μητροπολίτου ὑπερτίμου Ἰωάννου." Митрополитот скопски Јован под истата титулатура по царот се потпишал и на повелбите кои Душан им ги дал на манстирите Ксиропотаму и Есвигмен, од мај истата година.[261] Првопрестолниот скопски епископ Јован по тој повод наредил да се изработи плаштеница, која била подарена на првопрестолната црква во Скопје Св. Богородица. Подоцна таа била подарена на Хилендар, каде и денес се чува. На плаштеницата на црковнословенски се потпишал како "Првопрестолни скопски смерни Јован, дар му принесува на мојот животодавец." На неа се извезени сцени од четиринаесетте Господови и Богородичини празници, оивичени со грчки натпис. На натписот Скопскиот

[261] *Соловјев,* Мошин, Грчке повеље српских владара, Београд 1936, : XI, 82-83, XII,92-93, XIII,102-103. Сп.: *Грујић,* Скопска митрополија, 98-99; *Пурковић,* Епископи и митрополити, 405-406; *Јанковић,* Епископије и митрополије, 63.

митрополит се нарекува архиепископ.[262] Грчкиот натпис на плаштеницата, ја потврдува грчката култура на скопскиот архиепископ Јован и можноста дека тој бил избран од редот на црковните лица кои и припаѓале на Охридската архиепископија, а делувале во поранешната Скопска епископија. Во грамотата за епископската црква Св. Архангел Михаил во Лесново од 1347 година, српскиот цар кажува дека на црковниот собор во Скопје на кој присуствувал српскиот патријарх Јоаникиј, охридскиот архиепископ Никола, присуствувал "и сь архіепископомь скопскымь, рекше митрополитомь кирь Їоанномь."[263] Првопрестолниот скопски митрополит, од 1347 година бил именуван како архиепископ на проширената Скопска митрополија. Митрополитите кои по прогласувањето на Царството од 1346 до 1347 година, имале почесни титули, по соборот од таа година, се здобиле со формално-правна јурисдикција.[264] Фактот дека на плаштеницата за Св. Богородица Троеручица, Скопскиот митрополит Јован се нарекува и архиепископ, како и во повелбата на царот Душан за Лесново, укажува дека тој така се нарекувал по државниот собор во Скопје во 1347 година.

На одржаниот црковно-државен собор во Скопје 1347 година, на кој според хрисовулата на царот Душан за манастирот Лесново, присуствувале покрај царот и "првоостеніот патріарѣ кир Іоаникиж и со арѣиепископот Оѣридски Никола и со арѣиепископот Скопски ... Іован и со сите митрополити и епископи и игѵменіи" во присуство на властелата, на целиот собор на царството, во присуство на царицата Елена и престолонаследникот кралот Урош, биле

---

[262] *Грујић,* Скопска митрополија, 97 фот. 47, 99-100. Christopher Walter, Portraits of Bihops appointed by Serbien Conquerors on Byzantine Teritory, Byzantium and Serbia in the 14 th Century, Athens 1996, 296-298, верува дека на плаштеницата помеѓу светите отци: Терапон, Григориј од Ниса, Грегориј од Назиан, Василиј, Јован Хрисостом, Атанасиј и Кирил, претставен е и архиепископот Јован од Скопје, на што упатува натписот "[ὁ ἅγιο]ς Ιω(άννης) ἐπίσκοπο(ς) Σκο[πί]ων" fig. 45. Ваквата претстава на жив или скоро починат архиеписскоп Јован Скопски е невообичаена појава. Од таму овој начин на претставување на плаштеницата се смета дека е земена како пример од страна на царот Душан,за време на неговиот престој на Хиландар во декември 1347 или април 1348 година.

[263] *Леонид,* Хрисовуља цара Стефана, 289; *Новаковић,* Законски споменици, 676. Околу дефинитивното датирање на повелбата во 1347 година сп. *Јанковић,* Епископије и митрополије, 63 бел. 11.

[264] *Јанковић,* Епископије и митрополије, 64.

донесени црковни реформи.[265] Со прераснувањето на Архиепископијата во Патријаршија по примерот на источните цркви, се налагала потребата епископиите да се претворат во митрополии, додека во нивната област да се формираат нови епископии, кои ќе бидат под власта обласен митрополит. Со бил спроведен принципот на митрополитски систем.[266] Во истата хрисовуља, царот Душан истакнува дека издигнувајќи го кралството во царство, архиепископијата во патријаршија, епископиите во митрополии "такожде и подвигосмо всечьстноую Скопию, частнаго и славнаго града Скопиа Трояроучицоу, на прьвопрѣстолноую митрополию." Согласно издигнувањето на Скопската епископија на ниво на митрополија "поискасмо пискупиѥ подлоїити вь область митрополиѥ свете Трояроучице Скопьскыѥ," и потребата од оснивање на нова епископија, црковниот клер и властелата одлучиле, манастирот Св. Архангел во Лесново да се подигне на ниво на епископија под надлежност на Злетовскиот епископ, кој ќе биде потчинет на првопрестолната Скопска епископија ("вь помень прьвопрѣстолныѥ митрополиѥ трояроучице славнаго града Скопиа").[267] Српскиот цар притоа напоменал ова било направено по заповед на светите божествени врховни апостоли и светите богоносни отци и светите седум собори, со што се потенцира дека спроведениот акт е во согласност со канонските принципи на митрополитскиот систем.[268]

Според М. Орбин, царот Душан бил побожен и дарежлив кон црквите и манастирите "на Света Гора и во Македонија."[269] Со обновувањето на запуштениот храм Св. Никола кај Кожле, од страна на царицата Елена, неговото дарување со богати имоти и привилегии, царот Душан манастирот му го подарил на серскиот митрополит Јаков на негово барање.[270]

---

[265] *Леонид,* Хрисовуља цара Стефана, 289.

[266] *Грујић,* Скопска митрополија, 100; *Грозданов,* Охридската архиепископија во XIV век,169-170.

[267] *Леонид,* Хрисовуља цара Стефана, 289-290, 295; *Грујић,* Скопска митрополија, 100-101, Јанковић, Епископије и митриполије, 63-64.

[268] *Грујић,* Скопска митрополија, 100-101; Јанковић, Епископије и митриполије, 64; Грозданов, Охридската архиепископија во XIV век,169-170.

[269] *Мавро Орбин,* 34.

[270] *Славева,* Грамота на црквата Св. Никола, 407-424; *Истата,* Манастирот Свети Никола кај Кожле, 165-184.,

ГЛАВА ПЕТТА

СКОПЈЕ ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК И ПАЃАЊЕТО ПОД ТУРСКА ВЛАСТ

1. Скопје во времето на Волкашин

Волкашин во Скопје е присутен уште од времето пред прогласувањето на Стефан Душан за цар, па се до септември 1371 година, до неговото заминување на р. Марица каде загинал во битката со Турците. Мавро Орбини пишува дека потекнувал од Ливно во Херцеговина. Неговиот татко Мрњава кој бил сиромашен властелин, заедно со жената, синови Волкашин, Углеша и Гојко, и двете ќерки, кралот Душан ги довел на својот двор во Скопје. По доаѓањето на Волкашин на дворот, тој остварил блескава кариера, за која има многу изворни податоци. Според византискиот историчар Лаонок Халкокондил, кој пишува со значителна временска дистанца, но делото му се потпира врз богата изворна документација, Волкашин на кралскиот двор ја вршел должноста пехарник, додека Угљеша, бил коњушар ("Κράλη τε καὶ Οὐγγλέση τοῖν ἀδελφοῖν, ᾧν θάτερος μὲν οἰνοχόος ἦν τοῦ βασιλέως, ὁ δὲ ἕτερος ἱπποκόμος").[1] На српскиот двор во Скопје, односно во Скопската област со сигурност го сретнуваме веќе во 1345 година кога според ктиторскиот натпис во с. Сушица јужно од Скопје, тој го започнал градењето на својата задужбина црквата Св Димитрија.[2]

---

[1] *Мавро Орбин*, 49-50; *Chalcocondylae* II, 28, 21-22.

[2] Натписот за првпат го објавила: *Ношпал-Никуљска,* За ктиторската композиција и написот во Марковиот манастир- селото Сушица, Скопско, ГИНИ XV/2, 225-238; повторно *Ношпал-Никуљска,* Марковиот Манастир, 405-406 со други откриени натписи во манастирската црква; со извесни дополнувања *Гроздановъ-Субошић,* Црква светог Ђорђа у Речици, 73-74. Пред извесно време врз основа на фрагментарен натпис вѕидан во западната фасада, долу под јужната ниша, кој го открила *Н. Ношпл- Никуљска* (Марковиот Манастир, 414) и го прочитала како "протопоп царев Дмитар беше..((прот)ѡ попь царє()вь Дми(т)рь вѣш(є)..." а кој бил напишан пред каменот да биде вграден во ѕидѡт на црквата, *Н. Овчаров* (Надписите от XIV в. в Марков манастир до Скопие и политическият възход на кралете Вълкашин и Марко, Paleobulgarica, XIX/3 (1995), го чита како "иѡ̃ попь, ц(арєв)ь равь, ѯ(и)да м(онаст)ирь. вѣш(є)" и претпоставува дека фрагментарниот натпис може да биде во врска со содржината на последните два реда од ктиторскиот натпис. Според Н.Овчаров, натписот би требало да се однесува кон натписите кои известуваат за нешто, додека епитетот царев, го решава прашањето за датата на вториот текст, дека манастирот почнал да се гради во времето на царот Стефан Душан. Тоа би значело дека попот Јован бил сведок при градењето на манастирот, додека епитетот царев би ја потврдувал датата односно 1345

Градбата на црквата во наведената година од страна на Волкашин, укажува дека тој како близок соработник на Душановиот двор, располагал со значителна финансиска моќ, односно до таа година неговите поседи се наоѓале југозападно од Скопје, што не значи дека тој на српскиот двор не се наоѓал пред 1345 година. Ако може да му се верува на М. Орбини, во времето кога Волкашин и Угљеша биле доведени на дворот на Душан тие биле "појаки и поизвежбани во оружјето од другите властелини."[3] Вториот доста сигурен податок за дејноста на Волкашин во Македонија, потекнува од околу 1350 година. Станува збор за еден требник кој бил завршен на 26 март споменатата година, а бил пишуван во селото Маргари Прилепско, "при жоупанѣ Влькашинѣ...вь дьны благовѣрьнаго цара нашега Стефана и сына моу Оуроша и царице Елене wбладающимь всѣми зємлѭми...и кьга се отврьже Бер." Ако се знае дека Бер бил освоен од Србите кон крајот на 1350 година, тогаш се добива и годината на неговото прво споменување. Овој податок покажува дека поседите на Волкашин, во почетокот се проширале на југо-запад од Скопје и се простирале од с. Сушица, по долината на горниот тек на Маркова Река, се до Северна Пелагонија, селото Маргари и градот Прилеп. Во поседите на Волкашин се смета дека влегувале и областите западно од горниот и дел од средниот тек на реката Вардар, со градот Велес.[4] За временски период од десетина години, тој од пехарник стигнал до титулата жупан, која со сигурност е потврдена во 1350 година, што не значи дека ја немал добиено и пред тоа. Жупанската титула му одредувала високо место како на царскиот

година кога манастирската црква почнала да се зида. Навистина Душан се крунисува за цар на Велигден 1346 година, но тој за цар се прогласил уште во Сер есента 1345 година, нема никакви пречки почетокот на зидањето на манастирот да се поврзе со есента 1345 година. Изборот на патронот на кого му е посветена црквата, се поврзува обично со второто име на Волкашин Димитриј (сп.: *Ацшевски,* Пелагонија во средниот век, 212, бел. 13).

[3] *Мавро Орбин,* 50. Сп.: *Мирковиќ,* Мрњачевићи, 1; *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 360; Михачић, Крај, 94.

[4] *Kovačević, Ljub.,* Nekoliko srpskih natpisa i beležaka, Starine (JAZU) X, (1878), 270-271, требникот прв во целост го објавил истиот автор во споменатиот прилог (274-282); *Стојановиќ,* Записи и натписи I, 37 бр. 97-98; *Мирковиќ,* Мрњачевићи, 4; *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 360; *Михачић,* Крај, 94; *Soulis,* The Serbs, 92; *Ацшевски,* Пелагонија во средниот век, 210-212.

двор, така и помеѓу властелата.[5] Овие изворни податоци со голема веројатност ја определуваат територијата на Волкашин со која тој управувал од доаѓање на Душановиот двор, па се до крајот на неговото владеење. Фактот дека веќе во есента 1345 година, ја започнал изградбата на црквата Св. Димитриј во с. Сушица може да укажува на можноста дека тој уште тогаш бил доста влијателен и располагал со поголема територија, а уживал и одредени привилегии како жупан на област.

Врз основа на засега една сочувана монета- сребрен динар- со натпис Јован деспот и Волкашин без титула, постои мислење дека тој како велики жупан бил доста влијателна личност на царскиот двор, и дека заедно со деспотот Јован Оливер, околу 1350 година, во времето на цар Душан, ковал монети. Фактот дека монетите биле ковани во мали количини, од кои е сочувана само една, според некои автори би го потврдувал статусот на жупанот како личност во директна потчинетост кон деспотот Јован Оливер.[6] Според нашето мислење, монетата хронолошки би можела да се поврзе со периодот кога тој се појавува без титула, во настојување да стане крал, односно совладетел на царот Урош, а можеби тоа е заедничка монета на Волкашин и деспот Јован Углеша? Но, за тоа ќе зборуваме подолу.

По смртта на Душан, во 1355 година, Волкашин најголемиот дел од времето го поминува на царскиот двор во Скопје. На почетокот на владеењето на српскиот цар Урош, ако може да и се верува на повелбата сочувана во италијански превод од 1355 година, со која царот Урош на градот Котор му ги потврдил поранешните привилегии, Волкашин се споменува

---

[5] *Аџиевски*, Пелагонија во средниот век, 211-213. Во 1351 година во Приштина по наредба на царот Стефан Душан, некој Волкашин напишал повелба со која српскиот цар на Которанте им ги потврдува старите привилегии сп.: *Мирковиќ*, Мрњачевићи, 4.

[6] *Димитријевић, С.*, Нове врсте средњовековног новца, Старинар IX-X (19581959), 141-144. *Аџиевски*, Пелагонија во средниот век, 213-214 го прифаќа мислењето на С. Димитријевиќ дека се работи за заедничка монета на деспот Јован Оливер и Волкашин. Монетата хронолошки ја сместува во крајот на првата половина или пак во средината на XIV век, додека за актот на заедничко ковање, смета дека е во прашање или поцврста врска помеѓу двајцата великодостојници, заснована на роднинска поврзаност на нивните семејства, за што засега нема основа, или пак Волкашин во тој период имал поголема моќ и влијание во Српското царство отколку што вообичаено се смета. *Матанов*, Югозападните земи, 75 мисли монетата им припаѓала на деспотот Јован Асен и Волкашин.

како челник (zeonix Vucasin).[7] Според М. Орбин, на 13-то место меѓу шеснаесетте највлијателни соработници на царот Душан, се наоѓал "Волкашин челник (Vucascin ceonik)".[8] Податоците дека жупанот Волкашин на почетокот на кариерата на цар Урош ја извршувал високата административна должност челник, која покрај воените прерогативи на непосреден заповедник на воените сили на владетелот, повлекувала со себе и надлежност над финансиите, потврдува дека тој по 1355 година, односно во првата половина на владеењето на Урош, значително ги зацврстил позициите на царскиот двор, и најчесто таму престојувал.[9]

Должноста челник, на Волкашин особено му одговарала, бидејќи во првите нецели десет години, на српскиот царски двор околу царот се водела жестока политичка битка за влијанието врз него, како и за одредувањето на совладетелот на Урош. Притоа, според Јован Кантакузин, Никифор Григора и Продолжувачот на архиепископот Данило имало и обиди за одметнување. Од друга страна, пак, Мавро Орбини, подоцнежен компилатор од различни извори, како главни протагонисти во борбата околу совладетелството ги наведува Волкашин и Воислав Воиновиќ, но известува и за други незадоволници во еден подолг временски период.[10] Цитираните податоци на византиските и домашните извори потврдуваат внатрешни несогласувања на царскиот двор, кои траеле со поизразено темпо, до април 1357 година, кога

---

[7] *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 360; *Мирковиќ,* Мрњачевиќи, 4; *Наумов,* Которские грамоти, 19. С. Станојевиќ (Студије о српској дипломатици. XXVI О фалсификованим повељама, Глас САНУ CLXIX, (1836), 26-32, утврдил дека повелбата претставува фалсификат. *Михачиќ,* Крај, 96 и бел 89 укажува дека натписот на Оливеровата задужбина во Лесново го следи постепеното хиерархиско издигнување. Оливер, според натписот, најнапред бил велики челник, потоа велики слуга, велики војвода, севастократор и на крајот деспот, сп.: *Иванов,* Български старини, 157-159.

[8] *Мавро Орбин,* 42. Списокот на наведените Душанови советници според мислењето на *С. Ќирковиќ* (Коментари, 309) е превземен од фалсификуваната или интерполираната повелба за градот Котор, а наведениот податок не се сложува со сочуваната повелба.

[9] *Новаковиќ,* Чинови и титуле, 196; *Новаковиќ,* Историја и традиција, Изабрани радови, (Велики челник Радич или Облачиќ Раде 1413-1435), Београд 1982, 115-119; *Јиречек,* Историја Срба II, 261-263. Со територииите на жупата на Волкашин од неговот доаѓање на царскиот двор во Скопје во 1355 година, па се до неговото издигнување за совладетел, односно до неговото прогласување за крал, управувал неговиот син Марко. Сп.: *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 214-215, 237-241.

[10] *Мавро Орбин,* 43 -47. Сп.: *Ћирковиќ,* Коментари, 309-312.

на првиот државен собор во Скопје одржан во време на Урош, царот од властелата добил поддршка и ги зацврстил своите позиции. Претендентот за царскиот престол, неговиот стрико Симеон Палеолог ги изгубил позициите во борбата за круната. Тој уште неколку години, преземал безуспешни напади на Српското царство, се прогласува за цар, па издава дури и повелби.[11]

Од погорецитираните извори потенцирано е изразито незадоволство на царицата мајка Елена-Елисавета кон царот Урош, од што се стекнува впечаток дека таа е отстранета од царскиот двор или испратена во посебна мисија да владее со Серската област. Во прилог на тоа оди фактот дека таа многу рано се замонашила уште на Велигден 1356 година. На сомневањата дека не била во добри односи со царот Урош, се противат податоците дека за време на нападот на Матија Кантакузин на Сер, во летото 1357 година, царот и испратил помош,[12] како и повелбата од 1360/61 година, со која царот Урош селиштето Патрићево кое го дарувала царицата мајка, му го потврдува на Хиландар. Во документите од истата година, забележливо е постепеното изоставување името на царот, што укажува на престанување на нивната тесна соработка, а се стекнува впечаток дека таа е во поблиски односи, со Волкашин и Јован Углеша.[13]

По државниот собор во Скопје 1357 година, на кој Урош добил силна поддршка од властелата и црквата, Воислав Воиновиќ и Волкашин се двете највлијателни личности на царскиот двор. Се смета дека водството во влијанието над царот Урош, го имал кнезот Воислав Воиновиќ, претставник на старата српска властела, додека Волкашин ги држел позициите во своите поседи и водел умерена политика на исчекување.[14] Природно би било да се очекува за поддршката на царот Урош на државниот собор од 1357 година, а и потоа, покрај Воислав Воиновиќ кој станал највлијателна личност на

---

[11] *Михаљчиќ,* Крај, 11-34.

[12] *Cantacuzenos* III, 322,17-324, 14; 325, 14-331, 6; 331-17-332, 22; *ВИИНЈ* VI, 564-572; *Михачиќ,* Крај, 35.

[13] *Михачиќ,* Крај, 66-68.

[14] *ИСН I,* 586-587.

царот,[15] и Волкашин за својата верност, да добие нови територии и некоја дворска титула. Четири српски постари летописи (Копоринski, 1453 г., Пеќски, Студенички и Цетињски, XVI век) известуваат дека Волкашин од царот Урош го добил достоинството деспот: "Сь же Вълкашинь сподоби се отъ нѣго (отъ господина своєго) чьсти деспотатскаго сана, потомь же и вѣнчаваєт нѣго." Од помладите летописи (до крајот на XVII век) истата вест ја соопштува Врхобрезничкиот летопис кој вели дека Урош претрпел многу неправди од Волкашин и Углеша, не испуштајќи да наведе дека Во́лкашин ја узурпирал кралската круна и го протерал царот Урош, и Пејачевичевиот превод на Бранковиќевиот летопис, кој известува "Vukasinus igitur ab eo factus dignitate despota..."[16] За доделувањето на деспотското достоинство на Волкашин од страна на царот Урош, известува и Мавро Орбини, кој вели дека меѓу Рашките властелини кои ги истакнувале со своите амбиции по смртта на Душан биле "*деспотот Волкашин и неговиот брат Угљеша... и кнез Војислав, син Војинов, од кои секој бил на управа на најважните земји на кралството.*"[17]

Во историската наука постојат различни мислења околу тоа дали Волкашин воопшто имал деспотска титула. С. Димитријевиќ, смета дека деспотското достоинство на Волкашин му го даваат само несигурни извори, родослови и летописи кои говорат дека го добил од царот и достоинството го поврзуваат со убиството на царот Урош од страна на Волкашин.[18] Б.

---

[15] Според Мавро Орбини (43) царот Урош "Уште на повисоко достоинство го издигна кнезот Војислав Вујиновиќ, кога зел една негова ќерка за жена, а ја отпуштил првата жена, ќерка на влашкиот војвода Влајко. Иако горчливо ја осетила оваа неправда, не сакајќи пред своите очи да ја има својата соперничка, таа доброволно го напушти дворот и се вратила кај својот татко." *Михачиќ,* Крај, 73 покрај овој податок на Орбини за кој *С. Ќирковиќ* (Коментари, 309-310) се изјаснил дека не му противречат некои современи извори, а сепак индиректно како што тоа го кажува повелбата на цар Урош од 22 август 1362 година (*Новаковиќ,* Законски споменици, 182) по повод помирувањето со Дубровчаните кнезот Војислав Војиновиќ го нарекува "братомь царьства ми" се чини оправдано смета дека моќниот кнез, веќе во 1262 година стапил во роднински врски со царот Урош давајќи му ја својата ќерка за жена. И покрај самоволното истапување за време на војната со Дубровчаните, според С. Ќирковиќ изворите потврдуваат многу добри односи помеѓу царот и хумскиот кнез.

[16] *Стојановиќ,* Стари српски родослови, 84-85; 133-134 бр. 152; 268 No. 1084,

[17] *Мавро Орбини,* 43.

[18] *Димитријевиќ,* Нова врста новца, 142.

Ферјанчиќ, мисли "да оскудни и несигурни подаци неких летописа не дају довољно основа за тврдњу да је Вукашин заиста био деспот" при што како аргумент ги наведува дубровничкиот акт од 1361 година, каде Волкашин се споменува без титула, Пејатовиќевиот летопис и Сводот на сите летописи, каде Волкашин се наведува само како крал. Сепак авторот дозволува со извесна резерва, деспотската титула Волкашин да ја добил по втората половина на 1361 година.[19] Сомневања за деспотската титула на Волкашин, изразуваат засега единствено уште И. Ѓуриќ и К. Аџиевски.[20]

Поголемиот број на историчари ги сметаат за веродостојни податоците дека Волкашин пред кралската, бил носител на деспотската титула, која како на близок роднина на царското семејство му била доделена од царот Урош. Околу хронологијата кога Волкашин ја добил деспотската титула, во историската наука се искристализирале различни гледишта.[21]

---

[19] *Ферјанчиќ,* Деспоти, 171 и бел. 85. *Стојановиќ,* Стари српски родослови, 50 бр. 59; 206, бр. 576 е; 208-209 бр. 581, е, з, и, бр.582, б, в, г, д, ѓ, е, ж, з, и, ј.

[20] *Ѓурић,* Поменик, 158,7,бел. 83; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 220.

[21] *Новаковиќ,* Срби и Турци, 144; *Истиот,* Чинови и титуле, 242-243 сметал дека Волкашин деспот станал пред 1360 година, како венчан кум на младиот цар; *Мирковиќ,* Мрњачевићи, 6 (14) и М. Диниќ (Историја народа Југославије I, Београд 1953, 412) се изјасниле дека тоа се случило набрзо по 1361 година; *Јиречек,* Историја Срба I, 242 хронолошки не го определува добивањето на деспотската титула на Волкашин туку само кажува "Цар Урош га је именовао деспотом"; *Стричевиќ,* О титуларном имену, 123 врз основа на податокот дека Углеша во 1358 година се споменува како велики војвода, смета дека Волкашин во истата година ја добил деспотската титула; *Ферјанчиќ,* Деспоти, 171 иако се сомнева во веродостојноста на изворите за деспотската титула на Волкашин, смета дека титулата можела да му биде доделена после 29 јули 1361 година, кога Дубровчаните го споменуваат без титула; *Остроѓорски,* Серска област, 11-12 смета дека Волкашин пред да се прогласи за крал, од царот Урош бил крунисан со деспотски венец. Имајќи на ум дека сите вести за Волкашин пред неговото крунисување за крал потекнуваат од Дубровничкиот архив, според кои Волкашин последен пат без титула се наведува во јануари 1364 година, а првиот податок кој го споменува како крал потекнува од ноември 1366 година, иако тој е крунисан многу порано, за што потврдува повелбата која Волкашин ја издава 1366 година, авторот заклучува "*можемо да кажемо да Вукашин није имао деспотску титулу пре 1364 године, али не смемо да тврдимо да је није добио током 1364 или 1365 године. Утолоко мање што нема ничег невероватног у томе да је прво добио деспотско достојанство, а да је затим крунисан за савладара.* За Вукашинову деспотску титулу зна и Орбини: пре него што ће Вукашин постати краљ, Орбини редовно назива Вукашина деспот. Његово крунисање за краља Орбини приказује као нову почаст и промоцију у виши ранг"; Т. Томоски ((ИНМ I, 194)) констатира дека Волкашин "за време на владеењето на Урош најнапред станал челник, а потоа се здобил со звањето деспот"; *Михачиќ,* Крај, 106, 110-111 укажувајќи "да се подаци о Вукашиновој деспотској титули налазе у оном делу Орбинијевог текста за који смо показали да је веродостојан" ја прифаќа хронологијата на Г. Острогорски дека Волкашин деспотската титула можел да ја добие после јануари 1364 година, а пред

Останува да видиме како и кога Волкашин го добил деспотското достоинство и дали тоа негово издигнување може да се поврзе со унапредувањето на неговиот најголем соперник, и највлијателната фигура на српскиот двор, хумскиот кнез Војислав Вујиновиќ. Според кажувањето на М. Орбини, а и од други извори познато е дека Волкашин жупан во 1350 а во 1355 година на главниот царскиот двор во Скопје ја врши високата должност челник. Војислав Војиновиќ е жупан, но до крајот крајот на јули 1359 година, од кога веќе е кнез.[22] Од податоците на Мавро Орбини се стекнува впечаток дека по државниот собор во Скопје, Волкашин ја носел деспотската титула во времето додека Воислав Воиновиќ бил кнез, или како што констатира Г. Острогорски, "пред Волкашин да постане крал, Орбини редовно го нарекува Волкашина деспот" со што се согласуваат С. Ќирковиќ и Р. Миљачиќ.[23] Од Орбини произлегува дека Волкашин и Угљеша од една страна, и кнезот Воислав Воиновиќ, од друга, се најмоќните фигури кои ги движат настаните на српскиот двор. Во првите години на владеењето на Урош, Волкашин пред да стане крал, без исклучок е нарекуван деспот, додека Воислав Воиновиќ редовно е именуван како кнез. Ако се имаат предвид податоците од истиот извор дека некои високи советници на царот Урош му советувале "*да ги стави во затвор деспотот Волкашин, и кнезот Војислав*" поради пројавените преголеми амбиции, а тој "*уште повеќе...како тоа да не му било доволно, ги воздигнувал обвинетите на уште повисоки почести и должности,*"[24] укажува дека доделувањето на деспотското достоинство на Волкашин, би требало да се бара во исто време со издигнувањето на кнезот

воспоставувањето на совладетелството; *Матанов,* Югозападните земи, 75, 98 бел. 103 повикувајќи се на постарите Српски Родослови и на Мавро Орбини и *Soulis,* The Serbs and Byzantium, 93, 209 n. 67 врз основа на постарите Српски Родослови, исто така прифаќаат дека Волкашин бил носител на деспотско достоинство и ја прифаќаат хронологијата што ја определил Г. Острогорски.

[22] *Monumenta Ragusina* II, 277; *Новаковиќ,* Законски споменици, 182-183. *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 353-357, 360-361.

[23] *Острогорски,* Серска област, 12; *Ћирковиќ,* Коментари, 309-310. *Михачиќ,* Крај, 106, 110-111.

[24] Мавро Орбин, 43.

Воислав Воиновиќ, по соборот во 1357 година, односно пред 26 септември 1363 година, кога кнезот умрел.

Останува да видиме што Дубровничките акти зборуваат за настаните на српскиот двор, помеѓу 1360 и 1364 година, како го наведуваат Волкашин, зошто не го титулираат, и што претставува тој за нив. На 29 јануари 1360 година двајца пратеници на царицата Елена (domine imperatricis) пристигнале во Дубровник и барале да го подигнат депозитот на цар Стефан, кој бил депониран кај властелинот Марое Гучетиќ. Дубровчаните покажале повелба на царот Душан, со која се потврдувало дека депозитот му бил исплатен на српскиот цар уште пред неговата смрт. Пратениците им се заканиле на Дубровчаните со нови барања од царицата, што довело до сериозна загриженост во Дубровник.[25] Во меѓувреме спорот мирувал, поради женидбата на царот Урош со Ана ќерката на влашкиот војвода Александар Басараб и свадбата која се прославила во Сјеница, на територијата на хумскиот кнез Војислав Вујиновиќ. Дубровчаните на свадбата испратиле двајца свои претставници, кои ја искористиле средбата и се пожалиле на скорозаведените царини кои ја отежнувале трговијата, по што српскиот цар на 29 септември 1360 година им издал повелба, со која им гарантирал слободна трговија и им ги потврдил старите привилегии.[26] На 19 април 1361 година, царот Урош од Дубровчаните го барал депозитот на својот татко од Марое Гучетиќ. Дубровчаните ги приложиле истите аргументи со кои препходно ја одбиле царицата. Српскиот цар, уште еднаш го побарал депозитот на својот татко, за што Големиот совет одлучил на 25 мај, да му се одговори околу побарувањето.[27]

Во јуни 1361 година српскиот цар наредил да бидат затворени Дубровничките трговци во земјата, а хумскиот кнез веќе започнал со воените операции. Во втората половина на јули 1361 година, во градот на Св. Влах

---

[25] *Monumenta Ragusina* II, 288-289; III, 22; *Новаковиќ*, Законски споменици, 174-175. Сп.: *Марковиќ*, Односи Дубровчана са Србијом, 58; *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 356-357.

[26] *Monumenta Ragusina* II, 293; *Новаковиќ*, Законски споменици, 181-182; *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 357.

[27] *Monumenta Ragusina* III, 74, 81; *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 357.

српскиот цар, го испратил Марко, синот на Волкашин, во дипломатска посредничка мисија. Марко престојот го искористил за подигање на својот депозит, и дел од депозитот на мајка му. На 29 јули Големиот совет го овластил кнезот, а на Малиот совет му препорачал на пратеништвото на царот на Србија (*imperatori Sclavoniae*) што е можно најљубезно да му одговорат писмено и усмено, и да им пишат на царицата и Волкашин и на други за кои смета дека е потребно.[28] Советот му дозволил на Марко, да го подигне својот депозит, како и 25 либри сребро, дел од депозитот на "uxoris Volcasino," под услов да не купува никаква стока на територијата на Дубровник, поради блокадата која со Српското царството сеуште траела.[29] На на 8 август трговците од Призрен биле ослободени, под услов да не купуваат ништо во Дубровник, додека на 23 август им било дозволено да го напуштат градот.[30] Мирот сепак не бил постигнат. Во октомври кај Дубровчаните безуспешно посредувале жупанот Санко и босанскиот бан Тврткo. Депозитот на поранешниот логотет на Душан Ѓураѓ Повиќ бил реквириран за воени цели,[31] што претставувало предупредување на Дубровчаните до српскиот цар. Во првите месеци на 1362 година дошло до спласнување на страстите, што овозможило Дубровчаните повторно да се обратат за мир до српскиот двор. На 28 април тие решиле да му пишат на "*imperatori et imperatrici et illis baronibus, quis videbitur, et patriarche.*"[32] Дубровничкиот совет на 19 мај 1362 година одлучил "да го испрати Радослав Чимбо кај Волкашин и кај старата царица(*ad Volchasinum et ad imperatricem veterem*), со кои треба да разговара," додека следниот ден Малиот совет одлучил на Радослав Чикуриќ да му се дадат на име патни трошоци 45

---

[28] *Monumenta Ragusina* III, 100 "Et posse scribere *Imperatrici et Volcasino* et allis cuibus videbitur." Сп.: *Марковић,* Односи Дубровчана са Србијом, 62; *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 359; *Tadić,* Promet putnika, 49; *Михачић,* Крај, 57.

[29] *Monumenta Ragusina* III, 100. *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 360; *Tadić,* Promet putnika, 49; *Михачић,* Крај, 59; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 216. Депозитот на поранешниот логотет на Душан Ѓураѓ Повиќ според Дубровничките акти (Monumenta Ragusina III, 100) од 27 октомври 1361 година бил одземен и пренаменет за воени цели.

[30] *Monumenta Ragusina* III, 100, 102, 104, 112. *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 360 бел. 49, 361; *Tadić,* Promet putnika, 49-50; *Михачић,* Крај, 59; *Наумов,* Свидетельства, 30.

[31] *Monumenta Ragusina* III,130-133; *Марковић,* Односи Дубровчана са Србијом, 63.

дукати за одење во Славонија кај Волкашин и кај старата царица (in Sclavoniam *ad Volchasinum et ad Imperatricem veterem*).[33] Дубровачките акти по трет пат го споменуваат Волкашин, на 20 јануари 1364 година заедно со Балша. Заради подобрување на трговските врски Дубровчаните решиле да испратат пратеници "*ad Volchasinum et ad illos de Balsa* unum vel duos nobiles," а истиот ден било одлучено "de mitendo I nobilem hominem ad illos *de Balsa et ad Volcasinum.*" За таа цел Советот одлучил "de salario illi, qui ibit *ad Volcasinum et ad illos de Balsa* perperos c."[34] На 16 ноември 1366 година, Дубровничките акти не споменувјќи го Волкашин известуваат за "regni Sclavonie".

Од Дубровничките акти воочливо е дека Волкашин редовно е споменуван без титула. Податоците од другите извори според кои е јасно дека Волкашин е жупан во 1350, а 1355 година челник на царскиот двор, од една и неговото споменување во Дубровничките акти помеѓу 1360 и 1364 година без никаква титула, па дури ни жупанската, како во случајот со жупанот и кнезот Воислав Воиновиќ чии титули редовно се наведувани,[35] од друга страна, укажуваат дека Дубровничките акти помеѓу 1360 и 1364 каде Волкашин е наведуван без титула, не можат да бидат релевантен показател дека тој не бил деспот, односно дека деспотското достоинство го добил по 1364 година како што мислат Г. Острогорски и Р. Михачиќ.[36] Затоа сметаме дека податокот од Дубровничките акти според кои Воислав Воиновиќ од јули 1359 е кнез (conte) потврден и во повелбата на царот Урош од 29 септември 1360 година за Дубровчаните,[37] како и податоците на Мавро Орбини дека меѓу Рашките властелини кои ги истакнувале со своите

---

[32] *Monumenta Ragusina* III, 182-183. *Михачиќ*,Крај, 60

[33] *Monumenta Ragusina* III, 192-193.

[34] *Monumenta Ragusina* IV, 4-5.

[35] *Monumenta Ragusina* II, "comiti Voyslavo", 226, 258-264, јули 1359 "conte Voyslavo" 277, 278, "comiti Voyslavo" 280, 281, 283, 285, 289; III, 5, 57, 58, 82, "conte Voyslavo" 122, 123, 128, "comiti Voyslavo"130, 153, "conte Voyslavo" 155, 166, "comitis Voyslavo" 166, "conte Voyslavo" 174, "comite Voyslavo"203, 204, 206, 211, 218, 234, 245, 246, "come Voyslavus" 247, "comiti Voyslavo", 256, 261, 270, и со ретки исклучоци во периодот на затегнати односи и воена состојба без титула.

[36] *Острогорски,* Серска област, 10-12; *Михачиќ*, Крај, 110-111

[37] *Monumenta Ragusina* II, 277; *Новаковиќ,* Законски споменици, 182-183.

амбиции по смртта на Душан биле "деспотот Волкашин и неговиот брат Угљеша...и кнез Војислав, син Војинов, од кои секој бил на управа на најважните земји на кралството" би укажувало дека и Волкашин најверојатно деспотското достоинство од српскиот цар го добил помеѓу средината на јули 1359 и август 1360 година, како една од највлијателните личности во Царството, покрај хумскиот кнез.

Второ, од Дубровничките акти може да се воочи, дека во услови на заострени односи па и воена состојба на Дубровчаните со кнезот Воислав Воиновиќ, па од таму и со српскиот цар, во текот на 1360 и 1361 година, тие сосема природно очекувале поддршка во мировните напори, најнапред во личноста на царицата Елена,[38] како мајка на царот и господарка на Серската област, а потоа и во личноста на деспотот Волкашин, како една од највлијателните личности на српскиот двор, во борбата за наметнување на свое влијание над царот и добивање на кралската титула. Во таа смисла испраќањето на Марко, синот на Волкашин, во Дубровник на 29 јули 1361 година, како пратеник на царот треба да се сфати како сериозно наметнување на Волкашин во Царството, покрај несомненото влијание на царицата, од една, а од друга страна решението на Дубровничкиот совет да му одговорат усмено на царскиот пратеник и писмено на царот, а посебно на царицата и Волкашин, укажува дека тие се поставени наспроти царот, како значајни фактори за кои Дубровчаните сметале дека имаат влијание на дворот. Фактот дека царицата е истакната на прво место пред Волкашин, упатува дека таа имала поголемо влијание кај царот, додека Волкашин помало. Преговорите на царскиот пратеник Марко имале делумен успех, Венецијанците во есента и почетокот на 1362 година неуспешно посредувале, а и обидот на Дубровчаните директно да преговараат со хумскиот кнез

[38] На 29 јануари 1360 година во Дубровник пристигнале пратеници на царицата Елена со барање да подигнат дел депозитот цар Стефан, во што не успеале. Пратениците им се заканиле на Дубровчаните со нови барања од царицата, што довело до сериозна загриженост. На 19 април 1361 година во Дубровник стигнале писма на царот Урош, во кои тој го барал депозитот на својот татко. Ваквото однесување на царицата и царот може да се толкува како нивна загриженост поради опасноста градот да падне под власта на моќниот хумски кнез.

завршиле неуспешно. Во потрага за мировно решение на 19 април 1362 година, Дубровчаните писмено се обратиле до царот Урош, царицата, поистакнатите властелини и патријархот. Исходот на овој обид е непознат, но од Дубровничките акти од 19 мај 1362 година дознаваме дека *кај Волкашин и старата царица* бил испратен заради преговори Радослав Чимбо, кој на 20 мај се упатил кон српскиот двор. *Наведувањето на Волкашин пред старата царица*, од страна на Дубровчаните, според наше мислење *претставува квалитативен скок на неговото место и влијание на дворот, во однос на нивното обраќање во јули 1361 година.* Оваа суштествена разлика во однос на обраќањето на Дубровчаните до српскиот двор, досега во науката останало незабележана.[39] Тоа не наведува на помисла да заклучиме дека Волкашин ја истиснал царицата и го зголемил своето влијанието врз царот, како важен фактор во однос на преговорите со Дубровник, односно од трет човек на царскиот двор покрај царот Урош и царицата Елена[40] во 1361 година, веќе во 1362 година станал втор човек. Според Дубровничките документи, Волкашин кај Дубровчаните уживал висок авторитет, како една од најмоќните фигури на царскиот двор, особено за време на преговорите за мир, па затоа тие покрај на царот, царицата и патријархот, му се обраќаат нему, додека неговиот син Марко престојувал во дипломатска мисија во Дубровник. Не треба да се заборави ни фактот дека Волкашин е во роднински врски со Балшиќите кои за Дубровчаните се пријатели. Погрешното читање К. Јиречек на обраќањето на Дубровчаните 1361 година до "imperatori et Volchasino" namesto "imperatrici et Volchasino" на што е укажано во науката,[41] не ја намалува претставата за неговото високо место на дворот пред царицата, туку напротив, уште повеќе го потврдува.

---

[39] *Михачиќ,* Крај, 71-72 смета дека во дубровничките записи нема доволно податоци дека нему му се придава поголемо значење одошто на царицата. Во прилог го наведува писмото од 28 април каде тој не е споменат, па смета дека е изедначен со српската властела.

[40] *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 217.

[41] *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 366; погрешното читање го прифатил и *Мирковиќ,* Мрњачевићи, 5. На грешката укажал *Михачиќ,* Крај, 71-72 со што сакал да ја намали претставата за моќта на Волкашин на дворот. Неговото гледиште го прифатиле *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 216-217.

Ако прифатиме дека Волкашин имал најзначајна улога во преговорите со Дубровчаните, имајќи го во предвид нивното обраќање од 19 и 20 мај, тогаш заклучувањето на мирот во Оногошти, потврден со повелбата на царот Урош од 22 август 1362 година,[42] укажува дека царот ним им ги потврдил територииte на кои полагал право Војислав Вујиновиќ, од што може да се заклучи дека угледот на хумскиот кнез опаднал, наспроти издигнувањето на Волкашин.

Тврдењето дека Волкашин ништо не превземал додека бил жив хумскиот кнез Воислав Воиновиќ, и мудро исчекувал,[43] нема доволна основа.[44] Пред септември 1363 година, односно пред смртта на Воислав Воиновиќ, соперништвото помеѓу двете најмоќни фигури во Српското царство се одвивало со жестоко темпо. Според Мавро Орбини, царот Урош на деспотот Волкашин му доделил нови области на управа "Имено припојувајќи му на деспотот Волкашин многу покраини" а воздигнувајќи го на уште повисоко достоинство хумскиот кнез Воислав "зел една негова ќерка за жена, а ја отпуштил првата."[45] Ако се знае дека српскиот цар се оженил со ќерка на хумскиот кнез во 1362 година, во тој случај и доделувањето на нови

---

[42] *Новаковиќ,* Законски споменици, 183-185; *Михачиќ,* Крај, 61-64.

[43] *ИСН* I, 586; *Михачиќ,* Крај, 65, 72.

[44] Волкашин заедно со неговиот брат Углеша, за да ја зајакне својата позиција на дворот стрпливо работел на привлекување на истакнати велможи. Се смета дека Елена со која Волкашин бил оженет потекнувала од некое угледно благородничко семејство од Македонија. Неговата ќерка Оливера била омажена за Ѓурѓе Балшиќ, со што била зајакната позицијата кон хумскиот кнез, додека неговиот син Марко бил оженет со Елена, ќерката на Радослав Хлапен уште на почетокот на шеесеттите години на XIV век, со што биле зајакнати и осигурани позициите на неговите поседи од југ. Сестрата на Волкашин Елена, била мажена за Никола Радоња, син на севастократорот Бранко Младеновиќ. Една сестра на Волкашин била мажена најверојатно за севастократорот Паскач, господарот на Славиште, додека Углеша кон крајот на педесеттите години бил оженет со Елена, ќерката на кесарот Воихна. *Мавро Орбини,* 51; *Ћирковиќ,* Коментари, 313. Сп.: *Ћурић,* Поменик, 158 бел. 5; *Суботиќ, -Кисас,* Надгробни натпис, 164 сл.; Михачиќ, Крај, 99, 101; *Расолкоска - Николоска,* О историјским портретима у Псачи, 44-49; *Мајданов,* Югозападните земи, 77-78; *Аџиевски,* Плагонија во средниот век, 218.

[45] *Мавро Орбини,* 43. *Ћирковиќ,* Коментари, 309-310 веста не ја зема за сигурна поради тоа што првата жена на Урош се споменува во покасни извори. *Михачиќ,* Крај, 72-73 смета дека овој податок не може да се потврди, но не противречи на некои современи, но индиректни податоци. Притоа укажува на впечатливата споредба на Мавро Орбини, за напредување на Волкашин и хумскиот кнез. Амбициите за совладетелската титула на хумскиот кнез се согледуваат и во фактот дека тој ги приграбил титулата велики кнез и владетелскиот назив на Немањиќката династија Стефан (сп.: ИСН I, 582).

територии на Волкашин од страна на српскиот цар би требало да се датира во таа година. Односно, ако хумскиот кнез се обидел преку воспоставување на роднински врски со царот, да се наметне за совладетел, Волкашин како најмоќна фигура на дворот, веројатно веднаш побарал и добил територијално проширување, за да не биде запоставен и повреден. Но по 23 септември 1363 година, кога хумскиот кнез умрел во неразјаснети околности, Волкашиновото наметнување за совладетел било отворено, па токму затоа Дубровчаните на 20 јануари 1364 година испратиле пратеништво до Волкашин, највлијателниот човек на српскиот двор и до неговиот зет и посведочен нивни пријател Балша, за отворање на трговските патишта.[46] Ако се имат предвид териториите на Волкашин и на брат му Углеша, врските со царицата Елена, која ја управувала Серската област, како и воспоставените роднинските врски на Волкашин со влијателни феудалци на во Македонија и со Балшиќите во Зета, може да се констатира дека тој уште пред смртта на хумскиот кнез, под своја контрола имал огромна територија. Токму затоа Дубровничките извори помеѓу 1361 и 1364 година во Волкашин, со кого имаат добри односи гледаат највлијателна политичка фигура, за совладетел на српскиот цар, и поради претпазливост го наведуваат без никаква титула, во очекување тој да стане крал.

Монетата која досега се сметаше дека е заеднички примерок на деспот Јован Оливер и Волкашин, според едни автори, а според други на деспот Јован Асен и Волкашин, а била кована во времето на цар Душан,[47] има доволно аргументи да се предатира во времето на Урош и да се поврзе со напорите на Волкашин за добивање на кралската круна. Како израз на својата, моќ и амбиција, а како притисок за добивање на совладетелската кралска круна, монетата може да им се припише на Волкашин и неговиот брат деспот Јован Углеша, ако се знае дека тие одлично соработувале, а Мавро Орбин секогаш ги наведува заедно. На лицето на монетата има

---

[46] *Monumenta Ragusina* IV, 4-5. *Јиречек,* Урош, Вукашин и Дубровчани, 366; *Михачиќ,* Крај, 98-99; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 219.

[47] *Димитријевиќ,* Нове врсте средњовековног новца, 141-144; *Мајданов,* Југозападните земи, 75.

рамнокрак крст чии краци завршуваат со рељефни листови, додека во средината има петокрака. Над и под краците, лево и десно испишан е следниот натпис: "Ⱄⰵⰲⰿⲟⲧ - Ⰺⲱⲁⲛ - ⰲⰾⰽⲁ-ⰱⲏⰲⰻ." На опачината е претставен владетел со круна, од која висат висулки кои завршиват со две зрна. Околу главата има нимбус (ореол). Облечен е во царски дивитисион, во десната рака држи скиптер со крст, додека во левата лорос кој завршува со три гроздести топчиња. Од обете страни на фигурата стои натпис "ⲥⲧⲉⲓⲁⲛ ⲥⲁⲣ."

С. Димитријевиќ кој мислел дека Волкашин не бил деспот, и покрај тоа што имал истакната улога на српскиот двор, или ако евентуално бил во времето на Урош, ја оспорувал можноста монетата да е кована за време на Урош, поради тоа што не постои ниедна монета кована во времето на царот Урош, на која не е неговото име. Истовремено смета дека монета на која е испишано само името Стефан цар, а на која го нема Урошевото име, не може да му припаѓа на времето на Урош.[48] Како крунски доказ дека монетата хронолошки припаѓа на времето на цар Душан (1346-1355), ја наведува опачината на монетата каде поради натписот Стефан цар и неговата претстава, тој се јавува како сизерен, односно извор на власта на сопственикот (сопствениците) на монетата. Укажувајќи на невообичаената појава дека на некои монети од времето на Урош, на другата страна се појавува цар Стефан, тој е помалку резервиран во датирањето на монетата според опачината, па ја датира и врз основа на лицето. Фактот дека пред името на Волкашин не се наведува никава титула, според авторот, би укажувало дека монетата е кована пред 1366, односно во 1350 година. Во таа смисла, монетата им ја припишува на деспот Јован Оливер и Волкашин.[49] На опачината на спорната монета навистина пишува Стефан цар и има негова претстава. Но со оглед на фактот дека околу главата на владетелот има ореол, тоа е показател дека царот Стефан во времето кога е кована монетата не бил жив, па не може монетата да се датира во негово време, туку

[48] *Димитријевић,* Нове врсте средњовековног новца,141-142.
[49] *Димитријевић,* С., Нове врсте средњовековног новца, 142-143.

по неговата смрт, како што веќе укажал Љ. Недељковиќ.[50] Од друга страна тоа може да покажува дека во веќе одамна мртвиот цар, на монетата со ореол околу главата, Волкашин сакал да го потенцира изворот на своите претензии за кралската круна, одамна ветувани или дадени, од царот Стефан Душан. Во Летописите за Волкашиновата крвава узурпација на кралската круна и убиството на царот Урош, кои се од легендарен карактер и отфрлени во науката како сериозни историски извори, има одредени податоци за изворот на претензиите на Волкашин на совладетелската круна, кои претставуваат реминисценција на некои непознати домашни извори, за статусот на Волкашин на српскиот двор, во времето на царот Душан и Урош, до неговото поставување за совладетел.[51]

На лицето на монетата пишува: деспот Јован и Волкашин. Името Јован би можело да биде единствена пречка дека монетата му припаѓа само на Волкашин, ако се знае дека неговото второ име е Димитриј. Тогаш се поставува прашањето кој е тој деспот Јован кој е испишан во првиот ред на монетата? С. Димитријевиќ, кој верувал дека монетата е кована во времето на цар Душан, како можност ги посочил деспот Јован Оливер, деспот Јован

---

[50] *Недељковић,* Проблем новца деспота Јоана Оливера, Прилог за историју српског народа, Зборник Народног музеја V, Београд 1967, 253.

[51] Во "Житието за цар Урош" кое го напишал српскиот патријарх Паисије, во првата половина на XVII век, (*Старе српске биографије XV и XVII века,* 136-141.) состојбата на српскиот двор пред смртта на Душан се прикажува вака: "И го остави својот син младоумен, сеуште млад по возраст, и му го предаде скиптерот на државата на Волкашин, и...го заколна да не прави насилство над синот негов, додека не ја достигне возраста и постане наследник на своето отечество." Понатаму се вели дека Волкашин, по смртта на Душан не сакал да му го предаде царството на младиот цар и покрај тоа што така одлучил државниот собор. Отец Паисиј во својата Славјано-болгарска историја составена во XVII век (*Райков, Б.,* Паисиевият ръкопис на "История на славяноболгарская" 1762, София 1989, 87 л. 38б) за настаните на српскиот двор по смртта на Душан пишува: "Стефанъ н[а] смрти поставилъ над свои дом і црство Вулкаш[и]на," додека *Троношкиот Родослов* напишан во XVIII век, оценет како литерарно-историско дело со мала веродостојност (*Каџић, М.П.,* Српскій лѣтописацъ изъ почетка XVI гь столѣтія, Гласник српске словесности V, 70 Београд 1853; *Радојчић, Н.,* О Троношком Родослову, СКА, посебна издања књ. LXXXVI, Београд 1931, 32-34, 54, 68-69, 73-77) известува дека царот Душан кога се разболел, поради малолетството на синот "и свє царство предъ архѣїери и кназы своими до времене возраста юноши в'ручаетъ архїмашалу своемоу Вукашину, да будетъ штроку пѣстунъ и царству защититель, и съ клетвою сїе утвердилъ" а потоа ненадејно умрел. Во 1345 година Стефан Душан као знак за благодарност за оздравувањето од тешката болест, му доделил на манстирот Св. Богородица Перивлепта во Охрид повелба со која му ги потврдил селата и порано доделените привилегии (*Новаковић,* Законски споменици, 672-674; *Славева,* Мошин, Српски грамоти, 123-125).

Комнин Асен и деспот Јован Драгаш Дејановиќ, додека Јован Углеша не доаѓал предвид од причина што во тоа време (во времето на цар Душан) не бил деспот, ниту пак бил толку влијателен.[52] Но ако монетата хронолошки се датира во времето на Урош односно помеѓу 1363 кога Јован Углеша за првпат се споменува како деспот[53] и 1365 година кога Волкашин сигурно е крал, тогаш нема никакви проблеми монетата Волкашин да ја исковал заедно со својот брат. Потсетуваме на фактот дека Дубровчаните во 1364 година му се обраќаат на Волкашин, најмоќната фигура на царскиот двор во Скопје и на неговиот зет Балша, со барање за отворање на трговските патишта. Според досегашните ставови во науката Јован Углеша, деспотското достоинство го добил по крунисувањето на Волкашин за крал. Но ако се има предвид фактот дека неговите територии граничеле со Византија, дека кралот Волкашин не можел да му додели таква титула, во оптек се комбинациите дека тој деспотското достоинство, покрај од царот Урош и царицата Елена,[54] за одредени заслуги, можел да го добие и од византискиот цар, за што има одредени индиции.[55] Според тоа, оваа монетата најверојатно им припаѓа на деспот Јован Углеша и Волкашин. Податокот дека Волкашин е без титула, би упатувал на веќе познатите податоци во Дубровничките акти, каде тој се наведува без титула а е деспот, но поради неговите амбиции за совладетел односно кралската круна, тој не го истакнувал деспотското достоинство. Монетата била искована во некоја од царските ковници помеѓу

---

[52] *Димитријевић,* Нове врсте средњовековног новца,142-143.

[53] Станува збор за повелбата на деспот Јован Углеша на манастирот Симопетар, од октомври 1363 година (*Monumenta Serbica,* 171). *Острогорски* Пронија, Београд 1951, 144, бел. 368 се сомнева во автентичноста на повелбата, додека *Матанов,* Югозападните земи, 81-82 потврдува декае автентична. На потребата од корекција на доделувањето на деспотската титула на Јован Углеша и нејзино датирање пред 1364 година укажале: *Суботић- Кисас,* Натпис, 170; *Кораћ, Д.,* Света Гора под српском влашћу, ЗРВИ 31, Београд 1992, 133 и *Ћирковић, С.,* Област кесара Војихне, ЗРВИ 34, Београд 1995, 183 бел. 27.

[54] *Радонић, Ј.,* Наши деспоти током векова, Глас 219 Београд, 1956, 13; *Ферјанчић,* деспоти, 172-173; *Острогорски,* Серската област, 13; *ИСН* I, 587; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 219; *Благојевић,* Немањићи, 218.

[55] Станува збор за патријаршиската повелба за сепаратно помирување помеѓу Јован Углеша со Цариградската црква од мај 1371 година во која тој се споменува како "ὁ εὐ τυχέτατος δεσπότης Σερβίας." Cf.: *Jorga, N.,* Histoire des Romains III, Bucarest 1937, 294; *Ферјанчић,* Деспоти, 170-172.

1363-1365 година, пред тој да стане крал. Ваквиот потег може да се смета како еден вид притисок над царот Урош, за добивање на совладетелството.

Како највлијателна фигура на дворот на царот Урош, по смртта на Воислав Воиновиќ во септември 1363 година, Волкашин, со помош на царицата Елена со која бил во тесна државничка врска, со својот брат деспотот Јован Углеша и другите влијателни роднини, го засилил притисокот врз царот Урош и со негов благослов, најверојатно најкасно во август-септември 1365 година, бил прогласен и крунисан за крал.[56] Г. Суботиќ - С. Кисас, врз основа на надгробниот натпис на Елена сестрата на Јован Углеша, за кој верувале дека можеби настанал пред крајот односно есента 1364 година,[57] во кој Јован Углеша е наведен како деспот, претпоставиле дека деспотското достоинство на Јован Углеша му било доделено извесно време пред есента 1364 година, односно пред настанувањето на тој запис. Поаѓајќи од фактот дека датумот на прогласувањето на Волкашин за крал се врзува за времето на доделувањето на деспотското достоинство на Јован Углеша, кој е сигурно потврден според Г. Острогорски, во август-септември1365 година, се јавило сомневање и можност Волкашиновото издигнување за крал да се коригира на 1364 година.[58] Авторите ја допуштаат и можноста "да натпис...својим вестима сведочи једино о тренутку у коме је настао, а не и о времену смрти Јелене и њене деце. Истина, карактер текста

---

[56] *Острогорски,* Серска област, 12 поаѓајќи од фактот дека во Дубровничките извори во јануари 1364 година за последен пат се споменува без титула, а веќе во јануари 1366 година на рускиот манастир Св Пантелејмон му издава повелба во која за прв пат се споменува како крал, заклучува дека Волкашин станал крал помеѓу тие два датуми. Обидувајќи се попрецизно да го определи времето кога Волкашин ја добил совладетелската кралска титула, неговото издигнување го поврзува со доделувањето на деспотската титула на Јован Углеша која за првпат е спомената во септември 1365 година. Византискиот цар Јован V Палеолог во септември 1365 година на барање од деспотот Јован Углеша, кој во документот за првпат е спомнат како самостоен господар на Сер, на Хиландар му потврдил поседи во околината на Сер и Каламарија, заклучил дека Волкашин станал крал помеѓу август и септември 1365 година. Неговата хронологија е прифатена во современата историографија. Мавро Орбин, 43 известува дека царот Урош откако му припоил на деспотот Волкашин многу области "исто така му ја даде и кралската титула" но не ја наведува годината. Сп.: *Михачиќ,* Крај 105-114; *ИСН* I, 578; *Истиот,* Титуле, 34-35;*Благојевиќ,* Немањиќи, 217-218; Охрид и Охридско I *(Б. Панов)*, 244; *Истиот,* Кралството на Волкашин и Марко, 47.

[57] *Суботиќ- Кисас,* Натпис, 167-170.

[58] Ibidem., 170-172.

који почиње "ἐκοιμήθη" указује да је белешка уследила ускоро после низа трагичних догађаја чији редослед не зна и који се нису морали одиграти непосредно један за другим. Остаје, наравно, могућност да је Јелена умрла пре него што је њен брат постао деспот. Натпис је при томе могао да истакне титулу коју је Угљеша добио нешто касније, али још увек пре него што је текст исписан."[59] Х. Матанов, врз основа на претпоставката дека заедничките монети на царицата Елена и кралот Волкашин биле ковани помеѓу 1360/61 и август 1360 година, како и еден нецелосен запис од апостол препишан од јеромонахот Варлаам во 1362/63 година, во Марковиот манастир, кај с. Сушица, во кој се споменува крал во времето на царот Урош, укажува дека Волкашин бил крал веќе во 1362 година.[60] Ставот дека во прилог на пораната хронологија на кралската титула на Волкашин може да оди и надгробниот натпис на Елена сестрата на Углеша, каде нејзиниот брат е наведен со деспотска титула е ирелевантен, поради тоа што не се знае кога настанал, а можел да настане и по 1364, 1365 или било која подоцна година.[61] Искажаното мислење од истиот автор, дека и според М. Орбини произлегува дека Волкашин ја добил кралската титула уште додека бил жив хумскиот кнез, односно пред 23 септември 1363 година е неприфатливо, бидејќи изворот не го кажува тоа. М. Орбини зборува за тоа како Урош го изгубил царството, во смисла дека по неговата смрт тоа престанало да постои.

---

[59] Ibid.,171.

[60] *Б. Цонев,* Опис на ръкописите и старопечатените книги Народната библиотека въ София т. I, София 1910, 67-68 No. 88; *Стојановић,* Записи и натписи т. IV, 13 No 6042.Сп.: *Матанов,* Югозападните земи,79-81. *Ациевски,* Пелагонија во средниот век, 222-223 бел. 51 ја отфрла ваквата хронолошка можност, поради недостаток на извори но и поради неоспорниот факт дека Волкашин во Дубровничките извори, последен пат е споменат без кралската титула во јануари 1364 година, а од друга страна по неговото прогласување за крал и првиот негов помен во Дубровничките извори како крал, во ноември 1366 година, тие редовно го споменуваат со кралската титула. Според надгробната плоча на Дабижив енохијар на царот Урош, од Јануари 1362 година, од црквата на манастирот Трескавец кај Прилеп, укажува дека на почетокот на годината, сеуште не бил воспоставен совладетелскиот однос. *М. Георгиевски,* Книжевното културно-историско наследство од Марковиот манастир Свети Димитрија, Зб. Кралот Марко во историјата и традицијата, Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на Кралот Марко, Прилеп 23-25 јуни 1995, Прилеп 1997, 357 споменатиот запис на Апостолот го реконструира поинаку: "Сі ап(о)с(то)лъ сьписа сѣ вь д(ь)ни бл(аго)роднаго ц(а)ра Оьроша краль (мар)х(а), многогрѣшнїмь ерономахомь Варлаамомь вь лѣт. ѕ҃ѡ҃ о҃."

[61] *Матанов,* Югозападните земи, 82; *Суботић- Кисас,* Натпис, 171.

Изворот посебно ги истакнува двете фигури кои по 1357 година се бореле околу обезбедувањето на кралската односно совладетелската титула, Волкашин и Војислав Вујиновиќ. Бидејќи Волкашин успеал да стане крал, факт кој му бил познат на Орбини, тој го прикажува напоредно, прво успешното издигнување на Волкашин до кралската титула, а потоа го претставува неуспешниот обид на неговиот лут соперник хумскиот кнез.[62] Против раната хронологија на кралската титула на Волкашин, оди и живописот на Григориевиот параклис во црквата Св. Богородица Перивлепта, за кој се верува дека бил насликан околу 1364/1365 година. Таму се насликани Гргур и Вук Бранковиќ, претставници на локалната власт и Урош "василевс и автократор на Ромеите и на Србија." Отсуството на портретот на Волкашин говори дека тој тогаш сеуште не бил крал.[63] К. Ациевски, врз основа на датирањето на надгробниот натпис на Елена, сестрата на Јован Углеша и Волкашин пред есента 1364 година, во која Углеша е споменат како деспот, под претпоставка дека браќата едновремено ги добиле титулите, постариот кралската а помладиот деспотската, хронологијата на прогласувањето на Волкашин за крал ја коригирал, и смета дека се случила помеѓу јануари 1364 година кога во Дубровничките извори последен пат е споменат без титула и есента 1364 година кога неговиот брат веќе бил деспот. Според наше мислење, надгробниот натпис е нецелосен, без датум на настанување, можел да настане и покасно, како што укажале неговите издавачи, па според тоа не може да се смета за сигурен хронолошки извор за одредување на датумот на доделувањето на кралската титула на Волкашин.[64]

Во недостаток на доволно сигурни и нови податоци, останува да се верува дека Волкашин кралската титула ја добил со согласност од царот Урош, најкасно пред јануари 1366 година, кога за прв пат во повелбата од споменатиот датум издадена во Скопје, со која му го потврдил селото

---

[62] *Мавро Орбини,* 43-44; *Матанов,* Югозападните земи, 81.
[63] *Грозданов,* Охридско сидно сликарство, 122-124; *Суботиќ-Кисас,* Натпис, 176 -177.
[64] *Ациевски,* Пелагонија во средниот век, 222.

Копривјани дадено од Никола Мрасоровиќ на Хилендар и за прв пат се потпишал како крал. Одредувањето на долната граница кога постанал крал вообичаено се поврзувана во повелбата на Јован V Палеолог од август-септември 1365 година, кога Јован Углеша за прв пат се споменува за деспот, па според тоа Волкашин станал крал значително пред август - септември 1365 година, на што е укажувано.[65]

По дефинитивното крунисување за крал и совладетел на царот Урош, Волкашин,[66] веќе во јануари 1366 година, во Скопје ја издал и првата кралска повелба на Хиландар, потпишувајќи се како "Краль Вълкашинь благовѣрныі Срьблѣмъ'и Грькомь."[67] Истовремено истакнувајќи ги своите политички амбиции покрај слабиот Урош чие име е изоставено во повелбата, кралската канцеларија на Волкашин на истоветен начин како и царските, ги составувала кралските повелби, потенцирајќи дека Христос Бог го поставил за господар "всемоу стежанию, рекоу же земли сербскоин и всемь Гркомь, и Поморию, и странамь западнимь и всемоу дисоу." [68] И покрај широките ингеренции Волкашин како совладетел секогаш кога тоа било можно, ги истакнувал своите овластувања над целата територија во Царството. Таков се случајот со ликовната претстава на царот и кралот во фрескоживописот на црквата Св. Никола во с. Псача, настанат помеѓу 1366 и 1371 година. Царот Урош завзема централно и почесно место во композицијата како суверен на државата. На главата има затворена круна со скапоцени камења и бисери, во десната рака држи скиптер во вид на крст, а во левата затворен свиток. Волкашин претставен е како белобрад старец, насликан на истоветен начин

---

[65] *Остороѓорски,* Серска област, 12; *Михачиќ,* Крај, 111-113, *ИСН* I, 586-588. *Михачиќ,* Титуле, 31-34.

[66] *Михачиќ,* Крај 110 смета дека Волкашин бил крунисан на некој државен собор во нецелосен состав, на кој не присуствувала Рашката властела, поради тоа што биле загрозени нејзините интереси. *Радојчиќ, Н.,* Обред крунисања Босанског краља Твртка I, Прилог историји крунисања српских владара у средњем веку, Београд 1948, 71-72.

[67] *Михачиќ,* Титуле, 33 истакнал дека за разлика од Урош, кој како крал - совладетел на царот Стефан се титулирал како "крал на сите Срби," Волкашин како совладетел на царот Урош се потпишувал како "крал на Србите и Грците" што е битна разлика во однос на зголемувањето на ингеренциите на кралот Волкашин, во однос на врховниот владетел.

[68] *Новаковиќ,* Законски споменици, 508-509; *Михачиќ,* Крај, 105.

како и врховниот суверен, со иста облека и круна, истоветно жезло и свиток, но во понизок раст.[69] Со воспоставувањето на совладетелството, во царската ковница во Охрид, кралот Волкашин започнал да кова монети. На лицето стоел натпис Волкашин крал, додека на опачината било истакнато името на царот Урош. По јануари 1366 година Волкашин започнал да кова потполно самостојни монети, игнорирајќи го царот, со што се нарушувал совладетелскиот однос.[70] Од ваквиот тип на монетите кои ги ковал Волкашин, без наведување на било каква ознака на сизеренот српскиот цар Урош, ковани по 1366 година, три примероци се најдени под Скопското Кале во Старата чаршија при изградбата на комплексот Музеи на Македонија. Монетите ја носат следната титулатура во пет реда "вь хѫ бѫ благовѣрни крал влькашинь."[71] Во текот на годината меѓусебните односи на Волкашин и Урош уште повеќе се заострile. На 16 ноември 1366 година, Дубровничкиот совет расправал по барањето на кралот Волкашин "domino regi Sclavonie" за светодимитарскиот доход кој Дубровчаните му го плаќале на српскиот цар. Во меѓувреме и Урош испратил пратеници со исто такво барање во Дубровник, за што Советот расправал на 23 ноември, и решил да се одбие барањето поради тоа што данокот веќе и бил исплатен на кнегињата Гојислава. Фактот дека царот Урош на кнегињата и го отстапил правото на светодимитарскиот доход, по барањето на Волкашин данокот тој да го добие,

---

[69] *Радојчић, С.,* Портрети српских владара у средњем веку, Скопље 1934,60-61; *Михаљчић,* Крај, 108 смета дека ваквиот начин на претставување на владетелот и совладетелот потсетува на византиската институција на совладетелство; *ИСН* I, 576-577 фото: XLVII. *Расолкоска-Николовска,* О историјским портретима у Псачи, 39-43; 49-51 смета дека живописот на кој е претставен царот Урош бил насликан во периодот помеѓу 1358 и 1360 година. До царот, на местото каде денес стои ликот на Волкашин, смета авторката била првобитно насликана царицата Елена а по прогласувањето на Волкашин за крал, ликот на царицата бил премачкан и на него насликан Волкашин. Тврдењето го потпира на разликата во нијансите на боите од другите портрети. Волкашин е претставен посветло, наводно крстот бил насликан на стариот малтер, како и фактот дека Волкашин е претставен помал по раст од владетелот, поради тоа што тука порано стоел ликот на царицата Елена.

[70] *Сариа, Б.,* Из нумизматичке збирке Народног музеја у Београду, Старинар 3, Београд 1924-25, 73; *Димитријевић,* Нове врсте средњовековног новца, 150-156; *Марић,* Студије, 87-88; *Димитријевић,* Новац кнеза Лазара у односу., 204-205; *Мутанов,* Югозападните земи, 83.

[71] Сп.: *Спасовска - Димитровска, Г.,* Средновековни српски монети од старата чаршија, МАА 6, Скопје 1980,135-136. Монетите се чуваат во Музејот на град Скопје под инв. бр. 302 (вл.бр. 1026), 303 (вл.бр. 1027) и 304 (вл.бр. 1028).

поради што царот го побарал данокот за себе, укажува дека Волкашин посегнал на областа на кнегињата, на што се спротивставил царот. Таквото однесување подоцна довело до негова конфронтација со хумската властела.[72] Игнорирањето на царот Урош од страна на Волкашин, помеѓу 1366 и 1369 година, укажува на заокружувањето на неговата власт, што е потенцирано во бројните записи и натписи на територијата на Македонија, која била средиште на неговите поседи .[73]

Како резултат на добивањето на кралската титула, а за да ја изрази на својата владетелска моќ, сувереност, и побожност, кралот Волкашин во периодот помеѓу 1366 и најкасно 1369 година, за својата недовршена задужбина, манастирската црква Св. Димитрија во с. Сушица, кај најдобрите мајстори во престолнината Скопје, нарачал монументален бронзен полиелеј (лустер со свеќи) кој висел во центрлната купола на црквата. Полиелејот висел на 4 синџири, долги 8 метри кои завршувале со украсни медаљони во пречник од осум односно 12 см. На медаљоните во три реда пишува "вь хѫ бѫ благовѣрни крал влькашинь."[74]

Совладетелскиот однос формално правно егзистирал до 1369 година. Дефинитивниот раскин најверојатно уследил истата, или најкасно до 5 април 1370 година. Тогаш Волкашин на барање на Дубровничаните, во Пореч на Брод, им издал повелба со која им го потврдил правото за слободно тргување низ неговата земја. Игнорирајќи го царот Урош, Волкашин истакнува дека им го потврдува тоа право, како стекнато уште во времето на царот Стефан Душан. Во повелбата се истакнува дека власта му е дадена од Христос бог "и кралевствѳ ми даршва, и постави ме господина земли срьбскои и грьком и западним странам." Постапувајќи како суверен владетел, тој најнапред ја истакнал својата сопруга кралицата Елена, и "прѣвьзлюбленимѝ синови кралѣвьства ми

---

[72] *Monumenta Ragusina* IV, 68-89. За поинаквите гледишта околу спорот на Волкашин и царот околу споменатиот порез на Дубровчаните сп.: *Михљачић,* Крај, 105-106, 144 и Аџиевски, 226, бел. 226.

[73] *Михаљчић,* Крај, 119; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 225, 227.

[74] *Тодоровић,* Полијелеј у Марковом манастиру, Зограф 9, Београд 1978, 28-36.

Маркомь и Аньдрѣашемь."[75] Со потенцирањето на синовите Марко и Андријаш, кралот Волкашин сакал да го истакне редоследот на правото на совладетелството во својата држава.[76] Во ктиторскиот натпис од црквата Св. Недела во Призрен, помеѓу 1 ноември 1370 и 31 август 1371 се истакнува дека црквата била изградена и живописана со средства "Ѣдиа младаго крала Марка."[77]

Во однос на имотината состојба на Волкашин се забележува брз раст. Како жупан ги држел областите југозападно од Скопје со селото Сушица, преку Пореч до Прилеп, западно од реката Вардар во негов посед влегувал во почетокот и Велес, а на почетокот на втората половина на XIV век во посед ја имал и Тиквешката област. Жупанската титула и должноста челник, како и неговото присуство во царската престолнина во Скопје, му овозможиле зголемување неговите поседи, така и директно влијание врз политиката на царот. Во почетокот на шеесеттите години кога ја добил деспотската титула, царот му доделил нови поседи. По добивањето на круната продолжил со зацврстувањето на своите поседи околу

---

[75] *Monumenta Serbica*, 179-181, целиот текст на повелбата и во скратена форма: *Новаковиќ*, Законски Споменици, 191-192. Дубровничките пратеници кај Волкашин стигнле уште во втората половина на ноември 1369 година, cf.: *Monumenta Ragusina* IV, 114-115.

[76] *Михаљчиќ*, Крај, 144-145 забележува дека кралот Волкашин се титулира на невообичаен начин во повелбата и не заборава да ги потенцира кралицата Елена и синовите Марко и Андријаш, не споменувајќи го царот Урош. Дубровчаните биле добро известени за судирот на царот со совладетелот, па затоа нивните поклисари дошле кај најмоќната личност во Српската држава - според Орбини кај победникот над Коалицијата- за да им ги потврди привилегиите, и покрај тоа што тие биле потврдени од живиот цар, не ја донеле Урошевата, туку Душановата хрисовула за привилегии, па заклучува дека тоа не е случајно, и покажува дека Волкашин пред крајот на своето владеење "поред живог, али потпуно онемогућеног цара, наметнуо своју династију." *Грозданов,* Охридско сидно сликарство, 18 истакнува дека "по 1368 г., не се манифестираат белезите на совладетелството" односно дека "Волкашин спроти загинувањето на Марица истапувал самостојно." Во прилог на ваквиот став го приложува натписот од Преспанската црква Св. Богородица на островот Град каде кесарот Новак подигнал црква во 1369 година, а како свој владетел го споменува кралот Волкашин. Мислењето го прифаќа и *Б.Панов* (Охрид и кралството на Волкашин и Марко, 48). *Матанов,* Югозападните земи, 83 и *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 224 сметаат дека царот Урош и Волкашин ковале заеднички монети до јануари 1366 година, по од тој датум "Волкашин наполно го игнорира царот Урош како врховен господар и формално како прв владетел во Српското царство" и формално-правно, започнал да владее самостојно. Се чини дека вака рано датираниот радикален потег на Волкашин, би наишол на спротивставување на царот и српска властела од старите земји. Дефинитивниот раскин сепак следи околу 1369 година кога се судрил и ја победил Коалицијата која го поддржувала царот.

[77] *Ивановиќ,* Натпис младог краља Марка, 20-21.

престолнината. Неговата власт во Македонија за краток период ја признавале скоро сите повидни властелини, а во Зета ја имал поддршката од Балшиќите. Во наредниот период, територијално се проширил на север од Скопје. Не е познато кога ја освоил призренската област, но споменувањето на неговиот син Марко, како ктитор на црквата Св. Недела во Призрен во 1371 година, укажува дека тие области веќе ги имал зацврстено. Со победата над силите на Коалицијата во 1369 година, територијално се проширил кон Приштина, па дури и Ново Брдо.[78]

При наметнувањето на својата владетелска династија кралот Волкашин наишол на силно противење од властелата во старите српски земји, која го поддржувала царот, а на меѓународен план од Дубровчаните.[79] На црковен план, Волкашин и неговиот наследник Марко, се смета дека поддршката за кралство имале од Охридската архиепископија.[80] Во наметнувањето на новата владетелска династија на кралот Волкашин од една, и компромитирањето на царската династија од друга страна, била добиена поддршка и од страна на Цариградската патријаршија која се противела на издигнувањето на Душан за цар, и прогласувањето на Српската архиепископија за Патријаршија.

Коалицијата против Волкашин ја поддржувале и Дубровчаните. Тоа се насетува од податокот дека Н. Алтомановиќ, кон крајот на 1369 година го побарувал од нив светодимитарскиот доход, а според М. Орбини кралот Волкашин во 1369 година многу им се налутил, "поради царот Урош, верувајќи дека тие го поттикнувале да се дигне на оружје против него." За

---

[78] *Зайиси и наййиси* IV, 14 No.6054; *Сйојановиќ,* Родослови и летописи, (Пејатовиќев летопис, 59 с.50; *Новаковиќ,* Законски споменици, 508-509; *Monumenta Ragusina* IV, 126; *Ивановиќ,* Натпис младог краља Марка, 20-21; Мавро Орбин, 54. За територијалниот опсег на областите под директна зависност, односно личен посед на Волкашин, како и аристократите кои ја признавале неговата власт сп.: *Јиречек,* Историја Срба I, 246-247; *Михаљчиќ,* Крај,117--121, 129-130; Охрид и Охридско I, (*Б.Панов,* 245); *Майанов,* Југозападните земи, 85; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 228.

[79] *Мавро Орбин,* 50; *Ћирковиќ,* Коментари, 312; *Благојевиќ,* Немањиќи, 218.

[80] *Радојчиќ,* Обред крунсања, 71-72 смета дека Волкашин бил крунисан од некој архиепископ од областите со кои владеел, но потсетува дека Волкашиновата држава чии сепаратистички тежненија се неспорни, можела да најде потпора во сеуште неугасените спомени на Епирскиот деспотат, кој едно време бил и царство.

подобрување на односите, Дубровните ги испратиле Јакета Сорокочевиќ и Михаил Бобалевиќ "ad dominum regem Volcasinum" со барање Волкашин да им ги потврди трговските привилегии. Кралот, по долги разговори и убедување за мирољубивите намери, на Дубровчаните им ги потврдил трговските привилегии, дури во април следната година.[81] До судирот на силите на Коалицијата и силите на Волкашин, дошло на Косово поле во летото или почетокот на есента 1369 година.[82] Волкашин однел блескава победа, а во негово заробеништво паднал и царот Урош.[83] Оттаму на место е констатацијата на М. Благојевиќ, дека битката на Косово имала за последица потполно и конечно истиснување на царот Урош од власта, и прекинување на секаква соработка помеѓу царот и совладетелот. Дотогаш тие барем формално сеуште биле заедно, но од тогаш, Волкашин истапувал самостојно, и настојувал Немањичка династија да ја замени со новата династија на Мрњава.[84] На владетелска династија која ја воспоставил кралот Волкашин со седиште во Скопје, веќе никој не можел да и се спротивстави. Главната престолнината на Волкашин најнапред била во Прилеп, но тој често престојувал во Скопје, Призрен и Брод. Најблиј ателниот трговец на царот Урош, Киризмиќ Богдан во 1371 година станал протовестијар на кралот Волкашин. Волкашин подготвувал планови за напад и уништување на своите противници. Според писмото на дубровничките поклисари Паско Рањина и Јаков Соркочевиќ, од 10 јуни истата година, упатено до Советот на Дубровник, се очекувало пристигнувањето на кралот Волкашин од Скопје во Призрен и неговата околина ("re Vulchasin, quando vuy saveri, ca sera vignudo alla Scopia, et da la in çu inver Presren ad alguna de le sue corte." За подготовките на Волкашин, за нападот на Никола Алтомановиќ и неговото пристигнување во

---

[81] *Мавро Орбин,* 53; *Ѓирковиќ,* Коментари, 312-313; *Monumenta Ragusina* IV, 114-115; *Monumenta Serbica,* 179-181; *Новаковиќ,* Законски споменици,191-192. Сп.: *Михачиќ,* Крај, 145; *Мајданов,* Југозападните земи, 89; *Аџиевски,* Пелагонија, 235-236.

[82] Времето кога битката се одиграла не е соопштено од изворите, но со оглед на фактот дека Дубровчаните веќе на 20 декември испратиле пратеници кај Волкашин, заради подобрување на влошените меѓусебни односи, како и потребата за потврдување на трговските привилегии поради новонастанатата политичка состојба, може да се претпостави дека до битката дошло кон крајот на летото и почетокот на есента.

[83] *Мавро Орбини,* 50-51; *Ѓирковиќ,* Коментари, 312-313.

Скадар, укажува уште едно писмо упатено до Дубровник, истиот месец јуни.[85] Во летото 1371 година, од Призрен Волкашин пристигнал во Скадар со намера да го нападне жупанот на Хум Никола Алтомановиќ. До напад не дошло поради повикот на Јован Угљеша за одбрана на Серската област од претстојниот напад на Турците. Волкашин со поголемиот дел од војската, оттаму преку Скопје се упатил на помош на својот брат.[86] Здружената 60.000 војска на двајцата браќа, кралот и деспотот, во септември се упатила во пресрет на Турците. На 26 септември 1371 година, во битката на реката Марица кај Черномен, војската на кралот Волкашин и деспотот Углеша била поразена. Во битката паднале и двајцата браќа.[87] Според М. Орбини по поразот на реката Марица кралот Волкашин се обидел да се спаси, но по преминувањето на раката, додека пиел вода не слегувајќи од коњот, "го убил неговиот паж Никола Хрсојевиќ," а малку подоцна "неговото тело било пренесено во црквата Св. Димитрија во Сушица."[88] Според Исаија Серски, коските на Волкашин и Угљеша "непогребани останаа."[89]

Шест години по смртта на кралот Волкашин, неговата жртва во одбрана на Христијанството, почнала да поприма карактер на маченичка

---

[84] *Благојевиќ*, Немањиќи, 218.

[85] *Monumenta Ragusina* IV, 126-128. Сп.: *Михачиќ*, Крај, 120, 138; *Благојевиќ*, Немањиќи, 218.

[86] *Новаковиќ*, Срби и Турци, 195; *Атанасовски*, Пијанец, 123.

[87] *Новаковиќ*, Срби и Турци, 195-212; *Остроѓорски*, Серска област, 127-146; *Михаљчиќ*, Крај, 183 сл.; *Радиќ*, Време Јован V Палеолога, 355-360, како и *Гроздановв*, Маричката битка, вазалитетот, 117-118 за последиците од Маричката битка. Пред битката на Марица имало обиди на депотот Јован Углеша, а најверојатно и на кралот Волкашин, според зборовите на Димитрија Кидон да стапат во брачни врски со византиското царско семејство, заради сојуз против Турците. Обидот бил неуспешен. За тоа сп.: *Остроѓорски*, Серска област, 136-139; *Михаљчиќ*, Крај, 175; *Истиоѓ*, Титуле, 39; *Радиќ*, Време Јована V Палеолога, 356-357. Непосредно пред својата смрт кралот Волкашин кој имал добри односи со Дубровчаните на дубровничкиот властелин Павле Барабиќ, преку својот протовестијар призренскиот трговец Богдан Кризман, му оставил на чување, без камата 295 литри фино сребро, кое тежело 96,73 килограми во вредност од 5600 перпери во дубровнички грошеви, според вредноста од 1374 година. За ова сп.: *Ѓирковиќ*, Поклад, 154 бел. 3.

[88] *Мавро Орбини*, 52-53; *Ѓирковиќ*, Коментари, 314 смета дека веста за ваквото убиство на Волкашин на р. Марица најверојатно е земена од усмената традиција.

[89] *Георѓиевски, М.*, Исаија Серски и неговиот историско-литерарен расказ за преведувањето на богослужбени книги од грчки на словенски и за поробувањето на Македонија од Турците во 1371 година, Современост XXVI/ 4-5, Скопје 1976, 300-301, 304 со целосна библиографија на поранешните изданија. Најново издание со превод на српски јазик приредил: *Трифуновиќ, Ђ.*, Писац и преводилац инок Исаија, Крушевац 1980, 85-86, 159-161.

смрт. Неговата претстава во ктиторската композиција на северниот ѕид од пронаосот на манастирската црква Св. Димитрија во с. Сушица Скопско, во 1376/77 година, по нарачка на кралот Марко, се смета дека е израз на востановеното сфаќање од страна на Марко а најверојатно и поширок круг на луѓе, дека Волкашин на Марица загинал во одбрана на христијанската вера, па затоа бил сметан за маченик. Во ктиторската композиција во која Волкашин е претставен во цел раст, според Ц. Грозданов од "неговата лева страна, се спушта ангел кон починатиот крал и приведува фигура од небеските височини. Порано искажаното мислење дека таа фигура ја превзема душата на Волкашин излегува од нормите на византиската иконографија и не може да се споредува со претставата за делењето на душата од телото во претставата на Успението на Богородица...починатиот Волкашин е насликан како ктитор кој не го завршил Марковиот манастир, но и како маченик, кој најверојатно прима маченички венец и, секако благослов." Според авторот "неспорен е фактот дека убиениот владетел во битката против Османлиите добива признание за своето страдање."[90] Најсликовит опис за состојбата во Македонија и христијанскиот свет на Балканот, по битката на Марица, како и опасноста од турските освојувања, дава современикот на овие настани монахот Исаија Серски во Поговорот на преводот на Дионисиј Аеропагит кој го напишал веднаш по битката.[91]

2. Скопје и Скопската област по Битката на Марица

По битката на Марица и смртта на кралот Волкашин на 26 септември 1371 година, престолот го наследил неговиот син Марко, кој како совладетел ја носел титулата млад крал.[92] Градот Скопје и Скопската област по септември 1371 година влегувале целосно во државата на кралот Марко, но постепено поедини делови на областа и градот, паднале под власта на други

---

[90] *Грозданов, Ц.,* Маченицитe од XV-XIX век во живописот на Македонија, Прилози МАНУ, Одделение за општествени науки XXIV/1, Скопје 1993, 36-35, бел. 2, 5, 7 и 8 со целосна библиографија околу датирањето на живописот и тематиката на фигурите од првата зона.

[91] *Георгиевски,* Исаија Серски, 295-304 особ. 300-301, 304; *Трифуновиќ,* Исаија, 85-86, 159-161.

[92] *Ивановиќ,* Натпис младог краља Марка, 20-21.

господари. По осамостојувањето на Драгашите околу 1371 година, североисточните и југоисточните делови до сливот на р. Пчиња во Вардар преминале под нивна власт, од 1377 година Скопје и дел од северозападниот дел на областа, паднале под власта на Вук Бранковиќ додека останатиот дел од Скопската област на северозапад по долината на реката Треска, управувал Андријаш братот на Марко, а областа југозападно од Скопје, десно од реката Вардат и долината на Маркова Река останале во составот на поседите под директна управа на Марко.

Политичкиот подем на Марко во Македонија започнал 1356 година и се поврзува со подемот на Волкашин, додека неговата рана дејност започнала во Тиквешката област. По целосното идентификување на натписот во Дреновската црква, околу фреската на Св. Архангел од страна на Ѓ. Радојчиќ, како и најновото критичко осврнување од страна на К. Аџиевски, несомнено е дека Никола од натписот е Душановиот војсководач Никола Стањевиќ, додека споменатиот Марко, е синот на жупанот и челникот а подоцна и крал Волкашин.[93]

Јакнење на позициите на Волкашин на дворот на српскиот цар, влијаеле на издигнувањето на неговиот син Марко. Имајќи доверба во способностите на својот син, а во настојвање да има целосен увид и влијание во преговорите со Дубровчаните, тој го убедил српскиот цар Урош, на Марко да му биде доверена дипломатска мисија од името на Царството. По заоструваньето на односите со Дубровник, на 21 јули 1361 година, во градот на св. Влах пристигнало српско пратеништво предводено од младиот Марко, во дипломатска посреднички мисија. Нема конкретни податоци како течеле преговорите и кои биле адутите на пратеништвото. Од Дубровнички извори дознаваме дека на 29 јули Големиот совет го овластил кнезот, а на Малиот совет му препорачал на пратеништвото на царот на Србија што е можно најљубезно да му одговорат писмено и усмено (*respondere domino imperatori*

---

[93] *Радовановиќ, М.,* Тиквеш и Рајец. Насеља и становништво, кн. 17, Београд 1924, 444; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 237-240. *Михачиќ,* Крај, 91 изразува сомневање дека Никола Стањевиќ е идентичен со властелинот Никола од Дреновскиот натпис.

Sclavonia ad ambahiatam quam missit pulhcriorem modum qui videbitur eis per litteras et orenitus). Имајќи го во предвид влијанието над царот, на царицата Елена и Волкашин, Советот одлучил писмено да им се обрати и ним.[94] Советот расправал и по однос, на побарување на Марко во врска со депозитот на неговото семејство, кој се чувал во Дубровник. Во интерес на подобрување на односите со Српското царство, на Марко му било дозволено да го подигне својот депозит, како и дел од депозитот на неговата мајка, но под услов да не купува никаква стока на територијата на Дубровник.[95] На 2 август Малиот совет расправал и по барањето на Марко за ослободување на затворените трговци од Призрен, но не донел конечна одлука. На 8 август Совет решил да бидат ослободени призренските трговци, но без право да купуваат во Дубровник, додека на 23 август им било дозволено да се вратат дома.[96] И покрај искажаната добра волја од страна на Дубровчаните, кон семејство на Волкашин, Марко не успеал да издејствува мир. Преговорите преку други посредници продолжиле наспроти воената напнатост.[97]

Со оглед на позициите кои ги имал 1356 година како управник во Тиквешката област, а во летото 1361 година и како предводник на важна дипломатска мисија во името на царот Урош, младиот Марко, најверојатно бил доволно возрасен и веќе оженет со ќерката на Радослав Хлапен Елена.[98]

---

[94] *Monumenta Ragusina* III, 100; *Марковиќ*, Односи Дубровчана са Србијом, 62; *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 359; *Tadić*, Promet putnika, 49; *Михаљчиќ*, Крај, 58-59.

[95] *Monumenta Ragusina* III, 100. *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 360; *Tadić*, Promet putnika, 49; *Михаљчиќ*, Крај, 59, 71; *Аџиевски*, Пелагонија во средниот век, 216.

[96] *Monumenta Ragusina* III, 100, 102, 104, 112. *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 360 бел. 49, 361; *Tadić*, Promet putnika, 49-50; *Михаљчиќ*, Крај, 59; *Наумов*, Свидетельства, 30.

[97] Според *К. Аџиевски*, (Пелагонија во средниот век, 241) Марко во овој период ги управувал областите на својот татко помеѓу Пелагонија и Вардар со центар во Прилеп.

[98] *Бошкоски*, Кралот Марко, 27-28. Сп.: *Matanov*, Radoslav Hlapen 85; *Матанов*, Югозападните земи, 78; *Субоѓиќ*, Манастир, 158-159 и бел. 139 и *Аџиевски*, Пелагонија во средниот век, 218 бел. 32 со ставовите на постарата литература дека Марко на почетокот на шеесеттите години бил сеуште малолетен, односно на 16-17 години, а дека со ќерката на Радослав Хлапен се оженил по 1371 година. Според *Мавро Орбини* (68), Елена му била неверна на кралот Марко, па поради тоа тој бил во многу лоши односи со неа. Од записот од минејот бр. 163 од Хлудовата збирка кој го составил дијакот Добре од Маргари Прилепско (*Бошкоски*, Кралот Марко, 28) дознаваме дека Марко најнапред бил оженет со ќерката на Радослав Хлапен Елена, но поради нејзиното неверство, ја напуштил. Помеѓу 1371 и 1376/7 година се оженил со Теодора жената на Гргур, а најверојатно по 1376/7 година повторно ја зел својата првовенчана жена Елена. Истакнувањето во записот дека повторно ја зел својата првовенчана жена Елена, индиректно упатува дека Марко бил венчан и со Теодора.

Околу 1366 година, Марко кој ги управувал татковите области во централна Македонија, со седиште во Прилеп, насилно ги присвоил територииte на Никола Стањевиќ а него го принудил се замонаши а во 1366 година, дел од својата баштина му подарил на Хиландар.[99]

Податоците за Марко по прогласувањето на Волкашин за крал се доста скудни. По дефинитивниот раскин на Волкашин со царот Урош, како и поради опасноста од силите на Коалицијата, околу 1368-1369 година на Марко, како на совладетел на кралот, односно млад крал, му биле доделени новоосвоените области северно од Скопје со седиште во Призрен. [100] Со доаѓањето во овие области се зголемило неговото влијание во Скопската област и на царскиот двор во Скопје. Според повелбата на кралот Волкашин за Дубровчаните, од 5 април 1370 година, по кралицата Елена како престолонаследници се наведени "прѣвьзлюбленинми синови кралѣвьства ми Маркомь и Ањьдрѣашемь." Марко бил прв престолонаследник, додека Андријаш втор.[101] Ктиторскиот натпис од црквата Св. Недела во Призрен која била изградена и живописана помеѓу 1 ноември 1370 и 31 август 1371 со средства "ѓдиа младаго крала Марка" уште повпечатливо ја отсликува нововоспоставената

---

[99] Територииte на државата на Никола Стањевиќ се простирале од Брегалница до Струмица, а на запад во Тиквеш граничеле со територииte на Волкашин кои ги управувал Марко. Великиот војвода околу 1365 или следната година се замонашил. Сп.: *Михачиќ,* Крај, 91-92, 98. Според исто така и *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 242, кој смета дека спроведувајќи ја политиката на на својот татко, Марко одиграл значајна улога во проширувањето на територииte на Мрњавчевиќите, во воспоставувањето на нивната директна превласт над територииte на Никола Стањевиќ, по неговото замонашување.

[100] *Ѓурић,* Три догаѓаја, 95 смета дека по крунисувањето на Волкашин за крал, младиот крал Марко ги управувал областите околу Призрен и Шар Планина. Тој укажува на градењето на црквата во Призрен непосредно пред биткаѓа на Марица. *Наумов,* Свидетельства, 40, 46 смета дека помеѓу 1366 и почетокот на 1370 година кралот Марко се наоѓал во Приштина на дворот на царот Урош и не бил заедно со својот татко Волкашин. За карактерот на титулата млад крал во Србија и нејзиниот развиток сп.: *Ивковић, М.,* Установа "младог краља" у средњовековној Србији, Историјски гласник, 3-4, Београд 1957, 59-79.

[101] *Monumenta Serbica,* 179-181; *Новаковић,* Законски Споменици, 191-192. *Михаљчић,* Крај, 144-145 забележал дека кралот Волкашин се титулира на невообичаен начин во повелбата потенцирајќи ги кралицата Елена и синовите Марко и Андријаш, но неспоменувајќи го воопшто царот Урош; *Благојевић,* Немањићи, 218 по битката на Косово 1369 и победата над силите на Коалицијата "Вукашинов син Марко добија титулу *младоѓ краља,* чиме је јасно назначен редослед наслеђивања престола и померање са нижег ка вишем престолу."

состојба во државата на кралот Волкашина, во која неговиот најстар син Марко е титулирн како млад крал.[102] Ако се знае дека градењето на црквата започнало најрано на 1 ноември 1370 година, а живописувањето било завршено најкасно до 31 август 1371 година, може да се претпостави дека на неговата одлука за градење на црквата, му претходел извесен подолг период од прогласување на Марко за младиот крал. На датумот на прогласувањето на Марко за совладетел, упатува повелбата на Волкашин на Дубровчните од 5 април 1370 година. Х. Матанов и К. Ациевски издигнувањето на Марко за млад крал го датираат помеѓу 10 јуни 1370 година кога писмото на Дубровничкиот поклисар Павле Ѓорѓиќ до кнезот, во кое Марко последен пат се споменува без титула и 31 август 1371 година кога завршува византиската 6879 година.[103] Ваквото одредувањето на хронологијата се чини не е доволно оправдано од повеќе причини. Самиот чин на градење на црквата од страна на неговиот ктитор во Призрен, со потенцирање на неговата титула би требало да укажува на правецот на ширење на кралството на Волкашин, односно на север и северозапад од Скопје во старите српски земји од една, а од друга страна, натписот недвосмислено ја потврдува титулата млад крал на Марко, што не значи дека круната не ја добил порано од 10 јуни 1371 односно 1 септември 1371 година, кога започнало, односно завршило градењето на црквата. На одлуката за градење на црквата претходел период од неговото прогласување за млад крал. Во прилог на ваквата теза споменатите автори го наведуваат писмото на Дубровчаните од 10 јуни 1371 година, во кое се вели дека под Скадар се наоѓал "кралот Волкашин со неговиот син Марко (re Volchassin et cum Marco, suo fio)." Ненаведувањето на титулата млад крал на Марко, не е ништо невообичаено, бидејќи се работи за едно обично писмо до Дубровничкиот Совет, и не може да се смета како значаен факт дека тој не ја носел титулата млад крал, односно дека ја добил после 10 јуни и 1 септември кога започнал да ја гради црквата. Поважно е што известувачот на Дубровничката влада,

---

[102] *Ивановић,* Натпис младог краља Марка, 20-21.

[103] *Матанов,* Югозападните земи, 106; *Ациевски,* Пелагонија во средниот век, 243.

потенцирал дека под Скадар со војската на кралот Волкашин се наоѓал и неговиот најстар син Марко, факт со кој се сакало да се потенцира како значењето на подготвуваниот поход, така и учеството на совладетелот на кралот, односно младиот крал. Тоа дотолку повеќе ако се има во предвид дека новите територии кои ги добил Марко се наоѓале северно од Скопје, околу Приштина во старите српски земји, а и поради вообичаената практика во средниот век, владетелот во некои значајни битки, со војска да биде придружуван од совладетелот. Од првостепено значење сепак е чинот на раскинување на кралот Волкашин со царот Урош во 1369 година, кога воjнички биле поразени силите на Коалицијата царот бил заробен, односно владетелот на Царството бил толку немоќен, што Волкашин како вистински владетел во Царството, игнорирајќи го царот, ја формирал новата владетелска кралска династија Македонија. Потребата од совладетел во новонастанатата ситуација се наметнувала сама по себе, на што укажува повелбата на Дубровчаните од 5 април 1370 година, каде Марко, како благоверен син на кралот е наведен на прво место, додека неговиот брат Андријаш е наведен на второ место. Токму затоа Р. Михачиќ, без тенденција да го одредува датумот кога Марко е прогласен за млад крал, констатирал дека натписот од св. Недела во Призрен покажува дека Волкашин пред крајот на своето владеење, покрај живиот, но потполно оневозможен цар, ја наметнал новата династија.[104]

Поради искуството во управувањето со областите на неговиот татко, стекнатите воени вештини и дипломатско-државничките Волкашин пред судирот со силите на Коалицијата во 1369 година, го довел својот син Марко во Призрен, да ги управува новоосвоените области, и да му помага во државничките должности. Со сигурност не може да се каже дали Марко учествувал во битката против силите на Коалицијата, но ако се знае дека на

---

[104] *Михаљчић,* Крај, 145; *Ивановић,* Натпис младог краља Марка, 21 истакнува дека Марко како млад крал заедно со својот татко а највероjатно и со царот Урош, учествувал во многу државнички и воени активности. Од друга страна *Матанов,* Југозападните земи, 106 и *Ациевска,* Пелагонија во средниот век, 243 издигнувањето на Марко за млад крал, односно престолонаследник го поврзуваат со подготовките на кралот Волкашин за поход против Турците, како и потребата да се обезбеди законски наследник.

10 јули 1371 година учествувал во воено-дипломатските подготовки за походот против Никола Алтомановиќ, може да се претпостави дека Марко најверојатно учествувал во битката на Косово Поле во 1369 година .[105]

Околу 1370 година од политички причини, младиот крал Марко ја напуштил својата жена Елена ќерката на Радослав Хлапен и биле водени преговори за негова женидба со некоја ќерка од влијателна владетелска куќа.[106] Според Л. Мирковиќ, на почетокот на пролетта 1370 година, тој требало да се ожени со Катерина ќерката на Гргур Павловиќ, син на далматинскиот и хрватскиот бан Шубиќ. Како посредник се јавил босанскиот бан Твртко. Брачната понуда не се остварила поради противењето на папата Урбан. Папата во писмата до унгарскиот крал Лудвиг и банот Твртко од 8 април 1370 година, побарал да се спречи мажењето на римокатоличката властелинка за шизматичкиот млад крал (filio magnifici viris regis Rassie schismatico).[107]

Кон крајот на пролетта 1371 година, се очекувало кралот Волкашин да пристигне во областите помеѓу Скопје и Приштина, заради воени подготовки "ca sera vignudo alla Scopia, et da la in çu inver Presren ad alguna de le sue corte." Во воените подготовки учествувал и младиот крал Марко. Според упатството од Павле Ѓорѓиќ од 10 јуни 1371 година, Дубровчаните биле должни да подготват војска која ќе му се придружи на Ѓурѓ Балшиќ, на крал Волкашин и неговиот син Марко кои се наоѓале под Скадар, а оттаму да се упатат во воен поход против хумскиот жупан Никола Алтонановиќ: "lo re Volchassin et cum Marco, suo fio, cumle lor hosteson suta Scuarii, et va sovra çupan Nikola o in Anagast..."[108]

---

[105] *Ћирковић*, Коментари, 313; *Аџиевски*, Пелагонија во средниот век, 242.

[106] *Matanov*, Radoslav Hlapen, 85; *Субошић*, Манастир, 158 -159 бел. 139 го прифаќа ставот на Х. Матанов.

[107] *Мирковић*, Мрњачевићи, 19; *Михаљчић*, Титуле, 39. Планираниот брак од една страна би значел поддршка на новата династија од семејството на Шубиќите, а од друга кралот Волкашин очекувал поддршка во борба против Никола Алтомановиќ.

[108] *Monumenta Ragusina* IV, 126-128; *Тадић*, Писма и упутства, 229-232. Сп.: *Михачић*, Крај, 160; *Ћирковић*, Коментари, 313-314. Во летото 1371 година деспотот Јован Углеша, според зборовите на Димитрија Кидон (*PG* 154, col.1033 A.) упатил пратеништво во Византија, со намера да воспостави брачни врски помеѓу двете владетелски династии. Целта била да се создаде фронт против Турските. Деспотот ја имал во предвид женидбата на

Поход против Никола Алтомановиќ во летото 1371 година, бил откажан, поради зачестените напади на Турците на источниот дел од територииte на Серската држава и од повикот на деспотот Јован Углеша за помош. Волкашин заедно со младиот крал Марко се вратил во престолнината на кралството, најнапред во Призрен и Скопје, а потоа најверојатно во Прилеп. Додека кралот Волкашин со војската во септември 1371 година се упатил кон Источна Македонија, Марко останал во Скопје или Прилеп, каде како престолонаследник требало да го штити кралството.

По смртта на кралот Волкашин во Маричката битка на 26 септември 1371 година, единствениот наследник на династијата Волкашин, бил младиот крал Марко, кој најнапред бил прогласен, а потоа и крунисан за крал. Некои автори сметаат дека кралот Марко по 26 септември, односно по неговото крунисување за крал во есента 1371 година, па се до 2 или 4 декември истата година, кога умрел царот Урош, бил формално-правно негов совладетел.[109]

Марко со некоја царска принцеза. Обидот завршил неуспешно. Сп.: *Суботиќ,* Манастир, 158-159, бел. 139; *Матанов,* Югозападните земи, 106-107; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 244. Острогорски, Серска област, 137-138, поради фактот што синот на деспотот Углеша бил умрен, со значителна резерва смета дека во брачните планови најверојатно се сметало на Манојло (II) кој дваесет години покасно се оженил со ќерката на Константин Драгаш. *Михаљчиќ,* Крај, 175; *Истиот,* Титуле 39 смета дека се помислувало за брачно поврзување на Палеолозите со некој од синовите на Волкшин, но не и Марко, за кој смета дека бил веќе оженет со Елена ќерката на Хлапен. Од изворите е познато дека Марко двапати се женел со ќерката на Хлапен, па како престолонаследник, а во тој период без жена, бил сметан за најсериозен кандидат, на што во науката веќе е укжувано.

[109] *Ѣурић,* Три догађаја, 95; *Михачиќ,* Крај, 195; ИСН II, 23; *Матанов,* Югозападните земи, 107; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 244-245; *Михаљчиќ,* Титуле, 40. Во однос на расправата за статусот на кралот Марко кон царот Урош, во времето до 2 односно 4 декември 1371 година кога умрел, интересно е да се спомене записот од манастирот Сушица од 1362 за апостолот кој го пишувал Варлаам. Во записот се споменува крал во времето на царот Урош, за кој Х. Матанов верувал дека станува збор за кралот Волкашин. Но според читањето на *М. Георгиевски* (Книжевното културно-историско наследство, 357) станува збор за кралот Марко. Буква х по зборот крал авторот ја прочитал како Мархо. Целосниот запис гласи: "Сі ап(о)с(то)лъ сьписа сѳ вь д(ь)ни вл(аго)роднаго ц(а)ра Оьроша краль (мар)х(а), многогрѣшнїмь еромонахомь Варлаамомь вь лѣт. ѕ҃ѡ҃ ѳ҃." Но тука има несогласување со годината бидејќи според записот, апостолот бил пишуван во "вь лѣт. ѕ҃ѡ҃ ѳ҃" што одгвара на 5870 година од создавањето на светот, односно 1362 година. Во тоа време Марко не можел да биде крал, а за Волкашин исто така е утврдено дека таа година сеуште не бил крал, односно совладетел на царот Урош, бидејќи се смета дека крал станал во летото 1365 година или најмногу една година порано. Се наметнува можноста препишувачот да направил грешка во годината, односно издавачите на споменатиот запис погрешно да ја прочитале поради избледнетост на буквата или оштетување на книгата, па така и го прочитале, односно препишале. Бидејќи остатокот на буквата х после крал, го упатила М. Георгиевски на читање на името како

На тоа се противат и податоците на Исаија Серски кој зборувајќи за поразот на Марица не споменувајќи го кралот Марко, вели дека во српското племе: "не остана кнез ниту водач, или некој учител меѓу луѓето, немаше кој да ги поведе кон спас, сите ги опфати ужасен страв од Исмаилитите...Во тоа време се заврши мислам и седмиот владетелски род на српското племе."[110] Податокот на Исаија дека со смртта на царот Урош на 2 или 4 декември 1371 година "се заврши... и седмиот владетелски род на српското племе" укажува дека тезата за тоа дека со смртта на Урош поранешното Царство "номинално је спало у ранг краљевине"[111] нема некоја посериозна основа. Уште во времето додека бил жив царот, Волкашин веќе формирал нова владетелска династија во Македонија, која по неговата смрт ја наследил кралот Марко.

Доаѓањето на престолот, како чин по крунисувањето на кралот Марко за владетел, како и тагата за неговиот татко кој загинал, нашла ликовен одраз во надворешниот ѕид на влезот во црквата Св. Архангел во Прилеп. На црвена позадина, од десната страна насликан е Волкашин а од левата Марко. Живописот настанал непосредно по битката во есента 1371 или најкасно во пролетта 1372 година. Кралот Марко е прикажан како млад и крупен човек со кратка густа брада, бујна костенлива коса и истакнати веѓи. Во десната рака држи крст, во левата одмотан лист, односно повелба (знак за владетелските инсигнии), во моментот додека божјата рака му ја става круната на главата. На главата носи отворена осмострана круна на која висат двоструки препендулии. Облечен е во бел сакос, боја која според Псеудо Кодин ја изразува неговата жал за татко му, значаен аргумент за датирање на живописот. Околу неговиот лик е испишана инсигнијата "Вь христа бога вѣрень

(Мар)χ(о), останува да се надеваме дека е направена грешка, која според нашата реконструкција, а во согласност со д-р Михајло Георгиевски, би требало да гласи: "вь лѣт. ѕѡ ѳ ѕ" односно 6879 што одговара на 1371 година. Марко по 26 септември крал, а во тоа време до 2 односно 4 декември, и царот Урош бил сеуште жив. Доколку ваквото читање на записот се покаже точно, би можело да се расправа за совладетелски однос на кралот Марко, царот Урош.

[110] *Георгиевски,* Исаија Серски, 295-304 особ. 300-301, 304; *Трифуновић,* Исаија, 85-86, 159-161.

[111] *Михаљчић,* Титуле, 40.

краль Марко."[112] Владетелска титула на кралот Марко најпрецизно е потврдена преку монетите кои ги ковал од моментот кога дошол на власт, односно по 26 септември 1371 година. На нив тече натписот кој ја одразува неговата титула: "вь ха ва благовѣрни краль марко."[113] Три сребрени монети на крал Марко потекнуваат од североисточното подградие на средновековното Скопје. Пронајдени се при градбата на комплексот на Музеите на Македонија во Старата Скопска чаршија. Денес се чуваат во Музејот на град Скопје: инв.бр. 305 (вл. бр. 1029), инв.бр. 306 (вл.бр. 1030) и инв. бр. 307 (вл.бр. 1031), а за прв пат ги објавила Г. *Спасовска-Димитровска.*[114] Засега од Марко се пронајдени и зачувани вкупно 34 примероци. Се знае дека своите монети кралот Марко ги ковал во Охридската ковница.[115] Евидентно е дека тој никогаш и никаде не се нарекува српски крал, или крал на Србите, како што вообичаено се нарекува неговиот татко. Тој едноставно е крал на територијата која ја наследил од својот татко, а таа била сконцентрирана во Македонија, со престолнина во Прилеп.

Сликарската активност во Прилеп, веднаш по битката на Марица, укажува дека кралот Марко не бил така економски и воено слаб, како што се настојува во историографијата да се прикаже. Тој сеуште имал доволно

---

[112] *Радојчић,* Портрети српских владара, 62-64, 202, сл. 54; *Ђурић,* Три догађаја, 89; *Истиот,* Фреске, 80. Градбата, живописувањето на црквата Св. Архангел во Прилеп, ликовната претстава на кралот Волкашин и кралот Марко на влезот во црквата нашла одраз во цилусот на песни посветени на Крале Марко. Во песната "Волкашин и Марко" во која се зборува дека таткото и синот ја граделе црквата девет години се вели декабила:

"Се од мермер дирези ставале,
А покривот од сребрени плочи,
Иконите се од суво злато.
На вратите Волкашин се писал,
Син му Марко, богме, му завидел,
И тој се од лево написал
Во одежди и кралски коруни."

Сп.: *Бальмонт, К.Д.,* Золотой сноп болгарской поэзии. Народные песни. Перевод с болгарского, София 1930, 5; *Симитчиев,* Марко Крале, 69-70.

[113] *Сариа, Б.,* Кичевска остава, Старинар III, Београд 1925, 86, евидентира 30 примероци; *Размоска, Д.,* Средновековна остава откриена во Охрид, Историја, XVI/1, 271 евидентира една моната на Марко откриена во Охрид; *Спасовска-Димитровска,* Средновековни српски монети, 136-138 евидентира уште три монети од Скопје. За титулатурата на кралот Марко спореди : *Михачић,* Титуле, 31-42.

[114] *Спасовска-Димитровска,* Средновековни српски монети, 136-138.

[115] *Димитријевић,* Новац кнеза Лазара у односу., 204-205.

финансиски средства и за разлика од останатите српски феудални властелини, и покрај поразот на неговиот татко и чичко, сеуште имал доволно воени сили. Марко како законски наследник на Волкашин, имајќи ја предвид територијата која му била оставена на управа (цела Македонија, вклучувајќи ја и царската престолнина Скопје, делови од Косово со Призрен, Приштина и Ново Брдо) сеуште бил најмоќната воено-економска сила, ја респектирале Турците,[116] а најмалку во наредните шест месеци и српските велможи од старите српски земји.[117] На сметка на турската победа на Марица, по ноември 1371 година, единствено Византија се проширила воспоставувајќи ја својата власт во околината на Сер, Струмичката област и полуостровот Халкидик со Атос.[118] Поради ваквиот потег, Византија била принудена веќе кон крајот на 1371 или на почетокот на 1372 година, да го прифати вазалниот однос кон Турците.[119] Кралот Марко кој бил сметан за доста моќен, според некои подоцнежни извори, се впуштил во династичките борби во Константинопол во 1376 година, застанувајќи на страната на царот Андроник IV Палеолог (1376-1379), против Јован VI Палеолог.[120]

Северните области на кралството на Марко, веќе во пролетта 1372 година, почнале да бидат напаѓани од страна на српските кнезови. Х. Матанов застапува гледиште кое не е доволно аргументирано, на што укажал и К. Аџиевски, дека по Битката на Марица кнезот Лазар Хребељановиќ ја признавал врховната власт на кралот Марко.[121] Според кажувањето на Мавро Орбини, по смртта на кралот Волкашин "останаа

---

[116] Според *Мавро Орбин*, 68, по смртта на кралот Волкашин неговиот син кралот Марко со Турците ги средувал односите на тој начин што "постојано ги почестувал и придобивал со подароци."

[117] *Матанов,* Югозападните земи, 107- 111 и *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 245; *Матанов,* Драгаши, 87 сл.

[118] *Острогорски,* Серска област, 144; *Радиќ,* Време Јована V Палеолога, 359; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 250.

[119] *Острогорски,* Историја, 502-503; *Михаљчиќ,* Крај, 191; *Ѓурић, И.,* Сумрак Византије, Београд 1984, 16; *Радиќ,* Време Јована V Палеолога, 359-360.

[120] *Матанов,* Југозападните земи, 110-111; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 348-250 со изворите и постарата литература по ова прашање.

[121] *Матанов,* Југозападните земи, 111; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 347 248.

четирите негови синови и тоа Марко, Иваниш, Андријаш и Митраш. И покрај тоа што започнале да владеат со својата држава...нивните непријатели не ги оставиле долго да уживаат. Кнезот Лазар им ја одзел Приштина и Ново Брдо... Никола Алтомановиќ... ја завзел целата област која се граничела со неговите земји. Синовите на Балша пак иако им биле роднини, им го одзеле... Призрен и многу соседни краишта."[122] Од изводот на Дубровчанецот Орбини можат да се согледаат состојбите во смисла на односите на кралот Марко со српските феудални господари по Маричката битка и почетокот на 1372 година. Во меѓусебното соперништво околу околу освојувањето на најсеверните делови на кралството на Марко, се вклучиле кнезот Лазар, жупанот Никола Алтомановиќ и Балшиќите. Со сигурност се знае дека пред септември 1372 година, роднината на кралот Марко, Балша го освоил Призрен, а во истиот период или подоцна кнезот Лазар ја запоседнал Приштина и Ново Брдо. Жупанот Никола Алтомановиќ освоил поголема неименувана област која се наоѓала северозападно од Призрен и Приштина.[123] Призрен според дубровнички извори, во средината на јуни 1374 година се наоѓал под власта Ѓорѓе Балша.[124] По победата над жупанот Никола Алтомановиќ во 1374 година, според еден српски летопис, од страна на кнезот Лазар и банот Тврtко, следува завземањето на Ново Брдо и Приштина од страна на кнезот.[125] Според записот во минејот бр. 163 кој се

---

[122] *Марво Орбини*, 54. *Ѓирковиќ*, Коментари, 314 истакнува дека синовите на Волкашин, Орбини сосема точно ги навел, додека од податоците за распаѓањето на државата на Волкашин потврдено е освојувањето на Призрен од страна на Балша во 1372 година.

[123] Проширувањето на Никола Аломанивиќ уследило најверојатно во крајот на 1372 година. Според неколку тужби на од серијата Lamenta de foris од јануари и февруари 1373 година се дознава дека Дубровнички трговци од Призрен, преплашени од очекуваниот напад на градот од страна на Никола Алтомановиќ се засолниле во блискиот манастир Св. Архангел. Сп.: *Јиречек*, Историја Срба I, 254 бел. 102; *Михаљчиќ*, Крај, 196-197, 216, 235.

[124] *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 378-379; *Истиот*, Историја Срба I, 254; Михаљчиќ, Крај, 196, 216, 223,. Од Венецијански извори се дознава дека во летото 1372 година Ѓураѓ Балша ја освоил Валона во Албанија. Сп.: *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 381; Грозданов, Охридско сидно сликарство, 21.

[125] *Стојановиќ*, Родослови и летописи, 214 бр. 586; *Јиречек*, Урош, Вукашин и Дубровчани, 381; *Михаљчиќ*, Крај, 216, 229, 235 . За прифаќањето на Немањичките традиции од страна на кнезот Лазар Хребељановиќ, по смртта на Волкашин види ги повеќето реферати во зборникот: О кнезу Лазару, Научни скуп у Крушевцу 1971, Београд 1975, 1-450; *Грозданов*, Охридско сидно сликарство, 20.

чува во Хлудовата библиотека кој настанал во времето на кралот Марко "вь дны благовѣрнаго кралѣ марка" односно по 26 септември 1371 година, дознаваме дека кралот Марко ја оставил својата жена Теодора предавајќи му ја симболично на Радослав Хлапен и повторно ја зел за жена неговата ќерка Елена.[126] Ако се следи развојот на настаните и потребата од зацврстување на

[126] *Бошкоски,* Кралот Марко 27-28. Според *Л. Мирковиќ* (Мрњачевићи, 20) кој прв укажува на оваа врска, смета дека Марко со Елена ќерката на Р. Хлапен се оженил пред смртта на својот татко или веднаш по неговата смрт, откако станал крал. Михачић, Крај, 198 мисли дека кралот Марко од политички причини се смирил и повторно ја зел Елена ќерката на Хлапен, откако му ја предал својата втора жена Теодора. Помирувањето помеѓу Марко и ќерката на Хлапен се случило по 1371, кога кралот Марко се обидувал - откако ги изгубиил северните области - да ги зацврсти своите позиции на југ, во некогашните територии на својот татко и стрико. Наумов, Свидетельства, 39-40 смета дека "по всей видимости, брак Марка Кралевича и дочери Хлапена следует датировать периодом после 1371 г., когда в обстановке ожесточенных междусобных войн различитых феодальных династов Марко был вынужден перенести свою резиденцию из Преизрена в Прилеп, который и стал тогда и столицей его владений." *Matanov,* Radoslav Hlapen, 85-86; *Истиот,* Югозападните земи, 110, повторната женидба на кралот Марко со Елена ја става помеѓу Маричката битка 26 септември 1371 и 1375/76 година, кога Елена, според Јанинската Хроника е во брак со албанскиот деспот Јован Спата. *Суботиќ,* Манастир, 159 бел. 144 прави корекција според споменатата хроника и мисли дека Елена повторно со Марко била во брак помеѓу Мричката битка и 1374/5 година. Оваа хронологија ја прифатиле *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 257, бел. 153 и Ристески, Б., Кон проучувањето на кралот Марко во историјата и традицијата, Зб. Кралот Марко во историјата и традицијата, Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на кралот Марко, Прилеп, 23-25 јуни 1985 година, Прилеп 1997, 17. Г. Суботиќ (Манастир, 160) и К. Аџиевски (Пелагонија во средниот век, 257) како значаен индикатор дека Марко, ни по второто враќање на Елена помеѓу 1371 и 1374/5 година не останал долго во брак, го наведуваат и живописот во Св. Димитрија во Сушица, кај Скопје, каде Марко е насликан сам, односно без Елена.

Сметаме дека хронологијата со повторната женидба на кралот Марко со Елена ќерката на Хлапен, за што зборува записот од минејот бр. 163 и податокот од Јанинската Хроника дека Елена во 1374/5 година била во брак со деспотот Јован Спата (*Βρανούσης, Λ.* Τὸ χρονικὸν κατ' ἀνέκδοτον δημώδη ἐ πιτομήν 'Επετερὶς τοῦ Μεσ. ἀρχείου 12 (1962),'Αθῆναι1965, 85 според *Суботиќ,* Манастир, 159 бел. 143.) би требало да се коментира поинаку. Имено од изворите е познато дека помеѓу пролетта 1370 и летото 1371 година претставници на кралот Волкашин кај хрватското семејство Шубиќи, а претставници на деспотот Јован Углеша кај византискиот цар, барале невеста за младиот крал Марко, што значи дека Елена од пролетта 1370 до крајот на септември 1371 година со Марко била разведена, вториот брак сеуште не бил воспоставен, а Марко бил сам. Бидејќи од записот на дијакот Добре во Хлудовата библиотека се знае дека кралот Марко, пред повторното враќање на неговата првовенчана жена Елена бил во брак или живеел со Теодора, жената на Гргур Бранковиќ, која ја напуштил и му ја предал на Радослав Хлапен по повторното нивно помирување, тоа би значело дека Марко летото 1371 бил сеуште сам. Податокот од 1374/75 година, според Јанинската Хроника, според кој Елена била во брак со Јован Спата, компариран со записот на дијакот Добре, укажува дека кралот Марко во тоа време бил во брак или живеел со Теодора. Податокот од Јанинската хроника може само да укажува дека по 1375 година, кралот Марко повторно се оженил со Елена. Отсуството на Теодора и Елена на живописот во Марковиот манастир потврдува дека Теодора во 1376/77 година, веќе му

односите со феудалните господари во својата држава, како и потребата за спротивставување на сите завојувачки тенденции на Српските господари и Турците кон Македонија. Иницијативата за помирување најверојатно дошла од Радослав Хлапен. Во 1375 година турскиот паша Лала Шахин го освоил градот Бер кој се сметал за негово седиште.[127]

Според М. Орбини, мирот со Турците кралот Марко го одржувал со постојано давање подароци[128] додека со своите соседи го одржувал со вешти дипломатски потези. Околу 1376/7 година тој бил сеуште најмоќен владетел[129] и можел да биде сметан, а веројатно и се сметал како единствена личност која може да им се спротивстави како на соседните властелини и кнезови така и на Турците. За ваквото мислење најдобро говори како завршувањето на фрескоживописот во црквата Св. Димитрија во с. Сушица

била предадена на Радослав Хлапен, додека Елена првовенчаната жена на кралот Марко, како што пишува дијакот Добре, сеуште не била пристигната на неговиот двор. *Грозданов,* Маричката битка, вазалитетот, 120 забележува дека ктиторската претстава во Марковиот манастир, и отсуството на Елена во споменатиот живопис, ги потврдува маргиналните вести за разидувањето на Марко со Елена. Присуството на Елена во Костур и понудата за брак со Балша Балшиќ по 1380 година би потврдувало дека и по помирувањето, бракот на кралот Марко со Елена траел кратко.

[127] *Машковски,* Аручи, Извадоци од две турски хроники, 235; *Машковски-Аручи,* Хрониката на "Беда-и Ул Векаи," 155; *Машковски-Аручи,* Турската хроника "Тацут Теварих," 207.

[128] *Мавро Орбини,* 68.

[129] Од државата на Марко во овој период отпаднале областите кои ги држел Јован Углеша под византиска власт, областите во Стара Србија,со Рудник, Ново Брдо, Приштина, Призрен, кои ги зеле Балшиќите, Никола Алтомановиќ и кнезот Лазар, поголем дел од источна Македонија кога најверојатно во тој период се осамостоиле Драгашите а Скопје околу 1377 година паднало под власта на Вук Бранковиќ. Територијата која ја контролирал кралот Марко, над која имал влијание преку роднински врски или само формално-правно влијание, била значително поголема. За териториите кои сеуште цврсто ги држел по 1376/7 година сп.: Аџиевски, Пелагонија во средниот век, 250 сл. Во епската песна "Седумте јунаци и Арапинот" одразена е градбата на манастирската црква посветена на Св. Димитрија кај с. Сушица Скопско. Според песната:

"Шедба шета Марко Прилепчанец,
Шедба шета низ Косово поле,
Тамо прави седумдесет манастири,
Без везирова и без царска дозвола.
Од таму отиде на широко Скопје,
Тамо фати манастир да прави
Манастир прави свети Димитрија."

Сп.: *Бѫлгарски народни пѣсни,* Собрани одъ братья *Миладиновци Димитрія и Константина и издани одъ Константина,* Въ Загребъ 1861, Фототипно издание София 1981, 207-218 бр. 143; *Симиџиев,* Марко Крале, 73-74.

Скопско, за што биле потребни значителни финансиски средства, односно дека околу себе имал еден истакнат тим на сликари кои го завршиле живописот во црквата, така и неговата ликовна претстава во истата црква. Покрај истакнувањето на маченичката смрт на неговиот татко на Марица во 1371 година, во одбрана на Христовата вера, кралот Марко во црквата св. Димитрија-Сушица е претставен како строг и решителен владетел, што е одраз како на моментот на превземањето на престолот по смртта на татко му во септември 1371 година, промовирањето на вториот крал на династијата Волкашин, но истовремено и моментот во одбрана на кралството од нараснатите непријатели во борбата за кралскиот престол, по смртта на царот Урош, поради истакнувањето на легитимитетот на кнезот Лазар над Немањичкото наследство, и во одбрана на Христовата вера, од очекуваните напади од Турците 1376/77 година. На главата носи круна со висечки ниски бисери и скапоцени камења. Во левата рака држи свиток со натпис "И(ѕь) вь хѫ Бѫ вла(говѣрьни крал(ь) Марко сьѕ(ь)дах(ь) и поп(и)с(а)хь (сьı) Божествени ѣрам(ь)." Во десната рака држи голем окован рог на старозаветните еврејски кралеви со што како што истакнуваат историчарите на уметноста, сликарот сакал да ја потенцира мислата дека кралот Марко е "втор Давид" на кого што како на новомиропомазан крал, при чинот на крунисувањето се излеал дарот на Св. Дух. Претставувајќи го кралот Марко со старозаветниот рог во раката, сликарот бил инспириран од стиховите на Давидовите псалми бр. 88/9, во кои се говори за божјата поддршка на новиот владетел во борбата против непријателите и продолжување на неговиот род и на престолот .[130]

Непосредно по живописувањето на ктиторските портрети во Марковиот манастир односно по 1377 година, првовенчаната жена на Марко Елена, повторно пристигнала на дворот на Марко во Прилеп, како што соопштува записот на дијакот Добре, а истовремено биле воспоставени "сојзничките" односи помеѓу кралот Марко и неговиот моќен дедо по жена Радослав Хлапен. Во тој период или малку пред тоа, од државата на Марко

[130] *Ношпал- Никуљска,* Марковиот Манастир, 231-235; *Ђурић,* Три догађаја, 87-95; *Истиот,* Византијске фреске, 80-81; *Гроздановв,* Маричката битка, вазалитетот, 120.

се отцепиле браќата Драгаши во Источна Македонија.[131] Распаѓањето на државата на кралот Марко продолжило. Жупанот Андреа Гропа господарот на Охрид, роднина со кралската куќа Волкашин, на Марко му откажал послушност околу 1377 година, а според запишот во црквата Стари Св. Климент во Охрид од 1378 година, игнорирајќи својот сизерен истапувал самостојно.[132] Околу 1385 година државата на Марко била сведена на релативно мала територија која се простирала во Пелагониската рамнина со престолнината Прилеп, западна Македонија северно од Охрид, со Дебар, Поречје, Полошката област, како и мали делови југозападно од Скопје со долината денешна Маркова Река, реката Треска и областа Матка со која управувал Андријаш, оклината на с. Сушица и областите западно од реката Вардар.

Од соседите на кралот Марко под турско вазалство прва паднала Византија на крајот на 1371 или почетокот на 1372 година, Бугарското царство вазалните односи ги воспоставило во 1373 година. Според М. Орбини кралот Марко "со Турците своите односи ги подредувал на таков начин што непрекинато ги честел или ги придобивал со подароци,г на друго место пак истакнува дека по смртта на кралот Волкашин востанаа четирите негови синови...Марко, Иваниш, Андријаш и Митраш. И покрај тоа што започнале да владеат со својата држава на големо задоволство на поданиците нивните непријатели не ги оставиле долго да уживаат." Најнапред ги наведува нападите на Српските феудалци кои ги освоиле Марковите области северно од Скопје, настани кои се случувале помеѓу летото 1372 и летото 1377 за потоа да каже дека "ни Турците не пропуштиле прилика да загосподарат со голем дел на земјата која ја држеле во Романија. Поради горе реченото браќата, за да задржат барем нешто, се согласија да им плаќаат данок на Турците, па им служеле и во војните."[133] Поради фактот дека другите извори

---

[131] *Матанов,* Югозападните земи, 117-119; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 251 и бел 140; *Матанов,* Драгаши, 87-116 особ. 111.

[132] *Грозданов,* Охридско сидно сликарство, 20, 22, 154; *Суботиќ,* Манастир, 161.

[133] *Мавро Орбини,* 54-55, 68. *Ѓирковиќ,* Коментари, 314 истакнува дека е видливо оти Орбини сосема малку знаел да каже за Марко, кој веќе во неговото време го добил епското

не даваат никакви податоци за односот на кралот Марко кон Турците по 26 септември 1371 година, останува да му се верува на Орбини, според кого можат да се согледаат неколку фази во односите на Марко и неговите браќа кон Турците. По Битката на Марица кралот Марко како врховен владетел и неговите браќа кои биле самостојни, сеуште не биле во вазален однос кон Турците, мирот со нив според споменатиот извор Марко го купувал со тоа што постојано им давал разни почести и подароци. Овие податоци пак од друга страна укажуваат дека не се точни поранешните оценки во историографијата дека Марко веднаш по Маричката битка или околу 1376 година станал вазал, на што укажувале А. Стојановски и Ц. Грозданов,[134] од една, а од друга страна дека Турците сепак сеуште го респектирале Марко и тој сеуште не бил во подреден однос кон нив. Во втората фаза на турското напредување во Македонија, која започнува во 1385/6година, и не е во сооднос со хронологијата на турските хроники кои зборуваат за втор турски налет во 1382/3 година, и државата на Марко се соочила со Турците. Обрачот на вазални господари или господари на области или пак само области кои се ставале под заштита на султанот, постепено се наближувал кон границите на Марковото кралство. Според турските извори, како што потврдил А. Стојановски, во 1385/6 година турската армија предводена од румелискиот беглербег Тимурташ паша, Прилеп, и Битола. Според турските хроники, градот Прилеп најнапред бил опседнат, а потоа посадата на градот "поднесе разумни услови и побара мир и заштита, та градот и тврдината се предадоа." Податоците за опсадата и предавање на градот од неговите бранители, како и борбите за освојување на Битола потврдуваат, како што сметаат А. Стојановски и Ц. Грозданов, дека кралот Марко до 1385/6 година, сеуште не бил вазал на Турците.[135] Кралот Марко како турски вазал учествувал во

име Кралевиќ. Според тоа може да се констатира дека тој многу помалку ја користел народната традиција за Марко, отколку што се сметало досега во науката.

[134] *Стојановски,* Градовите, 9-12; *Грозданов,* Сидно сликарство, 151; *Истиот,* Вазалитетот, Маричката битка, 118-119.

[135] *Стојановски,* Градовите, 12-15; *Грозданов,* Вазалитетот, Маричката битка, 118-119 а во поново време *Панов,* Одразот на Косовската битка, 43; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 269-278; *Атанасовски,* Пијанец, 133.

битката на Ровине против војската на влашкиот војвода Мирче и унгарскиот крал Сигизмунд. Во крвавата битка на 17 мај 1395 година, заедно со Константин Драгаш загинал и кралот Марко.[136]

Вториот син на кралот Волкашин, односно најстариот брат на кралот Марко, Андреа (Андреаш), најверојатно по крунисувањето на Марко исто така бил поставен, односно крунисан за млад крал. За прв пат се споменува во повелбата на неговиот татко, кралот Волкашин издадена на Дубровчаните на 5 април 1370 година.[137] По втор пат е споменат во натписот во Марковиот манастир кој започнал да се ѕида во 1345 година по налог на Волкашин, а бил целосно насликан во 1376 година во времето на кралот Марко.[138] Како млад крал Андреаш се здобил со право да управува со делови од кралството, кое повлекувало со себе и одредена политичка улога. Ги имал во посед областите од западно од Скопје по долината на Треска и дел од Западна Македонија. Како богат обласен господар и млад крал, ковал монети на кои се потпишувал како "благовѣрни Андреашь."Од засега регистрираните 26 монети од Андријаш, од кои 24 примероци потекнуваат од Кичевската остава, закопана околу 1373 година, додека 2 примероци се од оставата во "Чука" за која се верува дека е закопана најрано 1380 година. Во однос на ковницата се смета дека неговите монети биле ковани во Охридската ковница.[139] Во 1389 година Андреа го изградил односно живописал манастирот Св. Андреја на реката Треска кај Матка, како своја задужбина. Во натписот на влезот во црквата Св. Андреа, според најновото читање на Н. Ношпал- Никуљска кажува: "изволениемь ба wца вседрьжителѣ и поспѣшениемь сина единороднаго и съвръшениемь всепрѣсветаго доуха създа се и пописа се сы стѣи и бжствьни храмь вь име сѣаго и славнаго врьхивнаго ап̃ла хв прьвозванаго андреа. трудо(м) и подвигом хр(с)толюбиваго раба бжи̃а андрѣаша сина фтораго влавѣрнаго кралѣ

[136] *Мавро Орбини,* 54 соопштува дека кралот Марко по битката на Ровине, кога Турците биле разбиени, побегнал во шумата и таму бил погоден од стрелата на некој Влав кој мислел дека се работи за некаква sверка. *Ћирковић*, Коменћари, 314 за овој податок смета дека е од легендарен карактер

[137] *Monumenta Serbica,* 179-181; *Новаковић,* Законски Споменици, 191-192.

[138] *Гроздановъ- Субоѣић,* Речица, 73-74; *Бошкоски,* Кралот Марко, 27.

[139] *Марић,* Стдије, 90; *Димиѣријевић,* Новац кнеза Лазара, 193, 195, 204-205.

влькашина и кралице єлєни а (х) єлисавєтє и єлико в вьзможно би дахомь и приложихомь стѣи цр҃ви села ѵ поли и ѵ ѕабрьди сь метоѣо(м) и правинами ѣаже писана сут извѣстѣ(н)о всемь ѣаже о нихѣ вь вреви вь хрисовулѣ и си двѣ селѣ тьмо букурци и повино вь ѕамѣнение цр(к)ви сушичкои и ѕговоромь и даѣом ѕа момково и ѕа иване понеже тако приложено би цвоим цр(к)вамь имети тако сиѣа село ве(с)съмушениа вь ѵтверьж(д)ени лѣто ͞ѡ ч̄ ѕ̄ н̄ ӣ по благоволению и милости господина ми андріаша прѣстанє први иѕ начала вивь трѵд(а) првоположеник (ж)є ѡ обновитєл милосрдни и ѵсрдни храмѵ с(ве)томє (мон)ах калєст кирил вечнаємѵ памет͞. Во олтарната апсида над ѓаконикоиот пак во црквата напоредно со живописот во лента долга 1766 сантиметри испишан е текст на хрисовулот на Андреаш, кој не е сочуван во пергамент. Според читањето на Н. Ношпал - Никуљска текстот на хрисовулот гласи: “Изволениємь отца и посп(ѣшениєм сина єдинороднаго и совршениємь светаго дѵха сьѕда с(є и попи)са сє сьї ст(ьı) (храм)ь ст(а) го прьвоѕв(ана)го ап(с)ла андреа. трѵдомь и подвигомь раба божа кралєвикѣ андреаша сє ж(є) (при)лож(є)ниє ст҃ѣ цркви хрисовѵль.....и метохь ѣего сь овѣ стдан(ьı) ѣеи ораше и ловиша дело дѵ҃виньци с (мето)хомь старим и ловиша и качѣпѵри с метоѣ... с(ел)о момково (и гор)ича с метоѣомь село иване и лозно с метохом село длъбочица и ъздолиє с метоѣомь село луковича и крѵшича с метохом:.... .....єлиє сав.....сель..тѣхь ловиша и (п)ланин(є)”.[140] Додека во натписот на влезната врата се вели дека црквата ја изградил Андреаш вториот син на кралот Волкашин и кралицата Елена со монашкото име Елисавета, во 1389 година, во хрисовулот испишан во внатрешноста на храмот е потенцирано дека црквата е изградена со средства на “кралєвикѣ андреаша” што значи дека тој веќе во 1389 година ја носел титулата млад крал. Како совладетел на кралот Марко, ја управувал областа западно од Скопје по долината на р. Треска.[141] Андријаш, на црквата меѓу другото и доделил повелба со која и дал повеќе села со одредени привилегии. На манастирот Св. Андреа му биле подарени следните села и метоси: селото Ораше и ловишта, селото Дучинци со метох стар, селото Качепури со метох, селата Крушопеци, Момково и Горица со метох, селото Длбочица и Уздолени со метох, селото Иване и Лозно со

[140] *Ношпал-Никуљска,* За манастирот Св. Андреја, 390-395.
[141] *Ношпал-Никуљска,* За манастирот Св. Андреја, 396-397.

метох, нивните ловишта и планини. Во текстот на натписот на вратата посебно е потенцирано дека помеѓу црквите св. Андреја и црквата Св. Димитрија од Сушица во годината 1389 дошло до замена на селата "бꙋкꙋрци и повино...ꙁа момково и ꙁа иване" бидејќи така било позгодно на двете цркви.[142] Констатација за замената на селата Букурци и Повилно за селата Момково и Иване помеѓу манастирските цркви Св. Андреја и црквата Св. Димитрија од Сушица, вообичаено била толкувана како гест на меѓусебно разбирање и договор помеѓу двете цркви е сомнителна. Сметаме дека замената на селата кои припаѓале во атарот на едниот односно другиот манастир била извршена поради територијално разграничување на манастирите, не затоа што така било позгодно на двете цркви, туку затоа што така налагале новите политички околности. Имено имајќи во предвид дека ктитор на манастирот Св. Димитриј кој го извршил живописувањето на манастирот во 1377 се јавува кралот Марко, додека како ктитор на живописот на манастирот св. Андреја се јавува младиот крал Андријаш, без да биде споменат во натписот и хрисовулот кралот Марко, како врховен господар укажува дека замената на селата била поради територијално разграничување помеѓу кралот Марко и младиот крал Андријаш. Или уште попрецизно, во услови кога кралот Марко во 1385 година прифатил на Турците да им плаќа данок, односно да биде вазал, а по Косовската битка и да учествува со војска во походите на Турците, можно е како што дошло до разидување помеѓу кралот Марко и неговиот брат Иваниш во 1385 година, така и по 1389 година по истото прашање да дошло до разидување на кралот Марко и младиот крал Андријаш.[143] Имено познато е дека во летото 1394 година Андријаш заедно

---

[142] Ibidem., 398-399 селата Ораше и ловиште, селото Дучинци со метох стар како и селото Качепури авторката за прв пат ги прочитала.

[143] *Ћирковић,* Поклад, 159-160 смета дека до разидување на кралот Марко и неговите браќа Андријаш и Дмитар, по прашањето на вазалството кон Турците, дошло по состанокот на султанот Бајазит со неговите вазали во 1393/4 година во Сер. *Стојановски,* Градовите, 18, бел. 61 смета дека кралот Марко имал поскромно место меѓу вазалите и не учествувал на состанокот, додека *Ациевски,* Пелагонија во средниот век, 279-280 бел.218 иако не се изјаснува по ова прашање, како да ја поддржува ошијата за Марковото неучество. Во изворите навистина не е споменат Марко како учесник на состанокот, но фактот што на состанокот најверојатно станало збор за обврските на вазалите кон султанот во неговите понатамошни воени операции на Балканот против Влашка и Унгарија, а имајќи

со својот најмал брат Дмитар, пристигнал во Дубровник. Браќата го подигнале својот дел од депозит на кралот Волкашин кој се чувал во Дубровник во висина од 374 перпери и 6 гроша, а потоа заминале во Унгарија кај кралот Сигизмунд.[144] По смртта на кралот Марко на Ровине во 1395 година, со сигурност се знае дека во летото 1399 година, во Дубровник пристигнал Дмитар и ја подигнал третината од депозитѓит на неговиот татко, што му следувала на кралот Марко во висина од 187 перпери и 3 гроша, поради тоа што Марко не оставил наследник. Врз основа на ова се смета дека Андријаш веќе бил умрен помеѓу 1394 година кога бил во Дубровник и 1399 година, кога Дмитар пристигнал во градот на св Влах, или пак само го овластил својот брат да оди по депозитот, а тој останал во Унгарија.[145] Во поменикот на дебарскиот манастир Св. Јован Претеча меѓу ктиторите се споменува и името на Андреаш.[146]

Делови од областите југоисточно и североисточно од Скопје уште во времето на Стефан Урош, а и по неговата смрт ги држеле Драгашите. Тие по името на нивниот татко севастократорот Дејан, кој во Северна Македонија и Скопската област, дошол во првите години на владеењето на кралот Душан, во литературата биле нарекувани Дејановиќи.[147] Во центарот на својата баштина с. Архиљевица, севастократорот Дејан ја подигнал својата задужбина црквата Св. Богородица. Според првата повелба на Архиљевица

го предвид учеството на Марко во Битката на Ровине на страната на Турците, сосема е веројатно дека и учествувал на состанокот во Сер. За тоа поопширно сп.: *Ѓурић,* Сумрак Византије, 44 и 83-85 со изворите и литература за оваа проблематика.

[144] *Ѓирковић, Поклад,* 156-157, 159.

[145] *Ibidem,* 157, 158,161. Има основа да се верува дека Андријаш и по 1399 година бил сеуште жив, бидејќи Мавро Орбини (54-55, 71) ништо не соопштува за неговата смрт. Тој најнапред ја соопштува смртта на Иваниш, на Саурско поле во 1383 односно 1385 година, потоа зборува за смртта на кралот Марко на Ровине во 1395, за Дмитар кого го наведува како Митраш) вели дек загинал во некоја битка со Турците. За Андријаш кого го наведува на крај, не споменувајќи ништо за неговата смрт, вели дека единствено тој од четворицата браќа имал син по име Неделко Момчило. Ваквиот распоред на вестите на браќата според М. Орбини би требало да ја одразува хронологијата на нивната смрт. Оттаму споменувањето единствено на Дмитар, во Дубровник, во врска со подигањето на делот на депозитот на Марко, може да значи дека Андријаш бил сеуште жив а го испратил односно ополномоштил својот брат да го подигне депозитот.

[146] *Словенски ракописи* I, 169.

[147] *Михачић,* Крај, 202-205 и 208 приложена карта на областа на браќата Драгаши; *Мајданов,* Драгаши, 55-62 к.58.

која му ја издал царот Душан на манастирот во Скопската област како посед на севастократорот дејан е споменато "село Боиковци с правинами."[148] Поседите на Драгашите во североисточниот дел на Скопската област со долината на реката Пчиња до нејзиното вливање во Вардар се видливи и според грамотата за Архиљевица на царицата Евдокија и нејзиниот син Константин од 1381 година, со која манастирот му се предава во метох на Хилендар. Како новоспоменати села во Скопската област, над кои имал свои права манастирот се споменати: Станич, Злокуќани, Думановце и Гошанци.[149] Во црквата св. Богородица во с. Кучевиште откриен е портрет на родоначалникот Дејан чија титула гласи војвода.[150] Областа на деспотот Јован и Константин Драгаш настанала како резултат на спојување на нивната баштина во областите на Прешево, погореспоменатиот дел од Скопската област, Тиквешката област и поголемиот дел од Источна Македонија. По смртта на царот Урош, тие се сметале за наследници на Немањиќката династија. И покрај тоа под сизеренство на кралот Марко биле барем до 1373 година[151] една година му признавале локално вазалство на пашата Лала Шахин, а најкасно до јули 1377 и на султанот Мурат I. Малку по таа година го отфрлиле вазалството, за да дефинитивно го признаат вазалитетот на Турците во 1385 година.[152]

Во периодот на 1374-77 година се засилиле завојувачките апетити, Балша, кнезот Лазар и Вук Бранковиќ, за територијално проширувања кон северни области државата на кралот Марко. Вук Бранковиќ се јавува господар на дел од поделената територија на Никола Алтомановиќ, но прави напори за проширување кон југ. Во таа смисла набргу се појавила опасноста и за Марковите области во Скопје и Скопската област. Со поголема сигурност не може да се определи хронологијата и начинот на освојувањето на Скопје, од страна на Вук Бранковиќ. Според повелбата која тој му ја

---

[148] *Новаковиќ*, Законски споменици, 739.
[149] *Ibidem*, 446-448. *Матанов*, Драгаши, 168-169.
[150] *Расолкоска-Николоска*, О ктиторским портретима у Кучевишту, 43-45 сл. 3.
[151] *Михачиќ*, Крај, 207; *Матанов*, Драгаши, 149.
[152]. *Матанов*, Драгаши, 130-162; *Атанасовски*, Пијанец, 133.

издал на манастирот Св. Георги Горгос на Виргино брдо крај Скопје, помеѓу 1 септември 1376 и 31 август 1377 година, со која манастирот се дава во метох на Хиландар, дознаваме дека градот Скопје и делови северозападно од областа веќе не се наоѓале под власта на кралот Марко. Повелбата на Вук Бранковиќ, била издадена на барање на неговиот брат хиландарскиот монах Герасим (односно Радоња, син севастократор Бранко) кој барал келија за престој во Скопје. Манастирот бил даден со сите села и привилегии кои се во метох на манастирот, "или оу градоу или на двороу, шо ѥсть Свѣтаго Гєѡргиа."[153] Некои особени податоци за положбата на градот Скопје под власта на Вук Бранковиќ па се до паѓањето на градот под турска власт нема. Врз основа на неколку сочувани автономни монети ковани помеѓу 1377 и 1391 година на чиј аверс нишува "Скоплѣ" односно Скопје, се смета дека градот во негово време уживал извесна политичка автономија. С. Димитријевиќ, претпоставува дека автономните монети на Скопје биле ковани во самиот град Скопје. Единствено малиот засега пронајден број на автономните монети (вкупно 4, два примероци од Приштинската остава), го доведуваат во извесно сомневање местото на ковницата.[154]

3.Паѓање на градот и областа под Османлиска власт

Паѓањето на Скопје и Скопската област под власта на Османлиите била во директна зависност од односот на господарите под чија власт се наоѓале, градот и делови од областа спрема Турците, а истовремено и од интересите на Турците во даденият момент, во однос на проценката за целосно ставање на одредена територија или место, во стратегиските планови на султанот. Непосредно пред паѓањето под Турците, Скопје се наоѓало под власта на Вук Бранковиќ, североисточните и југоисточните делови до сливот на р. Пчиња во Вардар ги држеле Драгашите, додека останатиот дел од Скопската област на северозапад и југозапад била во

---

[153] *Мошин-Славева-Илиевска,* Грамоти, 239-241. Сп.: *Томоски,* Скопје од XI до XIV век, 63; *Михаљчиќ,* Крај, 197; *Матанов,* Югозападните земи, 111.

[154] *Марић,* Студије, 108 таб. XXIII 17/18 и 19/20; *Димитријевић, С.,* Нова серија нових врста српског средњовековног новца III, СтаринарXVIII, за 1967, Београд 1968, 137-138 Таб. VII бр.39-40; *Димитријевић,* Новац кнеза Лазара у односу,204-207, 209, 211.

составот на државата кралот на Марко, во која влегувале и поседите на Андријаш. Непосредната воена опасност од Турците, како за градот така и за областа се појавила веднаш по Косовската битка, односно по 15 јуни (28 јуни стар стил) 1389 година. Паѓањето на градот под турска власт не е прецизно потврдено. Единствениот извор кој го одбележува почетокот на турската власт, кажува дека градот до 6 јануари 1392 година со сигурност се наоѓал во турски раце. Станува збор за записот на монахот Стефан од манастирот Св. Теодор во с. Водно, врз Цветниот триод. Во врска со пишувањето на Цветниот триод, монахот Стефан запишал дека ракописот бил завршен "Во годината 6900 (1392) кога Турците дојдоа во Скопје, месец јануари 6 (вь лѣт҃ с҃ѳ҃. сотиѥ кьди тоурци прѣше Скопиѥ. мц҃а ген..ѕ҃.)."[155] Основната порака на записот е завршувањето на Цветниот триод, додека вториот значаен елемент е дека најзначаен настан во време на пишувањето и завршувањето на триодот било доаѓањето на Турците во Скопје, односно воспоставувањето на нивната власт. Бидејќи настанот бил од големо значење, препишувачот сметал дека е потребно како најважен настан на времето кога бил завршен Триодот, да го наведе воспоставувањето на турската власт.[156] Годината 6900 која одговара на 1392 година, започнувала на 1 септември 1391 и завршувала на 31 август 1392 година. Според тоа записот означува дека на 6 јануари 1392 година бил завршен Триодот, додека доаѓањето на Турците, настан кој го обележил пишувањето на Триодот, можел да се случи најкасно помеѓу 1 септември 1391 година кога започнувала 6900 година и 6 јануари 1392 година, кога настанал записот како што истакнала Д. Бојаниќ-Лукач.[157] Секако тоа не значи дека доаѓањето на Турците во Скопје не ѣе случило и пред 1 септември 1391 година, односно во 1390 година за што известуваат турските хроники. Од византиските извори за овој настан единствено Лаоник

---

[155] *Стојановић,* Записи и натписи I, 56 No. 177; *Иванов,* Български старини, 115 No.25.

[156] *Снегаров, И.,* Скопската епархия, Годишник на Соф. унив. Богословски факултетъ, т. XVI/2, 1938/1939, София 1939, 1 бел. 1.; *Бојаниќ-Лукач,* Како Турците го превзеле Скопје, 6-7; *Георгиев,* Скопје од Турското освојување, 19-20.

[157] *Бојаниќ-Лукач,* Како Турците го превзеле Скопје, 7.

Халкокондил (1425-1490) во својата историја пишувана шеесетина години по главните воени настани на Балканот, известува дека Скопје било освоено по мирен пат. Настанот хронолошки не го определува, туку го поврзува со првите години од владеењето на султанот Бајазит (1389-1402). Халкокондил за тие настани вели "Бајазит склучи мир со кнезовите во Македонија и го насели Скопје, доведувајќи многу Турци од Европа и Азија заедно со жените и децата."[158]

Турските хроничари со еден век и повеќе временска дистанца, 1389 година ја земаат како вообичаен граничник после кој го датираат паѓањето на Скопје и неговата област под власта на Турците. Ашик паша Заде (1400-по 1484) во историјата за Османската империја пишува "За (освојувањето) на вилаетот на Лазар, на Кратово на околните места, на сите рудници и на Скопје беше испратен Јигит-бej."[159] Хрониката на Мехмед паша Нишанџи (? - 1571) кратко известува "*Освојувањето на тврдината Скопје беше во 792 година*" која била помеѓу 20. 12. 1389 и 8 12. 1390.[160] Хоџа Садудин (1536-1599) известува дека по стапувањето на престолот, султанот Бајазит I, "реши да го продолжи патот на таткоси...и предвидувајќи освојување на земјите на Лазар, *пролетта на првата година од своето владеење* (т.е. 1390 година) војсководецот Тимуртан-паша го назначи за сердар на безброј спахиски сили и го испрати кон Србија. Пашата беше задолжен да ги освои горе споменатите земји, но и рудниците што се наоѓаа во овие провинции. *Тогаш управата на градот Скопје, на околните места и на ејалетот, врзан за овој град* му ги довери на прочуениот војсководец *Паша Јигит*."[161] Солак Заде (?

---

[158] *Chalcocondilae* II, 60, 8-11 "καὶ τοῖς περὶ Μακεδονίαν ἡγεμόσιν εἰρήνην ποησάμενος τὴν Σκοπίων ᾤκισε πόλιν παμπόλλους τῶν Τούρκων ἀπό τε τῆς Εὐρώπης καὶ ἀπὸ τῆς 'Ασίας ἀγαγὼν σὺν γυναξί τε ἅμα καὶ παισί)." Бајазит започнал да владее на 28. 06. 1389 година.

[159] *Матковски, Аручи,* Извадоци од две турски хроники, 236. Сп.: *Георгиев,* Скопје од турското освојување, 20.

[160] *Матковски, Аручи,* Извадоци од две турски хроники, 247.

[161] Пашата Јигит кој станал прв управник на новиот санџак краишник со центар во Скопје, управувал до 1412 година. За време на граѓанската војна во Турската империја се одметнал од Сулејман и го поддржувал принцот Муса. Во 1422 година бил затворен во Димотика. Во 1413 побегнал кај Стефан Лазаревиќ (српски кнез 1389-1402 и деспот 1402-1427) предводникот на Коалицијата на принцот Муса. Умрел во 1426/7 година.

- умрел 1657) во својата хроника вака ги опишува настаните "*Точно во пролетта на 792 година* (од 20 декември 1389 до 9 декември 1390 година) султанот издаде наредба Тимурташ-паша на чело со огромен број сили да допатува и да ја превземе упрвата на вилаетот на Лазар. Притоа *управата на Скопје со околните места и на ејалетот* му ги повери на истакнатиот војсководец, кој го носеше називот *"Паша Јигит"* и беше ефендија на Исцак-бej." Коџа Хусеин известува дека "Пред да ги освои тврдните кои се наоѓале во Анадолија падишахот Јилдирим Хан решил да ја освои територијата на кнезот Лазар, од каде се вратил со богат плен. Доверувајќи му ја оваа важна задача на војсковоецот Тимурташ-паша... покрај кратовскиот рудник и провинциите што му припаѓале, биле освоени и други рудници и поголем дел од територијата со која управувал споменатиот кнез. *Некои места биле и ограбени.* По некое време... пашата допатува во Високата порта. *Во меѓувреме Скопје и околните места беа доделени на истакнатиот и познат емир Паша Јигит, кој се задолжи со освојувањето на некои места во тој крај.* Извршувајќи ја доверената задача тој се врати со огромни количества на запленети разновидни имоти."[162] Патеписецот Евлија Челеби (1611-1682) пак освојувањето на Скопје и околината од Турците, му го припишува на Евренос-бег, за време на владеењето на султанот Бајазит.[163] Од изворите нема податоци како бил освоен градот, нити пак се споменуваат борби при освојувањето на Скопје, што наведува дека градот бил освоен бил по мирен пат. Некои турски хроничари споменуваат пустошење на областа и одведување на богат плен. Единствено Ибн Кемал (1468-1534) во својата Историја на Османската династија, споменува насилно својување на градот Скопје и областа, како и отпор на бранителите. Според него "старешината на смелите газии паша Јигит-бег пристигнал со јуначките коњаници и го

---

[162] Коџа Хусеин, (*Матковски-Аручи*, Хрониката на "Беда-и Ул Векаи,"155); Матковски-Аручи, Турската хроника "Тацут Теварих," 207; *Матковски, А., и Аручи Кемал*, Македонија и соседните области во хрониката на Солак Заде (1373-1633), 237-238; Матковски-Аручи, Турската хроника "Тацут Теварих," 208-209; *Матковски-Аручи*, Хрониката на "Беда-и Ул Векаи," 168.

превзел градот Скопје, и како во тој неверснички крај, ноќе и дење, вршел провали (акин) и бедната земја на неверниците ја преплавил во река од очај."[164] Според истиот автор, чии податоци критички ги обработила Д. Бојаниќ-Лукач, водачот на турските коњаници "на покраината на земјата Лазг пашата Јигит-бег, откако ги собрал своите коњаници (газии) и ги извршил сите воени подготовки во годината 792" (која траела од 20.12. 1389 до 8.12. 1390 година) "како ветар" тргнал во непријателската земја и влегол во Скопското Поле. По описот на околината на градот и одбраните зборови за природните убавини, Ибн Кемал известува дека граѓаните на Скопје штом го виделе доаѓањето на турската војска "го приготвија бојното оружје и се собраа на вишинката крај црквата што се наоѓа пред тврдината сега е Месџид џамија." По доаѓањето на турските коњаници бранителите започнале жестока борба и дале силен отпор, но по јуришот на турските коњаници биле разбиени. Турците ја превзедоа таа црква што прилегаше на тврдина и на планински врвг а потоа со стрели и копја ги уништиле христијаните а некои успеале и да заробат. По превземањето на црквата бидејќи немало луѓе за одбрана, Скопската тврдина се предала.[165] Од овој опис за освојувањето на Скопје од Турците, се стекнува впечаток дека бил даден жесток отпор на помала група фанатични бранители, само кај црквата, пред градот, односно дека во одбраната на Скопје настанал расцеп. Додека едни сметале дека е бесмислено да им се спротивстават на Турците, други биле решени пред црквата да го дадат последниот отпор.

Во врска со местото каде бил даден последниот отпор на бранителите на Скопје, изнесени се мислења дека отпорот бил пружен кај денешната Султан Мурат џамија каде според народната традиција се наоѓала црква Св.

---

[163] *Evlija Čelebija,* Putopis. Odlomci o jugoslovenskim zemljama. Preveo i komentar napisao Šabanović, H., II, Sarajevo 1957, 29; *Мајковски, А.,* Македонија во делата на странските патеписци, 1371-1377, Скопје 1991, 403.

[164] *Бојаниќ-Лукач,* Како Турците го превзеле Скопје, 9; *Георгиев,* Скопје од Турското освојување, 21-22.

[165] *Бојаниќ-Лукач,* Како Турците го превзеле Скопје, 10-11.

Богородица или Св. Петар.[166] Д. Георгиев, воочил дека на тоа место нема податоци за постоење на таква црква, односно дека тука се наоѓал манастирот Св. Георги Горгос.[167] Тогаш црквата каде бил даден последниот отпор на Турците треба да се бара на друго место. Познато е дека градот Скопје како значаен византиски административен центар од XI век, а потоа во XIV век, како престолнина на српските кралеви и цареви бил утврден град со утврдено подградие или долен град,[168] па затоа се наметнува мислата дека христијански бранители на Скопје, последниот отпор на Турците да им го пружиле пред црквата Св. Богородица Троеручица. Житието на цар Урош, од патријархот Паисиј (XVII век) пишува дека царот Урош V, црквата Богородица Тројеручица со "Божја дозвола и агарјанското насилие била конечно разорена, и ден денес се познава местото (каде била)."[169] Црквата која била седиште на Скопскиот митрополит, а истовремено најголема и најубава во градот, К. Петров ја убицирал на левиот брег од реката Серава. Според Милутиновата грамота, кон неа одел царскиот пат кој ја преминувал реката Серава и се упатувал кон Облата пирга (ѡдь Царєва дроума кои гредє ѡдь Сєраве кь Свєтои Троєрꙋчици оус̑ поꙋт̑ кои идє кь Ѡблои пир̑ги).[170] Изворниот факт дека црквата Св. Богородица Троеручица се наоѓала до Облата кула, дека кон неа од Серава водел царскиот пат, како и податокот на Ибн Кемал дека бранителите на Скопје отпорот го дале на вишинката пред црквата пред

---

[166] *Бојаниќ-Лукач,* Како Турците го превзеле Скопје 10 бел. 10, 16-17 со постарата литература за традицијата. Покрај изводите на Ибн Кемал за насилното превземање на градот Скопје, го публикувала и епиграфскиот споменик на надгробната плоча на Медах баба, според чиј натпис шеихот, Медах баба бил еден од освојувачите на Скопје. *Herbert W. Duda,* Uskub im 17 Jahrhundert, Balkanturkische studien, Wien 1949, 16 презентира песна која ја превзел од Ашик паша Заде. Во песната се споменува отпор на бранителите на Скопје при освојувањето од Турците, кај некоја црква која потоа била претворена во џамија. Во песната се вели: "Разурнатата кула е без нејзиното звоно, џамија сега стана." Сп.: *Георгиев,* Скопје од турското освојувањем 23, бел. 49.

[167] *Георгиев,* Скопје од турското освојување, 23-24. Манастирот постоел до 1428 година.

[168] *Дероко,* Скопље, 8 сл. 4, 9 сл. 5, 12-13 сл.6 замислен изглед на градот Скопје во средниот век; *Микулчиќ,* Скопје со околните тврдини, 120 к. бр. 66.

[169] *Биографије.,* 138.

[170] Илиевска, Мошин, Славева, Грамоти, 216 чл. 17; Петров, Кон прашањето на местонаоѓањето на Скопските цркви, 157-160 и сл. 2.

тврдината, упатува дека граѓаните на Скопје последниот отпор го дале кај црквата која може да се идентификува со Св. Богородица Троеручица.

По паѓањето на градот Скопје под турска власт во 1390 година, набргу ако не и веднаш била воспоставена турската власт и во неговата околина, односно областите во Скопската област кои му припаѓале на кралот Марко по долината на денешна Маркова река и на младиот крал Андреаш по долината на Треска. Освојувањето на овие планински манастирски области кои имале свои утврдувања,[171] било исто така насилно. Во прилог на тоа оди податокот на Ибн Кемал, кој вели дека по освојувањето на тврдината Скопје "нејзината околина беше трнарник од копја." Понатаму истиот извор известува дека пашата Јигит-бej по воспоставувањето на власта во Скопје, оттаму вршел чести препади и коњички излети, заради грабеж и фаќање на своите непријатели што се растуриле и разбегале по пештерите и планините.[172] Истиот автор кажува дека пред дефинитивното завземање на градот Скопје, неговата околина била подложена на жестоки акинциски ограбувања и пустошења. Поради вазалниот статус на Марко кон Турците неговите области во Скопската област, околу Маркова река како и на неговиот брат кои се наоѓале по долината на Треска, уште некоја година задржале извесна автономија. Областа на Андреаш по акинциските ограбувања, под турска власт паднала веќе во летото 1394 година, на што укажува заминувањето на Андријаш најнапред во Дубровник а потоа и на унгарскиот двор,[173] додека Марковата област по долината на Маркова река и селото Сушица ја признала турската власт веднаш по смртта на кралот Марко.[174]

---

[171] Ктиторскиот натпис од 1337 година на западната врата на црквата св. Никола во с. Љуботен, госпоѓата Даница кажува дека нејзиниот најстар син Бојко ја држел Матка (а дрьжашє с(ы)нь старѣи воико маткоу). *Томовић,* Морфологија ћирилских натписа, 56 бр. 36; *Расолкоска-Николовска,* О владарским портретима у Љуботену,45. За утврдувањето кое го бранело Марков Манастир во с. Сушица сп.: *Микулчиќ,* Средновековни градови, 294; за утврдувањето кое го штителo манастирот Матка сп.: *Лилчиќ, В.,* Марков град-Матка, Историја XIX/2, Скопје 1983, 285-297; *Микулчиќ,* Средновековни градови, 294.

[172] *Бојаниќ-Лукач,* Како Турците го превзеле Скопје,11.

[173] *Ћирковић,* Поклад, 156-157, 159.

[174] *Микулчиќ,* Средновековни градови, 294. Утврдувањето на Маркова Сушица на л. "Марково Кале" го контролирало патот кон Пореч и Азот. По неговото освојување

4. Скопската митрополија од 1355 до 1395 година

Податоците за црковната состојба на градот Скопје и Скопската област се доста скудни, но со оглед дека влегувале во составот на кралството на Волкашин, по неговиот судир и раскин со српскиот цар Урош и во државата на кралот Марко, црковно културните состојби треба да се гледаат од аспект на нивна блискост со Охридската архиепископија. Најголемиот дел од нивната држава се наоѓала на територијата на Македонија, каде во црковен поглед бил надлежен Охридскиот архиепископ. Настојувањата на Волкашин да му се наметне на царот Урош се познати, познати се и неговите претензии на територијата на Царството со потписите како "господин на земјите српски, и Грците и западните страни," а по раскинот со Урош во 1369 година, легалитет за своето кралство, тој побарал во Охридската архиепископија.[175] На тоа упатува натписот од Преспа во црквата Света Богородица на островот Град од 1369 година, каде што веднаш по името на кралот Волкашин во чие време кесарот Новак ја изградил црквата, се споменува архиерејството на охридскиот поглавар.[176] Во услови на постоење на Пеќската патријаршија врз која се потпирало Српското царство, по заоструваньето на односите помеѓу царот Урош и кралот Волкашин, не било потребно, не можело или барем нема сигурни податоци дека Волкашин, од Пеќската патријаршија ги отцепил Призренската и Скопската митрополија и дека ја припоил кон Охридската архиепископија. Границите на Пеќската патријаршија и Окридската архиепископијата останале непроменети.[177]

Во поглед на настојувањата на Волкашин за обезбедување на легитимитетот на своето кралство и на новата династија, во лицето на Охридската архиепископија, ќе укажеме и на сосема блиските односи со оваа

Турците ја обновиле тврдината и поставиле своја посада. На тоа укажуваат материјалните остатоци, како и монетните на Андреа Гропа и турски акчиња од XV век.

[175] *Руварац, И.,* О кнезу Лазару, Нови Сад 1887, 140; *Мирковић,* Мрњачевићи, 22; *Снегаров,* История I, 330-332; *Гроздановъ,* Охрид и Охридската архиепископија, 174-175.

[176] *Иванов,* Български старини, 59 No.7; *Гроздановъ,* Охрид и Охридската архиепископија, 174.

[177] *Снегаровъ,* История I, 330-332; *Гроздановъ,* Охрид и Охридската архиепископија, 175 укажал дека Скопската и Призренската митрополија и понатаму останале во составот на српската црква.

црква од страна на деспотот Углеша кој владеел со Серската област. Според грамотата на деспотот Ј. Угљеша од 1369 година се дознава дека на судењето по повод спорот на монасите на манстирот Зограф и епископот на Ерисос Давид, на седницата на деспотскиот синод во Сер, покрај деспотот Јован Углеша, прво место меѓу црковните великодостојници завземал охридскиот архиепископ Григорие II.[178] Според Ц. Грозданов улогата на Григорие во Сер не била од формална природа, туку подразбирала конкретни црковно-правни ингеренции во првата личност на деспотовиот синод. Фактот дека во државата на Углеша влегувале епархиите Струмица и Сланица кои припаѓале под јурисдикцијата на Охридската црква го објаснува учеството на Григорие II на деспотовиот синод, како и блиските односи со деспотот.[179] Ваквото однесување на Волкашин и Углеша кон Охридската архиепископија било нормално во настојувањето за обезбедување црковна поддршка за нивната држава и воспоставувањето на легитимитетот на нивниот наследник. По смртта на кралот Волкашин и деспотот Углеша, кралот Марко кој го наследил престолот, морал уште порешително да ја продолжи соработката со Охридската архиепископија, обезбедувајќи и на својата држава црковна поткрепа. Од 1372 година, со исклучок на Скопската епископија до 1376 година кога Скопје го зел Вук Бранковиќ, сите негови територии влегувале во составот на Охридската архиепископија, додека по стеснувањето на неговата држава на просторот на Пелагонија, северозападно и јужно од Скопје, како и западна Македонија, архиерејската должност ја вршел Пелагонискиот митрополит Јован.[180] Засновајќи ја својата држава врз традициите на династијата Волкашин, со потпора врз Охридската архиепископија, кралот Марко кој се потпишувал како "вь χ(рист)а в(о)г(а) благовѣрни краль марко" ги отфрлил државните традиции на Немањиќите и

---

[178] *Соловјев-Мошин,* Грчке повеље српских владара, 5, 75. Сп.: *Снегаровъ,* История I, 334-335; *Грујић, Р.,* Охридска архиепископија, Народна Енциклопедија III, Београд 1928, 251.

[179] *Грозданов,* Охрид и Охридската архиепископија, 176-177 бел. 108, 113 за поинаквите гледишта.

[180] *Грозданов,* Охридско сидно сликарство, 20; *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век, 265-266.

црковните традиции на Пеќската патријаршија. Тој и неговите црковни великодостојници не учествувале на црковно-државниот собор во Пеќ 1375 година, при изборот на новиот српски патријарх.[181] Ова упатува на неговиот игнорантски однос кон Пеќската патријаршија. Во таа смисла особено е истакнато неприсуството на портретите на Св. Симеон Немања и Св. Сава, култови како одраз на идеолошкиот континуитет на Српската држава и црква, во Марковиот манастир во Северна Македонија, односно во Скопската област. Токму затоа во право е Ц. Грозданов кога истакнува дека "За разлика од српската црква која ја делеше судбината на српската држава, Охридската црква, наоѓајќи се во урнатините на Царството го бараше своето место во семејството на православната екумена и ја усогласуваше својата политика со Цариградската патријаршија."[182] Во однос на блиската поврзаност на кралот Марко со Охридската архиепископија, укажуваме и на почесното место на Св. Климент Охридски во ѓакониконот и преградниот ѕид на Марковиот манастир, меѓу светите отци како служи Божествена литургија, како и неговата претстава во Св. Андреа.[183]

Како христијани, побожни луѓе и дарежливи владетели, кралот Волкашин, кралицата Елена, кралот Марко и неговите браќа Андријаш Иваниш и Дмитар особено се истакнале во градењето на цркви. За Волкашин се знае дека во 1345 година го започнал градењето на

---

[181] *Грозданов,* Охридско ѕидно сликарство, 20; *Ацшевски,* Пелагонија во средниот век, 263 бел. 172 со постарата литература.

[182] Грозданов, Охридско ѕидно сликарство, 20; *Истиот,* Маричката битка, вазалитетот, 121. *И. Ђорђевић,* Претстава краља Марка на јужној фасади цркве светог Димитрија у Марковом манастору, Зб. Кралот Марко во историјата и традицијата, Прилеп 1997, 299-307, смета дека сликањето врз црвена позадина во Св. Архангел во Прилеп и Марковиот манастир во с. Сушица, претставува модел на сликање од Немањичката династија, додека отсуството на Св. Симеон Немања и Св. Сава во декорацијата на Марковиот Манастир го објаснува со тезата дека претставувањето на кралот Волкашин и Марко во Св. Архангел Прилеп и Марковиот Манастир с.Сушица било имитација на претставата на српските владетели од родот на Немањиќите. Отсуството на српските светители смета тој, е застапено преку претставата на Св. Стефан Првомаченик. Авторот укажува на претставите на Св. Немања и св. Сава во живописот на манстирот Св. Андреја на реката Треска.

[183] *Грозданов,* Из иконографије Марковог манастира, Зограф 11, Београд 1980,85 и 88 сл. 4; *Истиот,* Портретите на Климент Охридски од XIV век надвор од Охрид, ГЗФФск 7(33), Скопје 1981, 84-89; *Расолкоска-Николовска, З.,* Портретите на Климент Охридски од Матка, Ликовна Уметност 8/9 (1981-1982), Скопје 1983,105-109.

манастирската црква св. Димитрија во с. Сушица Скопско, потоа по крунисувањето за крал на истата и подарил импресивен хорос, во Прилеп како официјална престолнина на Кралството ја изградил манасторската црква Св. Архангел Михаил, додека од Поменикот на манстирот Св. Јован Претеча во Дебар тој е наведен меѓу ктиторите и дарителите.[184] За кралот Марко според епските песни се знае дека градел многу манастири. По Маричката битка или најкасно во пролетта 1372 година дал пари да биде живописан помал дел од манастирот Св. Архангел во Прилеп, каде се претставени погинатиот крал Волкашин и кралот Марко, потоа до 1377 година живописал и дел од Марковиот Манастир во с. Сушица. Поменикот на манастирот Св. Никола Шишевски, во долината на Матка, обновен во 1816 година меѓу ктиторите на манастирот на прво место го споменува "Маркѡ кралѧ"[185] Поменикот на Св. Јован Претеча од Дебар меѓу ктиторите го споменува и "кралѧ Марка,"[186] додека според епската традиција на овој манастир кралот Марко му подарил имоти во с. Небрегово Прилепско.[187] И покрај тоа што во науката владее мислење дека од кралот Марко не се зачувани повелби, горенаведениве податоци за неговата ктиторска и даровна дејност, можат да укажат дека тој издавал повелби, но тие се или уништени или сеуште неоткриени. Сопругата на Волкашин, кралицата Елена, во Поменикот на манасторот Св. Јован Претеча Дебарско наведена меѓу ктиторите како "кралица Елена монахиња," е наведена и во натписот на црквата св. Андреа.[188] Младиот крал Андреа кој во 1389 година го изградил и живописал манастирот Св. Андреа кај Матка, на манастирот му подарил 9 села по долината на р. Треска со метох и ловишта и планини, додека селото Дученци му го потврдил како стар метох. Истовремено со повелбата која е испишана во црквата напоредно со живописот, младиот крал Андреаш

---

[184] *Словенски ракописи* I, 169.

[185] *Иванов,* Български старини, 126-127; *Ношпал-Никуљска,* Н., Ктиторската композиција, 225-238.

[186] *Словенски ракописи* I, 169.

[187] *Смиљаниќ, Т.,* Мијаци Горна Река и Мавровско поље, "Српски етнографски зборник", књ. XXXV, Београд 1925, 33 според *Симиџчиев,* Марко Крале, 20.

извршил замена на две села со манстирот во с. Сушица. Поменикот на манастирот Св. Јован Претеча го споменува како ктитор или дарител на посед, веднаш после кралот Марко, а пред кралицата мајка само како "Андреаш"[189] Од повелбата запис на Андреаш, во манастирот Св. Андреаш, според Н. Ношпал-Никуљска, како да се разбира дека при градењето на црквата и дарувањето на имотите манастирот, покрај младиот крал Андреаш, со свој прилог учествувал и монахот Калест Кирил.[190]

По паѓањето на Скопје под власта на Турците во 1390 година, односно по смртта на кралот Марко во 1395 година, се верува дека следната година турските власти, Скопската епархија чиј епископ бил Матеј и била вратена на Охридската архиепископија.[191]

---

[188] *Словенски ракописи* I, 169; *Ношпал-Никуљска*, За манастирот Св. Андреја, 390-392.

[189] *Ношпал-Никуљска,* За манастирот Св. Андреја, 390-400; *Словенски ракописи* I, 169.

[190] *Ношпал-Никуљска*, За манастирот Св. Андреја, 399-400.

[191] *Грујић,* Скопска митрополија, 189-190. *Јанковић,* Епископије и митрополије, 85-86, ја дозволува можноста Скопје и областите кои гравитирале кон Косово, поради тоа што од 1377 до паѓањето на градот под турска власт, биле во составот на Вук Бранковиќ и понатаму да останале во составот на српската црква. Тоа пред се го документира со податокот дека еден словенски запис од 1428 година кога умрел Скопскиот епископ Матеј, потенцира дека Матеј умрел во времето на деспотот Ѓурѓ Бранковиќ. Но притоа и самата укажува дека тоа може да значи само податок на еден словенски запис, односно на препишувч христијанин кој смртта на епископот ја обележил само со времето на владеењето на еден христијански владетел во соседството.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на критичка анализа на изворите и литературата за Скопје и Скопската област во средниот век (од VI до XIV век) можеме да ги истакнеме следниве резултати. При навлегувањето на Словените во византиските балкански области во Македонија, Албанија и Грција во текот на VI век поради специфична положба на патниот правец на Моравско-вардарската долина, Скопската област, често била изложена на ограбувања од страна на Словените, било при нивното навлегување на југ или при нивното враќање на север во заддунавските области. Уште во средината на VI век според материјалните остатоци се забележани првите словенски населувања во Скопската област. Во втората половина на VI и почетокот на VII век, населувањето на Словени во Скопската област е инцидентно, поради нивната ориентираност на југ кон побогатите градски центри како Солун и останатите градови во јужна Македонија. Фортификационите центри во Скопската област, според материјалните остатоци, покажуваат дека тие се рушени во последната четвртина на VI век, потоа повторно се обновувани, а на почетокот од VII век со засиленият бран на навлегувања на Словените, кој има цел за трајно населување, византиските тврдини се запустени и веќе не функционираат, а се забележуваат траги од поинтензивен словенски населбински живот. Архиепископијата Јустинијана Прима за последен пат се споменува во 601 година, последната циркулација на монети е на императорот Ираклиј, кована во 615 година, а византиската власт престанува да функционира околу 620 година. Населувањето на Словените во Скопската област, евидентно е во првата половина на VII век, но нивното потрајно населување и формирање на населби најверојатно следи дури по неуспехот на Словените да го освојат Солун, во седумдесеттите години на VII век, и по византиски воени експедиции во Македонија за потчинување на Словените, кога доаѓа до нивно постепено раселување и повлекување на север од Солун. Скопската област ја населувало најнапред словенското племе Берзити а подоцна тука се населиле и Драговитите.

Во текот на VIII и IX век во Скопската област доаѓа до зголемување на словенскиот населбински живот, а во средината на IX век израснал и првиот урбан центар во Скопската котлина со градот Скопје со новото словенско име на Кале. Со христијанизацијата на Македонските Словени градот прераснува во епископско седиште, најнапред под името епископија Дарданија, а потоа според списокот на епархиите во црквата Св. Аил и Епископија Скопје. Забрзаниот раст на градот и областа се случува во времето на Македонската средновековна држава (969-1004) кога градот има значајно место во стратегијата на Самоил и Арон во однос на проширувањето на Македонската држава. Во тој период доаѓа до првото позасилено утврдување на градските ѕидини.

Градот Скопје на почеткот на XI век има значајно место во одбраната на Македонското царство од се позачестените византиски напади, а во 991 и 1003 година краткотрајно паѓа под византиска власт, додека дефинитивно византиската власт е воспоставена во пролетта 1018 година. Како епископско седиште градот Скопје и неколку населби се споменуваат и во повелбите византискиот цар Василиј II, доделени на Охридската архиепископија во 1018 и 1019 година. Со паѓањето на Македонското Царство под византиска власт во 1018 година, градот Скопје прераснува во византиски административен центар - седиште на тема, и има особено стратегиско значење во одбраната на византиските поседи на Балканскиот Полуостров, скоро во целиот XI век од нападите од север. Тогаш се обновени и зајакнати ѕидините на градот, со што Скопје доживува вистински политичко културен подем, за што зборуваат како изворите од различна провениенција, така и материјалните остатоци на Кале каде се наоѓал градот Скопје, неколкуте градски центри во неговата околина, и повеќето селски населби. Во тој период паѓа и изградбата на повеќе цркви и манастири како и други јавни објекти. градот Скопје има значајна улога и во двете востанија на македонскиот народ 1040-42 на Петар Делјан. Тука се собира востаничката војска предводена од Петар Делјан и Тихомир, тука е елиминиран востаничкиот водач Тихомир и Петар

Делјан е прогласен за цар, а од таму продолжило напредувањето на востаниците кон југ. Во 1072 година градот е центар на Востанието на Скопскиот првенец Ѓорѓи Војтех. Зетскиот принц Бодин поради неговите роднински врски со семејството на Самоил, од востаниците во Скопје бил прогласен за цар. Во градот краткотрајно функционира востаничка власт. Кон крајот на истиот век, градот и областа краткотрајно се во превласт на Норманите, а се изложени и на српски пустошења.

Во текот на XII век градот и околината имаат малку помирен политички живот, и доживуваат забрзан економски подем. Во последната деценија на XII век Скопје и областа се изложени на српски грабителни походи, а кратко време остануваат и под српска власт. Великиот жупан Стефан Немања, обновил неколку цркви и манастири во Скопје, им подарил имоти и им ги потврдил поранешните привилегии.

Во текот на XIII век поради слабоста на Византиската империја, градот и областа во 1203 година паѓаат под бугарска доминација и остануваат до 1207 година. Со смртта на Калојан, Стрез кој се отцепил од Бугарското царство, и формирал господство со центар во просек, ја држи Скопската област и градот Скопје под своја власт. Околу 1214 година Скопје и областа имаат особено стратегиско значење во односите на Стрез со српската држава. По убиството на Стрез 1214, градот и областа краткотрајно паѓаат под српска власт. Со засилената доминација на Епирското деспотство, а од 1225 година и царство, градот Скопје и областа од 1218 до 1230 година се под Епирска власт. Градот има особено значење во дипломатските односи помеѓу Епирското деспотсто и Српското кралство, во врска со женидбата на српскиот принц Радослав и Ана, ќерката на епирскиот деспот Теодор I Ангел. Скопскиот епископ Јован има значајно место́ како посредник во пренесувањето на протестите на Димитрија Хоматијан архистратигот на Охридската архиепископија, по повод неканонското прогласување на Српската архиепископија.

Во 1230 година, по битката кај Клокотница градот и областа преминуваат под бугарска превласт, и остануваат во составот на Бугарското царство се до 1246 година, кога по смртта на царот Асен II, Скопската област и градот Скопје како и поголемиот дел на Македонија ја признаваат власта на Никејскиот цар. Во 1258/59 година краткотрајно била воспоставена бугарска и српска власт, а потоа повторно никејска власт. По обновата на Византиската империја во 1261 година, се зацврстува византиската власт, и настапува еден мирен период од дваесетина години. Во последните години од XIII век, доаѓа до експанзија на Српското кралство во Македонија, која е израсена преку ограбувачки походи. Во 1282 година Србите го освоиле градот Скопје. Борбите на византиско српската граница во северна Македонија продолжуваат со несмалено темпо. Византија настојува да го поврати градот, а Србија да го задржи. Исцрпувачката војна, по долготрајни преговори завршила во 1299 година со склучување мировен договор. Византија ја изгубила Северна Македонија, српскиот крал Милутин се оженил со Симонида византиската принцеза, додека градот Скопје, како град со силни византиски културноцивилизациски традиции, станал омилена престолнина на кралот Милутин. Изворите даваат се повеќе податоци за областа и градот Скопје, како српска престолнина и како најзначаен политички центар на Српското кралство. Се што се случува во кралството се случувало во престолнината Скопје. Во третата деценија на XIV век Скопје во времето на граѓанската војна во Византија станува место каде се засолнил деспотот на Солун Јован Палеолог со сопругата, чија ќерка била жена на српскиот крал Стефан III Дечански. Скопје и областа во времето на кралот Душан го задржуваат водечкто место во кралството, и во областа во негово време добиле имоти неколкумина дојдени феудалци. Меѓу нив бил и Волкашин, кој ја добил областа југозападно од Скопје по денешна Маркова Река, Поречијата, а подоцна се проширил кон Велес и Прилеп.

Во четириесеттите години на XIV век во Скопје и неговата околина престојувал кај српскиот крал, Јован Кантакузин, велики доместик барајќи

помош од Стефан Душан, во своите амбиции за освојување на византиската круна. Во 1346 година во Скопје најнапред бил прогласен српскиот партијарх, а на 16 април на Велигден, српскиот крал Стефан Душан во црквата Света Богородица Троеручица бил крунисан за српски цар. Со тој датум Скопје станува и царска престолнина, додека Скопската епископија е прогласена за митрополија и првопрестолна Архиепископија. Во 1349 година во Скопје на државниот собор на кој покрај српскиот цар Душан, присуствувале српскиот патријарх и охридскиот архиепископ, бил донесен Законикот на Стеван Душан. По смртта на царот Душан и доаѓањето на неговиот наследник царот Стефан Урош, од 1356 година во Скопје престојува жупанот, челникот а потоа и деспотот Димитрија Волкашин, како највлијателна личност на српскиот цар. Во услови кога Урош не можел да има деца, Волкашин во Скопје ја започнува битката за своето наметнување за совладетел на царот Урош. Во 1365 година со согласност на царот Урош, поддршка на царицата мајка Елена, брат му Јован Углеша и неговите влијателни роднини, и покрај противењето на некои претставници на српското племство во Србија северно од Скопје, Волкашин бил прогласен, а потоа и свечено крунисан за крал, односно совладетел. Во Скопје, овој чин, кралот Волкашин го обележал со дарување на велелепен полиелеј на црквата Св. Димитрија во с. Сушица, чиј критор бил уште од 1345 година. Недоразбирањата помеѓу властољубивиот крал Волкашин и немоќниот цар Урош, поддржуван од претставниците на старото српско племство, продолжиле со се поизразено темпо. По победата над силите на Коалицијата во 1369 година, кога кралот Волкашин го заробил и српскиот цар, територијата на владенијата на Волкашин се проширила кон Приштина, Рудник и Ново Брдо, а веќе од крајот на есента 1369 или најкасно пролетта 1370 година, Волкашин формира своја владетелска династија и настапува самостојно. За свој совладетел и наследник, уште од порано кралот Волкашин го назначил својот најстар син Марко, со титулата млад крал. По Битката на Марица на 26 септември 1371 година, кога загинал кралот

Волкашин и неговиот брат деспотот Јован Углеша, престолот го наследил неговиот син кралот Марко.

Од 1371 до 1376 година кралот Марко сеуште е најсилен владетел на Балканот, кого го респектирале и Турците. Со разни подароци и ветувања тој успевал вешто да го одржува мирот со Турците, а и поради тоа што околу него Турците немале сеуште воспоставено вазални односи или директна власт. По прашањето на вазалството од изворите недвосмислено е потврдено дека кралот Марко, вазал станува дури во 1385 година. Односите на кралот Марко со српските претставници кои се бореле за наследство на Немањичката династија, биле нетолерантни. И покрај тоа што му се одземени Ново Брдо, Рудник, Приштина, Призрен, а во 1377 и градот Скопје, на кралот Марко не му се оспорува правото да владее со областите западно и југозападно од Скопје и цела Македонија, со кралската престолнина во Прилеп. Во 1376/7 година тој дал пари за живописување на еден дел од црквата св. Димитрија во с. Сушица Скопско, каде е претставен како решителен владетел, нов Давид на кого мора да се смета во претстојната борба со Турците, во одбраната на христијанството. Во услови кога Серската област која ја присвоила Византија, а од 1372 година Империјата станала вазална држава на Турците, во 1377 и браќата Драгаши во источна Македонија, привремено го признале вазалитетот над Турците, кралот Марко во 1376/7 година склучил пријателство со моќниот великодостојник Радослав Хлапен во Јужна Македонија со цел да го заштити, и сеуште имал доволно маневарски простор со Турците. Со започнувањето на втората фаза на турските освојувања во Македонија, во 1385 година, кралот Марко за да го поштеди своето кралство од турските пустошења се согласил на вазален однос со Турците. Набргу настанал расцеп со неговите браќа по тоа прашање. Во 1385 година неговиот брат Иваниш го откажал вазалството, а од 1389 година изгледа и неговиот најстар брат младиот крал Андрејаш, кој ја владеел областа западно од Скопје, по долината на реката Треска, го откажал вазалството, и во 1394 година заедно со братот Дмитар заминал најнапред во Дубровник, а потоа на унгарскиот двор.

По Косовската битка во 1389 година, се појавила опасноста за Скопје од Турците, и веќе таа година или следната, Скопската област била изложена на пустошењата и ограбувањата на турските коњанички одреди -акинции. Во 1390 или најкасно 1391 година, според турските хроники, градот Скопје насилно бил освоен од Турците, додека освојувањето на останатиот дел од Скопската област југозападно и јужно од градот се случило исто така насилно, според турските хроники, веднаш по смртта на кралот Марко на Ровине во месец мај 1395 година. Со освојувањето градот Скопје од страна на Турците, Скопје станува најнапред крајиште а потоа и седиште на санџак и има извонредно стратегиско значење за Турците, во нивните понатамошни освојувања во Босна и Србија и Албанија.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

А.) ИЗВОРИ

Acropolites., *Georgii Acropolitae* Opera I, rec. A.Heisenberg, Lipsiae MCMIII (1903).

Anasth. Bibliothec. *Anastasius Bibliothecarius,* Chronographia triperti., ed. *C. de Boor* II, Lipsiae 1883.

Археолошка карта, I I., *Археолошка карта* на Република Македонија II, Скопје 1996.

Белчовски, Опис на Источна Европа., *Белчовски, Ј.,* Опис на Источна Европа од 1303 година, Споменици на Македонија II, Скопје 1977, 464-465.

Биографије., *Старе српске биографије* XV и XVII века, Цамблак, Константин, Пајсије- превео др. Л. Мирковић са предговором П. Павловића, друга књига, Београд 1936.

Бојаниќ-Лукач, Како Турците го превзеле Скопје., *Бојаниќ-Лукач., Д.,* Како Турците го превзеле Скопје (1391), Зборник на Музеј на град Скопје II-III, Скопје 1965/6, 5-17.

Bryennii., *Nicephori Bryennii*, Comentarii, rec.*A.Meineke*, Bonnae 1836.

Bryenii., ed. P. Gautier., Nicephori Bruennii historiarum libri quattor, *ed. P.Gautier,* Bryxellis 1975.

Cantacuzenos I - III., *Ioannis Cantacuzeni* eximperatoris Historiarum ed. L.Schopeni, Bonnae , 1828, 1831, 1832.

Дьяконов, Известия., *Дьяконов, А.,* Известия Иоанна Эфеского и сирийских хроник о Славянах VI-VII веков, Вестник древней истории 1 (15) Москва 1946, 20-34.

G.Cedrenus II., *Georgius Cedrenus* Ioannis Scylitzae ope ab I. Bekkero suppletus et emendatus II, Bonnae 1839, p. 714-722.

Георгиевски, М., Исаија Серски., *Георгиевски, М.,* Исаија Серски и неговиот историско-литерарен расказ за преведувањето на богослужбени книги од грчки на словенски и за поробувањето на Македонија од Турците во 1371 година, Современост XXVI/ 4-5, Скопје 1976, 295-304

Gregoras I, II., *Nicephori Gregorae* Byzantinae Hhistoriae, I, II, ed. B.G.Niebuhrii C.F., II, Bonnae 1929,1930.

Григорович, Очеркъ путешествѣц., *Григорович, В.,* Очеркъ путешествѣц по европейскоj Турцѣи, издание второе Москва 1877.

Веркович, Описание., *Веркович, Сп.,* Описание бита македонских болгар, в Известиях Москов. университета, 1868.

ВИИНЈ I, III, VI., Византиски извори за историју народа Југославије I, III, VI Београд 1955, 1966, 1986.

Chomaianus., *Chomaianus* I, Analecta sacra et clasica, specilegio solemensi parata, ed. *J.B.C.Pitra,* Juris eclesiastici graecorum selecta Paralipomena, Paris-Romae 1881.

Choniates., *Nicetae Choniatae* Historia, ed. I.A.van Dieten, Berolini, 1975.

A.Comnène, I - III., *A.Comnène,* Alexiade I-III (Règne de l'empereur Alexis I Comnène (1081-1118)), ed. B.Leib, Paris 1937, 1943, 1945.

Данило, Животи краљева и архиепископа., *Данило,* Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило, изд. Даничић, Ђ., Загреб 1866.

Доментијан, Живот светога Саве., *Доментијан,* Живот Светога Саве и Живот Светога Симеона, Приредила проф. др Радмила Маринковић, Превод Лазар Мирковић, Београд 1988,

Dragojevic-Josifovska, Inscriptions., *Dragojevic-Josifovska, B.,* Inscriptions de la Mésie Supériore vol. VI, Scupi et région de Kumanovo, Beograd 1982, 15-197.

ИБИГИБИ II/I., *Извори за българската история* II, *Латински извори за българската история* I, София 1958.

ИБИГИБИ III/II., *Извори за българската история* III, *Гръцки извори за българската история* II, София, 1959.

ИБИГИБИ XIX/IX., Извори за българската история XIX, Гръцки извори за българската история IX. Произведения на Теофилакт Охридски, архиепископ български отнасщи се до българската история. Част I. Проучвания върху някои произведения на Теофилакт Охридски архиепископ български (1090-около 1126), София 1974.

ИБИЛИБИ XXIV/IV., *Извори за българската история* XXIV, *Латински извори за българската история* IV., Съставили: *М. Войнов., В.Гюзелев., С. Лишев, М. Петрова, Б. Примов.*, София 1981.

Иванов, Български старини., *Иванов, Ј.*, Български старини из Македония, фототип.изд., София 1970.

Иванова., Месни имиња по сливот на Брегалница., *Иванова, О.*, Исчезнати месни имиња во областа по сливот на реката Брегалница, Споменици на Македонија V, 235-327 + карти.

Илиевска-Мошин-Славева, Грамоти., *Илиевска, К., -Мошин, В., - Славева, Л.,* Грамоти на манастирот Св. Георги-Горг Скопски, -текстови., Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, 179-260.

Јрданов, Печатите в Преслав., *Јрданов,И.*, Печатите от стратегията в Преслав, София 1993.

Lemerle, Miracles I, II., *Lemerle, P.*, Les plus anciens recueils des Miracles de saint Démétrius, I :Le texte, Paris 1979; II : Commentaire, Paris 1981.

Леонид, Хрисовуља цара Стефана., *Архимандрит Леонид,* Хрисовуља цара Стефана издата у Скопљу 1347 године, из црквеног и државног сабора, којим бијаше скупљен у то доба а којим се основа епископска столица у манастиру Лесновском., ГСУД књ. X, Београд 1870, 287-296.

Литаврин, Кекавмен., *Советы и рассказы Кекавмена.* Сочинение византийского полководца XI века., Подготовка текста, введение, перевод и коментарий, *Г.Г.Литаврина,* Москва 1972.

Љетопис., *Љетопис* попа Дукљанина. Предговор, пропратни текстови и превод д-р С. Мијушковић, Београд 1988.

Заимов-Заимова., Битолски натпис., *Заимов, Ј., -Заимова, В.*, Битолски надпис на Иван Владислав самодържец български, Старобългарски пamетник от 1015-106 година., София 1970.

Закон Судный людем., Закон Судный людем, краткой редакции. Подготвили к печати *М.Н.Тихомиров, Л.В.Милов*, под редакцией акад. М.Н.Тихомирова, Москва 1961.

Записи и натписи., *Стари српски записи и натписи*, I -VI, Сакупио их и средио *Љуб. Стојановић,* Београд-Сремски Карловци, 1902-1926.

Кирилъ и Методи I., *Кирилъ и Методи*, свезка първа I. Жития на Кирила и на Методия и похвалнитъмъ слова, изтъкми : А. Теодоровъ-Баланъ, София 1920.

Жития на Климент Охридски., *Гръцките жития на Климент Охридски*, увод, превод и обяснителни бел., *А., Милев*, София 1966.

C.Marcellinus., *Marcellini V.C.*Comitis Chronicon, ed . *Th. Mommsen,* MGH, AA.XI, 1, Berolini 1893, 37-108.

Материали., *"Материали по изучването на Македония."* София, Печатница Вълковъ, 1896

Матковски-Аручи, Хрониката на Солак Заде., *Матковски, А., -Аручи, К.,* Македонија и соседните области во хрониката на Солак Заде (1373-1633), ГИНИ XIX/3, Скопје 1975, 233-260.

Матковски -Аручи, Две турски хроники., *Матковски, А., Аричи,К.,* Извадоци од две турски хроники за македонија и соседните области, ГИНИ XXI/1, 231-250.

Матковски-Аручи, Хрониката "Тацут Теверих.," *Матковски, А., -Аручи,* К., Македонија во турската хроника "Тацут Теверих" од Хоца Садудин-Ефенди (1361-1520), ГИНИ XXIII/2-3, Скопје 1979, 203-233.

Матковски-Аручи, Хрониката "Беда-и ул векаи"., *Матковски-Аручи,* Македонија и соседните области во хрониката "Беда-и ул векаи" од Коца Хусеин, Историја XV/2, Скопје 1979, 137-176.

Monumenta Ragusina., Monumenta Ragusina, Libri Reformatinum, tomus II-IV, Zagrabiae 1882-1896.

Monumenta Serbica., *Monumenta Serbica spectantia historiarum Serbiae,* Bosnae, Ragusii, ed. Miclosich, F., Viennae 1858, Reprint: Grac 1964.

Мошин, Грамотите., *Мошин., В.,* Грамотите на манастирот Св. Георги Горг Скопски., Споменици на Македонија I, 97-177.

Мошин, Славева, Грамотата на цар Михаил IX Палеолог за Св. Никита., *Мошин, Славева,* Грамотата на цар Михаил IX Палеолог за Св. Никита кај Скопје од 1299 (?), по април, Споменици на Македонија I, 286-292.

Мошин, Славева, Сводната грамота., *Мошин-Славева,* Сводната грамота на крал Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија, веројатно од 1303 година, Споменици на Македонија I, 297-316.

Nicephi., *Nicephori* archiepiscopi Konstantinopolitani opuscula historica, ed., *C. de Boor,* Lipsiae 1880.

Новаковић, Законски споменици., *Новаковић, С.,* Законски споменици српских држава средњег века, Прикупио и уредио *С. Новаковић*, Београд 1912.

Ношпал-Никуљска, Манастирот Св. Андреја., *Ношпал-Никуљска Н.,* Прилог за манастирот Св. Андреја на р. Треска- на брегот на Езерото Марка, Споменици на Македонија I, 387-400.

Ношпал-Никуљска, Марковиот манастир., *Ношпал -Никуљска,* За ктиторската композиција и натписот на Марковиот манастиир - село Сушица Скопско, ГИНИ XV/2 Скопје 1971, 225-238.

Острогорски, Г., Писмо Димитрија Хоматијана св. Сави. *Острогорски, Г.,* Писмо Димитрија Хоматијана св. Сави и одломак Хоматијановог писма патријарху Герману о Савином посвећењу, Светосавски зборник 2, Београд 1938, 91-113 (*Исшиош,* Сабрана дела, књ. 4 Византија и Словени, Београд 1969, 170-189).

Princing, Der Brif., *Princing, G.,* Der Brif Kaiser Heinrichs von Konstantinopel vom 13 Januar 1212, Byzantion 43 (1973), 395-401.

Procopii BP, BG, Histor. arcana, De aedif. *Procopii* Bellum Persicum Bellum Goticum, Historia arcana, De aedificiis (Opera omnia I-IV), ed. J.Haury, Leipzig 1962-1964.

Хроника Симеона Логољета., Slavjanskij perevod chroniki Simeona Logotheta, ed. Srezenevskij, V. I., Variorum Reprint, London 1971.

Славева, Грамота на крал Милутин за келијата Св. Петка., *Славева,* Грамота на крал Милутин за келијата Св. Петка во с. Тморани, Споменици на Македонија I, 251-260.

Славева, Грамота за Св. Никола., *Славева, Л.,* Грамота на цар Душан за црквата Св. Никола кај Кожле од 1353 година, Споменици на Македонија III, 407-424.

Славева, Мошин, Српски грамоти., *Славева, Л., Мошин, В.,* Српски грамоти од Душаново време, Прилеп 1988.

Словенски ракойиси I ., *Словенски ракойиси* во Македонија кн. I, Скопје 1971.

Споменици на Македонија I, II, III, IV, V., Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Скопје 1975, 1977, 1980, 1981, 1988.

Сйаре сриске биографије XV и XVII века ., *Сйаре сриске биографије XV и XVII века* - Цамблак, Константин, Пајсије - превео д-р. *Мирковић, Л.,* са предговором *Пойовић, П.,* друга књига, Београд 1936.

Сйефан Првовенчани, Житије., *Житије Симеона Неманје од Сйефана Првовенчаноїа,* изд., *В.Ђоровић,* Светосавски зборник 2, Београд 1939, 1-76.

Сйефан Првовенчани, Сабрани списи (Живот Светог Симеона)., *Сйефан Првовенчани,* Сабрани списи., Приредила м-р Лиљана Јухас -Георгиевска, Београд 1988.

Сйојановић., Родослови и летописи., *Сйојановић, С.,* Стари српски родослови и летописи, Београд - Сремски Карловци 1927.

Тадић, Ј., Писма и упутства., *Тадић, Ј.,* Писма и упутства Дубровачке Републике кн. I, Београд 1935.

Theoph. I. *Theophanis Chronographia,* ed. C. de Boor, I Lipsiae 1883.

Теодор Мейохиш., Извештај за пратеништвото на *Теодор Мейохиш,* текст според Сатхас превод од Илиевски, П. Хр., Споменици на Македонија II, 261-165.

Теодосије, Житије светога Саве., *Теодосије,* Житија., Књига петта свеска прва, приредио проф. д-р Димитрије Богдановић, Београд 1988.

Томовиќ,., Морфологија ќирилских натписа., *Томовиќ, Г.,* Морфологија ќирилских натписа на Балкану, Београд 1974.

Б.) ЛИТЕРАТУРА

Алексова, Брегалница., *Алексова, Б.,* Епископијата на Брегалница. Прв словенски црковен и културно-просветен центар во Македонија., Прилеп, 1989.

Анѓелов, Принос., *Анѓелов, Д.,* Принос кѣм народностните и поземлени отношения в Македония (Епиския деспотат) през първата четвърт на XIII век (главно според документи на Охридската архиепископия)., Известия на Камарата за народната култура, Серия хуманитарни науки, т. IV/3, София 1947, 1-46.

Аџиевски, Македонија во првите години., *Аџиевски, К.,* Македонија во првите години по формирањето на Латинското царство (1204-1207), ГЗФФ Ск., 8 (34), 1982, 25-38.

Аџиевски, Потчинувањето на Македонија од страна на Теодор I Ангел., *Аџиевски, К.,* Потчинувањето на Македонија од страна на Теодор I Ангел и формирањето на Солунското царство, Историја, XVIII/1-2 (Скопје 1982), 121-133.

Аџиевски, Првите Никејски освојувања., *Аџиевски, К.,* Првите Никејски освојувања во Македонија и ликвидирањето на Солунското царство, Историја, XIX/1, Скопје 1983, 169-179.

Аџиевски, Пелагонија во средниот век., *Аџиевски,* Пелагонија во средниот век. (Од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт)., Скопје 1994.

Атанасовски, Пијанец., Атанасовски, А., Пијанец во XIV век, Куманово 1996.

Бабиќ, Културно богатство., *Бабиќ, Б.,* Средновековно културно богатство на СР Македонија. Центар за истражување на старословенската култура-Прилеп, Посебна изданја 1, Прилеп 1974.

Бабиќ-Микулчиќ, Скопско Кале., *Бабиќ, Б.,* -Микулчиќ, И., Скопско Кале, Културно историско наследство во С Р Македонија, XVIII (30 години заштита на спомениците на културата во Социјалистичка република Македонија), Скопје 1983, 55-63.

Бабиќ, Македонија и Албанија во VII и VIII век., *Бабиќ, Б.,* Денешните територии на Република Македонија и Република Албанија во VII и VIII век, Прилози за истражување на историјата на културата почвата на Македонија, кн. 2, МАНУ Скопје 1995, 153-163.

Баласчевъ, Най-старата словенска държава. *Баласчевъ, Г. Д.,* Най-старата словенска държава на Балканския Полуостров, презъ VII и VIII в. и нейния етничесли съставъ, София 1924.

Баришић - Ферјанчић, Вести о "власти Драгувита". *Баришић, Ф., - Ферјанчић, Б.,* Вести димитрија Хоматијана о "власти Драгувита", ЗРВИ 20, 1981 41-58.

Веис, O problemu formiranja feudalnih država., *Веић, I,* Još o problemu formiranja feudalnih država u Južnih Slavena, Radovi 8 (Zareb 1976), 65-165.

Белчовски, Автокефалноста., *Белчовски, Ј.,* Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје 1990.

Белчовски, Вториот брак на кралот Стефан Урош III., *Белчовски, Ј.,* Вториот брак на кралот Стефан Урош III Дечански и извештајот на Никифор Григора за патувањето на византиските дипломати во Скопје во 1326 година, 521-530.

Благојевић, Немањићи., *Благојевић, М.,* Србија у доба Немањића., Од кнежевине до царства: 1168-1371- Илустрована хроника, Београд 1989.

Божилов, Асеневци., *Божилов, И.,* Фамилията на Асеневци (1186-1460). Генеалогия и просопография, София 1994. Второ фототипно издание.

Божков, Миниатюри от Мадридския ръкопис., *Божков, А.,* Миниатюри от Мадридския ръкопис на Joан Скилица, София 1972.

Бошковић, О неким проблемима развитка материјалне и духовне културе., *Бошковић, Ђ.,* О неким проблемима развитка материјалне и духовне културе

и ликовне уметности средњег века у Македонији, ЗАМ VI-VII (1967-1974), Скопје 1975, 79-83.

Бошкоски, Св. Георги-Горгос Скопски., *Бошкоски, М.,* Прилог кон историјата на манастирот Св. Георги - Горгос Скопски во XI век., ГИНИ XXIX/1-2 1985, 201-211.

Бошкоски, Византиските императори во Македонија во XI и XII век., *Бошкоски, М.,* Престојот на византиските императори во Македонија во XI и почетокот на XII век., ГИНИ XXXIII/1, 1989 (Скопје 1993), 87-109.

Бошкоски, Византиските императори во Македонија во XII и почетокот на XIII век., *Бошкоски, М.,* Престојот на византиските императори во Македонија во XII и почетокот на XIII век., ГИНИ XXXIII/2, 1989 (Скопје 1993), 83-103.

Бошкоски, Македонија во XI и XII век., *Бошкоски, М.,* Македонија во XI и XII век (Надворешни упади на територијата на Македонија)., Скопје 1997.

Брайчевский., Расселения Славян., *Брайчевский, М. Ю.,* К истории расселения Славян на византийских землях, Ввр., XIX 1961, 120-137.

Цанкова-Петкова, Българо гръцки и българо-латрински отношения., *Цанкова-Петкова,* Българо гръцки и българо-латрински отношения при Калоян и Борил, ИИИ 21, БАН, София 1970, 149-172.

Chalandon, Alehis., Chalandon, F., Essai sur le règne d'Alexis I er Comnène (1081-1118), Paris 1900.

Ћирковић, Поклад., *Ћирковић С.,* Поклад краља Вукашина Зб. ФФ. XIV/1, Споменица Фрање Баришића, Београд 1979, 153-163.

Данчева, Договорот., *Данчева, А.,* Договорот между България и Латинската империя от 1228 година, Векове VI/4, 1975, 52-56;

Дероко, Скопље., *Дероко, А.,* Средновековни град Скопље, Споменица САНУ 120, Београд 1971.

Ћурић, Сумрак Византије., *Ћурић. И.,* Сумрак Византије (Бреме Јована V Paleologa 1392-1448), Beograd 1984.

Ђурић, Византијсеке фреске., *Ђурић, В.,* Византијске фреске на тлу Југославије, Београд 1974.

Ђурић, Три догађаја., *Ђурић, В.,* Три догађаја у српској држави XIV века и одјек у сликарству, Зборник за ликовне уметности 4, Нови Сад 1968, 67-100.

Diaconu, Les Petchénègues., *Diaconu, P.,* Les Petchénègues au Bas-danube, Bucarest 1970.

Димитријевић, Нове врсте средњовековног новца., *Димитријевић, С.,* Нове врсте средњовековног новца., Старинар НС књ. IX-X/1958-1959, Београд 1959, 137-168.

Димитријевић, Новац кнеза Лазара у односу., *Димитријевић, С.,* Новац кнеза Лазара у односу на новац других обласних господара., Зборник: О кнезу Лазару, Научни скуп у Крушевцу 1971, Београд 1975, 185-222.

Димитрова, Керамички рељефи., *Димитрова, Е.,* Керамичките рељефи од Виничкото Кале, Скопје 1983.

Dvornik, Les Slaves., *Dvornik, F.,* Les Slaves. Histoire et civilisation de l'Antiquité auh débuts de l' époque contemporaine, Paris1970.

Ферјанчић, Севаст и протосеваст Прибо., *Ферјанчић, Б.,* Севаст и протосеваст Прибо., Зб. ФФ XV/1, Београд 1985, 90-96.

Ферјанчић, Деспоти., *Ферјанчић, Б.,* Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, Београд 1960.

Ферјанчић, Стефан Душан у делу Кантакузина., *Ферјанчић, Б.,* Стефан Душан у делу Јована Кантакузина, ЗРВИ 33, 1994, 177-194.

Ферјанчић, Србија и византијски свет., *Ферјанчић, Б.,* Србија и византијски свет у првој половини XIII века (1204-1261), ЗРВИ XXVII-XXVIII, 1989, 103-148.

Ferjančić, Invasions et instalation., *Ferjančić,* B., Invasions et instalation des Slaves dans les Balkans. Villes et peuplement dans l'Illyricum protobyzantin (Actes du colloque organise par l'École française de Rome, 12-14 mai 1982) Rome 1984, 85-109.

Фехеръ, Българската черква въ Маджарско., *Фехеръ*, Българската черква въ Маджарско., Сборникъ въ честь на Василъ Златарски по случай на 30-годишната му научна и професорска дейность, София 1925, 485-498.

Флоринский, Славяне и Византия., *Флоринский,Т.,* Южные Славяне и Византия во второй четверти XIV вька, вьшуск первый, С.-Петрбургъ 1892.

Ферлуґа, Византиска управа., *Ферлуґа, J.,* Византиска управа у Далмацији, Београд 1975.

Гарашанин-Корачевиќ, Базилика II., *Гарашанин, М., -Корачевиќ, Д.,* Базилика II во Скупи, МАА 5, Прилеп 1979.

Георґиев, Скопје од турското освојување., *Георґиев, Д.,* Скопје од турското освојување до крајот на XVII век, Скопје 1997.

Grafenauer, Nekaj vprošanj., *Grafenauer, B.,* Nekaj vprošanj iz dobe naseljavanja južnih Slovanov, Zgodovinski Časopis IV, (1950), 23-127.

Грозданов, Портрети на светителите; *Грозданов, Ц.,* Портрети на светителите во Македонија од IX-VIII век, Скопје 1983.

Грозданов, Охридската архиепископија во XIV век., *Грозданов, Ц.,* Охрид и Охридската архиепископија во XIV век, Историја XVI/1 Скопје 1980, 157-187.

Грозданов, Охридско ѕидно сликарство., *Грозданов, Ц.,* Охридско ѕидно сликарство од XIV век., Охрид 1980.

Грозданов, Маричката битка, вазалитетот на кралот Марко., *Грозданов, Ц.,* Маричката битка, вазалитетот на кралот Марко (Марко Крале) и неговиот живопис во Марковиот Манастир, Предавања од XXIV Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 2-21.VIII. 1991 година, Скопје 1992.

Грујић, Скопска митрополија., *Грујић, Р.,* Скопска митрополија. Историски преглед до обнављања српске патријаршије 1920. Споменица православног храма Св. Богородице у Скопљу, Скопље 1935.

Грујић, Властелинство., *Грујић, Р.М.,* Властелинство Светога Ђорђа код Скопља од XI-XIV века, ГСНД I/ 1 (1925), 45-77.

Грујић, Протосеваст Прибо., *Грујић, Р.М.,* Протосеваст Прибо, властелин у Скопској области прве половине XIII в., ГСНД XII, Скопље 1933, 269-271.

Грујић, Када је Немањин унук..., *Грујић, Р.,* Када је Немањин унук по кћери, бугарски цар Константин Тих, могао владати у Скопској области, ГСНД XII, Скопље 1933, 272-273.

Грујић, Краљица Теодора., *Грујић, Р,* Краљица Теодора, мати цара Душана, ГСНД I/2, 1926, 309- 339.

ГСНД= Гласник Скопског научног друштва.

Хаџи-Васиљевић, Скопље и његова околина., *Хаџи -Васиљевић, Ј.,* Скопље и његова околина. Историска, етнографска и културно-политичка излагања, Скопље 1930.

JÖB. Jarbuch der österreichischen Byzantinistik, Wien.

Живковић, О племенском устројству и војној снази подунавских Словена., *Живковић, Т.,* О племенском устројству и војној снази подунавских Словена у VI и VII веку, ЗРВИ 35 (Београд 1996), 96-114.

ЗАМ Зборник на археолошки музеј на Македонија, Скопје.

Илиевски, Остатоци од претсловенска топонимија. *Илиевски, П.Хр.,* Остатоци од претсловенска топонимија во Македонија, MJ 38-39, 1987/88, Скопје 1988, 7-25.

Илиевски, Јазиците. *Илиевски, П.Хр.,* Јазиците на почвата на Македонија во античкиот и рановизантискиот период, Зб. За јазиците на почвата на Македонија- Прилози за истражување на историјата на културата на Македонија кн. 3, МАНУ Скопје 1996, 19-31.

Илјовски, Византиско - унгарски сојуз., *Илјовски, Р.,* Византиско унгарски сојуз во почетокот на XI век против Самуил и неговите наследници., Обид за хронолошко определување., ЗРВИ XXIX-XXX, 1991, 74-99.

Иречекъ, История. *Иречекъ, К.,* История на България, Търново 1886.

Иречекъ, История на България. *Иречекъ, К.,* История на България, София 1929.

ИМН I., *Историја на Македонскиот народ* I, Од предисториско време до крајот на XIV век, Скопје 1969.

ИСН I. *Историја српског народа* I, Од најстаријег времена до Маричке битке (1371), Београд 1981.

Јиречек, Историја Срба I., *Јиречек, К.,* Историја Срба. Политичка историја до 1537 год., Књига I., Исправљено и допуњено издање. Превео Јован Радонић, Змај Београд 1990.

Јиречек, Историја Срба II., *Јиречек, К.,* Историја Срба. Културна историја књ. II, Београд 1990.

Јиречек, Урош, Вукашин и Дубровчани., *Јиречек, К.,* Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани, Зборник Константина Јиречека I, Београд 1959.

Кисас, О времену склапања брака. *Кисас, С.К.,* О времену склапања брака Стефана Радослава са Аном Комнином, ЗРВИ XIVIII, 1978, 131-139.

Kravari, Villes et Villages., *Kravari., V.,* Villes et Villages de Macédoine ocidentale, Paris 1989.

Каждан., А.П., Once more about the "Alleged" Russo-Buzantine theatry (ca. 1047) and The Pecheneg crossing of the Danube, Jahrbuch der Österreichischen Buzantinistik 26, Verlag Österreichischen akademie der Wissenschften Wien 1947, 65-77.

Kovačević, Hronologija slovenskog naseljavanja., *Kovačević, J.,* Arheološki prilog preciziranju slovenskog naseljavanja Balkana, Simpozijum (predslavenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena), Sarajevo 1969, 57-84.

Коледаров, Името Македония. *Коледаров, П.Ст.,* Името Македония в историската география, София 1985.

Конески, Македонски места и имиња., *Конески, Б.,* Македонски места и имиња, Скопје 1991.

Ласкарис, Византиске принцезе., *Ласкарис, М.,* Византиске принцезе у средновековој Србији., Прилог историји византијскосрпских односа од краја XII до средине XV века, Београд 1926.

Lemerle, Invasions et migrations., *Lemerle, P.,* Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'epoque romaine jusqu'au VIII e siècle., Revue Historique, 78/211, Paris 1954, 265-308.

Лилчиќ - Станчевски, Нови монетни наоди од Скопско; *Лилчиќ, В.,- Станчевски, И.,* Нови монетни наоди од неколку доцноантички градишта во Скопско, ГИНИ 34/1-2, Скопје 1990, 113-118 +14 табели со фотографии.

Литаврин, Склавинииите од VII- IX в. *Литаврин, Г.Г.,* Склавинииите од VII-IX в. како социјално-политичка организација на Словените, Историја XXI/2, Скопје 1985, 23-32 (= Сб. Этногенез народов Балкан и Северного причерноморья, Москва 1984, 193-203).

Литаврин, Принятие христианства., *Литаврин, Г.Г.,* Принятие христианства народами Центральной и Юго-восточной Европы и крещние Русии., Москва 1988.

Longon, Empire., *Longon, J.,* L'Empire latin de Constantinople e la Principaute de Morée, Paris 1949.

MJ= Македонски јазик, Институт за Македонски јазик- Скопје.

Максимовић, Северни Илирик., *Максимовић, Љ.,* Северни Илирик у ВИ веку, ЗРВИ 19 1980, 17-57.

Максимовић, Покрштење Срба и Хрвата., *Максимовић Љ.,* Покрштење Срба и Хрвата., ЗРВИ XXXV, 1996, 155-174.

MJ= Македонски јазик

Марић, Студије., *Марић, Р.,* Студије из српске нумизматике, Београд 1956.

Марковић, Православно монаштво., *Марковић, В.,* Православно монаштво у средновековој Србији, Сремски Карловци 1920.

Марковић, Односи Дубровчана са Србијом. *Марковић, В.,* Односи Дубровчана са Србијом од 1358-1362, Летопис Матице Српске 244, 1907, 54-71.

Matanov, H., Radoslav Hlapen- souverain féodal en Macédoine méridional durant le proisième quart du XIVe siècle, Étude balkaniques 4, Sofia 1983, 68-87.

Матанов, Югозападните земи. *Матанов, Х.,* Югозападните български земи през XIV век., София 1986.

Матанов, Драгаши. *Матанов, Х.,* Княжеството на Драгаши. Към историята на Североизточна Македония в предосманската епоха, София 1997.

Микулчиќ, Таурисион и Бедериана; *Микулчиќ, И.,* Уште еднаш за Таурисион и Бедериана, ГЗФФСк. 3(29) Скопје 1977, 93-106.

Микулчиќ-Никуљска, "Маркови Кули" Водно; *Микулчиќ, И., - Никуљска, Н.,* Рановизантиски град "Маркови Кули" на Водно, МАА 4, 1978 Прилеп, 137-150.

Микулчиќ, Скопје со околните тврдини., *Микулчиќ И.,* Скопје со околните тврдини, Скопје 1982.

Микулчиќ-Билбија, Маркови Кули., *Микулчиќ, И., -Билбија, М.,* Маркови кули, Водно, Скопје 1979 и 1980, МАА 7-8, 1987.

Микулчиќ, Средновековни градови., *Микулчиќ; И.,* Средновековни градови и тврдини во Македонија, Макропроект "Историја на културата во Македонија" кн. 5, Скопје 1996.

Микулчиќ, Монети од 6 век; *Микулчиќ, Г.,* Археолошки наоѓалишта во СР Македонија потврдени со монети од 6 век, МАА 7-8, Скопје 1987, 177-194.

Миљковиќ-Пепек, Црквата Св. Пантелејмон., *Миљковиќ-Пепек, П.,* Црквата Св. Пантелејмон во с. Нерези, Споменици на Македонија I, 89-94.

Мирковић, Мрњачевићи., Мирковић, Л., Мрњачевићи, Старинар III, (1924-1925), Београд 1925, 11-41 (3-33).

Михачић, Крај., *Михачић, Р.,* Крај српског царства., Друго издање, Београд 1989.

Михачић, Титуле., *Михачић, Р.,* Титуле краљевића Марка, Зборник: Кралот Марко во историјата и традицијата., Прилеп 1997, 31-42.

МНГ= Македонски нумизматички гласник

Молинген., Синовите на Петар бугарски и Комитопулите (*Molinghen,* Les fils de Pierre de Bulgares et les Cométopoules)., *Молинген, Лероа, А.,* Синовите на Петар Бугарски и Комитопулите, Зб., Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава, ИНИ Скопје 1971, 59-

70 = (*Molinghen, Leroy, A.,* Les fils de Pierre de Boulgarie et les Cométopoules, Byzantion XLII (1972), 405-419.

Мошин, Пурковић, Хиландарски игумани., *Мошин, В., Пурковић, М.,* Хиландарски игумани средњег века, Скопље 1940.

Мошин., Балканската дипломатија., *Мошин, В.,* Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин., Споменици на Македонија II, 89-213.

Мошин., Грамотите., *Мошин, В.,* Грамотите на Манастирот Св. Георги - Горг Скопски., Споменици за Македонија I, 97-177.

Мутавчиев, Владѣтелитѣ., *Мутавчиев, П.,* Владѣтелитѣ на Просѣкъ (Страници изъ историята на Българитѣ въ края на XII и началото на XIII вѣкъ., Сборникь на Българската академия на наукитѣ, кн., I, клонъ историко-филологиченъ и фолклоренъ, 1, София 1913,1-85.

Наумов, Феудалниот сепаратизам., *Наумов, Е.Н.,* Феудалниот сепаратизам и и политиката на Душан во 1342-1355 година, Историја, IV/2, Скопје 1968, 63-75.

Наумов, Свидетельства. *Наумов,* Свидетельства исторических источников о Марке Кралевиче (В период распада сербо-греческоого царства: 1356-1371), Прилози (Одделение за општествени науки) МАНУ IX/2, Скопје 1978, 25-46.

Наумов, Которские грамоты., *Наумов, Е.,* Две Которские грамоты Стефана Душана, Вопросы истории Славян, Воронеж 1972, 9-19.

Nicol, Despotate., *Nicol, D.M.,* The Despotate of Epiros, Oxford 1957.

Николовска, Изградени и обновени манастиру и цркви., *Николовска, С.,* Изградени и обновени манастири и цркви од кралот Милутин., Споменици на Македонија II, Скопје 1977, 507-519.

Никовъ, Българо-унгарски отношения. *Никовъ, Б.,* Българо-унгарски отношения от 1257 до 1277 година. Историско-критичко иследване., Сборникъ на БАН XI, София 1920.

Никуљска, -Микулчиќ, Маркови Кули. Водно., *Никуљска,Н., -Микулчиќ, И.,* Маркови Кули, Водно, Скопје 1978, МАА 6, 1980 (1983),19-83.

Новаковиќ, Чинови и титуле., *Новаковиќ, С.,* Византијски чинови и титуле у српским земљама XI-XV века, Глас СКА LXXVIII, 47, Београд 1908, 178-279.

Новаковиќ, Немањиќске престонице., *Новаковиќ, С.,* Немањиќске престонице Рас-Паун-Неродимља, Глас СКА LXXXVIII, други разред 52 Београд 1911, 1-54.

Новаковиќ, Срби и Турци., *Новаковиќ, С.,* Срби и Турци XI и XV века, Београд 1893.

Ношпал -Никуљска, Марковиот манастир - монумент., *Ношпал -Никуљска, Н.,* Марковиот манастир - монумент како документ низ историјата, Споменици на Македонија I, 401-415.

Остроѓорски, Серска област., *Остроѓорски, Г.,* Серска област после Душанове смрти, Београд 1965.

Овчаров, Надписите от XIV век в Марков манастир., *Овчаров,* Надписите от XIV век в Марков манастир. до Скопие и политическия възход на кралете Вълкашин и Марко, Paleobulgarica (Старобългаристика), БАН XIX/3, (1995 София, 32-46.

Остроѓорски, Историја., *Остроѓорски, Г.,* Историја Византије, Београд 1969.

Остроѓорски, Успон рода Анђела., *Остроѓорски, Г.,* Успон рода Анђела (*Г.Остроѓорски,* Из византијске историје и просопографије, СД III, Београд 1970, 325-342.

Панов, Географија., *Панов, М.,* Географија на С Р Македонија. Природни и социо-географски карактеристики, кн. 1, Просветно дело, Скопје 1976.

Панов, Селата во Македонија 1., *Панов, М.,* Селата во Република Македонија 1, Скопје 1993.

Панов, Струмичката област од VI до X век., *Панов, Б.,* Општествено политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век, ГИНИ V/2, 1961, 201-243.

Панов, Етногенезата., *Панов, Б.,* За етногенезата на македонскиот народ, ГИНИ XVI/3 Скопје 1972, 77-90.

Панов, Штип и Брагалничката област., *Панов, Б.,* Штип и Брегалничката област во средниот век (VI-крајот на XII век), ГЗФФ Ск., 8 (34) Скопје 1982, 39-85.

Панов, Средновековна Македонија 3., *Панов, Б.,* Средновековна Македонија, Скопје 1985.

Панов, Одразот на Косовската битка., *Панов, Б.,* Одразот на Косовската битка во Македонија, Историја XXVIII/1-2, Скопје 1992, 43-54.

Панов., Кралството на Волкашин и Марко., *Панов, Б.,* Охрид и кралството на Волкашин и Марко, Зборник: Кралот Марко во историјата и традицијата, Прилеп 1997, 43-52.

Папазоглу, Македонски градови., *Папазоглу,* Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

Papazoglu, F., La Macédoine Salutare et la Macédoine Seconde, Bull.de la Cl. des lettres et des sciens morales et politiques, Acad.royale de Belgique 42-3,(1956), 115-124;

Папазоглу, О "Хеленизацији" и "Романизацији"., *Папазоглу, Ф.,* О "Хеленизацији" и "Романизацији", Глас САНУ CCCXX/2, Београд 1980, 21-36.

Пенева, Тарадин и Котокий., *Пенева, И.,* За две тракийски имена в административния апарат на българската държава от края на IX в., -Тарадин и Котокий., Ипр., XLVIII/10, 1992, 72-75.

Петров., Кон прашањето за местонаоѓањето на Скопските цркви., *Петров, П.,* Кон прашањето за местонаоѓањето и траењето на средновековните Скопски цркви., ГЗФФСк., 21, (Скопје 1969), 153-185.

Петров, Сакралните споменици во Скопје и околината., *Петров, К.,* Преглед на сакралните споменици во Скопје и околината од XI до XIX век, Споменици на Македонија I, 75-88.

Петрова, Е., Епихотиски имиња на надписите од Скупи, МАА 9, (1983-1984), Скопје 1988, 127-129.

Пириватрић, Два хронолошка прилога., *Пириватрић, С.,* Два хронолошка прилога о крају Првог Бугарског царства., ЗРВИ XXXIV, (1995), 51-62.

Пириватрић, Самуилова држава., *Пириватрић, С.,* Самуилова држава, Београд 1998.

Пляков, Българо-византийски отношения., *Пляков,* Българо-византийски отношения при Теодор Светослав (1305-1321 г..), Paleobulgarica XVI/1 (София) 1992, 93-108.

Popović, La descente des Koutrigours., *Popović, V.,* La descente des Koutrigours, des Slaves et des Avars vers la Mer égée : Le témoignage de l'archéologie, MEFRA, 1978 juillet-oktobre, Paris 1978,596-648.

Popović, Origines., *Popović, V.,* Auh origines de la slavisation des Balkans: La Constitution des premiéres sklavinies macédoiniennes vers la fin du VI e siècle, CRAI janvier-mars1980, 230-257.

Princing., Bedeutung., *Princing, G.,* Die Bedeutung Bulgariens u Serbiens in den Jahren 1204-1219 im Zusammen Hang mit der Entstehung Tailstaaten nach der Einnahne Konstantinopels in folge des 4 Kreuzzuges, München 1972.

Пурковић, Српски епископи и митрополити., *Пурковић, М.,* Српски епископи и митрополити средњег века, Хришћанско дело III, Скопље 1937, св. 4, 245-264; св. 5, 323-338; св. 6, 405-419.

Пурковић, Српски патријарси., *Пурковић, М.,* Српски патријарси средњега века, ГСНД XV-XVI, (1936), 307-310.

Радић, Обласни господари., *Радић, Р.,* Обласни господариу Византији крајем XII и у првим деценијама XIII века, ЗРВИ XXIV-XXV, 1986, 151-289.

Радић, Јован В Палеолог., *Радић, Р.,* Време Јована V Палеолога, Београд 1993.

Радојчић, О неким господарима. *Радојчић, Н.,* О неким господарима Просека на Вардару, Летопис Матице Српске, (Нови Сад 1909) VII, 259, 1-19; 260, 32-40.

Радојчић, Портрети српских владара., *Радојчић, С.,* Портрети српских владара у средњем веку, Скопље 1934.

Радојчић, Обед крунисања Босанског краља Твртка I., *Радојчић, Н.,* Обед крунисања Босанског краља Твртка I, Прилог историји крунисања српских владара у средњем веку, Београд 1948.

Расолкоска-Николоска, О владарским портретима у Љуботену., *Расолкоска-Николоска,З.,* О владарским портретима у Љуботену и времену настанка зидне декорације, Зограф 17, Београд 1986, 45-53.

Расолкоска-Николоска, О историјским портретима у Псачи., *Расолкоска,* О историјским портретима у Псачи и времену њиховог настанка, Зограф 24, Београд 1995, 44-49.

Runciman, Bulgarian empire., *Runciman, S.,* A history of trhe first Bulgarian empire, London 1930.

Савчева, Стрез., *Савчева, Е.,* Севастократор Стрез, ГСУ, ИФ, 68., София 1974, 67-79.

Симитчиев, Марко Крале. *Симитчиев, К.,* Марко Крале во македонската народна епика (во споредба со српски и бугарски мотиви), Скопје 1981.

Славева, Манастирот Свети Никола кај Кожле. *Славева, Л.,* Манастирот Свети Никола кај Кожле и серскиот митрополит Јаков, ГИНИ XXII/1-2, Скопје 1978, 165-185.

Славева, Дипломатичко-правните споменици., *Славева, Л.,* Дипломатичко-правните споменици за историјата на Полог и соседните краеви во XIV век., Споменици на Македонија III, Скопје 1980, 1-455.

Снѣгаровь, Охридската архиепископия., *Снѣгаровь, И.,* История на Охридската архиепископия (Оть основането ѝ до завладѣването на Балканския полуостровь оть турцитѣ), София 1924.

Соловјев., Срби и византиско право., *Соловјев, В.А.,* Срби и византиско право у Скопљу у почетком XIII века., ГСНД XV-XVI (9-10), Скопље 1936, 29-43.

Соловјев, Застава Стефана Душана., *Соловјев,* Застава Стефана Душана над Скопљем године 1339, ГСНД XV-XVI, Скопље 1936, 345-348.

Soulis, The Serbs and Byzantium., *Soulis, G.,* The Serbs and Byzantium during the Reign of Tsar Stephan Dušan(1331-1355) and Successors., Washington 1984.

Стаиојевић, Краљ Урош I. *Стаиојевић, Ст.,* Краљ Урош I., Годишњица Николе Чупића, XLIV, Београд 1935, 106-167.

Стојановски, Градовите. *Стојановски, А.,* Градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век. Демографски проучувања, Скопје 1981.

Стричевић, О титуларном имену., *Стричевић, Ђ.,* Једна хипотеза о титуларном имену српских деспота XIV века., Старинар VII-VIII/1956-1957, Београд 1958, 113-130.

Суботић- Кисас, Натпис., *Суботић, Г., -Кисас, С.,* Надгробни натпис сестре деспота Јована Угљеше на Меникејској Гори, ЗРВИ 16, 161-181.

Суботић, Манастир., *Суботић, Г.,* Манастир Богородице Месонитисе, ЗРВИ XXVI, Београд 1987, 125-171.

Tadić., Promet putnika., *Tadić, J.,* Promet putnika u starom Dubrovniku, Dubrovnik 1939.

Ташковски, Самуиловото царство., *Ташковски, Д.,* Самуиловото царство, Скопје 1961.

Тодоровић, Полијелеј., *Тодоровић, Д.,* Полијелеј у Марковом Манастиру., Зограф 9, Београд 1978, 28-36.

Томоски, Средновековни градови., *Томоски, Т.,* Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, ГЗФФск, 4 (30), Скопје 1978, 267-274.

Томоски, Скопската област., *Томоски, Т.,* Скопската област од XI до XIV век., Споменици на Македонија, 57-74.

Томоски, Белешки., Томоски, Т., Белешки за воениот поход на Андроник III Палеолог во Македонија во 1230 год. ГЗФФ ск., 16 (1964) Скопје, 41-44.

Томоски, Овче Поле во средниот век., *Томоски, Т.,* Овче Поле во средниот век, ГЗФФск., 4 (30), Скопје 1978, 243-265.

Хаџи-Васиљевић, Скопље и његова околина., *Хаџи-Васиљевић, Ј.,* Скопље и његова околина. Историска, етнографска и културно-политичка излагања, Скопље, 1930.

Шкриванић, Путеви., *Шкриванић, Г.,* Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974.

Штип I., Штип низ вековите I, Штип 1986.

Шукарова, Јустинијана Прима., *Шукарова,* А., Јустинијана Прима, Скопје 1994.

Waldmüller, Die Slawen., *Waldmüller, L.,* Die Slawen zwishen Byzanc und abenland, Amsterdam, 1976.

Василевски, Славянскоороманският комитат Охрид и Скопие., *Василевски, Т.,* Славянско-романският комитат и българският тарканат Кутмичевица-области в които Климент и Наум провеждали учителската си дейност., Зб., Светите Климент и Наум Охридски, Скопје 1995, 159-162.

Велев, Преглед., *Велев, И.,* Преглед на средновековните цркви и манастири во Македонија, Скопје 1990.

Велев, Книжевниот XIV век., *Велев, И.,* Македонскиот книжевен XIV век, Скопје 1996.

Велков, Градот., *Велков, В.,* Градът в Тракия и Дакия през късната античност (IV-VI бб.), София 1959.

Венедиков, Пярвият брак., *Венедиков, И.,* Пярвият брак на Гаврил- Радомир., Сборник в памет на професор Александър Бурмов, София 1973, 144-157.

Винчиќ, Скопската тврдина., *Винчиќ, Ж.,* Скопската тврдина "Кале", Културно Наследство III/IX,Скопје 1966 бр.1., 29-46.

Заимов-Заимова, Битолски надпис., *Заимов, Ј.,- Заимова, В.,* Битолски надпис на Иван Владислав самодръец български, Старобългарски паметник от 1015-1016 година, София, 1970.

Златарски, История I, I/2, II, III. *Златарски, В. Н.,* История на българската държава през средните векове, I-III, София, 1918, 1927, 1 934, 1940.